UDK ???
ISSN ??????????????

Vol.1
5/2014

# МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК – ЗАПАД
## (КУЛТУРА, СЛАВЈАНСТВО И ЕКОНОМИЈА)

МДИЗКСЕ Vol.1 No.1 pp. 5-536 Свети Николе

КОРПОРАТИВЕН МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
"Г.Р.Државин" - Свети Николе - Р.Македонија

# ЗБОРНИК
## на научни трудови

## ПЕТТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

## «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД»
(КУЛТУРА, СЛАВЈАНСТВО И ЕКОНОМИЈА)

СВЕТИ НИКОЛЕ, Р.МАКЕДОНИЈА - ТАМБОВ, РУСКА ФЕДЕРАЦИЈА
- 2014 -

**Организационен одбор:**
претседател: Јордан Ѓорчев - Р. Македонија
заменик претседател: Владислав М. Јурјев - Русија
член: Бранимир Чович - Босна и Херцеговина
член: Здравко Гаргаров - Бугарија
член: Душан Николовски - Р. Македонија
член: Нина Коваљ - Русија
член: Лариса Чович - Србија
член: Борче Серафимовски - Р. Македонија

**Уредувачки одбор:**
доц. д-р. Јордан Михајловски - Р. Македонија
проф.д-р Наталија Сафонова - Русија
проф.д-р Стојан Пржовски - Р. Македонија

**Технички секретар на конференцијата: м-р** Сања Стојанова
**Компјутерска обработка и дизајн:** Бојан Спасев

Адреса на комисијата: ул.Маршал Тито 77, Свети Николе, Р.Македонија
Контакт телефон: 00389 (0)32 440 330

**Организациониот одбор им се заблагодарува на сите учесници за соработката!**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

082

МЕЃУНАРОДНА научна конференција (4 ; 2013 ; Свети Николе)
Меѓународен дијалог : исток-запад : (култура, славјанство и економија) : зборник на научни трудови / Четврта меѓународна научна конференција ; [уредувачки одбор Јордан Михајловски, Наталија Сафонова, Стојан Пржовски]. - Свети Николе : Меѓународен центар за славјанска просвета, 2013. - 739 стр. : илустр. ; 25 см

Текст на повеќе јазици. - Библиографија кон одделни трудови

ISSN 978-608-4689-04-1

а) Меѓународна научна конференција (4 ; 2013 ; Свети Николе)
COBISS.MK-ID 93694474

Напомена:
Организациониот одбор на Петтата меѓународна научна конференција «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК-ЗАПАД» не одговара за можните повреди на авторските права на научните трудови објавени во зборникот. Целосната одговорност за оригиналноста, автентичноста и лекторирањето на научните трудови објавени во зборникот е на самите автори на трудовите.

МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ

# ИСТОК - ЗАПАД

(КУЛТУРА, СЛАВЈАНСТВО И ЕКОНОМИЈА)

СЕКЦИЈА 1

# ПОЛИТИКОЛОГИЈА, ИСТОРИЈА, ЛИНГВОКУЛТУРОЛОГИЈА

**М-р Никола Амбарков**
“Школа за докторски студии УКИМ”, ambarkov_ve@yahoo.com

323.1:81’246.2 (477)

# ДВОЈАЗИЧНОСТА ВО УКРАИНСКОТО ОПШТЕСТВО, ПРЕЧКА ИЛИ ПРЕДИЗВИК ВО ГРАДЕЊЕТО НА МОНОЦЕНТРИЧНА УКРАИНСКА НАЦИЈА

# BILINGUALISM IN UKRAINIAN SOCIETY, AN OBSTACLE OR CHALLENGE IN BUILDING MONOCENTRIC UKRAINIAN NATION

**Апстракт:** Целта на овој труд е да се анализира јазичната ситуација во украинското општество, која од распадот на Советскиот Сојуз е карактеризирана од елементи на силна двојазичност. Како таквата двојазичност влијаеше во развојот на современото украинско општество, особено во процесот на градење на украинската нација? Дали двојазичноста е пречка или предизвик во градењето на моноцентрична украинска нација? Колку таквата двојазичност е генератор на перманентна криза во украинското општество, вклучително во контекст на последните драматични случувања во оваа постсоветска република? Ова се само дел од прашањата на кои ќе се направи обид да се одговори во овој труд.

**Клучни зборови:** јазик, двојазичност, поделено општество, Украина, градење на нација;

**Abstract:** The purpose of this paper is to analyze the linguistic situation in Ukrainian society, which from the dissolution of the Soviet Union is characterized by a strong element of bilingualism. How this bilingualism influenced the development of modern Ukrainian society, especially in the `building’ of the Ukrainian nation? Is bilingualism an obstacle or challenge for building monocentric Ukrainian nation? How much the bilingualism is a generator of permanently crisis in Ukrainian society, including in light of the recent dramatic developments in this post-Soviet republic? These are some of the questions that will try to be answered in this paper.

**Key words:** language, bilingualism, divided society, Ukraine, nation building;

Во Веберовото поимање за нацијата, јазикот отсекогаш го имал примарното значење, во контекст на културниот фактор како еден од трите значајни фактори, напоредно со политичкиот и психолошкиот, како клучни супстрати кои влијаат врз формирањето на нацијата.[1]

Од друга страна, ваквите размислувања може да останат контрадикторни сами по себе, ако се знае дека во современоста, постојат културни групи кои имаат различен јазик, но остануваат да коегзистираат во рамките на единствена политичка структура, односно единствена нација.

По распадот на Советскиот Сојуз, јазичната ситуација во Украина, беше карактеризирана со сеопшто владеење на украинскиот и рускиот јазик и првенствено користење на овие јазици од еднаков број на граѓани[2]. Украинското општество во јазична смисла, беше сочинето од монолингвални (русофони и украинофони говорители), билингвални и т.н суржик[3] – говорители.

Ако јазикот е еден од индикаторите за постоење на нацијата, повеќе од две децении од независното егзистирање на современата украинска држава, само по себе се наметнува прашањето дали при една ваква лингвистичка опстановка постои украинската нација?

Одговорот на ова прашање може да се пронајде во ставовите на поранешниот американски амбасадор во Советскиот Сојуз, Џек Метлок, искажани на неговиот блог, а во врска со последната политичката криза со која се соочува оваа постсоветска република:

---

1 Weber, Max, Nation во зборникот: Hutchinson, Jhon & Anthony, D., Shith, eds., Nationalism, Ohford University Press, Oxford New York, 1994, (str. 21-25).

2 Според украинскиот социолог, Виктор Гродјаненко, украинофони се првенствено западните и централните региони на земјата со околу 24 милиона жители, додека југо-истокот на Украина со 27, 5 милиона жители е претежно русофон; види Городяненко В. Г. «Особенности языковой ситуации в Украине».

3 Станува збор за назив со цел да означи лица кои говорат еден вид на мешавина од руски и украински јазик, алудирајќи на прочуениот леб суржик кој се прави од мешавина од пченично брашно и некој друг вид на житно - зрнесто растение.

> *„Факт - Украина е држава, но сеуште не е нација. За 22 години не беше пронајден лидер кој можеше да ги консолидира граѓаните во рамките на украинскиот идентитет. Тоа што се случува не треба да се разгледува, како руско вмешување, чија последица беше расчленувањето на украинскиот народ, бидејќи земјата предходно беше образувана по безсистемен принцип од делови кои не беа заемно сврзливи“.*[4]

Тука пред сè, се алудира на Источна Украина, која уште во 17 век со одлуката од Пријаслев (1654), на запорошките козаци, предводени од Богдан Хмељницки, беше припоена кон Руската империја додека западниот дел со векови беше под контрола на Полска и Австро-Унгарија.

Овие историски собитија, многумина во украинските националистички кругови, ги сметаат за судбоносни по однос на неможноста за пораното реализирање на укранската национална идеја, вклучително и во контекст на зачувување на нивниот украински јазичен идентитет, бидејќи јазикот го зборуваа само руралните слоеви, а со два декрета од страна на рускиот цар системски и целенасочено беше прогонуван и официјално забрануван во Руската империја.

Еден од водечките украински националисти, лавовјанката Ирина Фарион, која рускиот политички деец, Валерија Новодворскаја ја опиша како „паметен човек, тврд филолог, приврзаник на традициите на УПА[5]“[6], во едно свое обраќање во Лавовската месна Рада, неможноста за пораното историско `зреење’ на украинската нација го поистовети токму со историските премрежја од пред цели три века:

> *„започнувајќи уште во ерата на средновековието со големиот Данте и неговата Боженствена комедија, напишана не на латински, туку на тоскански дијалект, уште тогаш започнаа да се утврдуваат националните држави, но ние не можевме тоа да го достигнеме, ние не стигнавме, нас не `растрелаа’ Пријаслевската Рада.“*[7]

Токму од страна на украинските националистички кругови, политички обединети под егидата на Сеукраинското Обединување „Слобода“, а по изборите 2012 и за прв пат претставени во највисокиот законодавен дом на земјата - Врховниот совет (Радата), и најповеќе се експлатира јазичната тематика, како клучна во градењето на државотворна украинска нација, во чиста етничка смисла.

Во овој контекст, украинските националисти, се поборници за агресивна украинизација во земјата, преку исклучиво користење на украинскиот јазик во сите државни институции, вклучително и во наставата, која во сите училишта треба да се изведува исклучиво на украински јазик, додека на јазичните малцинства да им биде гарантирано право само на неделни курсеви за негување на мајчиниот јазик. Што се однесува до средствата за масовна комуникација, содржините на украински јазик не смеат да бидат помалку од 78%, колку што е уделот на етничките Украинци според последниот попис во земјата[8], а украинските производи да се декларираат исклучиво на украински јазик.

Воопшто не е за изненадување што овие кругови жестоко реагираа, на *Законот за основите на државната јазична политика* од 2012, кој во Украина гарантираше користење на регионалните јазици, во законодавно утврдени сфери напоредно со државниот украински јазик, во оние региони каде носителите на регионалниот јазик учествуват во вкупниот уделот на регионалното население со повеќе од 10%.

Со промената на власта во Украина, по политичките превирања од февруари 2014, на

4 види JackMatlock.com Ukraine: The Price of Internal Division, March 1, 2014

5 УПА - е кратенка за Украинската востаничка армија, маштабна воена сила на Организацијата на украинските националисти, чии воени дејствија се продолжеток на нерешеното украинско национално прашање, меѓу двете светски војни и во повоениот период, предводена од Роман Шухевич и Степан Бандера.

6 Lenta-ua.net „Новодворская в восторге от Фарион“, 14 ноября 2012.

7 Ірина Фаріон, виступ на сесії Львівської обласної ради, 27 листопада 2013.

8 Последниот попис на населението во Украина се одржа во 2001, а наредниот е предвиден за 2016.

иницијатива токму на националистичката партија Слобода, законот со мнозинство гласови беше укинат, но вршителот на должноста претседател на Украина, спикерот на Врховната Рада, одби да го потпише, поради евентуална поларизација на украинското општество, особено на југо-истокот на земјата, каде русофоното населени даваше силна поддршка за законот, за што посведочуваат бројните сондажите на јавното мнение кои беа спроведени во екот на самото донесување на овој законопроект.

Кога се говори за русофоното население на Украина, треба да се напомене дека тоа не е еднородно. Околу 5 милиона од рускојазичното население на земјата за своја национална припадност ја чувствуваат украинската, додека 8 милиони се изјаснуваат како етнички Руси.

За украинските националисти, кои се предводници на идејата за силна украинизација, и системско истиснување на руското културно и јазично влијание, токму кон овој слој од украинското општество, државата терба да направи максимални напори, за овие граѓани кои се чувствуваат како Украинци, да се реализираат во јазикот на нивните предци, а биле оневозможени поради страшните историски околности, додека оние кои се чувствуваат како етнички Руси, да го совладат украинскиот јазик, како јазик на меѓунационално општење.

Михаил Погребински, раководител на Киевскиот центар за политички истражувања и конфликтологија, врз основа на истражувањето на овој центар, посочува дека процесот на системско истиснување на рускиот јазик во украинското општество е веќе отпочнат, бидејќи за повеќе од дваесет години на украинска независност бројот на деца кои се образуваат на руски јазик е намален од 54% на 15%. Инаку самиот тој како политолог, но и поранешен советник на претседателот Кучма, е против таквите трендови, бидејќи според него современата украинска култура има три супстрата - древно словенска, руска и украинска. Во една прилика, тој на заговорниците на системското истиснување на рускиот јазик од Украина ги запраша - тоа што Гоголъ пишувал на руски значи ли дека не е наш украински?[9]

Одговорот на привзаниците на концептот за моноцентрична украинска нација е јасен и недвосмислен, а најпластично одразен во паролата на Сеукраинското Обединување Слобода – „еден јазик, една нација, една татковина – тоа е Украина".

Но случувања во Украина, на почетокот од 2014, посведочија дека оваа постсоветска република е далеку од тоа јазично и национално единство кои привзаниците на моноцентричниот украински национален концепт го визираат. Нивниот порив е јасен. Тие целат некогашното советско поимање на националниот идентитет – „како еден празен брод кој може да се наполни со комунистичка содржина" (Ленин)[10], сега кога таквиот украински брод суверено плови, да го исполнат со чиста украинска моноцентреична содржина, содржина која повеќе од очигледно може да предизвика само бродолом на украинското општество, неземајќи ги во предвид сите негови специфики.

За да се спречи бродоломот на современата украинска држава и општество, мора да се антиципираат неспорниот историски факт, дека станува збор за општество со лица кои имаат неверојатно различно историско искуство, кои говорат слични, но сепак различни јазици. Оттука препораките на поранешниот амаерикански амбасадор во СССР, Метлок, за изнедрување од порите на украинското општество, на ново политичко лидерство, кое ќе успее да го консолидира украинското општетсво во рамките на украинскиот национален идентитет, запазувајќи ги различните историски, јазични и цивилизациски искуства на сите супстрати кои ја конституираат современата украинска држава, звучат повеќе од актуелно.

Во теоријата за длабоко поделени општества, а Украина поради религискиот (православни – грко-католици) и јазичниот расцеп е поделено општество *par excellence*, надворешна закана може да влија дестабилизирачки ако дојде до преклопување на внатрешните поделби со некои од елементите на меѓународна криза. Последната криза, предизвикана од руската анексија на Крим, со што се наруши територијалната целосност на Украина, всушност беше закана од земја која етнички и религиски е блиска до некоја од заедниците во поделеното општество, (конкретно до русофоните во Украина), само уште еднаш ги репотврди тезите дека во изминатите повеќе од две децении суверена Украина, не успеа на адекватен начин да одговори на јазичното и

9 Ток-шоу «Велика політика» на телеканалі «Інтер», 8 червня 2012.

10 цитирано во Кимлика, Вил, Мултикултурно граѓанство, Либерална теорија за малцинските права, Скопје: ИДСЦО, 2004, 121 стр.

етничкото прашање, бидејќи хипостазирајќи го само украинскиот етнички и јазичен елемент како групен критериум или стандарт за индивидуално однесување, го предизвика онаа што Герхард Ленски го оквалификува како „компартментализација“ на општеството[11].

Дали украинското општество ќе излезе посилно и поконсолидирано од последните кризни случувања, останува да покаже времето, бидејќи во пренгласено поделените општества јакнењето на секогаш опасните политички елементи, може да ги подкопат таквите напори, а во конкретниот пример на Украина, тоа се напорите за зачувување на единството на нејзиното општество и целовитоста на преостанатиот дела од нејзината територија.

## РЕФЕРЕНЦИ

1. Кимлика, Вил, Мултикултурно граѓанство, Либерална теорија за малцинските права, Скопје: ИДСЦО, 2004.
2. Lenski, Gerhard Emmanuel, The religious factor: A sociological study of religion's impact on politics, economics, and family life, Doubleday, Garden City, N.Y., 1961.
3. Weber, Max, Nation во зборникот: Hutchinson, Jhon & Anthony, D., Shith, eds., Nationalism, Ohford University Press, Oxford New York, 1994, (str. 21-25).
4. Городяненко В. Г. «Особенности языковой ситуации в Украине».
5. JackMatlock.com, Ukraine: The Price of Internal Division, March 1, 2014
6. Lenta-ua.net, „Новодворская в восторге от Фарион“, 14 ноября 2012.
7. Ірина Фаріон, виступ на сесії Львівської обласної ради, 27 листопада 2013.
8. Ток-шоу «Велика політика» на телеканалі «Інтер», 8 червня 2012.

11 Lenski, Gerhard Emmanuel, The religious factor: A sociological study of religion's impact on politics, economics, and family life, Doubleday, Garden City, N.Y., 1961.

**Проф. д-р Јован Ананиев**
Правен факултет, Универзитет "Гоце Делчев", Штип
**проф. д-р Мелина Гризо**
Правен факултет, Универзитет "Гоце Делчев", Штип
**доц. д-р Сузана Џамтоска- Здравковска**
Правен факултет, Универзитет "Гоце Делчев", Штип

32.018.5(100)(081)

# КОНЦЕПТ И ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА ПОЛИТИЧКАТА ПРОПАГАНДА ВО ГЛОБАЛЕН КОНТЕКСТ

# CONCEPTS AND HISTOOIC DEVELOPMENT OF POLITICAL PROPAGANDA IN INTERNATIONAL CONTEXT

**Апстракт:** Во овој труд се обработува политичката пропаганда од концепциски и развоен аспект. Политичката пропаганда го има централното место во политичките активности и таа се третира низ историјата со позитивно и негативно значење. Се трансформираат различните техники на пропаганда и се адаптира на политичката култура и политичката цел.

**Abstract:** The subject on this paper is political propaganda from conceptual and development aspect. The political propaganda has central point in the political activities through history with positive and negative connotation. Various technics of political propaganda are transformed and adapted to both political culture and political goals.

## 1. Концептот на политичката пропаганда

Врз основа на политичката практика, пропагандата е единствено средство со кое се воведува ред во вкупниот хаос во општеството. Фихтер, пак, во оваа практика утврдил дека индивидуите често го прилагодуваат своето мислење на мислењето на луѓето околу себе, со цел да ги избегнат натамошните последици. Преку политичката пропаганда, како што истакнува Фишер, се создава јавно мислење кое врши притисок врз луѓето. Со промените во општествениот контекст и развојот на медиумите, поранешните сфаќања на пропагандата како ширење на невистини и ирационални сфаќања се надминати. По трагичните искуства од фашизмот и различните варијанти на тоталитаризмот во минатиот век, стана извесно дека вистинитоста на пораките не е критериум по кој пропагандата може да се разликува од информирањето или образованието. Во педесеттите години во САД од страна на неколку автори (Б.Р. Берелсон, Р.Ф. Лазарофелд, Б. Менфи и други)[1] политичката пропаганда била емпириски истражувана преку однесувањето на избирачите. Во Европа, пак, Ноел-Нојман, врз основа на проучувањето на однесувањето на луѓето и влијанието на пропагандата во изборите во некогашна Западна Германија пред повеќе од триесет години ја формулира теоријата за "спиралата на молкот"[2], која се темели врз идејата за апликација на резултатите од социјално- психолошките истражувања на конформноста на јавното мислење, а која во изминатите децении имаше многу приврзаници, но и исто толку противници. Нејзината теорија е поврзана со изворот на моќта на јавното мислење како општествен надзор е осредоточено на обезбедување на задоволителен степен на општествен консензус за вредностите и целите на заедницата. Според ова сфаќање, моќта на јавното мислење е толку голема, што неа не може да ја игнорираат ниту властите, ниту граѓаните и општествените групи. Таа моќ извира од заканите со изолација на индивидуата. Интеракцијата меѓу индивидуата и општеството им дава "моќ на заедничката свест, заедничките вредности и на заедничките цели, а истовремено им се заканува на оние коишто отстапуваат од тие вредности и цели". Значи, камен- темелници на спиралата на молкот се стремежот на

1 Јакимовски Љубомир, Изборите, политичката пропаганда, политичкиот маркетинг и медиумите Совет за радиодифузија- Скопје 2003, 8 стр.

2 пошироко за ова можете да видете кај Јакимовски Љубомир- Јавно мислење, масовно комуницирање, информациско општество Правен факултет Скопје 2003 127- 141 стр.

индивидуата да ја намали когнитивната дисонанца, да се обезбеди консензус во општеството, масовните медиуми да се наоѓаат во улога на кохерентно "јавно око" и извор на информации за доминантните општествени норми, односно како истовремена контрола на јавното мислење над граѓаните и над власта.

## 2. Историски развој на политичката пропаганда

Во западната цивилизација, елементи на пропагандата и противпропагандата датираат уште од старите грчки градови-држави од 500 години п.н.е. Со кодификацијата на реториката како сет на техники за аргументација, изведени од праксата а произлезени од демагозите, правниците и политичарите, учиителите како Платон и Аристотел, а секако и Стоиците, ја имаат развиено во две насоки: не само аргументите да бидат поубедливи, туку и да ги имунизираат граѓаните од логичките грешки и емоционални термини. И токму "Реторика" од Аристотел, објаснувајќи ги различните методи на убедување, ги дава фундаментите на пропагандата, како што неговата "Политика" ги дава фундаментите на рационалната политичка мисла. и преку Средниот век, ренесансата и современието па се до денес, неговата "Реторика" е с# уште жива со своите правила и со своите длабоко обмислени вештини на убедување и аргументирање и е базична книга по стилистика и реторика[3]

Најблескави примери за високософистицирана реторика може да се евидентираат и во времето на стариот Рим, а неговите мајстори на зборот и на пропагандата и до денешен ден не можат да се надминат. Serge Chakotin во неговата студија за тоталитарната пропаганда презентира триумфална слика за победоносниот Цезар. "Позади триумфалните маршеви на победоносците, оделе коли "украсени" со заробеници, златни круни, скулптури и симболи на победа8". Ваквата римска практика на стимулација на јавноста, ќе ја адаптира и Хитлер во спроведување спектакли, церемонии и ритуал со користење на светла во различни бои, со парада на мускулести мажи во униформа и со воинствен лик, со што, мислел дека, ќе им заиграат срцата на жените[4]

Во другите цивилизации, зачетоци на пропагандни елементи се појавува после 400 годиниа п.н.е. Така, Каутиј, главен министер во индиската империја Чандрагупта Маурја, во неговата "Arhaidstra" ("Принципи на политиката"), нуди принципи за измамнички говори кои се користеле во дипломатијата или, пак, за обраќање до јавноста за време на војна или пред почетокот на војна. Како и модерните пропагандисти, и тој бил преокупиран со техниките на сеење на страв и конфузии во противничкиот табор .

Паралелни достигнувања можат да се воочат и во "Уметноста на војната" од раниот кинески теоретичар Сан Тзу. Тој користи добра и триумфална реторика, која ја користел и Конфучие, како модел за убедување на човекот дека живее добар живот.

Терминот "**пропаганда**" се јавува за прв пат во името на Congregatio de Propaganda Fide (Собир за ширење на верата/волјата), постојан Комитет на кардиналите кој бил одговорен за мисионерската функција на Римо- Католичката црква од 1622 година[5]. Ова е времето кога на чело на Светата столица бил Папата Грегор 15- ти, Терминот долго останал во употреба за означување на организацијата која имала за цел да го шири уверувањето и да се спротивставува на влијанието на протестантските Реформатори. Семантичка дивергенција и нагласено негативна конотација на политичката пропаганда и се препишува дури на крајот на 19-тиот век, кога за првпат се доведува во врска со можностите за политичка манипулација со јавноста.

Позитивно поимање на пропагандата се среќава и во раните комунистички кругови, најпрвин кога терминот бил користен со специјална дефиниција дадена од Ленин во неговите белешки кои се публикувани 1929 година во "Агитација и пропаганда" Во оваа книга, во која се дава основата на комунистичката мисла и пракса, Ленин прави разлика меѓу "пропагандата" и "агитацијата". За пропагандата тој вели дека е рационално користење на аргументи од филозофијата, историјата и науката за да влијаат образовно и рационално. Агитацијата ја сфаќа како користење на емоционални слогани, "езоповска" парабола и полувистини кои изобилуваат

3 David L. Sills, International Encyclopedia of the Social Sciences, The Macmillan Company and The Free Press, U.S.A 579- 580 p
4 Margaret Scammel, Designer Politics- How Elections are Won Macmillan press LTD 1995 U.K 6p
5 David L. Sills, International Encyclopedia of the Social Sciences, The Macmillan Company and The Free Press, U.S.A 579- 580 p

со невистини и нерационалности. Значи, и во овј случај, како и во рамките на Римо- Католичката црква, пропагандата се сфаќа како позитивна општествено- политичка акција и не и се придава некоја пежоративна конотација.

Сепак, во склад со современото сфаќање на пропагандата, елементите на манипулација ја разликуваат од другите вообичаени форми на јавно општење или слободна размена на идеи. Исто така, овие елементи ја разграничуваат пропагандата од образованието каде што пропагандистот презентира префабрикувани аргументи или поединечен сет на симболи, но едукаторот ги презентира сите страни на одреден проблем и на различни нивоа, за аудиториумот сам да ја донесе одлуката. Во ваков дискурс политичката пропаганда поинтензивно почнува да се проучува и практикува после Првата светска војна. Ова е периодот кога научната мисла се повеќе е насочена кон пронаоѓање на нови техники и методи на информирање и кога почнува позасилено да и се дава значење на јавноста како фактор кој може да сруши или поддржи одреден политички проект. Во овој период се разоткриваат веќе подзаборавени техники на манипулација со масите и се кодифицираат истите, прилагодени на тогашните модели и медиуми на комуницирање. Ова се повеќе доаѓа до израз, откако Американците постепено осознаваат дека нивната претстава за војната не била само продукт на објективното информирање и рационална анализа, туку била зачинета и со пораката и предрасудата на пропагандата. Штом официјално стапила во војна, американската администрација зачекорила во пропагандната арена и е основан Комитет за јавно информирање кој набрзо станало главен јавен пропагандистички центар. Фактот дека една владина агенција уживала монопол над севкупните комуникации во текот на војната, дека свесно и систематски е произведена претстава за праведна и идеалистичка војна, предизвикала, кај тогаш највлијателните социјални мислители во Америка загриженост за судбината на демократското општество. Нешто слично се повторува и до ден денес, а модерните мислители имаат иста таква реакција во врска со пропагандата на САД пласирана до својата и до меѓународната јавност во врска со мноштвото воени интервенции[6].

20 и 30-тите години се време кога пропагандата претставува централен истражувачки интерес на целокупната општествена теорија и кога, во полна смисла, се открива како процес со кој се обликуваат перцепциите, се манипулира со знаењата и се насочуваат однесувањата. Како директна последицца на ваквиот интерес, основан е и Институт за пропагандна анализа, во чиј тим биле најугледните социјални психолози и социолози и своите сознанија ги публикувале во списание основано во 1937 година.

Периодот за време на Студената војна, во атмосфера на спротивставеност и идеолошки конфронтации, дефинитивно го фиксира негативното вреднување на пропагандата. Во анализите кои следеа после Студената војна, бројни се заклучоците дека пропагандата не била упатувана на релација Исток- Запад и обратно, туку и внатре во самиот блок. Пропагандата не била само меѓународно димензионирана и немала за цел да создаде некоја посакувана слика за себеси пред својот противник, или, пак да пласира "фабрикувана" информација до него. Таа била и длабоко "внатрешно" втемелена, со досега, најразработени елементи на пропагирање, кои имале за цел да ја убедат домашната јавност во исправноста на сопствената идеологија и поредок, наспроти неисправноста на спротивниот блок. Познати се пропагандите во комунистичкиот блок за ширење на идеологијата за "бескласното општество", "диктатурата на пролетаријатот", "валидноста на револуцијата", наспроти "буржоаската демократија", "класното неправедно општество" и "немањето на вистинска слобода и правда во капиталистичките системи". За сето ова, била формирана посебна пропагандна машина во Комунистичката партија на поранешниот Советски сојуз Антипод на ова, во западниот свет (посебно САД) било градењето на став за "супериорност на американската нација", "постоењето на општество на индивидуална слобода, праведност и среќа" и ширење на страв од комунизмот како "најцрна и најопасна

6 како најевидентни се коментарите и ставовите на Ноам Чомски во неговите дела, но и кај други автори кои говорат за американската пропаганда и нејзиниот империјализам."Американизацијата на нашиот дух е толку напредна што за некои осудувањето изгледа неприфатливо. За да се откажеме од нашата очигледна американизацијам би требало да се подготвиме за скратување на голем дел од културните практики( облекувањето, спортот, играта, јазикот,исхраната, забавувањето) на кои им се препуштаме од деттството со кои живееме постојано. Веќе голем број европски граѓани се, на некој начин " транскултурни", непомирливи мешавини, имајки американски дух во европска кожа".Ремоне Игнасио, Тивки пропаганди, Калеф, Скопје стр 16-17

идеологија". До денес, ваквото манипулативно значење на политичката пропагандата се уште е присутно во голем дел од теоријата. Во текот на првите децении на дваесеттиот век, раширено е уверувањето за пропагандата како процес за ширење на невистини и ирационални сфаќања, со акцент на психолошкото поимање на процесот кој е многу поткрепуван од становиштето дека преку психолошките манипулации најдобро се модифицира јавното мислење.

**Библиографија:**


1. Јакимовски Љубомир, Изборите, политичката пропаганда, политичкиот маркетинг и медиумите Совет за радиодифузија- Скопје 2003, 8 стр.
2. Јакимовски Љубомир (2993) Јавно мислење, масовно комуницирање, информациско општество Правен факултет Скопје
3. David L. Sills (1008), International Encyclopedia of the Social Sciences, The Macmillan Company and The Free Press, U.S.A
4. Margaret Scammel (1995), Designer Politics- How Elections are Won Macmillan press LTD
5. Ремоне Игнасио (2004), Тивки пропаганди, Калеф, Скопје стр 16- 17
6. Inkeles A. (1975) Public Opinion in Soviet RussiaHarward University Press во делот The Administration of Propaganda and Action 27- 37 p

**м-р Ева Велинова,**
Универзитет„Гоце Делчев" – Штип, Филолошки факултет, eva.velinova@ugd.edu.mk

821.133.1.09
801.73

# ИНТЕРТЕКСТУАЛНОСТА ВО КНИЖЕВНОТО ТВОРЕШТВО НА МАРСЕЛ ПРУСТ

**Апстракт:** Целта на овој труд е да ја презентира интерференцијата помеѓу делото на Марсел Пруст и книжевната традиција на француската, но и на ориенталните и словенски литератури. Во таа перспектива книжевниот текст се пројавува како домен на комуникација на литературни творештва кои првично се временски или просторно оддалечени, но кои сепак формираат семантичка блискост. И покрај речиси бескрајната листа на дела кои се споменуваат во вид на интертекст во делото Пруст, ние се задржуваме само на три перспективи кои треба да ја истакнат неговата разгранетост во три диспаратни насоки : персиската, руската и западноевропската литература.

**Клучни зборови :** интертекст, книжевни влијанија, ориентална литература, словенска литература

**Abstract:** The purpose of this paper is to present the interference between the work of Marcel Proust and the literary legacy of the european, but also the oriental and slavic literatures. In this perspective the literary text manifests itself as a domain of communication between literary works that are initially distanced in time and space, but that still form a semantic proximity. Despite the almost endless list of works mentioned as an intertext in the work Proust, we retain only three perspectives that should underscore its ramifications in three quite disparate directions: Persian, Russian and Western literature.

**Keywords:** Intertext , literary influences, oriental literature, slavic literature

Во контекст на една од темите на меѓународната конференција, *Книжевноста како естетско освојување на светот*, неизбежно е да се потцрта интерференцијата која отсекогаш постоела помеѓу литературите на различни говорни подрачја и временски периоди, постојаната трансформација на минати текстови актуализирани во нови, мултипликацијата на значењето на книжевниот текст со негово реферирање кон други веќе публикувани содржини. Разгледувајќи го процесот на глобализирање во доменот на културата, многу теоретичари, меѓу кои и Ападурај, го сугерираат проникнувањето на културните појави надвор од традиционално сфатените национални или јазични граници: „Мој предлог е да започнеме да размислуваме за конфигурацијата на културните форми во денешниот свет како за нешто суштински расцепкано, нешто без евклидовски граници, структура или правилност." (Apaduraj: 2011, 75) Интертекстуалноста во делото на Пруст како слободна конфигурација на литературната оставина, создава речиси бескрајна листа на книжевни модели, почнувајќи од Библијата, преку Бодлер, Нервал, браќата Гонкур, Зола, Жорж Санд, Балзак, Шатобријан, Колет, персиската книга *Илјада и една ноќ*, Данте, Д`Анунцио, Достоевски, Толстој, Џорџ Елиот, Есхил, Гете, Ибзен... Во овој текст ќе се задржиме на воведните назнаки на неколку автори и дела кои би ја репрезентирале интерференцијата на француското дело со литературите расчленети на три различни географски оски: Блискиот Исток, Западот и словенскиот свет.

Речиси изненадува честото присуство на ориентализмот во делото на Пруст кое долго време се сметаше за отелотворување на францускиот идентитет. Сепак, треба да се земе предвид фактот што персиската книга *Илјада и една ноќ* доживува два превода во тогашна Франција, првата од Галанд, а втората од Мардрус создаван помеѓу 1899 и 1904, при што последната верзија содржи и нецензурирани поглавја прескокнувани во првата. Во последниот том од делото, нараторот потенцира дека ќе му бидат потребни „многу ноќи, можеби сто, можеби илјада" (Proust: 1986) за да ја реализира идната книга. Можеме да се потсетиме дека во *Илјада и една ноќ*, Шехерезада е онаа која на некој начин си го продолжува животот раскажувајќи му приказни на султанот, бидејќи нејзиното убиство е пролонгирано до моментот до кога ќе биде ставен крајот на раскажувањето. Жеден за нови продолженија на приказната, султанот секој

ден го одложува нејзиното погубување, а со тоа се спасуваат и сите илјада потенцијални девојки кои би ја замениле Шехерезада. Рамковната приказна треба да укаже на насушната потреба од раскажувањето, на нарацијата како антрополошка предодреденост на човекот, но исто така и на творењето/раскажувањето како начин на придодавање на смисла на самото живеење, а на опстојувањето на приказната како потврда за опстојување на самиот човек. И *Илјада и една ноќ* и *Потрагата* се создавани во време на ноќта, што треба да ја потенцира поврзаноста на зборот со сонот, со несвесното, со имагинарното.

Во прустовото дело, пак, доаѓа до поклопување на потрагата по вокација и воедно филозофска тема за идниот роман на главниот лик и животниот век на истиот, бидејќи при крајот тој доаѓа до сознанието дека темата која заслужува најмногу внимание е самиот негов живот. Имено, ликот чии што животни перипетии ги согледавме во текот на читањето, треба да стане наратор кој ќе го преработи и презентира во роман она што нам како читатели ни е веќе познато. Содржината на романот кој за ликот треба да следи, за нараторот и за читателот е веќе минато. Меѓутоа, определбата за оваа тема коинцидира исто така со размислите за надминување на смртта, слично како во случајот со Шехерезада, а самиот крај на романот наведува на почетокот, при што се создава една цикличност на одново препрочитување кои симболизира и одново живеење. Нарацијата како симбол на животот е во основата на двете дела.

Сепак, првите творечки обиди на Марсел Пруст (1871-1922), а подоцна и романот *Во потрага по загубеното време,* се под исклучително силно влијание на тематиките на рускиот роман, во период кога литературната критика е преокупирана со правење осврти на овие дела, а француските автори кои успеваат да пишуваат налик на своите руски пријатели, добиваат безрезервни пофалби и препораки пред читателската публика. Поточно, во Франција во тој период се говори за принципи типични за она што во тој период ќе почне имаголошки да се подразбира под терминот „словенска душа", - сфатена низ француската визура како инклинацијата кон гревот, каењето, искупувањето, злосторството и казната, сомилоста. Или како што ќе истакне еден тогашен критичар:„Словенското, руското, тоа е истовремено дивината на општествата кои се раѓаат и неврозата на општествата кои пропаѓаат" (Goncourt: 1887-96, 240).

Пруст го читал Достоевски во скратени верзии во превод кои не биле сосема блиски до оригиналот, но сепак бил восхитен од авторот, посебно од *Идиот, Злосторство и казна и Браќа Карамазови.* „Страсно му се восхитувам на големиот Русин, но не го познавам темелно" (*M.Proust et J.Rivière : Correspondance*, 218). Тоа што Пруст не го познавал темелно делото на Достоевски придонесува неговиот пристап во третирањето да ги заобиколи социо - политичките теми или клучни историски моменти како Октомвриската револуција во Русија, која иако Достоевски не ја споменува отворено во сите дела, сепак се смета дека ја најавува низ симболиката на неговите ликови. Оттаму, пристапот на Пруст може да се сведе на митопоетика. Авторот презема одредени теми кои се поврзани со метафизиката и со митолошката подлога на непорекливоста на судбината, заедно со религиските вредности на понизноста, простувањето и духовноста.

После Достоевски, постепеното созревање во однос на темите кај Пруст може да се забележи преку неговата целосна инклинација кон творештвото на Толстој. Двете новели кои Пруст ги пишува во 1894, *Смртта на Балдасар Силванд* (P.J.:1896) и *Крајот на љубомората* (P.J.:1896), се под толку силна инспирација од Толстој што некои дури ги нарекуваат плагијати. Кон крајот на XIX век Толстој всушност претставува најславен автор кој ја сугерира декаденцијата на цивилизацијата. Во неочекуван пресврт претходната опсесија од монденството Пруст ја заменува со темата на смртта која се провлекува низ речиси сите дела на Толстој и која за Пруст треба да означи контингентност на естетизмот, на љубовта, на монденската фриволност. Во првата новела главниот лик е претставен како надарен уметник кој сепак се соочува со неможноста на декадентниот пристап кој ги преферира естетските теми да одговорат на големите егзистенцијални прашања и кој се соочува со непосредноста на смртта. Во втората новела станува збор за љубоморен младич кој е измачуван од љубовно страдање за после една смртоносна несреќа да го надмине истото, соочувајќи се со смртта и обединувајќи се со апсолутното битие.

Кореспонденцијата на Пруст сведочи за неговото прво среќавање со *Ана Каренина* во 94,

непосредно пред да ја напише *Смртта на Балдасар*, за разлика од *Смртта на Иван Илич* за која не постои документација за негово консултирање. Сепак, може да се забележи идентичност помеѓу наративниот процес кај двајцата писатели, прва фаза на револт која преоѓа во внатрешно преобраќање и прифаќање на смртта кое Пруст го употребува за новелата *Смртта на Балдасар*, додека пак смртта на принцот Андре од *Војна и Мир*, љубоморен младич кој запаѓа во претсмртна агонија покрај жената која ги предизвикува неговите претходни несреќи служи за инспирација за *Крајот на љубомората* од Пруст.

Оваа поврзаност може да се долови преку извадок од двете дела кои се сосредоточуваат на истата суштина, односно на смртта како средство да се разоткрие лагата на животот, најпрво помирувањето со смртта на Балдасар „смртта сега ја гледаше в лице, а не сцените кои ја опкружуваат. Сакаше да остане така сè до крајот, да не биде повеќе обземен од лагата, која сакајќи да му приреди убава и славна агонија, би го достигнала врвот на профанизацијата валкајќи ги мистериите на неговиот живот" (Proust: 1893, 22) и агонијата на Илич од друга страна: „Ноќта на неговата смрт, оваа *лага* која се трудеше да го намали значењето на овој страшен и величествен акт на смртта, сурово го потиснуваше Илич" (Tolstoï : 1886, 116). Подеднакво кај двајцата автори, во претсмртните моменти на животот се дефилираат пред нивните очи сцените од детството и минатото воопшто.

Од големите класици на предренесансата и претставници на западната литература, Данте Алигиери е автор кој врши влијание врз Пруст. Но, третирањето на референци кои го поврзуваат со овој автор се најчесто со комична конотација, а авторот забележува дека големината која е искажана во делото на Данте не соодветствува со примерите од реалноста. Во некои од салоните на Париз во XIX век се рецитираат стихови од *Пеколот* на Данте, нараторот не се двоуми да ги спореди моментите на страдање на своите ликови со престојот во соодветните кругови на Пеколот или пак да ги постави некои од ликовите во *Потрагата* во паралела со оние од *Божествената комедија*, пред сè оние анонимни фигури кои се во служба на администрацијата и кои во низа на ситуации создаваат непријатност кај некои од главните ликови. Исто така референците кои упатуваат на Содома и Гомора кај Пруст се поврзани со пејзажи и сцени од *Пеколот* кои треба да создадат релација помеѓу гревот и порокот во двете дела. Исто така наклонетоста на Данте кон Вергилиј за Пруст претставува симбол за литературата како вовед во спиритуалниот живот, но не и како единствен предуслов за него, поради неминовноста од креација која кај Данте кореспондира со оддалечувањето на Вергилиј во *Рајот*.

## Заклучок

Иако во кратки црти, наша цел беше да го прикажеме književниот јазик како средство кое овозможува комуникација помеѓу литературите кои произлегуваат од спротивни општествени и историски контексти, но кои сепак ја дозволуваат глобализацијата на ниво на уметноста. Изборот на делата под чие влијание бил Пруст, од кои првото ѝ припаѓа на ориенталната литература, другите две на руската, односно словенската, а последното на западноевропската, говорат за циркулацијата на литературата низ различни сфери независно од јазичната, идеолошка или културолошка предиспозиција.

## Библиографија


1. Apaduraj, Kultura i globalizacija. Beograd: Biblioteka XX vek, 2011.
2. Hassine, Juliette. Proust a la recherche de Dostoievski, Nizet, 2000.
3. Henry, Anne. Marcel Proust. Theories pour une esthetique, Klincksieck, 1981.
4. Dominique, Jullien. Proust et ses modèles : les Mille et Une Nuits et les Mémoires de Saint-Simon, Paris, José Corti, 1999.
5. Dictionnaire Marcel Proust. Publié sous la direction d'Annick Bouillaguet et Brian G. Rogers, Honoré Champion, Paris, 2004.
6. M. Proust, Du côté de chez Swann. Paris: Gallimard, 1987.
7. M. Proust, Le Temps retrouvé, Gallimard, 1986.
8. M. Proust, (1963) Les Plasirs et les Jours, Gallimard, 1896.

**Росе Смилески**
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Воена академија „Ген. Михаило Апостолски"-Скопје
**Љ. Шошоловски**
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Воена академија „Ген. Михаило Апостолски"-Скопје

316.722-027-511

# ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА-ПРЕДИЗВИК ЗА НАЦИОНАЛНИТЕ КУЛТУРИ

# THE GLOBALIZATION-CHALLENGE AND THREAT TO NATIONAL CULTURES

**Апстракт:** Според Англискиот антрополог Е. Б. Тејлор (E. B. Teylor), културата е сложена целина која ги опфаќа: сознанието, верувањето, уметноста, моралот, правото, обичаите и другите погодности и начини кои човекот ги стекнал како член на заедницата. Продорот на западната култура и западниот начин на живеење, во неразвиените и земјите во развој, без разлика на неговиот обем, според некои автори може негативно да влијае врз културниот идентитет, но и на традициите на населението што живеат на тие подрачја. На пример: начинот на исхрана, ритуалите на пиење кафе и слично се навики кои претставуваат составен дел од културата, но истовремено практиката покажува дека тие воедно се и први кои подлежат на промени под влијанието на глобализацијата.

**Клучни зборови:** култура, цивилизации, традиции

**Abstract:** According to the English anthropologist E. B. Taylor, culture is a complex whole which covers knowledge, beliefs, art, moral, law, customs and other conveniences and ways that men has obtained as a member of the community. The burst of western culture and way of life in underdeveloped countries and in developing countries, no mater of its size, according to some authors it can influence in a negative way on the cultural identity, but also on the people that live in that areas. For example: way of eating food, rituals of drinking coffee etc. are all habits that represent a part of the culture, but at the same time practice shows that they are also the first ones that undergo to changes under the influence of globalization.

**Keywords:** culture, civilization, tradition

Глобализацијата пропагира економски можности, воздигнати човекови права и подобрување на пристапот до информации, технологија и материјални добра за луѓето од сиот свет. Критичарите тврдат дека овие придобивки чинат многу и доведуваат до жртвување на регионалниот културен идентитет за западните идеали[1].

Глобализацијата промовира натпревар, којшто понекогаш може да биде агресивен и неетички. Можно е да продуцира и антагонизам кон конкретни нации и многу често дава основа за регионална нестабилност. Глобализацијата иницира подем на интернационалните медиумски центри што ги набљудуваат глобалните настани и вршат пренос на истите во домовите на обичните луѓе. Глобализацијата придонесува медиумите често да ја користат својата моќ пренесувајќи ги информациите селективно, фаворизирајќи одредени региони.

Семјуел Хантингтон (Samuel Huntington) професор на Универзитетот во Харвард, Соединетите Американски Држави, во неговата книга „Судир на цивилизациите?", пишува: „Основен извор на конфликти во овој нов свет првенствено нема да биде од идеолошки или од економски причини. Најголемото несогласување и доминантен извор на конфликт меѓу човечкиот род ќе биде културата. Државите ќе останат најмоќните актери на светската сцена, но конфликтите на глобалната политика ќе се случуваат меѓу народите и групи на различни цивилизации. Судирот на цивилизациите ќе доминира во глобалната политика"[2]. Во книгата ја има опишано една од најзначајните концепции за културата како главен фактор што ќе го дели светот во иднина.

1 http://www.discovery.com/tv-shows/curiosity/topics/big-question-globalization-changing-culture.htm.
2 Huntington, Samuel P. (1993). The clash of civilizations?. Foreign Affairs, p.22-49

Хантингтон ја дефинира цивилизацијата како „највисоко културно групирање на луѓето и најопширно ниво на идентитет што луѓето го имаат... Дефинирано е од заедничките објективни елементи, како јазик, историја, религија, обичаи, институции, така и од субјективната самоидентификација на народот“. Со тоа тој го дели светот на големи културни групи, западната, конфучинската, јапонската, исламската, хинду, словенско православната, латиноамериканската и африканската. Во сржта на неговата теза е размислувањето дека со крајот на глобалната конкуренција за економска идеологија, безмалку целата вина на светските конфликти ќе лежи во спорови помеѓу овие големи култури во светот. Тој ги гледа овие поими на културен идентитет како толку првобитни што верува дека тие на крајот ќе земат приоритет преку соединување на силите на економската глобализација.

Авторот Бенџамин Барбер (Benjamin Barber), професор по политички науки на Универзитетот во Рутгер (Rutgers) во Соединетите Американски Држави, во неговата книга со наслов „Џихадот наспроти Мек светот (Jihad vs. McWorld)“[3] дава придонес за подобро разбирање на концепцијата на културни судири кои би се случувале во иднина. За разлика од Хантингтон, кој светот го гледа поделен на културни бариери, Барбер ја дефинира борбата како спротивставување меѓу традиционалните вредности од една страна и силите на глобализација, или Мек светот од друга страна.

Мекдонализацијата[4] на светската младина создава големи конфузии во однос на идентитетот кај младата популација. Меѓународните медиуми создаваат илузионистичка слика за Западот како место за подобар живот и гаранција за среќа. Визиите што им се презентираат на младите и нивната желба да се живее секаде, само не дома претставуваат водилка во нивните животи (да ли може на место „нивните животи“ да стои „нивниот стил на живеење“). Тие се подготвени да ги прифатат евентуалните понижувања што ќе им ги сервира „ветената земја“.

Глобализацијата што води кон наметнување на обичаите и вредностите на западното општество, исто така, е присутна во филмската и во музичката индустрија. Според достапната литература Француската влада се обидела да интервенира во функционирањето на пазарот со цел да ги заштитат своите локални културни индустрии, со преземање мерки, како што се ограничување на бројот на странски филмови што можат да бидат прикажани. Но ако владата наметнува филмови, телевизиски емисии или книги од домашна продукција, го ограничува изборот на нејзините граѓани на она што тие го сакаат. Со други зборови, владата на ефективен начин им пренесува на своите граѓани дека не им верува во нивниот правилен избор (односно дека нивните граѓани ќе го направат правилниот избор)[5].

Во текот на историјата, културите се менувале и еволуирале, а глобализацијата може само да ги забрза нивните промени. Меѓутоа, промената е управувана од изборот на потрошувачите, а елементите на одредени култури ќе се одразат врз нивниот избор.

Можеби една од главните грижи во врска со глобализацијата на културата којашто се случува е дека таа не води само кон хомогенизација на светската култура, туку дека во голема мера би можела да води кон создавање на нова светска култура. Ширењето на американските компании надвор од нивната територија има различно влијание врз локалните култури, некои повеќе видливи и други суптилни. На пример, влијанието на овие компании на културниот идентитет на други земји може да се види во однос на храната, и тоа на две нивоа. Прво, храната во многу земји е составен дел на културата. Второ, ресторанite може да влијаат на обичаите и на навиките во општествата во коишто тие работат. Французите се горди на нивната локална кујна што ја рефлектира нивната уникатна култура. Некои Французи би рекле дека брзата храна не припаѓа на француското општество и дека е со понизок квалитет од нивната[6].

Ланците од ресторани не само што влијаат на навиките за јадење, тие влијаат на традициите и на навиките во земјите каде што се наоѓаат. Старбакс (Starbucks) предизвикува културна загриженост во Италија бидејќи за Италијанците кафето е повеќе од пијалак, тоа е дел од начинот на живот и на италијанските обичаи (на пример, Американците може да купат

3 Barber Benjamin. (1996). Jihad vs McWorld. Harvard Journal of Law & Technology Volume 9, Number 2 p 565-576

4 Мекдонализација е термин измислен од социологот Џорџ Ритцер (George Ritzer). Во изминатите шеесет години Мекдоналд има отворено преку 31000 ресторани ширум светот.

5 http://www.globalization101.org/uploads/File/Culture/cultall.pdf.

6 Vesajoki Funlayo. (2002). The Effects of Globalization on Culture. A Study of the Experiences of Globalization among Finnish Travellers.

кафе и да го пијат на улица или во канцеларија, додека Италијанците сакаат да се опуштат и да разговараат со пријателите додека пијат кафе). Некогаш ланците на ресторани наидуваат и на негативни реакции, како што е случајот со Старбакс кафетеријата во Забранетиот град во централен Пекинг. Кафетеријата била отворена во 2000 година, а затворена во 2007 година како резултат на масовни протести од локалното население[7].

Според достапната литература се смета дека Соединетите Американски Држави имаат значајна улога во феноменот на културна глобализација, но не треба да се исклучи взаемното делување на културите без разлика од каде доаѓаат. Многу други земји допринесуваат во развојот на глобалната култура, вклучувајќи и во самата американска култура. Холивуд е добар пример на индустрија што ги интегрира елементите на повеќе од една култура. Сè додека Холивуд доминира во светските кина, американските филмови ќе бидат под странско влијание, една од причините за успех на Холивуд е тоа што тој од неговото постоење е отворен за странски таленти и пари.

Глобализацијата е незапирлива, а веројатно и неизбежна. Овозможува на едно повисоко ниво да ги разбереме културите и начинот на живот, унифицирање на нашите позиции, а со тоа намалување на конфликтите што произлегуваат од културните недоразбирања. Подоброто разбирање на другите култури може да ја зајакне нашата доверба и гордост кон сопствената култура и наследство, да им овозможи на луѓето поефикасни начини за меѓусебно разбирање итн.. Изложеноста на алтернативни начини на живот и размислување ќе помогне во глобалната свест и разбирање за единство на човештвото во целокупната своја разноликост[8].

## ЗАКЛУЧОК

Глобализацијата предизвикува метеж во културата, криза на идентитет преку фаворизирање определени култури. Миграциите на населението се зголемија, не само во правец рурална средина кон урбана, туку и движење кон Европа и Северна Америка. Идејата е да се родат новите поколенија на овие два континента, за да им се остави на децата како наследство посветла иднина (се стекнуваат со државјанство во државата каде што се родени) и би биле идни „глобални граѓани". Овие идни поколенија најверојатно нема да бидат оптоварени со потеклото и ќе функционираат како граѓани од „ветената земја". Поколенијата што се родени во новите татковини со текот на времето ќе ги заборават корените на нивното потекло и културен идентитет, а ќе се идентификуваат со културата, со навиките и со традициите на средините во коишто ќе живеат.

## ЛИТЕРАТУРА


1. Barber Benjamin. (1996). Jihad vs McWorld. Harvard Journal of Law & Technology Volume 9, Number 2 p 565-576
2. Бејлис, Џ. Смит, С. Овенс, П. (2009). Глобализација на светската политика. Вовед во меѓународните односи.Табернакул-Скопје
3. Ben-Num Bloom, P. Arikam, G. Sommer, U. Globalization, Threat and Religius Freedom. Достапно на: http://people.socsci.tau.ac.il/mu/udis/files/2012/08/Globalization-Threat-and-Religious-Freedom.pdf. Преземено на ден 16.03.2014 година.
4. Brooks, I. Weatherston, J. & Wilkinson, G. Globalisation, challenges and changes. Достапно на http://catalogue.pearsoned.co.uk/assets/hip/gb/hip_gb_pearsonhighered/samplechapter/Brooksch9.pdf. Преземено на ден.19.03.2014 година.
5. D'Orville, H. (2004). Globalization and intangible cultural heritage: opportunities, threats and challenges. International conference. Tokyo. Published by UNESCO. Достапно на: http://unesdoc.unesco.org/images/0014/001400/140090e.pdf. Преземено на ден 19.03.2014 година.
6. Vesajoki Funlayo. (2002). The Effects of Globalization on Culture. A Study of the Experiences of Globalization among Finnish Travellers. Достапно на : https://jyx.jyu.fi/dspace/bitstream/


7 http://www.globalization101.org/uploads/File/Culture/cultall.pdf.
8 http://www.satishtandon.com/globalculture.html

handle/123456789/8059/G0000619.pdf. Преземено на ден.18.03.2014 година.

7. Huntington, Samuel P. (1993). The clash of civilizations?. Foreign Affairs. Достапно на: http://www.hks.harvard.edu/fs/pnorris/Acrobat/Huntington_Clash.pdf. Преземено на ден 21.03.2014 година.

8. Достапно на: http://www.globalization101.org/uploads/File/Culture/cultall.pdf. Преземено на 13.03.2014 година.

9. Достапно на: http://www.discovery.com/tv-shows/curiosity/topics/big-question-globalization-changing-culture.htm. Преземено на ден 15.03.2014 година.

10. Достапно на: http://www.satishtandon.com/globalculture.html. Преземено на 16.03.2014 година.

**Благојка Здравковска-Адамова,**
Универзитет на Југоисточна Европа, b.zdravkovska@seeu.edu.mk

81’27
81’42

# ПОВРЗАНОСТА НА ЛИНГВИСТИЧКИТЕ ФУНКЦИИ И СОЦИОКУЛТУРОЛОШКАТА РАМКА

# THE CONNECTION BETWEEN LINGUISTIC FUNCTION AND SOCIO-CULTURAL FRAMEWORK

**Апстракт:** Целта на овој труд е да се укаже на поврзаноста на лингвистичките функции и социокултуролошката рамка преку системската функционална лингвистика (СФЛ). Во рамките на СФЛ се прави разлика меѓу дијалектичките и дијатипичните варијации во јазикот (register). Преку анализата на регистарот се упатува на можноста за предвидување на текстуалните карактеристики, бидејќи текстовите се разликуваат конвенционално во однос на три ситуациски варијабли (променливи), односно областа (предметот, се поврзува со природата на општествената акција), социјалниот однос (ги вклучува односите меѓу учесниците во комуникацијата) и комуникацискиот систем (медиумот на комуникација и неговата улога во лингвистички настан). Во СФЛ се вклучува и поимот жанр со цел да се поврзе употребата на јазикот со својот соодветен општествен контекст. Определувањето на жанрот на текстот помага во определувањето на неговата содржина и на неговата форма. Овие поими се клучни за определување на лингвистичките функции во социокултуролошката рамка.
**Клучни зборови:** регистар, жанр, метафункции, општествен контекст

**Abstract:** The aim of this paper is to point out the connection between linguistic functions and socio-cultural framework through Systemic Functional Linguistics (SFL). Within SFL there is distinction between dialectical and diatypic variations in language (register). By analyzing the registry we refer to the possibility of predicting textual features since conventional texts differ in terms of three situational variables or field (subject associated with the nature of social action), tenor (including relations between participants in communication) and mode (communication media and its role in linguistic event). The SFL includes the notion of genre in order to link language use in its proper social context. Defining the genre of the text helps in determining its content and its form. These are key concepts in determining the linguistic features in socio-cultural framework.
**Key words:** register, genre, metafunctions, social context

## ПОВРЗАНОСТА НА ЛИНГВИСТИЧКИТЕ ФУНКЦИИ И СОЦИОКУЛТУРОЛОШКАТА РАМКА

Во рамките на системската функционална лингвистика (СФЛ) се прави разлика меѓу дијалектичките и дијатипичните варијации во јазикот (register). Преку анализата на *регистарот* се упатува на можноста за предвидување на текстуалните карактеристики, бидејќи текстовите се разликуваат конвенционално во однос на три ситуациски варијабли (променливи), односно *областа* (предметот, се поврзува со природата на општествената акција), *социјалниот однос* (ги вклучува односите меѓу учесниците во комуникацијата) и *комуникацискиот систем* (медиумот на комуникација и неговата улога во лингвистички настан).

Во СФЛ се вклучува и поимот *жанр* со цел да се поврзе употребата на јазикот со својот соодветен општествен контекст. Сознанието дека еден текст може да се обликува и да се категоризира во однос на неговата комуникативна цел доведува до интересот за текстовиот жанр, односно до тоа како еден текст систематски се поврзува со неговиот културен контекст.

Определувањето на жанрот на текстот помага во определувањето на неговата содржина, како и на неговата форма: генерички текст е оној во кој конвенционалните карактеристики произлегле од постојано променливиот збир на културни императиви. Во рамките на системската функционална лингвистика започнува анализата на жанрот на текстот заснована врз идејата дека неговата цел се постигнува преку фази од кои секоја исполнува по една потцел

(Brown, K. 2005).

Размислувањата за жанрот варираат во зависност од интересите на аналитичарите. Лингвистите, пред сè, се занимаваат со односот на текстот со контекстот и се фокусирани на предвидливоста или непредвидливоста на елементите во текстот. Анализата на жанрот се доведува во врска со индивидуалните знаења и очекувања, структурата на дискурсивната заедница на која припаѓа говорителот, како и со повеќе или помалку конвенционални текстови создадени да служат на комуникативните цели на заедницата. За системската функционална лингвистика почетна точка е анализата на текстови и понатаму оваа анализа може да ја покаже корелацијата меѓу лингвистичките модели и контекстот и притоа да се даде објаснување за овие варијации, преку регистарот и/или жанрот, во однос на социјалниот контекст, културниот контекст итн.

Од друга страна, Мартин (Martin, 1997) го има поделено социјалниот контекст на две нивоа: регистар и жанр, од кои жанрот е надреден над регистарот. Според него „жанрот опфаќа систем на поврзани социјални процеси кои ја даваат текстурата – начините на кои варијаблите на областа, социјалните односи и комуникациските средства се организирани во текстот. Ова значи дека принципите на поврзување на текстовите на ниво на жанр се надополнуваат со принципите за нивна организација на ниво на регистар." (Martin, 1997)

## Жанр (Genre)

И покрај различните употреби и различните дефинирања на поимот жанр (Korner, 2001), ние го прифаќаме објаснувањето дека со него се упатува на различните видови текстови кои „одразуваат поинакви типови на општествени контексти"[1] (Martin, J. R., Rose, D., 2003). Односно, „жанрот е ситуациски поставен, целисходен социјален процес" (Martin, J. R., Rose, D., 2003) кој како повторлива конфигурација е обусловен од културната поставеност.

## Регистар на текстот (Register)

Покрај двете сфаќања на текстот (како јазична единица над нивото на реченицата и како јазик во употреба) станува сè повеќе јасна потребата за граматички модел кој го инкорпорира контекстот во определувањето на текстот. Вклучувањето на контекстот во дефинирањето на текстот ќе го претставиме преку проучувањата на Халидеј (Malmkjaer, 2002). Неговата теорија за јазикот се базира врз две основни поставки: јазикот е дел од општествено прифатен семиотички систем и луѓето зборуваат (комуницираат) едни со други. Притоа вклучува еден нов аспект во разбирањето на јазикот според кој јазикот е нешто повеќе од збир реченици. И во таа насока јазикот се поврзува со текстот (односно дискурсот) – со неговата определба за размена на значења во интерперсонален контекст. Како општествен систем, јазикот е предмет на два типа варијации (variation): варијација според корисникот (user) – (на пример, акцентирањето или, пак, дијалектите и, во принцип, секоја варијација во значењето) и варијација според употребата (use) (*варијации на регистарот* – создавање разлики и промени во значењето).

Регистарот, најопшто кажано, се однесува на начинот на кој луѓето го користат јазикот во различни ситуации. „Регистарот е она за кое станува збор во еден даден момент, а е определен врз основа на тоа што вие и другите – и кои други – правите таму и тогаш; односно од природата на актуелната социјална активност."(Malmkjaer, 2002) Затоа варијациите на регистарот го одразува општествениот поредок во однос на промените во општествените процеси. *Регистарот* упатува на тоа дека концептот на текстова разноликост ни овозможува да се направат одредени предвидувања за јазичниот вид кој се јавува во дадена ситуација – во согласност со соодветните варијабли: област, социјален однос и комуникациско средство. Халидеј го дефинира регистарот како „конфигурација од семантички ресурси која припадникот на една култура типично ја поврзува со видот на ситуацијата." (Malmkjaer, 2002) Подоцна

1 Понатаму овие двајца автори објаснуваат дека како деца учиме да ги препознаваме и да ги разликуваме типичните жанрови на нашата култура, и тоа додека сме во интеракција со другите преку следење на значенски предвидливи искуства кои се повторуваат. Подолу во текстот тие наведуваат дека овие предвидливи модели на значење може да варираат од едноставни јазични изрази (во комуникацијата со соседите, на пример), па до многу комплексни значења (на пример научни извештаи) за кои, сепак, сме способни да определиме (врз основа на тоа на кој жанр му припаѓаат) како понатаму ќе се развиваат.

малку ја изменува дефиницијата, па регистарот го дефинира како „конфигурација од значења кои типично се поврзуваат со конфигурацијата на дадената ситуација во смисла на нејзините варијабли – област, социјални односи, комуникациски средства."

Притоа упатува на *говорната ситуација*, односно контекстот, па според него анализата на контекстот се расчленува во следниве три аспекти: *област* (field), *насока, смисла* (tenor) и комуникациско средство (mode) кои заедно го конституираат регистарот на текстот. Односно, значењето во регистарот е определено од овие три варијабли.

Првиот аспект, *област*, се однесува на контекстот како на општествена димензија, односно на она што се случува, на она што прават учесниците. Притоа општествената активност го добива своето значење како такво во општествениот систем. Значи „Областа на дискурсот е резултат на намерата на говорителот, на она што кажува јазикот што го употребува, на искуството кое јазикот го изразува и на она што се случува со јазичната употреба." (Gregory, Carroll, 1978) Авторот, на пример, јасно треба да упати на областа на која се однесува неговиот текст – преку насловот, преку апстрактот или, пак, преку воведот. Понатаму преку поднасловите се изделуваат и подобластите (поточно поттемите). На пример, значително се разликува текстот наменет за енциклопедија, со текст од иста област, ама искористен за разговор на забава.

Следниот аспект, *социјален однос*, го опфаќа системот на улоги кој се воспоставува меѓу учесниците, односно се однесува на поврзаноста на корисникот на јазикот со својот аудиториум и на нивните меѓусебни односи. Станува збор за општествено определени односи на учесниците во комуникацијата кои може да бидат определени како постојани и непроменливи релации меѓу учесниците (на пример мајка – дете) или, пак, да се означат како односи меѓу учесниците во процесот на комуникацијата кои се менливи (професор – студент). Притоа се имаат в предвид карактеристиките и општествениот статус на учесниците во комуникацијата. Во таа насока овој аспект е под влијание на комуникациските средства. Некои јазични изрази се поочекувани во комуникацијата лице-в-лице отколку во печатениот текст. Читателот е во еден поинаков однос кон писателот, од односот на слушателот кон соговорникот. Понатаму текст кој е дел од комуникацијата меѓу директор и вработен е различен од оној кој е дел од јазичната интеракција меѓу родител и дете.

Аспектот *комуникациско средство* се однесува на улогата на јазикот и се определува како физички медиум на комуникацијата, имајќи ги в предвид и можностите за избор, како и ограничувањата кои се јавуваат.

Семантичките компоненти на ситуацискиот контекст – област, социјален однос и комуникациско средство – системски се поврзуваат со трите метафункции. Притоа односот е следен: идеолошка метафункција – област, интерперсоналната метафункција – социјален однос, а текстуалната метафункција – комуникациски средства.

## Метафункции

Анализата на лексикограматиката преку три метафункции е еден од фундаменталните аспекти кој е поврзан со глобалната организација на јазикот. Според системската функционална граматика, со граматичките функционални бази именувани како метафункции се претставува организацијата на значењето, и тоа:

- Идеолошка метафункција. Учесниците во секоја интеракција стекнуваат искуство, го воспримаат светот околу нив, односно создаваат претстава за светот. Во однос на оваа метафункција се изделуваат два одделни типа: искуствени и логички метафункции. Оваа метафункција се поврзува со текстовиот аспект област, или неговата тема и контекстот на употреба.
- Интерперсонална метафункција. Се однесуваат на текстовиот аспект социјален однос, или интерактивност. Ги опфаќа општествените односи и статусот на учесниците во комуникацијата.
- Текстуална метафункција. Преку оваа метафункција се претставува поврзувањето на лингвистичките елементи. Се поврзува со аспектот комуникациски средства. Овие две значења се организирани во одделни низи со што можат да бидат разменети меѓу учесниците во вид на текст.

**Литература**


1. Brown, K. (уредник) (2005). Encyclopedia of Language & Linguistics. Elsevier
2. Martin, J. R., Rose, D. (2003), Working with Discourse: Meaning beyond the clause, Continuum International Publishing Group
3. Malmkjær, K. - editor (2002), The Linguistic Encyclopedia (second edition), Routledge, Taylor & Francis Group
4. Gregory, M., Carroll, S. (1978), Language and Situation, Routledge & Kegan Paul Ltd
5. Körner, H (2001). Theoretical Foundations: Legal Discourse, Critical Discourse Analysis and Systemic Functional Grammar
6. www.grammatics.com/Appraisal/korner-phd/chapter2(korner).doc

**Доц.д-р Тони Петрески**
Министерство за одбрана на Република Македонија
**доц.д-р Игор Ѓорески**
Министерство за одбрана на Република Македонија

32-027.511
355-027.511

# ГЛОБАЛИЗАЦИЈА - СОВРЕМЕН ПОЛИТИЧКИ И БЕЗБЕДНОСЕН КОНТЕКСТ

# GLOBALIZATION – CONTEMPORARY POLITICAL AND SECURITY CONTEXT

**Апстракт:** Светот во дваесет и првиот век, за разлика од претходниот период е доста променет и продолжува да се менува. Дел од промените ги гледаме и можеме да дадеме објаснување за нив, но некои од нив едноставно поминуваат покрај нас, без да ги препознаеме. Глобализацијата која преставува незапирлив процес, несомнено го заслужува интересот на научната јавност која е задолжена преку соодветен методолошки инструментариум да го анализира и да даде соодветни одговори на дилемата дали истата преставува процес кој води кон општ напредок, мир и безбедност, или преставува процес кој продуцира нови видови и облици на конфронтирање. Базата на процесите на глобализацијата во принцип е содржана преку поврзана или светска капиталистичка економија, систем на национални држави со пренесени делови од сувереност на наднационални организации, светски безбедносно-воен систем или поредок и меѓународна поделба на трудот. Всушност процесите на глобализацијата ги зафаќаат сите домени на животот (политиката, економијата, технологијата, културата и др.).

**Клучни зборови:** Глобализација, организации, политика, економија, безбедност.

Abstract: World in the twenty-first century, unlike the previous period is quite changed and continues to change. Some of the changes we see and can give an explanation for them, but some of them simply passing near us without recognizing them. Globalization is an unstoppable process which undoubtedly deserves the interest of the scientific community that is responsible through appropriate methodological instruments to analyze and give an appropriate answer to the dilemma whether it represents a process that leads to general progress, peace and security, or represents a process that produces new types and forms of confrontation. The base of the processes of globalization in general is contained and linked through global capitalist economy, a nation-state with devolved parts of sovereignty to supranational organizations, world-war security system or order and international division of labor. Indeed the processes of globalization affecting all domains of the life (politics, economics, technology, culture, etc.).

**Key words:** Globalization, organizations, politic, economy, security.

## Вовед

Корените на глобализацијата потекнуваат многу одамна и истата можеме да ја поврземе со големите миграции на населението, обидите за создавање на големи држави (идејата на Александар Македонски), пренесувањето на заразните болести од една земја во друга и од еден континент на друг, кои уништиле поголем број на население отколку дотогаш водените војни.[1]

И покрај тоа што глобализацијата тече со векови, нејзината современа форма е посилна и побрза. Процесите на глобализацијата особено се забрзаа по Втората светска војна кога дојде до либерализација на надворешно-трговска размена на индустриските производи. Потоа дојде до либерализација и на движењето на капиталот низ формата на директни странски инвестиции, кое уште повеќе ги засили процесите на интегрираност на светската економија и на пазарите. Сите овие процеси овозможија појава на крупни компании кои креираа производи

1 Џозеф С. Нај, Помладиот,"Разбирање на меѓународните конфликти",Академски печат, Скопје 2008 г. стр. 263.

и услуги на глобалниот пазар познати како транснационални компании. Посебно, ефектот на глобализацијата се забележува по завршувањето на Студената војна кога беше одбележан почетокот на големите фундаментални промени во глобалниот планетарен амбиент. Клучна улога во етаблирањето на глобализацијата во светски рамки имаат секако и медиумите. Така, некои теотетичари ги користат случувањата од 11 септември 2001 година (11.09), за да покажат колку всушност е глобализиран современиот свет: „Настаните од 11.09 се одиграа во една земја, во САД, но веднаш беа посматрани насекаде низ светот: телевизиските снимки од вториот авион кој удира во Светскиот трговски центар се веројатно најшироко видените слики во телевизиската историја."[2]

## Домени на глобалното општество

Денес, глобализацијата има големо влијание врз сите сфери и е навлезена во сите пори на општественото живеење на човекот, без разлика каде живее, твори и придонесува. Како некои од најзначајните сфери преку кои најдобро може да се согледа глобализацијата можеме да ги издвоиме следните:

- **Општествената глобализација** преставува распространетост на луѓе, култури, претстави и идеи. Миграцијата е конкретен пример. Во 19 век, околу 80 милиони луѓе преминуваа океани за да дојдат до нови огништа. На почетокот на 21 век, 32 милиони жители на САД (11,5 отсто од севкупното население) се родени во странство. Покрај ова, околу 30 милиони посетители секоја година влегуваат во САД.
- **Идеите** се подеднакво важен аспект на општествената глобализација. Четирите доминантни религии во светот: христијанството, исламот, јудеизмот и будизмот значително се распространија на големи далечни во текот на изминатите неколку децении, исто како што беше и со научниот метод и со просветителството во текот на изминатите неколку века низ целиот свет.
- **Политичката глобализација** се манифестира со распространување на државните уредувања, преку зголемување на бројот на земјите кои станале демократски и ги прифатиле меѓународните правила и институции. Но, светот е се уште далеку од глобална заедница која би ја заменила лојалноста на граѓаните кон клановите, племињата и државите.
- **Глобализацијата на воен план** се состои од мрежи на посебна зависност преку која се користат силата или заканата со сила. Војните водени во минатиот период но, и на почетокот на овој век се токму таков пример. Пример за тоа се и двата воено – политички сојузи од времето на Студената војна - НАТО и Варшавскиот пакт. За време на Студената војна, глобалната стратешка меѓусебна зависност меѓу САД и СССР беше прониклива и добро препознатлива. Денес на пример, Ал Каеда и други интернационални организации формираат глобални мрежи на операции што создаваат нов предизвик за конвенционалните пристапи на националните одбрани во вид на т.н. асиметрично војување.
- **Глобалните климатски промени** веќе имаат влијание на животот на луѓето насекаде.[3] Како што климатските промени се забрзуваат, така и другите промени најверојатно нема да се пројавуваат толку неприметно како во минатото. Не е битно дали јаглерод диоксидот е испуштен во атмосферата од Кина или од САД, тој сепак влијае врз глобалното затоплување.
- **Економската глобализација** опфаќа поврзување и поголема меѓузависност на националните економии во светските размери. Процесите за поврзување на економиите започнуваат многу одамна, но, за вистинско поврзување и интеграција на економиите можеме да зборуваме со појавата на индустријализацијата во 18-от век, кога веќе почнало да се зборува за интернационализација на производството

2 Џон Бејлис, Стив Смит, Патриша Овенс, "Глобализација на светската политика, (вовед во меѓународните односи)", Табернакул, Скопје, 2009. стр.2.

3 Неодамна илјадници научници од повеќе од 100 земји објавија дека постои нов и цврст доказ за тоа дека најголемиот дел од затоплувањето следено во текот на последните 50 години, се должи на човековите активности, и просечните температури на глобално ниво во дваесет и првиот век, се предвидува да се зголемат помеѓу 1,6 до 2,8 степени целзиусови.

и за трговија со стоки кои добиле меѓународно значење. Според тоа, процесот на глобализација во економскиот сектор се одвивал во два меѓусебно поврзани процеси и тоа: глобализација на производство и глобализација на пазарите.[4]

**Република Македонија и глобализациските процеси**

Глобализацијата во речиси сите свои сфери и сегменти, економски, политички и воени, неминовно ја опфати и Република Македонија и регионот во кој таа егзистира. Периодот на транзиција (кој мора да признаеме дека предолго траеше и се уште трае), ја претставува преодната фаза од минатиот биполарен геополитички поредок кон новиот. Во тој контекст, нашата држава донесе консензуална политичка одлука за интеграција во евроатланските институции, повеќе од егзистецијални причини од кои зависи опстанокот на државата, отколку инспирирана од можноста да влијае на овие глобализациски процеси, што впрочем е судбината и на многу други мали држави.

**Во економската сфера** државата го усвои моделот на пазарна економија со што сите сили на пазарот се ставија во еднакви услови. **Во воената сфера** донесена е одлука за членство на државата во НАТО, воено-политички сојуз кој добива глобални димензии, со што би требало да се редуцираат заканите во воената сфера на националната безбедност. Таа, исто така, активно учествува во меѓународните мировни операции и таа одлука на македонската влада, според некои аналитичари е надворешно-политичка одлука пар екселанс, и истата е многу важна за македонската надворешна политика бидејќи поаѓа од македонските национални интереси.[5] **Во политичката сфера**, државата, од нејзиното осамостојување, и со првиот Устав, покажа отвореност за прифаќање на повеќепартиски политичкисистем по теркот на „либералната демократија" и уставно уредување според „граѓанскиот модел". **Во социеталната сфера**, каде што прашањето за идентитетот зазема централно место, а интересни за анализа се чекорите кои ги презема нашата држава. Имено, и покрај тоа што нејзиниот идентитет е предизвикуван и оспоруван од земји-членки на меѓународни организации кон кои таа тежнее, огромна е поддршката на јавното мислење за членство на државата во овие организации. **Во сферата на животната средина** Македонија ги прифаќа меѓународните стандарди поради сознанието дека планетарниот систем е единствен и дека од неговото опстојување зависи и иднината на човековата цивилизација.

Некои автори и експерти од Република Македонија ја потенцираат поврзаната и заемната условеност на глобализациските процеси и геополитичките размислувања на нашите простори. Република Македонија, во периодот од стекнувањето на својата независност се вклучуваше во овие глобализациски и интеграциски процеси, повеќе или помалку успешно. Според Славески С. за да се поправи оваа слика потребна е поголема комуникација помеѓу науката и политиката. Затоа што науката може да ги предвиди процесите и да направи процени како глобализациските процеси ќе влијаат врз националната безбедностна државата, а политиката е таа која донесува одлуки и имплементира решенија. Впечаток е дека досега оваа врска не функционираше баш најдобро.[6]

## Заклучок

Глобализацијата, е најзначаен феномен на денешниот свет и бара нов пристап кон настаните на глобален план и постојано приспособување на промените. Развојот на транспортот, разгранетоста на мултинационалните компании, влијанието на медиумите и општото комуникациско поврзување, како и постојаниот развој на новите технологии,

4 Гоцевски Т. "Унификацијата на политичките, економските и безбедносните системи, предизвик за мирот и безбедноста во услови на глобализација",трибина, "Глобализацијата, мирот и безбедноста", Современа Македонска одбрана (вонреден број), Скопје 2008 стр.17.

5 Георгиев Г. "Потребата од коперникански преврат во македонската надворешна политика",трибина "Има ли Република Македонија своја надворешна политика", Форум-аналитика, Скопје, Април 2006, стр. 16

6 Славески С. "Глобализациските процеси и Македонија: Прашањето на идентитетот, суверенитетот и националните вредности" - трибина "Глобализацијата, мирот и безбедноста" - соверемена македонска одбрана (вонреден број) Скопје 2008 стр. 308.

создаваат односи на меѓу зависност меѓу државите, на начин кој досега не е забележан во историјата. Може да се каже дека на секоја држава и е сосема евидентно и јасно, дека не можат да ги решаваат новите безбедносни проблеми само по пат на употреба на воена сила, односно дека ниту една држава самостојно не може адекватно да одговори на транснационалните и глобални опасности. Мултилатералниот пристап во остварувањето на безбедносните потреби на човештвото најверојатно е приод кој денес и во иднина би требало да преставува клучно решение во афирмацијата на позитивните аспекти на глобализацијата.[7]

Постојат одредени мислења дека глобализацијата е проект на привилегираните држави, односно дека тие ја спроведуваат доктрината на универзален империјализам ограничувајќи го надворешно-политичкото однесување на голем број на земји и на нивното настојување самостојно да управуваат со сопствените работи. **Од една страна тоа е точно** затоа што улогата на државите (посебно на малите држави), нивните државни граници и силата на нивните нации во глобализацијата „се поткопуваат", и се разбира- избледнуваат. „Ерозијата на националните држави" се повеќе станува поголема, додека меѓународните институции се зајакнуваат. Државите постепено им ја пренесуваат државната сувереност на своите интеграциски институции. Степенот на оваа „ерозија на националните држави", пред се зависи од нивото на глобализација на истите. **Од друга страна пак тоа не е точно** затоа што државите колку повеќе се интегрирани во глобалното општество и економија, толку полесно може да се приспособат кон истата. Тоа во никој случај не треба да значи дека со глобализацијата се поткопува сувереноста на државите, туку напротив, нивната улога треба да се редефинира и да се распредели одговорноста на сите нивоа, како на локално, така и на национално и на меѓународно ниво. Законите и правилата кои ги донесува државата треба да бидат прифатливи за граѓаните и истовремено да бидат во согласност со меѓународните стандарди. Глобализацијата е реалност од која не можеме да се оттргнеме, туку со неа живееме и го создаваме општественото живеење.

**Литература**


1. Бејлис Џон, Стив Смит, Патриша Овенс, "Глобализација на светската политика, (вовед во меѓународните односи)", Табернакул, Скопје, 2009 година.
2. Георгиев Гордан, "Потребата од коперникански преврат во македонската надворешна политика",трибина "Има ли Република Македонија своја надворешна политика", Форум-аналитика, Скопје, Април 2006 година.
3. Гоцевски Трајан, "Унификацијата на политичките, економските и безбедносните системи, предизвик за мирот и безбедноста во услови на глобализација",трибина, "Глобализацијата, мирот и безбедноста", Современа Македонска одбрана (вонреден број), Скопје 2008 година.
4. Нацев Зоран, Петрески Тони, "Стратегиски проекции на Република Македонија во надворешната и безбедносната политика"- Европа 92- Кочани 2013
5. Славески Стојан, „Глобализациските процеси и Македонија: Прашањето на идентитетот, суверенитетот и националните вредности" - трибина "Глобализацијата, мирот и безбедноста" - соверемена македонска одбрана (вонреден број) Скопје 2008 година.
6. Џозеф С. Нај, Помладиот,"Разбирање на меѓународните конфликти",Академски печат, Скопје 2008 година стр. 263.


7 Нацев З. Петрески Т. "Стратегиски проекции на Република Македонија во надворешната и безбедносната политика"- Европа 92- Кочани 2013, стр. 46

**Александар Јованоски**
Мегународен Балкански Универзитет Универзитет Климент Охридски
**Кире Шарламанов**
Мегународен Балкански Универзитет Универзитет Климент Охридски

004.774:342.849.2

# КОРИСТЕЊЕТО НА ВЕБ СТРАНИЦИТЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ИЗБОРНИТЕ КАМПАЊИ

# USAGE OF WEB PAGES IN FUNCTION OF POLITICAL CAMPAIGNS

**Апстракт:** Со зголеменото користење на интернетот во секојдневието, се поголема е неговата примена во различни сфери на општествениот живот, меѓу кои и политичкиот маркетинг. Веб страниците даваат широки мпжности како за промоција на одредена политичка партија или кандидат, така и за негартивна кампања насолена кон опонентите. Овој текст има за цел истражување на местото и улогата на интернетот страниците за време на изборнигте камањи.

**Клучни зборови:** интернет, веб страници, изборни камањи

**Abstract:** The increased use of Internet in every day life increases its application in different fields of social life, one of which is political marketing. Web pages provide extensive opportunities for promotion of certain political party or candidate, hence, for negative campaign directed against the opponents. This text aims to research the position and the role of Internet pages during electoral campaigns.

**Key words:** internet, web pages, election campaigns

## Вовед

Со напредувањето на користењето на интернетот и социјалните мрежи, се повеќе граѓани информациите за политиката ги добиваат со негово посредство. Ова уште повеќе важи, со тенденцијата интернетот се повеќе да ги интегрира и содржините на традиционалните медиуми како тв и радио шоу емисиите, како и весниците кои се достапни на интернет. Авторите се разликуваат околу бројот на граѓани кои информациите ги добиваат преку интернет. Така според Packer, (2004) во 2004г. во САД 13% од граѓаните информациите за политиката ги добивале преку интернет, додека според Williams and Trammel (2005: 560) тој број постепено растел од 3% во 1996г., на 11% во 2000г., па се до 21% во 2004. Независно од разликите кои се појавуваат помеѓу авторите по однос на бројот на граѓани кои го користеле интернетот како извор на информации за политиката, сите се согласуваат дека од 2004г. натаму, интернетот стана еден од доминантните медиуми преку кои политичките субјекти и граѓаните комуницираат за време на изборната кампања (Criado and Martinez-Fuentes 2007).

Организаторите на политичките кампањи, се повеќе го користат интернетот за остварување на целите на изборните кампањи. Самото користење на интернетот и поконкретно на интернет страниците на политичките партии според Pippa Norris (2003) им го зголемува видокругот т.е. им отвора пошироки перспективи на гласачите при изборот на партијата и кандидатот за кој ќе гласаат, но им дава и поголема можност на гласачите да учествуваат во политичкиот живот и ги зголемува алтернативните гледишта во политичкиот спектар. Според Kaid (2002), предноста на интернетот се огледа во зголемените можности за интерактивност меѓу политичките субјекти и граѓаните. Интернетот во кампањата може да се користи за различни намени: за мобилизација на граѓаните, но и за убедување на истите (Davis 1999). За разлика од традиционалните медиуми интернетот овозможува поквалитетна и побрза комуникацијата, двонасочност на комуникацијата и можност да се види реакцијата на публиката. Оттука партиските интернет страници се значаен дел од политичката комуникација и можат да водат кон зголемување на репрезентативноста на демократските институции. Имено, кампањата водена преку интернет

страницата е релативно евтина, а истовремено овозможува директна комуникација меѓу организаторот на кампањата/кандидатот и гласачите.

## Историски развој на користењето на веб страниците во изборните кампањи

Политичките кампањи организирани преку интернет страници имаат свој еволутивен развоен пат од 1992г. кога во кампањата на Bill Clinton, за првпат сите говори, биографски податоци, како и изборната програма која предвидува конкретни политики беа ставени на интернет до денес. Бидејќи во тоа време ограничен број на луѓе имаа пристап до тогаш новата технологија за комуникација, ефектот на тогашната кампања преку интернет не беше многу голем. Веќе за кампањата во 1996г. партиите и кандидатите креираа официјални страници на кампањите. Интернет кампањата за кандидатите беше толку значајна што кандидатот на Републиканската партија на тие избори Bob Dole, во своето завршно обраќање од првата дебата на претседателските кандидати, меѓу другото укажа на адресата на својата интернет страница, што резултираше со повеќе од 2 милиони посети на адресата во првите 24ч. (Farries 2005: 33).

## Функциите на веб страниците во изборната камања

Секој политички субјект кој организира кампања, како и речиси секој кандидат за избор за извршување на јавни работи, креираат сопствена страница на интернет. Веб страниците на кампањите, партиите, кандидатите во основа се комуникациска алатка преку кои се дистрибуираат податоци до широката публика. Креирањето на сопствена веб страница е релативно евтино во споредба со користењето на останатите техники на пренесување на пораката на изборната кампања. Исто така веб страниците даваат речици неограничен простор за промоција на кандидатот преку микс на принтани, видео, аудио материјали, кои претходно не го минуваат филтерот кој мораат да го поминат материјалите кои се презентираат на традиционалните електронски мас медиуми. Тоа ја прави многу полесна и посеопфатна комуникацијата меѓу кандидатот и гласачите, а веб страниците ги прави една од најчесто користените алатки на политичкиот маркетинг во изборните кампањи. Покрај веб страници на кампањите постојат и други форми на користење на интернетот во политичките кампањи како што се страници на политичките партии, на сродни и идеолошки блиски организации, информативни портали, блогови, мрежа на блогови тин.

Во поглед на содржината, веб страницата на кандидатот е место каде можат да со поместат многу корисни информации за кандидатот, текот на кампањата, рекламни спотови итн. На веб страницата на кампањата задолжително треба да стојат:

- Податоци за кандидатот: името, презимето на кандидатот, неговите биографски податоци, податоци за неговиот семеен живот, образование, работно искуство и клучните елементи на неговите политички позиции
- Податоци за политичката партија која го кандидира, нејзината структура, водство, политичка програма и изборна програма со јавните политики кои се предвидуваат во поодделни области
- Основни информации за кампањата: имињата и контактите на раководителите на кампањата, календар на позначајните настани на кампањата, како време и место на средбите со граѓаните, снимки од веќе одржани настани од кампањата инт.
- Информации и линкови за известувањето на медиумите за кампањата
- Контакт информации за организаторите на кампањата на централно и на локалните нивоа, кандидатите и лицата задолжени за контакт со граѓаните, оставање можност граѓаните да ги коментираат содржините на страницата, како и да даваат свои предлози, простор за донации на граѓаните (Dervan 2003)

Анализирајќи ги можностите што ги дава отворањето на интернет страниците на кандидатите на претседателските избори, Schneider and Foot (2002) констатираат дека може да се разграничат шест типа на содржини кои може да се поставуваат на нив: информации кои имаат за цел да ги убедат посетителите во исправноста на политиката на дадената партија,

политичка едукација, разговори за политиката, мобилизација на гласачите, промоција на кандидатот и партиципација во кампањите. Од сите овие можности, на своите веб страници кандидатите конзистентно користат само два типа на содржини: информации за убедување на гласачите и партиципација на изборите. Останатите типови на активности се потценети како содржини на интернет страниците на кандидатите.

Со сите предности кои ги има кампањата преку креирање на сопствена веб страница, таа е пасивен вид на кампања. Имено, гласачот треба да ја отвори страницата за да ги види содржините поставени на неа. Тоа во поголем дел го прават симпатизерите и поддржувачите на кандидатите. Оттука може да се каже дека таа не е многу ефикасна во изнаоѓање на целната група на изборната кампања, а тоа се неопределените гласачи (O'Day 1998:36). Сепак, користењето на веб страниците во изборните камањи си има и свои предности во однос на останатите форми на комуникација во изборната камања. Така истражувањата покажуваат дека вниманието на гледачите на ТВ може да се задржи за максимум 30 секунди, додека луѓето во САД трошат во просек по 8,5 минути барајќи и читајќи информации на интернет страниците на политичките кампањи. Дополнително на ова, за време на кампањата за парламентарните избори во Шведска одржани 1998г. 44% од граѓаните ја посетиле интернет страницата на социјал-демократската партија (Dervan 2003). На сличен начин посетителите на интернет страницата на кампањата на McCain во 2000г. во просек трошеле по осум минути, што е многу повеќе во однос на 30 секунди внимание кои гласачите им ги посветуваат на политичка реклама (Potter and Manatt 2002: 30). Тоа само говори дека со сите ограничувања во поглед на структурата на посетителите на сајтовите, организаторите на кампањите треба сериозно да се погрижат за содржините кои се наоѓаат на сајтовите на кампањата, на политичките партии кои ги организираат кампањите и на сајтовите на кандидатите.

**Литература:**


1. Cornfield, M. (2004). Politics moves online: Campaigning and the internet. New York: Century Foundation Press
2. Davis, R. (1999). The Web of politics: The Internet's impact on the American political system. New York: Oxford University Press
3. Farries Greg (2005) What Voters Want, What campaigns provide: Exemaning Internet Based Campaigns in Canada Federal Election; University of Leghtbgibe: Leghtbgibe, Canada
4. Kaid, L. L. (2002). Political advertising and information seeking: Comparing exposure via traditional and Internet channels. Journal of Advertising, 31, 27-35
5. Norris, Pippa (2003) Preaching to the Converted? Pluralism, Participation and Party Websites; Party Politics 21-45
6. Packer, G. (2004). The revolution will not be blogged. Retrieved August 1, 2004, from http://motherjones.com
7. Potter, Trevor, and Manatt Daniel (2000) "Internet Politics 2000: Overhyped, Then Underhyped, the Revolution Begins." Election Law Journal 1.1. 25-33
8. Schneider, Steven M., and Foot. A. Kristen (2002) "Online Structure for Political Action: Exporing Presidential Campaign Websites from the 2000 American Election." Javnost-The Public; 5-7
9. Williams Paul Andrew and Trammel D. Kaye (2005) Candidate Campaign E Mail Messages in the Presidental Election; American Behavioral Scientist

**Марија Тодорова**
Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

811.134.2’243:37(497:100)

# ИНТЕРЕСОТ ЗА ИЗУЧУВАЊЕ НА ШПАНСКИОТ ЈАЗИК ВО СВЕТОТ И ВО МАКЕДОНИЈА

# THE INTEREST FOR LEARNING SPANISH LANGUAGE IN THE WORLD AND IN MACEDONIA

**Апстракт:** Во овој труд се анализира состојбата на шпанскиот како странски јазик во светот и во Македонија и преку статистичка анализа на податоци се утврдува застапеноста на јазикот во светски рамки. Се истакнуваат причините за употребата на јазикот како во образовниот систем на една земја така и во секојдневниот живот на луѓето. Јасната претстава за фактичката состојба и иднината на шпанскиот јазик во Македонија овозможува да се истакне потребата од негово изучување и да се поттикне мотивацијата на младите да го изберат. Сето тоа индиректно би довело до развој на  многујазичност и многујазично образование во Македонија што би било предмет на истражување за научниците во иднина.
**Клучни зборови:** шпански јазик, странски јазик, настава, Македонија.

**Апстракт:** Во овој труд се анализира состојбата на шпанскиот како странски јазик во светот и во Македонија и преку статистичка анализа на податоци се утврдува застапеноста на јазикот во светски рамки. Се истакнуваат причините за употребата на јазикот како во образовниот систем на една земја така и во секојдневниот живот на луѓето. Јасната претстава за фактичката состојба и иднината на шпанскиот јазик во Македонија овозможува да се истакне потребата од негово изучување и да се поттикне мотивацијата на младите да го изберат. Сето тоа индиректно би довело до развој на  многујазичност и многујазично образование во Македонија што би било предмет на истражување за научниците во иднина.
**Клучни зборови:** шпански јазик, странски јазик, настава, Македонија.

Шпанскиот јазик е од романската група на јазици кој потекнува од Шпанија од каде што покасно бил пренесен и во другите земји на светот и сега е еден од најшироко распространетите јазици на сите континенти: најмногу во Северна и Јужна Америка, Европа и некои делови на Африка и Азија. Со над 330.000.000 луѓе кои го говорат, тој е четвртиот најзборуван јазик во светот, еден од шесте официјални јазици на Обединетите нации како и официјален јазик на Европската Унија (Barrutia; Schwegler, 1994:193).

### Состојбата на шпанскиот јазик во светот

Во Латинска Америка, во скоро 21 држава т.е. во земјите како Аргентина, Боливија, Чиле, Колумбија, Коста Рика, Куба, Доминиканска Република, Еквадор, Ел Салвадор, Гватемала, Хондурас, Мексико, Никарагва, Панама, Парагвај, Перу, Порторико, Уругвај и Венецуела шпанскиот јазик е официјален јазик, додека во другите земји го дели тој статус со англискиот јазик или со локалните јазици како гварански, кечуа, араукано и ајмара итн. (Barrutia; Schwegler, 1994:215).

Во Европа освен како официјален јазик се употребува уште и како неофицијален, регионален или малцински јазик. Во Шпанија, шпанскиот јазик или како што уште се нарекува “castellano” се зборува од околу 40 милиони луѓе, од кои околу 40% се двојазични т.е. зборуваат еден од малцинските јазици во Шпанија т.е. каталонски, кантабриски, баскиски, галициски (Barrutia; Schwegler, 1994:207).

Во Соединетите Американски Држави, шпанскиот јазик е прв т.е. мајчин јазик на скоро 22

милиони луѓе. 60% од нив се Мексиканци кои живеат најмногу на југозапад, 12% се Порториканци кои живеат на североисток, најмногу во Њујорк и околу 4% се Кубанци кои живеат во Флорида. Може да се каже дека како резултат на зголемената употреба на шпанскиот јазик, англискиот јазик постепено го губи водечкото место во определени делови на Соединетите Американски Држави (Barrutia; Schwegler, 1994:233).

Други земји каде што се зборува шпанскиот јазик се: Екваторска Гвинеја, Гвам, Северна Африка, Андора, Филипините итн.

Од горе наведеното, во однос на бројот на земји каде што шпанскиот јазик е официјален јазик и во однос на бројот на луѓе кои го употребуваат како прв т.е. мајчин јазик или како некоја негова јазична варијација, јасно можеме да кажеме дека шпанскиот јазик е светски јазик во рамномерна линија со англискиот, францускиот и др.

**Шпанскиот јазик како странски јазик**

Јазиците се неопходни за остварување на слободна комуникација. Комуникацијата е двонасочен или повеќенасочен процес преку кој луѓето меѓусебно си разменуваат информации, идеи, чувства. При комуникацијата лицата заемно си дејствуваат, си влијаат еден на друг и меѓусебно се разбираат. Така комуникацијата се разбира како процес на заемно дејствување, заемно разбирање или неразбирање. Од овде произлегува потребата од владеење на јазици или конкретен јазик. Други фактори кои ја изразуваат потребата од владеење на странски јазици се: меѓународните односи, дипломатијата, економскиот развој на земјите, трговските односи, научната размена, образовните системи т.е. размена на студенти и научници, мобилност на работната сила итн.

Меѓународно-правно опсервирано, Автономната Република Крим со референдумот и усвоената декларација го истакна правото на самоопределување предвидено со задолжителните *јус когенс* норми на меѓународното право. Во оваа насока, идејата/концептот на самоопределување во случајот на Крим на прв поглед изгледа мошне оправдано кога велиме дека треба да оставиме народот на Крим да одлучи. Меѓутоа, таквата идеја во исто време е полна со иронија, бидејќи се покажа дека народот на Крим не може да одлучи, се додека некој пред тоа не одлучи кој е народот што треба да одлучува за самоопределувањето. Со други зборови, тој „некој„ што претходно одлучи во случајот Крим, е Русија, како што претходно, во случајот Косово тој „некој„ што одлучи за самоопределувањето на Косово беше САД.

Оттука, како заклучок, прашање е колку на самоопределувањето може да се гледа како на „право" и затоа можеби посоодветно е ако се каже дека самоопределувањето останува на ниво на принцип, и оттука, повикувањето/остварувањето на правото на самоопределување зависи од политичките односи на силите на меѓународната сцена.

**Библиографија**

1. Бачев Јанко, Македонија и Грција – Битка за името, Македонска реч, Скопје, 2012.
2. Повелбата на ООН, Обединети нации – Темелни документи, Нова Македонија, Скопје, 1995,
3. Архива на ООН (www.un.org)

**M. E. Kukubajska**
Faculty of Philology, University Goce Delcev, Stip, marija.kukubajska@ugd.edu.mk

316.476:342.72/.73-057.875

# THE BOOK "WHY WE WHISPER", BY JIM DEMINT: ENDANGERED FREEDOM OF EXPRESSION

**Abstract:** This research examines the current status of freedom of expression in cultural, social and media domains, based on finding by researchers Jim DeMint and Prof. J. David Woodard. Their book provides valuable alternative views on human rights and freedom to say what is "wrong", what is sustainable, what is critically repressed or irreversibly changed by the radical liberal agenda in the US. Opposite of left-wing academia, leading minds like senator DeMint, now president of the conservative think tank, The Heritage Foundation, Washington D.C., discuss contradictions and conflicts in the (non)application of constitutional principles and traditional standards in exercising the fundamental human liberties to life, freedom and the pursuit of happiness. This book extracts statistical facts and objective data on radical liberal intolerance and violation of the freedom of expression, in a society that, until the progressive (secular) intellectual dictatorship claimed victory of the minority over the majority value systems, claimed world championship in human rights and equal opportunities for all cultures, religions, and scientific and cultural views.

**Key words:** decline in culture, radical liberalism in higher education; US universities secular resistance against traditional values; imposed social-discipline; intolerance in the name of tolerance; interdisciplinary context

"No one can bar the road to truth, and to advocate this cause I am prepared to accept even death", Alexander Solzenitsyn

Intellectual, academic or cultural freedom in the US society used to be a legitimate aspect of human rights, until not distorted, misinterpreted and applied for destructive and deconstructive changes promoted by the neo-liberal agenda. This agenda has been steadily proliferated throughout 20th c., promoted from a sub-culture into mainstream movements, , and propagated by radical liberal policies, and government and non-government organizations (ex.: The Soros "Open" Societies and their hundreds of affiliates). History proves that changes imposed (by special groups) and dictated as mandatory "choice", have been usually of perishable nature. The lasting, constructive and healthy common sense, or "common core" issues and values prevailed throughout the history of human thought, because of their innate faculty to past the reality test. Reality can remedy itself from inflicted anti-realism, unless reality (although temporarily only) is imprisoned by extreme dictatorship of pro-centralized forces, interest groups or militant activism, aimed against individual rights and their constructive role within the legal and moral standards of a civil society.

One of the study cases of deconstructive, unjustified distortion of truth and reality comes from Senator DeMint's debate on equal opportunities for all. His statement was severely misrepresented by the biased media when he gave an objective opinion on the pre-existing right to pray at school: *"If the (Supreme) Court concluded that a special teacher-student relationship was strong enough to result in religious indoctrination from a simple prayer, surely there would be concern about students emulating openly homosexual teachers. I would soon discover, however, that the same logic used to remove prayer from the classroom did not apply to politically protected behaviors."* (DeMint, Woodard, 2008).

This is an example of intolerant left-oriented media in America today, and its sinister exploitation and distortion of DeMint's defense of the constitutional right to free expression. It exemplifies the far left "progressive" media in the US revealing its intolerance when blaming the Republican mindset as intolerant towards same-sex lovers, while at the same time the left-wing propaganda preserves itself the right to persecute teachers and revoke their teaching certificate (removal of teachers provided by a Code: 59-25-160, 1990.

Based on similar legal, educational, cultural and media "sanctions" against free speech, other contradictory and destructive manifestations of the culture wars in America are recorded in the book: Ex.: child abuse and teacher's pervert behavior show exponential rise in delinquent cases (again, pro-

tected by "progressive" special interest groups). Legalized perversion (just as legalized drug use or abuse, or faith-based abuse or honor-killing), provides statistical evidence of exponential expansion: immoral, corrupt and criminal behavior of teaching staff at all levels of education, K-12 and higher. At the same time the leftist "elite" and their government-monopolized propaganda (ex. MSNBC vitriolic attacks on traditional issues, or CNN's criticism of DeMint, through J. Carville, Tim Russert, etc) display confusion among voters by declaring DeMint as un-American, while the American people and voters keep supporting him (although almost none of their support was featured by the media).

Academic and university campus persecution of freedom of expression is illustrated by another case. Under the title "Academic freedom for all but conservatives" (DeMint, Woodard, 2008, p. 12), the professor's statistic results are published in the campus newspaper, related to Denmark and Sweden's rise of divorce and *out-of wedlock* children following the rise of homosexual marriages. This publication "inspired" violent attacks against the professor's findings. Anti-Christian criticism was staged by major metropolitan area entertainment press and the "Blade" homosexual publication. The professor assumed that academic freedom of expression included the intellectual, constitutional and human right to freely debate his own views, or the faith-based concepts of truth on sexual deviations. This assumption cost the professor his university position, although 1. his professional experience and his personal qualities were already recognized and his advisory role was acknowledged, and employed by publicly elected figures in the United States: congressmen Bob Inglis and Gresham Barrett and senators Lindsey Graham and Jim DeMint, and although 2. university students, their parents, teaching and administrative staff members supported the professor behind public eyes, fearing persecution on and off campus, in the media and society.

A wide scope of cases and responses to the broken freedom of expression are found in the chapters: Power to Intimidate; Public Schools: Deconstructing American Values; Contrasting Worldviews: Intolerance or Compassion? Overcoming Our Self-Imposed Silence; Regaining Our Voices, and Winning the Culture War. Searching for the essential problems of the modern, post-modern, post-human, revisionists that are primarily affiliated with the atheist, anti-Christian interpretations of rights and liberties, this book's findings prove that new relativistic, neo-leftist interpretations of those rights and liberties keep winning today, despite of their biased academic and social hate. They keep penetrating voting arenas, social activism around the web and societal structures, while dictating a "new deal of occupation" of the mind.

Further in the text it is made evident that secular, now re-masked as progressive theories and practices on human rights and liberties, are being severely subversive in their one-sided, radical liberal war on traditional values, although progressive movement liberals represent a *minority over majority rule*. Statistics about Americans believing in God show a rapid decline, yet according to the American Religious Identification Survey (ARIS), 2008, 76 percent of the American adult population identified themselves as strong Christians, out of 92 percent of Americans who believe in God the creator and manager of the universe, the life, the mind and the science on earth. This is despite the fact that the 1960s social revolution on US campuses and streets, bedrooms (sexual revolution) and "flower-children fields" (pop-entertainment induced by mind-altering substances), marginalized, mocked and irreverently replaced traditional belief systems with atheist, Marxist, and new-age spiritualism.

The great majority of principled Americans have been silenced under the cynical quasi-intellectual presumption that it is *wrong* to discuss religious views ((Sweetman, 2003), yet, for the minority Left it is permissible to welcome pagan gods and monsters and black magic in the innovative curriculum classrooms, as much as in children's bedrooms through computer games that *entertain the innocent* with horror aliens. The silenced Americans sense and experience the attack of alienation from God imposed by the self-proclaimed elite at the academia, the government, the media, and Hollywood. The silenced Americans realize that free speech no longer applies to their belief system and that there is a powerful, concealed and now aggressive "agents of change" that prescribe who decides what is permissible and what is not, what is protected by the Constitution and what is unconstitutionally attacked.

A teachers union contract in Ferndale, Michigan, enacted with the leftist administration since 2011, states this open and specific discrimination against Christian educators: *"Any teacher may apply for a vacancy in a position considered to be a "Promotion" as defined in Section 2 above… Special consideration shall be given to women and/or minority defined as: Native American, Asian American, Latino, African American and those of the non-Christian faith."* (Eagle Rising, 2014).

"Why We Whisper" is a concise and common-sense response to the anti-American, corrupt secular revisionist ideas and practices in America. Its essays contribute to a series of critical cases of intellectual truth and honesty being imprisoned by the liberal academia-camps and by American Gulags of the "state". It further gives an account on how progressives use government and para-government secular groups to reach their uncompromising, ironic anti-freedom goals: American Civil Liberties Union; People for the American Way; National Organization of Women. They are presented as engaged in reanimating the neo-Marxist utopias in order to: oust traditional Christian views, strip Americans of their freedom of speech, build the new secular order (a clone of the communist internationalism), use the intimidation and confusion (that promotes destructive behavior and mental disorders), induce negative values among young generations (ex.: ethically contaminating the Boy Scouts mission that fostered character development through accountability to God - "physically strong, mentally awake and morally straight"). The book also explores the carte blanche curriculum issued to the "new secular university experiments" that led to devastating devaluation of quality education, regardless to the leading position of Harvard, the once non-liberal college (Kullberg, 1996). The book clearly demarks the motives of the Left to show aggressive attacks on individuals, on parents' rights, on family, on the church, and businesses, while giving freedom to the antithesis of moral values: pornography, gambling, and varieties of harmful, destructive behavior (DeMint, Woodard, p. 174-75).

Conclusion: The book offers new hope for turning "the whispering" into free speech capable of reversing the deterioration of America's culture. It compares the positive power of traditional values to natural antibodies: "*When allowed to operate freely in society, they provide immunity against destructive agents that infect the system*"... ((DeMint, Woodard,  p. 175). Although the authors admit that America is sick from the government-endorsed anti-American and anti-human values, they believe that America is not incurable: "*We the people" can still be the intravenous, IV drip of freedom of speech against the big government*". Those drops of remaining freedom can be the miracle protection of the desire to free the mind, the healthy vision of tomorrow, the work to prosperity and the revitalized happiness in the nation of nations that was once free to say "*one nation under God, indivisible, with liberty and justice for all*. Neither liberals nor conservatives can argue with the proverbial statements of George Will's "statecraft is soul-craft", or Mark Levin's "Utopianism substitutes glorious predictions and unachievable promises for knowledge, science, and reason, while laying claim to them all." The book, according to me, imposes a self-evident paradox: Why does America turn back to "progressive avant-gardism not recognizing the errors of history", when Russia keeps healing itself from utopias, by filtering through sustainable realities from the West?

**References**


1. Bennett, William, The Index of Leading cultural Indicators: American Society at the End of the Twentieth Century (New York, Broadway, 1999)
2. Kullberg, Kelly Monroe, Finding God at Harvard, InterVarsity Press, IL, 1996
3. Levin, Mark, Ameritopia: The Unmaking of America, Threshold editions, NY, 2012
4. D'Souza, Dinesh, The Enemy at Home (Doubleday, New York, 2007)
5. Sweetman, 67-68, with excerpts from: Christian Smith, ed., The Secular Revolution: Power, Interests and Conflicts in the Secularization of American Public Life (Berkeley: University of California, 2003)
6. http://eaglerising.com/5352/persecution-american-christians/#zW8PJmgRhWr6KBER.99 www.inguiry. Net/ideals/b-p/law.htm.

**Јагода Наум Митревска**
Професор на "Меѓународен Славјански Универзитет" ГРД Св.Николе –Битола

341.232(497.7:47+510):327.51.071.51
(497.7:4-672EU)

# МАКЕДОНИЈА НА РАСКРСНИЦАТА ПОМЕЃУ ЕВРОАТЛАНСКИТЕ ИНТЕГРАЦИИ И ОСТАНАТИОТ СВЕТ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ И СОРАБОТКА СО РУСИЈА И КИНА

**Апстракт:** Евроатланските интеграции се стратешки интерес на Р.Македонија од геополитички аспект кои се неопходни за стабилноста на државата од економско-трговски и политички карактер. Долгиот процес на чекање за интегрирање на Р.Македонија во евроатланските итеграција налага потребата од билатерална дипломатија и со останатите земји од другиот свет т.е соработка со Азиските земји кои пред се се значајни како наши долгогодишни партнери како што се Кина и Русија. Економската дипломатија на владата на Р.Македонија е од голем приоритет во соработката со овие земји кои се силно економски развиени и пред се се земји членки во советот за безбедност и од аспект на нивните инвестиции се се повеќе присутни во нашата земја. Р.Македонија мора да продолжи во исполнување на реформите за влез во евроатланските интеграцииа воедно и соработката со останатиот свет. Како резиме на овој научен труд при мојата анализа потикната од фактите што и самата Европска Унија својата мултилатерална дипломатија ја одржува на највисоко ниво поконкретно со економска соработка со Кина и Русија тогаш и Македонија треба се повеќе да го зачува долгогодишното партнерство со Кина и Русија. Пред се Кина и Русија беа првите големи земји кои ја признаа Р.Македонија под уставното име со целосно почитување кон нејзиниот суверенитет.

**Клучни зборови:** Политички глобален систен Евроскептицизам,, Големата Европа ''антинатовско расположениеконсензуална одлука Милениумска култура

**Abstact:** Euro-Atlantic integration is a strategic interest of RM of geopolitical aspects necessary for the stability of the state of economic trade and political character .

The long process of waiting for integration of Macedonia into Euro-Atlantic itegracija requires the need for bilateral diplomacy with other countries of the world and other cooperation with Asian countries , which are important as our long-time partners such as China and Russia.

The economic diplomacy of the government of Republic of Macedonia is a high priority in the cooperation with these countries developed strong economic and above all Member States in the Security Council and in terms of their investments are more present in our country . Macedonia must continue implementing reforms to join the Euro-Atlantic integrations and also cooperation with the outside world.

In summary of this scientific paper in my analysis of the facts that prompted the European Union and its multilateral diplomacy to maintain the highest level concrete economic cooperation with China and Russia and then Macedonia should be more to preserve long-term partnership with China and Russia. Before China and Russia were the first major countries to recognize Macedonia under its constitutional name with full respect for its sovereignty

**Keywords:** Global political sisten Euroscepticism ,, Great European '' Antinatovsko mood Consensual decision Millennium cultur

### Македонија пред портите на ЕУ и Западната политика

Евроатланските интеграции се насушна и реална потреба на Република Македонија. Како земја со својата геостратешка и геополитичка состојба нужна е потребата за влез во овие две институции од мега ниво во политиката т.е политичкиот глобален систем.

Република Македонија е долг период пред портите на ЕУ и Западната политика што доведува до една парадоксална состојба на Западната политичка креација кон селективен пристап кон правата на еден народ т.е меѓународното право. Македонија поведена кон рамките на меѓународното право водеше спор по однос на кршењето на времената спогодба

со Република Грција во Меѓународниот суд во Хаг каде што спорот беше позитивно добиен за Република Македонија. Долгите процеси т.е преговори кои се попречени од една земја членка на ЕУ и НАТО, (соседна Грција) со ставањето на вето за прием на Македонија, ја доведува земјата до нестабилност како внатрешно така и надвор во регионот, земајќи го во предвид историскиот немирен Балкан кој е лесно потреслив во однос на политичките влијанија.

Ваквата неправедна политика од страна на ЕУ и НАТО кон Македонија, кај граѓаните во државата се јавува процес на евроскептицизам и антинатовско расположение, од фактот што по петти пат Македонија добива позитивен извештај во исполнување на Копенхашките критериуми за успешно спроведените реформи, а сепак не насочуваат кон решавање на проблемот со името Македонија односно додавка "Ерга Омнес".

Кое е вистинското прагматично решение на "Големата Европа", "Демократскиот Запад" која и самата институтивно, демократијата во Европарламентот ја спроведува по принципот;

- Ако една земја членка стави вето по ред одредени причини за прием на една земја, тогаш се прашуваме дали е тоа вистинска демократија?, а знаеме дека постулатите на демократијата (народното владеење), треба да се почитува плурализмот во носење на законите со одлука на мнозинството, каков парадокс во Западната демократија која воедно се обидува да ги имплементира демократските процеси во други земји.

Многу прашања се анализирани од повеќе аспекти за влез на РМ во евроатлансите интеграции. Па од тука произлегува и мислењето, доколку Македонија излегуваше стратешки на море или беше поблиску до границите кон Русија, ќе беше веднаш примена во овие институции без многу реформи како што имаше брз прием на одредени земји од некогашниот Источен блок, кои далеку заостануваа од Македонија во спроведување на реформите. Сите овие непринципиелни односи на Западот се причина за евроскептицизам и антинатовско расположение кај македонскиот народ.

Европа се повеќе се наоѓа во состојба за опстој на еврото и економската стабилност, кои се клучни елементи за европските лидери да ја зачуваат стабилноста на еврозоната.

На Р.Македонија и е неопходно членството во ЕУ и НАТО иако е соочена со реално наметнат политички проблем од Р.Грција, сепак мора да чекори во продолжување на реформите кои се услов за прием во ЕУ а пред се за да ја одржи стабилноста на мултиетничкото граѓанско опшество и суверенитетот на Р.Македонија. Непосредна и приоротетна цел на Р.Македонија како држава кандидат за интеграција во ЕУ преговорите ги започна уште од самото осамостојување во 1991 год. по кое имаше консензуална одлука донесена со декларација како стратешка цел. Зачленувањето на Македонија во ЕУ и НАТО како стратешки и приоритетни цели на Р.Македонија се:

- членство во НАТО,
- отпочнување на преговорите за членство и зачленување во ЕУ,
- унапредување на постојаните стратешки партнерства, како и засновање на нови,
- надминување на наметнатиот спор кој Грција го има со уставното име на Р.Македонија,
- понатамошна визна либерализација – македонски пасоши без визи,
- засилување на јавната и економската дипломатија.

Неколкуте позитивни извештаии од ЕУ за напредок на Р.Македонија за западната политика се само декларативна а не реална состојба кој и понатаму не дозволуваат датум за почеток на преговорите во ЕУ.

Во вакви политички околности, на Република Македонија и потребна економската дипломатија која успешно ја води раководството на државата со останатиот свет на земји кои се во економски подем како новиот економски блок на Истокот, Евроазискиот сојуз, како што се Кина, Русија, Кагзастан и др.

## Билатералните односи на Р.Македонија со Кина и Русија

Кога би зборувале за дипломатските односи на Македонија и Кина, тие датираат уште од далечната 1978 год. од посетата на тогашниот кинески премиер Хуа Гуофенд на главниот град

Скопје на тогашната Социјалистичка Република Македонија. При оваа посета Гуофенд не само што ќе го потврди постоењето на македонскиот Народ туку и вековната историја изразувајќи дека милениумската култура на македонскиот народ е факт.

На 13.10.1993 год. Кина воспостави целосни дипломатски односи со Р.М и признавање на земјата под уставно име на нашата татковина.

Динамизирањето и интензивирањето на економската соработка денес се приоритет на владата на Р.М со што е постигнат најголем обрт на трговска размена во 2012 год. и е седми најголем трговски партнер на Р.М.

Македонија целосно ја поддржува Кинеско-Варшавската иницијатива 2012 за промовирање и зајакнатата соработка на Кина со 16 земји од Централна и Југоисточна Европа. Кинеските компании ја сметаат Македонија како мост кон Европа. Кина има спроведено, три милиони евра грантови за македонски проекти. Кога сите овие сегменти ќе ги земеме во предвид и фактички добро остварените соработки, историски низ сите овие години на сите влади во двете држави ќе констатираме дека билатералните односи се на највисоко постигнато ниво. Кина за Македонија претставува стратешки партнер во повеќе области како економијата, трговијата, туризмот, инфраструктурата, инвестициските проекти кои се веќе присутни во Македонија. За Р.Македонија е од огромен интерес економската дипломатија со Кина, а исто така кога ќе погледнеме на фактот што Кина е водечка земја во светската економија односно процесот на глобализација и земја членка во Советот за безбедност, Македонија треба уште повеќе да ги продлабочува односите со големата Кина која е значајна за нас како мала земја на Балканот и стремеж за влез во ЕУ. Кога гледаме дека Европа е во соработка во повеќе сфери со Кина, Македонија треба што повеќе да ја води економската дипломатија како приоритет кон Азиската економија.

Кина беше десетта земја која не призна под уставното име Република Македонија. Денес сме сведоци на се поголемата соработка помеѓу двете влади во повеќе сфери кои се значајни за двете земји.

За Р.Македонија е исто толку важна билатералната соработка со братска Русија, со која не врзува заедничката култура, писменоста,верското заедништво(православието) и долгогодишното историско заедништво.

Руско-македонските односи можеме да ѓи карактеризираме со високо ниво на соработка. Русија беше првата голема сила во светот која ја призна независноста под Уставното име Македонија на 04.08.1992 год. На 31.01.1994 год. се воспоставени дипломатските односи. Русија земја членка во ООН и во Советот за безбедност е значаен фактор за надворешната политика на Македонија а посебно кога државата се соочува со својот идентитет и суверенитет од наметнатиот спор во ООН од страна на соседна Грција.

Во текот на последната деценија македонско-руските односи се интензивираа во поглед на културните, економско-трговските, енергетските и инвестициските проекти кои се присутни во Македонија.

Во сферата на културата во весникот "Нова Македонија", преку весникот "Руска реч" на македонски јазик, Русија се обидува да учествува во промовирање на односите меѓу двете земји со издавање на овој месечен прилог од весникот "Рускаја газета", се со цел на читателите да ги пренесе погледите на најдобрите политички аналитичари поврзани од сите аспекти на меѓународната политика кои непосредно се однесуваат на Македонија.

Македонско-руските односи се во духот на новото време на ерата на глобализацијата, при што во периодот од 1994-2009 год. се склучени околу четириесет спогодби меѓу двете влади. Во овие последни години надворешната политика на владата на Р.Македонија е интензивна во официјални посети на владата на Руската Федерација, кои вродија со плод во однос на се поголем број на руски инвестиции кои се присутни во Македонија. Договорот кој го потпишаа двете влади за гасификација на Македонија т.е "Јужен тек" е стратешко-енергетски проект за стабилност на долг рок. Проектот ќе влијае и на дополнително зајакување на политичко-економските односи на Р.М со Р.Ф и позитивен тренд на билатерална соработка.

Со интегрирањето на Македонија во ЕУ, Руската Федерација добива уште еден голем пријател и сојузник во европското семејство и во македонско-руската соработка како примерот

со Бугарија, Словенија, Грција. Русија е наш четврти најголем трговски партнер, политика на прагматичност.

**Резиме**

Евроатланските интеграции се стратешки интерес на Р.Македонија од геополитички аспект кои се неопходни за стабилноста на државата од економско-трговски и политички карактер.

Долгиот процес на чекање за интегрирање на Р.Македонија во евроатланските итеграција налага потребата од билатерална дипломатија и со останатите земји од другиот свет т.е соработка со Азиските земји кои пред се се значајни како наши долгогодишни партнери како што се Кина и Русија.

Економската дипломатија на владата на Р.Македонија е од голем приоритет во соработката со овие земји кои се силно економски развиени и пред се се земји членки во советот за безбедност и од аспект на нивните инвестиции се се повеќе присутни во нашата земја. Р.Македонија мора да продолжи во исполнување на реформите за влез во евроатланските интеграцииа воедно и соработката со останатиот свет.

Како резиме на овој научен труд при мојата анализа потикната од фактите што и самата Европска Унија својата мултилатерална дипломатија ја одржува на највисоко ниво поконкретно со економска соработка со Кина и Русија тогаш и Македонија треба се повеќе да го зачува долгогодишното партнерство со Кина и Русија. Пред се Кина и Русија беа првите големи земји кои ја признаа Р.Македонија под уставното име со целосно почитување кон нејзиниот суверенитет.

**Извори**

1. Анализа во неделниот весник Република-Јагода Митревска “Односите помеѓу истокот и западот” 28.02.2014/ број28
2. http://mk.rbth.com/politics/2014/01/27/20_godini_diplomatski_odnosi_30313.html
3. http://mn.mk/aktuelno/6216-Za-makedonsko-kineskite-odnosi
4. http://www.sitel.com.mk/mk/debata-makedonija-i-kina-da-ja-intenziviraat-ekonomskata-sorabotka
5. http://www.finance.gov.mk/node/1179

**м-р Ана Никодиновска Крстевска,**
Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, ana.nikodinovska@ugd.edu.mk

327(4-672EU)

# 'МИРОТ' КАКО ВРЕДНОСТ НА НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

# 'PEACE' AS A VALUE OF THE FOREIGN POLICY OF THE EUROPEAN UNION

**Апстракт:** Напуштањето на геополитичките реалитети карактеристични за периодот на студената војна, како и формирањето на заедничката надворешна и безбедносна политика во рамките на структурната поставеност на Европската унија, ѝ овозможија на Унијата да ја заснова својата надворешна политика врз една поширока агенда предводена од норми и вредности, меѓу кои како најзначајна се издвојува вредноста на мирот. Според тоа, трудот говори за мирот како една од основните и обединувачки вредности на Европската унија, кој Унијата го претставува низ три историски димензии: оригинален мир, нов мир и глобален мир. Освен тоа, мирот е прикажан како движечка сила во надворешните политики на Унијата: проширување, развој, заштита на животната средина и превенција на конфликти.

**Клучни зборови:** мир, вредност, надворешна политика на Европската унија, политика за прошување, политика за развој, политика за заштита на животната средина, политика за превенција на конфликти

**Abstract:** The abandonment of the geopolitical realities typical for the period of the Cold war, as well as the creation of the Common Foreign and Security Policy within the structural posture of the European Union, enabled the Union to establish its own foreign policy based on an extended agenda featuring norms and values, among which stands out the value of peace. This article speaks about peace as one of the fundamental and unifying values of the European union, which is presented by the Union through three historic dimensions: original peace, new peace and global peace. Morever, peace is represented as a steering force in the foreign policies of the Union: enlargement, development, environmental policy and conflict prevention

**Key words:** peace, value, Foreign policy of the European Union, enlargement policy, development policy, environmental policy and conflict prevention policy

Формирањето на заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската унија во 90 –тите години, паралелно со настаните кои следеа по завршувањето на студената војна и колапсот на комунизмот (пролиферацијата на нови држави во Централна и Источна Европа, германската реунификација, Голфската војна од 1990/1 година, распадот на Југославија и сл.), ѝ овозможија на Европската унија да го прошири својот фокус на дејствување во надворешната политика. Надворешната политика на Унијата, наместо кон традиционалните политички и безбедносни прашања карактеристични за реалистичките меѓународни односи, се насочи кон една поширока лепеза на европски норми и вредности, кои му придадоа нова димензија на водењето на севкупната меѓународна политика.

Врз основа на тоа, Унијата ја заснова својата нормативна агенда врз темелните вредности содржани во член 2 од Консолидираната верзија на Договорот за Европската унија (КВДЕУ), односно *„почитување на човековото достоинство, слободата, демократијата, еднаквоста, владеењето на правото и почитување на човековите права, вклучително и правата на лицата што припаѓаат на малцинствата"*, со помош на кои, ги остварува своите цели во надворешните односи со светот, при тоа придонесувајќи за *„мирот, безбедноста, за одржливиот развој на Земјата, солидарноста и заедничката почит меѓу народите, слободната и праведна трговија, искоренување на сиромаштијата и заштитата на човековите права, особено правата на детето, како и за строгото почитување и развој на меѓународното право,*

*вклучително и почитувањето на начелата од Повелбата на Обединетите нации*“ (член 3 точка 5 од КВДЕУ).

Во овој контекст, ќе говориме за **мирот,** како една од основните и обединувачки вредности на Европската унија, кои го генерираа нејзиниот институционален етос и го обезбедија мирот на европскиот континет во последните 60 години. Имено, ’мирот’ се сретнува уште во првите документи на Европската зедница како што е Шумановата декларација од 1950[1], и преамбулите на Договорот за Јаглен и Челик од 1951 и Договорот со којшто се основаат Европските заедници (ДЕЗ) од 1957, но и во поновите документи претставени од Европската безбедносна стратегија од 2003 година[2], преамбулата од Консолидираната верзија на Договорот за Европска унија (2009), и секако Договорот за Европската унија (член 3 точка 5; член 8 точка1, член 21 точка 2 потточка в); член 42 точка 1; член 43 точка 1, и член 49), кои, собрани заедно, ја преставуваа основата за дејствување на Унијата како меѓународен актер во светската политика.

Тргнувајќи од тоа, мирот како европска вредност е претставен низ три историски димензии, и тоа: 1. **Оригинален мир**, 2. **Глобален мир**, и 3. **Нов мир** (Williams, 2010:22-70). Оригиналниот мир или уште демократски мир - олицетворен во кантовската *„pace perpetua*“, го означува институционалното ratio, кое генерира економска и политичка интеграција во една демократска рамка, и се заснова на верувањето дека демократските земји нема да водат меѓусебно војна. Неговата интерпретација е пред сè инструментална, затоа што подразбира отсуство на војна односно овозможува состојба на мир. Според тоа, мирот е претставен повеќе како фактичка состојба отколку како вредност, односно, тој е предуслов за развојот на другите вредности. Вториот концепт на **глобален мир** е претставен како дефинирачки принцип и како темелна вредност на надворешните односи на Европската унија, врз основа на кој Унијата, преку политиките за развој, трговија, животна средина и другите надворешни политики, презема „колективна одговорност“ за промоција на истиот, при што се претставува себеси како ’пример’ во меѓународните односи. И третиот концепт на нов мир, ја рефлектира безбедносната димензија на мирот, со што ги надминува претходните два концепти и влегува во конфликт со другите основни вредности (слободата, човековите права, демократијата и владеењето на правото) на Унијата (Keukeleire & MacNaughatan, 2008:234). Според тоа, безбедносните грижи ’иднината на ЕУ’ да не се претвори во нејзиното минато, го надминуваат концептот на оргиналниот мир (Williams, 2010:56), додека, промоцијата на таканаречениот глобален мир во светот - заснована на воени и полициски активности, ја надминува логиката на безбедносната дилема на државите односно на супра-државата ЕУ (Williams, 2010:58).

Тргнувајќи од овие димензии, Европската унија развива холистички пристап за проекција на мирот во своите меѓународни односи со трети земји, при што акцентот на европските политики го става на политиките за проширување, помош за развој, трговија, меѓурегионална соработка и политички дијалог (Manners, 2008:4). Според тоа, преку **политиките за проширување** кои претставуваат едни од најуспешните политики за превенција на конфликти, Унијата дејствува преку разните финансиски инструменти[3] и политички условености содржани во критериумите за членство[4], преку кои се обидува да издејствува позитивен мир кај земјите аспиранти (Diez, Albert and Stetter, 2008) и да ги придобие своите соседи преку инкорпорирање на нејзините вредности. Понатаму, преку **политиките за развој** (Birchfield, 2011), односно преку различните инструменти како што се трговските договори, трговските преференцијални режими, Унијата освен што овозможува поволни унилатерални услови за извоз и пласман на одредени производи на земјите партнери (особено неразвиените земји) на европскиот пазар, таа се бори и за нивна интеграција во светскиот трговски систем id est за намалување и искоренување на сиромаштијата, со што, воедно, придонесува кон достигнување на *Милениумските цели* од

1 ...“La paix mondiale ne saurait être sauvegardé sans des efforts créateurs à la mesure des dangers qui la menacent.”... – Déclaration Shuman du 9 mai 1950.

2 “... We want international organizations, regimes and treaties to be effective in confronting threats to international peace and security, and must therefore be ready to act when their rules are broken…” , European Security Strategy: A secure Europe in a Better World, Brussels 12 December 2003.

3 Како на пример: Инструментот за претпристапна помош т.н. ИПА, кој ги заменува претходните претпристапни инструменти како ИСПА, ФАРЕ, САПАРД и КАРДС.

4 Тука влегуваат: стабилни институции кои ќе ја гарантираат демократијата, владеењето на правото, човековите права и заштитата на малцинствата, пазарна економија и способноста за преземање на обврски (Conclusions of the Presidency, European Council in Copenhagen, 21 – 22.06.1993).

ООН. Исто така, **на полето на заштитата на животната средина** (Baker, 2006), преку промоција на разните меѓународни инструменти од областа на екологијата и за заштита на животната средина, како што е Протоколот на Кјото, Унијата ги здружува и другите земји во борбата против климатските промени, додека на европски план преку Европскиот систем за тргување со квотите за емисии на CO2 (EU Emission Trading Scheme), се залага за намалување на нивото на испуштање на индустриски стакленички гасови во атмосферата.

И конечно, преку **интегрираниот пристап за превенција на конфликти** (Smith, 2008:145-70), со помош на кој врши долгорочно планирање со цел да создаде поволни услови за мир, особено во однос на државите кои по претпоставка придонесуваат за остварување на меѓудржавниот мир, таа користи широк спектар на инструменти меѓу кои финансиска поддршка, условеност, санкции, ограничување на извоз на оружје, политички дијалог и медијација, поддршка за регионална соработка, разни воени иниструменти и инструменти од цивилен кризен менаџмент, кои ги користи наизменично во зависност од сложеноста на конфликтите и од степенот на ризик.

## НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

Во говорот на Претседателот на Европската комисија, Емануел Баросо при заедничкиот настап со Претседателот на Европскиот совет, Херман вон Ромпуј, „From war to peace: a Euroepan tale" по повод доделувањето на Нобеловата награда за мир за 2012 година на Европската унија, вели: ...[T]he «pacification of Europe» was at the heart of Alfred Nobel›s concerns. In an early version of his will, he even equated it to international peace. This echoes the very first words of the Schuman Declaration, the founding document of the European Union. "La paix mondiale". "World Peace," it says, "cannot be safeguarded without the making of creative efforts proportionate to the dangers which threaten it. "My message today is: you can count on our efforts to fight for lasting peace, freedom and justice in Europe and in the worl[d]... (Oslo, 10.12.2012).

## БИБЛИОГРАФИЈА


1. BAKER, Susan: "Environmental values and climate change policy. Contrasting the European Union and the United States" in LUCARELLI, Sonia & MANNERS, Ian (eds) Values and Principles of the European Union Foreign Policy. Routeledge, London, 2006, pp. 77 – 96.
2. BIRCHFIELD, Vicki L.: "The EU's Development Policy: Empirical Evidence of 'Normative Power Europe'? in WHITMAN, Richard G. (ed) Normative Power Europe. Empirical and Theoretical Perspectives, Palgrave Macmillan, Basingstoke, 2011, pp. 141 – 60.
3. DIEZ, Thomas., ALBERT, Mathias and STETTER, Stephan (eds): The European Union and Border Conflicts. The Power of Integration and Association, Cambridge University Press, Cambridge, 2008.
4. KEUKELEIRE, Stephan and MacNAUGHTAN, Jennifer: The Foreign Policy of the European Union, Palgrave Macmillan, Basingstoke, 2008.
5. MANNERS, Ian: "The normative ethics of the European Union", International Affairs 84:I, 2008, pp. 45 – 60.
6. NUGENT, Neil: The Government and Politics of the European Union, Palgrave Macmillan, Basingstoke, 2010.
7. SMITH, Karen E.: "The European Union in the world: Future research agendas" in EGAN, M. et alii (eds) Research Agendas in EU Studies. Stalking the Elephant, Palgrave Macmillian, New York, 2010, pp. 329 – 359.
8. WILLIAMS, Andrew: The ethos of Europe. Values, Law and Justice in the EU, Cambridge University Press, Cambridge, 2010.


## ДОКУМЕНТИ


1. Conclusions of the Presidency, European Council in Copenhagen, 21 – 22.06.1993 <http://www.europarl.europa.eu/enlargement_new/europeancouncil/pdf/cop_en.pdf>
2. Déclaration Shuman du 9 mai 1950

3. <http://europa.eu/about-eu/basic-information/symbols/europe-day/schuman-declaration/index_fr.html>
4. European Security Strategy: A secure Europe in a Better World, Brussels 12 December 2003 <http://www.consilium.europa.eu/uedocs/cmsUpload/78367.pdf>
5. Консолидираната верзија на Договорот за Европската унија (2009 г.)
6. <http://www.sep.gov.mk/data/file/Publikacii/Dogovor%20od%20Lisabon(1).pdf>

**м-р Ана Никодиновска Крстевска,**
Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, ana.nikodinovska@ugd.edu.mk

327:316.754(4-672EU)

# НОРМАТИВНИТЕ ИНСТРУМЕНТИ НА КОНЦЕПТОТ НА НОРМАТИВНА МОЌ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО ОДНОС НА УКРАИНСКАТА КРИЗА

# THE NORMATIVE INSTRUMENTS OF THE CONCEPT OF NORMATIVE POWER EUROPE IN RELATION TO THE UKRAINAN CRISIS

**Апстракт:** Концептот на нормативна моќ на Европската унија, според кој Европската унија е претставена како нормативна сила способна да ги обликува и да ги менува концепциите на „она што се смета за нормално" во меѓународните односи, е сочинет од четири елементи, со кои Унијата ги шири своите норми и вредности, и тоа: нормативен идентитет, нормативни цели, нормативни инструменти и нормативно влијание. Во светлина на скорешните настани кои го засегнаа источно-европското соседство, во овој труд се разгледува примената на нормативните инструменти на Европската унија во однос на украинската криза.

**Клучни зборови:** нормативни инструменти, нормативна моќ на Европската унија, вредности, украинска криза

**Abstract:** The concept of Normative power Europe, in base of which the European Union is represented as a normative power capable of shaping and changing concepts of "what is thought to be normal" in the international relations, is constituted of four elements by which the Union spreads its norms and values, that is: normative identity, normative goals, normative instruments and normative impact. In light of the recent events which concern the eastern-European neighborhood, this paper examines the application of the normative instruments of the European Union in relation to the Ukrainian crisis.

**Key words:** normative instruments, normative power Europe, values, Ukrainian crisis

Концептот на „нормативна моќ на Европската унија", дефиниран од Манерс во 2002 год. (Manners, 2002), во последната деценија и повеќе, доминира во академската мисла на теориите за меѓународни односи и теориите за европска интеграција, и е дел од секојдневната реторика на Унијата. Според него, Европската унија е преставена како нормативна сила или идеолошка моќ, која е способна да ги обликува и да ги менува концепциите на „она што се смета за нормално" во меѓународните односи. Тој се заснова на уникатната „нормативна база"[1] на Унијата, длабоко вкоренета во својата историја, и врз својот *sui generis* карактер на пост-вестфалиски ентитет (Manners & Whitman, 1998:232; Manners, 2002:240-1; Whitman, 2011:5-7), настанат како резултат од хибридниот сплет на специфична институционална структура и процес на донесување на одлуки, норми и процедури. Како таков, тој е сочинет од четири елементи со помош на кои Европската унија ја шири својата нормативна моќ во меѓународните односи, и тоа: нормативен идентитет, нормативни цели, нормативни инструменти (Manners, 2002, 2004), и нормативно влијание (Tocci 2008a, b; Sjursen, 2006a, b). Секој од овие елементи придонесува на свој начин за ширење на европските норми и вредности во односите со трети земји, при што како најдинамични се издвојуваат нормативните инструменти на Европската унија, кои ја сочинуваат токму активната димензија на нејзината нормативна моќ.

Тргнувајќи од тоа, а како ехо на скорешните настани од источно-европското соседство, кои го видоа како протагонист киевскиот Мајден во борбата против украинската влада за остварување на поголема европска политичка и економска интеграција, тука ќе говориме за нормативните инструменти на Европската унија, врз основа на кои Унијата ја проектира својата

1 Нормативната база ја сочинуваат пет клучни норми односно вредности и тоа: мир, слобода, демократија, владеење на правото, почитување на човековите права и основни слободи, како и четири помали норми, и тоа: социјална солидарност, забрана за дискриминација и заштита на малцинствата, одржлив развој и добро владеење (Manners, 2002: 242-44).

нормативна моќ во однос на украинската криза. Инструментите ќе ги опишеме користејќи ја класификацијата што ја прави Манерс (Manners, 2002) на механизми на: „зараза", „информациско ширење", „процедурално ширење", „пренесување", „отворено пренесување" и „културен филтер".

Според тоа, механизмот на **„зараза"**, врз основа на кој Унијата безинтенционално ги шири своите норми кон другите актери, имено, со самиот факт што демонстрантите од киевскиот Мајден и илјадниците поддржувачи кои им се приклучија во другите градови ширум Украина, протестираа против непотпишувањето на Договорот за асоцијација и договорот за воспоставување на меѓусебна слободна трговија во рамките на DCFTA (Deep and Comprehensive Free Trade Area), ја докажува моќта на Европската унија да привлече кон себе други земји, преку промоција на своите вредности и принципи во меѓународните односи, како и да го репордуцира својот модел на регионална интеграција, преку промоција на својата слика за „виртуозен пример".

**„Информациското ширење"**, кое Унијата го остварува преку разни стратешки и декларативни комуникации и иницијативи, со помош на кои ги дисеминира своите норми, се состои во изјавите и демаршите на Европскиот совет и на високите претставници на Унијата меѓу кои се изјавите на Кетрин Ештон (Високиот претставник на Европската унија за заедничка надворешна и безбедносна политика), Херман Ван Ромпуј (Претседателот на Европскиот совет на Европската унија) и Жозе Мануел Баросо (Претседател на Европската комисија). Според нив, украинската влада беше критикувана за непочитување и повреда на човековите права, вклучувајќи го правото на медицинска помош, при што истата беше повикана да овозможи остварување на демократските аспирации на украинскиот народ. Освен тоа, во пресрет на Руската анексија на Крим, гласот на Унијата ја осуди оваа постапка, наведувајќи дека со тоа се повредува суверенитетот и територијалниот интегритет на Украина, и дека е спротивна на принципите на меѓународното право.

Што се однесува до **„процедуралното ширење"**, кое Европската унија го спроведува преку институционализација на меѓусебните односи со трети земји, таа всушност се јави во улога на олеснувач меѓу украинската влада и проевропските демонстранти, при што издејствува нивно примирје, кое понатаму беше основа за завршување на насилствата и за создавање на нова привремена влада. По тоа, следеше потпишување на политичките поглавја од Договорот за асоцијација, со кои во вистинска смисла на зборот, Унијата ја институционализираше меѓусебната соработка.

Во рамките на механизмот на **„пренесување"** на нормите, врз основа на кој Европската унија го врзува ширењето на нормите со размената на одредени добра или пак со нудење на техничка и финансиска поддршка, таа дејствуваше користејќи негативни и позитивни инструменти. Според првите, Унијата всушност изрече таргетирани санкции кои вклучуваат замрзнување на добра и забрана за издавање на визи, кон оние кои се одговорни за повреда на човековите права, насилства и прекумерна употреба на сила, како и кон оние поврзани со руската анексија на Крим, и, врз основа на Кодот за однесување за извоз на оружје од 1998 год., го суспендираше извозот на оружје наменет за внатрешна репресија. Додека, во однос на вторите, таа ѝ одобри на Украина финансиска помош во износ од 11 милијарди евра, за поддршка на реформскиот процес и за санација на својата економија, кои треба да се редистрибуираат во текот на следните години[2].

**„Отвореното пренесување"** на норми ја претставува суштинската и симболичката нормативна моќ на Унијата, и се состои од пренесување на нормите преку физичкото присуство на Европската унија во трети земји и организации. Имено, Унијата го оствари и го остварува ова ширење на норми, преку посета на Високиот претставник на ЕУ за ЗНБП– Кетрин Ештон или преку посета на Еврокомесарот за проширување – Штефан Филе, кои ги испорачуваа европските пораки за поддршка на украинските демонстранти и пружаа постојана поткрепа за изнаоѓање на излез од кризата. Освен тоа, Европската унија делуваше и непосредно преку одредени европарламентарци, кои директно се вклучија во протестите на киевскиот мајдан за поддршка на евоинтегративните интереси на населението.

2 European Commission's support to Ukraine, Memo, Brussels, 5th March 2014.

И на крај, механизмот на **„културен филтер“** врз основа на кој Унијата создава интеракција меѓу себе и постоечките сфаќања кај другите актери, со цел да издејствува создавање на поинаков социјален и политички идентитет кај субјектите кои се предмет на нормативната дифузија, Унијата застана зад промоцијата на демократијата и демократските принципи, заштитата на човековите права и промоцијата на слободната економија и економскиот просперитет, кои ги потврди и ги потврдува во нејзините политики и/или акции несочени кон Украина и кон украинскиот народ.

## НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

Претседателот на Европската комисија Жозе Мануел Баросо, во својата изјава за Украина од 19 февруари 2014 г., ќе каже дека: „... The EU has been offering its sincere assistance to facilitate political dialogue between the sides and de-escalate the situation. We continue to believe that constitutional reform, formation of a new inclusive government and creating conditions for democratic elections constitute the only way-out of this deep and long-lasting political crisis. We have made it clear we stand ready to support Ukraine on this road of reforms, towards democracy, stability and prosperity. We have made it clear that our offer of political association and economic integration remains on the table, and does not constitute the final goal in our cooperation...“

## БИБЛИОГРАФИЈА


1. MANNERS, Ian and WHITMAN, Richard G.: “Towards identifying the international identity of the European union: A framework for analysis of the EU’s network of relationship”, Journal of European Integration, 21, 1998, pp. 231 – 249.
2. MANNERS, Ian: “Normative Power Europe Reconsidered”, CIDEL Workshop. From civilian to military power: The European Union at a crossroads?, Oslo 22 – 23 October 2004.
3. MANNERS, Ian: “Normative Power Europe. A contradiction in terms?”, Journal of Common Market Studies, volume 40:2, 2002, pp. 235 - 258.
4. SJURSEN, Helene: “What kind of power?“, Journal of European Public Policy, volume 13:2, March 2006, pp. 169 – 181. (a)
5. SJURSEN, Helene: “The EU as a “normative” power: how can this be?”, Journal of European Public Policy, 13:2, March 2006, London, pp. 235-251. (b)
6. TOCCI, Nathalie (ed): Who is a Normative Foreign Policy Actor? The European Union and its Global Partners, Centre for European Policy Studies, Brussels, 2008.
7. WHITMAN, Richard G. (ed): Normative Power Europe. Empirical and Theoretical Perspectives, Palgrave Macmillan, Basingstoke - Hampshire, 2011.


## ДОКУМЕНТИ


1. Council Conclusions on Ukraine, Foreign affairs council meeting, Brussels, 20 February 2014.
2. <https://www.consilium.europa.eu/uedocs/cms_data/docs/pressdata/EN/foraff/141110.pdf>
3. Council conclusions on Ukraine, Foreign Affairs Council Meeting, Brussels, 17 March 2014.
4. <http://www.consilium.europa.eu/uedocs/cms_data/docs/pressdata/EN/foraff/141601.pdf>
5. Statement of the Heads of State or Government on Ukraine, European Council, Brussels, 6 March 2014. <http://www.consilium.europa.eu/uedocs/cms_data/docs/pressdata/en/ec/141372.pdf>
6. Statement of President Barroso on Ukraine, European Commission – Statement/14/13, 19.02.2014, Brussels. < http://europa.eu/rapid/press-release_STATEMENT-14-13_en.htm>
7. Factsheet, EU restrictive measures, Brussels, 5 April 2013.
8. <http://www.consilium.europa.eu/uedocs/cms_data/docs/pressdata/EN/foraff/135804.pdf>
9. European Commission’s support to Ukraine, Memo, 5 March 2014, Brussels.
10. < http://europa.eu/rapid/press-release_MEMO-14-159_en.htm>

**Assistant professor. Ph.D. Law Sasha Dukoski**
Правен Факултет –Кичево Универзитет „Свети Климент Охридски "Битола sasadukoski@hotmail.com

911.3:32(477)

**Assistant professor. Ph.D. Law Berat Aqifi;**
Факултет за бизнис администрација–Куманово „Државен Универзитетво Тетово" berataqifi@hotmail.com

341.171.071.51(470+571)

# НОВА ГЕОПОЛИТИЧКА ДОКТРИНА НА РУСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА ВО УСЛОВИ НА СЕОПШТА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА

# NEW GEOPOLITICAL DOCTRINE OF THE RUSSIAN FEDERATION AMIDS INFLUENCING WORLDWIDE GLOBALIZATION

**Abstract:** Analyzing the current geopolitical situation in the Russian Federation one can freely conclude that despite all the turmoil and loss that followed during the XX century, it continues to take a pretty strong position in the geopolitical map of the world.

The Russian Federation has all the necessary and realistic prerequisites positioning as a developed democratic state, which actively influences towards the nature and direction of the global political, economic, social and cultural processes.

The confrontation of the unipolar globalization, the advocacy of a multipolar form is the main imperative of its foreign policy. The creation of a multipolar world is possible only through a system of strategic alliances, where success depends heavily on the activity and the adequacy of its foreign policy.

**Key words:** Russian federation, Eurasia, multipolarity, geostrategy.

**Апстракт:** Анализирајќи ја тековната геополитичката ситуација на Руската Федерација слободно може да се закалучи дека и покрај сите превирања и загуби кои ја следеја во текот на XX век., Таа продолжува да ја завзема прилично силната позиција на геополитичка карта на светот. Руската Федерација ги има сите потребни и реални предуслови за позиционирање како развиена демократска држава ,која активно ќе влијае врз природата и правецот на глобалните: политички, економски , социјални и културни процеси.

Спротивставувањето на униполарната глобализација, залагањето за мултиполарен образец е главен императив на нејзината надворешна политика. Создавањето на мултиполарен свет е возможно само преку систем од стратегиски сојузи, при што успехот во многу зависи од адекватноста и активноста на нејзината надворешна политика.

**Клучни зборови:** Руска Федерација, Евроазија, мултиполарност, геостратегија.

### Геостратегија во услови на глобализација

Геополитичкиот поредок според критичката геополитика се дефинира како збир на вообичаени правила, институции, активности и стратегии низ кои делувала и делува меѓународната политичка економија во различни историски периоди. Атрибутот „геополитички" укажува на географските елементи на светскиот поредок. Оваа квалификација на поредокот како геополитички се подразбира, заради фактот што поредокот нужно има сопствени географски обележја кои вклучуваат одреден степен на централитет на државната територија во однос на општествените и економските активности, природа на хиерархиски односи помеѓу државите, просторни аспекти на активностите на различни држави и други субјекти на меѓународните односи.[1]

Според една друг дефиниција: Геополитичките поредоци претставуваат комбинација на социјални, политички и економски структури. Оттука, геополитичките поредоци се поврзани

1 Taylor, P. J. (1993), Political Geography, Longman Scientific & Technical, Essex , p. 64.

со светската економија, односно со растот и падот на големите економски сили кои воедно биле и политички сили низ историјата.[2]

Од друга страна геоекономијата, за разлика од геополитиката, функционира во услови на намалено значење на географскиот простор како ресурс и како препрека, овозможено од технолошкиот развој. Геоекономијата, исто така, функционира во услови на смалени бариери помеѓу државите како и преку интеграција на одредени економии ги подобрува ефектите од делувањето на економијата во просторот. Но и покрај сè, геоекономијата сепак се сведува на борба за странски пазари, блокада на домашните пазари за странски производи преку инструментите на протекционизам, создавање основа за економски развој преку државни вложувања, поставување правила и прописи на меѓународните економски натпреварувања, како и со разузнавачки дејствија во насока на собирање податоци за технолошките иновации на противничката страна.[3]

Ако ова се општо прифатени теоретски погледи за геостратегијата и геоекономијата, во современа Русија постојат три основни[4], реципрочно конфликтни обрасци на државна стратегија во сферата на надворешната политика и внатрешната политика. Тие три обрасци го сочинуваат модерниот систем на таканаречени политички координати во кои, секој меѓународен чекор, секој сериозен општествен, економски или правен проблем се разгледува, анализира и решава на најсоодветен можен начин[5].

Доктрината која се практицираше низ советскиот и прозападниот концепт за геостратешко позиционирање на Руската Федерација имаше свои позитивни и негативни аспекти, кон крајот на минатиот и почетокот на овој век се наметна потребата од создавање на нова геополитичка доктрина која со право ј може да се дефинира како „евроазиски концепт"‥ Овој концепт реално се потпира врз домашното минато и мултиполарната сегашност.

Евроазискиот концепт признава дека Руската Федерација[6] е една автономна цивилизациска вредност, со свои посебности, независност и реална економска и воена моќ. Евроазиската доктрина според овој концепт , претставува изворен „прагматичен патриотизам", слободен од секаква догматика – било советска или либерална. Но во исто време, широчината и еластичноста на евроазискиот пристап не ја штити оваа теорија од тоа да биде концептуално систематска, поседувајќи ги сите знаци на еден органски, последователен, внатрешно доследен светоглед.[7]

Од друга страна новата Стратегија на националната безбедност на Руската федерација која е усвоена во 2009 година , ги содржи основните правци и цели на внатрешната и меѓународната политика на земјата во наредните 10 години. Во овој документ се наведува дека заради заштита на националните интереси Русија ќе води рационална и прагматична надворешна политика врз основа на почитувањето на меѓународното право. Од друга страна Русија се залага за поблиска соработка со Европската Унија , вклучувајќи и доследен развој на економска, надворешна и внатрешна безбедност, образование, наука и култура. Како долгорочен национален интерес на Русија е формирањето на евроатланскиот отворен систем на колективна безбедност кој ќе биде заснован на јасни правни основи. Исто така акцент се става на развојот на билатерални, односи и мултилатералната соработка со Организацијата на пактот за колективна безбедносните , Државите членки на ЗНД и Евроазиската економска заедница. Најголема опасност за интересите и пограничната безбедност на земјата се гледаат во присуството и можноста од ескалација на вооружените судири во близината на границата на Русија, како и нерешените погранични проблеми на Русија и неколку соседни држави.[8] Ова е најмногу заради фактот што од своја страна Европската безбедносна и одбранбена политика во изминатиов период се покажа како прилично контраверзна тема помеѓу државите членки на Европската Унија. Пројавени

2 Cox, R. (1981.), Social Forces, States and World Orders: beyond International Relations Theory, Millenium, X, str. 126

3 Sparke, M. (1998.), From Geopolitics to Geoeconomics: Transnational State Effects in the Borderlands, Geopolitics, vol. III, br. 2, p.p. 62-98

4 Според востановениот историско-правен концепт на XX и почеток на XI век тоа се таканаречените: советски, прозападен, и евроазиски концепт на Руската геополитичка доктрина.

5 Дергачев В.А. Геополитика. Киев. 2000. С. 383.

6 Кога се елаборира овој поим секогаш треба да се сфати дека станува збор за Русија како држава, народ, култура.

7 Дугин А., Главни принципи на Евроазиската политика. Руска реч. Москва.2013г.

8 „Стратегия национальной безопасности Российской Федерации до 2020 года", Утверждена Указом Президента Российской Федерации от 12 мая 2009 г. No 537,

се разлики во ставовите околу тоа , дали безбедносната и одбранбената политика треба да биде независна од САД и НАТО. Во Европската Унија често нема доволно единство кога се во прашање финансирањето и способноста да се изгради респектабилна европска воена сила и независен одбранбен идентитет на Унијата.[9]

Поаѓајќи од ваквите севкупни состојби системот на националните интереси на Руската Федерација е заснован пред се врз основа на анализата на геополитичката позиција на Русија врз основа на модерната , првенствено за потребите на својот социо-економски развој и во перцепцијата на надворешниот свет и влијанието на системот на меѓународни односи врз основа на сопствените интереси.[10]

Интеграцијата на државите од ЗНД во обединета Евроазиска Унија е главниот стратегиски императив на евроазиството. Сето тоа е важно заради започнување на сериозна меѓународна активност з со единствена цел - создавање на мултиполарен свет каде на местото на Руската Федерација, ЗНД се појавува како земена и единствена стратегиска реалност, со единствен поглед и заедничка цивилизациска цел.Политичкиот систем на Евроазиската Унија на најлогичен начин е заснован врз „демократијата на партиципација" каде акцентот е ставен не на квантитативниот, туку на квалитативниот аспект на претставувањето.

Евроазиското општество е засновано врз принципот на оживеано морално поседување и на заеднички одлики и на конкретни облици поврзани со специфичноста на етно-конфесионалниот контекст. Принципите на природност, чистота, воздржување, почитување на правилата, одговорност, здрав живот, праведност и вистинољубивост се заеднички за сите традиционални религии на Евроазија. На овие неоспорни морални вредности им е даден статус на државни норми.[11]

Евроазиските интеграции е концепт кој најпрецизно одговара на стратегиските интереси на современа Русија. Тоа дава одговори на најтешките прашања, нуди излез и од најтешките и најсложените ситуации. Овој концепт ги комбинира отвореноста и ставот за дијалог со верност кон историските корени, како и доследно потврдување на националните интереси, а со тоа нуди доследна рамнотежа помеѓу руската национална идеја и правата на многу народи кои ја населуваат Русија и, пошироко, Евроазија. Зголемувањето на улогата на овој концепт во руската политика, претставува еволуциски и постепен процес, кој несомнено на подолги патеки создава нова слика за Руската Федерација , како земја - стожер на идните релации исток-запад, север-југ.

## ЛИТЕРАТУРА

1. Agnew, J., Corbridge, S. (1995), Mastering Space, London: Routledge;
2. Avijucki, V. (2009) Kontinentalne geopolitike – Svet u XXI veku. Beograd: CLIO;
3. Вукчевић, Д.: Безбедност и Европска унија, Институт за политичке студије,Београд, 2008.
4. Дергачев В.А. Геополитика. Киев. 2000. С. 383.
5. Cohen, S. B. (1994), Geopolitics in the New World Era: A New Perspective on an Old Discipline,
6. Larissa Kuzmitcheva, "Russia and European Security and Defence Policy: Problematic Strategic Partnership?",
7. Примаков, Ј.: Године у високој политици, Издавачки графички атеље »М«, Београд, 2002. Lo, Bobo: Medvedev and the New Euoropean Security Architecture, Policy Brief, Centre for European Reform, London, 2009.
8. Поздняков Э.А. Политика и нравственность. Москва 1995
9. Nopens, P.: A New Security Architecture for Europe? Russian Proposal and Western
10. Reactions, Security Policy Brief, Egmont – Royal Institute for International Relations,
11. Brussels, 2009.
12. Sparke, M. (1998.), From Geopolitics to Geoeconomics: Transnational State Effects in the Borderlands, Geopolitics, vol. III, br. 2;
13. Taylor, P. J. (1993.), Political Geography, Longman Scientific & Technical, Essex.

9 Larissa Kuzmitcheva, "Russia and European Security and Defence Policy: Problematic Strategic Partnership?", op. cit.

10 Поздняков Э.А. Политика и нравственность. Москва 1995. С. 20—26.

11 Концепция внешней политики Российской Федерации", Москва.12 июля 2008 года,

14. Čehulić Vukadinović, L.: Euroatlantizam i suvremeni međunarodni odnosi, CID,
15. Podgorica – Politička kultura, Zagreb, 2010.
16. Филимоновић, М.: Спољна политика Руске Федерације, Књига комерц, Београд, 2010.
17. Huntington, S. P. (1996), The Clash of Civilizations and the Remaking of World Order, New York: Simon & Schuster,;

316.722-027.511

**Проф.Кети Арсовска Несторовска**
Меѓународен Славјански Униврзитет Г.Р.Державин Свети Николе - Битола

# ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА- ПРЕДИЗВИК И ОПАСНОСТ ЗА НАЦИОНАЛНИТЕ КУЛТУРИ

**АПСТРАКТ:** Глобализацијата во потполност коренспондира со настојувањето и тенденцијата на современите капиталистицки држави. Глобализмот го третира човекот како граѓанин на планетата земја, како член на единствената светска заедница, па токму затоа, концептот е, да се создади една нова идеолошка и метедолошка матрица во кој ќе функционира човекот во 21 век. Од една страна представува позитивна тековина, ги поврзува луѓето и дејностите, кои тие ги остваруваат во целиот свет, а од друга страна таа како да носи опасности од обезличување на различното, станувајки му на тој начин заканување на идентитетот на оделни народи и нивните култури.

Сепак, се чини дека не претставува опасност за светската цивилизација Постојат многу препреки на овој пат со кои народите водат грижа за зачувување на сопствената култура, инсистираат на културните разлики и истовремено настојуваат да се зачува културната разлучност.

**Клучни зборови:** Глобализација, национален и културен идеднтитет, култура, економија .

**Abstract:** Globalization fully correspond with persistence and tendency of modern capitalistic countries. Globalism treats man as a citizen of Earth, as the only member of the world community, and therefore, the concept is to create a new ideological matrix in which the individual will work in the 21st century. On one side represents a positive flows, the connecting people and activities, which they exercise in the world, on the other hand it seems to carry the dangers of depersonalization different, on that way becoms threatening the identity of certain peoples and their cultures.

However, it seems that there is a threat to world civilization There are many obstacles in the way that nations take care to preserve their own culture, insist on cultural differences while seeking to preserve cultural differences.

**Keywords:** globalization, national and culture identity, culture, economy.

Обидувајки се да ги актуаризираме проблемите на современото одштество, не можеме а да не го спомениме процесот на глобализација кој е карактеристика на сите современи општества. Станува збор за процес кој е карактеристичен за цивилизаците кон крајот на дваесетиот век.

Глобализацијата е релативно нов поим во науката и политиката најчесто се употребува за означување на процес на оставање на единствен економски, политички и култерен форум на делување или уште како истакнува социологот Гидинс тој е процес на поврзување и обединување на современите општества со сите нивни противречности на светско ниво.

Истовремено, терминот глобализација меѓу другото, означува создавање на специфичен однос помеѓу државите, подразбира, соединување на општенствено-економските промени во светот како целина, со што се отфрлаат државните граници кака релавантни фактори во решавање на глобалните проблеми.....[1]

Глобализмот го третира човекот како граѓанин на планетата земја, како член на единствената светска заедница, па токму затоа, концептот е, да се создади една нова идеолошка и метедолошка матрица во кој ќе функционира човекот во 21 век.

Но како и секој нов општествен феномен кој со себе носи и прогрес и регрес, така и глобализацијата содржи во себе низа на противречености. Од една страна представува позитивна тековина, доколку ги поврзува луѓето и дејностите, кои тие ги остваруваат во целиот свет, а од друга страна таа како да носи опасности од обезличување на различното, станувајки му на тој начин заканување на идентитетот на оделни народи и нивните култури.

---

1 Aleksandar Solz ewi n I c Rusija u provali,Beograd, 1999, str.94

Токму затоа денес, голема е дилемата околку прашањето колкава е всушнос добробита од демократизацијата и хуманизацијата на глобализацијата или пак поточно кажано колкави се нус-негативните ефекти од авторизирањето и нехуманите ефекти од истата.

Поставеноста на општествениот концепт на современите општества, дури ни хипотетички не ни дава можност да си поставиме прашање, - дали сме за глобализација, или против неа. Таа како таква постои, а настана со ширењето на глобалната цивилизација, или со создавањето на светскиот пазар, капиталот, трговијата, комуникацијата и сл.

Глобализацијата во потполност коренспондира со настојувањето и тенденцијата на современите капиталистицки држави. На економски план доага до забрзано зголемување на увозот и потрушувачката во периферните општества, од друга страна слабеење на економијата на малите општества, како резултат на тоа што владите на малите, послабо развиени општества, го губаат суверенитетот, и моќта на управување со својте земји.

На ваков начин, се создава поволна база за странски инвестиции и капитал, па така

„ малите земји„ ја прифакаат маргиналната улога во меѓународната поделба на трудот и вредностите. Чекор по чекор, јакни моќа на големите сили кои ја превземаат контролата над светската економска, и трговска активност, а обрезвреднувањето резултира со нивно потполно потчинување на што му оди во прилог законодавната регулатива. Се чини дека една од најозбилните опасности која може да ја развие глобализацијата, е претварање на светот во еден уницентричен систем чие јадро би го сочинувале сосема мал број на моќни капиталистички сили. Во една ваква констелација голем број на држави би останале во крајна маргинална позиција

Ваквото делување има во основа политичка реперкусија, а многу е важна и опасноста од култролошкиот униформизам и отварање на патишта за политичко и културно влијание на доминантните капиталистички држави.

Во разгледувањето на проблемот за зачувување на националниот културен идентитет во услови на глобализација поаѓаме од третирањето на цивилизацијата како историска - антополошка и истовремено социолошка, организација, која делува на одреден географски простор. Имено, културата е подсистем во цивилизацијата, која се наоѓа во функционален однос со другите елементи на општеството, но влијанието на културолошкиот подсистем е база за одржување на таа цивилизација. Во историјата на човечките општества, постоеле повеке цивилизации во ист временски период така се споменуваат: западната, кинеска, јапонска, исламска, хинду, словенскоправославна, латиноамеричка и афричка.

Помеѓу овие цивилизаци постоеле големи разлики кои го успорувале процесот на глобализација, и создавањето на „светско општество„ и често предтставуваат причини за конфликти посебно кога имаат цел да пројавуваат интенции за создавање на нов светски поредок.

Мегутоа, и покрај разликите кои постојаат помегу поедините цевилизации, сепак, се укажува дека посебно во последнице децении светот е се повеке органски поврзан и како неприметно да се преобразува во единствена целина. Глобалните вредности со кои сме атакувани преку најразноразните средства за електронско информирање, телевизија, компјутеите и социјалните мрежи, ни стануваат блиски, секојдневни , препознатливи, и не прават да сме ин, а, од друга страна, се става во опасност зачувувањето на локалната култура, - на традицијата, обичаите, фолклорот, јазикот, занаетите и т.н.

Глобализацијата се чини дека сепак, не претставува опасност за светската цивилизација Постојат многу препреки на овој пат, а ке спомнам само некој од нив; неповерење кон странските- туѓите култури, инсистирање на културните разлики и истовремено настојува да се зачува културната разлучност.

Имено, западната култура во светот не е секаде омилена, што е последица на развиените средства за комуникациски технологи благодарение на кои луѓето денес ногу брзо се запознаваат едни со други, откривајќи големи разлики во вредносниот систем. Таа е пре многу песимистична, па дури и деструктивна, и нема сила која би можела да ја асимилира во потполност културата на другите народи, бидејќи сепак, вредностите се најрезистентниот дел на култуата на еден народ. Затоа велам, дека се присутни тенденциите да се прифати цивилизациската

униформост, но, се се истакнува исто така, дека, цивилизацијата создава, додека културата ги затвара вратите на глобализациските процеси. Од она што може да се согледа како досега се развиваат нештата немаме аргументи кои одаат во пролог на фактот дека се создава глобална култура, додека глобалната цивилизација бележи стапки на голем подем.

**Литература:**

1. Philip Cerny , ''Globalization and Erosion of Democrasy,, . European Journal of Political Research, Vol. 36. No 1, 1999.
2. Grahram, Evans – Newhman Jeffrey, ,, Penguin Dictionamy of International Relations,, Penguin Books, London, 1999.
3. Thomas L. Friedman '' The Third Great Era of Globalization,, International Herard Tribune, Friday, March 5, 2004
4. David Heid – McGrew, Anthony ,, Globalization Regionalization and the Transformation of Political Community ,, Paper for The Political Studies Assocation.
5. ,, kulturne vrednosti I globalizacija,, razgovor sa F.Fukujama, persiski prevod REZA Ostat Rahimi, Hamshehahri, 18. Mehr 1380
6. federiko major, Secanje na budocnost, Zavod za megunarodnom naucno prosvetno kulturno I tehnicko saradnju srbije I Zavod za ucebnike I nastavna sredstva, Beograd, 1996, str. 46

**Јордан Михајловски**
Меѓународен Славјански Универзитет „ Г.Р. Державин '' Св. Николе – Битола, Р Македонија

347.63/.64:17

# СУРОГАТ МАЈЧИНСТВО ЕТИЧКИ ДИЛЕМИ

# SURROGATE MOTHERHOOD ETHICAL ISSUES

**Апстракт:** Сурогат мајчинство како феномен има своите корени во античката култура.На голема врата во западната цивилизација влегува во последните децении на XX век, кога се промовира како помошна репродуктивна технологија. Изразено во две форми: хуманитарна и комерцијална, е психолошки феномен и етички проблем и бара поголема гласност, стандардизација и вреднување.

**Клучни зборови:** Сурогат мајка, сурогатство, правни аспекти за сурогатство, религиозни дилеми, етички дилеми

**Absttract:** Surrogate motherhood as a phenomenon has its roots in ancient culture. In Western civilization has entered in the last decades of the XX century, when promoted as assistive reproductive technology. Expressed in two forms: humanitarian and commercial, and is a psychological phenomenon and ethical problem and increased standards and evaluation.

**Keywords:** Surrogate mother, surrogacy, the legal aspects of surrogacy, religious issues, ethical issues

Сурогат мајчинството е помошна репродуктивна технологија, при примена на која при зачнувањето и раѓањето на детето учествуваат три субјекти: генетскиот татко - лице кое е донатор на сперма за оплодување и истото е согласно по раѓањето на детето да ја превземе обврската на татко; генетска мајка - лице кое дава своја јајце клетка за оплодување и истата е согласна по раѓање на детето врз себе да ја преземе обврската на мајка; и сугорат мајка која е на возраст кога може да роди и која се согласила со надомест или без, да го носи и роди детето од генетските родители и да не претендира на улога на мајка на детето.

Сурогат мајката е дефинирана како женска единка над осумнаесет години која без надокнади или или стекнување на било каква материјална корист, а со цел давање на детето по раѓањето на донаторот или друго лице, го носи ембрионот зачнат со постапка на биомедициска помош при оплодувањето.

## ИСТОРИЈА НА СУРОГАТ МАЈЧИНСТВОТО

Во текот на историјата сурогат мајчинството се јавувало во бројни заедници и култури, кои гледаеле благонаклоно на жените кои раѓале деца на ваков начин за потреби на други , односно за неплодни парови.

Уште Плутарх во Античка Грција, опишал ситуација на сурогат мајчинство. Стратоника сфаќајки дека нејзиниот маж има потреба од законски деца за да го предаде наследството на кралската власт, во неможност да му роди дете, ќе го убеди мажот си Дејотар да ја прифати убавата робинка Електра да му роди деца, кои потоа таа ги прифатила и воспитала со љубов и великодушност како свои. Во Рим, во такви случаи се применувало правилото „ жена под наем '' која раѓала деца на брачни парови без деца.

И во Библијата (книгата на битието) е познат примерот кога робинка на прататкото на Евреите, Аврам и неговата жена Сара ке им го роди третиот син Исмаил.

Меѓутоа, сурогат мајчинството добива гласност во последните децении на 20 век. Особено комерцијалното сурогат мајчинство од седумдесеттите години на 20 век е актуелно и за него се расправа од седумнаесеттите години на 20 век, кога американскиот адвокат Noel Keane отворил прва агенција за сурогат мајчинство. Ова агенција „ посредувала '' во раѓањето на 600

деца во светот.

По раѓањето на првото дете од епрувета во Велика Британија во 1978 година, познато како Louise Brown агенци за сурогат мајчинство по претходно донесен закон се втемелени во Карлифорнија, Флорида, Индијана, Нујорк и Невада, сојузните држави во САД. Денес сурогат мајчинство во комерцијална форма е легално во Индија, Грузија и Украина, а под одредени услови е дозволено во Израел. Во Велика Британија, Канада, Холандија, Белгија и Шведска дозволено е од „алтруистички„ причини оправдани низ примерот кога членка на фамилијата или блиска пријателка раѓа дете на неплоден пар. Сурогат мајчинството од скоро време е дозволено во Полска и Русија.

Цените за сурогат мајчинството во Полска се движат од 15 до 22 илјади долари, но цените не се фиксни и за нив може да се преговара. Во Канада сурогат мајка не може да биде платена, но има право на надомест на трошоците кои се движат од 45 до 50 илјади долари. Во сојузните американски држави кои веке ги спомнавме сурогат мајчинството чини од 80 до 170 илјади долари. Трошоците на овај потфат на Русија се 42 илјади евра. Во В. Британија од 7 до 15 илјади фунти, во Украина од 25 до 30 илјади евра.

## ПОЗНАТИ СЛУЧАИ И КОНТРАВЕРЗИ

Феноменот на сурогат мајчинството со десетлетија е предмет на етички расправи, а некои случаи се нашле и на суд. Најпознатиот случај е познат како Baby M, спор меѓу сурогат мајката Mary Beth Whitehead и сопружниците Stern од Њу Џерси. Marry B.W. од Флорида потпишала договор за 10.000 илјади долари во 1985 година, дека ќе роди дете зачнато со вештачко оплодување. По раѓањето Marry B.W се предомислува иако била обврзана со договор. Иако судот во Њу Џерси во 1988 год. заклучил дека договорот за сурогат мајчинство во таа држава е илегален и дека бебето и припаѓа на биолошката мајка, девојчето пораснало со Стернови, кои ги сметало за свои родители. Кога направила 18 години Melissa Stern, со судски процес ги поништила родителските права на својата билошка мајка. Во меѓувреме. Melissa S. се стекнува со докторат од биоетика на тема сурогат мајка.

Медиумско внимание предизвикуваат случаите кога мајка ќе роди дете на својата ќерка. Пред 10 години во Јапонија, каде сурогат мајчинството е забрането, откриено е како во 2005 година, една жена родила здраво женско бебе на ќерката и зетот. Мајката притоа послужила само како „изнајмувач на матката" зошто бебето било зачнато со вештачко оплодување на јајните клетки на ќерката и спермата на зетот. Бебето било запишано на сурогат мајката, а подоцна било посвоено од ќерката и зетот.

Како што се гледа овој феномен сеуште не е прифатен како универзална опција во светот, од причини што се присутни обичајни, традиционални предрасуди, влијанија на верата и етички дилеми. Во Русија на пример, иако во пракса се применува сурогат мајчинството ставот на најголемата православна црква во светот е негативен, а се потенцира светоста на бракот и мајчинството. Во нашето опкружување: Србија , Хрватска и Бугарија постои гласност за феноменот но не и законската регулатива. Во Белгија, Шпанија, Грција и Финска сурогат мајчинството не е регулирано со закон, а постои и во форма на хуманитарно сурогатсво. Во Македонија постојат иницијативи во форма на концепт промовиран од Министерството за здравство. Предвидени се и условите: барањето за бебе да се овозможи на жена во брачна заедница; сурогат мајката мора да е постара од 21 година и во добра психофизичка состојба; само еднаш да роди на ваков начин и за време на гравидноста да добива по една просечна плата месечно; жената во брак да има оштетена матка или три ин-витро обиди.

## ЕТИЧКИ ДИЛЕМИ

Мајчинството е благословена и благородна состојба за природно одвивање на животот. Многу контроверзи на овој план се искажуваат во злоупотреба на абортусот и клонирањето. Во тој контекст етиката треба да се примени врз оценувањето на целиот процес од почеток до крај, да се анализираат условите за воспоставување на ваков вид на мајчинство, намерите на

оние кои се определиле за ваква опција како и етичко-психолошките последици од ваквиот потфат.

Етиката е против комерцијализација на сурогат мајчинство, зошто тоа се сведува на деродиран и девалвиран биолошки процес кој можат да си го дозволат само богатите. Прашањето е дали љубовта и желбата за родителство на сиромашните слоеви треба да се отфрли во однос на „ избраните" членови на човековата раса.

На запад се е подложено на оценка на пазарот и профитот па и ова хуманитарна мисија на сурогат мајчинството. Со тоа се нарушува човечноста во најчовечкиот процес во цивилизацискиот развој - природното одвивање на животот.

Етиката не е против феноменот сурогат мајка, од позиција дека многу опции на родителството од биолошки и здравствени проблеми на друг начин неможе да се оствари. Затоа дилемата ЗА или ПРОТИВ сурогат мајчинството е излишна освен прашањето да не се занемарат хуманите и човечки вредности овој феномен да се претвори во профитерство, опција на богатите лишен од етичка оценка и универзалните вредности.

Дали хуманитарнто сурогатство го решава проблемот и етичките дилеми? Во основа да, иако во целост не. Ова е прифатлива опција барем во овој тренд на развојот на човештвото. Овој вид на сурогатство кога улогата на сурогат мајка ќе ја преземе член од семејството или пошироката фамилија е најпосакувано, заради емоционалната топлина во која се остварува процесот, заедништвото, искрените желби и чувства да се помогне од аспект на човекољубие. Не ретко овој процес е поттикнат и од искрено пријателството кое се гради како една од најзначајните вредности после семејството. И кај добри луѓе кои не им припаѓат на првите две категории, се искажуваат универзални вредности да им се помогне на луѓето кои имаат проблеми со родителството.

Дилеми имало и ќе има, меѓутоа, овој феномен допрво ќе добива на значење и ќе се доизградува како опција профилирана од искрените човекови биолошки и хуманитарни побуди. Ова тема е комплексен филозофски и етички проблем и истовремено биоетички и психолошки феномен, кој заслужува поголема гласност и општествен ангажман зошто веќе е навлезен на отворена врата не само во нашата свест и психологија, туку е и значаен дел од големиот проект кој е надвремен и универзален наречен: -природно одвивање на животот - како голема мистерија и дар од Бога.

**Литература**

1. С. Лебедев. Что такое суррогатное материнство, Москва, 2009
2. Millez, J, „Surogacy: Figo , Journal of Ginecology & obstetrics, 2008

**Доц.д-р. Игор Ѓорески**
Министерство за одбрана на Република Македонија, gjoreski.igor@yahoo.com

327(73+4-15):323(477)"2014"

# СУДИР НА ИНТЕРЕСИ И ДЕМОНСТРАЦИЈА НА МОЌТА СЛУЧАЈ УКРАИНА –РУСИЈА

# CONFLICT OF INTERESTS AND DEMONSTRATION OF POWER CASE STUDY UKRAINE - RUSSIA

**Апстракт:** Предизвиците поврзани со влијанието и ефектуирањето на моќта врз националната безбедност на државите отсекогаш предизвикувале низа на дискусии и полемики. Денешното ефектуирање на моќта и изнуденото влијание од истата се манифестира поразлично отколу во минатото. Праксата покажува дека државите, денес не преминуваат директно на употреба на воена сила при решавањето на некој проблем, туку пред се ги користат другите елементи на присила – дипломатската, политичката и економската моќ. Кога со овие средства нема да се постигне посакуваниот резултат, се преминува на употребата на „физичката принуда", односно воената моќ. Најновите случувања околу Украина и присоединувањето на Крим кон Русија докажуваат дека државите на најразличен начин и со примена на сите форми и облици на моќ се трудат да ги остварат своите цели.

**Клучни зборови:** моќ, влијание, политика, Русија, Запад.

**Abstract:** The challenges connected with the influence and power of effecting the national security of the states, has always caused a series of discussions and controversies. Today's effectuation of the power and influence is manifests more differently than in the past. The practice shows that States today are not transferred directly to use of military force in solving of some problem, but rather they use other elements of coercion as diplomatic, political and economic power. When these means will not achieve the desired result, they passes to the use of «physical coercion» or military power. The latest happenings in Ukraine and accession of Crimea to Russia prove that states are trying to achieve their goals with using of different ways and forms of power.

**Key words:** power, influence, policy, Russia, West.

## Вовед

Со крајот на биполарната поделеност на Светот, се случија и промени не само во поимањето на безбедноста, туку и во начините на справување со заканите и ризиците по безбедноста на државите. Во ефектуирањето на моќта која ја поседува државата значајно влијание има и определувањето на „воената моќ"-моќта на вооружените сили, преку способноста на нацијата да ги мобилизира вкупните човечки и материјални ресурси во функција на одбраната на виталните национални интереси и се до моќта на националната економија во конкретната ситуација, место и време во кое ја манифестира својата воена моќ. Тоа подразбира дека воената сила и воената моќ не може да се користи во потполност и во сите ситуации како примарен инструмент и средство во остварувањето на целите на политиката.

## Ефектуирањето на моќта на земјите во дваесетипрвиот век

Крајот на XX век го одбележа распадот на поголем дел од поранешните социјалистички земји од кои најголем дел беа проследени со крвави, граѓански и меѓуетнички војни. Клучна улога во овие процеси имаше економски, политички и воено моќниот Запад предводен од САД, НАТО и од ЕУ, наспроти „ранетата" Русија и брзо растечката економска, политичка и воена сила – Кина. Повеќе од две декади, во отсуство на пандан по политичка, економска и воена моќ, Западот беше предводник на процесот на глобализација на планетарниот простор, а некогаш

моќната Русија во најголем случај беше немоќна да го спречи сето тоа. Ваквиот тренд продолжи и во првата декада на XXI век, со Втората персиска војна против Ирак и соборувањето на Садам Хусеин, со соборувањето на талибанскиот режим во Авганистан, со бомбардорањето на тогашната Сојузна Република Југославија и независноста на Косово.

Ваквата доминација на САД со првата посериозна пречка се соочи со неможноста воено да се разреши конфликтната ситуација во Сирија, кога веќе политички, економски и воено опоравената Русија покажа дека е подготвена и одлучна да повлече јасна граница на заштита на нејзините стратегиски интереси. САД сфатија дека повеќе нема да можат да ги остваруваат своите планови така лесно како претходно. Рускиот министер за надворешни работи Сергеј Лавров, на маргините на Самитот на Азиско-пацифичка економска соработка во Владивосток во 2012 година ја потсети американската државна секретарка Хилари Клинтон дека „Американските санкции против Иран и Сирија им штетат на руските бизнис интереси...и дека од тоа особено се погодени руските банки.“[1] Меѓутоа, сите санкции кон Сирија без консултација со Москава според Лавров „нема да вродат со плод“. Тој беше повеќе од јасен сигнал дека ерата на глобална доминација на САД и Западот полека завршува.

### Случајот Украина и ефектуирањето на моќта

Во меѓународниот амбиент на односи кој може да се дефинира како состојба на „војни без крај“ линијата помеѓу мирот и војната е јасно исцртана отколку во било кое време во историјата. Земјите денес се повеќе се потпираат и ги користат другите инструменти на политичката, економската, енергетската и друга моќ во остварувањето на политичките и воените цели. Најсвеж пример се случувањата во Украина оваа година. Имено, аспирациите на САД, на ЕУ и на НАТО за ширење кон истокот на Европа и целосно затварање на Русија се покажаа како „жежок костен“ во случајот со Украина. Неколку денови после одбивањето на претседателот Виктор Јанукович да го потпише Договорот за приближување кон ЕУ, опозицијата поддржана од Запад возврати со масовни протести[2] кои после неколку месеци доведоа до соборување на легитимно избраниот претседател Јанукович. Ваквиот развој на настаните доведоа до активно вклучување на Русија и подгревање на старите тензии помеѓу овие две земји. Во конкретниов случај, Русија се јави како заштитник на руското население кое живее во Украина и во заштита на нејзините стратегиски интереси. Како логичен чекор во оваа ситуација се наметна и чувството за припадност на руското население кое живее на Крим. Русија историски е поврзана со овој полуостров, а истиот беше припоен кон Украина уште во 1954 година. Населението на Крим на референдумот 16 март 2014 година со над 90% поддршка се определи да се припои кон Руската федерација[3]. Според поранешниот американски претседател Џими Картер „соединувањето на Крим со Русија било неизбежно, бидејќи Москва го смета тој полуостров за свој и затоа што повеќето жителите на Крим се изјаснија дека се Руси“[4].

Реакциите на Запад, САД, ЕУ, ООН и другите земји по однос на референдумот на Крим за припојување кон Русија се жестоки со најава за санкции. Прв чекор беше „исфрлањето“ на Русија од Г8 најразвиените земји и откажувањето на учеството на сеопфатниот самит на Г8 во Сочи. Најмоќните земји од сега веќе Г7 на својот состанок во Брисел најавија „координирани санкции за одделни сектори што ќе имаат се повеќе значителни последици за руската економија, ако Русија продолжи со оваа ескалација“[5]. Реакцијата на Москва во однос на одлуката на Г7, најдобро ја презентира Лавров кој истакна дека „не е некоја голема трагедија“ ако неговата земја биде исфрлена од Г8, и додаде дека „доколку нашите западни партнери сметаат дека тој

1 „Лавров - Санкциите против Иран и Сирија им штетат на руските бизниси“,Радио слободна Европа,08.09.2012 г., пристапено на 24.03.2014г.,http://www.makdenes.org/archive/news/20120908/428/428.html?id=24701873.

2 „Киев на масовен протест против одлуката на Јанукович за не приближувањето кон ЕУ“,Локално.мк,08.12.2013 година,пристапено на 24.03.2014 година,http://lokalno.mk/kiev-na-masoven-protest-protiv-odlukata-na-janukovich-za-enpriblizhuvanjeto-kon-eu/.

3 „Крим одлучи – оди со Русија: Првични резултати – 93 насто гласале за припојување кон Русија“,МК News,16.03.2014 година,пристапено на 25 март 2014 година,http://mkd-news.com/krim-odluchi-odi-so-rusija-prvichni-rezultati-93-nasto-glasale-za-pripojuvane-kon-rusija/.

4 „Џими Картер: Соединувањето на Крим со Русија беше неизбежно“,a1On.mk,25 март 2014 година,пристапено на 26 03 2014 година,http://a1on.mk/wordpress/archives/304033.

5 „Г-7 е подготвена да ги зајакне санкциите против Русија“,Нет Прес,25 март 2014 година,пристапено на 25 март 2014 година,http://netpress.com.mk/g-7-e-podgotvena-da-gi-zajakne-sankciite-protiv-rusija/.

формат е изживеан, ние нема да инсистираме на него“[6]. Меѓутоа, покрај одредените економски санкции, американскиот претседател Обама исклучи можност за воена интервенција врз Крим, а потегот на Русија го оцени како демонстрација на „регионалната моќ која ја има Русија и да им се заканува на некои непосредни соседи и кое не е израз на сила, туку на слабост...И ние имаме значајно влијание врз нашите соседи. Но, не ги напаѓаме за да имаме подобри односи со нив.“[7] На слично мислење е и НАТО, според директорот на Информативното биро на НАТО во Русија, Роберт Пшел, „ние (НАТО) немаме намера и не сме заинтересирани за каква и да е конфронтација со Русија“.[8]

По малку иронично, Западот, САД и ЕУ зборуваат за санкции против Русија, но истовремено се соочуваат со се погласен револт на бизнисмените кои имаат длабоки бизнис релации со Русија, а трговската размена се мери во стотици милијарди евра. Прашање е дали и самите тие сакаат да воведат санкции против најголемиот извозник на нафта и природен гас во ЕУ и пошироко. Евентуалното воведување на санкции кон Русија би предизвикало и реципрочна мерка од страна на Русија која може да доведе и до национализација на странските компании. Таквата ситуација би се одразила поразувачки врз економијата на ЕУ и нејзината зависност од рускиот гас и нафта. Германската канцеларка Меркел на самитот на ЕУ во Брисел, изјави дека „ЕУ е подготвена да пристапи кон третата фаза, ако ситуацијата во Украина се влоши уште повеќе. Станува збор за економски санкции и ние побаравме ЕК да изврши подготвителна работа за евентуални економски санкции“.[9] Меѓутоа, Меркел не е заинтересирана за ескалација туку за деескалација на ситуацијата и да се избегнат санкциите.

Во конкретната ситуација, рускиот претседател Владимир Путин, ги искористи механизмите кои Западот ги користеше во изминатиот период и со „истото меѓународно правно оружје“ возврати на нападите кон него и одлуката на Крим да се присоедини кон Русија. Имено, во својот говор од 18 март 2014 година, Путин го обвини Западот за настани како што се падот на Советскиот Сојуз, Косово, проширувањето на НАТО, Либија, Ирак и Сирија. Притоа потенцирајќи дека „воените дејства предводени од САД во места како што се Косово и Либија се нелегитимни и дека реакцијата на Америка на референдумот на Крим е, во најдобар случај, наивна и лицемерна.“ Според транскриптот на Кремљ Путин истакнува дека „ кримските власти се повикаа на познатиот преседан на Косово - преседан што нашите западни колеги го создадоа со сопствени раце во мошне слична ситуација, кога се согласија дека едностраното отцепување на Косово од Србија, е токму она што Крим го прави сега. Тоа е легитимно и не е потребна никаква дозвола од централната власт во земјата... Меѓународниот суд на ОН се согласи со овој пристап и го даде следниов коментар на својата одлука од 22 јули 2010 година, ‘Никаква општа забрана не може да се изведе од практиката на Советот за безбедност во врска со декларациите за независност’, и ‘општото меѓународно право не содржи забрана за декларациите на независност’.“[10]

Според истиот извор, аргументот на Путин е нејасен за повеќе западни аналитичари како Fareed Zakeria кој тоа го нарече „најзначајниот геополитички проблем од Студената војна наваму“, додека Steven Pifer тврди дека е „најбесрамното грабање земјиште во Европа по Втората светска војна“. Додека Хилари Клинтон ситуацијата во Крим и оправдувањето на Путин за неа, ги спореде со активностите на нацистичка Германија пред Втората светска војна и отиде толку далеку што директно го спореди рускиот повик за поддршка за етничките Руси што живеат во странство со тој на Адолф Хитлер за етничките Германци како дел од плановите на нацистичка Германија за „аншлус“ и обединување на сите Германци под „сегерманскиот рајх“.[11]

6 „Лавров: Не е голема трагедија ако Русија не биде во Г8“,МКД,26 март 2014 година,пристапено на 26 март 2014 година,http://www.mkd.mk/svet/vesti/lavrov-ne-e-golema-tragedija-ako-rusija-ne-bide-vo-g8.

7 Гоце Атанасов, „Кризата во Украина,нов поттик за односите меѓу САД и ЕУ“,Радио слободна Европа,26 март 2014 година,пристапено на 26 март 2014 година, http://www.makdenes.org/content/article/25310020.html.

8 „ НАТО не сака конфронтација со Русија“,26 март 2014 година,пристапено на 26 март 2014 година,http://netpress.com.mk/nato-ne-saka-konfrontacija-so-rusija/.

9 Меркел: Економски санкции врз Русија,ако украинската криза се влоши уште повеќе,Novini.mk,21.03.2014 година, пристапено на 25.03.2014 година,http://www.novini.mk/read/692630/merkel-ekonomski-sankcii-vrz-rusija-ako-ukrainskata-kriza-se-vloshi-ushte-povekje.

10 „Address by President of the Russian Federation“,18th March 2014,President of Russia,пристапено на 25 март 2014 година,http://eng.kremlin.ru/transcripts/6889.

11 The Washington Post: “What the history can tell us about Russia,Crimea and Vladimir Putin”,by Adam Taylor,March 18th 2014г.,пристапено на 25 03 2014 г,http://www.washingtonpost.com/blogs/worldviews/wp/2014/03/18/what-history-can-tell-us-

## Заклучок

Уште долго време регионални и глобални сили ќе бидат земјите кои имаат моќни ресурси, моќни економии и силно политичко влијание со воен апарат на принуда на „непослушните". Факт е дека во последните две декади, Русија успеа да ја поврати разнишаната економска и политичка моќ и заедно со неприкосновената воена моќ ја комплетира главната тријада за изнудување на политички цели без примена на воена сила. Зајакнатата позиција на Русија може во иднина ќе биде клучен фактор за рамнотежа во вкупните меѓународни односи. Колку му се допаѓало тоа на Запад, на САД, на ЕУ на НАТО тоа е друго прашање. Тоа е показател дека ерата на глобална доминација на Запад предводен од САД, НАТО и ЕУ се ближи сигурно кон својот крај. На која страна и да тргнат, САД се сретнуваат со Русија и Кина, и повеќе од јасна е желбата на Вашингтон да ги „ресетира односите" со Москва и да ги постави на еден нов начин.

## Литеатура


1. Радио Слободна Европа „Лавров-Санкциите против Иран и Сирија им штетат на руските бизниси",08.09.2012г,пристапено на 24.03.2014г., http://www.makdenes.org/archive/news/20120908/428/428.html?id=24701873.
2. Локално.мк„Киев на масовен протест против одлуката на Јанукович за не приближувањето кон ЕУ", 08.12.2013 година, пристапено на 24.03.2014 година,
3. http://lokalno.mk/kiev-na-masoven-protest-protiv-odlukata-na-janukovich-za-enpriblizhuvanjeto-kon-eu/.
4. a1On.mk„Џими Картер: Соединувањето на Крим со Русија беше неизбежно", 25 март 2014 година, пристапено на 26 03 2014 година, http://a1on.mk/wordpress/archives/304033.
5. МК News „Крим одлучи – оди со Русија: Првични резултати – 93 насто гласале за припојување кон Русија", 16.03.2014 година, пристапено на 25 март 2014 година, http://mkd-news.com/krim-odluchi-odi-so-rusija-prvichni-rezultati-93-nasto-glasale-za-pripojuvane-kon-rusija/.
6. Нет Прес, „Г-7 е подготвена да ги зајакне санкциите против Русија", 25.03.2014г., пристапено на 25.03.2014 г., http://netpress.com.mk/g-7-e-podgotvena-da-gi-zajakne-sankciite-protiv-rusija/.
7. МКД,„Лавров: Не е голема трагедија ако Русија не биде во Г8", 26.03.2014г., пристапено на 26.03.2014 г., http://www.mkd.mk/svet/vesti/lavrov-ne-e-golema-tragedija-ako-rusija-ne-bide-vo-g8.
8. Гоце Атанасов,Радио Слободна Европа,„Кризата во Украина,нов поттик за односите меѓу САД и ЕУ",26.03.2014г., пристапено на 26.03.2014г, http://www.makdenes.org/content/article/25310020.html.
9. Netpress,„ НАТО не сака конфронтација со Русија", 26 март 2014 година, пристапено на 26 март 2014 година, http://netpress.com.mk/nato-ne-saka-konfrontacija-so-rusija/.
10. Novini.mk, Меркел: Економски санкции врз Русија, ако украинската криза се влоши уште повеќе, 21.03.2014 година, пристапено на 25.03.2014 година, http://www.novini.mk/read/692630/merkel-ekonomski-sankcii-vrz-rusija-ako-ukrainskata-kriza-se-vloshi-ushte-povekje.
11. „Address by President of the Russian Federation", 18th March 2014, President of Russia, пристапено на 25 март 2014 година, http://eng.kremlin.ru/transcripts/6889.
12. Adam Taylor The Washington Post:"What the history can tell us about Russia,Crimea and Vladimir Putin",March18th2014,пристапенона25.03.2014г.http://www.washingtonpost.com/blogs/worldviews/wp/2014/03/18/what-history-can-tell-us-about-russia-crimea-and-vladimir-putin/.


about-russia-crimea-and-vladimir-putin/.

**Виш лектор Александра П. Танеска**
Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово
**Доц. д-р Светлана Пандилоска Грнчаровска -**
Државен Универзитет - Тетово

37.091.322.7:81

# ЗНАЧЕЊЕТО НА КЛУЧНАТА КОМПЕТЕНЦИЈА, КОМУНИКАЦИЈА НА МАЈЧИН ЈАЗИК, ЗА УСПЕШНО ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

# THE IMPORTANCE OF KEY NATIVE LANGUAGE PROFICIENCY FOR THE PROCESS OF LIFE-LONG LEARNING

**АПСТРАКТ:** Во овој реферат ќе го наведеме значењето на клучната компетенција комуникација на мајчин јазик, за успешно вклучување во процесите на доживотно учење. Исто така ќе обрнеме внимание на вештините за читање, кои придонесуваат не само за развој на личноста, туку и за развој на образовниот процес во целина. Вештините за читање и пишување треба да се подобрат, бидејќи едноставната комуникација не може да ја замени употребата на стандардниот јазик. Развојот на компетенцијата комуникација на мајчин јазик е неопходна особина на секој културен човек. Исто така го истакнуваме и значењето на суштинското знаење како и на вештините и ставовите поврзани со клучната компетенција комуникација на мајчин јазик. Компетенцијата комуникација на мајчин јазик бара личноста да има знаења од областа на основниот вокабулар, функционалната граматика и функциите на јазикот, способности за пишување и читање на различни видови на текстови, собирање и обработка на информации, употреба на помагала, како и формулирање и изнесување на свои лични аргументи на убедлив начин соодветен на ситуацијата. Споменатите димензии на компетенцијата комуникација на мајчин јазик се од суштинска важност за развојот на диференцирана, интеркултутурна комуникација како суштински аспект на развојот на човековата личност.
**Клучни зборови:** компетенција, комуникација, јазик, учење, вештини, знаења, ставови, образование, пракса, образовен процес.

**ABSTRACT:** This essay introduces the importance of key native language proficiency for the process of life-long learning. Other aspects that will be referred to are the reading skills, which are considered very important for the evolution of the individual as well as for the evolution of the educational process in general. In regard to this, it is considered that the reading and writing skills should be upgraded because the simple communication in a mother tongue cannot replace the use of the standard language. Additionally, the importance of the essential knowledge as well as the skills and the outlooks related to the key native communicative competence are pointed out throughout the essay. The key native communicative competence imposes certain aspects the individual has to know about and those are: basic vocabulary, functional grammar and the functions of the language, writing skills and reading skills for reading different types of texts, collecting and processing information, usage of tools as well as forming and presenting personal arguments in a convincing way, which is appropriate to the situation. These dimensions of the native communicative competence are considered to be of an essential value for the development of a differentiated, intercultural communication, which is a vital aspect in the evolution of the individual.
**Key words:** competence, communication, language, learning, skills, knowledge, standpoints, education, practice, educational process.

Компетенцијата комуникација на мајчин јазик е една од клучните компетенции за успешен развој на капацитетите за учење како еден од условите за вклучување во процесот на доживотно учење или во сферата на трудот. Оваа компетенција го олеснува учеството во еден поширок контекст на доживотно учење и придонесува за социјална интеграција и личен развој

на индивидуата. Развојот и одржувањето на оваа компетенција е клучно како за развојот на личноста на ученикот така и за развојот на образовниот систем во целина.

Учењето во секој период од животот особено зависи од вештината на читање. Иако во рамки на образовниот процес пишаните информации често се надополнуваат со усна комуникација, сепак поголемиот дел од материјалот за учење сеуште è, а и во блиска иднина ќе биде организиран на начин кој ќе бара широк спектар на вештини на читање.

Вештините за читање вклучуваат способности на многу различни нивоа, од едноставна идентификација на информацијата, до покомплексна способност која вклучува интерпретација и евалуација. Исто така различните литературни форми како што се проза, поезија и драма бараат специфечен начин на читање.

Врз основа на тоа може да се констатира дека компетенцијата комуникација на мајчин јазик ги опфаќа не само граматичките и лексичките правила, туку и стилистиката и севкупноста од неопходни изразни средства од сите системи, како што се науката, техниката и општествено-политичкиот живот.

Линвистот Виноградов (http://www.mojaskola.me) во овој контекст вели:„Високата култура на устен и писмен говор, доброто познавање и развиеното чувство за мајчин јазик и вештината да се искористат неговите изразни средства, е најдобра потпора, најверна помош и најсигурна препорака за секој човек во неговиот личен живот и творечка дејност".

Со цел учениците што подобро да пишуваат и говорат на литературен јазик, би требало таков јазик да слушаат од своите наставници во училиштето. Заедничка карактеристика на денешната ера на комуникација е привлечноста да се комуницира со употреба на кратенки и симболи, особено при електронската комуникација (преку e-mail и sms пораки). Неверојатно е тоа што многу млади и возрасни имаат проблем да разберат што мислат и чувствуваат оние со кои не користат исти шифри.

Доколку возрасните продолжат да ја поддржуваат оваа пракса на сè помало значење на диференцираното и структурираното изразување, се поставува прашање како децата т.е. учениците ќе се запознаат со вистинската вредност од правилната употреба на јазикот и ќе ја прифатат како значајна. Во овој контекст неопходно е да се истакне дека едноставната елоквенција не може да ја замени употребата на стандардниот јазик.

Поради тоа главна задача на наставникот по мајчин јазик е да ги увери учениците дека развојот на компетенцијата комуникација на мајчин јазик е неопходна особина на секој културен човек.

Теоретичарите (2007: 91) врз основа на емпиристички истражувања увиделе дека за да се биде компетентен корисник на јазикот значи не само да се поседува знаење од областа на јазикот туку и способност и вештина за активирање на тоа знаење во чинот на комуникација.

## Суштинско знаење, вештини и ставови поврзани со клучната компетенција комуникација на мајчин јазик

Знаењата, вештините и ставовите потребни за вклучување во сите сфери на животот се менуваат. Системот на образование и обука треба да им овозможи на индивидуите да ги обноват и прошират постоечките знаења, вештини и ставови, како и да усвојат нови со цел да бидат оспособени да се носат со предизвиците на работното место и во општеството во целина.

Компетенцијата комуникација на мајчин јазик бара личноста да има знаења од областа на основниот вокабулар, функционалната граматика и функциите на јазикот. Таа вклучува и сознание за главните типови на вербална интеракција низа на книжевни и некнижевни текстови, основните карактеристики на различни јазични стилови и искази и променливоста на јазикот и комуникацијата во различен контекст.

Според препораките на Комисијата за европската **заедница** (2005: 13), личноста треба да има **вештини** да комуницира во усна и писмена форма во мноштво комуникациски ситуации, да набљудува и да ја прилагоди сопствената комуникација согласно барањата на ситуацијата. Компетенцијата комуникација на мајчин јазик исто така вклучува и способности за пишување и читање на различни видови на текстови, собирање и обработка на информациите, употреба

на помагала, како и формулирање и изнесување на свои лични аргументи на убедлив начин соодветен на ситуацијата. Позитивниот **став** кон комуникацијата на мајчин јазик подразбира учество во критички и конструктивен дијалог, почитување на естетските квалитети и подготвеност да се вложат напори за нивно достигнување како и интерес за интеракција со другите.

Како што може да се забележи релативно лесно е да се определи кои знаења, вештини и ставови стојат во основата на компетенцијата комуникација на мајчин јазик, но способноста за употреба не е едноставно да се опише.

Се смета дека (2007: 91), во тој аспект на комуникациската компетенција се вклучени разни когнитивни и афективни фактори кои по својата природа тешко се достапни за емпириско истражување. Од таа причина сеуште се бараат теоретски и емпириски одговори на прашањата за способноста за комуникација од една страна и факторите за стварна т.е. вистинска употреба на јазикот од друга страна. Голем број на истражувачи сметаат дека е практично невозможно да се мерат сите компоненти на компетенцијата комуникација на мајчин јазик.

## Заклучок:

Ефективната комуникација на мајчин јазик е основа за социјална интеракција на сите нивоа на образование. Ова ја наметнува потребата од значително внимание на оваа компетенција во рамки на образовниот процес. Најзначајно од сè е во рамки на образовниот процес да се развива праксата на употреба на стандардниот јазик т.е. да се практикува да се употребуваат формулации кои овозможуваат дискутираните прашања да се сфатат објективно, а не на субјективен или емоционален начин. Оваа фундаментална определба е уште позначајна во мултикултурни средини каде што е потешко објективно да се прикажат своите ставови пред другите луѓе инволвирани во комуникацијата при што се зголемува потребата за објаснување односно толкување на реалноста.

Споменатите димензии на компетенцијата комуникација на мајчин јазик се од суштинска важност за развојот на диференцирана, интеркултутурна комуникација како суштински аспект на развојот на човековата личност.

Отсуството на развој на компетенцијата комуникација на мајчин јазик неизоставно го наметнува прашањето за можноста од успешен развој на комуникацијата на странски јазик и останатите компетенции.

## Користена литература:


1. Bagarić, V., Mihaljević-Djigunivić, J. 2007: Metodika, Vol.8, br.1, Učiteljski fakultet, Zagreb;
2. Ѓорѓевиќ, Ј., 2009: Настава и учење у савременој школи, Учитљски факултет, Београд;
3. Европска Комисија, 2003: Тековен извештај за активностите кои следат по резолуцијата на Советот на Европа за доживотно учење од 2002, Земјите на ЕУ и ЕЕА/ЕФТА, Примена на стратегиите за доживотно учење во Европа, Брисел;
4. Commission of the European Communities, 2005: Recommendation of the European parliament and of the council on key competences for lifelong learning, Brussels.
5. http://www.mojaskola.me
6. Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 со придружни програмски документи, 2006: Министерство за образование и наука, Скопје.

**професор д-р Методија Анѓелески**
«ФОН Универзитет», angeleskimetodija@yahoo.com
**пом. асс. Софка Хаџијевска**
«ФОН Универзитет», sofka.hadjijevska@fon.edu.mk
**Николина Габерова**
«ФОН Универзитет», nikolina.gaberova@yahoo.com
**Мартина Неделковска**
«ФОН Универзитет», m_nedelkovska@hotmail.com
**Милена Димитриоска**
«ФОН Универзитет», milena.dimitrioska@fon.mk
**Драган Милошески**
«ФОН Универзитет», draganlibero@yahoo.com

341.232(497.7:47+510):327.51.071.51
(497.7:4-672EU)

# МАКЕДОНИЈА НА КРСТОПАТ ПОМЕЃУ ЕВРОАТЛАНСКИТЕ ИНТЕГРАЦИИ И ОСТАНАТИОТ СВЕТ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА СОРАБОТКАТА СО РУСИЈА И КИНА

# MACEDONIA ON THE CROSSROADS BETWEEN THE EURO-ATLANTIC INTEGRATION AND THE REST OF THE WORLD WITH SPECIAL EMPHASIS ON THE COOPERATION WITH RUSSIA AND CHINA

**Апстракт:** Прашањето за модернизирање и постапно приклучување на Република Македонија кон развиениот свет неизбежно е поврзано со степенот на динамиката на развојот на процесите на глобализација и евроатланска интеграција.

На прилично долгиот пат кон евроатлантско интегрирање, нашата земја целосно ги исполни критериумите за влез во НАТО, а остварува евидентен напредок во спроведувањето реформи што се услов за добивање покана за започнување преговори за членство во Европската Унија.

Евентуалниот неповолен развој на настаните во поглед на изнаоѓањето решение за уште нерешениот спор за името на нашата земја (инаку, неправедно наметнат од една земја што е долгогодишна членка на НАТО и ЕУ веќе се наметнува како реална опасност Република Македонија да ја доведе во позиција на изолирана држава што во еден подолг временски период ќе биде оддалечена од глобалните општествени текови на меѓународната сцена.

Реализирањето на евроатланстките аспирации Република Македонија ја водат во стабилна безбедносна позиција на национално, регионално и меѓународно ниво, со што се овозможуваат услови за долгорочен стабилен економски и социјален развој, како и за фаќање приклучок во процесите на глобализација и модернизација во сите сфери од општествениот живот.

Како нареден момент во целата таа ситуација се наметнуваат и најновите случувања во Украина, каде Русија даде еден јасен сигнал дека на голема врата планира да се врати како глобален фактор во меѓународната политика. Секако овде не треба да се изостави и фактот дека Кина во последните неколку години има најбрзорастечка економија, што ја става во позиција да диктира и креира, па и да наметнува своја политика на меѓународната политичка сцена.

**Клучни зборови:** глобализација, стратешки партнер, национална безбедност и развој, евроатланска интеграција.

**Abstract:** The issue of modernization and gradual joining of Macedonia to the developed world is inevitably linked with the level of development of the dynamic processes of globalization and Euro-Atlantic integration .

For quite a long way towards Euro-Atlantic integration , our country fully meet the criteria for NATO membership , attendance and progress achieved in the implementation of reforms as a condition of receiving an invitation to start accession negotiations with the European Union .

Possible adverse developments in regard to finding a solution to the dispute still unresolved name of our country ( otherwise unjustly imposed by a country 's long-standing member of NATO and the EU have already imposed as a real threat to the

Republic of Macedonia in the lead position of isolated state that a longer period of time will be removed from global social trends on the international scene .

The implementation of Euro-Atlantic aspirations Macedonia guide in stable security positions at national, regional and international level , thus enabling conditions for stable long-term economic and social development , as well as capture plug in processes of globalization and modernization in all spheres of social life .

As a next point in this whole situation and impose latest developments in Ukraine , where Russia gave a clear signal that she plans to return on a great door, as a global factor in international politics . Of course this should not omit the fact that China in recent years has the fastest growing economy , which puts her in a position to dictate and create, even impose its own policy on the international political scene.

**Key words:** globalization, strategic partners, national security and development, euroatlanthic integration.

Глобалното економско поврзување го забрзува растежот и го зајакнува капацитетот на националните економии, меѓутоа, творците и поттикнувачите на процесите на глобализација се уште немаат јасен одговор на прашањето: дали ваквите процеси ќе овозможат брзо премостување на евидентните национални, етнички и други конфликти или противречности што закономерно се јавуваат во некои ниско развиени посткомунистички земји, со оглед дека нивната кревка демократија и нестабилност негативно се одразуваат врз регионалната безбедност?

Глобализацијата го „растресе" воспоставениот начин на живот особено во оние општества (тука спаѓа и македонското) чии што институции не се прилагодени или тешко се прилагодуваат на потребите за рационализација и модернизација. Тоа, пак, кај некои луѓе предизвикува определени стравувања за ефектите од претстојните иновации и предизвици што со себе ги носат брановите на глобализација и интеграција како незапирливи планетарни процеси.

Тие бранови постапно ќе ги заплискуваат сите меридијани во светот, и тоа зависно од подготвеноста на општествата за преструјување и за зајакнување на демократските капацитети одделно на секоја држава како неопходен услов за фаќање приклучок кон неизбежните светски процеси на глобализација и интеграција.

Глобализацијата е процес што ги збогатува културите, но истовремено го разбудува и чувството на страв за сопствениот идентитет. Токму поради ова некои автори потенцираат дека „со глобализацијата секој идентитет е доведен во опасност поради разводнување или губење" (Магрис, К., 2003: 77).

Ние не можеме да го одвоиме нашето локално делување од широкото општествено влијание кое се протега низ цела планета. Огромната разноликост на производи која ние сме научени да ја гледаме по супермаркетите е одраз на низа сложени економски и општествени врски, врски кои мора да признаеме, ги зближија луѓето одалечени со илјадници километри, многу повеќе отколку порано. На глобализацијата не треба да се гледа само како на развој на општествените и економските системи на светско ниво. Глобализацијата е и феномен со локален карактер - феномен кој влијае на нашиот секојдневен живот[1].

Дали денес може да се зборува за било каква рамноправност во размената на културни и духовни вредности помеѓу светските велесили и малите држави? Вистина е дека денес објективно постојат многу подобри услови за развивање на таа слободна размена на идеи, но за жал тоа е повеќе идеал, отколку реалност. Наместо слободна размена на вистински вредности, ние денес имаме размена на негативен екстремизам во речиси сите области на човековото делување, појава која најмогу се шири преку средствата за масовна комуникација. Огромните разлики кои произлегуваат од економската развиеност и богатство, концентрираната политичка

1 Gidens E., Sociologija, Centar za izdavacku delatnost, Beograd, 2007, стр.55

моќ, наспроти сиромаштвото, политичката инфериорност и економската зависност на дугите држави се доволен показател за доминацијата над националниот идентитет на малите земји.

Република Македонија како земја во транзиција вложува евидентни и меѓународно верифицирани чекори за фаќање приклучок кон процесите на глобализација и евроатлантска интеграција, со што покажува дека има капацитет да се модернизира и да му се приклучи кон развиениот свет. Стремежите за членство на Република Македонија во ЕУ и НАТО е процес на глобализација; големата желба за привлекување странски инвестиции и за учество на светскиот пазар, исто така, е процес на глобализација.

Балканот за време на постсоцијалистичката трансформација се најде растргнат меѓу минатото, сегашноста и иднината, меѓу модернизацијата и повторното оживување на традицијата.

Единствен начин што води кон сигурна трансформација на посткомунистичка Македонија и на другите држави на Балканот (кои што претставуваат периферија на Европа) е создавањето и негувањето модерен демократски концепт на држава и општество по примерот на развиените демократии. Балканот може да се консолидира само ако се создадат услови за демократски развој и доколку доследно се почитуваат човековите права и слободи.

Низ ваквите трасирани патеки по кои се движи Република Македонија се стреми да го зачува суверенитетот и интегритетот низ процесите на глобализација и интеграција по примерот на другите земји. Меѓутоа, неспорен е фактот дека во современи услови нациите многу повеќе се соочуваат со ризици и опасности отколку со отворени непријатели на нивните граници, така што мора одново да ги осмислат нивните идентитети во моментот кога старите форми на геополитика стануваат застарени. како што со право смета Ентони Гиденс (Гиденс, 2003: 17). Без долгорочна консолидација на односите со балканските држави (и тоа првенствено преку поттикнување и развој на демократијата, како и со доследно почитување на човековите права и слободи), илузорно е дури и да се помислува на искрена соработка, заемно почитување и толеранција за различноста во секој поглед.

Трасираните патишта во два правци (изнаоѓање место под безбедносниот „чадор" на НАТО; приклучување во семејството на обединети европски народи) водат кон долгорочна стабилност, гарантирана национална и регионална безбедност, како и кон забрзан стопански растеж што ќе значи постапно извлекување на нашата земја од долготрајната економска криза и масовна невработеност (досега незабележана во современата историја на Балканот и пошироко во Европа).

Република Македонија е неопходно да изгради цврста надворешна политика која ќе има свој долгорочен континуитет и ќе дава јасна порака на силните држави и сегашните и идни потенцијални стратешки партнери дека станува збор за земја која навистина сака да стане дел од големото семејство. Во спротивно, и се додека ние го имаме актуелниот ортодоксен спор со јужниот сосед, се добива општа слика и впечаток дека стратешкиот партнер кон кој тежнееме ни праќа измешани сигнали со што ни укажува дека не постои (барем не во некој иден период) силна политичка волја која претставува постулат за наше членство во Евроатланското семејство. Одовде се наметнува и потребата Македонија да успее да изгради една сосема нова визија и притоа да си постави конкретни мисии и цели кон кои освен што во иднина ќе тежнее да ги оствари, ќе започне да размислува и да гради стратешки, добри билатерални и економски односи, не само со досегашните за неа круцијални стратешки партнери ами и со ние кои што се јавуваат како нови глобални фактори на меѓународната политичка сцена (Русија и Кина).

Оваа потреба се наметнува од фактот што егзистираме како држава во глобален свет и доколку се базираме на она кое го диктира палката на еден и единствен за нас стратешки партнер, би створиле вакуум простор за самите себе во процесите за развој како на економски така и на општествен план, што само по себе значи дека додека остатокот од светот се развива ние стоиме во место. Со пронаоѓање на нови стратешки партнери за Македонија би се отвориле нови хоризонти и перспективи за зацврстување на нејзините позиции на балканската и на европската сцена.

Со тоа Македонија ќе биде пример дека сепак постои начин да се изгради сосема

функционален мост меѓу Истокот и Западот, а притоа методите и начините за изградба би биле сосема безболни (без притоа да се повредат нечии идеологии, начини на размислување, на делување, културолошки гледишта, економски принципи, како и национални и верски уверувања).

**Користена литература**


1. Gidens E, Sociologija, Centar za izdavacku delatnost, Beograd, 2007
2. Micovic V., Globalizacija I novi svetski poredak, Cigoja stampa, Beograd, 2001
3. Angjeleski M, Глобализацията и нейното въздействие върху сигурността на Македония, Научна конференция ВСУ "Черноризец Храбър", ISBN 978-954-715-567-1, 2012
4. Ивановски, З., Ангелески, М. Безбедносни системи, COBISS.MK- ID 62542090, ISBN 9989-2488-0-X, Скопје, 2005
5. Митровић, Љ., Изазови и алтернативе у савременим процесима развоја, регионализацијае и европеизације Балкана, Свен, Ниш. 2003
6. ZNet, Corporate Globalization, Korea and International Affairs, Noam Chomsky interviewed by Sun Woo Lee, Monthly Joongang, 22 fevruary 2006.

**Проф.д-р Јованка Денкова**
Универзитет „Гоце Делчев" Филолошки факултет Штип, Р. Македонија e-mail: jovanka.denkova@ugd.edu.mk

821.163.3-93-31.09

# ДНЕВНИЧКИ ЗАПИСИ ВО МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНОСТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ

# DIARIES IN MACEDONIAN LITERATURE FOR CHILDREN AND YOUTH

**Апстракт:** Овој труд го истражува прашањето на дневничките записи во современата македонска книжевност за деца и млади. За таа цел, ќе се работи врз текстот на романите„Втората смена" од Велко Неделковски, и „Девојките на Марко" од Оливера Николова. Се разбира, овде можат да се вклучат и други дела, но останува фактот дека ваквиот тип на нарација не е многу застапен во современата македонска проза за деца и млади.

**Клучни зборови:** дневник, македонска литература, Велко Неделковски, Оливера Николова.

**Abstract:** This paper explores the issue of diary in modern Macedonian literature for children and youth. To this end, we will work on the text of the novels "Vtorata smena" of Velko Nedelkovski and "Devojkite na Marko" by Olivera Nikolova. Of course, this can include many other works, but the fact remains that this type of narration is not very present in contemporary Macedonian prose for children and youth.

**Key words:** diary, Macedonian literature, Velko Nedelkovski, Olivera Nikolova.

## Вовед

Пред да почнеме со разгледување на корпусот дела кои можат да се окарактеризираат како дневник, можеби најдобро е најпрвин да се осврнеме на тоа "што е дневник?".

Во Дигиталниот речник на македонскиот јазик, зборот дневник е објаснет како „книга во која се запишува што се работи секој ден или се забележуваат настани и впечатоци од текот на денот"[1]. Инаку, зборот „дневник" потекнува од латинскиот збор "diarium" (од "dies", со значење day-ден). Во Оксфордскиот речник[2], зборот „дневник" е преведен како "книга во која се врши дневно бележење на настаните и искуствата". Според Concise Oxford Companion to the English Literature, дневникот е "секојдневна хроника на настаните", а луѓето кои пишуваат дневници најчесто ги забележуваат личните и интимни настани и мисли, па според тоа дневниците можат да бидат поделени во две категории: интимни и анегдотски. На ова, се додава и класификацијата според полот на запишувачот. Се истакнува дека женските автори комуницираат поинтимно во своите дневници, додека мажите повеќе се концентрираат на факти и настани. Понатаму, се укажува и на друга поделба на дневниците според односот автор-читател, или со други зборови, која е целта на авторот, дали тој сака неговиот дневник да биде објавен, па затоа пишува за читатели, или тој само води евиденција за себе. Влашин (Vlašin), заедно со Ледербукова (Lederbuchovà), потенцира дека писмото уште се нарекува и "автентичен дневник", и ова се однесува на патописите, мемоарите, автобиографиите, кои, според Ледербукова, можат да се сместат во категоријата на стилизирани дневници – дневници за кои има намера да се печатат. Последната поделба произлегува од опозицијата фикција-нефикција. Автентичните и стилизирани дневници претставуваат нефикционален дел од овој жанр, додека дневниците-романи се фикционален дел. Кај фикционалните дневници, Питер Мортон разликува псевдо-дневник и дневник-иронија/потсмев. Понатаму, тој прецизира дека кај псевдо-дневниците се прави обид фикцијата да се претстави како реален дневник, наводно напишан од протагонист и

1 Дигитален речник на македонскиот јазик, www.makedonski.info/show/дневник/м, преземено на 11.01.2014.
2 http://www.oxforddictionaries.com/definition/english/diary, 11.01.2014

дека има многу мал, или воопшто не постои јаз меѓу лицето кое го пишува дневникот-нараторот и читателот. За пример, тој посочува дневници, кои всушност се пародија на традиционалните дневници, но она што се иронизира во нив, тоа е миметичката амбиција на романот, а не на пишувачот на дневникот. Во дневникот- иронија/потсмев, меѓу оној кој го води дневникот и самиот дневник е ироничен. Овде линијата меѓу илузијата и автентичноста е многу тенка. Овие дневници, во суштина се хуморно интонирани и секогаш имаат несигурен/неверодостоен наратор-дневничар“[3]. Според Питер Мортон, во неговата статија „Наративните стратегии во фиктивниот дневни“, фиктивниот дневник е посебен вид на нарација за измислени настани во прво лице и во таа смисла е мошне близок со други литературни форми како што се фиктивните автобиографии или мемоари. Самиот фиктивен дневник има долга традиција – реалистичната новела. Овде се посочуваат и можностите на фиктивните дневници: дискретен внес поврзан календарски и претставен во временски секвенци, создавање на впечаток за непосредност со помош на минимални јазови помеѓу настаните и нарацијата, ретроспективен раскажувачки упад, максимализирање на документарната илузија па дури и до точка на внесување на навидум “празни” информации во дневникот“[4].

### „Девојките на Марко“ од Оливера Николова[5]

Овој роман навидум не започнува како дневник. Композициски, романот е поделен на 6 целини, кои се надоврзуваат една на друга. Секоја целина е насловена според првите шест денови во неделата. Тоа е направено интенцијално, затоа што нараторот – Славе, прави план како да ги помине шесте денови со својот постар брат Марко, кој си доаѓа на распуст од војска: „Планот ми изгледаше одличен. Јасно, тој беше лично поврзан само со мене – но како можеше да биде поинаку? (стр.8)“. Но, она што не го знае Славе е дека Марко одвај чека тие денови да ги помине со својата девојка Роска, па не сакајќи да го разочараат малиот Славе, создаваат интрига дека на Марко му е потребна девојка: „Истиот час почнаа моите неволи што траеја во текот на целата седмица, а кои и ден-денес не можам да ги заборавам (стр.23)“. Од оваа наративна секвенца се гледа дека нараторот го пишува дневникот по одредена временска инстанца. Девојката треба да ја најде токму Славе кој најпрвин треба да се сретне со сите нив. Но „за чудо“, сите девојки се непријателски расположени кон Марко, а пројавуваат желба да се дружат со Славе. Тој таков, чувствителен кон нив и не сакајќи да ги навреди, а особено чувствувајќи дека се жртвува за брата си, со својот скромен џепарлак, се обидува да им угоди на сите девојки и ги води во слаткарница, на кино, на базен, итн. Се разбира, дека заговорот не останува неоткриен, заради што Славе малку се разочарува, но не се откажува и до крај сака да им угоди на сите, иако мора да констатира дека планираните „војнички активности“ со брат му Марко, ќе мора да ги одложат за друг пат. Дневникот трае колку што трае и отсуството на Марко, односно завршува со неговото испраќање на возот, истиот оној воз кој шест дена пред тоа го донел Марко дома, но ситуацијата е сосема различна, зашто ликот, како што обично се случува на крајот на ваквите прозни нарации: „И овој воз, со кој замина Марко, беше исто така обичен воз, како и оној со кој пристигна мојот најстар брат, Но, јас веќе зачекорував во младоста, и со него, помнам, исчезна и последниот мој страв пред светот на возрасните и – пред девојчињата, без кои ни едно момче не може вистински да порасне (134)“. Ликот-наратор никаде не открива дали/дека пишува дневник, но настаните во тие шест дена се детално опишани со сите активности на малиот и премногу зафатен Славе од утро до мрак.

### „Втората смена“ од Велко Неделковски[6]

И овој роман е со слична структура. И во него, настаните кои се опишуваат во дневникот на Николче кој заминува на петнаесетдневно летување во детско летувалиште во Струга, се

3 The concise Oxford Companion to the English Literature, Definiton of the genre, ed.Margaret Drabble and Jenny Stringer, Oxford: Oxford U P, 1990. http://is.muni.cz/th/145339/ff_b/BAThesis-FinalVersion.pdf.10.01.2014, 11.01.2014

4 Morton, Peter. “Narrative Strategies in the Fictive Diary: An Abstract.” 11.01.2014. <http://ehlt.flinders.edu.au/humanities/exchange/asri/lw_symp/P_Morton_abstract.pdf>

5 Оливера Николова, Девојките на Марко, Детска радост, Скопје, 1999.

6 Велко Неделковски, Втората смена, Просветно дело, Скопје, 2004.

редат ден за ден, и доследно, хроничарски се бележат. Романот има една воведна глава во која ни се дава информацијата дека шестоодделенецот Николче родителите го запишале да оди сам на летување, на што тој особено се радува: „За прв пат без домашните. Сам (9)". Втората глава започнува со датирање на деновите и насловување (Вторник, 15 јули, Поаѓање) и сè до крајот, авторот на романот, детално, ден по ден, ќе ги следи доживувањата на Николче во одморалиштето. Откако „го преживува" засрамувачкото однесување на неговите при испраќањето, Николче се впушта во склопување нови пријателства, појава на првите симпатии: „Маргарита имаше крупни црни очи. Во нив беше преместено сето езеро, и сонцето, и летувалиштето, и...Што се случува со мене, како да сум маѓепсан? (стр.36)", првото љубовно разочарување: „Летувалиштето наеднаш стана празно, пусто. А сите деца беа тука...Станувам заборавен, пак не знам што ручавме (99)", соочување и запознавање нови карактери, задевања, општествено корисна работа во кујната, средба со асоцијални појави како ситни кражби и сл. Сето тоа, придонесува Николче да порасне, да се збогати со многу нови сознанија за животот и луѓето. Во овој роман, ликот свесно нè информира дека пишува дневник, се срами од тоа, но и сака да ги сочува своите мисли и чувства: „Дневников ќе го скријам. Ако некој ме затекне кога пишувам во него, ќе излажам дека ги прераскажувам лектирите (40)". Вторпат го спомнува дневникот на стр.115: „Дневников продолжувам да го пишувам на друга, нова тетратка. Првата имаше педесет лисја и ја испишав до крајот. Ја скрив на дното од мојата патна торба, подалеку од љубопитни очи и закачливи раце".

**Литература**

1. Дигитален речник на македонскиот јазик, www.makedonski.info/show/дневник/м, преземено на 11.01.2014.
2. http://www.oxforddictionaries.com/definition/english/diary, 11.01.201
3. Morton, Peter: Narrative Strategies in the Fictive Diary: An Abstract. 11.01.2014.
4. <http://ehlt.flinders.edu.au/humanities/exchange/asri/lw_symp/P_Morton_abstract.pdf>
5. Неделковски, Велко: Втората смена, Просветно дело, Скопје, 2004.
6. Николова, Оливера: Девојките на Марко, Детска радост, Скопје, 1999.
7. The concise Oxford Companion to the English Literature, Definiton of the genre, ed.Margaret Drabble and Jenny Stringer, Oxford: Oxford U P, 1990. http://is.muni.cz/th/145339/ff_b/BAThesis-FinalVersion.pdf.10.01.2014, 11.01.2014

**Доц. Д-р Горан Илиќ**
Правен факултет, Универзитет “Св. Климент Охридски” – Битола

911.3:32]-027.511(100)

# ПОСТ – АМЕРИКАНСКИ СВЕТ: НОВАТА ГЛОБАЛНО - ПОЛИТИЧКА РЕКОНФИГУРАЦИЈА

# THE POST – AMERICAN WORLD: THE NEW GLOBAL POLITICAL RE-CONFIGURATION

**Апстракт:** Предметниот труд претставува преглед на есенцијалните параметри и манифестации на пост – американскиот свет, аспектиран низ призма на новата геополитичка реконфигурација на глобалната политичка моќ и појавата на новите големи сили и брзорастечки економии олицетворени во: Кина, Русија, Бразил, Јужно – Африканската Република и Индија. Дотолку повеќе, овој труд ги артикулира главните премиси на создавањето на овој нов светски поредок, претходно иницииран со слабеењето и редукцијата на унилатералната надворешно – политичка моќ на САД и нејзините ефекти врз меѓународните односи. На крајот, во трудот се заклучува дека станува збор за создавање на нов светски поредок кој ќе се карактеризира со постоење на една супер – сила (се мисли на САД) и неколку други големи сили.
**Клучни зборови:** глобална политика, нов светски поредок, пост – американски свет.

**Abstract:** This paper is an overview of the essential parameters and manifestations of the post – American world, aspectuated through the prism of new global political reconfiguration of the global political power, and the emergence of the new great powers and fastest-growing economies embodied in: China, Russia, Brazil, South – African Republic and India. Moreover, this paper articulates the main premises for creating of such new world order, previously accompanied with the processes of reduction and weakening of the international political power of the USA, and its effects in the international relations. At the end, we conclude that it is creating a new world order characterized by the existence of a super - power (USA) and several other great powers.
**Key words:** Global policy, new world order, post – American world.

Пост – американскиот свет претставува состојба на инхерентно реконфигурирање на глобалната политичка моќ. Од посебна важност е да се нагласи дека, не станува збор за ултимативен пад на американскиот светски поредок (промулгиран од страна на Џорџ Буш постариот), ниту пак за тотално губење на моќта на Соединетите Американски Држави (САД), туку станува збор за нејзино редуцирање и минимизирање, и појава на потребата за соработка со други меѓународни субјекти. Во контекст на тоа, еминентниот Проф. Лучио Леви, ќе се произнесе дека, крајот на американската унилатералистичка илузија, меѓудругото, зад себе остава и неколку сериозни глобални проблеми. Како на пример, нестабилност на Средниот Исток и нарушените односи со Русија[1]. Наместо да придонесе кон создавање на демократски поредок во светот, САД со својата унилатерална политика продуцираа уште поголема нестабилност. Колапсот на авганските и ирачките режими го отворија патот на нивната државна дезинтеграција, а кога државите ќе доживеат колапс, недржавните субјекти како што се терористичките групи, дилерите на оружје и дрога, ќе започнат да ја окупираат нивната територија. Исто така, американскиот унилатерализам предизвика и определени конфронтации и заладување на односите со Русија, посебно во делот за позиционирање на анти – ракетниот штит во Чешката Република и Полска, како и американската иницијатива за инклузија на Украина и Грузија во НАТО структурите. А воедно, тука може да се спомене и случајот со Украина, отцепувањето на Крим и позиционираноста на САД во однос на Русија, како прашање кое продуцира реални сомнежи во опстојот на меѓународното право во целина и неговата валидност во однос на меѓународната политика. Покрај тоа, таков

1 Lucio Levi, The End of Unilateralist Illusion, The New Federalist, Sunday 16 September 2007, http://www.taurillon.org/The-End-of-Unilateralist-Illusion [2014]

негативен тренд претходно беше забележан и во однос на планот на Марти Ахтисари околу независноста на Косово, како чин на унилатерално кршење на Повелбата на ООН, пропратено со дестабилизирање на американско – руските односи. Според тоа, за таквата американска политика, Проф. Леви ќе потенцира дека: "таа претставува експресија на една застарена визија за светскиот поредок".[2] И тоа, светски поредок доминиран од силата и ароганцијата на САД. Што се однесува до иднината, "изградбата на новиот светски поредок, ќе треба да се фундира врз мултилатералните институции и кооперативната политика во рамки на тие институции"[3]. Од тие причини, недвосмислено може да се каже дека американската хегемонија го содржи семето на својата сопствена деструкција. За разлика од улогата на САД како "светски полицаец", способен да ги манипулира пост – воените организации како ООН и НАТО, нивната моќ започна да експандира и во другите региони и области во светот. Моќ, која кулминираше со империјалистичко – експанзионистичката надворешна политика на Џорџ В. Буш и неговата доктрина за "извоз на вредностите", како што се: демократијата, слободата и човековите права. Доктрина идентична со онаа на СССР и политиката на "извоз на социјализмот". Ескалацијата на таквата политика започна да предизвикува и *имплозивни ефекти* во американските политички структури, со разновидни внатрешни и надворешни реперкусии. Како последица на тоа, се предизвика и континуирано слабеење на американската унилатерална акција, зголемување на недовербата (посебно кај европските сојузници) пред меѓународната јавност и секако отворање на голем број на кризни жаришта ширум светот, создадени нè поради инвокација на демократската, слободарска или пак хуманистичка идеологија, туку повеќе од причини на глобалната хегемонија и "ненаситната" енергетско – ресурсна политика на САД. Што се однесува до американските загуби од ваквата унилатерална и агресивна надворешна политика, директно ги засегна и Европејците, како нејзини традиционални сојузници. Во оваа насока, авторот Марк Леонард зборува дека, САД на своите европски сојузници им нанесоа тешки последици, а најмногу преку поделбата на Европа на "стара" и "нова", и секако упорните настојувања од страна на САД, за редукција и неутрализација на европските иницијативи за создавање на Меѓународен кривичен суд (пред чиј меѓународно - правен авторитет, би биле изложени и американските злосторници, кои со своето дејствување флагрантно ги повредија цивилизациските норми на хумано и човечко однесување, па макар и во војна). Но како најмногу оштетен од ова анти – европско однесување, подвлекува авторот Марк Леонард, произлегува дека се токму САД, а не Европа, бидејќи:

> *потребата од Европа за САД, сега е поголема од кога и да било: во Авганистан мисијата се наоѓа под француска команда, во Иран, Европејците се оние кои ги водат преговорите за Оружјето за масовно уништување, во арапскиот свет, исто така Европа ги користи своите трговски, инвеститорски и дипломатски средства за поддршка на демократизацијата, а додека, во Израел и Палестина, европските пари ќе ги покријат мерките што треба да обезбедат повлекување на Ариел Шарон од Газа.*[4]

Гледано на долг рок, кога Русија, Кина и Индија би започнале да играат една поголема и поактивна улога во светот, САД ќе бидат принудени повторно да ги прифатат принципите на глобалната соработка, глобалните институции и секако меѓународното право. А од друга страна, и Европската унија (ЕУ) исто така, има потреба од една нова Америка, која ќе биде способна да се справи на еден нов начин, со новите (и новонастанатите) глобални предизвици. Станува збор за прифаќање на новите придвижувања во меѓународната политика, пропратени со појавата на новите големи сили, но најпрво брзорастечки економии како: Кина, Русија, Бразил, Јужно – Африканската Република (ЈАР) и Индија (Табела 1.).

---

2 Ibid.
3 Ibid.
4 Mark Leonard, Why Europe will run the 21st Century, Public Affairs – New York, 2005. стр. 132.

Табела 1.

| Земја | Население | БДП | Извоз | Увоз | БДП per capita (PPP) |
|---|---|---|---|---|---|
| Бразил | 201,046,886 | $2,695.9 bn | $256.0 bn | $238.8 bn | $13,623 |
| Русија | 143,451,702 | $2,021.9 bn | $542.5 bn | $358.1 bn | $17,708 |
| Индија | 1,210,193,422 | $1,824.8 bn | $309.1 bn | $500.3 bn | $3,829 |
| Кина | 1,354,040,000 | $8,227.0 bn | $2,021.0 bn | $1,780.0 bn | $9,161 |
| ЈАР | 51,770,560 | $384.3 bn | $101.2 bn | $106.8 bn | $11,375 |

(Извор: World Economic Outlook. International Monetary Fund. April 2013)

Ваквата нова глобално политичка реконфигурација, претставува манифестација токму на пост – американскиот свет. Имено, пост – американскиот свет треба да се третира како свет во кој САД сеуште ја задржува својата моќ, но за сметка на тоа, ја менуваат својата стратешка култура, овој пат акцептирајќи го концептот на мултилатерална соработка, наспроти агресивниот унилатерализам. Бидејќи, она што доаѓа со таквите геополитички и геоекономски промени на светско ниво, подразбира вклучување на повеќе меѓународни субјекти во креирањето на глобално – политичката и глобално - економска клима.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Она што може да се заклучи од презентираното, е тоа дека станува збор за светски поредок при чие настанување се врши реконфигруација на постојните меѓународни субејкти во поглед на нивната интеракција, односно појава на нови големи сили (најпрво брзорастечки економии) со кои САД во иднина би биле принудени да соработуваат наместо да се конфронтираат. Како своевидна парадигма на таквиот поредок, би била синтагмата "*the rise of the rest*", односно подемот на другите, посебно мислејќи на Русија, Кина, Индија, ЈАР и Бразил. Сето тоа, укажува на фактот дека, пост – американскиот свет ќе биде ера на дифузија (наместо униполарна концентрација) на глобалната политичка моќ, како помеѓу државите, така и помеѓу другите *недржавни* меѓународни субејкти (на пример: ЕУ). Или како што тоа го формулира и германската канцеларка Ангела Меркел во својот говор одржан на конференција "*New World, New Capitalism*" во Париз 2009 година: "многу народи се борат со идејата за отстапување на нивниот национален суверенитет. Но ние преку кризата осознавме што може да се случи доколку не ја координираме регулаторната средина (...) Бидејќи, ниту една нација – ниту пак моќната САД – повеќе нема да може да создаде нов светски поредок по свој вкус, доколку истата не се *координира со другите*. Поради тоа, јас верувам дека ние во кризата треба да видиме можност за реструктуирање на меѓународната институционална архитектура"[5]. Таквиот светски поредок, теоретичарот Семјуел Хантингтон го категоризира како "уни - мултиполаризам", или поредок во кој САД, сеуште останува да биде доминантна моќ, но истата ќе биде опкружена со новите големи сили, со кои ќе треба таа моќ да ја споделува. Односно светски поредок кој ќе се карактеризира со постоење на една супер – сила (се мисли на САД) и неколку други големи сили.

## БИБЛИОГРАФИЈА


1. Fukuyama Francis, The End of History? The National Interest, 1989,
2. http://www.wesjones.com/eoh.htm [2014]
3. Leonard Mark & Popescu Nicu, a Power Audit of EU-Russia Relations, London, ECFR November 2007.
4. Leonard Mark, Why Europe will run the 21st Century, Public Affairs – New York, 2005.
5. Levi Lucio, The End of Unilateralist Illusion, The New Federalist, Sunday 16 September 2007, http://www.taurillon.org/The-End-of-Unilateralist-Illusion [2014]
6. O'Brien Michael D., Globalization and the New World Order, стр. 3. http://www.lifesitenews.


5 Michael D. O'Brien, Globalization and the New World Order, стр. 3. http://www.lifesitenews.com/ldn/2009_docs/GlobalizationFinal.pdf [2014]

com/ldn/2009_docs/GlobalizationFinal.pdf [2014]

7. Schuette Rolf, EU - Russia relations: Interests and Values - A European Perspective, Carnegie Endowment for International Peace, Number 54, December 2004.
8. World Economic Outlook. International Monetary Fund. April 2013.
9. Zakaria Fareed, The Post-American World, W. W. Norton & Company, New York, 2008.

**Е.Л. Яковлева**
ИЭУП (г. Казань), mifoigra@mail.ru

УДК:130.2”20”

# ИНТЕРПРЕТИРУЯ Л. КЭРРОЛЛА ПО-ПОСТ-ПОСТМОДЕРНИСТСКИ…

# INTERPRETING L. CARROLL ON-POST-POSTMODERN …

**Аннотация:** В статье объектом исследования выступает современная культура. Автор, реконструируя текст книги Л. Кэрролла, рассматривает современность как мир Зазеркалья. Его ключевыми чертами становятся абсурдность бытия, отсутствие смысла, игровое начало, вера в чудо, иллюзорность, быстротечность времени, гламуризация жизни. Зазеркалье ввиду своей оборотности/кризисности неизбежно приведет обратно, в Зеркало.
**Ключевые слова и фразы:** Зеркало, Зазеркалье, инверсия, пространство, иллюзия, время, форма жизни, гламуризация.

**Abstract:** In article as object of research the modern culture acts. The author, reconstructing the text of the book of L. Carroll, considers the present as the World behind the looking-glass world. Absurdity of life, absence of sense, the game beginning, belief in a miracle, illusiveness, transience of time, life glamurization become its key lines. The world behind the looking-glass in view of the oborotnosti/krizisnost will inevitably bring back, into the Mirror.
**Key words and phrases:** Mirror, World behind the looking-glass, inversion, space, illusion, time, life form, glamurization.

Современное поле культуры – это пространство проявления сверхъестественного и виртуального, преобладания искусственного над естественным, «чума фантазий», рождающая «безумные идеи» и «немыслимые мысли». В этом культурном пространстве обнаруживают себя, находящиеся в хаотическом движении, бесконечные изменения и перемены. То, что вчера находилось в зените славы и могущества, сегодня может быть забыто, развенчано или запятнано позором. В современности все предстает «шиворот-навыворот»: вместо индивидов появляются дивиды, подвергающиеся «разборке/сборке», вместо Автора и Читателя – их смерть, вместо Абсолюта – его циничное отрицание, вместо коммуникативного пространства – «одиночество в сети», вместо морали – аморальность. Происходит смена ценностных акцентов, в результате место Смысла занимает Абсурд, присутствие заменяется отсутствием, «на смену Бытию выдвигается Ничто». В связи с этим, целью данной работы является попытка разобраться в современной культуре и, возможно, оправдать абсурдность многих ее сторон, представив современность как мир Зазеркалья путем реконструкции литературного текста Л. Кэрролла «Алиса в Зазеркалье». Обращение к Зазеркалью неслучайно: о нем вспоминают не только в связи с книгой Л. Кэрролла и ее парадоксами, но сегодня начинают рассматривать и применительно к современной культурной ситуации. Кроме того, в отличие от понятия Зеркало, Зазеркалье как самостоятельный феномен мало представлено в словарях и исследовательской литературе.

Современные люди, попав в Зазеркалье и не отдавая себе в этом отчета, живут в нем, нередко испытывая недовольство и критикуя. Когда и каким образом произошел переход в этот мир, никто не помнит (сегодня память все чаще относят к числу атавизмов). Возможно, достигнув «нулевой степени письма», люди взяли курс на понижение и деградацию всего, что связано с человеком, его экзистенциальным бытием. Успешно преодолев нулевую отметку, подобно Алисе, люди покатились кубарем вниз – в пространство со знаком «минус» и незаметно приспособились к нему. Но бытие в нем обладает специфическими чертами, каждая из которых имеет свою модальность. Рассмотрим их подробнее.

*Пространство* Зазеркалья представляет собой *инверсию* правого и левого: это оборотная сторона Зеркала, противоположное бытие-в-мире, перевернутый мир, что изначально задает ему абсурдность, карнавальность, гротесковость и ложность. В этом пространстве обитают люди

11 Kamenko M. Markovic Creativity of Nicholas Martinoski, in: Collections of the Faculty of Philosophy in Kosovska Mitrovica, no. XLII (1), Kosovska Mitrovica, 2012, p. 40

12 This is about a family of Macedonian origin. We met Carmen in 1982, as the only surviving child of that married couple. Carmen told us the story of her origin . ''My parents were Macedonians . From what I heard from my father, he ,as a boy, came with his uncle to the estate Almazel .( The property is located not far from Turn Severin and it was owned by Kosta Martin and his brother ) . Quite a large group of Macedonians worked on the farm. A few of them from the group, among whom were my future parents (Georgi and Maria) , decided to settle permanently in the area of Turn Severin . (The descendants of those Macedonians still live in this town . There are engineers and professors among them) . After a while, Georgi and Maria continued to live together. They didn't get married. After World War II, they had to declare themselves as Romanians in order to get ID cards ( with new names ) , and a job. My father was a miner whereas my mother never worked in a state firm. They loved Macedonia , and in our flat we ( quietly ) spoke Macedonian. Since our flat is located near the market, (as you know ) where people from Serbia and Macedonia came in order to to buy some Romanian products , I met some people from Macedonia who brought us the books of Macedonian poets and writers . Even today, I speak that language quite well. My parents died in the 1970s , and the painting was brought to our apartment by some relative in 1965, a few months before my father died". in 1990, fire broke out in the apartment of Mrs. Carmen, and the painting which was discussed here was destroyed.

13 A self-portrait as a special art discipline in Macedonia began to be fostered in the late 18th century . The first self-portraits were engraved by the woodcutter Peter Filipovski - " Garka " on the iconostasis in the church of St. Salvation in Skopje in 1824 and the monastery of St. John Biogorski in 1831. In addition to the self-portraits, he also engraved the portraits of his associates , shown at work behind the counter , with a chisel and a hammer in their hands .After him, Dimitar Andonov - Papradiski (1859-1954) and George Zografski ( 1871-1945 ) dealt with portraits. Zografski painted several self-portraits . Lazar Licenoski , Nikola Martinovski , Vangel Kodzoman (1904-1994) , Dimitar Avramovski - Pandilov (1899-1963) , Dimitar Kondevski (1927-1993) , Tomo Sijakovic - Sijak (1930-1998) , Jovan Dimovski (1928 - 1996) were contemporary artists who painted self-portraits.

6. Umetnost, Izložba makedonskih likovnih umetnika u Ohridu, Savez likovnih umetnika Jugoslavije, br. 2, Beograd, 1950.
7. Kamenko M. Marković, O stvaralaštvu Nikole Martinoskog, u: Zbornik radova Filozofskog fakulteta u Kosovskoj Mitrovici, br. XLII (1), Kosovska Mitrovica, 2012.
8. Kamenko M. Marković, O portretnom stvaralaštvu Đorđi Zografskog - uopšteno i o jednom nepoznatom grupnom portretu – posebno, u: Zbornik radova Filozofskog fakulteta u Kosovskoj Mitrovici, br. XLI/ 2011, Kosovska Mitrovica, 2011.
9. Katalog retrospektivne izložbe, Umetnička galerija, Skoplje, 1968
10. Ličenoski, Umetnici - članovi SANU, Ličenoski, Galerija SANU, Beograd 1980
11. Enciklopedija Likovnih Umjetnosti, Leksikografski zavod FNRJ, Zagreb,1962.

СЕКЦИЈА 2

# ПСИХОЛОГИЈА И ПЕДАГОГИЈА

**Роберт Димитровски**
ФОН Универзитет-Скопје, dimitrovski.r@Gmail.com

005.332.3

# ПРИНЦИПИ ЗА МЕНАЏИРАЊЕ НА ПРОМЕНИТЕ

**Резиме:** Промените се вечни а потребата да се справуваме со нив постојана. Постојат различни погледи врз начинот и структурата на однесувањето кон промените. Теории и модели има безброј, во зависност од погледот искуствата, амбиентот, појдовната основа, кластерот, дејноста и сл. Секој модел развива основни принципи и чекори кои помагаат да се надмине промената и проблемот кој со неа доаѓа.

**Клучни зборови:** Промени, менаџмент, принципи, чекори

**Summary:** Changes are eternal and the need to deal with them constantly. There are different views on how the structure and behavior to change. Theories and models are innumerable, depending on the view experience, the ambience, the starting point cluster, activity and so on. Each model developed basic principles and steps that help to overcome the problem and change that comes with it.

**Keywords:** Change management, principles, steps

## 1. КОНТЕКСТОТ НА ПРОМЕНИТЕ

Промените се единствена постојана категорија во природата и во заедниците на лугето. Од атмосферските до политичките, од мали до впечатливи и суштински, составен дел се на секоја организација и предизвикуваат потреба од постојано прилагодување на вработените и работните ресурси. Неминовноста на постојаното случување како филозофија на создавањето нови вредности се нарекува промена. Некогаш промените во економијата се случувале еднаш во месецот или во годината, денес во некои индустрии работите се менуваат во секунда. Имеративот на прилагодувањето во модерната економија не е никаква новина: тој постои како цивилизациска реалност исто колку и економијата, но никогаш, до денес, во толку голем замав и интензитет. Зависно од тоа колку добро ќе се подготвуваат луѓето, лидерите ќе водат, културата и институциите ќе се прошират, а информатичката технологија и комуникциите ќе помогнат – промените ќе поминуваат со многу или малку успех. Сега светот се наоѓа во информациска џунгла каде информациите секому се на дофат на раката. Пак сме на пазарот, со тоа што тој сега се наоѓа во кибернетички простор на мрежното соседство.

## 2. ПРИНЦИПИ И ЧЕКОРИ ЗА УСПЕШНИ ПРОМЕНИ

Постојат многубројни истражувања и врз нивна основа разработени методологии и врз нив создадени принципи за успешно справување со промените. Врз основа на таквите истражувања како корисни утврдени се следните принципи:

**Принцип за промена бр. 1** Промената е процес: Имплементацијата на промените трае меѓу 3-5 години, а посложени иновации, веројатно уште подолго. Ако промената се смета како процес, плановите за промена ќе бидат повеќе стратешки. Ако промената се смета како настан, плановите за промена ќе бидат практични и оперативни. Доста од промените не успеваат поради емоционални причини, затоа што луѓето при промената го губат спокојот кое често погрешно се толкува како отпор кон промените.

**Принцип бр. 2**: Постојат значителни разлики меѓу она што е предизвикано во развојот и имплементацијата на иновациите. Имплементацијата е составена од чекори и активности околу учење да го користите на иновации. За тоа треба да се инвестира многу во луѓе, време и ресурси за развој на страна игнорирајќи го ставот дека имплементација секогаш бара еднаква инвестиција на ресурси.

**Принцип бр 3**: Организацијата нема да се промени додека поединците во неа не се

променат. Рамката на Роџерс[1] која обезбедува стандардна класификациона шема за опишување на иновации во универзална смсила.Тоа е брзината според која луѓето *ги прифаќаат, или не успеваат да ги усвојат*. Постојат повеќе категории на луѓе од аспект на прифаќање на новото: 1.Иноватори, 2. Брзо прифаќање, 3. Рано мнозинство, 4. Скептици( касно мнозинство) 5. Задоцнето усвојување.

**Принцип бр. 4: Иновацијата има различни лица** : иновациите се производи, процеси, услуги.... Во зависност од иновацијата, процесот на промена може да бараат повеќе време и ресурси. Во случај на интеграција на два производа разумно да се очекуваат поврзаните процеси за промена да траат повеќе време и трошењето на ресурси да се интензивира.

**Принцип бр. 5: Интервенциите се активности и настани кои се клучни за успехот**. Луѓето се поуспешни во средини во кои на промената се навраќаме повеќекратно. Повеќето кратки настани, односно интервенции, кај клучните вработени кои се случуваат во неформална атмосфера обезбедуваат силен амбиент и држат тензија на постојаност и мобилност.

**Принцип бр. 6**: Пристапите горе-долу и долу- горе даваат резултати, но хоризонталната перспектива е најдобра. Причините се неколку: 1. Врвот никогаш нема да се откаже од контролата во областите кои ги смета важни; 2. Базата нема ниту време ниту капацитет да задвижи промени; 3. Базата ги опструира промените од страв дека тие имаат негативно дејство најнапред кон нив; 4. Раководството обично ги игнорира иницијативите на базата

**Принцип бр. 7**: Ангажираното лидерство е од суштинско значење за успешноста на долгорочна промена. Овој став поаѓа од фактот дека сепак, промените ги движат авторитетите. Колку и да има идеи, желби и иницијативи, сепак базата не може дса води промени доколку лидерот не е вклучен.

**Принцип бр. 8**: Задачите даваат резултати. Кога дадената задача е придружена со постојан контакт може да даде добри резултати. Обично пропаѓаат активностите за кои е доделена задача и на неа од страна на раководителот се заборавило.

**Принцип бр. 9**: Организацијата е главната единица за промена. Просторот во кој се работи е примарна единица на анализирање на состојбите пред да се започне со промените. Затоа, стратегиите за интервенција се насочуваат најнапред во објектот во кој се врши дејноста.

**Принцип бр. 10**: Тимската работа ја олеснува промената. Споделувањето на напорите и нивното компетентно извршување е секогаш полесно кога се прави во група.

**Принцип 11**: Соодветните интервенции ги намалуваат предизвиците на промената а секоја активност бара соодветни услови. Принципиелно промените се случуваат во амбиент кој априори е против нив. Затоа секое олеснување и креирање на опуштен амбиент е добредојдено.

**Принцип бр. 12**: Контекстот на институцијата влијае на процесот на промени. Големината и видот на објектот се важни за промените а вработените, со сопствените парадигми како главни носители на промените исто така.

## 3. ЧЕКОРИТЕ НА УСПЕШНАТА ПРОМЕНА

Сите се прашуваат која е тајната на успешноста во промените. Промената како активност на последователност и логички, каузален редослед ја карактеризираат следните чекори:

1. *Чуство на неодложност*: При промените мора да се дејствува брзо-но не брзоплето. Треба да се гради свест за неодложност. Лошиот или добар старт не зависи само од шефот (кој има значајна улога), туку и од нас самите. Затоа разработка на визија за промената наместо фобии и стравови од неа е право решение. .

2. *Создавање раководен тим*: На луѓето им се потребно освежувања. Водачите инспирираат а чувството на одговорност нив ги влечи кон повисоки дострели. Добро е кога ќе се создаде ноив, разнообразен и полифункционален тим. Довербата кај новите луѓе ќе биде силна инспирација. Тимот, демонстрирајќи посветеност и ентузијазам, треба да работи на взаемната доверба.

3. Никаде нема да стигнеме ако неправилно сме го испланирале (согледале) нашето патување. *Визијата се согледува и се гради правилно*. Мапите на иднината треба да се исцртаат внимателно водејќи сметка за ефикасноста на услугите (производот) и нивниот однос со

1 Rogers, E. Diffusion of Innovations. (4th ed.). New York, NY: The Free Press, (1995).

расходите. Нема добра визија ако не е соодветно покриена со конзистентна стратегија.

4. *Споделена визија* е следниот чекор на успешната промена. Недоволно е ако вработените само се информираат. Потребна е интеракција со прашања и целосни одговори. Само на тој начин визијата нема да биде ,,на директорот,, и од зборови ќе се трансформира во дела. Индивидуалната визи-ја никогаш нема завршница. Ќе биде или бојкотирана или опструирана ако сите не веруваат во неа и ако не ја доживуваат како своја, лична.

5. Делегирањето, е следниот петти чекор. Преку него се отстрануваат хиерархиските бариери помеѓу различните нивоа и со модернизирањето, реалната конкуренција, ослободувањето и поттикнување на мислење се добиваат нови дополнителни сили кои вцеруваат во мисијата и визијата. Реалното делегирање и избалансираниот пристап на еднакви права и обврски ги поттикнува и мотивира луѓето и ја зголемува и довербата помеќу сталежите и групите.

6. Создавање на краткорични успеси е шестиот чекор кон успешна промена. Филозофијата на краткорочниот успех ја зголемува постојано самодовербата а тоа го овозможува за релативно мали средства. Јавните смислени победи обезбедуваат дополнителен авторитет на новините и промените.

7. *Не се откажувајте* е следниот чекор. Неодложноста не смее да заврши уште со првиот чекор. Таа треба да се негува цело време. Справувајќи се со промените и постигнувајќи мали победи не значи дека големите треба да ги оставиме. Сепак описите и задачите по нив треба да се концизни за да не не оптеретуваат непотребно и дополнително.

8. *Одржливост* и последниот чекор во редицата на успешната промена. Најважно е да не се застане на 7-миот чекор, туку да се поттикнуваат и ориентираат вработените да го практикуваат новото.

9. Комплементарност, последователност, актуелност и заедништво: Ниедна од претходните мерки не може да создаде успех како изолирана активност.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Промените се константа и се случуваат. Навидум се проблематични но знаат да бидат и иснпиративни и да мобилизираат. Успешноста во справувањето со промените зависи од начинот со кого ќе се спротиставиме (развивање на методи) и чекорите кои ги практикуваме.

## ЛИТЕРАТУРА


1. Aitken P.Higgs.M., Developing Change Leadesr The Principles and Practicies of Change Leadership Development, Butterworth-Heinemann, Oxford 2010
2. Allee, V. 12 principles of knowledge management: ASTD linking people, learning and performance. (2002).
3. Argote, L., McEvily, B., & Reagans, R. (2003). Managing knowledge in organizations: An integrative framework and review of emerging themes. Management Science, 49(4),
4. Atkinson, R.D. & R. Court The new economy index: Understanding America's economic transformation. CES, Bureau of the Census 1998
5. Bareil C. and Gagnon J.,: Building employees' capacity to adapt to change , HEC Montréal, March 2004
6. Barth, S. (2002). Defining knowledge management. Retrieved August 16,2003, from www.destinationcrm.com/print/default.asp?ArticleID=1400
7. Carnall, C. Managing change in organizations. London: Prentice-Hall, 1999
8. Dawson, R., Developing Knowledge-based Client Relationships – The Future of Professional Services, Butterworth-Heinemann, Oxford, 2000 in: Oakland, J.S., Total Quality Management, Text with cases, 3rd Edition, Elsevier Butterworth-Heinemann, Oxford, Burlington, 2003, p.330 )
9. Giddens, A.;, Mitchell D.; Appelbaum, R., Carr D., Introduction To Sociology (7th ed.), New York / London: W.W.Norton & Company, 2009
10. Michael Armstrong, Kompletna menadzerska znanja, 2, Upravljanje poslovima I aktivnostima, MEO Consult, 2001

11. Pennington, G. Guidelines for promoting and facilitating change. York: Teaching & Learning Support Network – Generic Centre. (2003).

12. Santosus, M., & Surmacz, J. (2002). The ABCs of knowledge management. CIO Magazine's Knowledge Management Research Center. www.cio.com/research/knowledge/edit/

13. Смилевски Ц., Предизвикот и мајсторството на организациските промени, ДЕТРА Центар, Скопје, 1999

14. Sengi Peta disciplina, Umece i praksa organiyacije koja uči, (predgovor),Asee Books, Novi sad, 2003

**И.Трајков**
„Универзитет Св.Кирил и Методиј - Филозофски факултет„ ivantrajkov@hotmil,com

364.622-53

# МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ ВО ЗАЕДНИЦАТА ПСИХОСОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ЛИЦА СО МЕНТАЛНИ РАСТРОЈСТВА ВО ЗАЕДНИЦАТА

**Резиме:** Грижата за лицата со ментални растројства минувала низ различни периоди. Векови наназад овие лица биле препуштени сами на себе, изолирани во затвори или биле држени во нивните сиромашни семејства без никаква подршка од општеството. Лошата состојба на овие лица била согледана бо раните години од деветнаестиот век кога дошло до значајни промени во ментално здравствената грижа на овие лица. Настапила ерата на институционализација,создавање „домови„ кои за жал многу бргу станале постојани живеалишта за овие лица, притоа креирајки "институционализам/хоспитализам". Увидувајки ги недостатоците на овој вид на грижа во последните триесетина години од 20-тиот век се направени значајни чекори во подобрување на грижата за лицата со ментални растројства. Развиена е мрежа на сервиси во заедницата за заштита на менталното здравје на овие лица, вклучен е мултипрофесионален пристап во психосоцијалната заштита на корисниците на психијатриски услуги во заедницата. Психосоцијалниот третман вклучува широк спектар на интервенции во центри за ментално здравје, заштитни домови, социјални клубови, заштитни вработувања и слично. Индивидуалниот пристап кон секој корисник е од посебно значење за психијатријата ориентирана кон заедницата. Во овој труд елабориран е психосоцијалниот пристап во подршката и заштитата на менталното здравје на лицата со ментални растројства во рамките на основните сервиси во заедницата.

**Клучни зборови:** Ментално здравје, Ментално растројство, грижа во заедница

**Summary:** The care for the people with mental disorders has developed during the time. Centuries backwards these people were left alone, isolated in prisons and they were kept in their poor families without any societal support. The bad condition of these people had been taken into consideration in the early years of the nineteenth century when some major changes in the mental health care of these people had happen. The era of institutionalization, creating "homes", that very fast became permanent residence of these people; creating "institutionalism" had taken over the care for the people with mental disorders. Detecting the disadvantages of this type of care, in the last thirty years of the twentieth century are made significant steps in improving the care of people with mental disorders. A network of services in the community is developed in order to protect the mental health of these people; multidisciplinary approach is used in the psychosocial protection of the users of psychiatric services. The psychosocial treatment includes wide specter of interventions in mental health care centers, protectoral homes, social clubs, and protectoral employment. The individual approach towards every service user is very significant for the psychiatry oriented towards the community. In this paper is elaborated the psychosocial approach used in order to support and protection the mental health of the people with mental disorders in the borders of the basic community services.

**Key words:** Mental health, Mental disorders, community care

## 1.Развој на грижата во заедница

Недостатоците на хоспиталниот третман ја наметна потребата од промени во заштитата на лицата со ментални растројства. Современата психијатрија го понуди третманот во заедницата како најсоодветна алтернатива на класичната хоспитална ментално здравствена грижа. Можностите за пренесување на ментално здравствената грижа за лицата со психички растројства од клиниките во заедницата од секогаш играле значајна улога во развојот на системите за ментално здравје. Рано во 19-тиот век, лошата состојба на лицата со ментални

растројства била основа за широката поддршка и промени во здравствената грижа на овие лица. На лицата кои биле изолирани во сиромашни домови, затвори, или биле држени во своите домови без никаква помош, се гледало како на некои на кои им е потребен третман во пријатно опкружување. Ерата на институционализација која следи потоа трае повеќе од еден век. За време на овој период се создадени голем број "домови". Овие институции на почетокот биле формирани со цел за краткорочно згрижување и третман на лицата со ментални растројства. За жал моделот на институционализација, создадените „домови„ многу бргу станале постојани живеалишта и често аверзивни средини. Доколку некој бил примен во таква установа, институцијата набрзо станувала негов "дом" кој се грижел за сите негови потреби, но притоа креирајќи"институционализам/хоспитализам" – синдром кој се карактеризира со адаптација кон условите во болницата, намалување на сопствениот капацитет за функционирање, соодветно однесување и механичко егзистирање (Lehman, 1998). Кај моделот на институционализација, улогата на услугите при престојот се претвориле во одделување од природната средина и „врзување на ментално болните", отколку спроведување на третман.

Промена на гледиштата започна на почетокот на 50-ите години и го достигна зенитот во 70-ите години на минатиот век, во корист на деинституционализацијата. За време на овој бран на реформи, десетици илјади лица биле пуштени во локалните заедници за да имаат можност да живеат во што помалку рестриктивна средина (Talbott, 1979; 1981; Banchrach, 1980). Неколку модели на услуги во домови во заедницата се јавиле во раните години на движењето за деинституционализација.Најзастапени биле: „куќи на пола пат„ (Budson, 1978), „Fairweather-ови логори„ (Fairweather, 1980; Fairweather ,Sanders, Maynard и Cressler, 1969) и „грижа за штитеници сместени други семејства„ (Linn, 1981; Linn, Klett и Caffey, 1980). Системот за ментално здравје не создаде единствен и широко прифатен целосен модел на услуги во заедницата во првите неколку декади од процесот на деинституционализација. Наместо тоа, многу од поранешните пациенти биле едноставно пуштени во нивните семејства или домови за штитеници кои се јавија како опција за грижа, или биле оставени да се грижат за себе на отворениот пазар на домување (Carling и Ridgway, 1988).

Увидувајќи ги недостатоците на овој вид на грижа, последните триесетина години од 20-тиот век се направени значајни чекори во подобрување на грижата за лицата со ментални растројства во заедницата: зголемување на квалитетот на услугите, подобра социјална интеграција, намалување на стигмата кон лицата со ментални растројства и дискриминаторски однос кон семејствата на овие лица. Голем број докази во областа на психијатријата ориентирана кон заедницата покажале дека интервенциите во заедницата можат значајно да ги подобрат долгорочните последици од долгогодишниот престој во психијатриските болници и да ја олеснат социјалната реинтеграција на лицата со ментални растројства.

## 2. Мултипрофесионален пристап во психосоцијалната интервенција

Клиничкиот психијатриски модел во третманот на психијатриските заболувања, акцентот главно го ставале на работата на ангажманот на клиничкиот психијатриски персонал. Во фокусот се наоѓаат клиничките психијатри и психолози во болничкиот третман во кој главно се одвива целокупниот третман на психолошката патологија. Системот на заштита во заедницата, акцентот го става на мултипрофесионалниот пристап за подобрување на здравјето и потенцијалите на личноста. Вистинското значење на мултипрофесионалниот пристап може да се добие само во заедницата, каде што психијатрискиот третман претставува само еден сегмент од целокупната организациона мрежа на психијатриските услуги. Во мултипрофесионалниот пристап во заедницата, психијатрите имаат улога на сервис кој според потребата би интервенирале во случај на психијатриска криза на корисникот. Се зголемува значењето на професионалците кои директно учествуваат во социјалната и работната рехабилитација на корисниците на психијатриски услуги во заедницата. Социјалните работници, социотерапевтите, работните терапевти, педагозите и едукаторите од најразличен профил, низ заедничката соработка, го подобруваат работното функционирање на корисниците на психијатриски услуги во заедницата.. Исто така мултипрофесионалниот пристап подржува и овозможува интервенции и

во социјалната средина во која егзистира корисникот на психијатриските услуги во заедницата. Овие интервенции се насочени кон разбивање на предрасудите околу психијатриските болести и поадекватно разбирање и прифаќање на лицата со психички растројства од страна на нивното семејство и пошироката заедница. Во пракса, пристапите на психосоцијалниот третман претставуваат или учење нови вештини и помагање на поединецот да превземе поголема контрола врз својот живот или модифицирање на околината во која тие живеат, во правец на постигнување разбирање и подршка за да им се помогне да ги постигнат своите лични цели. Психосоцијалниот третман вклучува широк спектар на интервенции: заштитни домови, групи за самопомош, заштитни вработувања и слично. Индивидуалниот пристап кон секој корисник е од посебно значење за психијатријата ориентирана кон заедницата.

## 3.Развивање сервиси за заштита на ментално здравје во заедницата

Со развивањето мрежа на вонболнички форми на заштита во заедницата им се приближуваат услугите на клиентите, овозможувајќи им користење на услуги во нивната непосредна животна средина. На овој начин многу поефикасно се спречуваат влошувањата на психичкото растројство и потребата од психијатриска хоспитализација и поквалитетно учество во општествениот живот. Придобивка од ваквиот третман има и општеството, бидејќи овој третман, освен што е многу похуман, е и поекономичен.

Третманот во заедницата кај нас, истакнува Ортаков (2006), нуди: Алтернатива на хоспитализацијата; континуиран третман и грижа кои одговараат на потребите на корисниците; програми за рехабилитација и ресоцијализација; можности за заштитно вработување; интервенции на самото место на живеење; помош за секој вид психички проблеми, од најтешките до најсекојдневните животни проблеми (стр.27).

Приоритет на заштитата на менталното здравје во заедницата е градење на социјална мрежа за помош и подршка на корисникот од страна на семејството, пријателите, соседите, граѓанските оргнизации, религиозни заедници, заради нивно подобро вклучување во терапијата и подршка во процесот на ресоцијализација и реинтеграција.

Организацијата на услугите на ментално здравје во заедницата воспоставена во светот и кај нас вклучува: центри за ментално здравје со дневни центри и дневни болници, заштитни домови, заштита во хомо и хетеро семејна средина, социјални клубови, заштитни работилници, вработување во социјални фирми.

- **Центри за ментално здравје**

Центрите за ментално здравје во заедницата претставуваат организациски единици кои даваат услуги од областа на менталното здравје за лица со ментално здравствени проблеми. Дејностите во рамките на дневните активности се одвива низ индивидуална и групна тераписка работа, фармаколошка терапија, совети и интервенции во кризни сосотојби, рехабилитациски, ресоцијализациски и рекреативни активности, како и можности за средби со семејството, пријателите и активности за доквалификација, преквалификација, градење на социјална мрежа за најразлични видови подршка на корисниците како би ги оствариле своите потенцијали. Центрите за ментално здравје вршат функција на дневни болници, дневни центри и амбулантски психијатриски услуги, во кои работи мултипрофесионален тим составен од социјален работник, психолог, работен терапевт, медицинска сестра и психијтар. Секој ваков центар има и своја патронажна или мобилна служба, која директно, на самото место на живеење, дава услуги и интервенции во случаи на криза кај пациентите, што е често начин да се спречи повторната хоспитализација на пациентот и последиците од истата.

- **Заштитно домување-подржано домување**

Заштитните домови се најефикасен начин на ресоцијализација и реинтеграција во средината на лицата со ментални проблеми. Заштитните домови како прв чекор кон самостојно

живеење на лицата со ментални растројства, треба да бидат вистински домови, кои им обезбедуваат право на слобода и независност во животот, исто како на секој друг член во заедницата. Во зависност од видот на менталното растројство и состојбата на корисникот, животот во овие домови се одвива со примена на различни форми на асистенција, тернинг на вештини неопходни за снаоѓање во секојдневниот живот, понекогаш и континуирана помош, супервизија, а најчесто целосно самостојно.

- **Социјални клубови**

Фокусот во социјалните клубови не е третманот на корисниците како во центрите за ментално здравје, туку на нивната работна рехабилитација, меѓусебното дружење и збогатување на социјалните контакти. Најразлични видови тренинг и едукација за работно оспособување трасираат пат кон вработување и реинтеграција во заедницата на лица со ментални растројства. Посетителите на клубот се лекувани пациенти. Членовите и волонтерите самостојно ги оргнизираат активностите без присуство на медицинско лице. Овие клубови преставуваат модел за ресоцијализација и реинтеграција на лицата со ментални растројства, нивната тераписка функција е приближување на членовите до реалниот живот и природната средина. Пракса е во клубовите да се поканауваат и роднини и пријатели на пациентите кои им се соодветна подршка. Нивното присуство има двоен ефект: тие во социјалниот клуб внесуваат социјални модели на однесување, ценети во општествената заедница; социјалните клубови и активностите во нив имаат профилактички тераписки ефект на неидентификувани лица со ментални проблеми меѓу другите членови на семејството или пријателите.

- **Терапија во хомо и хетеросемејна средина**

Една од основните карактеристики во хомосемејна средина е лекување на пациентите во нивното семејство и овозможување на дијагностичко-терапевски пристап не само кон пациентот туку и на неговото биолошко семејство. Елементи на семејните интервенции се: психо-едукации,бихевиорално решавање на проблемите ,семејна подршка и менаџмент на криза (Белевска&Trajkov,2006).

Терапијата во хетеросемејна средина преставува лекување на пациентите во туѓо семејство. Некои од пациентите немаат семејство и/или нивното семејство нема можности да ги прими назад. Овие пациенти, поединечно или во групи од по 2-3 члена, се сместуваат во туго семејство. Често тоа се селски семејства во близина на матичната психијатриска институција. Во одредени временски интервали овие семејства ги посетува лице од тимот на матичната институција, а и самите пациенти повремено ја посетуваат психијатриската институција (Трајкова; Белевска, 2002).

- **Заштитни работилници /фирми**

Психосоцијалниот третман вклучува широк спектар на различни интервенции, како на пример, самораководење (менаџирање) на сопствената болест, тренирање на вештини, семејни интервенции, групи за самопомош, заштитно вработување, заштитни домови и сл. Индивидуалните планови за секој корисник се од посебно значење за психијатријата ориентирана кон заедницата. Заштитните работилници се користат како прв чекор кон осамостојување и вклучување во средината. Со вработувањето во заштитна работилница корисниците добиваат финансиски средства кои им обезбедуваат и финансиско осамостојување и поголеми можности за подобар и поквалитетен живот. Корисниците кои имаат или изучиле занает, покажале успех во работата и долготрајно добра психичка сосотојба имаат можност да се вработат во други фирми, најчесто со скратено работно време.

## Заклучок

Можеме да заклучиме, грижата за менталното здравје во заедницата значи организација на психијатриска служба, која на адекватен начин ги задоволува потребите на заедницата како психијатриски сервис, а истовремено се грижи за сузбивање на дискриминаторскиот став кон корисниците на психијатриски услуги, сузбивање на стигмата, заштита на човековите права и на секој начин се обидува да ги реинтегрира корисниците во општеството обезбедувајќи им инклузија на лицата со ментални растројства во заедницата.

## Литература


1. Белевска,Д., Трајков,И.(2006).Семеен психоедукативен третман, во: Ментално здравје во заедницата. Скопје, Дата Понс. 81-10
2. Budson,R.D.(1978).The psychiatric halfway house: A handbook of theory and practice: Pittsburg University of Pittsburgh Press.
3. Carling. P.J.(1980). Overview of a psychiatric rehabilitation approach to housing. In W.A. Anthony7 M.A. Farkas, (Eds.).Psychiatric rehabilitation: turning theory into practice. Baltimore, MD: Jones Hopkins University Press.
4. Carling, P.(1995).Housing, community support, and homelessness :emerging policy in mental health systems .N Engle J. Public Policy 1992;8:281-95.
5. Fairweather,G.W.,Sanders,D.H., Maynard,H.,& Cressler,D.L.(1969).Community life for the mentally ill. Chicago : Aldine.
6. Fairweather,G. (1980).The Fairweather Lodge: A twenty-five year retrospective. New Direction for Mental Health Services, No.7.San Francisco, c A: Josses -Bass.
7. Lehman, AF.(1998).Translating research into practice :the Schizophrenia Patient Outcomes Research Team(PORT)treatment recommendations. Schizophrenia Bull:24,1-10
8. Linn, M. W. Klett,J., & Caffey, E. M. (1980). Foster care characteristics and psychiatrics placement outcomes. Archives of General Psychiatry,37,129-132.
9. Linn, M. W. (1981).Can foster care survive? In R. Bud son (Ed), New direction for mentallhealth services: issues in community residential care. San Francisco: Jossey - Bass.
10. Ортаков,В.(2006).Третман во заедницата наспроти третманот во психијатриски институции.Во:Ментално здравје во заедницата,Скопје,Дата Понс.11-33
11. Talbott, J.A.(1979).Deinstitutialization: Avoiding the disaster of the past. Hospital and Community Psuchiatry,30 (9),621-624.
12. Talbott, J.A.(1981).The Chronic mentally ill :Treatment, programs, systems .New York :Human Sciences Press
13. Трајкова,В.,Белевска,Д.(2002).Клиничка социјална работа.Скопје,Ѓурѓа

**Анита Ристеска**
Меѓународен Славјански Универзитет Г.Р.Державин Свети Николе - Битола

364.622-54-056.3-053.2

# ПСИХОМОТОРНА РЕЕДУКАЦИЈА ДВИЖЕЊЕТО КАКО ТЕРАПЕВТСКА МЕТОДА ПРИ РАБОТА СО ДЕЦА СО ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ

# PSYCHOMOTOR REEDUCATION MOVEMENT AS A THERAPEUTIC METHOD WHEN WORKING WITH CHILDREN WITH INTELLECTUAL DISABILITIES

**Апстракт:** Психомоторната реедукација претставува терапевтска постапка при работа со деца и адолесценти со пречки во психомоторниот развој. Движењето на телото,допирот,гласот ја чинат основата на оваа терапевтска метода. Најголема примена наоѓа при работа со деца со интелектуална попреченост, кај деца дисхармоничен развој, кај хиперактивни деца, кај деца со пречки во говорот, кај деца со проблеми во однесувањето. Вежбите кои се изведуваат при психомоторна реедукација треба да одговараат на календарската возраст на детето, и да будат чувство на пријатнот и задоволство.Можат да се изведуваат групно или индивидуално но со предходно направена програма за секое дете во зависност од проблемот кој го има и од сознајните способности со кои располага. Целта на психомоторната реедукација е со стимулација, на дисфункционалните когнитивни механизми да се подобри успешноста на детето во оние домени на однесување во кое се манифестира определениот дефицит.

**Клучни зборови:** психомоторна реедукација,движење, деца со интелектуална попреченост, терапевтска постапка.

**Abstract:** Psychomotor reeducation is a therapeutic procedure when working with children and adolescents with disabilities in psychomotor development. Body movement , touch and voice is the basis of this therapeutic method . The biggest application is in working with children with intellectual disability, children with disharmonic development, hyperactive children , children with speech problems and children with behavioral problems . The exercises performed in psychomotor reeducation should suit calendar age of the child , and evoke a sense of pleasantness and pleasure. The exercises can be conducted in a group or individualy but with previously made program for each child depending on the problem that it has and its capabilities . The purpose of PSYCHOMOTOR re-education is stimulation of dysfunctional cognitive mechanisms to improve the performance of the child in those domains in which the behavior is manifested specified deficit..

**Keywords :** psychomotor reeducation, movement , children with intellectual disabilities, therapeutic procedure .

## Вовед

Психомоторна реедукација или терапија со движење е начин на превежбување на искуствата на детето или адолесцентот а во одредени случаеви и на возрасниот, кои настанале поради дисхармоничен развој на структурите на психомоторниот спрег, или кои настанале поради декомпензација на функциите во психомоторниот спрег со што значително се менува доживувањето за сопственото постоење во светот кој го опкружува.Реедукација на искуствата е важна не само за развојот на појмовните системи со што се влијае на сознајната организираност на личноста, туку и за разрешување на чувствителната напнатост и нејасната усмереност на аспирациите на личноста кон светот.За овој психотерапевтски правец за прв пат се зборува кон крајот на XIXвек кога заедно со рзвојот на психологијата и психотерапијата се развиваат терапевтски правци како релаксација и психомоторна реедукација и набргу биле прифатени

од земјите на западна Европа.За основоположник на психомоторната реедукација се смета Едвард Сеген кој потпирајќи се на учењето на Пијаже ги поставил основните принципи на психомоторната реедукација.

Психомоторнатара реедукација преставува специфично поле кое е усмерено на развој на:моториката,моторичките вештини, умешност,координација на движења, брзина на движења,развој на гностичките способности,развој на когнитивните функции и за збогатување на психомоторното искуство на детето.

**Дижењето и телото како дел од психомоторната реедукација**

Телото преставува извор на задоволство, а со првите движења се открива слободата на движењето и сопственото постоење и се остварува доживување на сопственото тело и телото во просторот.Децата на тој начин учат дека во целокупноста на своето телесно постоење се дожививеат себеси како личности.Доживувањето на самиот себеси преставува основа за развој на личноста во целост.

Психомоторната реедукација користејќи го допирот како психомоторна и сензомоторна активност врши рекапитулација на целиот развоен тек на односот према себе и према другите. Погледот, допирот, гласот,зборот, движењето се составен дел од психомоторната реедукација и имаат за цел да му помогнат на детето да го ублажи или да го реши проблемот кој го има.Со едноставни движења се остварува првата комуникација и се врши размена на позитивни чувства меѓу детето и терапевтот.Психомоторната реедукација преку движењето кое се преточува во вежби ги поставува своите основни ставови или принципи на кои реедукаторот-терапевт мора да се придржува. Тоа се:секоја применета вежба мора да биде јасно дефинирана во замислата на терапевтот;секое движење во вежбата мора да биде изведено со прикладен ритам,мора да биде едноставно во однос на целта која сака со него да се постигне;движењата и вежбите мора да бидат пропратени со пријатни чувства; во секоја вежба зборот е важен, па секое движење и секое чувство мора да бидат именувани;секое движење треба да одговара на календарската возраст на детето и на неговите интереси и способности.

Детето преку движењата се запознав себе си, своето тело и другите во однос на себе. На тој начин ги усвојува и зацврстува просторно-временските односи, а преку моторните активности ги доградува прасичните и гностичките способости и ја развива потребата за дружење, комуникација и социјализација. Во оваа терапевтска метода се користи движењето кое е поврзано со допир, говор и игра со што се делува на развивање на когнитивните,моторн ите,емоционалните и јазичките способности.

Целта на психомоторната реедукација е да со стимулација, на дисфункционалните когнитивни механизми се подобри успешноста на детето во оние домени на однесување во кое се манифестира одредениот дефицит.

**Примена на психомоторната реедукација кај деца со интелектуална пореченост**

Психомоторната реедукација наоѓа свое место и како психотерапевтска метода усмерена на развојот на оние способности на детето кои му овозможуваат слобода на движење. Најприменета метода е и при третман на деца со дисхармоничен развој,деца со пореметено однесување, деца со неразвиен говор, деца со дисгностичи и диспрактични проблеми, кај дизлатерализираност, хиперкинетички синдром, кај деца со первазивни растројства,кај деца со интелектуална попреченост.

Кај децата со интелектуална попреченост можноста да се организира движењето е доста слабо.Неиздиференцираните искуства не му овозможуваат на детето складност и организираност на движењето. Движењето и телото во движење му помагаат на детето со интелектуална попреченост да се открие себе си и другите во просторот и времето и да може што подобро да ги диференцира своите чувства и да така стекнатите искуства да ги означи со зборови.На овој начин детето во својата свест создава појмови, остварува контакт и комуникација што е важно за неговиот психосоцијален развој.

Индивидуалниот пристап при работа со деца со интелектуална попреченост подразбира претходна обработка на секое дете а тоа означува:процена на оргганизираноста на психомоториката, проценка на организираноста на говорот и проценка на организираност на сознајните функции. На овој начин се овозможува создавање на индивидуална програма која одговара на способностите и интересите на детето.Оваа програма ќе овозможи да се создаде правилна слика за индивидуалните разлики на детето во однос на начинот како ги прима и обработува информациите, на неговите реакции, емоционалните чувства, однесувањето, социјализацијата и односите во семејството.

Со психомоторна реедукација може да се започне во првите три четири години од животот на детето и би се состоела од оние моторни активности кои спонтано се јавуваат во текот на развојот.

Во оквирот на својата работа терапевтот спроведува вежби од општа или специфична реедукација во зависност од проблемот кој го има детето.Секое движење и секоја вежба која се изведува јасно се именува, означува објаснува.Секогаш се запожнува со вежби кои не преставуваат проблем за извршување на детето, а потоа се менуваат и комбинираат. Вежбите можат да се изводуваат индивидуално или групно со предходно направен план за нивно извршување.

Кај децата со интелектуална попреченост се применубаат сите вежби психомоторната реедукација но прилагодени според нивните сознајни способности.

## Вежби за доживување на телесната целост

Кај децата со интелектуална попреченост доживувањето на телесната целост е недоградено и не одговара на неговата календарска возраст. Секоја вежба или третман започнува со разговор кој го поведува терапевтот со цел да го опушти детето и да дознае за секојдневните активности кои детето ги извршува. Потоа терапевтот и детето застанувајќи пред огледало заедно извршуваат движења со телото или со делови на телото и при тоа преку налогот кој го задава терапевтот се остварува комуникација помеѓу нив.Ако детето дозволи телесен контакт терапевтот со вежбите кои се базирани на законитостите на созревање на мускулниот тонус предизвикува чувство на пријатност при тоа именувајќи ги деловите на телото кои се вклучени во движењето.Со оваа вежба детето треба да осознае дека телото постои низ движење и така доживеани деловите на телото ја чинат основата на поимот телесна целост и ја доживуваат својата сопственост.

## Вежби за откривање на присуството на другиот

Децата со интелектуална попреченост и кога се наоѓаат во група, контакт остваруваат површно или делимично и секогаш тој контакт е преку допир со сиромашна вербализација. Самиот квалитет на допир зависи од моменталното чувство на пријатност или непријатност без некоја одредена порака во смисла на размена на движењата и организирање на игра со другите. Најчесто овие деца во себе не го откриваат чувството за организирана игра со другите.

Целта на оваа вежба би била овие деца да се вклучат свесно во организирана ига. Затоа вежбите треба да бидат сосем едноставни и добро познати за да не ги збунат децата.

## Заклучок

Сите вежби на психомоторна реедукација можат и потребно е да се применуваат во работата со деца со интелектуална попреченост. Кои вежби и во која мера ќе се применуваат зависи не само од возраста на децата туку и од организираноста на нивната психомоторика. Затоа е потребно да се направи добра стручна дијагностика и врз основа на тоа да се пристапи со реедукација.. Само така психомоторната реедукација ќе ја оствари својата цел а тоа:анксиолитичко растеретување, упштување на шемите на акции во контекс на развојот на сознајната организираност и и психосоцијалниот развој во целина.

**Користена литература:**


1. Ајдински Г. ,,Карактеристики во развојот кај лесно ментално ретардираните ученици, Куманово, 2000.
2. Ајдински Г. ,Основи на дефектологијата, Скопје,2007.
3. Бојанин С. ,Дефектолошка дијагностика у оквиру потреба реедукације психомоторике, Београд,1986.
4. Бојанин С. ,Неуропсихологија развојног доба и општи реедукативни метод, Завот за уџбенике и наставна средства, Београд,1985.
5. Ишпановиќ Радојковиќ В. Неспретно дете, Завот за уџбенике и наставна средства, Београд,1986.

005.962:316.775]:303.62
658.8-051:316.775]:303.62

**м-р Симоновска**
М., ЕСИ (Employment Services International), simonovska_maja@yahoo.com
**д-р Е. Стоименова - Цаневска**
Меѓународен Балкански Универзитет Скопје, stoimenova@ibu.edu.mk
**м-р Живановиќ Р.**
Меѓународен Балкански Универзитет Скопје, radmila.zivanovic@gmail.com,
**Ристовска Ф.**
Гешталт Институт Скопје, frosina.ristovska@gmail.com

# РАЗЛИКИ МЕЃУ КАНДИДАТИТЕ ЗА ПОЗИЦИИТЕ АДМИНИСТРАТОР ЗА ЧР И АГЕНТ ЗА ПРОДАЖБА ВО ОДНОС НА КОМУНИКАЦИСКИТЕ ВЕШТИНИ И ТИМСКИТЕ УЛОГИ (ПИЛОТ ИСТРАЖУВАЊЕ)

**Abstract:** We conducted a pilot study on candidates for the working positions: sales agents and HR administrator in order to see whether there are differences regarding their communication skills and the team roles. For this purpose we used the Communication Skills Questionnaire and Belbin Team Roles Questionnaire. The obtained data indicated that there is a significant difference among the candidates regarding the scale Resource Investigator.

**Key Words: T**eam Roles, Recruitment, HR, Communication, Interview

## Вовед

Процесот на регрутација и селекција на кандидати за различни работни позиции претставува сложен процес кој од страна на регрутерот бара ангажман и голема посветеност. Целта на самиот процес е да се пронајдат кандидати кои се соодветни за одредена работна позиција. Соодветноста на кандидатите се одредува врз основа на различни аспекти кои вклучуваат претходно работно искуство, интерес за позицијата но и поседување лични карактеристики кои се соодветни на работните задачи кои лицето ќе треба да ги извршува на работното место.

При спроведување на процесот на селекција на кандидати како најчеста алатка се користи структурирано интервју. Покрај него како многу корисни алатки се користат тестови на знаење, тестови кои мерат одредени вештини, прашалници и инвентари на личност.

Бидејќи различните работни позиции подразбираат поседување одредени личносни карактеристики, голем број тестови кои се користат во процесот на селекција на кандидати даваат информации кои кандидатите ги подредуваат во одредени категории.

Во рамките на секојдневните барања од страна на компаниите за пронаоѓање соодветен кадар за нивните компании, од исклучителна значајност е да се работи со алатки кои се осетливи и кои можат да дадат јасни насоки во процесот на регрутација. Токму затоа целта на ова пилот истражување е да се провери дали постои значајна разлика во одговорите на скалите од Инвентарот на тимски улоги Белбин и прашалникот за стилови на комуникација меѓу лицата кои одбираат да работат во продажба (позиција насочена кон луѓе) и лицата кои одбираат да работат во оддел за човечки ресурси - правна служба (позиција насочена кон процес).

## Метод

*Проблем*

Дали постојат значајни разлики меѓу кандидатите за позицијата агент за продажба и кандидатите за позицијата администратор за ЧР?

*Хипотези*

Х1: Кандидатите за позицијата агент за продажба се насочени кон категоријата „луѓе„ за разлика од кандидатите за позицијата администратор за ЧР кои се насочени кон категоријата „процес".

Х2: Кандидатите за позицијата агент за продажба се насочени кон категоријата „истражувач на ресурси„ за разлика од кандидатите за позицијата администратор за ЧР кои се насочени кон категоријата „завршувач".

*Испитаници*

За целите на ова истражување користен е пригоден примерок составен од лица кандидати за работните позиции администратор за човечки ресурси (18 кандидати) и агент за продажба (17 кандидати). Кандидатите за позицијата администратор за човечки ресурси имаат завршено правен факултет и имаат најмалку една година искуство во сектор или оддел за човечки ресурси. Кандидатите пак за позицијата агент за продажба, имаат искуство од најмалку една година во продажба. Сите кандидати се на возраст од 25 до 35 години.

*Инструменти*

За целите на ова истражување користени се два прашалника: Инвентар на тимски улоги Белбин и Прашалник за комуникациски вештини. Инвентарот на тимски улоги Белбин мери седум улоги на вработените во рамките на тимот, при што со него се добиваат информации за придонесот кој едно лице може да го има во тимот, кои се најсоодветните работни позиции за него и предлог распределба на работните задачи. Тимските улоги кои тој ги мери можат да се поделат во 3 категории: Акција (Завршувач, Имплементатор и Моделар), Социјално насочена улога ( Координатор, Истражувач на ресурси и Тимски играч) и Улога насочена кон размислување ( Мониторинг евалуатор, Иноватор и Специјалист). Во истражувањето беше користена верзијата на инвентарот во која има осум улоги.

Прашалникот за комуникациски вештини мери четири начини на кои лицата ја воспоставуваат и одржуваат комуникацијата. Прашалникот мери четири категории на комуникациски стилови: Акција, Процес, Луѓе и Идеја.

## Резултати и дискусија




Табела 1: Аритметички средини на скалите од инвентарот на тимски улоги Белбин и прашалникот за стилови на комуникација кај кандидатите за позицијата администратор за ЧР

Највисоките аритметички средини кај кандидатите за позицијата администратор се појавуваат на скалите „завршувач" и „имплементатор". Тимската улога „завршувач" се јавува кај лица кај кои доминира педантност и совесност, тоа се лица кои посветуваат посебно внимание на својата работа и внимаваат на деталите. Почитуваат рокови и создаваат чувство на итност

во тимот. Улогата „имплементатор“ пак опишува лица кои се дисциплинирани и доверливи, конзервативни и прачтични. Тие се грижат плановите да се остварат систематски и ефикасно. Сите наведени доминантни карактеристики се всушност карактеристики кои се сметаат за пожелни за оваа работна позиција.




Табела 2: Аритметички средини на скалите од инвентарот на тимски улоги Белбин и прашалникот за стилови на комуникација кај кандидатите за позицијата агент за продажба

Спротивно на очекувањата кај лицата кои аплицирале за позицијата агент за продажба речиси се еднакви вредностите на аритметичките средини на скалите процес, завршувач и имплементатор. Ниту една од скалите кои имаат нависоки аритметички средини не влегуваат во категориите на скали кои се насочени кон луѓето.

Сепак, единствената значајна разлика меѓу кандидатите кои аплицирале за двете позиции е во скалата истражувач на ресурси ($t= -2.28$, $p<0.05$) каде во согласност со втората хипотеза кандидатите кои аплицирале за позицијата агент за продажба имаат значајно повисоки скорови на оваа скала. Лицата кои влегуваат во категоријата „истражувач на ресурси“ се ектравертни, ентузијастични и комуникативни. Тоа се лица кои ги истражуваат можностите и развиваат контакти кои можат да бидат полезни за компанијата.

Како заклучок ја акцентираме потребата ова пилот истражување кое е спроведено на мал примерок да се развие и само така неговата цел да ги даде основните насоки и создаде простор за понатамошни истражувања ќе биде исполнета и оправдана. Треба да се има предвид дека овие резултати се само насока за понатаму.

**Користена литература:**


1. Belbin, R.M. (2010). Management Teams, Why they succeed and fail, Third edition, Elsevier Ltd., Linacre House, Jordan Hill, Oxford OX2 8 DP, UK
2. Belbin, R.M. (2010). Team Roles at work, Elsevier Ltd., Linacre House, Jordan Hill, Oxford OX2 8 DP, UK
3. 
4. Henry, S. M., Stevens, K. T. (). Using Belbin’s Leadership Role to Improve Team Effectiveness: An Empirical Investigation, http://courses.cs.vt.edu/cs4704/jss.pdf
5. 
6. Keep, E., James, S. (2010). Recruitment and Selection the Great Neglected Topic, ISSN 1466 1535, http://www.skope.ox.ac.uk/sites/default/files/SKOPEWP88.pdf
7. Method, Reliability & Validity, Statistics & Research: A Comprehensive Review of
8. Belbin Team Roles, http://www.belbin.com/content/page/5596/BELBIN%28uk%29-2013-A%20Comprehensive%20Review.pdf
9. 
10. Paul, I. (2010). The Roles Played By The Team Members In The Human Resources Performing Management, The Annals of The “Ştefan cel Mare” University of Suceava. Fascicle of The Faculty of Economics and Public Administration Vol. 10, Special Number, 2010, http://www.seap.usv.ro/annals/ojs/index.php/annals/article/viewFile/341/350, 20.03.2014

11. Van Dierendonck, D., Groen, R. (2010). Belbin revisited: A multitrait–multimethod investigation of a team role instrument, European Journal Of Work And Organizational Psychology 0000, 00 (0), 000–000, i First article, http://www.cmb-teamrol.nl/wp-content/uploads/2011/11/EJWOP-july-2010.pdf
12. When and how to use Belbin Team Roles, http://www.belbin.com/rte.asp?id=406
13. Youker, R. Communication Styles Instrument: A Teambuilding Tool, ttp://www.mit.edu/~mbarker/pmi96/commp796.txt

**Доц. Д-р Даниел Павловски**
Меѓународен Славјански Универзитет "Гаврило Романович Державин" Свети Николе – Битола – Република Македонија

316.624:316.614.5

# МЕСТОТО И УЛОГАТА НА СЕМЕЈСТВОТО ВО СПРАВУВАЊЕ СО ПРОБЛЕМОТ НА МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА

# THE PLACE AND THE ROLE OF THE FAMILY IN DEALING WITH THE PROBLEM OF JUVENILE DELINQUENCY

**Abstract:** Juvenile delinquency is a term that indicates that the minor comes into conflict with society, i.e. its norms, values and laws and involves violation of the moral and / or legal norms in society. This kind of behavior in some way is a "youthful rebellion against the adult world" and includes children with behavior problems and juvenile offenders.

In the scientific and professional circles there are many views regarding the causes of juvenile delinquency and ways to deal with it. Taking into account the results of a lot of research and practical work in this field, we can freely say that from the wide range of risk and protective factors, family occupies an important place and has a very important role.

In order to implement an effective prevention and treatment of this social problem, that increases its prevalence and complexity in most of the countries in Europe and the world, there is a need to provide a multidisciplinary approach in providing assistance and support to families.

Therefore, the place, the role and the influence of the family in preventing and dealing with the problem of juvenile delinquency will be analyzed in this paper.

**Key words:** family, juvenile delinquency, risk and protective factors.

**Апстракт:** Малолетничката деликвенција претставува термин кој означува дека малолетникот доаѓа во судир со општеството, односно неговите норми, вредности и закони и подразбира кршење на моралните и/или кривично-правни норми во општеството. Овој вид на однесување, на некој начин претставува „младешки бунт против светот на возрасните" и ги опфаќа децата со воспитно-социјални проблеми и малолетните сторители на кривични дела.

Во научните и стручни кругови постојат голем број гледишта во однос на причините за појавата на малолетничка деливенција и начините за справување со неа. Имајќи ги во предвид резултатите од голем број истражувања и практична работа во оваа област, слободно може да се каже дека од широкиот спектар на фактори на ризик и заштита, семејството зазема важно место и има исклучително значајна улога.

Со цел спроведување ефикасна превенција и третман на овој општествен проблем кој ја зголемува својата распространетост и комплексност во голем дел од земјите во европа и светот, се наметнува потребата од обезбедување мултидисциплинарен пристап во обезбедувањето помош и поддршка на семејствата.

Од тие причини, во овој труд ќе бидат анализирани местото, улогата и влијанието на семејството во превенцијата и справувањето со проблемот на малолетничка деликвенција.

**Клучни зборови:** семејство, малолетничка деликвенција, фактори на ризик и заштита.

## Вовед

Семејството претставува фактор кој има исклучително важна улога во процесот на раст и развој на децата. Семејната средина може да биде фактор на заштита, односно да влијае во насока на помош и поддршка на детето за успешно справување со развојните периоди и кризи, или да биде фактор на ризик, односно да има негативно влијание и да претставува причина за развој на проблеми во себе, со себе или со околината околу себе. Во научната и стручна литература неоспорен е фактот дека со цел успешно справување со проблемот на деликвентно

поведение кај малолетните лица, на семејството и односите во него, треба да им се посвети големо внимание и истите да бидат земени во предвид и искористени во процесот на откривање на причините, но и во барањето решение за овој сериозен општествен проблем.

**Семејството и однесувањето на децата**

Во кругот на семејството се случуваат најголем дел од процесите на раст и развој на децата. Семејството претставува еден од агенсите на социјализација кој има исклучително важна, а во одредени случаи и пресудна улога во формирање на личноста. Во кругот на семејството се поставуваат основите на моралното, интелектуалното, работното, естетското и физичкото воспитување и развој.

Исто така, семејството претставува влез во светот на возрасните, преку семејството децата стапуваат во контакт со останатиот свет, усвојувајќи или отфрлајќи ги неговите вредности, норми и влијанија. Семејството врши еден вид на трансмисија, односно поврзување на примарниот семеен свет со надворешниот свет и обратно, ѓи внесува во семејството позитивните вредности од општеството во кое живее. Каков ќе биде односот на детето кон пошироката околина во многу зависи од ставот на неговото семејство и начинот на кој тоа функционира во потесната и пошироката општествена средина (Стаменкова – Трајкова, 2001).

Семејството може да биде заштитен фактор и/или ризичен фактор, односно да влијае во насока на заштита на малолетникот и неговата личност или да го загрози неговиот раст и развој, како резултат на што може да пројави деликвентно поведение. Ризичните фактори во семејството се поврзани со родителската практика, осетливоста и знаењето да се влијае врз развојот на детето поддржувајќи го во совладувањето на развојните проблеми. Сиромаштијата, родителските конфликти, дезорганизацијата, насилството, малтретирањето, употребата на дрога, менталните заболувања на родителите или нискиот степен на образование во семејството претставуваат ризик фактор (Димитријоска, 2012).

Семејствата кои се карактеризираат со топли меѓучовечки односи и ефективно родителство имаат помала веројатност за појава на општествено неприлагодено однесување и малолетнички криминал. Од друга страна во семејствата каде што постои висок степен на брачни и семејни конфликти, несоодветно родителство и насилство, постои многу поголема веројатност децата да манифестираат негативно однесување или да станат сторители на кривични дела (Henry, Tolan & Gorman-Smith, 2001).

Позитивната емоционална клима во семејството влијае врз појавата на емоционална стабилност и високо самопочитување кај малолетникот, за разлика од тоа, отсуството на пријатна семејна атмосфера влијае во насока на лошо емоционално прилагодување и појава на емоционална нестабилност.

Семејствата кои не извршиле позитивно воспитување, во кои децата ѓи немаат стекнато основите на моралното воспитување, усвоено позитивни вредносни системи и навиќи создаваат поволно тло за развој на општествено неприлагодено однесување, од наједноставните сѐ до најсериозните појавни форми. Развојот на децата зависи и од прилагоденоста на семејството кон општеството: кога семејството е среќно и задоволно, малолетникот се развива во личност која не доаѓа во судир со општеството и неговите норми на однесување.

Кога се зборува за влијанието на семејството, треба да се потенцира сека децата не ја формираат својата личност само преку свесното делување на родителите, туку и преку перцепција на нивните постапки и секојдневниот семеен живот, притоа прифаќајќи и отфрлајќи голем дел од овие влијанија.

Од тие причини, семејството и односите во него треба сериозно да бидат земени во предвид при креирање, како на превентивните, така и на интервентните програми и активности кои имаат за цел справување со проблемот на деликвентно однесување кај малолетниците.

Семејни интервенции насочени кон справување со проблемот на деликвентно однесување

Семејството претставува систем во кој членовите меѓусебно се поврзани и влијаат еден врз друг, промената кај еден член може да предизвика одредени промени кај друг член или кај целиот семеен систем. Ова особено доаѓа до израз во кризни ситуации или ситуации кои

можеме да ги опишеме со терминот состојби на социјален ризик. Кога се зборува за социјален ризик се мисли на голем број неповолни состојби на кои може да биде изложен поединецот, семејството или групата.

Еден од проблемите со кои се соочуваат семејствата во текот на историјата, кој со текот на времето станува сè посложен и пообемен, претставува деликвентното поведение. Наведениот проблем ѓи опфаќа децата со воспитно-социјални проблеми и малолетните сторители на кривични дела.

Малолетничката деликвенција се однесува на постоењето бројни негативни социјални околности во кои децата растат и бара недвосмислена и комплексна интервенција со цел санирање на факторите кои придонеле за ваквото однесување, како и корекција на однесувањето на детето (Bouillet, 2010).

Во најширока смисла под малолетничка деликвенција се подразбира однесување со кое се кршат правните и моралните норми во одредено општество и кое предизвикува општествена реакција која е насочена кон заштита на општествените добра и вредности, додека во потесна смисла подразбира кршење само на правните норми.

Постојат голем број на научни докази кои ја потврдуваат поврзаноста помеѓу семејната дисфункционалност и криминалното однесување на децата. Во последните години, зголемувањето на бројот на малолетни сторители на кривични дела предизвика загриженост и интерес за причините и ефикасноста на системот за малолетничка правда. Голем број истражувачи и креатори на политики деликвентното однесување кај малолетниците го сметаат за еден од најсериозните социјални проблеми со кој се соочува светот (Tarolla, Wagner, Rabinowitz, & Tubman, 2002).

Малолетничката деликвенција од една страна се карактеризира со постојано зголемување на бројот на кривични дела, како и намалување на старосната граница на сторителите, од друга страна. Исто така, се зголемува и сериозноста на кривичните дела, односно сè поевидентни се случаите на тешки кривични дела кои се извршени од страна на малолетни лица. Наведените карактеристики на современиот малолетнички криминалитет упатува на потребата од систематски мултидисциплинарен пристап на повеќе нивоа со цел успешно и соодветно справување со оваа општествено негативна појава.

Во минатото, стручната работа со деца со воспитно-социјални проблеми и малолетни сторители на кривични дела во најголем дел беше фокусиран на индивидуално ниво, односно сите напори беа насочени кон корекција на личноста на малолетникот. Имајќи во предвид дека овој пристап не ѓи даде посакуваните резултати, односно се покажа како несоодветен, но и како резулатат на новите научни и стручни откритија и достигнувања кои произлегоа од проучувањето и третманот на овој проблем ширум светот, се случи промена на пристапот. Сега фокусот не е само на малолетникот, туку и на неговото непосредно и посредно опкружување. Во овој процес големо внимание се посветува на семејството, односно се креираат програми кои имаат за цел обезбедување помош и поддршка на семејниот систем во насока да се зајакнат неговите капацитети за да може да изврши позитивно влијание врз своите членови.

Современиот пристап на психосоцијална работа со деца и млади со деликвентно поведение е во насока да ги мотивира и активира сите членови на семејството да го преземат својот дел од одговорноста со цел надминување на актуелната состојба во која се наоѓа малолетникот, а со тоа и семејството. Праксата покажува дека во одредни случаи деликвентното поведение претставува симптом на поголема семејна дисфукционалност и дека само преку интервенции кои се насочени кон личноста на малолетникот не е можно да се надмине негативната состојба. Затоа, неопходно е интервенирање во семејниот систем и преземање активности кои се насочени кон подобрување на семејната функционалност и зајакнување на неговите капацитети.

Во рамки на стручната работа во областа на малолетничка правда, се настојува покрај малолетникот со деликвентно однесување и останатите членови на неговото семејство да преземат одредени обврски и одговорности. Целиот процес е насочен кон што побрзо, полесно, побезбедно и ефикасно надминување на актуелната состојба во која се наоѓаат малолетникот и неговото семејство, како и зајакнување на индивидуалните и семејни капацитети за успешно

справување со развојните периоди и кризи во иднина.

Со цел постигнување што подобри резултати, стручните работници употребуваат различни методи, техники и инструменти. Во рамки на интервентниот процес, освен работата со поединец, односно индивидуална работа со членовите на семејството, се работи и групно со целото семејство.

Исто така, се применува и групна работа со родителите на децата со воспитно-социјални проблеми и малолетни сторители на кривични дела. Групната работа е насочена кон подигнување на капацитетите на родителите за справување со нарушеното поведение на децата.

Во работата со малолетникот и неговото семејство учествува мултидисциплинарен тим составен од педагог, психолог, социјален работник и правник, а доколку има потреба се вклучуваат и други стручни лица. Улогата на секој стручен профил е од свој аспект да учествува во зајакнување на капацитетите на малолетникот и неговото семејство за надминување на негативната состојба во која се наоѓаат.

Во овој процес, стручниот тим соработува со голем број субјекти, училиште, министерство за внатрешни работи (полиција), основно јавно обвинителство, суд, здравствени установи, општината, невладини организации, спортски клубови и сл. Субјектите кои се вклучени во овој процес имаат за задача, во рамки на своите можности и надлежности, да изградат систем за поддршка на малолетникот и неговото семејство со цел успешно справување со моменталната состојба, како и зајакнување на индивидуалните и семејни капацитети со цел превенирање, осносно намалување на веројатноста за повторна појава на истиот или друг/и социјални ризици.

## Заклучок

Општествените напори кои имаат за цел превенција и справување со проблемот на малолетничка деликвенција, треба да ја имаат во предвид важноста на семејството и неговото влијание врз развојот и социјализацијата на личноста, и истите да бидат насочени кон обезбедување услови за хармоничен развој на децата, со почитување и унапредување на нивната личност уште од најраното детство.

Фокусот треба да биде добросостојбата на младите лица, притоа почитувајќи ѓи начелата на заштита на човековите права и дејствување во најдобар интерес на детето. Семејството, односно односите и условите во него треба да бидат искористени за изградување на здрави личности од кои бенефит ќе има поединецот, неговото семејство, но и пошироката општествена заедница.

**Користена литература:**

1. Bouillet, D. (2010): Izazovi integriranog odgoja. Školska knjiga. Zagreb.
2. Димитријоска, С. (2012). Социјална работа со малолетни сторители на кривични дела. Филозофски факултет, Скопје.
3. Henry, D. B., Tolan, P. H., & Gorman-Smith, D. (2001). Longitudinal family and peer group effects on violence and nonviolent delinquency. Journal of Clinical Child Psychology, 30(2), 172-186.
4. Ljubičić, M. (2011). Porodica i delinkvencija. Beograd- Čigoja štampa.
5. Стаменкова – Трајкова, В. (2001). Ментална хигиена (второ издание). Новинско издавачко претпријатие „Студентски збор", Скопје.
6. Tarolla, S., Wagner, E., Rabinowitz, J., Tubman, J. (2002). Understanding and treating juvenile offenders: A review of current knowledge and future directions. Aggression and Violent Behavior, 7 (2), 125-143.

**Д-р Томислав Таневски**
музикотерапевт

376-056.264:[651.851.82:78

# МУЗИКОТЕРАПИЈА ВО ПРИСТАПОТ И РЕХАБИЛИТАЦИЈАТА НА ГОВОРНИТЕ ПОТЕШКОТИИ КАЈ ДЕЦАТА

# MUSIC THERAPY IN THE APPROACH AND REHABILITATION OF SPEECH DIFFICULTIES IN CHILDREN

**Апстракт:** Трудот се осврнува на улогата на методологијата на музикотерапија во ублажувањето и надминувањето на најчестиот тип на говорни потешкотии кај децата - артикулациските пореметувања во флуентноста на говорот во вид на пелтечење или брзоплетост. Претставена е суштината на настанување на говорната потешкотија како резултат на пореметувањето на ритмот и темпото на говорниот процес, генетските предиспозиции и зачестеноста на јавување кај одредена популација на деца, како и провоцирачките фактори од трауматски доживувања и несоодветни и недоследни барања на опкружувањето (семејно, училишно, работно). Педагошко-методскиот пристап и рехабилитацијата на говорните потешкотии кај децата поаѓа од фактот што пелтечењето настанува поради прекин во автоматската контрола на говорот и координацијата на дишењето, фонацијата или артикулацијата. Од тие причини, неопходно е вклучување на музички перцептивни моторни задачи од типот на пеење и движење на музика, бидејќи кај овие деца треба да се користи т.н. музичко-ритмички стил на учење. Пеењето и телесните ритмички движења се користат како вежби за дишење и вежби за релаксација. Вежбите за дишење се насочени кон овозможување моторна говорна контрола преку тонирање и олабавување на групи на мускули кои учествуваат во создавањето на говорот. (особено важно е регулирањето на циклусот на вдишување и издишување за овозможување на пасивното дишење при производството на говор). Вежбите за релаксација се користат за олабавување на мускулатурата на целото тело и специфичните групи на мускули на лицето, јазикот и грлото, со цел намалување на спазмите на мускулатурата кои се во основата на пелтечењето.

**Клучни зборови:** говорни потешкотии, пелтечење, музикотерапија, вежби за вдишување и издишување.

**Abstract:** The paper summarizes the role of the music therapy methodology in the mitigation and overcoming the most common type of speech difficulties in children- articulation disorders in the fluency of speech in a form of stuttering or hastiness. It presents the essence of the occurrence of the speech difficulty as a result of the disruption of the rhythm or the tempo of the speech process, the genetic predispositions and frequency of their occurrence in a certain population of children, as well as the provoking factors related to traumatic experiences and improper and inconsistent expectations of the surroundings (family, school, work). The pedagogical-methodological approach and the rehabilitation of the speech difficulties in children begins from the fact that stuttering is a result of an interruption in the automatic control of speech and coordination of the breathing, phonation and articulation. For such reasons, it is necessary to include music perceptive motor tasks in a form of signing and moving because for such children the so called music-rhythmical style of learning should be used. The signing and the bodily rhythmical movements are used as breathing exercises and relaxation exercises. The breathing exercises are intended to provide speech motor control through toning and loosening groups of muscles which participate in the creation of speech. (especially important is the regulation of the breath-in and breath-out cycle to enable passive breathing during the creation of speech). The relaxation exercises are used to loosen the muscles of the entire body and the specific groups of muscles on the face, tongue and throat, for the purpose of reducing the muscle spasms which are the basis of stuttering.

**Key words:** speech difficulties, stuttering, music therapy, breath-in and breath-out exercises.

## Краток осврт на проблемот - говорни потешкотии кај децата

Според Концепцијата за деветгодишно основно образование, децата со говорни потешкотии спаѓаат во категоријата на деца со *посебни образовни потреби*, која се однесува на: *деца со пречки во психичкиот развој, деца со оштетен вид, деца со оштетен слух, деца со пречки во говорот, деца со пречки во движењето, долготрајно болни деца, деца со пречки во поведението и карактерот и деца со потешкотии во учењето* (МОН-БРО,Концепција,2007:27).

**Говорните потешкотии** кај децата се вид на нарушување во гласовно-јазичната говорна комуникација. Гласовно-јазичните говорни нарушувања можат да бидат: јазични – во функција на она што се кажува и говорни – во функција на она како се кажува. И двата типа на вештини се во зависност од аудитивните вештини на дискриминација, редоследносат во слушањето и аудитивната меморија, како и можноста физички да се продуцира глас.

**а) Јазичните потешкотии** се јавуваат како *тешкотии во изразувањето (експресија) и тешкотии во разбирањето на изговореното (рецепција)*, со одредена спорост во развојот на јазичните вештини.

**б) Потешкотиите во говорот** се јавуваат како артикулациски пореметувања во флуентноста од тип на пелтечење или брзоплетост.

**в) Пореметување на гласот** се јавуваат од тип на непримерна висина на глас, непримерен квалитет, непримерна резонантност или траење.

*Артикулациските пореметувања во флуентноста на говорот претставуваат пред сè потешкотии во говорот настанати поради пореметување на ритмот и темпото на говорниот процес*. Едно од најаспектираните пореметувања на ритмот и темпото на говорот е **пелтечењето**, кое се манифестира во облик на спастични, ненадејни, неволни прекинувања на говорниот ток со повторување и продолжување на гласови или слогови, дури и со неможност за отпочнување на говорот; кое од своја страна влијае на социо-емоционалниот интегритет на личноста на детето. Но, со соодветен педагошо-психолошки пристап може во голема мерка да се ублажи и личноста да го изрази својот потполн когнитивен капацитет.

Пелтечењето настанува поради прекин во автоматската контрола на говорот и координацијата на дишењето, фонацијата или артикулацијата. Докажана е генетска предиспозиција за пелтечење со поголем ризик од 3-5 пати кај машките деца отколку кај девојчињата и се јавува најчесто на 4-5 годишна возраст. Во основа се работи за неврофизиолошки дефицит на сензомоторна и моторносензорна трансмисија, покачен тонус и стабилност на вегетативниот нервен систем, како и недоволна латерализација на мозочните хемисфери. Како провоцирачки фактори за пелтечење се наведуваат: стрес, несоодветни и недоследни барања од опкружувањето (семејно, училишно, работно), неускладеност помеѓу вербалните и невербалните пораки, заболувања и престои во болница во раното детство, инсистирање за промена на постоечка леворака доминација кај детето во деснорака.

Потојат повеќе видови на пелтечење:

- *физиолошко пелтечење* – се јавува рано на 2-3 годишна возраст кога детето се среќава со нови зборови и апстрактни поими, чие што значење не го познава и спонтано престанува поради несвесноста на детето за истото. Сосем природно е детето да греши и "да се сплеткува" во говорот, а премногу грижливите мајки со несоодветни барања за возраста на детето можат да доведат до појава на комплекси и подолго траење на физиолошкото пелтечење;
- *примарно пелтечење* - слично на физиолошкото пелтечење, но со поизразени прекини и почесто повторување на гласови и слогови, кое го привлекува вниманието на слушателот и детето станува свесно за проблемот;
- *секундарно (вистинско) пелтечење* - се јавува во облик на општа мускулна напнатост на целото тело, а особено на говорните органи, со развивање свесност кај детето дека е личност која пелтечи. Кај детето се јавува страв од говор, тикови и одбрамбени движења со што пелтечењето има повратно дејство на психата на детето и може да доведе до потешкотии во учењето и емоционално-социјални проблеми.

- *акутно (абруптно) пелтечење* – се јавува оеднаш како реакција на психолошка или физичка траума и зголемена емоционална реакција на личноста поради настанатата траума.

**Зошто музикотерапија во педагошко-методскиот пристап и рехабилитацијата на говорните потешкотии кај децата**

Музиката е мултисензорно искуство кое вклучува слушање, гледање, движење и чувствување, а создавањето музика е природна дисциплина низ која се развиваат сензорната перцепција и психомоторни вештини. Мултисензорното искуство овозможено слушајќи и чувствувајќи музика, гледајќи музички активности (балетски претстави, оперски претстави и сл.) и движејќи се според музика, претставува базичен постамент на еден музички образовен курикулум, а особено за личност со посебни образовни потреби.

Бидејќи "*Музикотерапијата ја користи музиката или музичките елементи (звук, ритам, мелодија и хармонија) за олеснување и мобилизација на комуникацијата, организацијата, експресијата на личноста...*" и согласно принципите на музикотерапија, ритмот е организатор - сам по себе создава временски редослед и ритмот е енергатор - постои сам за себе без останатите музички елементи; методологијата на музикотерапија е еден од препорачаните пристапи за справување со говорните потешкотии кај децата. Методологијата на музикотерапија користи музички искуства за организирање на опкружување неопходно за поставената рехабилитациона цел: пеење, свирење музички инструменти, телесни ритмички движења, импровизација, компонирање и слушање музика.

Во пристапот и рехабилитацијата на говорните потешкотии кај децата најчесто се користат *пеењето и телесните ритмички движења* со цел за нивно искористување како *вежби за дишење и вежби за релаксација*. <u>*Вежбите за дишење*</u> се насочени кон овозможување моторна говорна контрола преку тонирање и олабавување на групи на мускули кои учествуваат во создавањето на говорот (тргнувајќи од усната празнина па се до белите дробови). Особено важно е регулирањето на циклусот на вдишување и издишување за овозможување на пасивното дишење при производството на говор. <u>*Вежбите за релаксација*</u> се користат за олабавување на мускулатурата на целото тело и специфичните групи на мускули на лицето, јазикот и грлото со цел намалување на спазмите на мускулатурата кои се во основата на пелтечењето.

Дишењето е физиолошки процес во кој воздухот навлегува во белите дробови и го шири градниот кош при вдишување, а при издишување градниот кош се стега, создавајќи воздушна струја потребна за создавање на звук. Се вдишува со помош на мускулите за вдишување (дијафрагма, меѓуребрените вдишни мускули), а се издишува пасивно со попуштање на мускулите за вдишување. Но, може и активно да се издишува со помош на стомачните и меѓуребрените мускули. Правилното дишење е неопходно за секоја човекова активност, а особено за пеењето како музикотерапевтска активност за говорни потешкотии. Во текот на пеењето, дишењето е свесно и контролирано, управувано со желбата на пејачот. По некои особини, тоа се разликува од обичното дишење. Кај обичното дишење траењето на вдишувањето и издишувањето е приближно еднакво и се издишува пасивно, додека кај пеењето мора да се продолжи траењето на издишувањето во сооднос со должината на музичката фраза која треба да се отпее во еден здив. Со тоа се продолжува времето на издишување и се намалува можноста за пелтечење. При пеење, процесот на дишење се состои од три фази: *вдишување, задржување на здивот и издишување*. Вообичаено се вдишува преку нос, без вдишување на претерана количина на воздух со која се оневозможува меѓусебното усогласено работење органите кои учествуваат во пеењето. На одредени делови од песната, кога помеѓу фразите нема пауза, земаме краток и брз здив, и тоа истовремено и преку нос и преку уста. Краткото, испрекинато и површинско дишење е причината што детето при пеењето "голта", односно не изговара поедини гласови или слогови од текстот, особено на почетокот или на крајот од пеењето, што всушност се случува и при пелтечењето. Затоа, треба да го научиме детето како правилно да дише и да владее со здивот.

Примерите на вежби што следат се наменети за деца од предучилишна и рана училишна

возраст, кога треба да се започне со постапки за намалување и надминување на проблемот на пелтечење.

**Вежби за вдишување:** Пред да прозвучи тонот, целиот вокален инструмент треба да се подготви за примање воздух и отварање на резонаторите. Тоа се постигнува со длабоко, полно вдишување, кое ја отвора и шири носната шуплина, ја олабавува долната вилица, го шири вратот и градниот кош.

**Пример за вдишување со отворена уста**

- Кога наутро се будиме, зеваме...
- Кога сме тажни или кога ни е здодевно, воздивнуваме: ааах....

**Примери за вдишување со затворена уста**

- На масата има цвеќе. Го вдишуваме неговиот мирис со затворена уста и затворени очи и се обидуваме да го препознаеме цвеќето, а потоа вдишуваме со отворена уста и настојуваме вдишувањето да биде безшумно.
- Децата лежат на под и “спијат“ и длабоко дишат со затворена уста.

Кога децата се стекнале со вештина на контролирано вдишување и издишување, ги спроведуваме следните вежби:

- Децата длабоко вдишуваат, го задржуваат здивот и притоа изговораат два до три збора, а потоа постепено издишуваат.
- Наставникот брои (еден-два-три), децата вдишуваат, па го задржуваат здивот додека тој брои еден - два, а потоа децата полека го испуштаат воздухот додека наставникот повторно брои (еден, два, три, четири).



Вежби за издишување: Воздухот што го вдишуваме треба потполно и да го издишеме. Издишувањето може да се одвива постепено со ритмички изговор на некој глас. Фрикативните согласки ф, с, ш, в, х (спиранти) посебно се соодветни за постепено издишување. Спирантите овозможуваат контролирано издишување со различен степен на јачина, кое допринесува за постепено, контролирано враќање на напнатоста на дијафрагмата од положба на вдишување во положба на нејзино олабавување.

Примери:

- Локомотивата испушта пареа: ф----, ш -----
- Кога ќе се дупне топката или балонот, воздухот излегува правејќи: с-----,
- Согласникот “х“ го употребуваме во спој со самогласник и тоа: кога одмрзнуваме замрзнат прозорец, ги загрева смрзнатите прсти: ху---.

Искористениот воздух може нагло да се издише, а при тоа секогаш воздухот се вдишува со кратки прекини. За овој вид на издишување најприкладни се т.н. експлозивни согласки - п,б.



- Да пробаме наеднаш да ги изгаснеме свеќите од роденденска торта: п,п,п,п,п,п,п.
- Локомотивта се спрема за на пат: пх, пх, пх, пх.

Сите горенаведени вежби се спроведуваат без напрегнатост, без згрченост на брадата и вратот и без подигање на рамената.

**Користена литература**


1. Gordon, E. (2003), Improvisation in the Music Classroom, GIA Publications, Inc. Chicago.
2. Gordon,E. et all. (1998), MUSIC PLAY: The Early Childhood MusicCurriculum, Guide for Parents, Teachers and Caregivers, GIA
3. Publications, Inc.Chicago,IL 60638.
4. James,W. (1996), The Principles of Psyshology, Christopher D. Green Publisher, Toronto.
5. Таневски, Т. (2010), Методика на воспитно-образовна работа по музичко воспитание и образование, Детски Центар Џунџуле, Скопје.
6. Таневски,Томислав, 2008, Музикотерапија како методологија,Центар за детско уметничко изразување, музикотерапија и психо - физичка релаксација Џунџуле, Скопје.

**Лидија Пецотиќ,**
Gestalt Psychotherapy Training Institute Malta; Fakultet za pravne i poslovne studije „Dr Lazar Vrkatić"
**Емилија Стоименова-Цаневска**
International Balkan University, Gestalt Institute - Skopje

159.9.019.2:615.851

# ГЕШТАЛТ ТЕРАПИСКИ ПРИСТАП КОН ПРОЦЕСОТ НА ОБЖАЛУВАЊЕ

**Апстракт:** Процесот на обжалување е дел од секојдневниот живот и следствено, практиката на гешталт терапевтите. Холистичкиот пристап на гешталт терапијата истата ја прави многу вредна за работа со луѓето кои минуваат низ овој процес. Следејќи ги фазите на процесот на обжалување, знаејќи ги, препознавајќи ги и убажувајќи ги нивните карактеристики и динамики, гешталт терапевтот користи соодветни интервенции кои даваат поддршка, и водат кон успешно завршување на овој процес.

**Клучни зборови:** гешталт терапија, процес на обжалување, фази на процесот, гешталт интервенции

**Abstract:** The grieving process is a part of our lives and as such, a part of gestalt therapy practice. The holistic approach used in gestalt therapy makes it's use inevitable for those going through this process. Following the grieving phases, knowing, recognizing and acknowledging their characteristics and dynamics, gestalt therapist is using appropriate interventions that support and lead toward successful closure.

**Key words:** gestalt therapy, grieving process, phases of grieving, gestalt interventions

## Вовед

Литературата која за своја тема го има процесот на жалење и обжалување, најчесто се фокусира на жалењето кое се случува после губење на драга особа, најчесто смрт на истата. Сепак, да не заборавиме како најзначајните литературни дела ги носат и позначајните сепарации како и конфронтации со сериозните болести кај себе, кај блиските, . . . . во кругот на семејството (Evans,K, 2000). Но, ретко кога и каде во научната, стручната и романописната литература се споменува дека нашиот живот е константен процес на жалење кој не прати од моментот на раѓањето кога го губиме океанското чувство, дека тоа е токму тој процес кој не следи низ сите фази на развојот, како личен, така и оној кој се дефинира преку односите и релациите со семејетвото и неговите членови, работата и работното опкружување, пријателите, и средината во целост. Гешталтистички срочено, во процесот на гешталт формација и деструкција, ние доживуваме константни губитоци, кои ни укажуваат дека дишеме со полн здив и живееме живот кој е исполнет.

Сепак, најчесто средните години ни го потенцираат овој процес, бидејќи тоа е местото на кое доаѓаме, и каде почнуваме да ги "губиме" нашите родители, нашите блиски пријатели, а понатаму и дел од нашето здравје, да не говориме за опкружувањето кое веќе никогаш не е исто.

Ова е местото во циклусот каде или ќе се заглавиме и ќе формираме замрзнат гешталт, или ќе го обжалиме и ќе поминеме понатаму, по патот кој е веќе добро утапкан од чекорите на сите кои го минале пред нас, а такви имало многу. Многу мали умирања го маркираат нашиот живот, и ни го нудат вкусот на претстојната смрт (Stajn Mari,2005). Во тој простор кој не е временски нити просторно ограничен, е просторот на нашето најсуштествено битисување. Теророт на загубата или антиципацијата на истата може да не однесе во болест, додека отвореноста за самиот процес на обжалување не носи на ново место, на ново ниво, каде што стануваме поотворени за љубовта на секојдневнот живеење.

И тука се наметнува прашањето, дали е жалењето болест, гледано од призмата на тоа

колку бегаме од него. Одговорот е повеќеслоен. Имено, жалењето претставува излегување од нормалното и напуштање на секојдневното, но е природна реакција освен во некои посебни случаи.

**Концепциски согледувања и нивна феноменологија**

Иако концептот кој начесто го користиме и е во насловот на трудот е обжалување, значајно е да се осврнеме и на другите концепти кои го определуваат овој процес. Веќе рековме, процесот на жалење се однесува на процесот на чувствување и пројавување на тагата заради некоја загуба. Во себе го вклучува и процесот на адаптација на загубата. Тагата е поврзана со субјективното искуство на загубата, ментално и емоционално страдање како последица на загубата. Разликата помеѓу тагата и жалењето е во тоа што тагата удира како гром од ведро небо, а жалењето трае. Тагата е пропратена со неосетливост и тапост, а за жалењето е карактеристична десензитираноста. Иако и двете состојби ги делат бихејвиоралните нарушувања на спиењето и апетитот, разликата се јавува на нивото на самодовербата, која е многу посилна во процесот на жалење, додека кога е особата скршена од тагата и самодовербата се губи. Постоењето на чувство на вина е специфично, негенерализирано, а светот и иднината, стануваат празни и без значење. Доколку тагата се пролонгира, остане непрепознаена, и необжалена, можностите да се појави депресијата стануваат се поизвесни.

Ако сумираме, тогаш на ниво на чувствената сфера лоцираме, тажен афект, лутина, анксиозност, осаменост, премор, беспомошност, на ниво на сензации бележиме стегање во грлото, градите, неправилно дишење, слабост, неенергизираност, сувотија во устата, дехидрираност, празнина, и деперсонализација. На когнитивно ниво нотираме: недоверба, конфузност, прокупираност, доживување на присуството на загубената особа - халуцинации. Се менува и однесувањето така што се појавува пореметување на спиењето и сонот кој најчесто носи содржини врзани за заминатата особа, избегнување, воздивнување, неспокојство, плач, врзување за предмети кои припаѓале на починатиот/починатата, одење на места кои заеднички биле посетувани, одење пречесто на гробишта.

Постојат и други показатели како такви, но од аспект на гешталт терапијата за нас е значајно да ги препознаеме, испочитуваме и проследиме, така што ќе ги поддржиме да минат и ќе сведочиме за нивното индивудално минување низ етапите на процесот на обжалување.

**Етапи на процесот на обжалување**

Процесот на обжалување се карактеризира со доживување на првичен шок, кој постепено се повлекува и се јавуваат информации за загубата, почетна свесност за истата, повлекување, исцелување и обновување. На овој пат, гешталт терапевтот е придружник, кој дава поддршка во процесот на препозавање на што и како се случува, и самиот/ самата е сведок на процесот. Фазите за кои ќе стане збор понатаму, се следниве четири на број: одрекување, емоционално реагирање, депресија и прифаќање, кои базично се во склад со етапите на обжалување дадени од Кублер Рос: одрекување и изолација, негодување и ритуали, лутина, тага и прифаќање (Kübler-Ross, E. 2005, 2007).

**Одрекување и десензитизација** е првата фаза од процесот, која се карактеризира со затеченост, неприфаќање и неверување, што ни оневозможува да бидеме во тука и сега. Сето тоа гледано од призмата на саморегулацијата води кон повлекување и изолација. Затоа тераписки е многу значајно да се оди споро и внимателно во работата со клиентите во ова фаза, и да се ибегне грешката која се јавува доколку се инсистира на брзо соочување со реалноста, бидејќи тоа може да доведе до преплавување, што може да биде доживеано како животно загрозувачко и следствено, повлекувањето и изолацијата да се потенцираат. Терапевтската поддршка низ оваа етапа е врзана за прифаќање и истражување на отпорите, со респект кон самото повлекување и трпение, за свесноста да се појави и донесе активност. Свесноста дека отпорите се одраз на нашата потреба да продолжиме со животот онаков каков бил, зборува за нашата потреба да продолжиме со животот. Самото одрекување во ова фаза е повеќе симболично отколку реално,

и е предизвикано од неможноста да се верува дека дадениот човек веќе никогаш нема да го видиме, затоа што нашиот ум како таков нема капацитет овие информации да ги испроцесира. Кога неможноста да се верува почнува да се губи, чувствата се појавуваат и не водат во втората **етапа или етапата на емоционалнот реагирање**, кога стануваме свесни за емоциите на тага. Тие чувства се многу силни и ја пронижуваат нашата душа. што ни говори дека сме на местото на полниот контакт со нив, што резултира со доживувањето дека еден дел од стариот селф се губи. Примарните чувства кои тука се јавуваат се депресивно обоени и многу силни. Присутни се и тагата, и лутината, која пак се изразува преку бес, фрустрација и беспомошност. Во функција е тагата и лутината да се појавуваат заедно, при што значајно е да се знае дека тагата води кон повлекување, а лутината кон поврзување. Во процесот на обжалување постојат три главни области на лутината и тагата. Имено, прво се старите незавршени работи поврзани со лутината и тагата, потоа оние кои се однесуваат на чувствата во тука и сега и на крајот оние кои се поврзани со егзистенцијалниот бес и тага. Само кога тагата и лутината ќе се менуваат говориме дека минуваме низ втората етапа на процесот на обжалување, при што секое ниво на депресивна реакција се разликува по својата содржина, траење, форма и квалитет (Vazquez-bandin, C 2012; Wordwn, J.W 2001).

Тераписката поддршка на ова место се состои во давање поддршка за диференцијација на типовите лутина и тага, што ни овозможува да се фокусираме и креираме контакт со она што стварно е. Покрај овие две доминантни емоции постојат и други како на пример вина, страв, очај, фрустрација, обвинување. Амбивалентноста на лутината и насмевката е често присутна, но воочливо е понекогаш и отсуството на емоции. Кога времето за емоционален одмор ќе се појави, штом телото веќе не може да плаче, затоа што сите солзи се исплакани и целиот бес е пројавен, како терапевти знаеме дека пополека се придвижуваме кон следната фаза каде што лутината е насочена кон негрижата за себе, лекарите кои не умееле ... Господ. Пополека се пројавуваат и други чувства како на пример паника, болка, осаменост. . . Многу е значајно да се даде поддршка на клиентот да не се грижи за тоа што доаѓа од другите како забрана да се биде лут, како неприфаќање на лутината и слично, затоа што тоа е нивен дел од прикаската, а не на нашиот клиент. Битно е лутината да се изживее, затоа што во спротивно ќе ја препокрие болката, која ќе остане да тишти. Лутината е знак дека пополека се движиме низ процесот кој води до **преговарање,** кое е составен дел на втората фаза иако кај Кублер Рос претставува зесебен ентитет. Преговарањето е повторно еден облик на соочување и намдинување на антиципираната или реална загуба. На ова место, преговараме да се врати времето назад, да се промениме, да дадеме жртва .... Нашите преговори одат од минатото кон иднината и за да на крајот со тага прифатиме дека во сегашноста нашите мили не се веќе со нас. **Депресијата** е третата етапа во процесот, кога пополека се јавуваат моментите на новиот живот. Тоа е местото на кое стануваме свесни дека ние не сме единствените одговорни за се што се случува, и не сме само ние "in charge" за својот живот, во сложениот интерплеј на релации, влијанија и случувања, ја следиме својата "судбината". Тука, започнува борбата за прифаќање на оваа вистина, која ни го уништува мечтаењето, кое умот го има искреирано за да не сочува, за да не заштити и останеме заштитени колку можеме од лудилото. Мечтите и фантазиите се заменуваат со метафори, кои ни помагаат да прогледаме со едни нови очи и на еден нов начин, и како такви претставуваат *метафори на борбите и надминувањата*. Постои едно движење напред и назад како на лулашка, кое посега кон новото и се враќа кон лутината, тагата и болката кои што не сакаме да ги оставиме , и повторнио, и повторно . . .се додека не се воспостави и пополека не нè воведува во **прифаќањето**, или четвртата етапа на процесот на обжалување. Ниту е едноставно да се стапне на ова место, ниту е лесно да се остане колку што е потребно.

## Наместо заклучок

Како гешталт терпаевти, многу често сме сведители на процесот на обжалување. Од моментот кога клиентот ќе ни пристапи, со сета тага и болка, а истовремено несвесност и неприфаќање на случувањата, почнуваме да го следиме процесот низ сите негови фази, нежно пратејќи го низ процесот на одрекување и десезнзитизираност, низ сите негови афективни

превирања, и преговарања. Понатаму, преку поддршката во процесите на лулање и трагање по метафорите на животот, со многу љубов, повикуваме да се остане во тука и сега и да се трага по убавината на изгубеното, во функција на сеќавање и споделување на сите убави моменти и нешта, со тие кои се со нас, и тие што ќе дојдат по нас. Нашата определба, да работиме во тука и сега, и да не ја испуштиме скапоценоста на мигот сегашен, е поддршката која не остава на тоа место и кога да се работи на истото, е неподносливо.

**Литература**


1. Clark Ana (1982). Grief and gestalt therapy, T Gestalt Review vol. v, no.1
2. Evans Ken (2000). Living with Dying, British Gestalt Journal, vol.9, no.2
3. Fredericson I. & Handlon J. (2003). The later years from a gestalt systems/field perspektive, Gestalt Review, 7 (2).
4. Kast Verena (1998). A time to mourn, Daimon.
5. Kübler-Ross, E. (2005). On Grief and Grieving: Finding the Meaning of Grief Through the Five Stages of Loss, Simon & Schuster Ltd.
6. Kubler-Ross E.& Kessler David (2007). On grief and grieving, Scribner.
7. J. Wordwn William (2001). Grief counselling, Rutledge.
8. Parkes Murray Colin (1996).Bereavement, Penguin books.
9. Romanyshyn Robert (1999). The soul in grief, Berkeley California
10. Ross Susan (2001).Chronic Sorrow and the Gestalt Construct of Closure, Gestalt Review, 5 (4)
11. Scott Janice (1999). The ending is in the beginning, British Gestalt Journal, vol. 8 no.1.
12. Stajn Mari (2005). U srednjim godinama, Plato, Beograd.
13. Vazquezbandin Carmen (2012). The Process of Grief According to
14. Gestalt Therapy. Gestalt Review, 16(2):126-144.
15. Waldt A.&Stain S. (1997): Gestalt therapy with the elderly, Gestalt Review, 1(2)

**Емилија Стоименова-Цаневска**
International Balkan University
**Фросина Ристовска**
Специјална болница за хируршки болести “Филип Втори”
**Маја Симоновска**
ESI
**Радмила Живановиќ**
International Balkan University

159.944.4-057

# ПРЕВЕНЦИЈА И ТЕРАПИСКИ ПРИОД КОН СИНДРОМОТ НА ПРОФЕСИОНАЛНО СОГОРУВАЊЕ

**Абстракт:** Професионалното согорување станува незаобиколен проблем во секојдневното живеење и оттаму е многу значајно да го разбереме со целата негова динамика и појавност. Во овој текст, професионалното согорување ќе биде разгледувано преку три основни димензии и тоа: емоционална исцрпеност, деперсонализација и редуцирано чувство за лично постигнување. Согледувајќи ја неговата феноменологија, полесно ќе можеме да креираме превентивни програми и следствено тераписки активности. Сметаме дека гешталт терапијата може да биде и во функција на превенција како и третман.

**Клучни зборови:** професионално согорување, превенција, третман, динамика, гешталт терапија,

**Abstract:** The phenomena of burn-out becomes the inevitable problem in our everyday life. Therefore it is necessary to understand its characteristics and dynamics trough its three dimensions: emotional exhaustion, depersonalization and reduced feeling of self-achievement. Understanding its phenomenology supports us in the process of creating prevention programs and therapy activities. We assume that gestalt therapy, can create significant input into prevention, as well as therapy.

**Key words:** professional burn-out, prevention, treatment, dynamics, gestalt therapy,

## Вовед

Живеејќи во светот кој постојано се менува и каде единствено промената е константна, а “yuppie”[1] стилот е оној по кој секој млад човек тежнее, не нè изненадува бројот на лица кои бараат или се упатени да побараат психолошка помош заради преморeност и преоптовареност, незадоволство, грижи, конфликти и фрустрации кои се прелеваат во секојдневниот живот. Проблемите на кои се жалат, најчесто поврзани со работното место (претераното останување во работната динамиката која таму постои, игрите кои се присутни, притисокот кој го чувствуваат, или пак барањата на самиот работен процес), пополека ама сигурно почнува да ги алиенира. Честопати, тие тоа неволно го признаваат, или пак не се ниту свесни за тоа.

Она што нам како професионалци ни е јасно е дека станува збор за синдромот на професионално согорување. Тој со себе носи и тага и повлекување и летаргичност и цинизам, чувство губење на контрола над работа што се работи, незадоволство од постигнувањето, чувство дека има недоволна социјална поддршка, дифузија на одговорноста, што незадржливо води кон морето на физички и психички проблеми. Иако, не е нотиран во постоечката DSM-IV-R, сепак е таму присутен и поврзан со бројни други состојби, како на пример депресијата.

Затоа неопходно е да се позабавиме со него, и на него да погледнеме од сите страни и при тоа да не заборавиме колку е значајна превенцијата и секако начините на кој може да биде третиран како таков.

1 yuppie - (Y)oung (U)rban (P)rofessional

## Работата и синдромот на прегорување

Работата не претставува само извор на бројни задоволства и поле на кое можеме да се самодокажеме, едновремено претставува и извор на незадоволство, грижи, конфликти и фрустрации кои се прелеваат во секојдневниот живот. Тоа се должи на барањата кои ги носи самата работа и очекувањата кои ги поставува пред самиот работник, а тој за да може да ги изврши мора да се посвети и дури и да направи одредени одрекувања. Овие нешта поединецот може да ги доживее како стресори, кои ако подолго време траат, може да резултираат со незадоволство од работата, губење на интерес и мотивација, како и апсентизам и напуштање на работата.

Една од екстремните реакции на пролонгираното дејство на стресорите, која е поврзана со работата, е професионалното согорување.

## Професионално согорување, определба и манифестирање

Професионалното согорување е психолошки синдром кој вклучува пролонгиран одговор на хронични интерперсонални стресори на работа. Клучни димензии на овој одговор се прекумерна исцрпеност, чувство на цинизам и оддалеченост од работата, и чувство на неефикасност и недостаток на исполнување. Christina Maslach за прв пат го концептуализирала согорувањето како психолошки синдром во 1976 година. Според неа хроничниот емоционален и интерперсонален стрес претставуваат знак на согорувањето.

Бројни истражувања го дефинираат согорувањето на различни начини. Меѓутоа една од најчесто цитираните дефиниции, на согорувањето гледа како на состојба на физичка, ментална и емоционална исцрпеност предизвикана од хроничен окупациски стрес (Ranim,2006). Pines и Anderson (1988) го дефинирале согорувањето како состојба на физичка, емоционална и ментална исцрпеност предизвикана од долготрајна вклученост во ситуации кои се емоционално штетни. Според нив физичката исцрпеност се карактеризира со недостаток на енергија, хроничен замор и слабост; емоционалната исцрпеност вклучува чувства на беспомошност, безнадежност и чувство дека сме заробени; и менталната исцрпеност го вклучува развивањето на негативни ставови кон себе, работата и животот во целост. Според Cherniss пак, согорувањето е резултат на неконгруентност помеѓу она што работникот смета дека го дава и она што тој смета дека го добива за возврат (според Evertson и сор., 2006).

Во однос на тоа како се манифестира професионалното согорување, идентификувани се три основни димензии на согорувањето кои се широко прифатени и тоа: емоционална исцрпеност, деперсонализација и редуцирано чувство за лично постигнување.

Луѓето кои согореле се чувствуваат емоционално искористено. Емоционалната исцрпеност е прв знак на синдромот на согорување (Maslach,1981). Се однесува на чувството на физичка и емоционална преоптовареност и исцрпеност. Вработените се чувствуваат исцрпено, без било каков извор на замена и одмор. Тие чувствуваат недостаток на енергија да се соочат со уште еден работен ден или уште еден проблем. Индивидуите кои се емоционално исцрпени имаат помалку за давање. Тие може да станат емоционално дистанцирани од другите. Помалку е веројатно дека тие ќе формираат блиски, лични поврзување кон работата или во заедницата.

Емоционалната исцрпеност понатаму може да доведе до деперсонализација, чувство на дистанцираност, дисконектираност во која работникот се повлекува и може да развие бесчувствително однесување кон друга личност. Според Маслах балансот помеѓу блискоста и дистанцата во односот е тешко да се најде. Често работниците се чувствуваат повлечени кон едниот или другиот крај на балансот. Емоционалната дистанцираност која што се завзема е обид на вработениот да се заштити емоционално. Незаинтересираноста може да доведе до тоа едниот да го дехуманизира другиот, или да биде бесчувствителен кон другиот (Maslach,1981). Деперсонализацијата всушност претставува негативна евалуација и реакција на работата, задачата која вработениот треба да ја изврши и луѓето со кои работи. Често започнува како резултат на работното преоптоварување кое води до исцрпеност, заради што луѓето се повлекуваат и прават многу помалку. Тие започнуваат да мислат многу негативно за работното

место и нивните колеги.

Редуцираното чувство за лично постигнување е симптом на согорувањето кој се однесува на вработените кои себе негативно се вреднуваат. Чувството на вина, поврзано со давање сиромашна грижа го намалува личното чувство за постигнување. Работниците може да се чувствуваат лошо заради начинот на кој се однесувале кон некого или може да се чувствуваат неадекватно во однос на нивната способност да им помогнат на другите. Со чувство на неуспех, нивното себепочитување паѓа. Тие не сакаат да бидат личноста во која се претвориле.

**Превенција и третман на професионалното согорување**

Секако дека превенцијата е клучна во процесот на прегорување и во таа смисла гешталт терапијата може многу да даде, поттикнувајќи ја свесноста за реалната состојба, како ако не и уште повеќе за личносното вклучување во процесот чиј почеток го знаеме, само не и крајот. Затоа, во функција на превенција многу е значајно да се научиме да се слушаме и следиме, што значи да сме во контакт со себе во тука и сега и искрено да гледаме во значењето што работата ни го носи, нејзината егзистенцијална моќ, при што многу е битно добро да ја процениме, а да не ја ниту подцениме (што би значело да и ја дефлектираме важноста), ниту прецениме (што креира катастрофични очекувања).

Секако, гледано и од другата страна, или поточно од својата страна сé се ведува на исто, да сме во контакт кој ќе ни каже колку можеме, без да се подцениме и девалвираме, а истотака и без да се прецениме и растргнеме, најчесто за да задоволиме нечии туѓи очекувања, кои понекогаш прозвонуваат како нечии за нас блиски и познати зборови (најчесто од родителските фигури).

Гешталт терапијата може да се користи и во функција на третман. При тоа, нејзината улога може да се согледа на две нивоа, како работа со поединецот и работата со организацијата како организам.

Улогата на гешталт терапијата во организации е да му помогнат на вработениот да најде адекватен начин за справување со овој се повеќе присутен феномен и да им помогне на организациите во подобрување на нивното функционирање. Она што вработениот кој искусува професионално согорување може да го направи вклучува активно решавање на проблемите, јасно дефинирани работни задачи, барање на промена на работните задачи во функција на усовршување, поставување на јасни граници и користење на одмор кога тој е најнеопходен.

Иако, нема доволно истражувања за тоа кој тераписки правец е најдобар во третманот, по се изгледа дека заради најголемиот број на истражувања и прагматичност, когнтивно бихејвиоралната терапија се наоѓа на почетокот на листата. Од друга страна, поврзувајќи го согорувањето со депресијата, можеме да укажеме дека според Питер Шултес (2011) направената анализа на студиите на случаи, ја сврстува гешталт терапијата како водечка во третманот на депресијата, која е најблиску поврзана со прегорувањето.

**Заклучок**

Претходно кажаното, ни носи увид дека најголемиот број на студии се уште се бават со истражување на овој феномен во различни култури, услови и кај различни професии. Следствено, пилот истражувањето кое го започнуваме во Република Македонија поврзано со професионалното согорување, освен што ќе ги истражи карактеристиките и динамиките кои го опишуваат и определуваат согорувањето, ќе се занимава и со начините на превенирање и третман. На овој начин ќе овозможиме научен увид кој дава егзактност но и можност да се повикаме на апликативни тераписки решенија, кои во голем дел се и уметност.

**Користена литература:**


1. Ayers, S., Baum, A., McManus, C. & Wallston, K. (2007). Cambridge Handbook of Psychology, Health and Medicine. Cambridge University Press
2. Bradham, K.M. (2008). Empathy and burnout in nurses. Institute for Clinical Social Work
3. Carlson, J.R., Anson, R.H. & Thomas, G. (2003). Correctional Officer Burnout and Stress: Does Gender Matter?. The Prison Journal, 83, 3, 277-288
4. Cooper, L. C. (1996). Handbook of stress medicine and health. CRC Press
5. Evertson, M.C. & Weinstein, S.C. (2006). Handbook of classroom management: research, practice, and contemporary issues. Routledge
6. Lynch, J. (2007). Burnout and engagement in probationary police officers: A scoping paper. Australasian Centre for Policing Research
7. Maslach, C. (1981). Burnout: The cost of caring. Englewood Cliffs, New Jersey:
8. Prentice-Hall
9. Maslach, C. (2003). Job burnout: New directions in Research and Intervention. Association for Psychological Science
10. Perrewe, P.L. & Ganster, D.C. (2004). Exploring interpersonal dynamics. Emerald Group Publishing
11. Potter, A. B. (2005). Overcoming Job Burnout: How to Renew Enthusiasm for Work. RONIN Publishing, Inc.
12. Rahim, A. M. (2006). Current topics in management. Transaction Publishers, New Brunswick, NJ
13. Rush, R.R.(2003). The influence of selected factors on burnout among faculty in higher education. School of Human Resource Education and Workforce Development
14. Schabracq, M.J, Winnubst, A.M.J. & Cooper, L.C. (2003). The Handbook of Work and Health Psychology. John Wiley & Sons, Ltd.
15. Schaufeli, W.B. & Buunk, P.B.. (2003). Burnout: An overview of 25 years of research and theorizing. in Schabracq, M.J, Winnubst, A.M.J. & Cooper, L.C. (2003). The Handbook of Work and Health Psychology. John Wiley & Sons, Ltd, 383-425
16. Schaufeli, W. & Enzmann, D. (1998). The burnout companion to study and practice: a critical analysis. CRC Press

**Ана Кечан**
„Гешталт тренинг институт СХС/ФОН Универзитет", anakecan@gmail.com
**Ивана Хаџиванова**
„Гешталт тренинг институт СХС", hadzivanova@gmail.com

615.851:159.9.019.2

# ПАНИЧНИ НАПАДИ – ФЕНОМЕНОЛОГИЈА И ГЕШТАЛТ ТЕРАПИСКИ ПРИСТАП

**Апстракт:** Паничните напади се еден од најчестите проблеми со кои клиентите во денешно време доаѓаат на психотерапија, а уште поголем е бројот на оние кои никогаш не посегаат по стручна помош и се соочуваат со застрашувачките симптоми сами, не знаејќи што им се случува. Теоретската литература со која располагаме во Македонија е скромна а овој феномен зема се поголем замав и кај нас. Овој труд ќе ја претстави теоријата на паничните напади од аспект на Гешталт психотерапијата, односно нивната феноменологија, а истовремено и ќе посочи и одредени Гешталт техники кои ќе може да им помогнат на терапевтите при работата со клиенти со вакви проблеми.

**Клучни зборови:** панични напади, психотерапија, Гешталт терапија, феноменологија, одбранбени механизми.

**Abstract:** Panic attacks are, today, one of the most common problems clients are turning to psychotherapy for, and there is an even greater number of those who never seek professional help and face the terrifying symptoms alone, not knowing what is happening to them. The theoretical literature we have available in Macedonia is scarce and this phenomenon is becoming increasingly more present with our population. This paper will present the theoretical background of panic attacks from a Gestalt psychotherapy point of view, i.e. their phenomenology, while at the same time presenting certain Gestalt techniques which might help therapists in working with clients who suffer from panic attacks.

**Key words:** panic attacks, psychotherapy, Gestalt therapy, phenomenology, defense mechanisms.

Овој труд е конципиран делумно како осврт на книгата *Паничните напади и постмодернизмот* на Џани Франчесети[1] а делумно претставува и приказ на Гешталт тераписките импликации во работа со феноменот на паничните напади кои Франчесети ги нарекува „*болеста на нашето доба*" (2007, 30)[2]. Ние веруваме психотерапијата е клучна во надминување на ваквите состојби, односно дека надминувањето на психолошките конфликти е возможно само како резултат на длабински психотераписки пристап.

Да ги разгледаме првин основните феноменолошки карактеристики на паничните напади. За секој кој доживеал паничен напад една од основните карактеристики (која истовремено претставува проблем и за терапевтот) е чувството на неискажливост на искуството (32), и ваквата неможност искуството да се срочи во зборови или кохерентно да се претстави на некој друг, се чини дека е во самата срж на паничните напади. Џовани Салониа тврди дека „*симптомот е збор којшто трага по реченица*" (23) а и повеќе од еден век претходно (во 1895) Фројд е првиот којшто увидува дека „*симптомите се вклучуваат во разговорот*", за Лакан подоцна да докаже дека „*симптомите може буквално да претставуваат зборови заробени во телото*"[3].Самиот почеток на работа со овој проблем е сфаќањето дека состојбата има име и дека статистички е присутна кај огромен број на луѓе[4].

Првин, да ја погледнеме контакт секвенцата и како доаѓа до себе-прекинување[5]?

1 Gianni Francesetti, ed. Panic Attacks and Postmodernity. Milano: FrancoAngeli, 2007
2 сите цитати, освен ако не е поинаку напоменато, се од. Gianni Francesetti, ed. Panic Attacks and Postmodernity. Milano: FrancoAngeli, 2007.
3 Darian Leader and Judy Groves, Introducing Lacan. Cambridge: Icon Books, 2000.
4 истражувањата во САД покажуваат дека еден на 113 Американци страда од панични напади, и бројот постојано се зголемува.
5 Edward W.L. Smith, The Body in Psychotherapy. Jefferson: McFarland and Company, Inc., 1985.

**Желба/потреба → возбуда → емоција (СВЕСНОСТ) →**
**акција → интеракција → задоволување (ЕКСПРЕСИЈА) > повлекување**

Ритамот во контакт секвенцата е ритам на ширење и контракција, и сè додека секој од овие елементи се појавува и се повлекува рамномерно, овозможувајќи самоостварување, личноста е во состојба на психобиолошко здравје. Постојат две категории на проблеми кои можат да го нарушат здравиот контакт: Првата категоријата е недостаток на личност или предмет во нашата околина коишто се потребни за задоволување на одредена потреба – значи се работи за економски, технолошки, политички и сл. проблеми, но не проблеми на лична психопатологија. Втората категорија проблеми се оние со кои се прекинуваме себеси во кругот на контакт/повлекување, со што го спречуваме ритмичкиот тек. Ова е она што се нарекува психопатологија. Себепрекинувањето е избегнување, избегнување на следниот чекор кон остварување на здрав контакт, или, на крајот на краиштата, избегнување да се биде целосно жив. Како доаѓа до себепрекинување?

Првата точка на себепрекинување е при изборот да се биде свесен за сопствените потреби и желби или не. Кога не сме свесни за нашите желби, остануваме во фазата на повлекување дури и откако се појавила желбата. На пример, пациентот на прашањето *Што сакаш*? вели *Не знам*, што значи дека воопшто не е свесен/на за потребите во моментот; втората точка на себепрекинување е помеѓу желбата и возбудата, односно, се нема свесност дека постои физиолошка возбуда; третата точка е при преодот од возбуда кон емоција, односно, невозможноста возбудата да се претвори во одредено емоционално искуство; четвртата точка е при преодот од емоција во акција – на енергијата не и е дозволено да протече низ мускулно-скелетниот систем; петтата точка е при забраната акцијата да стане интеракција со целта што би донело до задоволување. Изборот може да биде и да нема никаква интеракција или да се има интеракција со цел која е непогодна за да дојде до задоволување; шестата точка е при преодот од интеракција и задоволувањето, односно, пациентот не дозволува да дојде до задоволување; седмата точка каде што настанува себепрекинување е при изборот дали да се прејде во повлекување по задоволувањето. Таквиот вид на оддолговлекување создава неприроден и присилен контакт, како на пример, со прејадување, останување во лоши врски или работни ситуации.

Да ги разгледаме механизмите кои го овозможуваат ваквото себе-прекинување. Првиот механизам се фокусира на инхибирање или блокирање на возбудата, односно десензитизација. Тука како примарен метод се јавува намалување на дишењето што пак предизвикува намалување на нивото на енергија и го спречува возбудувањето. Како примери за ова го имаме пушењето, употребата на алкохол, несоодветна исхрана, недостаток на вежбање, недостаток на одмор и сон, недостаток на игра и сексуална активност. Вториот механизам е насочен кон заматување на свесноста и процеси кои ја попречуваат истата, како интроекцијата, проекцијата, конфлуенцијата и дефлексијата. Третиот механизам е ретрофлексија на акцијата и/или ретрофлексија на интеракцијата, односно кога пациентот си го прави на себе она коешто би сакал да им го направи на другите (вклучувајќи самоомраза, самоконтрола и нарцизам), или, пак, им го прави на другите она што би сакал тие да му го прават нему. Сите овие механизми на себе-прекинување/прекинување на контакт секвенцата се од особено голема важност затоа што личностите со одреден примарен или доминантен механизам ги доживуваат паничните напади на различен начин и тоа може да нè упати во одреден правец при увидување на нивната целовкупна состојба. Но, пред да ги погледнеме конкретните описи, да ги разгледаме општите карактеристики на паничните напади. Според Франчесети, разликуваме три вида на панични напади (67) –

1. Неочекувани панични напади со никаква причина во полето. Тие се појавуваат „од ведро небо" и не може да се предвидат од личноста.

2. Панични напади кои се предизвикани од ситуацијата во која се појавуваат, каде симптомите се предизвикани од појавноста или исчекувањето на одреден стимулус во околината или одреден контекст.

3. Панични напади коишто се чувствителни на ситуацијата во која симптомите се често, но не секогаш, предизвикани од одреден стимулус или околности (на пример, личноста може да има паничен напад пред да се качи на автобус, но нема напад во текот на патувањето). Тука станува збор за социјални или специфични фобии.

Паничниот напад е краткотраен период на интензивен страв или нелагода во кој се појавуваат минимум четири (или повеќе) од следниве симптоми кои се развиваат постепено и го достигнуваат својот максимум за 10 минути: палпитација или забрзана работа на срцето; потење; треперење или тресење; сензации на дишење во краток интервал или гушење; чувство на шокираност; болка во градите или нелагода, при што личноста мисли дека доживува срцев напад; мачнина или болки во стомакот; чувство на збунетост, нестабилност, зашеметеност или несвестица; дереализација (чувства на нереалност) или деперсонализација (одвоеност од себе); страв од губење контрола, полудување, или губење на свест; страв од смрт; парастезија (умртвеност или отрпнатост) најчесто на прстите и дланките, но и нозете и делови од лицето, како јазикот или усните; морници, тресење од ладно или напади на топлина. Агорафобијата, која е присутна кај околку половина од оние кои страдаат од панични напади, претставува не само страв од отворен простор, туку и страв од места од кои е тешко да се избега или ситуации во кои е тешко да се најде помош.

Интересно е да споменеме дека според Фриц Перлс паниката е всушност здраво и нормално креативно прилагодување на организмот на одредени услови, и како и сите искуства, е феномен на полето, односно е граничен феномен кој ја заштитува личноста во ситуации на опасност. Но, кај паничните напади не постои никаква страшна, екстремна или видлива опасност во околината и не постои сеќавање на трауматско искуство. При самиот напад личноста се чувствува сама и соочена со опасност со која не може да се справи. Се отвора огромен јаз помеѓу возбудата (како здрав импулс) и поддршката, при што не постои доволен степен на поддршка за личноста да се справи со напливот на возбуда. И бидејќи не постои доволно поддршка, доаѓа до прекинување на контакт секвенцата за да се избегне анксиозноста, која при следното продолжување на секвенцата повторно се јавува, но не постои можност за личноста да употреби било кој од механизмите на прекинување. При тоа, личноста има проблем со формирање на нова фигура, бидејќи позадината веќе станала нефлексибилна и ригидна поради потиснувањата, односно *„во текот на паничниот напад позадината, спроти која се создава фигурата, одненадеш се чини крајно проблематична, опасна и несигурна, пред распаѓање и колапс" (74). Според Франчесети „фундаменталната и специфична карактеристика на паничните напади е дека позадината станува фигура како резултат на нејзиниот колапс"* (76), а механизмите на прекинување не функционираат.

При ретрофлексивни прекинувања на контактот паничните напади се јавуваат кога не постои можност да се структурира полето според навика (голем Организам – мало поле) што води до чувство на околината како нешто што не може да се контролира, и за што не постои доволно поддршка (мал организам – големо Поле). При проективни прекинувања, според Перлс, *„личноста ја чувствува емоцијата но таа лебди околу него, неповрзана со активното чувство на себе...бидејќи емоцијата не произлегува од самата личност, таа ѝ се припишува на другата можна реалност, полето"* (88). Кај лица кои интроектираат најчесто се јавува чувство дека објектите и самиот живот ја губат својата смисла, и кај нив е најчеста депресијата. Светот се чини несигурен, страшен, и е оштетено чувството на припаѓање во него. Од најголемо значење тука е градењето на стабилни мрежи на припаѓање (што е исто така значајно и кај другите). Оние, пак, личности кај кои доминантниот начин на прекинување е конфлуенцијата, при паничните напади за првпат чувствуваат како се појавува границата каде претходно ја немало, односно, при конфлуенцијата не постојат јасни граници на личноста која се стопува со други ега или со полето. Ваквите личности не се чувствуваат осамени ниту пак имаат чувство на бесмисленост, но имаат чувство на закотвеност во одреден контекст.

Општо гледано, паничните напади се јавуваат со драматични промени во мрежите на припаѓање на личноста. Таквите промени се или промена на контекст (преселба, промена на работно место), губиток на емотивна поврзаност (губиток на родител, член на семејството) или дури откривање на длабока емоционална осаменост. Од друга страна, може да се јават како

симптом при нагла и брза еволуција на личноста (напуштање на примарното семејство, развод).

Во Гешталт терапијата (110) се инсистира на поддршката која произлегува од автентичен однос, од единствен и креативен контакт помеѓу пациентот и терапевтот. Понатаму, се обрнува внимание на како а не на зошто, односно на процесот, и се гледа кон иднината а не толку кон минатото, и се обезбедува поддршка за акцијата. На паничните напади во Гешталт терапијата се гледа како на можност и барање за раст во одреден деликатен период во животот на личноста, и нуди врска која ја гради позадината сè додека пациентот е во состојба да ја осознае, да се соочи и најпосле интегрира и растопи сопствената анксиозност. Нов начин на автономност произлегува од новото искуство на припаѓање.

Неколку проверени техники кои ги наведува Франчесети во текот на паничен напад се следниве. Првин, личноста треба да обрне внимание на своето дишење и да се охрабри да го смири забрзаното дишење. Понатаму, треба да се потпомогне чувството на стабилност дали во нозете или додека личноста седи. Исто така, особено помага ако на личноста ѝ се зборува за да го фокусира вниманието или да се држи за рака – да се обезбеди закотвеност во реалноста, која исто така може да се доживее ако личноста именува предмети што ги гледа околу себе, или пак, да си го поврати чувството за себе, може да кажува општи податоци од својот живот (адреса, датум на раѓање, професија, што правела тоа утро или сл.). Можеби најефикасно средство во текот на самиот напад е да се потсети личноста дека нападот има почеток и крај и дека за кратко време ќе помине. Со други зборови, најважно е да се изгради позадина за паниката како фигура. Позадината може да се изгради донекаде, како што рековме, со вербализација, понатаму, со разгледување на искуствата и емоциите пред и после самиот напад, и, на крај, сепак, позадината се гради со искуствата, така што животното искуство/историја/контекст на пациентот е од големо значење. Исто така, од огромно значење е ид функцијата (свесноста за телото и поддршката која ја добиваме од него) и функцијата на личноста (свесноста за и асимилацијата на улогите и приврзаностите) да бидат обновени во текот на терапијата.

**Користена литература:**


1. Francesetti, Gianni, ed. Panic Attacks and Postmodernity. Milano: FrancoAngeli, 2007.
2. Leader, D. & Groves, J. Introducing Lacan. Cambridge: Icon Books, 2000.
3. Smith, Edward W.L. The Body in Psychotherapy. Jefferson: McFarland and Company, Inc., 1985

613.96

**Е.С. Бабахова**
«Тамбовский государственный университет имени Гавриила Романовича Державина»
**М.В. Кобзева**
«Тамбовский государственный университет имени Гавриила Романовича Державина»

# ФОРМИРОВАНИЕ ЗДОРОВОГО ОБРАЗА ЖИЗНИ СОВРЕМЕННОЙ МОЛОДЕЖИ СРЕДСТВАМИ ИГРОВЫХ ТЕХНОЛОГИЙ

# A HEALTHY LIFESTYLE OF TODAY'S YOUTH MEANS GAMING TECHNOLOGY

**Аннотация:** Проблема формирования здорового образа жизни молодежи является стратегическим приоритетом в сфере государственной молодежной политики. В статье анализируется роль игровых технологий в формировании здорового образа жизни современного молодого поколения, на уровне значимости ценности здоровья, как качественной характеристики личности. Приводится опыт работы Тамбовского государственного университета имени Г.Р. Державина по использованию игровых технологий в процессе организации и проведения социально-значимых, культурно-досуговых мероприятий среди молодежи, направленных на распространение знаний о ценностном отношении к здоровому образу жизни.

**Ключевые слова:** здоровье, здоровый образ жизни, молодежь, игровые технологии, ролевые игры, деловые игры, досуг.

**Annotation:** The problem of healthy lifestyle of young people is a strategic priority in the sphere of state youth policy. The article examines the role of gaming technology in developing healthy lifestyles of today's younger generation , at a significance level of value of health as the quality characteristics of the individual. Experience of Tambov State University named after GR Derzhavina on the use of gaming technology in the organization and conduct of socially significant , cultural and leisure activities among young people, aimed at disseminating knowledge about the value with respect to a healthy lifestyle .

**Keywords:** health, healthy lifestyle, youth, gaming technology, role-playing, business games, leisure.

Современное общество в последние годы находится в стадии глубоких экономических и социально - политических трансформаций, которые коренным образом изменяют уклад жизни и менталитет российских граждан, а также, предъявляют качественно новые требования к воспитанию современного человека. Экологические и социальные катаклизмы, нестабильность жизни, разрушение привычных устоев и нравственных ориентиров — все это создает реальный гуманистический кризис человечества, что особенно губительно отражается на подрастающем поколении. Одной из глобальных проблем является влияние образа жизни молодежи на состояние своего здоровья. Несмотря на все происходящие изменения современного мира нужно отметить, что мода на здоровый образ жизни сегодня набирает «обороты» и люди все чаще задумываются о здоровом образе жизни. К основной социально-возрастной группе людей ведущих активный образ жизни относится молодежь в возрасте от 14 до 30 лет.

Рассматривая здоровье человека как многокомпонентную модель, нельзя не остановиться на его определении, данном Всемирной организации здравоохранения (ВОЗ), в котором здоровье понимается, как «состояние полного физического, духовного и социального благополучия», и не только отсутствие болезни или дефектов.

Здоровый образ жизни (ЗОЖ) является жизненной позицией, поведением или деятельностью человека, которая направлена на укрепление своего здоровья. Формирование здорового образа жизни — это создание системы преодоления факторов риска в форме

активной жизнедеятельности людей, направленной на сохранение и укрепление здоровья [5].

Актуальность проблемы низкого уровня заинтересованности молодежной среды в формировании здорового образа жизни обусловлено, прежде всего, критическим состоянием физического и духовного развития молодого поколения. Причинами нарушений здоровья являются как факторы внешней среды (неблагоприятные экологические факторы), так и факторы риска, имеющие поведенческую основу. Молодые люди готовы воспринимать все новое и непознанное, не задумываясь о последствиях. При этом они еще идеологически неустойчивы, и в их восприятие легко внедрить, как положительный, так и отрицательный образ. Когда нет положительной альтернативы, то идеологический вакуум заполняется ростом жестокости, наркотиками, курением, алкоголизмом и другими вредными привычками.

От того, как формируются навыки здорового образа жизни в юности, во многом зависит, насколько раскроется потенциал личности в будущем. Этим должна определяться деятельность специалистов образовательных учреждений, а также учреждений здравоохранения в воспитании культуры здоровья молодёжи.

Ориентированность молодежи на ведение здорового образа жизни зависит от множества условий. Это и объективные общественные, социально-экономические условия, позволяющих вести здоровый образ жизни в основных сферах жизнедеятельности (учебной, трудовой, семейно-бытовой, досуга), и система ценностных отношений, направляющая сознательную активность молодых людей в русло именно этого образа жизни.

В современном обществе началось активное создание и проведение различных проектов, программ, тренингов, презентаций, акций и семинаров, направленных на пропаганду здорового образа жизни. И с каждым годом люди начинают все больше задумываться о своём здоровье [1].

Среди главных задач модернизации образования особое место занимает создание стройной системы укрепления и сохранения здоровья участников образовательного процесса. В связи с этим проблема формирования ЗОЖ и укрепления здоровья молодежи становится приоритетным направлением развития образовательной системы современных школ и университетов, стратегическая цель которых - воспитание и развитие свободной жизнелюбивой личности, обогащенной научными знаниями о природе и человеке, готовой к созидательной творческой деятельности и нравственному поведению. Все это возможно только при наличии «здоровой среды» в образовательном учреждении, психологического комфорта учащихся, системно организованной работы по формированию здорового образа жизни [2].

В настоящее время в практику работы университетов и школ широко внедряются образовательные и оздоровительные программы, различные педагогические, игровые, и другие виды технологий, которые способствуют формированию валеологической грамотности, организации ЗОЖ. Все более широкое распространение получают игровые технологии, как один из методов пропаганды здорового образа жизни среди молодежи.

Игра - один из основных видов деятельности человека, как метод обучения, передачи опыта старших поколений младшим, использующийся с древности.

В условиях игровых ситуаций, направленных на воссоздание и усвоение общественного опыта, складывается и совершенствуется самоуправление поведением.

Игровые технологии – это вид развивающей деятельности в ситуациях условного воссоздания и усвоения общественного опыта, в котором в процессе игровой ситуации складывается и совершенствуется самоуправление поведением человека [4].

Понятие «игровые технологии» включает достаточно обширную группу методов и приемов организации игрового процесса для молодежи в форме различных педагогических игр направленных на ведение здорового образа жизни. Значение игры невозможно исчерпать и оценить развлекательно-рекреактивными возможностями. В том и состоит ее феномен, что, являясь развлечением, она способна перерасти в обучение, в творчество, в терапию, в модель типа человеческих отношений и проявлений в труде. В структуру игры, как деятельности по ведению ЗОЖ входит целеполагание, планирование, реализация цели, а также анализ результатов, в которых личность полностью реализует себя как субъект. Мотивация игровой деятельности обеспечивается ее добровольностью, возможностями выбора и элементами

соревновательности, удовлетворения потребности в самоутверждении, самореализации.

Ролевая игра несет в себе в первую очередь развлекательное назначение, участники которого действуют в рамках выбранных ими ролей, руководствуясь характером своей роли и внутренней логикой среды действия; вместе создают или следуют уже созданному сюжету. Действия участников игры считаются успешными или нет в соответствии с принятыми правилами. Игроки могут свободно импровизировать в рамках выбранных правил, определяя направление и исход игры. Таким образом, сам процесс игры представляет собой моделирование группой людей той или иной ситуации. Каждый из них ведёт себя, как хочет, играя за своего персонажа. Посредством участия в ролевой игре, основанной на проигровании различных жизненных ситуаций, у участников происходит формирование навыков ответственного отношения за свою жизнь, повышается уровень информированности по вопросам профилактики вредных зависимостей, происходит повышение групповой сплоченности, а также оптимизация психологического климата в молодежной среде.

Деловая игра также является одной из форм воссоздания предметного и социального содержания деятельности в молодежной среде, коррекции тех систем отношений, которые характерны для ведения здорового образа жизни, моделирования проблем по борьбе с вредными привычками, противоречий и затруднений, испытываемых в проблемных ситуациях. По уровню сложности деловые игры можно разделить на:

1. Имитационные упражнения — они отличаются от деловой игры меньшим объемом и ограниченностью решаемых задач. Цель имитационных упражнений — предоставить возможность учащимся в творческой обстановке закрепить те или иные навыки, акцентировать внимание на каком-либо важном понятии, категории.

2. «Анализ конкретных ситуаций» — обучаемые знакомятся с ситуацией, с совокупностью взаимосвязанных фактов и явлений, характеризующих конкретное событие, возникающее перед человеком и требующее от него соответствующего решения; предлагают свои решения в той или иной ситуации, которые коллективно обсуждаются.

3. Полномасштабная деловая игра, имитирующая деятельность по ведению правильного образа жизни и последствия принимаемых решений [3].

Участие в деловых играх различной сложности связанных с формированием навыков ЗОЖ помогает молодым сформировать активную жизненную позицию, развивает целеполагание и стремление к реализации личностного потенциала. Игровая форма проведения здорового образа жизни создается при помощи игровых приемов и ситуаций, которые выступают как средство стимулирования молодежи к какой-либо деятельности.

В современной социокультурной ситуации, культурно-воспитательная работа с молодежью представляется как общественно осознанная необходимость. Сегодня в Тамбовском регионе большая работа по формированию ЗОЖ проводится городским Центром медицинской профилактики, деятельность которой направлена на реализацию городских комплексных программ: «Профилактика и борьба с наркоманией, алкоголизмом, курением», «Здоровье школьников», «По борьбе с преступностью», «О патриотическом воспитании молодого поколения» и т.д. На базе Центра медицинской профилактики проводится обучение студентов кафедры социально-культурной деятельности ТГУ имени Г. Р. Державина по курсу «Медико-социальные основы здоровья и рекреации». Также на базе Тамбовского государственного университета имени Г.Р. Державина с целью привлечения студенческой молодежи к участию в общественно — полезной деятельности создан студенческий волонтерский отряд. Одним из приоритетных направлений деятельности студенческого отряда является пропаганда здорового образа жизни (ЗОЖ). Посредством использования игровых форм и методов профилактики, включающих: тематические, благотворительные акции, дискуссии, викторины, круглые столы, семинары, игровые тренинги, ролевые и деловые игры, конкурсы, туристические слеты, зимние и летние пешие походы, веревочные курсы, полосы препятствий разной сложности, осуществляется привлечение студенческой молодежи к участию в общественно — полезной, спортивно – познавательной деятельности, направленной на развитие и выявление жизненно необходимых навыков в ведении здорового образа жизни, а также профилактику болезней, поведения среди молодежи

города Тамбова и области.

Таким образом, данный пример свидетельствует о том, что формирование здорового образа жизни современной молодежи средствами игровых технологий является очень эффективным методом, на который опираются в своей деятельности многие учебные заведения. Многое делается в стране для популяризации здорового образа жизни. Создаются условия для социальной адаптации молодежи, их ценностного отношения к здоровому образу жизни. Организуются различные мероприятия, акции, семинары, тренинги, направленные на пропаганду ЗОЖ. О росте популярности активного образа жизни среди россиян свидетельствует увеличение числа спортсменов-любителей, появление новых клубов, возросшая посещаемость соответствующих российских сайтов. Занятия здоровым образом жизни помогают поднять уровень осознанного подхода к сохранению своего здоровья, а так же уровень социального и психологического благополучия участников.

## СПИСОК ИСПОЛЬЗОВАННЫХ ИСТОЧНИКОВ:

1. Агафонов А.Ю., Шпунтова В.В. Психологические исследования: Сборник научных трудов. Выпуск 5. - Самара, Изд-во: «Универс-Групп», 2007. - 308 с.
2. Вайнер Э.Н. Валеология: Учебник для вузов. 2001. – М.: Флинта: Наука, 2001. – 416 с.
3. Сладков, С.Н. Физкультурно-оздоровительные технологии : учебное пособие / С.Н. Сладков. - Уфа : РИО РУНМЦ МО РБ, 2008.
4. Игра // Википедия, свободная энциклопедия. - 2008 [Электронный ресурс]: // [Электронный ресурс] URL: http:// http://ru.wikipedia.org/wiki/%C8%E3%F0%E0
5. Всемирная организация здравоохранения // [Электронный ресурс] URL: http://www.who.int/ru/

**С.В. Гузенина**
ФГБОУ ВПО «Тамбовский государственный университет имени Г.Р.Державина», dialog-lana@yandex.ru

316.61:316.7

# К ОСОБЕННОСТЯМ РУССКОГО МЕНТАЛЬНОГО ПРОСТРАНСТВА
# TO THE PECULIARITIES OF THE RUSSIAN MENTAL SPACE

**Аннотация:** статья посвящена особенностям отражения исторического и социального опыта в коллективном сознании русского этноса

**Ключевые слова:** культура, ментальное пространство, коллективное сознание

**Abstract:** the article is devoted to the peculiarities of reflection of historical and social experience in the collective consciousness of the Russian ethnos

**Key words:** culture, mental space, a collective consciousness

*Жизнь дана на добрые дела*
*(Русская пословица)*

Духовная сфера жизни каждого народа – богатейший ларец, настоящим сокровищем которого выступает духовное достояние нации, отражающее её исторический путь и судьбу, а также и то уникальное, что указывает на национальную специфику, поступательное развитие, самосохранение и единение. Поэтому духовное национальное наследие является неотъемлемой частью как личностного развития, так и гарантом исторического пути каждого народа. Лишь открыв полноценно сущность народного можно понять отдельного человека, при этом уяснив, что все духовное есть продукт творения самого человека, а потому и весь ценнейший исторический и социальный опыт мы не только используем и передаём, но и сохраняем для следующих поколений.Г.Гегель писал, что идентичность есть «наше самопонимание и наше понимание других - как уязвимый результат продолжающегося социально-психологического процесса. Идентичность не подобна тому, что принадлежит нам, как цвет волос или набор генов. …Люди уязвимы не только как физические существа в отношении болезней и смерти, но и как социальные существа в отношении определения и переопределения нашей идентичности другими людьми»[1].

«Кто мы? Каковы другие?»– эти вопросы люди адресуют как себе, так и друг другу на протяжении всей жизни. Порой, затрудняясь дать верный ответ, мы пытаемся отыскать его в социальном опыте своего народа, оставленном нам как голос далёких предков сквозь многие столетия в традициях и обрядах, самых различных устных жанрах (легендах, сказах, пословицах, поговорках, песнях, былинах, частушках, сказках и пр.) и других атрибутах народной культуры, в которых историческая память и менталитет представлены во всем многообразии.

Тамбовским социологом Т.Поляковой менталитет определяется как «устойчивые духовные ценности, глубинные аксиологические установки, навыки, автоматизмы, долговременные стереотипы, рассматриваемые в определенных пространственно-временных границах, являющиеся основой поведения, образа жизни и осознанного восприятия тех или иных явлений»[2]. Выделим ряд факторов, оказавших влияние на становление его специфики: несимметричность влияния на племенную психологию культурных норм Севера и Юга и соответствующая этому условию бинарность (амбивалетность); природа русской духовности, которая всегда была на Руси выше иных ценностей.

Как отмечает Н. Бердяев, «перед русской душой открываются дали и нет очерченного горизонта перед духовными её очами. Русская душа сгорает в пламенном искании правды, абсолютной, Божественной правды… и мука ее не знает утоления» [3,с.28]. Такое видение основано на источниках русской духовной культуры, главными из которых выступают русская иконопись, образцы декоративно-прикладного искусства, литературные памятники. Традиционно Россия мыслилась в образе женщины (слово «Отечество» несёт, скорее, оттенок

государственности). Эта мысль о женственности России, высказанная М.Греком, пронизывает творчество и работы русских мыслителей В.Соловьева, Н. Бердяева, В.Розанова и многих других. При этом бинарность женских типологических черт можно проследить уже в русских сказках: женщина на Руси не только тихая и кроткая, но и советчица (Василиса Премудрая), защитница (Василиса Микулична), душевная отрада (Василиса Прекрасная), помощница (сказки «Морозко», «Крошечка-Хаврошечка»). Для русского обыденного самосознания нехарактерно и восприятие женщины как «слабого» пола, и противопоставление ее «сильному полу...»[4,с.263]. Мужчина и женщина в русском фольклоре описаны как равные (такая традиция закрепилась ещё с язычества), а потому не только красота (красна девица), но и ум был на Руси исконно женским качеством(Красота – до венца, а ум до конца; Красота приглядится, а ум пригодится; Красавица без ума - что кошелек без денег).

Русская культура имеет свои ярчайшие особенности, составляющие её исконную самобытность[1], которая проявляется даже в контексте культурных универсалий. Игра, видимо, относится к одной из наиболее древних универсалий культуры. По мысли Й. Хейзинги, игра старше культуры, поскольку она существует уже в играх животных[5,с.16].

В коллективном сознании любой этнической группы представлена особая игра символических форм, именуемая мифом. Как отмечает философ Е.Л. Яковлева, мифическое сознание, которое изначально тождественно со своим предметом, видит себя утесненным со стороны настоящего состояния мира. Миф должен непрерывно сам себя восстанавливать…» [5, с. 133]. Любой миф всегда «живет только в комментариях и только и через комментарии. Интерпретация – способ существования мифа...» [6,с.36].Древняя славянская мифология наиболее ярко представлена в пантеоне языческих богов.

С приходом христианства на Руси шла целенаправленная борьба с язычниками, в результате чего мифологическое сознание было вытеснено, его следы мы наблюдаем сегодня лишь косвенно. Порой оно «аукается» в русском человеке любовью к языческим славянским праздникам или волшебным сказкам, в которых живут духи природы (леший, кикимора, водяной и пр.). Негаснущим отблеском архаичного гилозоизма в русском ментальном пространстве остается сакрализация земли, а также особое отношение к небу, лесу, ветру, полю (во многих русских сказках, былинах и песнях человек обращается к солнцу, реке, берёзе, дубу за советом, говорит с ними как с искренними друзьями, просит о помощи).

Культурная самобытность православного этноса, создавшего государство Киевская Русь, наиболее полно представлена в устном народном творчестве. Именно здесь раскрывается понимание типологических качеств и ментальных черт общности, которую целиком и полностью нельзя идентифицировать через категории «Восток» или «Запад».

Восток для России изначально исторически связан с монголо-татарским нашествием, под влиянием этого фактора формируется и его первый собирательный образ. В русских былинах (старинах) и летописях, пословицах и поговорках постоянно подчёркивается злоба захватчиков, хитрость вкупе с жестокостью, тяга к насилию, что послужило основанием для упоминания о них исключительно как о «поганых». Это положение иллюстрируют русские поговорки «В татарских очах нет проку», «Неволей только татары берут», «Незваный гость хуже татарина». Былины повествуют о том, как тяжело людям пережить вторжение кочевников на родную землю и невозможно смириться с иным, абсолютно отличным типом мировосприятия, где отсутствуют доверие, правда, жалость, доброта. Даже природа печалится, горюет вместе с народом о приближении монголо-татарских полчищ:

*От того нонь от пара лошадиного*
*И поблекло-померкло красно солнышко,*
*От того где-ка духу-то татарского*
*Потемнела ведь луна да вся небесная [7,с.26].*

1 Самобытность понимают как особенность, неповторимость, а также и самостоятельность, независимость, что предполагает выражение этнической сути не через механизмы подражания и копирования, но через существенное и постоянное проявление некоторых компонентов культурного достояния, которое может быть описано как «ядро культуры» и подразумевает самодостаточность

Милосердие и сердечность как важные качества человеческой натуры всегда выделялись как типичные, характерные черты русского человека. Доброту особенно отмечают в сказках при описании главных героев («добрый молодец»; «пожалел Емеля щуку, отпустил к малым детушкам»; «пожалел Добрыня врага побеждённого»), доброте учат пословицы и поговорки: Не ищи красоты, а ищи доброты; Красота до вечера, а доброта навек; Не одежда красит человека, а добрые дела; Жалеет - значит любит.

Позднее, с развитием мореплавания и восточной торговли в Московском государстве стереотипный образ Востока стал видоизменяться, олицетворяться с Индией, Турцией, Персией и постепенно дополняться новыми элементами: роскоши, древности, неги, страсти, особой красоты, магической тайны. Образ мистического, дикого, воинственного Востока создан в произведениях А.Пушкина («Подражание Корану», «Бахчисарайский фонтан», «Кавказ надо мною…») и М. Лермонтова («Мцыри», «Демон», «Ашик-Кериб»); представление о Востоке как об особом духовном материке характерно для философских работ Е. Блаватской, Н. Рериха, К. Аксакова, творчества художников самых различных жанров и направлений начала XX века (балетных постановок С. Дягилева, поэзии К. Бальмонта, М. Волошина, С. Есенина, Н. Гумилева, З. Гиппиус и других). Однако перечисленные образцы русской культуры являются достижением высокой классики и не слишком повлияли на коллективное сознание. Восток по-прежнему ассоциируется в обыденном сознании с опытом войн, где помимо монголо-татарского ига присутствуют также русско-турецкая война, Крымская кампания, военные действия в Афганистане, Чечне и Дагестане, а на сегодняшний день практика терроризма и опасность исламского фундаментализма.

Запад в домонгольский период никак не ассоциировался на Руси с Западной Европой. Слияние представлений о «Западе» и «латинстве» начинает прослеживаться в XI веке, а к началу XVII века в русском религиозном сознании мир был поделен на две части — Восток и Запад (олицетворением которого были Рим, католичество и папа) [8, с.31–46]. Эпоха Петра I внесла свои колоссальные коррективы, поскольку, начиная с этого времени, в российском общественном сознании Запад навсегда связан с петровскими реформами, которые разделили Россию на два лагеря – высшее общество со своей культурой и отношением к Западу, желанием подражать западным эталонам и ту часть русского населения, которая осталась вне европейского стиля жизни и культурных традиций. Такая поляризация оказала серьезное влияние на общественную психологию: с одной стороны Запад олицетворяется с прогрессом и развитием, интеграцией в мировое сообщество, но с другой мыслится как неизбежное зло, под которым подразумеваются раскол, утрата этнических корней, потеря самобытности и национальной культуры. Разумеется, речь идёт о социальных стереотипах[2], которые используются тогда, когда недостижимы высшие, более точные и индивидуализированные представления.

Заметим здесь же, что академик РАН Д.С.Лихачёв подчёркивал, что русская культура по своему типу - европейская, поскольку «она всегда в своей глубочайшей основе была предана идее свободы личности»[9 ,с. 3-6]. Таким образом, сформулированный писателем Р.Киплингом императив «Запад есть Запад, Восток есть Восток, и им не сойтись никогда» весьма спорен, поскольку такой тезис совсем не актуален для России. Именно здесь патриотизм и служение, жертвенность и отвага, логика и чувственность, долг и вольная волюшка, тоска и радушие, склонность к научному познанию при огромном значении веры пребывают в состоянии пересечения двух полярных ментальных систем, доходя, порой, до точек экстремума.

Это необычное духовное пространство обеспечивает русскому человеку метаморфозу вечного преображения, когда самые разные черты калейдоскопично дополняют исконно русский ментальный тип, главными составляющими которого по-прежнему выступают доброта, правда, свободолюбие, коллективизм, жалость, вера в чудо и надежда на высшую справедливость.

2 наиболее устойчивый компонент любой этнической психологии, предполагающий упрощение внешней информации и такую её систематизацию, которая в процессе социального познания избавляет индивидов от необходимости интерпретировать социальный мир во всей его сложности, но является низшей формой представлений о социальной реальности

**СПИСОК ЛИТЕРАТУРЫ:**


1. Скирбекк Г., Гилье Н. История философии. [Электронный ресурс] URL: http://www.gumer.info/bogoslov_Buks/Philos/Skirb/155.php.(дата входа: 31.10.2013)
Нормално е дека секоја организација заради остварување на своите цели и задачи, решавање на проблемите кои се јавуваат како пречки во нејзиниот развој има постојана потреба од обучени, ажурни и образовни компетентни кадровски структури. Од друга старна поединецот, преку своите знаења, способности и искуства извршува определена работа, соочен со нивните барања и новите работи, чувствува потреба за нова стручна подршка и нови знаења и вештини. Покрај тоа тој има и свои лични аспирации, очекувања од различен вид. Рационалното усогласување на организацијата подразбира усогласување на овие два вида на потреби, на обострана корист.

Ако поединецот не се мотивира нема да има продуктивност, нема технолошки развој. Значи за европско образование потребно е продуктивно учење и постојано професионално усовршување во текот на целиот живот. Активна сила на поединците за професионален развој се мотивите.

Професионалниот развој значи стручна компетенција. Кога луѓето професионално се усовршуваат се зголемува продуктивноста како мерка за излез што се добива од влезниот труд и ефикасноста сватена во контекст на професионалниот развој како намерни или ненемерни

1 Добрила Вујуч,Менаџмент људски ресурси и квалитет-Људи кључ квалитета и успеха, Центар за примењена психологија, Београд,2003,стр.73

промени на индивидуално, групно и организциско ново. Со лично усовршување, растеж и учење се зголемуваат способностите за постигнување на резултатите во животот кон кои тие тежнеат. Се укажува дека афирмацијата и актуализацијата на личноста треба да бидат доминантна задача, стил на мислење и работа за воспитание и образование на идните генерации кој е во дирекна врска со самопочитта на индивидуата. Особено треба да се акцентира развојот на творечката особина на личноста, креативното мислење, поттикнувањето и охрабрувањето на иницијативите на ученикот, воспитанието да се третира како вредност која ќе биде ставена во функција на осознавање, еманципирање на личноста на ученикот преку создавање на можности за свесен, сопствен избор од повеќе алтернативи за развој и формирење.

Мотивот на општо посигнување не е само педегошки туку и општествен проблем со кој што се занимаваат повеќе авторитетни асоцијации во светот. Поради тоа се поголеми се настојувањата училиштата во нашата земја се повеќе да се хуманизираат, да се воспостави ефикасна организација во наставата која ќе се темели на постојаниот професионален развој на наставничкиот и педагошко-психолошкиот училишен тим  кој ќе овозможи адекватни и професионални  услови за воспитување и образование на целата млада генерација.Со тоа на секој поединец ќе му се овозможи индивидуално да напредува и професионално постигнува колку што може повеќе како личност.

Истражувањата на многу афирмирани и истакната автори не наведуваат на една иста констатација која укажува на тоа дека човек мора континуирано, плански и систематски да се усовршува и надоградува.[2]

## Концептуална модернификација на наставата

Ликот на наставникот треба да биде во согласност со реалното случување и антиципираните потреби.

Во најшироко сваќање на зборовите концептуална модернификација на наставата реализирана преку наставниклот се однесува на развој на личноста во нејзината професионална улога и го вклучува формалното искуство (учество на семинари,работилници, работа со ментори и др.) и неформално искуствао како што е (читање на стручна литература и други списанија, гледање на телевизиски емисии кои се однесуваат на стручната област, и секако добивање на информации од интренет ).

Професионалниот развој на наставникот е менување на вкупноиот концеп на наставничката професија, како припрема на наставникот, како изгледа неговата работа, каква му е улогата во процесот на образованието, а тоа е директно поврзано со низа други аспекти во образовниот процеси.

Концептот за професионален развој на наставниците бара и измени и во базичните универзитетски обуки на наставничкиот кадар, соработка со различни институции како би се осигурал развојот на неговата внатрешна кариера, да се создаде поразлична од досегашната селекција при изборот за наставничко занимање бидејќи образованието на наставникот на може да биде супститут за квалитетот на луѓето кои влегуваат во образовниот систем како наставнички кадар.

Поквалитетното образование е можно само со поинаква работа на наставникот и на учениците а токму наставникот е првиот и најзначајниот носител на новиот квалитет во воспитно-образовната дејност.Затоа приоритет му е даден на перманентното усовршување на кадрите во образованието.

Компетенциите која што ја носи секоја професија бараат постојано оспручување на кадарот, следење на новините во образованието кое претставува матична клетка, секако надополнето со посета на обуки и други активности што ќе бидат во интерес на сите чинители.

Секој стручен профил на кадар кој е дел од овој воспитен систем има фундаментално значење во стекнувањето и надоградувањето а со тоа постигнување на професионален развој што секој образовен систем го бара.

2 Наумовска Милка, Вликанието на мотивот на општо постигнување на професионалниот развој , Битола,2009, стр.5,11

**Користена литература**


1. Добрила Вујуч,Менаџмент људски ресурси и квалитет-Љјуди клуч квалитета и успеха, Центар за применјена психологија, Београд,2003
2. Derek Torringron, Laura Hall and Stephen Taylor,2004, Human Resource Management, Prentica Hall Europe,p 429
3. Наумовска Милка, Влијанието на мотивот на општо постигнување врз професионалниот развој , Битола,2009
4. Павлина Вељаноска, Компиненти на професионален развој на наставниците по предметот музичко образование во основните училишта (Годишен труд),Универзитет “Св. Кирил и Методиј”Р-Скопје, Факултет за музичка уметност, Скопје, 2008,стр.2-5
5. http://mmc.edu.mk/IRAMbooks/thesis/PavlinaVeljanoskaMr1.pdf (2011)

**Марија Младеновска-Димитровска**
СОУ "Таки Даскало", магистрант на МСУ "Г.Р.Державин" – Битола и магистрант на "Св.Кирил и Методиј", Филозофски факултет – Институт за психологија – Скопје, m.dimitrovska@yahoo.com
**Александар Димитровски**
ОУ "Крсте П.Мисирков", магистрант на МСУ "Г.Р.Державин" – Битола и магистрант на "Св.Кл. Охридски", Факултет за безбедност – криминалистика – Скопје, a_dimitrovski@yahoo.com

316.644:316.46.058.4-057.874

# ПОВРЗАНОСТА НА АВТОРИТАРНОСТА И ПРИФАЌАЊЕТО НА АНТИДЕМОКРАТСКИ СТАВОВИ

# CONNECTION OF AUTHORITARIANISM AND ACCEPTANCE OF ANTI-DEMOCRATIC ATTITUDES

**Апстракт :** Прифаќањето на одредени антидемократски ставови, вредности и одредени недемократски облици на однесување се смета дека е поврзано со одредена структура на личноста на поединецот. Личностите со авторитарен поглед на светот не се индивидуалисти и не се склони да градат свој сопствен поглед на свет, туку често пати покажуваат склоност да прифаќаат одредена идеја, да се покоруваат на авторитети и групи. Се смета дека постои поврзаност помеѓу авторитарноста и антидемократијата, односно помеѓу авторитарноста и прифаќањето на антидемократски ставови.

Во овој труд ја испитавме поврзаноста помеѓу авторитарноста како димензија на личноста и прифаќањето на антидемократски ставови, односно односот кон човековите права. Истражувањето е спроведено на средношколска популација. Резултатите добиени од истражувањето укажуваат на постоење на негативна корелација помеѓу авторитарноста и односот кон човековите права, што ни говори во прилог на тезата дека испитаниците кај кои е поизразена авторитарноста, се склони повеќе кон прифаќање на антидемократски ставови, односно оние испитаници кои не манифестираат авторитарен поглед на светот, имаат попозитивен однос кон човековите права и манифестираат подемократски ставови. Не се утврдени статистички значајни корелации помеѓу испитаниците во однос на контролните варијабли различен пол, место на живеење (град/село), среден успех во учењето и различен степен на образование на родителите (со исклучок на образованието на мајката каде е утврдена ниска статистички значајна корелација во однос на авторитарноста) што ни говори во прилог на тоа дека авторитарниот поглед на свет повеќе се формира под влијание на стилот на воспитувањето на младите, социо-економските, политичките околности и поширокиот општествен контекст.

**Клучни зборови:** авторитарност, антидемократска ориентација, однос кон човековите права.

**Abstract:** Acceptance of certain anti-democratic attitudes, values and certain non-democratic forms of behavior are considered to be related to a particular structure of the personality of the individual. Individuals with authoritarian worldview are not individualists and not inclined to build their own view, but often manifest a tendency to adopt a particular idea, to obey the authorities and groups. Often considered that there is a connection between authoritarianism and anti-democracy or between authoritarianism and anti-democratic attitudes of acceptance.

In this paper we explored the relationship between authoritarianism as a personality dimension and the acceptance of anti-democratic attitudes and attitude towards human rights. The survey is conducted on high school population. The results of the study suggest the existence of a significant negative correlation between authoritarianism and attitude towards human rights, we speak of the thesis that the respondents which is more pronounced in authoritarianism are more inclined to accept the anti-democratic attitudes and those respondents who did not manifest authoritarian view to the world have a more positive attitude towards human rights and manifest democratic attitudes. No statistically significant correlations identified among respondents in terms of different con-

trol variables gender, place of residence (urban / rural), GPA and learning, and different educational level of parents, we argues that authoritarian worldview more formed under the influence of the way of raising the young people, socio-economic, political circumstances, and the wider social context.

**Keywords:** authoritarianism, anti-democratic orientation , attitude towards human rights.

Адорно и соработниците авторитарноста ја дефинираат како "склоност кон фашизам, склоност за прифаќање антисемитска пропаганда и подготвеност за учество во антидемократски социјални движења". (Адорно и сор., 1950; според Рот, 1989). Адорно заедно со уште тројца автори, Даниел Левинсон и Елза Френкел-Брунсвик, Санфорд, изготвиле студија, чија цел била истражување на фашистичката личност, односно истражување на предиспозициите за антидемократско однесување и прифаќање на антидемократски ставови. Тие сметале дека антидемократската ориентација е поврзан систем на ставови, вредности и мислења, кој содржи: антисемитизам, етноцентризам и конзерватизам и дека таквиот систем е во корелација со одредена структура и динамика на личноста наречена авторитарност. На формирање на ваква структура на личност, според авторите, влијаат политичките и социоекономските околности од една страна, и односот на родителите кон детето, односно начинот на воспитување, од друга страна.

Адорно и соработниците одредиле некои основни карактеристики на авторитарната личност: конвенционализам, авторитарна субмисивност, агресивност, анти интрацептивност, почитување на власта и позитивен однос кон неа, нагласување на строгоста, деструктивност и цинизам, користење на одбрамбен механизам проекција, ригидност на мислењето и склоност кон празноверија и стереотипи, претерано интересирање за сексуалноста – остро осудување на сексуалните настраности. Поаѓајќи од психоаналитичката концепција тие сметаат дека авторитарноста е последица на строго и ригидно воспитување на децата, барање на безусловна дисциплина и послушност, нагласување на должностите и обврските и недоволно манифестирање на љубов. Како последица на барањата за потполно прифаќање на родителскиот авторитет, кај децата се развива непријателски став кој тие го потиснуваат и се идентификуваат со своите авторитативни родители. Потиснатата агресија потоа се насочува кон припадници на некои групи, по правило кон оние коишто имаат понизок општествен статус и кон оние коишто не можат да го возвратат нападот.

Со оглед на тоа што авторитарноста е битен сегмент на т.н. општествен карактер, кој се дефинира како систем на типични психолошко-социјални стабилни предиспозиции кои ги карактеризираат голем број поединци и групи во едно општество, и кој се менува под влијание на општествено-политичкиот и социјалниот контекст, и имплицира прифаќање на одреден вредносен систем, систем на ставови, кој може да се манифестира со одредени облици на однесување во општественото делување на поединецот и групата, Адорно сметаше дека постои поврзаност помеѓу авторитарноста и антидемократијата.

Според Bojanović (2004), т.н. синдром на антидемократски убедувања, односно авторитативниот поглед на светот, може да биде поврзан со авторитативната личност. Тој смета дека зад антидемократскиот начин на мислење стои збир на ставови, верувања и вредности кои формираат еден одреден поглед на свет. "Погледот на светот е значаен феномен кои ни помага да разбереме многу посебни антидемократски ставови и убедувања, но и различни облици на општествено однесување" (Bojanović, 2004). Колективниот поглед на светот, често се зема како основа на различни авторитарни движења, како политички партии, навивачки групи, екстремистички националистички групи итн. Т.н. колективна претстава за светот – авторитарниот поглед на свет, всушност е замена за индивидуалниот поглед на свет. Како опозит на колективистичкиот и конформистичкиот поглед на свет е автономното индивидуалистичко и критичко мислење. Автономната, критички настроена личност е всушност слободна личност, која се потпира на разумот и слободата на избор. Моралната и интелектуалната автономија му овозможува на поединецот, користејќи го разумот, до крај да се однесува слободно, односно слободно да избира. Личностите со авторитарен поглед на светот не се индивидуалисти и не се склони да градат свој сопствен поглед на свет, туку често покажуваат склоност да прифаќаат одредена идеја, да се покоруваат на авторитети и групи. "Когнитивната функција на прифаќање

и определување за конечната вистина, е всушност дефинирање на сопственото место во светот и наоѓање на некоја упростена формула за објаснување на светот. Со определувањето за некоја идеја, се задоволуваат и одредени потреби како потребата за пронаоѓање на значење, потиснување на безначајноста, ослободување од агресивниот емоционален набој (Hoffer, 1964, според Bojanović, 2004). Често пати за последица имаме конфронтации со “другите“ кои не им припаѓаат ним, кои се “различни“ од нив, а тоа е всушност конфронтација со самите себе.

Токму заради фактот што авторитарните личности се склони кон прифаќање на антидемократски ориентации и антидемократски систем на вредности и ставови, што како консеквенца може да има појава на колективен нарцизам, презир, агресивност и деструктивност кон другите, кршење на правата на другите, кои имаат различен став, се наметна потребата да се утврди дали постои поврзаност помеѓу авторитарноста како димензија на личноста и прифаќањето на антидемократски ставови кај адолесцентите, како една од највулнерабилните возрасни групи и во кој степен е таа изразена. Ако се земе предвид фактот дека адолесцентите, кои се наоѓаат во најкритичниот период од својот развој кога го градат својот идентитет и ја градат сликата за себе, се често пати подложни на манипулации од страна на средината и одредени групи, кои токму од оваа популација регрутираат приврзаници за своите идеи и ставови, тогаш потребно е да се посвети посебно внимание да се испита колку тие се склони кон прифаќање на систем на вредности, ставови и мислења кои се дел од т.н. антидемократска ориентација, односно авторитарниот поглед на свет и колку прифаќаат антидемократски ставови, т.е. каков е нивниот став во однос на правата на човекот.

Целта на истражувањето е да се утврди изразеноста на авторитарноста како димензија на личноста кај адолесцентната популација, разликите во поглед на авторитарноста меѓу адолесцентите и склоноста кон прифаќање на антидемократски ставови во однос на правата на другите, утврдување на поврзаноста помеѓу авторитарноста и антидемократските ставови, како и утврдување на разлики во однос на контролните варијабли: полот, местото на живеење село/град, успехот во учењето, образованието на родителите. Истражувањето е спроведено на средношколска популација, на примерок од 250 испитаници.

| Структура на примерокот | | | |
|---|---|---|---|
| Пол | Машки 56% | | Женски 44% |
| Место на живеење | Град 71,1% | | Село 28,9% |
| Образование на татко | Основно 8% | Средно 53,1% | Вишо или високо 38,9% |
| Образование на мајка | Основно 12,1 | Средно 51,7% | Вишо или високо 36,2% |
| Успех во учењето | Пресметан е средниот успех на учениците | | |

Табела 1. Структура на примерокот

За испитување на авторитарноста користена е F – скалата за испитување на авторитарноста на Адорно, каде повисок скор на скалата укажува на поизразена авторитарност, додека за испитување на антидемократските ставови користена е скала за мерење на ставовите кон човековите права, која е конструирана од Поповски и Трајковски (1997), во која се содржани прашања кои се однесуваат на основните човекови права и слободи: правото на рамноправност, еднаквост, правото на слобода на изразување, правото на слобода на изразување на националната и верската припадност, правото на приватност, правото на неприкосновеност на слободата на човекот, правото на достоинство во полициска постапка, презумпцијата на невиност, тајноста на кореспонденцијата итн. Повисок скор на скалата укажува на попозитивен став кон човековите права.

Во однос на самата методологија на истражувањето пресметани се дескриптивни статистички показатели во однос на истражувачките варијабли: фреквенции, аритметички средини, стандардна девијација, коефициенти на корелација и t-тест на значајноста на разлики

меѓу аритметички средини. За статистичка обработка користена е SPSS 17.0 статистичка програма. Добиени се следните резултати од истражувањето:

| Дескриптивни показатели за истражувачките варијабли | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Минимум | Максимум | M | SD |
| авторитарноста | 26 | 64 | 47,61 | 7,37 |
| однос кон човековите права | 1 | 16 | 11,65 | 4,24 |

Табела 2. Дескриптивни показатели за истражувачките варијабли

Од дескриптивната анализа може да се увиди дека постои прилична изразеност на авторитарноста во примерокот во целина, додека односот кон човековите права може да се каже дека е попозитивен, затоа што артиметичката средина се движи во горните граници и имаме прилично ниска стандардна девијација што ни укажува на кохерентност на примерокот.

Во однос на ставовите кон човековите права 83,9% од испитаниците сметаат дека секој граѓанин има право пред Уставниот суд да покрене прашање за кршење на Уставот, 73,8% сметаат дека граѓанинот доколку се чувствува загрозен од страна на државата треба да има право да се обрати за помош до меѓународни организации, 72,7% сметаат дека треба да се почитува презумпцијата на невиност, 74% сметаа дека државните органи треба да имаат право да спречат растурање на весници во кои се повикува на ширење на верска и етничка нетрпеливост, 79,4% сметаат дека треба да се казнува ширењето на меѓунационална омраза, 65,4% сметаат дека Македонците треба да имаат по Уставот поголеми права од националностите, затоа што живеат во своја држава. Постои поделеност меѓу испитаниците во однос на прашањето на неповредливоста на домот, односно дали треба со закон да и се овозможи на полицијата, кога е во прашање безбедноста на државата, да врши претрес и без судски налог, на кое 53,5% одговориле потврдно, додека 46,5% не се согласуваат со тврдењето. Исто постои поделеност и по прашањето на тајноста на кореспонденцијата, каде 52,8% сметаат дека треба на полицијата да и се овозможи без судски налог да отвори писмо на секого во кого службите за безбедност се сомневаат дека работи против интересите на државата, додека 47,2% не се согласуваат со тоа. Разлики постојат и во однос на прашањето дали треба со закон да се принудуваат граѓаните да се изјаснат на која националност и вероисповед припаѓаат, на кое 42,6% се согласуваат, додека 57,4% не се согласуваат со тоа тврдење.

Во однос на поврзаноста на истражувачките варијабли пресметан е Пирсонов коефициент на корелација и добиена е статистички значајна негативна корелација помеѓу резултатите на тестот за мерење на авторитарноста и скалата за мерење на односот кон човековите права ($r= -0,19$, $p<0.01$) што е сосема очекувано и ја потврдува поставената хипотеза дека постои негативна корелација меѓу авторитарноста и прифаќањето на антидемократски ставови, што укажува на тоа дека оние испитаници кај кои е изразена авторитарноста како димензија на личноста манифестираат антидемократски ставови, односно оние испитаници кај кои не е доминантна црта на личноста авторитарноста, имаат попозитивен став во однос на правата на човекот.

Во однос на потхипотезите дека постојат статистички значајни разлики помеѓу испитаниците од машки и женски пол, различно место на живеење, различен степен на образование на родителите, различен среден успех во учењето во однос на авторитарноста не се утврдени статистички значајни разлики, освен во однос на образованието на мајката, каде е добиена ниска негативна колерација, $r= - 0,15$, значајна на ниво 0.05.

| | Авторитарност | Однос кон човековите права |
|---|---|---|
| Пол | r=0.03 | r=0,02 |
| место на живеење (град/село) | r= 0,04 | r=0,07 |
| образование на татко | r= - 0,05 | r=0,09 |
| образование на мајка | r= - 0,15 * (p<0.05) | r=0,08 |
| образование на родители | r= - 0,11 | r=0,10 |
| среден успех | r= - 0,06 | r=0,05 |

Табела 3. Коефициенти на корелација

Ова ни говори во прилог на тоа дека прифаќањето на авторитарен поглед на свет не е условено од полот, ниту од успехот во учењето, ниту од местото на живеење град/село, ниту од образованието на родителите, (освен во однос на образованието на мајката), туку најверојатно, како што тврдеа Адорно и соработниците, авторитарната личност кај децата се формира под влијание на начинот на воспитувањето од страна на родителите и зависи од стилот на воспитување на децата. Ако се земе предвид фактот што во нашето општествено милје во воспитувањето на децата првенствено е ангажирана мајката, добиената статистички значајна корелација може да ни укажува дека оние испитаници чии мајки се со понизок степен на образование, манифестираат повисок степен на авторитарност и обратно, дека повисокото формално образование на мајката придонесува за подемократски стил на воспитување на децата, што резултира со прифаќање на подемократски и полиберални ставови од страна на децата. Ова останува како сегмент кој треба дополнително да се испита во некое натамошно истражување преку утврдување на стиловите на воспитување на децата кои ги негуваат родителите и како тоа се рефлектира на прифаќањето на авторитативен систем на ставови, вредности и убедувања.

**ЗАКЛУЧОК**

Во истражувањето се потврди претпоставката дека постои поврзаност помеѓу авторитарноста и прифаќањето на одредени антидемократски ставови. Иако добиените коефициенти на корелација не се многу високи, сепак се статистички значајни и укажуваат на тоа дека поединците кај кои е помалку изразена авторитарноста покажуваат попозитивен однос кон човековите права и покажуваат демократска ориентација. Се покажа дека авторитарноста не зависи од половата припадност, местото на живеење, успехот во учењето или образованието на родителите, туку пред се од начинот на воспитување на децата. Исто така во истражувањето се покажа дека младите имаат позитивен став во однос на основните човекови права.

Ако се земе предвид фактот дека авторитарноста е поврзана со антидемократските вредности, односно авторитарните луѓе се склони да прифаќаат ставови, да се покоруваат на авторитети и групи, без критички да ги опсервираат тие ставови, кои можат да резултираат со одредени екстремни однесувања и нетолеранција кон другите кои се перцепираат како "различни", треба да се води грижа какви ставови и систем на вредности им се сервираат на младите.

Доколку сакаме да градиме мултикултурно и мултиконфесионално општество, граѓанско општество, во кое ќе негуваме односи на почитување и толеранција на различностите, треба да водиме грижа какви пораки им се праќаат на младите луѓе, почнувајќи од најраната возраст преку процесот на воспитување, преку образовниот систем, медиумите, се до општеството во целина.

**РЕФЕРЕНЦИ**:


1. Adorno, T. W., Frenkel-Brunswik, E., Levinson, D. J., & Sanford, R. N. (1950). The Authoritarian Personality. New York: Harper & Row.
2. Bojanović, R. (2004). Autoritarni pogled na svet. Beograd: Centar za primenjenu psihologiju.
3. Бенедек В. (2008).Разбирање на човековите права - прирачник за едукација од областа на човековите права. Европски центар за обука и истражување на човековите права и демократијата (ЕТЦ).Скопје: Македонски информативен центар во соработка со Директоратот за јавна дипломатија при МНР на РМ
4. Havelka, N., Kuzmanović, B., Popadić, D. (1998). Metode i tehnike socijalnopsiholoških istraživanja. Beograd: Centar za primenjenu psihologiju.
5. 5.Македонска академија на науките и уметностите (2009). Европските стандарди за човековите права и нивната имплементација во правниот систем на Република Македонија – Зборник од научната расправа одржана во Скопје на 18 ноември 2008 година. Скопје: МАНУ
6. Rejk B. i Edkok K. (1978). Vrednosti, stavovi i promena ponašanja.Beograd: Nolit
7. Rot, N. (1989). Osnovi socijalne psihologije. Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.

**Бојан Спасев**
Меѓународен Славјански Универзитет „Г.Р.Державин" Свети Николе - Битола, b-bad@live.com
**Милена Спасовска**
Меѓународен Славјански Универзитет „Г.Р.Державин" Свети Николе - Битола, spasovska.milena@gmail.com

364.622-53

# МЕСТОТО НА КЛИНИЧКИОТ ПСИХОЛОГ ВО ПСИХИЈАТРИСКИТЕ УСТАНОВИ

# THE POSITION OF CLINICAL PSYCHOLOGIST IN PSYCHIATRIC INSTITUTIONS

**Резиме:** Клиничкиот психолог во психијатриските установи е специјалист од областа на менталното здравје, ориентиран кон дијагностицирање и третирање менталните, емоционални и бихевиорални нарушувања на лица – корисници на психијатриска помош. Третманот на корисниците на психијатриска помош се одвива во рамките на психијатриската установа, каде клиничкиот психолог е дел од мултипрофесионалниот тим составен од психијатри, социјални работници, терапевти и други стручни лица. Овој труд има за цел да ја истакне важноста на работата на клиничкиот психолог во психијатриските установи и значењето кое го има во рамките на професионалниот тим за надминувањето на психичките проблеми и подобрување на општата состојба на корисниците на психијатриска помош.
**Клучни зборови:** клинички психолог, психијатар, психијатрија, корисник на психијатриски услуги

**Abstract:** Clinical psychologist in the psychiatric institutions is a specialist in the field of mental health, who provides diagnosis and a treatment of mental, emotional and behavioral disorders on the users of psychiatric help. Treatment of the psychiatric help users takes place in the psychiatric institutions, where the clinical psychologist in part of multidisciplinary  team of psychiatrists, social workers, therapists and other mental health professionals. This paper aims to highlight the importance of the work of clinical psychologist in psychiatric institutions, and the importance he has in the professional team for overcoming mental problems and improve the overall situation of the users of psychiatric help.
**Keywords:** clinical psychologist, psychiatrist, пsychiatry, psychiatric services user

Психијатриските установи, како институции обезбедуваат интензивен третман на менталните заболувања, одредуваат целокупен план на грижа за корисниците на психијатриска помош. Лицата кои се хоспитализирани во психијатриските установи, односно користат психијатриска помош од институционален тип, во овие институции добиваат третман кој вклучува набљудување на нивната состојба, дијагностицирање на нивното растројство, потоа медикаментозна, психолошка и социјална терапија. Поради сестраниот приод кон третирањето на менталните болести, потребен е и мултипрофесионален тим составен од специјалисти од областа на ментално здравје кои со својата стручност ќе придонесат кон успешно третирање на заболувањето на корисникот и подобрување на неговата општа состојба.

Мултипрофесионалниот тим во психијатриските установи го сочинуваат психијатри, клинички психолози, социјални работници, окупациони терапевти и други медицински лица. Сите професионалци имаат различни области на стручност, така што можат да ги комбинираат своите вештини за да одредат ефективен третман за менталното заболување на корисниците на психијатриска помош. Како членови на мултипрофесионалниот тим, психијатрите се медицински доктори специјализирани за работа со лица со ментални пореметувања, и за разлика од клиничкиот психолог кој ја третира индивидуата во целост, психијатарот ја третира патологијата, најчесто со медикаментозна терапија. Окупационите терапевти работат на развивање на вештини кај корисниците на психијатриска помош со цел да се соочат со

предизвиците во нивните секојдневни животи и им помагаат да станат продуктивни членови на општеството. Социјалните работници се грижат за правата на корисниците и сите останати социјални аспекти на функционирање на корисниците.

Клиничкиот психолог е лице кое едуцирано и обучено да работи со луѓе со ментални потешкотии од различен вид, на кои им е потребна помош. Во рамките на психијатриските установи се занимава со третирање на менталните заболувања од аспект на индивидуалноста на секој корисник на психијатриска помош, односно се фокусира на интелектуалните, биолошки, психолошки, социјални и бихевиорални аспекти на човековото функционирање, со цел да помогне во третирањето на заболувањето на личноста. Клиничкиот психолог во рамките на своето работење во психијатриските установи се занимава со „дефициентни, девијантни и детериорирани личности, односно со нивното однесување, различните специфичности и закони или правила на нивното менување“.[1]

Клиничките психолози ги интегрираат психолошката наука и третманот на комплексните ментални заболувања, со намера да предизвикаат промени, односно да допринесат за подобрување на клиничката слика на заболениот. Работата на клиничкиот психолог во психијатриските установи насочена кон оваа цел, вклучува психодијагностичка проценка на состојбата на корисникот, подготовка на клиничко досие, одредување на терапија и интервенции, соработка со мултипрофесионалниот тим за да се постигнат предвидените цели со терапијата и советување на личноста и семејството со цел унапредување на неговото функционирање во заедницата.

*Психодијагностичката проценка на состојбата на корисникот* претставува динамичка интерпретација на личноста со помош на различни психодијагностички методи. Клиничко – дијагностичкото испитување подразбира собирање на голем број психолошки релевантни податоци од натуралистички (анамнеза, интервју и набљудување) и психотехнички извори (тестови, техники и скали). Клиничкиот психолог користи мноштво техники и методи со цел да даде објективна проценка на состојбата на личноста.

*Подготовка на клиничко досие за корисникот* - Клиничко досие е неопходен документ при проценувањето на менталната состојба на корисниците на психијатриски услуги. Клиничкото досие се состои од повеќе делови кои се изготвуваат за време на психодијагностичката проценка, со цел да се оценат сите аспекти на менталната активност кај лицето. Во клиничкото досие се содржани:

- Основни биографски податоци на корисникот и анамнеза на болеста;
- Тестови на интелигенција - потребени одредување на нивото на интелектуални способности кај корисникот, степенот на ментална детериорација и за квантифицирање на сите поединечни интелектуални функции;
- Тестови на личност - потребени за да дефинираат карактеристиките на личноста и за откривање на било какви психопатолошки отстапувања;
- Проективни тестови - потребни за откривање на потиснати конфликти или емоционални проблеми кај корисниците на психијатриска помош.

Крајните резултати добиени од анализата и споредбата на тестови се користат за да се направи комплетна психолошка проценка на корисникот на психијатриска помош и да се воспостави прецизна дијагноза која е основа за одредување на терапија, и исто така да се следи напредокот во лекувањето.

Врз основа на сите психодијагностички процени, за корисникот на психијатриска помош се *утврдуваат соодветни интервенции и терапија*. Плановите за третман клиничкиот психолог ги одредува заедно со други професионалци од областа на ментално здравје, земајќи ги притоа во предвид сите карактерискики на личноста и заболувањето. Притоа, се одредува времетраењето, фрекфенцијата и типот на интервенции и терапија, и начинот на кој ќе се одвиваат истите, дали индивидуално или групно.

*Соработка со други професионалци за да се постигнат конкретните цели предвидени со тепаријата на корисникот* е важен дел од клиничката работа на психологот. Третирањето на менталните заболувања бара холистички пристап, па мултипрофесионалниот тим со специјалисти од различни области од сферата на ментално здравје, насочен кон унапредување

1 Berger, J. (2009), Psihodijagnostika, Beograd: Zavod za udzbenike, str. 31

на здравјето на корисникот. Ваквиот пристап е насочен кон лекување на менталните заболувања, но и кон спречување на можната појава на коморбидни состојби поврзани со примарното заболување.

*Советувањето* на корисниците на психијатриска помош од страна на клиничкиот психолог е од едукативен и супортивен карактер, со цел да се подобри психичката стабилност и да се намали можноста од рецидиви, во услови кога корисникот се подготвува лекувањето да го продолжи вонинституционално.

Поради сериозноста и сложеноста на менталните заболувања, понекогаш е потребен подолг временски период за институционално третирање на состојбата на корисниците на психијатриска помош. Во случаи кога лекувањето трае долго, постои ризик да се јави таканаречен *институционален синдром*, кој се карактеризира попреченост во социјалното функционирање кај личноста. Оваа состојба се јавува кога индивидуата подолго време е лишена од независност и одговорност, до тој степен што повеќе не располагаат со вештини да управуваат сами со својот живот. Кај овие личности психолошките ефекти од институционализацијата можат да влијаат кон создавање на нови ментални заболувања. Улогата на клиничкиот психолог и останатите членови од мултипрофесионалниот тим во психијатриските установи, во вакви случаи е превенција од развивање на ваков синдром, преку терапевтски интервенции за одржување и подобрување на животните и работни перформанси. Превенција кај лицата со ментално заболување е потребна и поради зголеменаta стапка за *самоубиство* кај психијатриските корисници на помош. Превенцијата во ваквите случаи се однесува на преземање на ефективни активности за лекување на состојбите кои му претходат на суицидот, и вклучуваат соодветна клиничка нега и различни клинички интервенции од сите специјалисти вклучени во лекувањето на корисникот.

Работата на психологот во психијатриските установи е насочена кон давање на квалитетна, ефикасна  и пристапна професионална помош на корисниците на психијатриски услуги, и подобрување на животот на лицата со ментални нарушувања. Како дел од мултипрофесионалниот тим во психијатриските институции, клиничкиот психолог се занимава со функционалните проблеми на корисниците, а не директно на болеста. Но, досегашниот клинички психијатриски модел на лекување и покрај тоа што содржи професионалци сите области во сферата на ментално здравје, вклучувајќи и специјалист од областа на социјалната работа, не вклучува „социјална компонента" (Белевска, Д., Трајкова, В., стр. 62). Работата на клиничкиот психолог во рамките на мултипрофесионалниот тим е далеку поефикасна, ако на корисниците на психијатриска помош пружа услуги вонинституционално, во рамките на средината каде заболениот живее и работи, со што во исто време се третира заболувањето и се работи на безбедна реинтеграција на заболениот во општеството.

## Консултирана литература


1. Белевска, Д.; Филиповска, А.; Чадловски, Ѓ. (2010), Медицинска психологија, Скопје: Просветно дело
2. Белевска, Д., Стаменкова-Трајкова, В. (2002), Клиничка социјална работа, ТНИД „Ѓурѓа" - Скопје
3. Berger, J. (2009), Psihodijagnostika: metod procene ličnosti i ponašanja, Beograd: Zavod za udzbenike
4. Berger, J. (1990), Klinicka psihologija: Individualna i socijalna, Beograd: Naucna knjiga
5. Brdaric, D., Gavrilov-Jerkovic, V. (2008), Povezanost structure ocekivanja ishoda tretmana I klinicke slike kod psihijatriskih pacijenata, Primenjena psihologija
6. Havelka, M. (1998), Zdravstvena psihologija, Zagreb: Medicinski fakultet

**Н. Даскаловска**
Универзитет „Гоце Делчев" Штип, nina.daskalovska@ugd.edu.mk
**Б. Ивановска**
Универзитет „Гоце Делчев" Штип, biljana.ivanovska@ugd.edu.mk

37.091.31-059.2:81'243'36

# ФОРМИ НА РАБОТА ВО НАСТАВАТА ПО СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ

# FORMS OF WORK IN THE LANGUAGE CLASSROOM

**Апстракт:** Помеѓу многуте улоги кои ги имаат наставниците во училницата е улогата на организатор. Таа е една од најважните улоги, бидејќи за да биде успешен процесот на учење потребно е да се задоволат одредени услови. Ако во училницата нема ред, ако учениците не добијат јасни инструкции пред да започнат некоја активност, ако паровите и групите не се добро оранизирани, ако активностите не се интересни за учениците, ако не постојат утврдени правила на однесување во училницата, резултатот ќе биде хаотична атмосфера која не е погодна за учење. Затоа не е доволно само наставникот да ја знае добро материјата која ја предава и да биде способен да им го пренесе тоа знаење на учениците. Подеднакво важно е наставникот да биде способен да го организира часот и да создаде атмосфера погодна за учење. Во овој труд се фокусираме на еден аспект од организацијата на часот кој се однесува на формите на работа на час.

**Клучни зборови**: форми на работа, фронтална работа, работа во групи, работа во парови, индивидуална работа.

**Abstract:** Among the many roles that teachers play in the classroom is that of organizer. It is one of the most important roles because in order for learning to take place, certain conditions need to be satisfied. If there is no order in the classroom, if students are not given clear instructions when they have to do an activity, if pairs and groups are not organized well, if students are not interested and engaged in an activity, if they are disrespectful, if there are no established rules in the classroom, the result will be a chaotic situation where students cannot learn properly. Thus, it is not enough for teachers to know their subject area well and to be able to transfer that knowledge to students; being able to organise the class and create an environment that is conductive to learning is equally important. In this paper we focus on the forms of work in the language classroom.

**Key words:** forms of work, whole-class teaching, group work, pair work, individual work

## Вовед

Помеѓу многуте улоги кои ги имаат наставниците во училницата е улогата на организатор. Таа е една од најважните улоги бидејќи за да биде успешен процесот на учење, потребно е да се задоволат одредени услови. Ако во училницата нема ред, ако учениците не добијат јасни инструкции пред да започнат некоја активност, ако паровите и групите не се добро оранизирани, ако активностите не се интересни за учениците, ако не постојат утврдени правила на однесување во училницата, резултатот ќе биде хаотична атмосфера која не е погодна за учење. Во таква ситуација страдаат и наставникот и учениците, бидејќи наставникот не може да ги реализира целите на часот, а учениците усвојуваат многу помалку знаења и вештини отколку што би требало (Marzano, 2003: 1). Оттука, не е доволно само наставникот да ја знае добро материјата која ја предава и да биде способен да им го пренесе тоа знаење на учениците. Подеднакво е важно наставникот да биде способен да го организира часот и да создаде атмосфера погодна за учење.

Една студија покажала дека успешните наставници придонесуваат за зголемување на напредокот на своите ученици за 52% во текот на една година, за разлика од помалку успешните наставници чии ученици може да постигнат околу 14% напредот во истиот период (Sanders & Horn, 1994, цитирано во Marzano, 2003: 2). Овие сознанија поттикнуваат важни прашања. Дали

сите наставници може да бидат добри организатори на часот? Дали се работи за талент кој некои наставници го поседуваат, а други не? Дали сите наставници може да нуачат како да бидат ефективни организатори на работата во училницата? Марцано (Marzano, 2003: 2) тврди дека секој наставник може да стане добар организатор на часот и дека тоа може да се постигне со соодветна обука на која наставниците ќе научат специфични техники со чија примена ќе се промени однесувањето и на наставниците и на учениците и ќе придонесе за подобар успех на учениците. Во овој труд се фокусираме на еден аспект од организацијата на часот кој се однесува на формите на работа на час.

**Форми на работа во училницата**

Постојат повеќе форми на работа во училницата: фронтална работа, работа во парови, работа во групи и индивидуална работа. Која од овие форми ќе се примени зависи од повеќе фактори:

- *Видот на задачата или активноста.* Кога наставникот дава инструкции или објаснувања, најпогодна е фронталната форма. Кога учениците треба да дискутираат на одредена тема, најдобро е да се користи групна форма. Ако задачата вклучува читање или слушање на текст проследено со одговарање на прашања, пополнување на табела или друга активност поврзана со текстот, пожелно би било да се користи работа во парови за да може учениците да разменат мислења и да си ги проверат одговорите. Индивидуалната работа е соодветна кога учениците имаат задача за пишување, одговараат на прашања, работат вежби за вокабулар или граматика и слично.
- *Целта на часот*. Ако целта на часот е развивање на вештините на зборување, најсоодветна би била групна работа, бидејќи повеќе ученици може да зборуваат во исто време и се намалува стресот кај учениците, особено кај оние ученици кои не се чувствуваат пријатно кога треба да зборуваат пред целиот клас. Од друга страна, ако целта е развивање на вештините на пишување, доминантна форма на работа би била индивидуалната работа.
- *Фазата на часот.* Без разлика на целта на часот или видот на активностите, часовите обично започнуваат и завршуваат со фронтална форма. На почетокот на часот, наставникот може да даде кратко објаснување, инструкции или демонстрирање на активноста, или пак да ги организира учениците во парови или групи. На крајот на часот, откако учениците работеле индивидуално, во парови или во групи, може да се организира кратка дискусија за тоа што го работеле, наставникот може да им даде повратна информација и да го заокружи часот.
- *Редоследот на активностите*. За да бидат часовите интересни и да ги мотивираат учениците, наставниците треба да користат разновидни активности и форми на работа на секој час. Дури и кога учениците имаат индивидуална задача, како што е пишување есеј, прво може да се користи фронтална работа или работа во групи за да се генерираат идеи. Во фазата на планирање учениците може да работата во парови за да си помагаат и да споделуваат идеи. Откако ќе го напишат есејот индивидуално, тие може повторно да работат во парови за да го прочитат есејот на својот партнер и да дадат сугестии. Откако ќе ја напишат финалната верзија, учениците може да ги читаат есеите во групи или пред целиот клас.
- *Расположението.* Хармер (Harmer, 2001: 119) истакнува дека е важно наставниците да го следат расположението на учениците и да ја променат формата на работа или активноста ако забележат дека учениците губат интерес или стануваат немирни.

Табела 1. Активностите кои одговараат на различните форми на работа на час.

| **Фронтална работа** | **Работа во групи** | **Работа во парови** | **Индивидуална раб.** |
|---|---|---|---|
| Предавања | Проекти | Дијалози | Читање |
| Објаснувања | Игри | Интервјуа | Одговарање прашања |
| Демонстрации | Уграње по улоги | Прашања и одговори | Пополнување табели |
| Инструкции | Драмски активности | Работа со текст | Вежби за вокабулар |
| Дискусии | Симулации | Вежби за вокабулар | Вежби за граматика |
| Дебати | Дискусии | Вежби за граматика | Пишување |
| Раскажување приказни | Размена на мислења | Размена на мислења | |
| Презентации на ученици | Размена на информации | Размена на информации | |
| Игри | Донесување одлуки | Играње по улоги | |
| Драмски активности | Решавање проблеми | Пополнување табели | |
| Користење на технолошки алатки | | | |

## Фронтална работа

Фронталната работа обично се користи во традиционалните методи каде што наставникот стои пред целиот клас и држи предавање проследено со прашања, дискусии или вежби. Дури и денес некои наставници го користат единствено тој метод на поучување. Иако не може да се оспори улогата на фронталната работа, таа не смее да биде единствената форма на работа на час. Во табела 2 се презентирани позитивните и негативните страни на оваа форма на работа.

Табела 2. Позитивни и негативни страни на фронтална работа.

| **Позитивни страни** | **Негативни страни** |
|---|---|
| Воспоставување контакт со сите ученици | Фокусот е на наставникот, не на ученикот |
| Поголема контрола на целиот клас | Нерамномерно учество на учениците |
| Полесно следење на работата и однесувањето на учениците | Не овозможува водење грижа за потребите на секој ученик |
| Полесно оценување. | Насочена кон просечниот ученик |
| Соодветна за давање објаснувања и инструкции | Недостаток на интеракција помеѓу учениците |
| Поголема разновидност на идеи и мислења | Несоодветна за повлечените ученици |
| Поголема поврзаност помеѓу сите ученици | Несоодветна за активности кои се работат во парови или во групи |
| Поголема публика за работата на учениците | Недоволно време за учество на сите ученици |
| Поефикасно користење на времето | Не поттикнува самостојност кај учениците |

## Групна работа

За да биде успешна, групната работа треба да биде добро испланирана и организирана. Браун (Brown, 2001: 187) истакнува дека најчестата причина за неуспех се несоодветен вовед и инструкции. Тој сугерира неколку правила за групна работа како што се објаснување и демонстрирање на активноста, давање јасни и детални инструкции и проверка дали учениците

разбрале што и како треба да работат. Друг важен аспект е формирањето на групите. Се смета дека оптимална бројка за групна работа е четири до шест ученици бидејќи озовможува добра интеракција помеѓу учениците, а наставниците можат полесно да ја следат работата ако бројот на групите не е голем. Групите може да се формираат врз основа на јазичната компетенција, интересите, карактерите, когнитивните стилови, способностите, целите на учењето, итн. Понекогаш на учениците треба да им се даде можност сами да ги формираат групите (Brown, 2001: 188; Harmer, 2001: 120-122; Jacobs & Hall, 2002: 54). Откако учениците ќе започнат со работа, наставникот ја набљудува нивната работа и ако има потреба им помага во завршувањето на задачата, но тој не треба да има доминантна улога. На крајот групите ги презентираат своите резултати, идеи или заклучоци, а наставникот им дава повратна информација.

Табела 3. Позитивни и негативни страни на работа во групи.

| Позитивни страни | Негативни страни |
|---|---|
| Динамична интеракција помеѓу учениците | Потребно е време за организирање на групите |
| Поголемо време за зборување за сите ученици | Поголема врева во училницата |
| Поголема соработка и меѓусебно помагање | Можна употреба на мајчиниот јазик |
| Порелаксирана атмосфера | Непожелна форма за работа за некои ученици |
| Поголема мотивација за учење | Некои ученици може да доминираат, а други да бидат пасивни |
| Поголема сигурност за срамежливите ученици | |
| Развивање на одговорност и самостојност кај учениците | Некои групи може да завршат порано од другите |
| Развивање на комуникативните вештини | Помала контрола врз сите ученици |
| Поголеми можности за усвојување на јазикот | Членовите на групите може да не сакаат да соработуваат |

Некои од негативните страни на групната работа може да се избегнта со правилно планирање и организација. На пример, за да се поттикнат учениците да зборуваат на целниот јазик, наставникот треба да ја објасни важноста на вежбање на јазикот, да воспостави правила за користење на целниот јазик, да одговори позитивно на нивните напори да го користат целниот јазик и слично (Scrivener, 2005: 101). За да се избегне доминација на дел од учениците во групата, наставникот може да им даде различни улоги и задачи на членовите на групата или да додели броеви на секој ученик така што по завршувањето на активноста, ученикот чиј број ќе го каже наставникот треба да ги презентира резултатите од работата на групата (Jacobs and Hall, 2002: 52). Ако некои групи завршат порано од другите, тие може да си ги споредат резултатите или може да им се даде друга кратка активност. Но, при групната работа потребно е да се одреди и временски период за завршување на активноста да се поттикнат учениците да ја планираат и завршат задачата на време.

## Работа во парови

Работата во парови на некој начин е слична со работата во групи, но има и одредени разлики. Според Браун (Brown, 2001: 182), оваа форма на работа е посоодветна кога задачата е кратка, поедноставна и поконтролирана во однос на структурата. Како и групната работа, работата во парови треба да е добро организирана и на учениците треба да им се дадат јасни инструкции. Во зависност од видот на активноста, по давањето на инструкциите пожелно е

наставникот да ја демонстрира активноста со уште еден ученик или да побара доброволци да ја демонстрираат активноста. Ако активноста е дијалог, интервју или играње по улоги, неколку парови може да ја изведат пред целиот клас.

Многу од позитивните и негативните страни на работата во групи се однесуваат и на работата во парови. Покрај наведените карактеристики во табела 4, други позитивни страни на работата во парови се следниве:

- Максимално време за зборување на сите ученици
- Помалку конфликти од работата во групи
- Истовремена активност на сите ученици
- Зголемување на самодовербата на учениците
- Учениците може да си помагаат и да учат еден од друг
- Полесно организирање од работата во групи

**Индивидуална работа**

И покрај тоа што работата во парови и групи е многу корисна за учениците, има ситуации кога учениците работат индивидуално. Индивидуалната работа исто така има голем број предности. Наставникот може да дизајнира програма за учење според стилот на учење, потребите и интересите на индивидуални ученици. Учениците може да работат различни задачи по свој избор или во договор со наставникот според поставените краткорочни цели. Секој ученик може да го избере темпото на работа, нивото, темата или вештината која сака да ја развива (Ur, 1991: 235). Она што е од особена важност е што факторите како што се вознемиреност, стрес или натпреварувачки елементи кои се присутни во активности кои се работат во парови или групи не претставуваат пречка при индивидуалната работа.

Но, како и останатите форми, и индивидуалната работа има негативни страни. При индивидуалната работа недостасува еден од најважните услови за развивање на комуникативните способности на учениците, бидејќи освен со наставникот ученикот не комуницира со другите ученици. Исто така, индивидуалната работа не одговара за холистичките, активните и екстровертните ученици кои преферираат да учат преку интеракција со другите ученици. Конечно, прилагодувањето на програмата според стилот на учење на ученикот може да биде и штетно, бидејќи за учениците е пожелно да работат и надвор од својата зона на комфорт и да користат техники кои можеби во почетокот не им се допаѓаат, но се неопходни за развивање и на други способности и вештини (Scarcella and Oxford, 1992: 63).

**Заклучок**

Работата на наставникот не се однесува само на презентирање и објаснување на новиот материјал и обезбедување можности за вежбање и утврдување на знаењето. Таа исто така вклучува и организирање на работата во училницата и создавање атмосфера во која учениците се чувствуваат сигурни и во која можат да го развиваат својот потенцијал. Еден од аспектите на организација на часот се однесува на одредувањето на соодветна форма за работа. Во зависност од целите и фазата на часот, видот и редоследот на активностите или расположението, наставникот може да користи фронтална работа, работа во групи и парови, или индивидуална работа. За да ги направат часовите интересни и за да ги поттикнат учениците активно да учествуваат во активностите, наставниците треба да користат разновидни форми на работа. Во наставата по странски јазици е особено значајно наставниците да обезбедат можности за зборување и користење на јазикот, што може да се постигне преку користење на соодветни задачи и активности и организирање на учениците во парови и групи со што значително се зголемува времето за зборување на сите ученици и се овозможува полесно развивање на комуникативните вештини и компетенции на учениците.

**Користена литература**

1. Brown, H. D. (2001). Teaching by principles: An interactive approach to language pedagogy. (2nd ed.) New York: Longman.
2. Harmer, J. (2001). The Practice of English Language Teaching. (3rd ed.) Harlow: Longman.
3. Jacobs, G. M. & Hall, S. (2002). Implementing cooperative learning. In J. C. Richards & W. A. Renandya (Eds.), Methodology in language teaching: An anthology of current practice (pp. 52-58). New York: Cambridge University Press.
4. Marzano, R. (2003) Classroom management that works. Virginia: ASCD
5. Sanders, W. L., & Horn, S. P. (1994). The Tennessee value added assessment system (TVAAS): Mixed-model methodology in educational assessment. Journal of Personnel Evaluation in Education, 8, 299–311.
6. Scarcella, C. R. and Oxford, L. R. (1992). The Tapestry of Language Learning: The Individual in the Communicative Classroom. Boston, Massachusetts: Heinle & Heinle Publishing.
7. Scrivener, J. (2005). Learning Teaching: The essential guide to English language teaching. Oxford, UK: Macmillan.
8. Ur, P. (1991). A Course in Language Teaching: Practice and Theory. Cambridge: Cambridge University Press.

**Доц. д-р Марија Котевска Димовска**
БАС, marijadimovski@yahoo.com
**м-р Спиро Мавровски**
БАС, marijadimovski@yahoo.com

19.923:[005.322:316.46

# ПСИХОЛОШКИОТ ПРОФИЛ НА ХАРИЗМАТИЧНИТЕ ЛИДЕРИ

**АПСТРАКТ:** Харизматично лидерство е моќна и ефективна форма на лидерство која инспирира и мотивира кон општествени и организациски промени. Овој труд се однесува на харизматичните лидери кои со својата личност и однесување влијааат на емоциите, верувањата и вредностите на следбениците и постигнуваат тие со нив да се идентификуваат и да ги имитираат (Bass, 1990). Најефикасно е она харизматично лидерство кое има моќ на позитивна трансформација врз следбениците. Харизматични лидери кои се и трансформациски, имаат способност значајно да ја изменат организацијата и нејзината култура. Моќта на ова лидерство го прави многу привлечно за истражувачите и лидерите, особено во делот кој се однесува на карактеристиките на личноста кои се во корелација со харизматичното лидерство. Ова истражување е насочено кон одговори на клучните прашања поврзани со личноста на харизматичниот лидер, односно неговиот психолошки профил. Ова истражување покажа поврзаност на одредени црти на личноста со харизматичноста на лидерот. Според наодите на ова истражување може да се заклучи дека психолошки профил на лидерот, во голема мерка, го детерминира харизматичното лидерство.

**Клучни зборови:** харизматично лидерство, психолошки профил, црти на личноста.

**ABSTRACT:** Charsmatic leadership is powerfull and effective form of leadership which inspires and motivates socal and organisational changes. This paper is about the carismatic leaders who influence their followers with their personality, emotions and beliefs and also make them willing to imitate and to indentify with them (Bass, 1990). The most efficient charismatic leadership is that which has the power to make positive transformation of its followers. Charismatic leaders are also tranformational and have the ability to make significant change of the organisation and its culture. The power of this leadership makes it attrative to researchers and leaders, especially the part about personal features which correlate the charismatic leadership. This research paper is about answering the most important questions connected to the personality of the harismatic leader and his psychological profile. It also shows the connestion of certain characteristics of the person with the charisma of the leader. According to the evidence of this research, it could be concluded that the psychological profile of the leader determine the charismatic leadership.

**Key words:** charismatic leadership, psychological profile, personal features

## ВОВЕД

Општествениот, социјалниот и економскиот развој е резултат на промените на постоечките состојби и решавање на актуелните проблеми на иновативен начин. Теоријата за харизматично лидерство на Вебер, 1946 постулира дека харизматичните лидери се тие кои ги поттикнуваат и поведуваат промените и го иницираат надминувањето на состојбите на статус кво ( Bass, 1990). Харизматичните лидери ја постигнуваат оваа цел со презентирање на моќна визија која ги инспирира и мотивира следбениците кон општествени промени. Во современата литература харизматичното лидерство се разгледува во рамките на трансформациското лидерство - доминантните парадигми на современиот менаџмент, која се обиде да ја објасни единствената врска меѓу лидерството и менаџментот. Харизматично лидерство е она во кое лидерот, со својата личност и однесување влијае на емоциите, верувањата и вредностите на подредените и постигнува тие со него да се идентификуваат и да го имитираат. Харизматичниот водач ја зголемува гордоста и достоинството, предаденоста и самодовербата на подредените и ги насочува кон заедничка цел или визија. Харизматичното лидерство често се испреплетува со трансформациското, но сите харизматични лидери не се и трансформациски, т.е немаат способност значајно да ја изменат организацијата и нејзината култура. Според Бас најефикасно

е харизматичното лидерство кое е разгледувано во рамките на трансформациското како сложен и повеќедимензионалн конструкт и нова парадигма на современото лидерство (Bass, 1990).

## ЛИЧНОСТА И ПСИХОЛОШКИОТ ПРОФИЛ НА ХАРИЗМАТИЧНИТЕ ЛИДЕРИ

Постоеле бројни обиди да се процени поврзаноста на харизматичното лидерство со индивидуалните особини на личноста. Некои студии ја испитувале поврзаноста на харизматичното лидерство со одредени психолошки фактори како што се екстраверзија, емоционална стабилност и отвореност, други автори ја испитувале поврзаноста со потребата за моќ и со моралното расудување (Barling, 2000). Исто така, испитувана е поврзаност со нивото на интелигенција, резултатите говорат дека корелацијата помеѓу овие конструкти се движи од ниско ниво од 0,09 за отвореност до 0,23 за екстраверзија (Barling, 2000). Група на автори Аволио, Валдман и Јамарино говорат дека харизматичното лидерство бара личност со соодветен психолошки профил кој вклучува морална и етична компонента, енергичност, самодисциплина, волја и смелост и достојност за почит (Bass, 1990).

Во литературата се наведуваат следниве заеднички карактеристики на трансформациските водачи:`способности, црти на личноста, лични компетенции и социјални компетенции. Способностите кои ги поседуваат харизматичните водачи се: интелигенција, мудрост, љубопитност, желба за учење и развој, вештини за анализирање, капацитети за артикулација на визија, професионална експертиза. Особините на личноста ги издвојуваат квалитетите или карактеристиките на личноста како клучни за харизматичните се интегритетот и самодоверба, силна вредност и принципи, храброст, смелост, ризикување, емоционална сила, зрелост, самоконтрола, транспарентност, искреност, доверливост, иницијатива.

## ЛИЧНОСТА И ПСИХОЛОШКИОТ ПРОФИЛ

Во психолошката литература се истакнува дека помеѓу личноста, цртите на личноста и емоциите постои одреден меѓусебен однос (Pogacnik, 1986). Цртите на личноста се резултат на мешавина на емоциите. Секоја црта на личноста е составена од најмалу две емоции, па со бирањето на цртите на личноста имплицитно се искажуваат емоционалните диспозиции. Плучик и Келерман го испитувале тој однос, тие го вреднувале релативниот степен на секоја од осумте примарни емоции на човекот. Релативната сила на основните црти на личноста е прикажана со психолошки профил, кој овозможува одредени црти на личноста меѓусебно да се споредат и да се утврди нивното значење за поединецот. Тие црти се: репродукција - ја одразува емоционалната состојба радост. Инкорпорација - ја одразува емоционалната состојба прифаќање. Умерено изразена инкорпорација е знак за способност на личноста да се менува себеси низ нови искуства, да прифаќа нови идеи и на луѓето да им приоѓа со доверба. Неконтролираноста е карактеристична особина на личноста која ја одразува емоционалната состојба импулсивност, односно потребата за нови искуства и доживувања. Тоа се љубопитни индивидуи чија смисла на животот се состои во постојано движење, а активноста им е ненасочена. Самозаштитата е карактеристична особина на личноста која ја одразува емоционалната состојба страв, а умерената укажува на претпазливост. Агресивност е карактеристична особина на личноста кога е умерена означуваат личност која е асертивна, борбена и енергична. Експлорација е карактеристична особина на личноста која ја изразува емоционалната состојба очекување или планирање. Личност со изразена експлорација е организирана и целисходна, адекватно и добро врамнотежена и има солидна самоконтрол, планира и е способна за долго вложување на напор.

## ИСТРАЖУВАЊЕ И ПРИКАЗ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ЗА ПОВРЗАНОСТА ПОМЕЃУ ПСИХОЛОШКИОТ ПРОФИЛ И ХРИЗМАТИЧНОТО ЛИДЕРСТВО

Во овој труд се испитува поврзаноста на одредени црти на личноста и харизматичното лидерство. Истражувањето е извршено со 65 менаџери од образовни институции, кај кои е

определен лидерскиот стил и измерен психолошкиот профил, со помош на стандардизирани инструменти за мерење на овие варијабли.  Харизматично лидерство, е мерено со мултифакторски прашалник  за трансформациско водство- MLQ, а психолошкиот профил е мерен со Ајзенковиот прашалник Профил индекс на емоции- ПИЕ и прашалник за мерење на емоционалните компетенции ПЕК-45 (Такшиќ).

Пресметана е мултипла корелација меѓу зависната варијабла - харизматично лидерство и психолошкиот профил претставен со димензиите личноста: екстраверзија, репродукција, инкорпорација, самозаштита, експлорација, неконтролираност и агресивност, самосвесноста, самоконтролата, самомотивацијата и емпатијата мерени. Коефициентот на мултипла корелација помеѓу трансформациското лидерство и сите 9 предиктори изнесува 0,61. Постои статистички значајна поврзаност помеѓу харизматичнот водач и цртите на личноста мерени со тестовите за личност ПЕК-45 и ПИЕ тестот, кога таа поврзаност се однесува на сите црти на личноста.

| N Број на испитаници | R К.мултипла корелација | D К.мултипла детерминација | Варијанса | E К. на ефикасност | T Стандардна грешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 65 | 0,61 | 0,372 | 37,2%. | 20,75% | 0,0635 |

Мултипла корелација помеѓу харизматичното лидерство и психолошкиот профил на лидеот

Процентот со кој  9 - те  предиктори - црти на личноста: репродикција, инкорпорација, самозаштита, експлорација, неконтролираност, агресивност, оптимизам, самосвесност, самопроцена, самовладеење учествуваат во харизматичното лидерство изнесува 37,2%, што покажува  дека харизматичниот лидер има одреден психолошки профил. Во табелата што следи претставени се корелациите помеѓу харизматичното  лидерство и сите предиктори на психолошкиот профил поединечно: самосвесност, самовладеење, самомотивација, самозаштита. Харизматичното лидерство значајно корелира со самосвесноста, самовладеењето и самомотивирањето. Самовладеење или управување со своите емоции е најдобар индикатор на харизматично  однесување, кога е сам ($r = 0,50$; $p<0,001$) меѓутоа, кога е додадена самопроцената, корелацијата се зголемува до 0,56, а коефициентот на детерминација, се зголемува до 0,313. Кога се земени сите три компетенции заедно корелацијата се зголемува до 0,58 ($p<0,001$), а коефициентот на детерминација изнесува 0,336. Кога овие предиктори се земени заедно со самосвесност, самопроцена и самовладеење, тогаш мултилпата корелација сезголемува до 0,61 ($p<0,001$), а учеството на психолошкиот рофил со наведените црти на личноста, во детерминирањето на трансформациското лидерство изнесува 39,69%.

| | ТВ | свесност | контр | мотив | С | Е | Н | Р | И | А |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТВ | 1 | | | | | | | | | |
| Самосвесност | 0,33*** | 1 | | | | | | | | |
| Самовладеење | 0.41*** | 0,436 | 1 | | | | | | | |
| Самомотивирање | 0,50 | 0,33 | 0,312 | 1 | | | | | | |
| С | 0,31 | 0,209 | 0,208 | 0,207 | 1 | | | | | |
| Е | 0,264 | 0,2291 | 0,21 | 0,198 | 0,32 | 1 | | | | |
| Н | 0,12 | 0,2 | 0,19 | 0,199 | -0,45 | -0,31 | 1 | | | |
| Р | 0,218 | 0,246 | 0,2166 | 0,137 | 0,030 | 0,013 | 0,023 | 1 | | |
| И | 0,239 | 0,281 | 0,291 | 01382 | 0,414 | 0,109 | -0,002 | 0,689 | 1 | |
| А | 0,12 | 0,076 | 0,041 | 0,031 | -0,367 | -0,242 | 0,128 | -0,268 | -0,345 | 1 |

Табела Корелации помеѓу трансформацискиот стил на лидерство и 9 предиктори: самосвесност (ЕКС1), самопроцена (ЕКС2), самовладеење (С3), самозаштита (С), експлорација (Е), неконтрола (Н), репродукција (Р), инкорпорација (И), агресивност (А) и интеркорелации

Добиените резултати укажуваат на следниов психолошкиот профил на личноста која е способна за харизматично лидерство: самосвесна, оптимистична и отворена личност со оптимална самодоверба и срдечно и пријателско однесување, која ужива во присуство на други луѓе, која е способна да се менува низ нови искуства, да прифаќа нови идеи и на луѓето да им приоѓа со доверба. Љубопитна и со потреба за нови искуства и доживувања, борбена и енергична и склона кон пресметан ризик. Личност која е организирана и целисходна, адекватно и добро врамнотежена и со солидна самоконтрола. Тоа е личност која експериментира, планира и е способна за долго вложување на напор, оптимистична, самосвесна и емпатична.

## ЗАКЛУЧОК

Харизматични лидери кои се и трансформациски, имаат способност значајно да ја изменат организацијата и нејзината култура. Моќта на ова лидерство го прави многу привлечно за истражувачите и лидерите, особено во делот кој се однесува на карактеристиките на личноста кои се во корелација со харизматичното лидерство. Според многу истражувања како најзначајни квалитети на личноста се наведуваат: способност да се инспирира доверба, поседување енергија и ориентираност кон акција, пријатност и изразување на емоции, подготвеност за преземање на ризик, користење на неконвенционални стратегии, промовирање на сопствената личност, минимален внатрешен конфликт, силна вредност и принципи, храброст, смелост, ризикување, емоционална сила, зрелост, самоконтрола, транспарентност, искреност, доверливост, иницијатива, и сл. (DuBrin, 1955).

Претпоставката за постоење на одреден психолошкиот профил на харизматичните лидери е потврдена во ова истражување со постоење на висока корелација меѓу одредени особини на личноста и харизматичното лидерство. Високиот коефициент на корелација укажува дека харизматичноста корелира со психолошки профил кој вклучува високо ниво на самосвесност, зрелост, самодоверба и верба во другите, социјална и емоционална свесност и емпатичност. Според овие наоди може да се предвиди дека психолошки профил, во голема мерка, го детерминира харизматичното лидерство. Преостанува оваа поврзаност да се доистражува, и да се докажува влијанието врз успешноста во различни ситуации. Во последниве години постојат многу семинари, трудови и истражувања кои се занимаваат со прашањето за личноста на лидерот и нејзиниот развој како предуслов за еволуирање од менаџери во лидери.

## ЛИТЕРАТУРА

1. Bass, B. M. (1990). Transformational Leadership: Industrial, Military and Educational Impact. London: Lawrence Erlbaum Associates.
2. Barling, J., Slater, F., Kelloway E. K. (2000). Transformational leadership and emotional intelligence: an exploratory study, Leadership and Organization Development Journal,
3. Goleman, D. (1997). Emocionalna inteligencija. Mozaik knjiga, Zagreb. Goleman,
4. Takšić, V. (1998). Validacija konstrukta emocionalne intligencije. Doktorska disertacija. Zagreb: Odsjek za psihologiju Filozofskog fakulteta.
5. Bašković - Milinkovi, A. (1987). Profil indeks emocija Prirčnik. Ljubljana, Center
6. za psihodijagnostična sredstva.

**В. П. Гаврилова**
„Меѓународен Славјански Универзитет", vangelicagavrilova@yahoo.com

364-785.62-056.83

# ХУДОЛИНОВАТА МЕТОДА (HUDOLIN'S METHOD) КАКО СОВРЕМЕН И ЕФИКАСЕН НАЧИН ВО СПРАВУВАЊЕТО СО АЛКОХОЛИЗМОТ

**Апстракт:** Терапијата на алкохолизмот е мошне комплексен социо – психолошки и медицински проблем, во кој се опфатени социотераписки, психодинамски и фармаколошки постапки. Најчесто опфаќа фармаколошко лекување во комбинација со психотераписки и социотераписки методи. Психотерапијата претставува вербална интеракција меѓу терапевтот и клиентот – алкохоличар, со намера да се сменат емоциите, однесувањето и верувањата поврзани со неговото консумирање на алкохол. Му помага на зависникот да се разбере себеси, своите проблеми и мотивации подобро; им помага на алкохоличарите кои се подложени на третман да научат да им одговорат на предизвиците, да ја преземат контролата на својот живот и да научат на здрав начин да се справат со предизвиците. Психотерапијата користи техники за да се зголеми свеста и самонабљудувањето за да ги поттикне лицата да го променат начинот на размислување и однесување за да ги постигнат промените кои ги бараат.

**Клучни зборови:** психотерапија, зависност, клубови, алкохоличар, апстиненција

**Abstract:** The treatment of alcoholism is a rather complex socio-psychological and medical problem, involving sociotherapeutical, psychodynamic and pharmacological procedures. Frequently it comprises pharmacological treatment in combination with psychotherapeutical and sociotherapeutical methods. Psychotherapy represents a verbal interaction between the therapist and the client – alcohol dependent individual, the intention being to change the emotions, behavior and beliefs related to his alcohol consuming. It helps the addict to better understand himself, his problems and motivations; it helps the alcoholics in treatment to learn to respond the challenges, to overtake the control over their lives and to learn in a healthy way to deal with challenges. Psychotherapy uses techniques to raise the awareness and self-observation in order to encourage the individuals to change their way of thinking and behavior and to achieve the changes they are looking for.

**Key words:** psychotherapy, addiction, clubs, alcoholic, abstinence

## Вовед

Алкохолизмот е актуелен проблем, како од општествен, социјален, така и медицински аспект. Тој е неинфективна епидемија на XXI-от век. Според морбидитетот и морталитетот, зависноста од алкохолот се наоѓа на трето место меѓу сите нарушувања на здравјето, после кардиоваскуларните и малигните заболувања.

Факт е дека алкохолот е доста искомерцијализиран, што би било „грев" а да не се зборува за него. СЗО кажува дека, во светот од него страдаат 62 милиони луѓе. Полека но сигурно, го менува човештвото бидејќи станува алатка број еден за манипулација и „опуштање" на умот. Во Јапонија и Русија претставува голем социјален проблем. Додека Русите, се потрудија да казнуваат и затвораат компании за производство, како и барови за служење на алкохол, Јапонците слободно продаваат на улица. Ниту едните, ниту другите, успеваат да го намалат ова општествено зло. А во Македонија, податоците велат 0,02% од населението, една смешна бројка, далеку од реалната. Во едно сегашно истражување во Портланд (Орегон, САД), откриено е дека 22% од самоубиствата се извршени во пијана состојба. Според Националната администрација за безбедност во светот, докажано е дека 10% од сите луѓе кои се здобиле со телесни повреди при возење биле поради пијанство, а околу 35% од смртоносните сообраќајни незгоди се направени под дејство на алкохол. Овие бројки ни прикажуваат една хорор слика на реалноста.

## Актуелноста на проблемот - алкохолизам

*Ако во виното е вистината* – кај алкохоличарите таа не е ниту малку розова, туку напротив горчлива, испреплетена со многу трауми како за зависникот така и за семејството. Се смета дека во целиот свет алкохолизмот претставува една од најтешките, и по број на случаи, најмасовна социјална "болест". Социјална, поради тоа што има тешки социјални последици од кои страда целото општество. Факт е дека сѐ повеќе расте потрошувачката на алкохолни пијалаци, сé почесто пијат млади луѓе, расте бројот на изостаноци од работа и рана инвалидност поради алкохолизам, алкохолот предизвикува намалување на работоспособноста, несреќи на работа, прерана смрт и др. Алкохолизмот кај адолесцентите претставува еден вид претсобје кон уште поголемата зависност – наркоманијата.

Во последно време оваа зависност уште се нарекува и „стил на живеење". Многу луѓе со извесни психички слабости не можејќи да ги решат своите лични конфликти прибегнуваат кон употреба на разни алкохолни пијалаци за да би ја олесниле својата внатрешна напнатост или привремено „решиле" својата тешка состојба. Така постепено тие сами стануваат жртва на „факторот на олеснување" – алкохолот. Често пати се започнува со обично т.н. социјално пиење. Повеќемина остануваат на тоа ниво, додека еден дел со почесто и повеќе консумирање на алкохол навлегуваат во алкохолизам.

Кај алкохоличарите постои нарушување на психичките и физичките функции. Основните симптоми кај нив се манифестираат во промената на карактерот, во моралната, етичката, телесната и социјалната измена на личноста. Од ден на ден кај болниот отапуваат моралните чувства, чувството на одговорност кон фамилијата, работата и општеството. Доколку степенот на алкохолизмот се зголемува, до толку се сé потешки и оштетувањата на интелектуалните функции. Кај алкохоличарот опаѓа способноста за концентрација, се губи интересот за општите настани, мисловниот тек станува сé потежок, се губат идеите, инвентарот на знаења постепено слабее, се развива површност во работата, помнењето од ден на ден слабее, сѐ почесто се јавува некритичност, емоционална нестабилност, зголемена раздразливост, судири со околината, семејството и општествените прописи.

Алкохоличарите се личности кои своето нарушено однесување и душевно функционирање го „лечат" со алкохол. Честопати тие своите постапки и испади ги оправдуваат прикажувајќи се како жртви на околностите кои ги натерале на прекумерно пиење. Можно е алкохоличарот и пред развојот на зависноста да пројавува одредени пречки во однесувањето и психичкото функционирање бидејќи живеел во одредени неповолни социјални или економски околности, но тоа што тој одбрал алкохолот да му биде „лек", „утеха", „забава", тоа сепак е исклучително негова лична одлука. Поради овие причини на алкохоличарот треба јасно да му се даде до знаење дека неговата склоност кон алкохолот е причина за она што му се случува нему и на тие околу него, а доколку сака да ја исправи таа грешка, најнапред треба да се соочи со неа.

## Психотераписки методи

Најдобрите методи за лекување на алкохолизмот варираат, зависно од индивидуалните медицински и лични потреби. Некои алкохоличари кои го препознаваат нивниот проблем се лекуваат сами од себе, додека други пак бараат долгорочна индивидуална или групна терапија, која може да вклучи и хоспитализација, а некои воопшто не бараат третман. Овие луѓе не бараат третман како резултат на комбинацијата од фактори, вклучувајќи го игнорирањето на симптомите на зависноста, социјалниот страв од фактот дека ќе биде етикетиран од заедницата како алкохоличар и неволјата да прифати доживотна апстиненција од алкохол како една од целите на лекувањето.

Психотераписките методи на лечење на личноста – алкохоличар се применуваат по детоксикацискиот третман и можат да бидат индивидуални, групни и семејни.

- Индивидуалната психотерапија е психотерапевтски процес базиран на однос на еден психотерапевт и еден клиент. Во индивидуалната психотерапија терапевтот користи методи и техники. Нејзина цел е да му помогне на клиентот да го локализира

и надмине проблемот со алкохолот. При индивидуалната психотерапија процесот може да биде воден користејќи техники на психоедукација, советување, освестување на конфликтите, постигнување на увид, стекнување на сознание за сопствените механизми, препознавање и контрола на емоциите, учење на нови обрасци на однесување и слично, со единствена цел постигнување на промена. Најчести психотераписки методи за третирање на проблемот со алкохол се: когнитивно - бихевиоралната терапија и психоаналитичката психотерапија.

*Когнитивно - бихевиоралната психотерапија* како метод во лекувањето на зависници од алкохол е насочена кон менување на научените модели, идентификација и поправање на критичното однесување кон алкохолот. Овој модел им овозможува на клиентите да ги антиципираат проблемите и да ја подобрат нивната самоконтрола во кризна ситуација. Истражувањата покажале дека вештините кои се научени при оваа психотерапија, остануваат и откако ќе заврши.

*Психоаналитичката психотерапија* при лекување на зависници од алкохол има за цел да му помогне на пациентот да се ослободи од скриените механизми во психата, односно од вообичаените шеми на однесување. Алкохолизмот, според психоаналитичарите е одраз на потсвесната желба за самоуништување, па психоанализата придонесува личноста – алкохоличар да ги ублажи постоечките тенденции во неа.

- Групната психотерапија е терапија која е базирана на групни сесии, во кои поголем број на клиенти се третираат во исто време од страна на професионален психотерапевт. Овој вид психотерапија им нуди на алкохоличарите да се чувствуваат како дел од заедница, споделувајќи ги своите искуства, желби и стравови. Корисна е бидејќи поттикнува емпатија, алтруизам и интерперсонални вештини за развој, кои се чест недостаток на личностите – зависници од алкохол. Во Република Македонија функционираат клубови на лекувани алкохоличари во повеќе градови, каде професионалци работат со лекуваните зависници по принципот на групна терапија.
- Семејната психотерапија во процесот на лечење на алкохоличарот го вклучува целото семејство, и е насочена кон менување на функционирањето на семејството во целина, и поттикнување на членовите да се вклучат директно во помагањето на личноста – алкохоличар. Оваа терапија е фокусирана на емотивниот живот на целото семејство, а не само на членот зависник од алкохол. Вклучува менување на семејниот модел и промена на релациите меѓу членовите, со цел да се избегне потхранувањето на проблемот.

Проблемите поврзани со алкохолот ширум светот, а особено во Европа, претставуваат сериозна пречка во надежите на луѓето за постигнување на благосостојба. Семејствата кои се соочуваат со овие проблеми живеат во постојана емоционална напнатост, живот полн со грижи, што е препрека за сите членови на семејството со смиреност да се соочуваат со животот.

За да се справи со овие проблеми, *проф. Владимир Худолин*, во 1964 година ги востановува *Клубовите на лекувани алкохоличари*, со препорака дека целото семејство би требало да биде присутно, што значи дека сите членови на семејството, вклучувајќи ги и децата.

Ова е предуслов, доколку семејствата навистина сакаат да го променат својот стил на живеење и да ја подобрат меѓусебната поврзаност. Благодарение на стимулацијата што ја пружа услужителот-учител, кој мора да биде добро обучен, сите членови на семејството можат конечно да добијат еден хуман и општествен подем.

Според Худолин:„Клубот на алкохоличари во третман работи врз основа на систематскиот пристап. Тоа значи дека треба да ги набљудуваме проблемите поврзани со алкохолот во рамките на био-социјалниот систем каде што личноста живее и работи. Важно е клубот да му се обрати на целото семејство, бидејќи тоа е најважниот био-социолошки систем за секоја индивидуа. Специфичното однесување што се однесува до консумирањето на алкохолот мора да се зема во предвид како дел од општото однесување на системот. Поради тоа третманот на таквата индивидуа, мора да се одвива во рамките на системот на семејството, бидејќи промената во однесувањето не може да се одвива надвор од тој систем“.

**Улогата на КЛА**

*Клубовите на мултисемејните заедници со тешкотии предизвикани од пиењето алкохол и други комплексни проблеми се темелат на социјално – еколошкиот принцип кој е динамичен и отворен спрема промените и постојано се менува во лонгитудиналната динамика на развојот*. Развојот на клубовите е условен од потребата да се најде начин за успешна соработка со семејствата кај кои ќе се јават проблеми и комплексни тешкотии предизвикани од алкохолот. Во литературата се опишани близу 50 различни теоретски пристапи. Социјално – еколошкиот пристап е многу динамичен и се менува под влијанието на повеќе надворешни чинители, податоци добиени од научните истражувања, здравственото законодавство, политичките и социјалните случувања и искуствата од практичната работа.

Од исклучителна важност е адекватно спроведување на третманот со алкохоличарите заради побрза рехабилитација и ресоцијализација. Тоа значи да им се овозможи здравствено опоравување и враќање во семејната, но и работна средина.

*Лекувањето опфаќа две фази:*

Првата фаза е фаза на интензивно лекување (болничко лекување со доминантен учинок на фармакотерапијата, трае околу еден месец).

Втората фаза е фаза на продолжено лекување (рехабилитациона фаза, трае барем една година после болничкото лекување). Оваа фаза е особено значајна бидејќи претставува период на рехабилитација што се спроведува во КЛА.

Клубот претставува повеќесемејна тераписка заедница, која врши едукација на членовите за алкохолизмот. КЛА треба да има максимум 12 семејства (30-тина членови). Основната цел е менување на стилот на живеење на вклучените семејства. Состаноците се одржуваат еднаш неделно. На секој состанок се одредува тема за која се расправа. Состаноците на КЛА претставуваат модифициран тип на тераписка заедница. Од сите членови се бара трајна и потполна апстиненција. КЛА треба да биде вклучен и во примарната превенција, заради спроведување на разни истражувања поврзани со алкохолизмот.

Вкупниот број на КЛА во поедини земји изнесува: Италија – 2350, Хрватска – 250, Словенија – 120, Србија – 30, Македонија – 8, Грција – 7, Норвешка – 8, Шри Ланка – 3 итн. Се препорачува на 10.000 жители да има еден клуб.

Клубовите на лекувани алкохоличари се општествено правни организации во кои се вклучуваат лекуваните алкохоличари и нивните семејства, но и граѓани кои го прифаќаат животот без алкохол. Може да се регистрираат како НВО или како составни делови на здравствените организации.

*Основната улога на клубот е:*

- Да се зацврсти апстиненцијата, нејзиното одржување и стабилизација како психичка, така и физичка.
- Промена на старите и стекнување на нови навики.
- Полесно совладување на апстиненцијалните кризи.
- Помагање и други да почнат со лекување и да истраат во апстиненцијата.
- Рехабилитација и воспоставување на изгубените улоги во животот и вклучување во нормални секојдневни текови на животот.

*Состанокот на клубот има три фази:*

1. Фаза на доаѓање на членовите – се одликува со спонтана комуникација меѓу членовите.
2. Тематска фаза – тоа е терапискиот дел од работата на клубот. Се обработуваат разни теми од алкохолизмот и секојдневниот живот, при што членовите земаат активно учество.
3. Забавно-рекреативна фаза – членовите во опуштена и пријатна атмосфера, со кафе или сок, ги користат просториите на клубот за разни активности.

Во клубот секој пациент влегува во текот или после фазата на интензивно лекување, со обврска тука да помине најмалку една година. Во праксата се случува, значителен број членови

да продолжат активно да учествуваат во работата на клубот и по истекот на ова време. Очигледно е дека искуствата и поддршката која се добива таму е нешто што на многу членови им е драгоцено и од што не сакаат да се одречат. Третманот во клубот на лекувани алкохоличари чини многу малку, претставува најекономичен дел на терапијата, но е незаменлив во лекувањето.

Интензивната фаза на лекување подразбира пред сé лекување со лекови заради отстранување на симптомите на апстиненцијална криза и опоравување на оштетените телесни органи, додека *лекувањето во клубот претставува еден вид психотераписки и социотераписки третман насочен кон одржување на потполна и трајна апстиненција.*

## Заклучок

Крајна цел од терапевтското дејствување е апстиненцијата. Колку подолго алкохоличарот ќе апстинира, толку подобро ќе се чувствува. Тој постапно ќе ги менува животните навики, ќе стекнува нови пријатели, ќе напредува на работното место, повеќе ќе заработува и сл. Доколку алкохоличарот само престане да пие, а не ги промени навиките во животот, тоа не е добар знак и обично води кон рецидив. Вистинското истрезнување во животот на алкохоличарот не се состои само во престанок на пиењето алкохол, туку во менувањето на стилот на живот и животните вредности. Престанокот на пиење алкохол е само прв и основен предуслов за да се зачекори кон подобар, поисполнет и посреќен живот, а тоа е реално остварливо. Токму затоа во Р. Македонија функционираат КЛА со едуцирани стручни кадри, спремни за помош и поткрепа во секое време. Тоа што е потребно е: поддршката за превенција на ова зло која настојува да ја надвладее нашата надежна иднина.

**РЕФЕРЕНЦИ:**


1. Алкохолошки гласник (2012) Полет бр. 2-3, Скопје
2. Белевска, Д., Филиповска, А., (2010), Медицинска психологија, Просветно дело, Скопје
3. Bennett, L. (1997), Substance Abuse and Woman Abuse by Male Partners, Rockville: Social Work
4. Гаврилова, В. (2011), Основи на психоанализата, Меѓународен центар за славјанска просвета, Свети Николе
5. Cohen, P. & Cummins, S., (2011) Habit Busting, Книгоиздателство ФЕНИКС, Скопје
6. Johnson, B. (2011) Psychoanalytic treatment of psychological addiction to alcohol (alcohol abuse), NY: Front
7. Мусо Л. (2013) Децата на клубовите, Здрав живот, Скопје
8. Панзов В. (2012) Алкохолизам! А што потоа?, Здрав живот, Скопје
9. Hay, L.L, (2001) You can Heal Your Life, СИЛСОНС, Скопје
10. Torre, R., (2006) Propadanje alkoholičara, HSKLA (Hrvatski Savez Klubova Liječenih Alkoholičara), Zagreb
11. Torre, R., (2006) Oporavak alkoholičara u klubovima liječenih alkoholičara, HSKLA (Hrvatski Savez Klubova Liječenih Alkoholičara), Zagreb
12. http://pubs.niaaa.nih.gov/publications/aa30.htm
13. http://www.alcoholismtreatment.info/
14. http://www.mayoclinic.com/health/alcoholism/DS00340/DSECTION=treatments-and-drugs
15. http://www.ncbi.nlm.nih.gov/pubmedhealth/PMH0001940/
16. http://www.treatment-centers.net/alcoholism-treatment.html

**Проф. Др. Диана Белевска**
Меѓународен Славјански Универзитет Г.Р.Державин - Свети Николе - Битола
**Мр. Маја Лутовска Ристеска**

364.622-786.2

# МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ ВО ЗАЕДНИЦА

# COMMUNITY MENTAL HEALTH

**Abstract:** Community mental health integrates medical, psychological and social care for person with mental health problems within community- meaning deinstitutionalisation, exit from hospital and exit from social isolation. Community mental health is based on the fact that diagnosis is only one aspect of life for people with mental health problems. Medical treatment is part of the support they need - in order to overcome symptoms, to get better and to avoid the repeated episodes of illness. The remaining support is psychological and social and it comes from professionals, but mainly comes from the family, friends, school, employment, community, neighbourhood as well as the possibility to use the benefits of the community in the same way as everybody else. Community mental health is undoubtedely a challenging field for promotion of mental health. All the stakeholders including: individuals, professionals, users and their families, health workers, local community, political, cultural, social and religious actors, should be involved in the way of understanding, as well as in the vision what actually community mental health is and how can it be carried out.

**Key words:** mental health, community, psychosocial, services, promotion

**Апстракт:** Ментално здравје во заедница значи грижа - медицинска, психолошка и социјална, за лицата со проблеми во сфера на менталното здравје во рамки на заедницата (деинституционализација, излез од болница, излез од изолација). Медицинската грижа се фокусира на ментално здравствениот проблем и медикаментите, психолошката грижа на емоциите, релациите, доживувањата на себе си и околината, социјалната грижа на интегрираноста во општеството, продуктивноста и корисноста. Менталното здравје во зедница е сеуште предизвик за нашиот ментален склоп, културолошката оптовареност со стереотипите и предрасудите. За негово прифаќање потребна е информираност, едукација, ангажман на сите ниво на зедницата – лицата со проблеми, семејствата, здравствените работници, психолозите, социјалните служби, локалната заедница.. Овој труд е интеграт на суштествените аспекти на ментално здравје во зедница со цел промоција на неговите придобивки.

**Клучни зборови:** ментално здравје, заедница, психосоцијална грижа, служби, промоција

Менталното здравје и благосостојба се суштествени за квалитетот на животот и му овозможуваат на човекот и граѓанинот да води активен и креативен живот. Менталното здравје е важна компонента на социјалната вклученост, продуктивноста, мирот и стабилноста во средината во која човекот и граѓанинот живее. Оттаму, обезбедувањето на услови за развој на менталното здравје и благосостојба се императив во секое општество.

Секоја индивидуа има потреби кои се однесуваат на менталното здравје, независно дали тие потреби имаат дијагноза или не. Оваа општочовечка димензија на менталното здравје ја прави неговата промоција значајна, токму таму каде што се сретнуваме со тие потреби - домот, на работното место, во соседството, во институција или во болница, таму каде луѓето се чувствуваат почитувани, вклучени и сигурни, или се на маргините во срав и исчекување. Тоа е суштината на менталното здравје во зедница.

Менталното здравје во зедница е сеуште предизвик за нашиот ментален склоп, културолошката оптовареност, стереотипите и предрасудите. Тоа е така бидејќи ментално здравје во зедница подразбира интегрирана долготрајна грижа на лицата со псхијатриски растројства во нашето секојдневие и опкружување. Бара разбирање на оваа проблематика меѓу сите носители на процесот вклучувајќи индивидуалци, професионалци, корисници на психијатриски услуги и нивни семејства, локални заедници, политички, културни, религиозни

заедници...Сите тие треба да знаат што е всушност ментално здравје во заедница и како тоа може да биде спроведено. Предизвикот се врзува со повеќе фактори меѓу кои: импактот на растројството врз личноста, семејството, општеството, и секако стигмата како фактор.

Стигмата – не е само користење на погрешен збор или акција. Стигмата е непочитување. Стигмата е поширок поим од дискриминацијата. Дискриминацијата се однесува на сите кршења на човековите правата во најширока смисла, додека стигмата е она што е "јавно мислење" Кршењето на човековите права е казниво, а стигмата иако поширока и посеопфатна сепак останува само "јавно мислење". Дестигматизација е прв чекор кон разбирање на менталнот здравје во зедница. Тоа се постигнува преку информирање, едуцирање, корекција на ставови – промоција на менталното здравје во зедница.

Промоцијата на ментално здравје во зедница – има значајни здравствени и социјални придобивки:

- Го зголемува социјалнот вклучување и општествената интеграција на лицата со проблеми во сфера на ментално здравје;
- Ја поттикнува продуктивноста на лицата со проблеми;
- Се справува со стигмата и ја зголемува свесноста и разбирањето на прашањата за менталното здравје;
- Има клучна улога во спроведувањето на услугите на сервисите за ментално здравје во заедницата.

Лицата со проблеми во менталното здравје имаат значајни потреби поврзани со медицинскиот третман кој мора континуирано да се унапредува и да се пружа низ службите на ментално здравје во заедница. Но медицицинскиот третман е само дел од поддршката што им е потребна. Токму менталното здравје во заедница, мора да одговори на многу пошироките потреби на една "личност". Пр. вработувањето и останатите окупациони активности, соодветен дом и.т.н. Семејството, пријателите, училиштето и соодветни комуникации имаат важна улога во оспособувањето на лицата со проблеми во менталното здравје да уживаат на исто ниво во заедницата како и секој друг. Многу од факорите кои влијаат на менталното здравје лежат надвор од здравствена и социјалната грижа и се однесуваат на општествени иницијативи.

Заедницата е место каде промоцијата на менталното здравје има важна улога за:

- Промоција на менталното здравје за сите, работа со индивидуите во заедницата;
- Промоција на човечките и граѓански права во заедницата;
- Превенција на проблемите на полето на менталното здравје, стравот, депресијата, злоупотреба на дрогата, самоубиства и убиства.

**Што е ментално здравје во заедница?**

Менталното здравје во заедницата претставуваат служби кои обезбедуваат високо ниво на адекватна и сеопфатна грижа за менталното здравје на одредена популација, а кои се посветени на третман и помагање на лицата со ментални растројства. Терминот,,грижа во заедницата,, првпат е употребен во Британија , во 1957 година. Неговиот историски развој е трасиран од Bullmer (1987) кој понуди четири карактеристики на менталното здравје во заедница и тоа:

1. Грижа за лицата со ментални растројства во заедницата;
2. Обезбедување на систем на професионални служби надвор од и во болниците;
3. Вклучување на пошироката заедница во грижата за лицата со ментални растројства;
4. Нормализирање, односно обезбедување на оптимални услови за живот на овие лица.

Со други зборови, грижата за менталното здравје во заедницата е претставена преку организација на психијатриска служба која ги задоволува потребите на зедницата, како психијатриски сервис, но иствремено се грижи и за спречување на дискриминаторскиот став кон корисниците на психијатриските услуги, спречување на стигмата, заштита на човековите права и на секој начин се обидува да ги реинтегрира корисниците во општеството.За тоа се неопходни психијатриски реформи и реорганизација на класичниот психијатриски модел. Организацијата на менталното здравје ориентирано кон заедицата подразбира развивање

на мрежа на вонболнички установи, т.е. на установи кои во заедницата се повеќе им се приближуваат на своите клиенти, давајќи им ги своите услуги што поблиску до нивната животна средина. Установи од таков тип се:

I. Центри за ментално здравје - според различни концептуални модели, се разликуваат по природата на својата работа, но главно претставуваат установи за дневен престој, во најразлични форми, за корисниците на психијатриските услуги и со различни дневни програми;

1. Дневни центри – ја акцентираат психосоцијалната димензија на третманот, во однос на медикаментозната. Дневните центри бараат мултипрофесионален пристап во клиничката работа, каде не е неопходно присуство на психијатар. Тоа се психијатриски установи од преоден тип – овозможуваат постапен преод на психијатриските пациенти од душевните болници и од затворените, стационарни психијатриски одделенија во заедницата.Меѓутоа овозможуваат и прием на пациенти кои претходно не биле хоспитализирани, со што се обезбедува овие пациенти да ги избегнат несаканите ефекти на целосната хоспитализација во психијатриските болници.

2. Дневни болници - „прв чекор" на премин од болнички на вонболнички психијатриски третман. Во дневните болници се спроведува задолжителен секојдневен престој во траење од најмалку неколку часа, во период од 3 до 6 месеци. Дневните болници имаат за цел корегирање на недостатоците и ограничувањата на третманот во затвореното психијатриско одделение.

II. Социјалните клубови првично основани во 40-тите години од минатиот век, се јавиле како резултат на заемно поврзување на психијатриските корисници заради организирањена средина во која ќе можат да си обезбедат взаемна поддршка. Во фокусот на социјалните клубови е работната рехабилитација, а не третманот на корисниците на психијатриските услуги како во центрите за ментално здравје. Во фокусот на социјалните клубови е и организирањето на рекреативните активности со цел да се зајакнува комуникацијата помеѓу корисниците на психијатриските услуги, но и меѓу нив и оние кои не се корисници на вакви услуги, што ја зголемува можноста за социјална рехабилитација. Терапијата која ја обезбедува социјалниот клуб е единствен облик на третман кој навистина се приближува кон реалните животни услови. Станува збор за нормална животна ситуација во која секој може да слуша музика, да танцува, да спортува, да дискутира или со еден збор да го работи тоа што секој би го работел во секој друг клуб. Природноста на атмосферата во клубот се постигнува со максимално пренесување на одговорноста и на иницијативноста за се што се случува во клубот на неговите членови.

III. Терапија во хомосемејна/хетеросемејна средина - Основна карактеристика на терапијата во хомосемејна/хетеросемејна средина е лечењето на корисникот во неговото/друго семејство и овозможување на дијагностичко терапевтски пристап не само на корисникот, туку и на неговата семејна средина.

IV. Заштитини работилници - Работата на психијатриските корисници во заштитните работилници претставува преодна фаза во процесот на работната професионална (ре) адаптација на корисниците, од работната терапија во болницата, до извршувањето на сопствените работно професионални активности во услови на "отворена заедница". Работата на психијатриските корисници во заштотните работилници не ги исклучува, туку напротив, претставува примена на останатите терапевтски постапки.

V. Заштитини домови - приоритетна цел на психијатријата ориентирана кон заедницата. Со воспоставување на услови за живот во заедницата директно се елиминира исклучувањето од истата таа заедница , што е реултат на долготрајните хоспитализации во психијатриските болници, како и на штетните ефекти на самата хоспитализација.Заштитните домови може да бидат од преоден (привремен) или пак од траен карактер.

VI. Заштитно вработување - низа на програми за помош на психијтриските корисници, во вид на едукација и оспособување за различни занимања, како и во вид на тренинзи за повторно стекнување или за обновување на еднаш усвоените работни способности и вештини, кои поради, феноменот на хоспитализам, како и поради, природата на психичката болест, биле, на некој начин , загубени или намалени.

VII. Социјални фирми - се фирми наменети за бизнис кои дејствуваат на пазарот, а се основаат заради вработување на лица со ментални проблеми. Работните обврски се еднакви и за

лицата со ментални проблеми и за лицата што немаат ментални проблеми. Сите вработени ги имаат истите права и обврски.Секој вработен треба да биде платен според стандардите за личен доход, во зависност од ангажираноста и од проуизводствениот капацитет.

VIII. Стипендија за обука – им се доделува на корисниците на психијатриските услуги со цел да се обучат за извршување на сопствените работни задачи за кои ќе добиваат личен доход. Таа обука најдобро е да трае една година, период во кој корисниците нема да добиваат плата туку "стипендија за обука". По завршување на обуката корисниците ќе бидат вработувани во редовен работен однос.

**Зошто ментално здравје во заедницата?**

Светската здравствена организација повикува на континуирана деинституционализација на психијатриските болници кон третман на лицата со проблеми во менталното здравје во служби во заедницата, коментирајќи дека овој приод дава подобар резултат на нивниот третман, подобрување на квалитетот на нивниот живот, односно поефикасно имплементирање и почитување на човековите и граѓанските права. Тоа, исто така значи дека финансискиот аспект на лекувањето е многу поповолен отколку институционалниот третман.

Резимирано:

- Лекувањето во заедницата дава подобри резултати како за корисниците, така и за професионалците и за заедницата во целост;
- Придобивките од лекување во службите во заедницата ги надминуваат негативните последици од институционалниот пристап во лекувањето: раст на апатијата, резигнација, зависност, деперсонализација;
- Постоењето на систем на служби за ментално здравје во заедницата ја обезбедува и превенцијата на менталното здравје ;
- Менталното здравје во заедницата го растеретува здравствениот систем од трошоци во однос на институционалниот систем на лекување, обезбедувајЌи поквалитетен начин на третман како и повторно враќање во заедницата.
- Движењето кон заедницата е овозможено од развојот на психофармакологијата и сознанието дека долготрајната хоспитализација може да биде штетна:
- Менталното здравје во заедницата овозможува промовирање и реализација на човековите права за достојно живеење во заедницата на лицата со ментални растројства.

**ЛИТЕРАТУРА**

1. Белевска Д. Ортаков В. Бајрактаров С. Прирачник за тренинг во област на ментално здравје. НИП Ѓурѓа, Скопје 2006
2. Белевска Д., Ортаков В., Рихтер К. Ментално здравје во зедницата. Пакт за стабилност. Скопје, 2006
3. Strathdee, G and Thornicroft, G (1997) Community psychiatry and service evaluation. In: Murray,R., Hill,P. and McGuffin, P(eds), The essentials of Psychiatry.Cambridge University Press. pp.234-275
4. Szmukler, G.I., Burgess,P., Herrman,H., Benson,A.,Colusa,S and Bloch,S. (2001)Social psychiatry and Psychiatric Epidemiology, 31, 137-148
5. Thornicroft, G. and Tansella, M. (1999) The Mental Health Matrix A Manual to Improve Services. Cambridge University Press

**Ѓ. Т. Ќимова**
«Меѓународен Славјански Универзитет,, gorginakimova@slavinst.edu.mk

37.091.26

# ПОТРЕБА ОД КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ НА ОБРАЗОВАНИЕ НИЗ ЕКСТЕРНА ЕВАЛУАЦИЈА

# NEED FOR CONTROL OF QUALITY EDUCATION AROUND EXTERNAL EVALUATION

**Апстракт:** Поради недоволна објективност на интерното оценување, неизедначените критериуми кај различни наставници и училишта, како и поради главната цел, следење и подигнување на квалитетот на образованието, базиран на стандарди, се јави неопходна потреба од екстерна евалуација. Таа ги контролира постигањата на генерациите кои се школуваат или завршуваат одреден циклус или степен на образование (полагање на матура, приемни испити и др.)

**Клучни зборови:** квалитет, контрола, екстерна евалуација, образование.

**Abstract:** Due to lack of objectivity of the internal assessment criteria jagged with different teachers and schools , as well as the main goal , monitoring and improving the quality of education , based on standards , an essential need for external evaluation . It controls the achievements of generations who are studying or completing a certain cycle or level of education ( taking an exam, entrance exams , etc.).

The subject of external testing is quite current, which includes students , teachers and parents . External evaluation in our little processed and indicates dopolitelni research and suggestions . The implementation of this innovation in education , most have questioned the objective achievements of students on courses . The external assessment is evaluated and assessed the achievements and skills of students , but of teachers , which also assesses whether valid or whether the teacher / professor works according to the criteria for assessing students› knowledge , or run by some of his views and thoughts on the assessment of each individual.

Basic purpose of external evaluation is monitoring the quality of education , accordingly taking corrective action and continuous raising its level.

**Keywords :** quality control , external evaluation , education .

Живееме во време на промени во образованието, време кое е во трка со иновациите, време кое бара квалитет. Вреднувањето и оценувањето на постигањата на учениците во училиштата се предмет на следење на Министерство за образование и Биро за развој на образование, кои се составен дел на најновите документи во основното и средно образование. Во Националната програма за развој на образованието стои дека во училиштата доминира сумативното оценување, наместо континуирано и развојно аналитичко следење на напредувањето на учениците. Во контекст на тоа се наметнува потребата од таково следење. Факт е дека промените кои се случуваат во образованието бараат менување на стилот на работата на наставниците. Бараат наставник кој во својата наставна практика ќе применува најразновидни методи, техники, инструменти, а секако и дефинирани стандарди како мерила за квалитет за следење, проверување и оценување на ученичките постигнувања. Бараат наставник кој континуирано ќе го следи и бележи напредокот на секој ученик. Наставник кој при проверувањето, покрај когнитивните процеси ќе ги следи, проверува и вреднува и сите други сфери на развојот на личноста. Наставник кој во процесот на оценувањето ќе ги вклучи и учениците и ќе ги научи како себеси правилно да се проверат и оценат, но и негово екстерно оценување. Напредокот на секоја земја во светот најчесто се темели на образовен систем што произведува подготвени граѓани за новото време. Предизвикот на новото време, пак, постојано бара промени во образовните системи во многу земји во светот, за да создадат ученици што умеат да го

употребат сопственото знаење пред наставници што умеат објективно да го измерат знаењето на своите ученици. Република Македонија е дел од тоа семејство на земји што тежнеат кон современо образование, кое се темели на објективна проверка на постигањата на учениците и на наставниците. Екстерната проверка на постигањата е новината за која во нашата држава се зборува веќе неколку години, а прв пат по многубројни превирања се спроведе 2012/2013 година. Оваа новина предизвика различни дилеми кај сите партиципиенти во воспитно–образовниот процес, но и покрај тоа се спроведе релативно успешно. Постојат различни начини на екстерно проверување и оценување, како и надлежни институции (Министерство за образование, Биро за развој на образованието, Државен испитен центар и други). Тоа се прави на различни начини, преку масовни тестирања, со присуство на надворешни овластени оценувачи на испитите итн. Резултатите од таквите контроли служат како официјални информации, истите се достапни на пошироката јавност, а често служат и за оценување на работата на наставниците, директорите, па и училиштата во целина. Предности на екстерното оценување се следниве: поголема објективност во оценувањето; примена на изедначен критериум; доведува до поголема мобилност на учениците и наставниците во текот на школувањето; се има увид во степенот на реализација на поставените цели на одредени степени на образование итн. Негови недостатоци се: не се води сметка за условите во кои работат одделни училишта; го поттикнуваат учењето напамет за испитот; се запоставуваат содржините кои не се предмет на екстерно испитување од страна на учениците; нивната примена е скапа итн.[1] Потребата од обезбедување и контрола на квалитетот на образованието се базира врз следниве сознанија: сознанието за значителна поврзаност на квалитетот на образованието со неговото континуирано следење и вреднување; Повратните информации, пак, што ги обезбедува системот на обезбедување и контрола на квалитетот, на надлежните државни, локални и училишни фактори, како и на другите субјекти им служат да ја оценат образовната политика, да констатираат дали се реализираат планираните цели, колку рационално се трошат средствата и слично и да планираат и реализираат решенија и активности со кои ќе се обезбеди образовниот систем, не само успешно да функционира, туку и постојано да се развива; Вреднувањето го штити образованието од волунтаризам и некомпетентност двојна смисла (нестручност од страна на наставниците, повисоките државни и локални органи и неосновани критики за работењето на училиштата, што во отсуство на стандарди и критериуми за квалитетно образование е многу тешко да се докажат или негираат). Системот на обезбедување и контрола на квалитетот обезбедува информации кои се основа за градење и функционирање и на информативниот систем на образованието.

Децентрализацијата на управувањето со образованието ја наметнува потребата од изнаоѓање и на нови пристапи во обезбедувањето и контролата на квалитетот на образованието. Имено, со децентрализацијата се очекува систематско следење и вреднување на работата на училиштата во добра мера да се пренесе на директорот и на другите субјекти во самото училиште, зошто со децентрализацијата и со зголемувањето на автономноста на училиштата се менува и улогата на надворешните установи или овластени советници од државата и тоа од претежно надзорничка (контролна, инспекциска) во супервизиска. Тоа е уште една сериозна причина за преземање конкретни активности за менување на сегашната состојба и обезбедување на следење и вреднување на квалитетот на образованието во предучилишните установи и основните и средните училишта. „Квалитетот воопшто, па и квалитетот на образованието се дефинира и како придржување кон пропишани стандарди, како при неговото создавање (обезбедување), така и при неговото вреднување. Според тоа, стандардите се основа за обезбедување и контрола на посакуваниот квалитет[2].

За функционирање на системот за обезбедување и контрола на квалитетот на образованието многу важен услов е редефинирањето на функциите на веќе постоечките државни институции (Бирото за развој на образованието, Државниот просветен инспекторат), како и функционирањето на новите институции (Државен испитен центар, Центар за средно стручно образование). Овие институции првично го воспоставија системот, пружаат стручна

1 Национална програма за развој на образовнаието во Република Македонија 2005-2015 со придружни програмски документи. Скопје: Министерство за образование и наука на Р.М., стр.87-88

2 Чонтева., Ж. (2009). Оценување на знаењата и способностите на учениците со примена на Блумовата таксономија. Скопје: Биро за развој на образование, стр.48

поддршка во неговата примена, како и се грижат постојано да го унапредуваат сообразно на општите и образовните промени. Секако процесот на континуирано подобрување бара постојани инвестиции од секој облик.

**Резиме**

Темата на екстерното тестирање е доста актуелна, која ги опфаќа и учениците, и наставниците и родителите. Екстерното оценување кај нас е малку обработено и упатува на дополителни истражувања и сугестии. Спроведувањето на оваа новина во образованието, највеќе ги актуелизира објективните постигнувања на учениците по наставните предмети. Со екстерното оценување се проценуваат и оценуваат постигањата и знаењата на учениците, но и работата на наставниците, која исто така се оценува дали е валидна, односно, дали наставникот/професорот работи според критериумите за оценување на знаењето на учениците, или се води според некои свои ставови и размислувања за оценувањето на секој поединец.

Единствена цел на екстерното оценување е следење на квалитетот на образованието, согласно тоа превземање корективни активности и негово континуирано подигнување на повисоко ниво.

**Литература**

1. Група автори, (2000).Описно оценување .Скопје: Педагошки завод на Македонија
2. Ѓорѓевиќ., Ј. (2000). Настава и учење у савременој школи, Београд: Учитељски факултет
3. Миноски Ј.,Ѓорѓиевска Г., (1997) Следење и анализирање на наставата – Скопје
4. Национална програма за развој на образовнаието во Република Македонија 2005-2015 со придружни програмски документи. Скопје: Министерство за образование и наука на Р.М.
5. Попоски, К. (1996). Современи сфаќања за проверувањето и оценувањето на постигањата на учениците .Скопје
6. Петровка-Бешка В., (1993). Изработка и примена на објективни тестови на знаење. Скопје: Филозофки факултет
7. Чонтева., Ж. (2009). Оценување на знаењата и способностите на учениците со примена на Блумовата таксономија. Скопје: Биро за развој на образование
8. http://.pep.org.mk/mk/ocenuvanje/conference/Docs/Jove%20Dimitrija%20Talevski.pdf
9. http://toolbox.pep.org.mk/Files/MCGO_spreads_-_MK_final_za_na_web_-_smalena.pdf
10. http://www.pep.org.mk/mk/ocenuvanje/conference/Docs/Pavlina%20Talevska.pdf
11. http://www.mon.gov.mk/index.php/aktivnosti/1481-externoto-testiranje-zavirshi-uspeshno
12. http://www.mon.gov.mk/index.php/aktivnosti/1485-reakcija-na-soopshtenieto-na-sdsm
13. http://www.mon.gov.mk/index.php/aktivnosti/1520-2013-07-22-09-00-01
14. http://toolbox.pep.org.mk/mk/
15. http://bro.gov.mk/

**доц. д-р Зоран Трифунов**
Меѓународен Славјански Универзитет Г.Р.Државин Свети Николе - Битола
**доц. д-р Бошко Караџов**

004.42:512/514]:37

# ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ДИГИТАЛНОТО ДОБА: ПРЕДИЗВИЦИ И РЕШЕНИЈА

*Ние мораме да ја пресоздадеме училницата во светот во кој живеат учениците*Анонимен

**Апстракт:** Во оваа истражувачка студија се обидуваме да посочиме на предизвиците со кои се соочуваат наставниците во образовниот систем при наставната дејност со ученици кои се пораснати со дигиталната технологија и ги процесираат информациите, а со тоа и учат, поразлично од учениците од пред дигиталното доба. Уверуваме дека образовниот јаз помеѓу учениците - дигитални домородци и наставниците - дигитални имигранти е дел од причините за неисполнување на образовните и воспитните цели. Образованието во добата на интернетот, социјалните мрежи и интерактивните софтвери мора да го надмине вкоренетото отсуство на дигиталните елементи во наставните методи, техники, средства и содржини. Затоа приложуваме решенија и дидактички насоки за употребата на слободниот математички софтвер Геогебра во наставата по математика, како и дидактички прескрипции за употребата на елементите на веб. 2.0 во севкупната настава и образовен систем. Решенија и препораки кои сметаме дека мораат да бидат дел од образование во дигиталното доба на 21 век.

**Клучни зборови:** геогебра, математички софтвер, дигитални домородци, дигитални имигранти, веб 2.0, учење 2.0, дигитално образование, елементи на веб 2.0, мрежно општество.

**Summary:** In this research study we tried to emphasize the challenges that the teachers are facing during their work with students who have grown up with the digital technology, and therefore learn and process the information differently from the students before the digital age. We are trying to point out that the educational gap between the students – digital natives on one hand, and the teachers – digital immigrants on the other, are some of the reasons why we fail to accomplish the educational goals. The education in the era of Internet, social networks and interactive software has to overcome the absence of digital elements in the educational methodology. Therefore, we suggest some solutions and didactic directions for usage of the free software GeoGebra in lessons in mathematics. We also give some prescriptions for using the web 2.0 elements in the educational process – we consider that these solutions and recommendations have to be implemented in the digital 21 century era.

**Key words:** geogebra, mathematical software, digital natives, digital immigrants, web 2.0, 2.0 learning, digital education, 2.0 web elements, network society.

## Вовед

Сведочиме коренита и целосна промена кај младите ученици. Во училиштата пристигнуваат генерации кои се пораснати со дигиталната технологија, интернетот, интерактивните софтвери, "паметната" мобилна телефонија, компјутерските игри, дигиталните камери и др. Промените кај младиот човек се толку радикални, што тие веќе не се оние млади луѓе за кој е дизајниран образовниот систем. Не говориме за промената на идиомите, животниот стил или начинот на облекување и однесување. Напротив, говориме за радикални когнитивни промени на мисловните обрасци. Марк Пренски (Marc Prensky), еден од првите социолози на образованието кој ја воочи и ја елабориваше оваа ново настаната образовна пречка, во култната студија *На хоризонтот (On the Horizon)*[1] инструктивно назначи дека дигиталната технологија е толку сраснатa со младиот човек како негова природна околина, по што, врз основа на променетата околина, се случуваат коренити промени во начинот на мислење и начинот на процесирање на информациите. Младиот човек денеска размислува, мисли, но и учи, комплетно различно

1 Marc Prensky, "Digital Natives, Digital Immigrants", in: On the Horizon, MSB University Press, Vol.9 No. 5 2001.

од неговите претходници од пред дигиталното доба. Според него, а потврдено од наставна практика, како последица на убиквитетот на дигиталната околина и зголемениот волумен и природа на интеракциите кои новата технологија ги овозможува, учениците мислат сосема поинаку. Когнитивните одлики на овие нови мисловни обрасци се: мислење во мрежи, со скокови, мислење преку игра. Мислење кое се одликува со комплетна интерактивност, визуелност и нелинеарност. Поточно, мислење кое е интередисциплинарно, со многу помалку систематика во традиционалната смисла, тука диспензирано, диференцијално и плурално мислење.[2] Меѓутоа, сосема на страна од овие психолошки расправи, тој во поглед на педагошката практика, воведува една значајна дистинкција. Имено, овие млади луѓе, овие ученици кои се сраснати со дигиталната технологија и интернетот и кои процесираат на комплетно различен начин, Пренски ги именува како *дигитални домородци* (digital natives), за да ги разлачи од нас *дигиталните имигранти* (digital immigrants) кои сме родени и израснати пред дигиталната ера. [3] Впрочем, според него, а потврдено и од нашата наставна практика, централен проблем во образовните системи е појавата што дигиталните имигранти со своето поинакво мислење и приод ги подучуваат дигиталните домородци. Неуспешноста на образовните процеси, затајувањето на едукативните цели, тешкотиите при воспоставувањето на трансферот на знаења во голема мера е условен од неприлгоденоста на системот за овие ученици и сосема инкомпатибилниот поим за учење и подучување кои го споделуваат дигиталните имигранти како своја дидактичка и методичка техника. Учениците дигитални домородци се навикнати на брзо восприемање на информациите, немаат проблем со паралелни процеси и одреден multi – task, меѓутоа го претпочитаат графичкото наспроти текстуалното, визуелното наспроти оралното, хипертекстуалната наспроти линеарната нарација. Нивна природна околина е вмреженоста. А поради игрите, навикнати се на инстантни благодарности, потврдувања на постигнатото и чести награди и пофалби. Меѓутоа, дигиталните имигранти, во нивните техники на подучување, комплетно говорат на сосема друг, за домородците, неразбирлив педагошки јазик. Значителен дел од истражувачите на образованието не се согласија со согледувањата на Пренски. Особено Дон Тепскот (Don Tapscott) кој во својата студија од 2008 со наслов *Дигитално растење* (Grown Up Digital)[4] уверуваше дека денешните деца се неверојатно потапави од нас на нивните години. Меѓутоа, ние не се согласуваме со оваа позиција. Напротив, наполно сме уверени дека учениците денес не се потапи, туку се само поинакви. Па во оваа насока, педагошката препорака на Пренски, која ја споделуваме во оваа статија, е дека доколку современиот наставник сака да биде успешен во своите образовни, функционални и воспитни цели мора да влезе во дигиталниот свет на новите ученици, мора да ги уважи промените на мисловните обрасци, мора својата дидактичка вештина да ја надгради со дигиталните алатки, мора да ги визуализира содржините, мора да го држи и насочува вниманието по принципите на вмреженоста и мора подучувањето методски да ги содржи елементите од дигиталната сфера. Поточно, да ги преосмислува дидактичките методи и наставната содржина согласно можностите кои ги нуди дигиталната технологија, интернетот, алатките на веб 2.0, социјалните мрежи, интерактивните софтвери, "паметната" мобилна телефонија, компјутерските игри и др. Водени од изложените уверува и педагошката филозофија на Пренски, во следниов дел од статијата приложуваме наши методички решенија и дидактички насоки за употребата на информатичко – комуникациските алатки и слободните софтвери во наставата по математика, како и дидактички прескрипции за употребата на елементите на веб. 2.0 во наставата воопшто.

## Современи концепти во наставата по математика

Модернизацијата на образовните установи во нашата држава обезбеди: компјутерска опрема за основните и средните училишта, нова компјутерска инфраструктура во училиштата, одржување на компјутерската опрема, услови за непречено користење на информатичката

2 Подетално за променетите мисловни обрасци кај ученици видете и споредете во истражувањата на социјалните психолози кои Пренски ги наведува како поткрепа на својата теза за промената на мисловните обрасци. Особено студијата: Renata Numelia Caine and Geoffrey Caine, Making Connections: Teaching and Human Brain. Adison Wesley, 2001. Останатите студии и истражувања Пренски ги наведува во: Part II Do They Really Think Differently? in: On the Horizon. op., cit. pp.8-16.

3 Marc Prensky, Digital Natives, Digital Immigrants, in: "On the Horizon", pp.2-3.

4 Видете; Don Tapscott, Grown Up Digital, New York, McGraw-Hill, 2008.

опрема, локализација на постоечки дигитални содржини и користење на компјутерот како дигитални помагало во наставниот процес. Наставниците ги користат компјутерите и слободните софтвери при реализација на наставата како по математика, така и при реализација на наставата по останатите предмети. Примената на компјутерите и слободните софтвери во наставата по математика, не носат само по себе и подобри резултати. Секое правилна примена и користење на ИКТ во наставата, од страна на наставниците доведува до динамична визуелизација на наставниот материјал, лесно совладување на наставните содржини од страна на учениците и практична примена на стекнатите знаења, со нивна визуелизација. Во овој труд е приложено експериментално и практично решавање на проблемот, за правилна примена на ИКТ во наставата по математика, при што е обработена темата „Знак на функцијата", преку слободниот софтвер Геогебра.[5] Таа е математички софтвер кој ги поврзува геометријата, алгебрата и анализата. Создадена е од Маркус Хохенвартер (Markus Hohenwarter) за примена во наставата по математика во училиштата, од страна на наставниците и учениците. Програмата Геогебра дава три различни начини на прикажувања на објектите и тоа: графички приказ (визуелно претставување на точки, прави, функции и др.), нумеричко – алгебарски приказа (координати на точки, равенки на прави, алгебарско претставени функции и др.) и табеларен приказ (во табеларни ќелии). Сите прикажани објекти во било кој приказ динамички се поврзани и автоматски се приспособуваат промените на сите прикази без разлика на кој начин биле креирани. При реализацијата на наставната тема, ќе користиме метод за ефикасно интегрирање на ИКТ во математичкото образование – методот на динамичка визуелизација[6], кој се реализира преку информатичко – математички пристап[7]. Да напоменеме дека за остварување на оваа цел, наставникот треба да биде само координатор на својот час, кој ќе ги води учениците во примената на компјутерите за изработка на делови од наставните содржени, за полесно совладување на истиот. Да ја образложиме постапката за изработката на аплетот за определување знак на функција, кој потоа ќе се користи при реализирање на наставниот час.

Со стартување на слободниот софтвер Геогебра, се отвора прозорец во кој се креира: лизгачи x1, точка A=(x_1,0) и функција y=f(x)=-x2+x+6. (Истата постапка ќе биде и за друга произволна функција, само во прозорецот за внес се внесува соодветната функција која ќе се означи со истата ознака f(x)). Внесуваме точка B=(x_1, sgn(f(x_1))), со која се определува знакот на функцијата за точка од функцијата со апсциса x1 и ја вклучуваме нејзината трага.

Како ќе го определуваме знакот на функцијата?

- Ако вредноста на y(B), втората координата на точката B, е еднаква на 1, т.е. точката B лежи на права паралелна на x–оска и минува низ 1 на y–оска, тогаш велиме дека функцијата за таа вредност на аргументот x е позитивна (точката B се наоѓа над x–оската).
- Ако вредноста на y(B), втората координата на точката B, е еднаква на -1, т.е. точката B лежи на права паралелна на x–оска и минува низ -1 на y–оска, тогаш велиме дека функцијата за таа вредност на аргументот x е негативна (точката B се наоѓа под x–оската).
- Ако вредноста на y(B), втората координата на точката B, е еднаква на 0, т.е. точката B лежи на x–оска, тогаш велиме дека функцијата за таа вредност на аргументот x е еднаква на 0 (точката B се наоѓа на x–оската).

5 http://www.geogebra.org/cms/hr/
6 Р. Малчески. Методика на наставата по математика, Скопје,2001.
7 З. Трифунов. ИКТ во образованието – Ефикасна интеграција на ИКТ со информатичко – математички пристап, Битола, 2012.




Внесуваме текст прозори со кој се објаснуваат постапките за определување знак на функцијата. На лизгачот x_1 од „Карактеристики“ во јазичето „Основно“ се чекира квадратот пред „Анимација“, со тоа во геометрискиот прозорец, доле лево се покажува ознака за „Стартувај“ и „Пауза“. Со ова, аплетот за наставната единица е комплетен. На овој изработен аплет, може да се додаде и текст во геометрискиот прозорец во кој ќе се запише равенката $ax^2 + bx + c = 0$, колку решенија има истата и кои се тие решенија. Потоа и прозорец на кој се запишани неравенките и нивните решенија во зависно од знакот во неравенката. На крајот уште што може да креира во Геогебрата. Од менито Датотека -> Извоз -> Динамички работен лист како веб–страницата (html…), се изработува аплетот како веб–страница кој преку веб–пребарувач може да се активира и да го користат сите ученици, без да го изработат сами учениците и без да има инсталирано Геогебра на компјутерот. Следува, сите ученици на својот монитор го имаат аплетот за определување знак на квадратна функција и решенија на квадратни неравенки.

Што треба да прават сега учениците на наставниот час?




Малку испитување. Кликнуваат на „Стартувај“, со што лизгачот за x_1, ја менува својата вредност, но бидејќи е вклучена трагата на точката B, како се менува вредноста на лизгачот се менува и положбата на точката B, која остава трага, а со тоа може да го определиме знакот на квадратната функција.

Што добиваме?

Кој заклучок за знакот на конкретната квадратната функција f(x)=-x2+x+6, може да го изведеме?

Добиваме дека, функцијата е:

- позитивна во интервалот (-2,3), трага која се наоѓа над x–оската,
- негативна во интервалот (-∞,-2)U(3,+∞), трага која се наоѓа под x–оската и
- еднаква на нула за вредности од множеството {-2,3}, трага која се наоѓа на x–оската .

Сега учениците може самостојно да пробаат да ги определуваат знакот на квадратните функции. Менувајќи ја функцијата, потоа пуштајќи ја анимацијата за лизгачот x1, да ги откриваат визуелно интервалите со знак на квадратна функција. Решенијата алгебарски може да се потврдат. Учениците кои имаат малку повеќе познавање од информатиката и математичката, може самостојно да го изработат аплетот. Подготовката која е презентирана претставуваат

континуитет и дополнување во презентирањето на наставната содржина, кои се претставени на веб –страна.[8]

### Веб 2.0 и учење 2.0

Револуционерноста која веб 2.0 ја носи во себе е во социолошко – технолошкиот поглед. Поточно, говориме за степен на развој на World Wide Web каде воочуваме вклученост на корисникот и создавање дополнителни вредност и полза. Со други зборови, под веб 2.0 се подразбираат интерактивните и взаемно дејствувачките елементи на интернетот како медиум. Интернетот досегна рамниште во кое се овозможи квалитативно нов вид на услуги во кои се создадоа взаемно дејствувачки заедници, на чии комуникациски платформи, се разменува неверојатно комплексна низа содржини. Врз основа на ова, од еднонасочен комуникациски канал, World Wide Web стана интерактивна платформа. Своевиден веб за содејствување.[9] Елементите на веб 2.0 за кои ќе говориме, а можат да се ползуваат во учење 2.0 и во функционалното образование во дигиталната доба, се следниве програми, услуги, платформи и активности: вики – софтвери (Wikipedia), блогови, микро блогирање (twitter), социјални мрежи (facebook), платформи за споделување (media sharing: you tube, flickr, instagram), социјален букмаркинг и останати веб 2.0 апликации и on line интерактивни алатки. Оваа комуникациска природа на веб 2.0 го предодреди учењето 2.0 како концепт на образование за 21 век. Со право, германскиот педагог Хартмуд вон Хентиг (Hartmut von Hentig) во неговата книга *Едукацијата во 21* век[10] упати на проблемот над проблемите на сите педагози: *како ќе подучуваш за живот кој и самиот не го знаеш!?* Преосмислувањето на дидактичките методи и наставната содржина, согласно дигиталната технологија, интернетот, елементите на веб 2.0 подразбира наставникот да ползува учење 2.0 во рамките на едно образование 2.0.

**Блогот**, како веб дневник е основен елемент на веб 2.0 Тој овозможува поврзување на светото дигитално тројство: *изрази - поврзи - сподели (express-connect-share)*. Наставникот ја препознава и охрабрува потребата за самоизразување, за искажување на интересите, чувствата и сознанијата на учениците. Преку блоговите, наставникот може да ја охрабрува и стимулира креативноста, социјалната ангажираност и интелектуалното зреење на учениците. Можат да се констатираат многу можности за употреба на блоговите во образованието. Од *индивидуални блогови на ученици*, до блогови на класовите или самото училиште, или пак блог на одредена истражувачка семинарска група за одреден училиштен проект и сл. Ним тоа им овозможуваат документација на проекти, семинари и наставни единици и сл. Од друга страна, блоговите се неверојатен поттик за пишување во таков формат, што при професионалниот живот на ученикот, таквото искуство и знаење станува вонредно важно. Поточно, учат да пишуваат за публика, за јавност, пронаоѓајќи си содејственици со слични интереси.[11] **Микроблогирањето** како форма на блогирање ограничена на 140 карактери денес преку најпознатата платформа за таа намена – Twitter е вонредно популарна алатка и мрежа за општествено поврзување кај младите. Значењата на Twitter во рамките на општеството се огромни. Како систем за микроблогирање во себе носи брз начин за пренесување на информации и брз начин за подредување на информациите или твитовите преку опциите за *хаш – тагови (hashtags)*. Со оглед дека секој млад ученик има твитер – акаунт, наставникот може да охрабрува или креира хаш–тагови преку кои ќе се пренесуваат информации од интерес за учениците, хаш–тагови преку кој ќе се следни настан од интерес за учениците.

Дискусиите во научните и академски кругови во поглед на методолошкото значење на **википедија како on line енциклопедија** и новиот епистемолошки концепт на т.н. **мудрост на многумината** се уште траат разделувајќи ја академската заедница на посветени бранители

8 http://geogebramkd.wikispaces.com/Дома

9 Подетално за социјално – технолошките одлики на новиот бран World Wide Web видете во следниве студии: Dan Gillmor, We the Media, O'Reilly, 2004; Jan van Dijk, The Network Society, London, SAGE, 2006; Jane Bozarth, Social Media for Trainers :Techniques for Enhancing and Extending Learning, San Francisco, Perifer, 2010; Р. Милер и В. Шуман, Веб 2.0. book on line in: Dadalos Education Server, <www.dadalos.org/web_20_mk/>

10 Хелмут фон Хентиг, За едукацијата на 21 век, Базел, Белц, 2007, стр.22, цитатот преземен од: Р. Милер и В. Шуман, "Учење 2.0" во: Веб 2.0. op.,cit.

11 Споредете; Will Richardson, Blogs, Wikis, Podcasts, and Other Powerful Web Tools for Classrooms, Thousand Oaks, 2006.

на овој дигитален модел на енциклопедиско архивирање наспроти жестоките противници на техниката на анонимно и колективно (до)пишување и (ре)објавување енциклопедиски содржини. Не навлегувајќи во оваа специјална дискусија, ќе назначиме само дека мудроста на многумината (the wisdom of crowds) како независен и децентрализиран систем на знаење, исполнет во википедија како on line енциклопедија, има можност за негова педагошка употреба во современото дигитално образование на 21 век. Многу статии на википедија кои биле експертски анализирани се покажале со вонредно добар квалитет, но припадниците на академските заедници, особено постарите, се уште тешко прифаќаат дека енциклопедија што не е сочинета од потпишани експерти може да биде доверлив извор на знаење. Слично како и блоговите, Википедија како on line енциклопедија пишувана од корисниците, може да ползува во образованието преку охрабрувањето и подучувањето на учениците како да креираат никулец–содржина на википедија, како да допишуваат и поправаат, како самите да учествуваат во најголемиот духовен и интелектуален проект на човештвото. Особено во википедија како on line енциклопедија на македонски јазик каде во рамките на т.н. проектон учење или ученички задолженија може да се делува во правец на исполнување и пополнување на статиите. Википедија како on line енциклопедија може да биде платформа за учење, но побитно таа во образованието треба методички да се артикулира како платформа за заедничка изработка на содржини. Дополнувањето на статии на википедија е мотивирачки момент за одредена наставна единица.

**Социјалната мрежа facebook** основана од Марк Цукерберг стана доминантен нов систем за размена на информации кој од корен го смени начинот на живеењето воопшто. Во теоријата се говори дури за поимот *facebook* ера. Поточно, дали социјалната мрежа ќе ја искористиме за тривијална невртка и непродуктивно празно зјапање или за разменување информации, комуницирање со истомисленици, дебатирање и интелектуално впрегнување, учење и себе изразување, поврзување и споделување – зависи од самиот корисник. Нема ученик што нема профил на оваа социјална мрежа. А тоа овозможува наставникот и училиштето преку можностите на оваа социјална мрежа да влезе во светот на младиот ученик и на неговиот јазик да ја пренесе педагошка порака, воспитната навика и наставната содржина. Учениците посветуваат огромен дел од своето време прикачени на оваа мрежа, па затоа учењето преку *facebook* како учење 2.0 овозможува учениците да се најдат во релаксирана, пријателска атмосфера која ќе ги охрабрува и ангажира сосема поразлично и попродуктивно од вообичаениот начин. Наставникот може да организира педагошко "натрапништво" на различни начини во и надвор од рамката на наставниот час. Како наставникот да ја користи оваа социјална мрежа?

Како прво, со активирање и менаџирање на *facebook* група за споделување мултимедијални содржини и настани од информативен и едукативен карактер помеѓу него и учениците. Второ, со активирање и менаџирање од страна на наставникот на *facebook* база на електронска литература. Трето, информирање и анимирање на учениците за разни форми на активности во и надвор од рамките на училиштето. Четврто, организирање *facebook* квестионари преку опцијата Ask Question која овозможува проверување и испитување на јавното мислење на учениците во поглед на сите релевантни прашања и проблеми поврзани со наставата и курикуларната практика воопшто кои имаат потреба за ваков вид на евалвација. Петто, со оглед дека *facebook* ги интегрира во себе сите опции и услуги на останатите елементи на веб 2.0, тогаш преку оваа мрежа може да се исполнуваат и задачите кои ги назначивме за одделните елементи на веб 2.0.

Создавањето *facebook* заедница меѓу учениците и наставниците ќе овозможи меѓусебно чувство дека се наоѓаат на истата линија на фронтот, дека имаа идентична задача и дека се стремат кон идентична цел. Во таква заедница, когнитивниот трансфер е секогаш поуспешен. Преку facebook наставникот може да облагороди, насочи, едуцира, анимира и мотивира ученикот на негов терен и на неговиот јазик.

Поконкретно, наставникот може да им помогне на учениците да ги следат музеите, галериите, изложбените културни центри и константно да добиваат информации за настаните од овој вид. Наставникот може да ги охрабри учениците да бидат критички активни со поставување прашања и коментари на политичарите кои се активни на *facebook* и кои комуницираат со дигиталната јавност. Од друга страна, употребата на *causes application* им

овозможува да покренат акции и кампањи за одредена повисока општествена вредност или цел. Оваа социјална мрежа е погодна за бура на идеи, а дозволува секакви форми на делување: од одржување читателски *facebook* клуб, преку facebook-учење на културна и одговорна on line комуникација, до прикачување задачи, прелиминарни тестови, насоки и прашања за тестовите. Преку *facebook* може да се постигне одредено полезно ниво на партиципација на родителите во училишните активности преку споделување на содржините кои се работат на час со родителите и преку нивно директно вклучување во сите facebook активности. Од друга страна, апликациите на *facebook* како алатки можат да се употребат во училницата и тоа: апликацијата *Courses* може да се употребува за менаџирање со предавањата, курсевите и останатите едукативни видео архиви. Со апликацијата *CiteMe* можат да креираат цитати, квотации и останати полезни реченици. Со Booktag се споделуваат книги, со *Kinghthood* како апликација и игра можат да се промовираат вештините на читање литературни дела, со апликацијата Mathematical Formulas наставниците можат да решаваат задачи и да вежбаат директно на социјалната мрежа. Апликацијата Word of the day или апликацијата This day in History можат да послужат за зголемување на лексичката база на ученикот и за проширување на неговите сознанија од областа на историјата. Апликацијата Quiz Monster нуди низа едукативни квизови со кои може да се зголемува компетитивноста кај учениците. Со Slideshere се споделуваат презентациите, со Wordcat се споделуваат истражувањата, со HayMath Challenge како математичка апликација се работи на задачи и математички проблеми од напредно ниво.

Секако дека во социјалните мрежи демнеат опасности во смисла: слаба заштита на податоците, овозможување за персонализирано рекламирање, интензивирање на конзумеризмот преку комерцијалните адови, формите на facebook напади (мобинг, сталкање, хакирање и сл), нештитење на авторските права и сл., меѓутоа нема истражување кое не покажало дека младите минуваат огромно време на социјалните мрежи, поголемо од времето пред телевизорот. Традиционалните медиуми веќе ја немаат онаа социјализациска улога како пред ерата на социјалните мрежи и пред интерактивниот интернет. Новите медиуми и елементите на веб 2.0 се новите техники во кои одговорниот наставник и едукатор мора да се обиде да протне социјализациска или едукативна содржина.

Најомилените веб страни на младиот ученик денес несомнено се **платформите за споделување мултимедијални содржини** како: You Tube (споделување видео записи), Fliker (споделување фотографии), last.fm (споделување веб радио станици), Prerzi (платформа за изработка и споделување презентации). Сите тие нудат можности за нивна употреба во наставата, меѓутоа You Tube прерасна во огромна база на видео материјали преку која на само еден клик ни се достапни архивски историски видео материјали, документаристички образовни остварувања, предавања и курсеви, видео туторијали за сите наставни теми, визуелни креативни проекти, едукативни дебати, социјално ангажирани и наставно плодотворни филмови, видео прикази на остварувањата во сите форми на уметноста низ историјата, визуелизации и драматизации на природонаучните откритија и процеси и многу други записи кои придонесуваат You Tube да биде без малку неограничен ресурс на мултимедијални содржини за настава. Со помош на содржина од You Tube се постигнува нагледност на методичната граѓа, сосредоточување на вниманието, мотивација за учење и зголемување на желбата за учење.

## Заклучок

Интеграцијата на математичкото моделирање со Геогебра и информатичката технологија во реализирањето на наставната програма по математика, креирањето и користењето на аплетот во презентирањето на наставната тема, користењето на елементи од веб 2.0 во наставата може да му овозможи на ученикот полесно и побрзо совладување на наставниот материјал, развивање на нивното креативно и критичко мислење и решавање на истражувачки проблеми, како од математиката, така и од останатите области. Секој наставник во рамките на наставниот предмет, наставната тема, наставните задачи и цели, како и во рамките на оперативната методичка организација на часот може да осмисли дигитален дидактички внес на содржините и техниките со кои, не само што ќе постигне нагледност, туку ќе ги уважи промените

на мисловните обрасци. Со својата дидактичка вештина преку дигиталните алатки ќе почне да го зборува јазикот на дигиталните домородци. На тој начин ќе постигне: поголемо внимание, мотивација, желба, вклученост, интерактивност и сл., а со самото тоа и полесен когнитивен трансфер на програмски одредената методичка граѓа.

**Библиографија**


1. Bozarth, Jane. Social Media for Trainers: Techniques for Enhancing and Extending Learning. San Francisco: Perifer, 2010.
2. Целакоски, Н. Дидактика на математиката, Скопје, 1993.
3. Cordelia, Twomey, Christopher Shamburg and Laura Zieger. Teachers as Technology Leaders: A Guide to ISTE Technology Facilitation and Technology Leadership Accreditation. Publisher: International Society for Technology in Education, 2006.
4. Dijk, van Jan. The Network Society. London: SAGE, 2006.
5. Gillmor, Dan. We the Media. O'Reilly, 2004
6. Herceg, Đ. "Numerical mathematics with GeoGebra in high school".
7. Teaching Mathematics and Computer Science, 6/2(2008), pp. 363-378
8. Малчески, Ристо. Методика на наставата по математика, Скопје,2001.
9. Милер, Р. и В. Шуман, Веб 2.0. book on line in: Dadalos Education Server, <www.dadalos.org/ web_20_mk/>
10. Prensky, Marc, "Digital Natives, Digital Immigrants" and "Do They Really Think Differently?, in: On the Horizon, MSB University Press, Vol.9 No. 5 2001.
11. Richardson, Will. Blogs, Wikis, Podcasts, and Other Powerful Web Tools for Classrooms, Thousand Oaks, 2006.
12. Tapscott, Don. Grown Up Digital. New York: McGraw-Hill, 2008.

**М-р Снежана Трумпеска**
Директор на работнички универзитет„Пере Тошев“ - прилеп

37.013.83

# ЕВАЛУАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО НА ВОЗРАСНИТЕ

**Abstract:** Evaluation is a means of improving the quality of education. The main objective of the evaluation is to determine the values of what is a subject to evaluation. Evaluation is the systematic determination of features, values and significance of something or someone using criteria against a set of standards. To evaluate means to determine the value of something, and also to determine its value, price or condition, usually by careful valuation and study. There are some dilemmas related to the quality of education and the ethical nature. Additionally while drafting the evaluation more problems arise.

The indicators relate to the direct translation of the elements and aspects of education in meaningful and measurable indicators. We use multiple terms for standard - model, measure, standard, norms, regulations, sample, template, which serves (serve) as a basis for decision results after the measurement. In the education is spoken in the plural "standards". There are four key indicators in the evaluation of training and training in non-formal education. Furthermore there are established three types of monitoring and evaluation: self-evaluation, the integral evaluation and external evaluation.

**Key words and phrases:** adult education, adult learners, standard, evaluation, training

**Апстракт:** Евалуација е средство за унапредување на квалитетот во образованието. Основна цел на евалуацијата е утврдување на вредностите на она што е предмет на евалуацијата. Евалуацијата е системско одредување на одликите, врдностите и значењето на нешто или некого користејќи критериуми спрема сет на стандарди. Да се евалуира значи да се утврди или установи вредност на нешто и да се одреди вредност, цена или состојба на нешто, обично со внимателна процена и проучување. Постојат дилеми врзани за квалитетот во образованието и тоа од етичка природа. При изработката на нацртот на евалуацијата се јавуваат повеќе проблеми. Индикаторите се однесуваат на директно преведување на аспектите и елементите на образованието во смислени и мерливи показатели. Се користат повеќе термини за стандард - модел, мера, еталон, норма, пропис, примерок, образец, кој служи (служат) како основа за донесување на резултати, после обавеното мерење. Во образованието се зборува во множина "стандарди". Присутни се четири главни индикатори во евалуацијата на обука, тренинг во неформалното образование. Воспоставени се три вида на следење и евалуација: самоевалуација, интегрална евалуација и екстерна евалуација.

**Клучни зборови:** образование за возрасни, учесник, евалуација, стандарди, обука

## ВОВЕД

Се поставува прашањето: Што е евалуација во образованието? Евалуацијата е средство за унапредување на квалитетот во образованието. Основна цел на евалуацијата е утврдување на вредностите на она што е предмет на евалуацијата. Евалуацијата е системско одредување на одликите, врдностите и значењето на нешто или некого користејќи критериуми спрема сет на стандарди. Спрема некои автори, евалуацијата е процес на собирање на информации и податоци за да се потврди дека учесниците во образовниот процес ги постигнале целите и задачите кои им се од порано поставени. Со евалуацијата утврдуваме колку возрасните научиле во дадени ситуации при учење (J. R. Verdun). Radok разликува три меѓусебно поврзани концепции на евалуација. За индивидуално истражување се користи поимот **оценување**, за програми и процеси поимот **евалуација**, а за можности поимот **проценување**. Pongrac вели дека евалуацијата е систем на пратење, следење, регистрирање, обработка, процена и интерпретација на резултатите на образованието кое се однесува на развојот на поединецот и на унапредување на вкупната воспитно образовна дејност. Според Aleksandra Pejatović " евалуацијата во образованието опфаќа анализа, истражување, проучување, критичко согледување, преиспитување".

Евалуацијата содржи и елементи за испитување на нови образовни потреби. Процесот ги опфаќа следниве етапи: утврдување на постигањата, утврдување на потребите за подобрување и утврдување на елементи на нови и идни потреби.

Помеѓу поимите како што се оценувањето, мерењето, вреднувањето постои доста тесна поврзаност. Заедно со овие, во литературата често се среќава и терминот евалуација. За многумина некои од овие поими имаат синонимно значење, односно се сметаат за еден од облиците на друг поим. Ова последново често важи за поимот евалуација, мерење и вреднување. Имено, во литературата често за поимот евалуација како поим може како синоними да се сретнат повеќе термини за вреднување и следење. Но, и покрај блискоста на поимите кои произлегуваат пред се, од истиот предмет кој се однесува на основните докимолошки категории: испитување и оценување, меѓу сродните поими се уочуваат не само терминолошки, туку и содржински разлики. Оценувањето (examination, evaluation, notation, Zensieren, Klassifizieren) е предмет на научна дисциплина што го проучува начинот на испитување и праведно оценување во училиштата. Современата докимологија е дел од дидактиката. (овде се мисли, пред се на психолошкиот аспект, спрема Педагошката енциклопедија), но и не само докимологијата, туку спрема истиот извор и дидактиката и методиката на поедини предмети, значи, специјални дидактики. Спрема истиот извор, методиката на поедини предмети на оценување посветуваат внимание повеќе од педагошки аспект. Оценувањето, како една фаза, микро елемент на наставата е сложен процес во кој сите елементи, етапи, (припреми, обработка на нови содржини, вежбање, повторување, и проверување), секој со својата сознајна - логичка, психолошка, материјалнотехничка, дидактичко - методичка и др. компонента, мора да биде поврзан во складна и единствена целина. Во различен период на развој на наставна пракса евалуацијата е различно дефинирана. «Единствен човек кого го познавам, а кој разумно се однесува е мојот кројач; наново ми зема мера, секој пат кога ќе ме види. Останатите се држат на своите стари мерења и очекуваат од мене во нив да се вклопам»[1] говори Džordž Bernard Šo кога сака да го објасни поимот евалуација.

## Што значи да се евалуира

Да се евалуира значи да се «утврди или установи вредност на нешто» и «да се одреди вредност, цена или состојба на нешто, обично со внимателна процена и проучување».[2] Во контекст на тренингот, евалуацијата обично има две основни значења. Пред се, таа подразбира процена на тоа дали тренингот е оправдан и дали во него треба да се вложува сличен или поголем труд.. Исто така, евалуацијата претставува првиот чекор на патот кон усовршување на самиот тренинг и евентуални идни активности. Тоа значи дека треба да го анализираме тренингот веднаш по неговата реализација и да го процениме неговиот квалитет, како и да ги пронајдиме факторите кои би можеле да придонесат за негово подобрување.

Во така наречениот профитен сектор, фокус при евалуацијата на тренингот се става на утврдување на фактите дали тој ќе и донесе приход на компанијата или дали е животната средина заштитена, а при тоа да се задржи истото ниво на продуктивност. Се следи дали работниците се повешти, дали го применуваат она што го научиле од тренингот, дали менаџерот сега подобро управува со компанијата.

## Изработка на нацрт за евалуација

Постојат дилеми врзани за квалитетот во образованието и тоа од етичка природа. Се прашуваме често - Зошто сакаме да правиме евалуација?, Што сакаме да направиме? Исто така постојат и разлики во сваќањето за квалитетот во образованието?, За кого квалитет?. Во што се состои квалитетот?, Каде е квалитетот во образованието?, Ефикасност?, Практични ефекти?,Социјални ефекти?, Постигнувања?, Услови? Постојат и повеќе ставови и мислења за квалитетот на образованието. Дали е неопходна една дефиниција за квалитет?

1 Darko Marković, T-kit on Training Essentials, Council of Europe Publishing F-67075 Strasbourg Cedex, © Council of Europe and European Commission, October 2002

2 Darko Marković, T-kit on Training Essentials, Council of Europe Publishing F-67075 Strasbourg Cedex, © Council of Europe and European Commission, October 2002

**Концептуални проблеми при изработка на нацрт за евалуација**

При изработката на нацртот на евалуацијата се јавуваат повеќе проблеми. Во предвид се земаат повеќе елементи од субјективен и објективен карактер за да се реализира пообјективно квантитативно проценување. Се вклучуваат бројни фактори кои го надминуваат самиот процес на образование.

Прецизно се дефинираат релевантните апстрактни величини (на пр. образовни потреби). Внимателно се одбираат индикатори за што попрецизно на мерење. Се врши избор на истражувачки техники и инструменти, затоа што образованието има сложена природа и не постои едноставна и еднодимензионална мерка во образованието. Мора да се води сметка за меѓусебната интеракција на бројните фактори, се одредуваат нивоа на развиеност на одбрани елементи и аспекти во образованието (средна вредност, долна граница - преку индикатори и стандарди)

**Индикатори**

Се однесуваат на директно преведување на аспектите и елементите на образованието во смислени и мерливи показатели (пр. Кои се најрепрезентативни показатели на квалитетот на наставниот кадар). Denis Guler сложената проблематика на воспитно образовните индикатори ги отвара со помош на три фундаментални прашања: Што мора да се знае за воспитанието и образованието?, Што ќе се направи со она што е познато?, Како можеме да ги собереме потребните информации? Со индикаторите се обидуваме да ја поедноставиме комплексноста на воспитанието и образованието, во форма која е разбирлива, препознавајќи и прифаќајќи различности и плурализам. Често се јавуваат проблеми при користење на индикаторите и тоа:

1. идикаторите никогаш нема да претставуваат одраз на сето она што се евалуира,и
2. не постои ниеден начин да се заобиколи субјективната страна во образованието.

**Стандарди**

Се користат повеќе термини за стандард - модел, мера, еталон, норма, пропис, примерок, образец, кој служи (служат) како основа за донесување на резултати, после обавеното мерење. Во образованието се зборува во множина «стандарди». Некои од решенијата за формирање на стандарди: 1. стандарди како одраз на очекувања од страна на општеството; како цели на образованието; како процесни нивоа на постигнување- секаде се потенцираат ефекти.

**Главни индикатори во евалуација на тренинг, обука, во неформалното образование**

Присутни се четири главни индикатори во евалуацијата на обука, тренинг во неформалното образование и тоа:

1) Ex-ante evaluacija - се прави откако ќе се идентификуваат потребите за тренинг и осмисли програмата за тренинг. Она што треба да се евалуира се претпоставки и потреби на кои тренингот е заснован, како и самата концепција на програмот, која, по потреба, треба да се прилагоди или дотера, ревидира.

2) Тековната евалуација се врши во текот на реализацијата на тренингот, обуката. Се утврдува дали програмата одговара на потребите и дали се движи во правец на поставените цели. При тоа се користат: дневни евалуациони групи; евалуација на на средината на програмата (mid-term evaluation), усмени и пишани потврдни информации од учесникот и тнт.

3) Завршната (finalana) евалуација – се одвива на самиот крај на тренингот, нивниот процесен исход од учењето, евалуација на степените на кои целите и задачите се остварени и тнт. Се користат (евалуациони прашалници, презентации на учесниците, усмена евалуација, визуелна евалуација, евалуација на тренерскиот обучувачкиот тим....)

4) Ex-post evaluacija – се нарекува и евалуационото влијание. Се прави најмалку 6 месеци после тренингот. Фокусот овде се става на напредокот на учесниците. Основна цел – да се

утврдат начините на кои тренингот влијаел на учесниците - лично и на организационо ниво (на превалуациони прашалници, проценка на релевантните лица од компанијата и тнт)

**Евалуациони модели со критериуми за евалуација на тренинг, обука**

- I. Kirkpatrikov model содржи 4 нивоа и тоа:

1. Реакција - задоволство на учесниците на тренингот, обуката;
2. Учење - што научиле учесниците на тренингот;
3. Однесување - промени во однесувањето на учесниците на основа на наученото.
4. Резултати - дали промените во однесувањето се одразиле позитивно на нивната компанија?

- II. KIPP model

1. Контекст - дали се поставени добри цели за тренингот?
2. Влез (Input) - дали е добро испланирана обуката? Дали имаме доволно ресурси (човечки и материјално технички капацитет)?
3. Процес - каков беше текот на тренингот?
4. Продукти (исходи) – дали целите се остварени?

- III. Brinkerhof model

1. Поставување на цели - кои потреби постојат? Дали се тоа реални потреби?
2. Концепција на програмата - што е неопходно да се направи за да се одговори на уочените, детектираните потреби?
3. Реализација на програмата - на кој начин ја евалуираме програмата во праксата?
4. Непосредни исходи - дали учесниците нешто научиле? Што научиле?
5. Непосредни или употребени исходи - дали учесниците го применуваат она што го научиле?
6. Влијание и вредности - дали обуката допринесла кон некоја значајна промена на личен и развој на компанијата?

- IV. Системски пристап (Bušnel)

1. Влез - Што се е вложено во тренингот? (квалификација на учесниците, тренерска способност, ресурси...)
2. Процес - како се реализирале планирањата, осмислувањето на самиот тренинг, развој и реализација на предвидените активности?
3. Излез - какви се реакциите на учесниците, знаењата, вештините, однесувањето на учесникот по завршената обука, промени и ставови на учесникот;
4. Исходи - какви се ефектите во компанијата од која учесниците се дојдени?

**Видови на евалуација**

Воспоставени се три вида на следење и евалуација: самоевалуација, интегрална евалуација и екстерна евалуација. За редовно следење и евалуација на напредокот на дадена програма и реализација на планот на активности на годишно ниво или обука по некоја посебна програма, воспитно - образовните иституции треба да користат прирачници со чија помош стручно ќе можат да ја реализираат евалуацијата. Следење на напредокот и евалуација на годишно ниво е основа за самоевалуацијата, екстерната евалуација и интегралната евалуација.

*Самоевалуацијата* ја прави воспитно-образовната институција. Целта на самоевалуацијата е да се следи сопствениот прогрес согласно законските одредби. За таа цел образовните институции при самоевалуацијата треба да ги вклучат и активностите од Програмата.

*Екстерната евалуација* ја вршат обично надворешни институции. Преку ваква евалуација заинтересираните институции пример општините, министерството, се во тек со реализацијата на Програмата во училиштата и градинките и институциите за образование на возрасните. За успешно спроведување на екстерната евалуација треба да се користи формулар за евалуација преку кој се добиваат детални информации за состојбата во институциите за образование за возрасни, градинките и училиштата, како и за реализацијата на Програмата.

*Интегралната евалуација* ја врши Државен просветен инспекторат.

Програмата е вметната во седумте подрачја од интегралната евалуација преку

дополнителен број на индикатори кои соодветствуваат на мерење на успехот од реализацијата на Програмата во институциите за образование.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Darko Marković, T-kit on Training Essentials, Council of Europe Publishing F-67075 Strasbourg Cedex, © Council of Europe and European Commission, October (2002)
2. Aida Bagic…[et al.], Sarajevo Grupa avtori, Со евалуација на ти, Евалуациски прирачник за граѓанска иницијатива, БПТ Принт, Quaker Peace and Social witness, 2003
3. Organisational management T-Kit, Strasbourg: Council of Europe & European Commission CHQ Training Team and Gillian Sutton (1993)
4. Council of Europe and European Commission. (2000) Final Report of the training course Training for Trainers, Strasbourg (2000)
5. The condition of learning,. New York: Harcourt-Brace Geertz, Clifford (1973)
6. Community project for developing training modules for youth workers, Luxembourg: Jeunesse pour l'EuropeJungk, Robert & Müllert, Norbert (1994)
7. Evaluating training programs: the four levels, San Francisco: Berrett-Koeller Klatt, Bruce (1999)
8. Training, evaluation and measurement methods(3rd edition), Houston: Gulf Publishing Pohl, Michael and Jürgen Witt (2000)
9. Effective planning in training and development, London: Kogan Page Rae, Leslie (1999)
10. Using activities in training and development, London: Kogan Page Rogers, Jenny (1989)
11. Adults learning, Milton Keynes: Open University Press Sahlberg, Pasi (1999)
12. http://www.infed.org. (1997, updated November 2000) Web site about informal education containing articles about various key concepts linked to the subject such as informal education, lifelong learning, animation, learning etc.Siurala, Lasse (1999)
13. A broader strategy for non-formal learning and education?, CDEJ Working group paper, Strasbourg: Council of Europe Directorate of Youth and Sport Thorpe, Sara & Jackie Clifford (2000)

**Д-р вет мед Виолета Дукоска**
мр.сци вет

005.322:316.46

# СОЦИЈАЛНАТА ПСИХОЛОГИЈА ВО ПРОФЕСИОНАЛНИ ЦЕЛИ НА СЕЛЕКЦИЈА И МЕНАЏИРАЊЕ

**АПСТРАКТ:** Динамиката во живеењето, турбуленциите како и финансиската криза ја наметнаа потребата во компаниите од лидери со јак интегритет, лидери кои вложуваат во личен раст и развој и максимално се вложуваат во градење на одржливи организации. Лидери кои што со нивните карктеристики, вредности и способности ги мотивираат вработените во креирањето на вистинска вредност за клиентите. Тоа се автентичните лидери.

Што значи автентичност? Автентичност значи да се познаваме себеси, зборот автентичен етимолошки е поврзан со зборот "authento" и значи поседување целосна моќ. Да се биде автентичен подразбира да се биде доследен на самиот себе, да се постапува со интегритет, да се почитува, да не се следи масата, туку да се инспирира масата и да се придвижи кон исполнувањето на поставените цели. Автентичното лидерство е начин на кој лидерите освен што се свесни за начинот на кој тие размислуваат и се однесуваат, за нивната вредност, за нивните јаки и слаби страни, туку исто така се свесни за истите вредности и карактеристики на вработените и следбениците. Автентичните лидери максимално се стремат да ги инспирираат вработените во остварувањето на целите на компаниите.

Автентични лидери сакаат да им помагаат и да ги поттикнат другите, и со тоа тие се предводени од потенцијалите на својот ум, срце и страст. Тоа е модел на лидерско однесување кое го поттикнува позитивниот и психолошки капацитет, создава позитивена етичка клима, го поттикнува позитивниот личен развој. Тоа се лидери кои и јавно и позади затворени врати го имаат истиот став и мислење.

**Клучни зборови:** динамика, турбуленции, лидери, мислење

**ABSTRACT:** Dynamics in living, turbulence and financial crisis have forced companies in need of strong leaders with integrity, leaders who invest in personal growth and development and maximum invested in building sustainable organizations. Leaders that their characteristic, values and skills to motivate employees in creating real value for customers. These are authentic leaders

What does authenticity? Authentication means to know ourselves, the word authentic is etymologically related to the word 'authento' means and having full power. Being authentic means being true to himself, to act with integrity, to respect, to not follow the mass, but to inspire the table and move towards meeting the goals. Authentic leadership is the way leaders unless they are aware of the way they think and behave, their values, their strengths and weaknesses, but also be aware of these values and characteristics of workers and followers. Authentic leaders maximum aspire to inspire employees in achieving the goals of the company.

Authentic leaders want to help and encourage others, and thus they are led by the potential of your mind, heart and passion. It is a model of leadership behavior that encourages positive psychological capacity creates pozitivena ethical climate fosters positive personal development. These are leaders who publicly and behind closed doors have the same attitude and opinion.

**Keywords:** dynamics, turbulence, leaders, opinion

## ВОВЕД

Научното интересирање во проучувањето на однесувањето на лугето во група е посебно насочено, кон оние кои покажуваат посебни способности за извршување посебен вид улоги, дефинирана како способност, моќ за влијание врз другите.Водството и водачот се најважна карактеристика на групната структура. Како и сите други улоги, водството содржи определено очекување во однесувањето. Функцијата на водач може да биде променлива зависно од структурата на групата и од групните задачи. Во употребата на водство и водач се

водиме од разликата што треба да се прави меѓу водството како персонален квалитет и идејата на водството кака организирана функција (Bavelas,1963). Првото значење се однесува на специфичната комбинација на лични карактеристики, а втората се однесува на дистрибуцијата низ организацијата на моќ (за донесување одлуки). Првото размислување не води кон квалитетите и способностите на поединецот, второто не насочува кон поглед на моделите на моќ и аворитет во организацијата.

## Значењата на лидерството во социјалната психологија

Во литературата на социјалните науки водството се јавува во три главни значења:
1) атрибут на позиција (статус),
2)како карактеристика на личноста,
3)како категорија на однесување (KatzandKahn,1966).

Водството вклучува извршување на посебен вид на улога, но со моќ и способност да се влијае врз другите. Улогата на водач се артикулира со другите улоги внатре во групата.

Иако, е многу тешко да се дефинираат специфичните персонални карактеристики, поврзани со појавата на водството, имено тешко е да се предвидува дека определена личност ќе стане или ќе успее како водач во групата без да се имаат информации за групата и нејзините активности.Но, сепак се укажува дека определени атрибути на личноста (персонални карактеристики) можат да бидат стабилно поврзаии со определен успех и ефикасност на водачот и да ја зголемуваат веројатноста на определени поединци да ја вршат улогата на водач, конзистентно, во многу групи и во повеќе разновидни ситуации.

Аспектите на овие два моменти, односно два пристапи-персоналниот и ситуациониот во определувањето и објаснувањето на водството, се централните прашања.

## Дефинирање на улогата на водач (лидер)

Водач (аннглиски,leader) различно се дефинира во психолошка, социолошка и политиколошката литература. Ќе ги наведеме најчесто и од повеќе автори употребуваните определби на функцијата водач.

1) Водачот, како централна личност во некоја група или организација, која ги отелотворува идеалите на групата, но и на личноста на самиот водач во его-идеал на секој член. Ова сфаќање кое има свој извор во психоаналитичките концепции, ја истакнува важноста на емоционалната компонента т.е. се нагласува односот што се карактеризира со љубов и почитување, на членовите спрема централната личност. Во рамките на оваа функција би ја вброиле и определбата на водачот како татковска фигура (потпора) за позитивните емоционални чувстава на членовите на групата – идеален објект за идентификација.

2) Водачот како личност која влијае врз другите членови на групата. Овде се нагласува способноста на водачот во социланите ситуации, да се истакнува со умешност и компетентност, групата да ја насочува кон остварување на целите )да го планира, организира и надгледува извршувањето на групните задачи), со своето однесување да дава пример на другите членови и со тоа да поттикнува соработка со нив.

3) Водачот како креатор на политика – идеологија (ги утврдува целите, вредностите, нормите и специфичните поединости на групната структура).

4) Водачот како контролор на внатрешните односи (извор на награди и казни, и арбитер, посредник) што му дава можност за контрола на членовите.

5) Водачот како симбол и надворешен претставник на групата (фактор за единство на групата и службен застапник).

6) Социометриски водач, (во смисла на социометријата на Морено), како личност во групата која има најмногу позитивни избори (социометриска ѕвезда).

7) Водачот како замена на лична одговорност–водачот ја превзема одговорноста и ги ослободува членовите на групата од одговрноста за личните одлуки и акти кои сакаат да ги

избегнат. Членовите на групата ги делегираат критичните одговорности за своите водачи.

8) Водачот како жртвен јарец, па како што е идеален објект за позитивни емоционални чувства, тој може да служи и како цел на напади од страна на незадволни членови на групата. Овие категории на улогата на водач ги опишуваат најважните карактеристики на успешен водач. Сите тие не можат да се најдат во еден случај на водач, тие репресентираат типичен или карактерен модел на водач.

Во споменатите дефиниции битно е водачот да се јавува како индивидуален центар на социјална моќ и влијание на ченовите на својата група. Но, тоа влијание е двонасочно, тој влијае врз другите, но и другите влијаат врз него. Важно е што влијанието на водачот се прифаќа доброволно. Моќта на водачот е определена од односот на неговите соработници, но и од неговиот однос кон нив. Интерперсоналната перцепција значи е нужен дел од тој процес (Hollander,1963).Овој приод има предност во однос на поранешното гледање ("теорија голем водач").

**Социјално – психолошкиот трансакционен пристап на лидерството**

Трансакциониот пристап е повеќе прифатен (од современите психолози и современите текови, воопшто), а станува збор за рамноправно влијание на водачот и неговите следбеници. Токму во двонасочното влијание на водачот и следбениците, уште повеќе, од доброволното прифаќање на влијанието на водачот од неговите следбеници, произлегуваат и другите битни карактеритстики на интеракцијата, водач-.следбеници. Водачот повеќе отколку следбениците, придонесува за заедничките цели: водачот ги изразува чувствата и стремежите на групата. Мегу водачот како primus inter paves и другите членови нема социјална дистанца: извор на авторитет на водачот е самата група, односно довербата што членовите на групата ја имаат во неговите способности да ги решава проблемите и задачите на групата т.е. членовите на групата сама меѓу себе да ги решава проблемите на недисциплина во однос на обрските и задачите на групата.

За интеракцијата водач–следбеници, се увреуваме од ефектот на перцепцијата на следбениците на водачот:

1) водачот мора да биде перципиран како еден од нас;

2) успешен водач мора да има карактер на членство на групата (memeberstup character), со која се обидува да раководи (Brown,1936);

3) водачот мора да биде перципиран како повеќето од нас–отелотворување, до особен степен на нормите и вредностите кои се од централна важност за групата. Водачот мора да биди перципиран како најдобар од нас, па така може да служи како пример за групата.

4) Водачот мора да одговара на очекувањата на следбениците (членовите на групата ќе ги избираат и ќе ги подржуваат само оние водачи кои одговараат на нивните очекувања).

Постојат различни типови на водичи: харизматичен водач (концепција за роден водач), бирократски водач, симболичен водач (со престиж, но со мала моќ, на пр. европските кралеви и кралици), институционален водач, лидери-експерти во различни области, интелектуален лидер (кој има големо влијание на филозофската мисла во неговото време), административен лидер, лидер–реформатор, авторитетен лидер, лидер–иноватор итн. Субјективните чувства водат кон верувања дека карактеристиките на водачот се општи и точни, и дека се задржуваат исти, во сите времиња.. И најраните типологии, укажуваат дека лидерот мора да поседува некои лидерски црти.Во оваа стара теорија спаѓат сите значајни, забележителни и познати светски личности. За таквите личности се зборува и како за харизматични, за месии и сл.

Поимот харизма во социјалната психологија го вовел германскиот социолог Макс Вебер, означувајќи ја со него онаа специфична сила на некоја личност, со која таа успева да го наметне своето влијание и волја на другите луѓе.

Самиот поим е изведн од Светите списи, во кои се означува во прв ред, од Бога дадена обдареност на поединецот да води, управува и да ги учи своите следбеници. Вебер разликува лична харизма и харизма по положба (позиција), сметајќи дека личната харизма повеќе апелира на човековите емоции, додека храизмата по положба повеќе е рационална.

Поради тоа, првата бара апсолутна лојалност, додека другата бара само послушност. Многу студии покажуваат дека личностите кои поседуваат определен склоп на мотиви (висококa потреба за моќ, плус висок степен на самоконтрола), се повеќе успешни како менаџери отколу оние кои не ги поседуваат овие карактеристики..

Се чини дека личностите, кои поседуват способност да се приспособуваат на изменети услови, ги води кон раст на лидерството во поширок ранг на различни услови. Поточно пронаоѓање на решенија во новонастанати услови и ситуации.Тоа не претставува ништо друго, туку една од дефинициите за интелегенција на личноста. Освен тоа, лидерот треба да поседува способност за решавање на проблем по пат на мислење. Интелегентното однесување се карактеризира со способност за перципирање и увидување на специфичностите во одредена ситуација, чие совладување бара ново однесување кое го надминува старото искуство и старите навики.Се наведува и тоа дека водачите се поинтелегентни (но, не премногу) од своите следбеници, дека се екстравертни, помалку конзервативни, со голема јасност на изразувањето и со поправедни и покритички ставови.

Вербалното и невербалното однесување, посебно јасноста на изразувањето е многу значајна во процесот на внатрешната и надворешната комуникација. Говорот е процес на создавање и синтеза на гласови кои имаат значење, семантичка вредност. Тоа е многу сложена активност, во која учествуваат фонациските и артикулационите органи, други системи на органи, а се под влијание на вишите центри на големиот мозок и неговот кортекс.Говорот е средство за комуникација т.е. вербална комуникација и претставува сложен и специфично организирана свесна активност, во која учествува субјектот кој формулира вербален израз и субјектот или субјектите кој го перципира или приема тој вербален израз.

Очигледно е дека за лидерот се битни одредени физички, социјални и психолошки карактристики. Треба да се има во предвид и тоа дека некои особини, што се наведуваат како типични за лидер најверoватно можат да се равиваат додека се дејствува како водач, или уште подобро, постои едукација за лидери. Но, тука се поставува прашањето, од кој вид на луѓе треба да се регрутираат лидерите и дали секој може и треба да биди лидер. Во социометриските студии е утврдено дека персоналните разлики меѓу лидерите и другите членови во групата не лежат во возраста, интелегенцијата или емоционалната зрелост, туку во квалитетот на нивното интеракциско однесување. Односите меѓу членовите во групата стануваат матрица во која целогрупното однесување има значајно место како групна варијабла.

## Профил на лидер

Иако повеќе автори се согласуваат дека нема некои унуверзални особини кои би важеле за еденводач и дека тие зависат од составот на членовите на групата и комплексната ситуација, во која се наоѓа групата, сепак постојат некои општи категории на психички особини, како општа рамка за успешно раководење.

Некои од тие особини се издвојуваат и се окажуваат како многу битни за создавање на ефикасни лидери.Најчести особини се истакнуваат се: интелегенција, амбициозност, доминантност, екстаравертност, чесност, непристрасност, одлучност, способност за просудување, пријатен изглед, здравје (физичко и психичко).

Во своите истражувања Фидлер, нашол висок степен на позитивна корелација помеѓу водството и персоналните црти: интелегенција, доминантност, адаптивност, неконформизам и социјална дистанца. Бројни истражувања покажуваат дека најефикасни лидери се оние кои се способни да задржат извесен степен на социјална или психолошка дистанца меѓу себе и другите членови во групата.

Секој водач, секако дека не мора да ги поседува сите наведени карактеристики, но затоа пак мора да ги поседува оние особини кои ги бараат определените задачи и ситуации. Некои автори се обидуваат врз основа на повеќе истражувања да извлечат некои основни и доминантни заклучоци за особините и карактеристиките на лидерите.

## Наместо заклучок

Лидерите тендираат кон супериорност во однос на членовите на групата во спосбностите, кои се суштински за групното одржување и напредок.При ова се мисли на повеќе црти како што се интелегенција, способност за решавање на проблеми, искуство, вербални способности и способности за работа. Лидерите тендираат кон добри способности за интерперсонални односи. Тоа вклучува такви фактори како што се популарност, способност за кооперирање, и тенденција да се биде одговорен спрема другите. Лидерите тендираат да имаат повисока од просечната амбиција и желба за водство. Тоа вклучува такви карактеристики како што е позитивна претстава за себе, иницијативност и упорност, истрајност итн. Други автори пак го стеснуваат списокот на црти на оние кои тендираат да станат лидери и почесто ги наведуваат: интелегенција, амбиција, потреба за моќ, самодоверба и спосбноста за приспособување на промени (Brem & Kassin, 1993).

## Литература


1. DRAGUTIN MIKŠIC, Uvod u ergonomiju, Sveucilište u Zagrebu, Fakultet strojarstva i brodogradnje, Zagreb, 1997.
2. Ukratko o orijentaciji zaposlenika : http://ohioline.osu.edu/hrm-fact/0003.html
3. Korisni savjeti za usavršavanje zaposlenika te druge teme iz podrucjaupravljanja ljudskim resursima :http://www.allbusiness.com/human-resources/careers-job-training/1465-1.html
4. Stranica o motivaciji zaposlenika, zašto je važna motivacija te razlicite motivacijske tehnike: http://www.poslovniforum.hr/management/motivacijske_tehnike.asp
5. Opis razlictih vrsta metoda za selekciju zaposlenika, te primjeri nekih testova: http://www.hr-guide.com/data/G310.html
6. Ukratko o motivaciji zaposlenika, te neke od teorija o ljudskoj prirodi I motivaciji: http://www.accel-team.com/motivation/index.html 25
7. Ukratko o analizi radnog mjesta: http://www.ijoa.org/WhatIsJA.html
8. Ukratko o depresiji na radnom mjestu: http://www.rcpsych.ac.uk/mentalhealthinformation/mentalhealthproblems/ depression/depressionintheworkplace.aspx
9. Stranica o analizi radnog ucinka sa primjerima testova za ocjenjivanje radnog ucinka: http://www.businessballs.com/performanceappraisals.html

**Ѓорѓи Илиевски**
Државен просветен инспекторат

37.014.53

# УЛОГАТА НА УЧИЛИШТЕТО ВО ЕДУЦИРАЊЕ НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРОЦЕСИ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ

# THE ROLE OF THE SCHOOL IN EDUCATING STUDENTS IN THE DEMOCRATIC PROCESS

**Апстракт:** Училиштето како институција има своја историја, развој во општетсвото и општествените системи. Своја сегашност  е изложена на повеќе предизвици тенденции и реформи, а истовремено согласно многубројните истражувања кај нас во Европа и во светот укажуваат дека, и во иднина ќе има своја општествена, културна и едукативна поставеност со повеќе димензии на делување. Од изнесеното може да согледаме и констатираме дека, училиштето како општествена - јавна институција (алтернативна, верска и слично) согласно, поставените цели и задачи, програмско - содржински активности на делување со сите субјекти - чинители има свои функции кој даваат белег и карактеристика на училиштето, како значајна и поливалентна институција со повеќе дејности на делување со сите субјекти што ја потврдуваат неговата улога и функција.
**Клучни зборови:** училиште,образование,воспитание,демократија,интеракција.

**Abstract:** The school as an institution has its own history of development in the society and social systems . His presence is exposed to more challenges and reform tendencies , while according to numerous studies here in Europe and in the world indicate that , in the future will have its own social , cultural and educational placement of multiple dimensions of action . From the above it can be seen and concluded that the school as a social - public institution ( alternative , religious , etc. ) in accordance with , set goals and objectives , program - content of work activities with all stakeholders - stakeholders has its own features that make a mark and characteristic of the school as significant and polyvalent institution with more activities of all entities with activity that confirms its role and function
**Keywords:** school, education, education, democracy, interaction.

### Општесвената функција на училиштето

Кога говориме за функциите на училиштето генерално мислиме за неговата педагошка форма на делување, односно говориме за повеќе педагошки функции кои постојат наспроти другите како што се општесвената и културната **(Ѓ.Дедиќ 1996).**

Ако прифатиме категоријата општество, училиштето неминовно се согледува како категоријална функција или како функционална категорија. Со други зборови, нејзината функција не е тесно општесвена, ниту прагматична и утилитарна. Тоа се навистина категоријални функции или такви што со својата компетентност и актуелност реализираат нови перспективи како влијание на училиштето, така и на ефектите на тие влијанија.

Училиштето како институција во конкретниот случај како општесвена функција има за цел да ги прифати, едуцира и оспособи младите генерации и во таа смисла да претставува дел од општесвото и со образованието-едукацијата да го дадат својот прилог во општесвото. Таквата општесвена функција на училиштето претставува движечки механизам за акциско делување и менување на субјектите-учениците и реализирање на нивната општесвена групна и индивидуална свест **(Д.Ж.Марковиќ1993)**. Општесвениот карактер-функција на училиштето доаѓа до израз преку повеќе елементи на училиштето. Во контекст на општесвената функција доаѓа до израз демократијата. Демократијата е нешто повеќе од обичен збир на процедури, законодавно - правни прописи кои насочуваат и определуваат како функционира власта. Во демократијата власта е само еден елемент што постои напоредно во општесвеното

ткиво на голем број разновидни институции организации, здруженија и политички партии. Во демократското општесво функционира иљадници приватни унституции организации некои на централно некои на локално ниво. Во тој контекст делува и училиштето како јавна и алтернативна институција **(Информативна агенција САД 1992г)**. Така преку целокупниот развој на општесвото, училиштето настојува да ги постигне своите универзални вредности и резултати, независно од тоа каков вид и тип на училиште е кој има за цел да опфати што поголем број на субјекти да го реализира делувањето на педагошко поле и овозможи развој на личноста –индивидуата.

Наспроти универзалноста за општесвената функција на училиштето во развојот се јавува и субјективноста, односно индивидуалноста. На тоа се гледало на вкупен генератор на училиштето на неговото егзистирање, а истовремено да се постигне индивидуалитетот како форма на конкретни односи на субјектите спрема тоа што носи реалност во училиштето.

И по основ на ова функција преку развојот на училиштето доаѓаме до различни тенденции кои на еден или друг начин ја занемаруваат улогата на училиштето. Така на пример, Жан Жак Русо се залагал за **„природата на ученикот како примарен интерес кој училиштето не може да го даде“**. Лав. Н. Толстој на Јаснопољанското училиште се залага за **„слобода како феномен на индивидуалитетот“.** Тој слободата ја сфаќа на духовна основа.

Во новите проекти на училиштето на ова функција се гледа како на проблем на индивидуализација на свеста, знаењата на учениците или се гледа во склоп на диференцијација и интеграција на наставата. Во целина на наблудувањето и анализирањето на овие две функции никогаш во доволна мера не се усогласени. Во таа конфронтација-спротивставеност и двете функции добивале своја тесна функција (внатрешна и надворешна диференцијација, однос на индивидуалното и социјалното, на личноста и општесвеното, надворешното и внатрешното).

Меѓуопштесвените функции во училиштето треба да ја нагласиме и функцијата на развивање и формирање на општесвената свест како значајна вредност кај учениците. Општесвената свест се јавува како посебна функција на односите на училиштето спрема општесвото, како општесвена карактеристика на училиштето и неговата општесвена ориентација, како динамична функција на општесвената свест има своја содржина на основа на општесвените активности на субјектите во училиштето.Така ефектот на општесвеното битие на училиштето и општесвената позиција на субјектите во училиштето.

Меѓу општесвените функции на училиштето се наоѓа и функцијата на третирањето на личноста - субјектот и неговото развивање и формирање. Во врска со наведеното треба да ја спомeнеме и посебноста и значајноста на личноста – индивидуата, автономијата на училиштето за слободниот дух на училиштето за слободата и правата на индидвидуите за правата на децата и учениците и демократизацијата и демократските процеси на живеењето и делувањето. Слободата и правата на индивидуите-личностите ги земаме како педагошко-дидактичко прашање за подучување, слобода на мислите, слобода на разговорот. Значајно подрачје за слободата на училиштето е и подрачјето на социјализациско-емиоционалните ефекти и активности кои во воспитно-образовниот процес доаѓаат до израз кај наставниците и учениците. Секако дека, подрачјето на сознавање, знаењето, учењето, усвојување на искуства и слично е значајно прашање за слободата и функцијата на училиштето и развивање и унапредување на демоктатскисте процеси на училиштето со учество на сите активности **(Ѓ. Дедиќ 1996).**

### Педагошка функција на училиштето(воспитно-образовна)

Воспитно-образовната функција на училиштето го изразува односот спрема целта и задачите на воспитанието и образованието, како и односот на училиштето спрема својот педагошки идентитет, односно училиштето како институција за воспитание и образование. По тој основ за овие функции, односно за педагошката функција како модалитет на импликација произлегува од односот на училиштето - субмодалитет на импликација за разлика од општесвената функција која се јавува од гледиште на училиште-општество - субјект и обратно. Имено, во конкретниот случај се работи за исходот на воспитно-образовните активости кои се последица на непосредниот воспитно-образовен процес кој се воспоставува во однос спрема

училиштето и неговите задачи и неговата цел.

Воспитно-образовната (педагошка) функција на училиштето е негов непосреден интерес, намена и смисла на неговото постоење. Губењето на тие функции е основа за докажување за потребите на училиштето. Ако овие функции можат да се реализираат со некои други системни влијанија, тогаш нема потреба од постоење на училиштето. Затоа овие функции се исконски атрибут на училиштето, негов постојан придружник и основна евиденција и аргументација. Преку развојот на педагошката функција на училиштето се унапредуваат, оптимализираат и рационализираат некои категории на училиштето.

Меѓу другите функции на училиштето треба да ја споменеме функцијата на **стекнување на знаења или усвојување на генерациските искуства.** Во врска со ова функција постојат бројни концепции како на пример: **„училиште за бубање“, „книшко училиште“** и други. Заедничко на сите тие концепции е учење без разбирање, механичко учење, учење напамет. Во таа смисла староримскиот филозоф **СЕНЕКА** искажал **„Non schlae sed vite discimus“**, што значи **не треба да учиме за училиштето, туку за живот.** И денес се говори за начини и пристап на стекнување на знаење, а тоа знаење најдобро се стекнува преку училиштето, во тој поглед современата педагогија во врска со тоа го разгледува проблемот на своите парадигми на воспитанието:физичка интелектуална, социјализациска, хуманистичка, преку што се согледуваат хуманистичките вредности за позицијата на човекот – индивидуата во општесвото (ученикот) и во таа смисла за хуманизацијата како функција на училиштето доаѓа до израз.

Педагошката теорија на воспитанието се бави со проблематиката на знаењето и често се свртува од позицијата на позитивизмот, бихевиоризмот, емпиризмот со кој доаѓа до логичката форма на знаења, односно до нивната епистимиолошка суштина. Со тоа училиштето се свртува во процесот на воспитно-образната наставна работа.

Покрај напред наведените функции, треба да напоменеме и дека училиштето како институција нема за цел само да ја развие личноста на ученикот, туку и развојот на личноста да ја оспособи за снаоѓање за нови ситуации за решавање на проблеми, за воспоставување за комуникациски односи со опкружувањето **(P.Brajsa 1996)**. Во таа смисла на напред изнесеното треба да напоменеме, дека богатото афективно подрачје на воспитанието и образованието преставува богат домен на педагошката функција на училиштето. Имено, училиштето не треба да создава само функција на надворешен план или на планот на процесот кој го врши. Напротив, училиштето мора да поттикнува ефекти и на внатрешен план, односно на планот на динамизмот.

Од анализата на теоријата и практиката за третманот и поставеноста на училиштето за неговата општесвена, педагошко (воспитно - образова функција) како посебна издиференцирана функција на воспитно-образовн план се споменува и функцијата на основата на гледањето на свет. Оправданоста на оваа функција има педагошка аргументација:

- поглед на свет има научна конотација која може да се даде на учениците;
- поглед на свет во функционална категорија од субјектот, неговата свест и способност за апликација што може да се постигне преку педагошко организирање на субјектите со активности;
- поглед на свет е и прашање на положбата и улогата на ученикот во воспитно—образовниот процес;
- поглед на свет преставува своевидна конкретизација на функцијата на целта на воспитанието и образованието **(Ѓ.Дедиќ 1996)**

Предходно анализираните педагошки функции припаѓаат на кругот на темелните и концептуалните функции на училиштето. Тие доаѓаат до израз на теоретските модели на училиштето. Меѓутоа, училиштето е и практичен систем или структура на артикулација на праксата на различните видови од кои потекнуваат таканаречените оперативни функции на училиштето. Поконкретно се работи за функции кои не се однесуваат само на субјектите ( учениците и наставниците), туку и на групите, тимовите или на некои други поединци кои имаат некоја улога во училиштето како што се: училишен педагог, психолог, социолог и слично.

Покрај напред наведеното, училиштето има функција и на оптимализација на наставните

и на другите воспитни влијанија со кои се развива или преку кои се развива флексибилна и комуникативна личност на ученикот, личност која е спремна до внесе промени, корекции и модели во сопсвената активност и поведение.

Во педагошката функција на училиштата спаѓаат функција на рационализација и ефективности на поведението на субјектите спремни да се организираат на најдобри можни начини преку кои најбрзо и најкратко ќе стигнат до точката на ефикасност на делување. Оваа функција припаѓа на функциите на транферот на различните видови со кој субјектот успешно го пренесува стекнатото искуство во училиштето на различните видови во практиката на делување. Училиштето како институција и како педагошка функција се вбројува и функцијата на иновации за што училиштето денес подлежи на разновидни иновации кои треба да најдат свое место, тло во педагошко, односно во воспитно-образовното делување што наложува потреба од постојано напредуање, усовршување на сопсвените знаења кој се базираат на перманентното - доживотното учење и унапредување што е мото на 21 век.

**Воспитната функција- работа на училиштето**

Под воспитна функција на училиштето, разбираме систем на дејности насочени на реализирање на целта и задачите на воспитанието и образованието. Од тука воспитната работа преставува систем на процесот на воспитанието и образованието во сродно значење на училишните процеси. Поконкретно, станува збор за процесите за интеграција кои ја артикулираат целовитоста на струкутурата на воспитно-образовните активности. Покрај тоа под воспитна работа на училиштето подразбираме и интеграциони процеси на воспитанието и образованието, односно на воспитно-образовниот процес со намера да се реализира единство од гледиште на целта, содржините и улогата на субјектите во процесите. Патот на дејностите на воспитната работа се реализира и односот на личноста - воспитниот процес што овозможува персонален однос кон училиштето и неговата хуманистичко значење како и неговото демократско делување. На тие основи училиштето се доведува во можности: за формирање на човекова толеранција, разбирање меѓу луѓето, почитување на човековата личност и слично. Во литературата и периодиката доста е пишувано за воспитно-образовната функција на училиштето **М.Стефановиќ, Р.Николиќ, Б.Ракиќ** и други кои во своите трудови ги наведува (Ѓ.Дедиќ 1996 година), **за да покрај напред наведеното наведува дека под воспитна работа - функција на училиштето подразбира синтеза на процесите , формирање, изградување, развивање, водење, регулирање на коректни односи и процеси.**

Со воспитната работа-функција на училиштето се задоволуваат учениковите социјални, културни, биолошки и културни потреби. Таа потикнува, насочува, оплеменува и облагородува. Се создаваат услови за нивна реализација преку потребите кои се наоѓаат кај субјектите **(Ѓ.Дедиќ 1996).**

Покрај напред наведеното во трудот Култура на демократијата во Информативната агенција САД1992година, помеѓу другото е наведено: Демократијата и образованието се витален дел на секое општество, а особено на демократијата како што нагласува Томас Џеферсон: **„Ако некоја нација очекува да живее во незнаење и да биде слободна и цивилизирана, очекува нешто што никогаш небило, ниту ќе биде"**. Наведената мисла укажува дека задача на образованието не е едноставна туку комплексна која бара ангажираност на сите субјекти во процесот на едукацијата. Во прилог на изнесеното и теоретичарот **ФИН** нагласува : образованието има пресудна углога во слободните општества и во институциите на образованието, односно демократијата со право може да се каже дека со време образованието овозможува слобода, права, должности **(Информативна агенција САД 1992стр 19)**. Дејноста на воспитното делување на училиштето, придонесува за унапредување на работата на училиштето, внесување иновации во воспитно-образовниот процес, негова модернизација, на кои основи се создаваат услови за пратење развојот на ученикот. Во целина со својата комплексност, како и конкретрните функции, воспитната работа на училиштето придонесува за реализирање на нејзиниот идентитет и дава вземност во системот на воспитанието и образованието. За реализирање на оваа функција, воспитната работа на училиштето мора да има:

- задачите на воспитанието кои се однесуваат на воспитанието како процес на воспитната работа: **доаѓаат до израз на посебен начин, содржините, задачите, конкретизација на училишниот процес на воспитанието и образованието,**
- специфичностите на методиката на воспитното реализирање и конкретизирање преку конкретни содржини, примери и постапки, **(Ѓ.Дедиќ1996).**

Изнесените сознанија, видувања и толкувања на повеќето теоретичари, педагошки наставнички работници и практичари на наставно-воспитниот процес, укажуваат дека во сегашни услови и прилики на трансформирање, реформирање и иновирање на училиштето се повеќе се преферира образовно, сознајно, интелектуалната функција, за сметка на воспитната, за што во практиката наидуваме на проблеми, потешкотии и појава на асоцијативно поведение, насилство, агресивност и други слични појави**(Н.Петров 1999).**

За намалување на воспитната функција на училиштето, постојат објективни и субјективни причини. Меѓу кои маргинализирање на одделенско-класниот раководител, одделенско-класните ученички заедници, детската организација и оптовареноста на наставните планови и програми со повеќе теми и содржини, истовремено ученикот како индивидуа-личност и субјект не секогаш се зема во предвид како партнер во воспитно-наставниот процес, доминантната улога на наставникот, како личност и педагошки водител и неадекватното искуство и делување на родителите на учениците, од тие причини во законодавната правната регулатива Законот за основно и средно задолжително образование, истакната е улогата и функцијата на родителските совети и одделенско-класовните, ученичките заедници, културното делување на училиштето и учениците во доменот на вонаставните и вонучилишните активности **(Н.Петров 1996).**

Покрај напред наведеното во концептот на деветолетката и задолжителното средно образование во структурата на наставниот план е зацртано Граѓанското образование како посебен предмет, во одредени предмети зацртани се теми и содржини од основите на демократските процеси и многу други јавни активности кои даваат белег на современото демократско делување. Изнесениот пример сам по себе потврдува дека демократијата и демократскиот процес подлежат на воспитно-образовно делување, преку целокупната организација и делување на училиштето, организацијата на наставата и наставните содржини, преку поведението и однесувањето во одредени ситуации на интеракциско делување. **(Концептот на деветгодишно образование)**

## Основното училиште и демократските процеси и вредности

Основното училиште како јавна и воспитно-образовна институција се наоѓа во средиштето на социјалниот развој и делување на учениците. Од тие причини како и возрасните карактеристики на учениците, неговото делување е фокусирано на еден од најзначајните периоди на социјалниот развој, па од останатите чинители има значајна улога и функција. Врз таа основа се поставува прашањето: **Дали училиштето како јавна и образовна институција може да придонесе за развој на демократските процеси која го карактеризира демократското поведение и култура, преку соодветни форми, методи и средства на работа ќе помогне во развивање на демократската свест.** Имајќи предвид, дека во практиката постојат евидентни слабости во пристапот во воспитанието на демократијата, се наложува потреба од познавање на демократските вредности, принципи и процедури како и поставување на прашањето: Дали постои пристап кој овозможува на учениците да формираат личност која ќе ги карактеризира демократското поведение.

Во таа смисла, Ѓуришиќ-Бојановиќ ги истакнуваат психолошките предиспозиции за развој на демократското поведение. Во врска со тоа констатираат, дека повеќето општесвени односи и процеси навистина ќе бидат демократски , неодредува само институционализацијата на демократските начела или обуката за демократските принципи, вредности и процедури, и психолошката димензија на поединецот за прифаќање или неприфаќање на демократските вредности преставуваат значаен услов за демократизацијата **(Ѓуришиќ- Бојановиќ 2004).**

Демократијата во најширока смисла означува владеење на народот, државно уредување во која највисоката власт ја врши и ја има народот, во тој смисол имаме бројни одредувања

за демократија, кои ќе ги спомeнеме **(Марковиќ, Аврамовиќ, Јоксимовиќ, Животиќ, Неделковиќ, Стојков, Трнавац, Стевановиќ, Петров, Кекеноски и други)**. Од сите релевантни научни согледувања и искажувања од повеќето теоретичари можат да се издеференцираат две мислења, како значајни за вредностите на демократското поведение за поединецот, а тоа е дијалогот и толеранцијата. Макар да во воспитно-образовните услови не можат да се запостават и некои други, како што се: слободата, еднаквоста, правдата и друго.

Некои автори во суштина на воспитанието, за демократизација, согледуваат дека во развојот на демократската култура и формирањето на детската личност, наведуваат толеранцијата према различностите, критичкото мислење, познавање на демократските процеси, знаење за сопствени права, одговорност и критичност**(Ѓ.Илиевски 2010)**. Меѓутоа, основните идеи околу кои треба да се концентрираме е воспитанието и образованието за демократија на училиштето е оспособување за дијалог и толеранција. Секако, не треба да се занемерат и други вредности, како што се слободата, еднаквоста, правдата, човековите права, плурализмот, партиципацијата на мултикултурализмот и мултиетичноста и слично **(Ненад Стојковиќ 2012).**

Наведените сознанија за демократијата и вредностите, укажуваат дека, процесот на едуцирањето на демократијата и демократските процеси на личноста е сложен процес, кој бара смисленост, организираност и конкретни теми и содржини во наставно-образовниот процес кај учениците односно наставата, имаат можност да согледаат, проценат и утврдат, што е корисно, позитивно, демократско и практично. И врз таа основа ќе ги прифаќаат разликите меѓу индивидуите –личностите, ќе ги толерираат различните форми на поведение, мислење, подготовени за изнаоѓање на нови можности и промени на взаемно толерирање и разбирање.

Основные выводы из этого анализа говорят, что болгарская экономика обладает ресурсами и необходимыми предпосылками для интенсивного перехода на инновационный путь развития, в том числе через устранения сдерживающих факторов и барьер.

В Болгарии до сих пор инновации часто принято рассматривать исключительно в плане продуктов и технологий. При этом, изучая опыт передовых стран начисто забывается, что одновременно с ними развивались управленческие, социальные инновации, инновации бизнес – моделей, маркетинговые инновации и др., что современные инновации – это спектр действий.

Болгария начала полностью интегрироваться и механически копировать предлагаемые Европейские и американские модели развития для развивающихся стран и Стран Латинской Америки, в отрыве от особенностей развития Болгарии .

Исторический опыт показывает, что страны – не лидеры инноваций должны сначала внедрить организационные и управленческие инновации в государственном управлении и культуре.

В заключение сделаем следующие выводы, которые вытекают из проведенного исследования:

- По значениям индексов инновационного потенциала, Болгария в последние 5-6 лет находится в группе стран мира, которые называют «страны со скромным

инновационным потенциалом».

- Имеются все основания предполагать, что инновационный рейтинг Болгарии среди стран мира будет снижаться с течением времени.
- Вероятно, и в 2041 году Болгария не будет находиться в группе стран - мировых лидеров в области инновационного развития.
- Государственная политика не оценивает пока значение инноваций как стратегически важным приоритетом для борьбы с серьёзными проблемами страны — низкими доходами и демографическим кризисом.
-




Рис.2. Качественный анализ состояния болгарского инновационного потенциала

## Литература


1. Костова, В.Н. Инновационный потенциал малого и среднего бизнеса в Болгарии. ejournal. vfu.bg/.../Kostova-Inovacionnui_potenci...)
2. Кузык,Б.Н. Как успешно реализовать стратегию инновационного развития Росии. Мир Росии,2009, № 4, с.3-19
3. Innovation Union Scoreboard, 2014
4. IT Industry Competitiveness Index,2011
5. Knowledge Economy Index – KEI 2012 Rankings
6. The Global Competitiveness Report 2013-2014
7. The Global Innovation Scoreboard 2008: The Dynamics of the innovative Performances of Countries/D. Archibugi, M. Denn, A. Filippetti. Brussels.: European Commission, 2009

35:005.96(497.7)

**Ј.Денкова**
Универзитет "Гоце Делчев" Штип Jadranka.denkova@ugd.edu.mk
**С.Стојановски**
strasko.stojanovski@ugd.edu.mk
**М.Матлиевска**
margarita.matlievska@ugd.edu.mk

# УСПЕШНОТО МЕНАЏИРАЊЕ СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ОСНОВА ЗА ЕФЕКТИВНА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА ВО РМ

# SUCCESSFUL MANAGEMENT OF HUMAN RESOURCES, A BASIS FOR AN EFFECTIVE PUBLIC ADMINISTRATION IN RM

**ABSTRACT:** The public sector should be focused on satisfying the needs of the citizens on efficient, transparent and responsible way. The civil society and the private sector should develop awareness and responsibility towards the public duties.

The usage of the model on good governance represents the new characteristics of the values: beneficiary treatment, openness and transparency, the rule of law for greater efficiency in the public sector.

The main direction in the process of reforms in the public administration is creation of professional, depoliticized, effective, efficient and citizen oriented public administration in accordance with parliamentary democracy and responsibility. The principle of the rule of law and, accordingly, working according to the law implies avoiding administrative behavior and procedures, but still providing room for more flexible type of goals oriented management and elevated level of individual and institutional responsibility.

The level of effectiveness in public administration of the loop of responsibility – if it is closed or not. In that context, this study will examine the thesis which states that the management of human resources in the public sector can be accomplished with clear and precise rules and procedures so that it can create realistic basis for effective and responsible public administration.

The research focus human resources management functions such as: planning and analysis of the needs of the human resources in the public sector, the employment procedure, the employment introduction as well as evaluation and motivation of the employees. In this perspective, there is inclusion of the procedures for the in-service trainings of the state employees, the criteria for the kinds of training and nomination for the participants of the training, feedback for the completion of the training, evidence and the utilization of the trained employees.

**Keywords:**HRM. administration, effectiveness and efficiency.

## Вовед

Јавниот сектор треба да биде насочен кон задоволување на потребите на граѓаните на ефикасен, транспарентен и одговорен начин. Имајќи ја во предвид потребата од воспоставување на јавен сектор кој својата функција ќе ја остварува на начин што ќе се рефлектира со најдобри резултати се, наметна и предметот на истражувањето на овој труд кој настојува да изнајде решение за зголемувањето на ефективноста во функционирањето на државната администрација условена од начинот на управувањето со човечките ресурси.

Со оглед на фактот дека главната цел во процесот на реформи на државната администрација во Македонија е создавање на професионална, деполитизирана, ефективна, ефикасна и граѓански ориентирана државна администрација, резултатите од овој труд ќе дадат одговор како треба да се управува со човечките ресурси. Јасните правила за менаџирање со човечките ресурси ќе влијаат врз зголемување на мотивацијата на вработените и остварување на целите на организацијата. Така, успешно менаџирање значи регрутирање и селекција на

најквалитетните кадри, континуирана обука и развој што ќе влијае на унапредување и развој на кадрите, мотивирани од реални награди.

## ПРЕДНОСТИ И НЕДОСТАТОЦИ ПРИ МЕНАЏИРАЊЕТО СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ВО ЈАВНОТ СЕКТОР

Имајќи го во предвид предметот и целта на овој труд се наметнува и ставот дека доколку менаџирањето со човечките ресурси во јавниот сектор се остварува со јасни и прецизни правила и процедури ќе се создаде реална основа за ефективно и одговорно работење на државната администрација.

Во овој контекст за да може да добијам одговори на моите дилеми реализирав интервју што содржеше разновидни прашања од областа менаџирање со човечки ресурси поставувани во органите на државната управа. Главно, прашањата се однесуваат на следното: планирањето и анализа на потребите на човечки ресурси во јавниот сектор, постапката за вработување, воведувањето во службата, оценувањето, мотивацијата и обуките на административните работници.

Преку претставувањето на резултатите во овој труд ќе може да се согледа како се остварува Менаџирањето со човечките ресурси во јавниот сектор, а воедно ќе се согледаат предностите и недостатоците.

Оттука, ќе почнам со претставување на основата од ова истражување, а тоа е заклучокот што произлезе од сите испитаници дека функцијата управување со човечки ресурси е воспоставен организациски дел од државните органи, а остварувањето на оваа функција отстапува од правилата што ги воспоставуваа науката менаџмент со човечки ресурси. Во државните органи одделенијата или секторите за човечки ресурси, се формални организациски единици што значи истите не се целосно екипирани поради недостаток на соодветни стручни кадри.

Согласно Законите и подзаконските акти, целокупната постапка во делот на вработувањето на државните службеници, почнувајќи од утврдувањето на потребата за вработување на кадри[1], објавувањето на огласот, спроведувањето на интервјуто, селекцијата[2] и на крајот донесувањето на конечната одлука за вработување, остава простор за нереален избор.

Така, подготовката на тестовите во Агенцијата за администрација или пак од органот што го објавува огласот се подготвуваат без однапред утврдени правила и критериуми. Тоа значи дека, подготовката на прашањата и начинот на оценување не се засноваат на валидни методолошки пристапи кои упатуваат на нивната оправданост дека се показател за избор на најдобриот.

Нема разграничување на прашањата, според групи на звања, вид на работно место, прашања кои ја откриваат личноста преку карактерните особини кои се многу важен фактор за ефективно извршување на работните задачи. Во врска со непостоењето на процедури за селекција, при постапките за вработување, се јавува неопходност интервјуирањето и селекцијата да го прави специјализирана независна и непристрасна институција.[3]

1 Планирањето на потребите на човечки ресурси, е процес утврдување на потребите за работна сила во склад со развојната стратегија на организацијата, односно бизнис планот кој ја операционализира оваа стратегија. При утврдување на потребите на работна сила потребно е да се тргне од три показатели, стратегијата на организацијата, интерните податоци за состојбата на работната сила која веќе е поставена на одредени работни места, дали се доволно искористени, дали се распоредени на прав начин, или се вишок во организацијата и надворешните податоци за состојбата на работната сила, дали на пазарот има обучена работна сила со потребните квалификации и образование. Поопширно кај М.Пекович, (2003), Организационо понашање, Економски факултет, Белград стр 206-207.

2 Селекцијата на пријавените кандидати преставува сложен процес, одговорен и деликатен. Селекцијата преставува одредена процедура, која ја сочинуваат одредени фази или чекори, кои треба да се реализираат по одреден редослед. Заеднички став за сите експерти од областа менаџмент на човечки ресурси е квалитетното оценување на пријавените кандидати, кои треба да го реализира експертски тим, составен пред се од психолози, а потоа од стручњаци кои добро ја познаваат работата за која се врши избор. Научниците ги предвиделе следните фази на интервјуто и тоа: пополнување на пријавите, обрасците за работа, прво детално интервју, тестови, тестови на способности, проверка на податоците од пополнетиот образец и приложените препораки, аналитичко интервју и проверка на здравствената состојба. Поопширно за ова кај М.Пекович, (2003), Организационо понашање, Економски факултет, Белград стр 212-213.

3 "За селектирањето на кадри јас генерално имам препорака, селектирањето да го прави независна институција цертифицирана институција. Значи во интервјуата воопшто нема колку е комуникативен соработлив, отворен затворен и други значајни показатели за квалитетот на работникот што се оценува".

Во овој контекст евидентирана е и честа појава, комисијата за вработување да ја сочинуваат лица кои не се доволно стручни за областа за која што лицето се вработува.[4]

Истражувањето упати на потребата од јасно и прецизно толкување што значи оспособеност во струката.[5] Ваквата поставеност на законот остава простор за произволни толкувања.

Во однос на услов за вработување во јавниот сектор се јавува потреба од потврда за психофизичките способности на службениците издадени од специјализирана институција, која дава гаранција за добрата психофизичка состојба на лицето што се јавило на огласот.

Можноста за вработување на административните работници преку системот на работни места, остава простор за влез на нестручни работници во државната служба.[6]

Законот остава лесна можност ако е распишан оглас за едно работно место, веднаш по завршувањето на постапката, барат да бидат распоредени на друго работно место.[7] Така што, во државните органи многу често се случува, работник кој бил примен за едно работно место што покрива една област, веднаш после вработувањето, или за многу кус период да биде распореден на работно место од друга област, без оглед на тоа што при вработувањето бил вреднуван според други критериуми.

Сите овие недоречености треба да бидат јасно законски определени да не се остава простор за злоупотреба уште од самиот почеток на постапката за вработување..

Мотивирањето на државните службеници зависи од знаењата и способностите на одговорните лица, односно непосредните претпоставени. Органите за државна управа немаат процедура или некакви критериуми за мотивација.

Дел од испитаниците кои се на раководни места искажаа дека настојуваат како мотивација да применуваат и други методи како што е: прекувремена работа дозвола во слободни денови кога работникот има неодложна потреба, вклучување во работни задачи кои се од значајна важност за органот, давање на можност да се изјаснат за своите потреби за дообука или стручно усовршување итн.

Сепак, мотивацијата во државниот орган како многу важен фактор за ефективни и ефикасни државни службеници во сегашниот момент претставува категорија што воопшто не се разработува ниту во Законот за државни службеници, а во државните органи воопшто не се споменува како категорија што бара посебен пристап во функција на ефективно и одговорно работење.[8]

Во однос на обуките, процедурите за обуките на државните службеници, во земјата и странство, критериумите за определувањето на видовите на обуки и номинацијата на учесниците на обуките, фидбекот после завршувањето на обуката, евиденцијата и искористеноста на обучениот кадар, резултатот е дека државните органи освен изработувањето на програмата за обука, како обврска наметната од Агенцијата за администрација, други пишани процедури и критериуми во врска со обуките на државните службеници немаат.

4 Како поткрепа на ова е исказот на едно од нив: “ Индикатори за интервјуто нема, како репер да се избере најдобриот. Секој од секторот го води интервјуто на начин на кој мисли дека ќе дојде до сознание за неговите способности и дали е соодветен за тоа работно место. Комисијата бодира и решава. Но тука имаме проблем на пример ни се случува пристрасност до членовите на комисијата при бодирањето се даваат нереални бодови “.

5 Во овој контекст, испитаницитие го истакнаа следното:”Но тоа не е доволно, имаше пропуст и сеуште го има што значи тригодишно работно искуство во струката. Треба точна формулација што значи искуство во струката, дали е исто правник што работел на јавни набавки или осигурителни компании, дали се смета тоа искуство во струката, а работното место се однесува за нешто трето.

6 Еден од испитаниците го кажа следното:”Системот на работни места овозможува да се добијат работни места без никаков кариерен развој како и унапредувања во службата да одат без некој критериум и индикатор што го бара на пример кариерниот развој. Кариерниот развој овозможува одговорност и квалитет. Зошто некој ако знае дека за да напредува во службата треба да помине неколку скалила и треба да се докаже преку полагање стручен испит за секоја погорна скала во кариерата секако ќе биде поодговорен и ефективен во својата работа. Овој систем одговара во духот на поквалитетна државна управа”.

7 Во овој контекст е исказот:”Младите не се оптоварени со психологијата само да најдат работно место и да се вработат, сега за младите и не е голем предизвик да се работи во јавна администрација. Инаку, тие што се вработуваат се поприлично амбициозни и со големи очекувања во целост. Има кај нив една нетрпеливост која потешко се канализира, тие очекуваат веднаш по вработувањето резултати во кариерениот развој. Значи, за оние кои најмалку работат се јавуваат најголеми интервенции од страна на политички партии и министри и се јавуваат амбиции веднаш да дојдат до раководни позиции”

8 Современите менаџери се соочуваат со прашањето како да се мотивираат вработените да ја насочат својата енергија, знаење, вештина и способности за да се остварат целите на организацијата. Менаџерите кои се занимаваат со човечките ресурси мораат да ја познаваат теоријата и во својата пракса да користат, научно засновани пристапи кои мотивацијата ја гледаат како средство за обликување на однесувањето на луѓето во организацијата. Повеќе кај М.Пекович, (2003), Организационо понашање, Економски факултет, Белград стр 212-213.

Што се однесува за номинирањето на лица за обучување, стручно усовршување или школување во странство нема критериуми, насоки и упатства во ниеден државен орган. Номинациите за обуки се нетранспарентни Во сите институции за тоа одлучуваат одговорните лица, без претходна анализа и проверка дали тие лица имаат потреба од обуката дали посетиле иста или слична обука, не се поднесува апликација за потребата од обуката, која е целта на обуката, значи немаат еднаков пристап сите вработени да го остварат своето право да се пријават и на транспарентен начин преку пишана процедура со определени критериуми да се изврши изборот за најсоодветниот што треба да ја реализира обуката.9Како недостаток испитаниците го истакнаа и фактот што нема континуитет и следење на програмата за обуки во органот, не се постапува по истата, а сето тоа се должи на недисциплина на првите луѓе во органот.

## ЗАКЛУЧОК

Во рамките на истражувањето, од сите интервјуирани произлезе заклучок дека функцијата управување со човечки ресурси е организациски дел од државните органи кој е сеуште на почеток и заради остварувањето на нејзините цели неопходна е кадровска екипираност, како и заокружена нормативна поставеност.

Резултатите упатуваат на воспоставување процедури за планирањето и анализата на потребниот кадар, објавувањето на огласите, селекцијата, одбирањето и вработувањето на соодветниот кадар. Во овој контекст произлезе насока за измена на Законските и подзаконските акти со кои се регулираат прашањата за човечките ресурси во државниот сектор.

Во однос на следењето на работењето и мотивација на вработените во јавниот сектор неопходно е воспоставување на компјутерски софтвер кој ќе биде показател на мерливи податоци. На тој начин ќе може реално да се оценат, наградат и казнат вработените во јавниот сектор. Ваквиот начин ќе продуцира мотивирани и одговорни државни службеници.

Особено, треба да се воспостават јасни индикатори при изработка на прашалниците и интервјуата, а тоа значи прашањата треба да бидат засновани на прецизни показатели што ќе овозможат непристрасно бодирање. Задолжително комисијата за вработување треба да ја сочинуваат стручни лица, кои ќе соодветствуваат на потребната стручност и квалификации што се бара во тој оглас.

Во законските и подзаконските акти треба да се внесат одредби кои ќе влијаат на мотивирањето на државните службеници. Мотивирањето од секој аспект преку основната компонента плата придружена со други бенифиции особено влијае на вложувањето и ефективноста на државните службеници. Од тој аспект законот особено треба да се насочи кон продлабочена анализа на мотивацијата.

**Во однос на обуките, сеуште државните органи** немаат однос кон обуките како неодложна потреба за секој државен орган. Поради тоа, неопходно е да се обрати посебно внимание зошто тие претставуваат најбитен сегмент во воспоставувањето на ефективен и ефикасен државен кадар.

Со други зборови препораката е организациската единица човечки ресурси треба да доживее целосна трансформација во државните органи, а тоа значи законите и одговорните лица да пристапат кон сериозно третирање на административните работници. Така, доколку административните работници се вработуваат според јасни законски правила, доколку напредуваат во службата според еднакви критериуми, а воведувањето во службата е според пишани процедури, а обуките се елемент што делува врз мотивацијата и јакнење на капацитетите на државната администрација ќе имаме мотивирана, ефективна и одговорна државна администрација која ќе продуцира солидни резултати и задоволство од страна на граѓаните

9 Во овој контекст еден од интревјуираните вели:" Нема критериуми и процедури при реализирањето и одбирањето на лицата што треба да одат на обука за да може да се пратат прави луѓе што треба да присуствуваат на тие обуки. Но мислам дека треба да помине време тоа така да се воспостави поради причината што вработените во државните органи се уште гладни за обуки досега имавме донаторски средства, ова е прва година што се планираат средства во буџетот на институциите на програмата К2 но со ребалансот на буџетите овие средства се одземаат и се помалку остануваат средства за обука на вработените".

**БИБЛИОГРАФИЈА**


1. Еуген Пусич, Наука о управи (1993), Школска књига Загреб;
2. Сотир Костов (2005) Нов јавен менаџмент, Центар за квалитет;
3. Danielle Bossaert. Christoph Demmke, Koen Nomden, Robert Polet (2002) Civil services in the Europe of Fifteen - Trends and New development), Европски институт за јавна администрација;
4. Menzel, D.C,"Teaching Ethics and values in Public Administration: are we making a difference;
5. Закон за организација и работа на органите на државната управа("Службен весник на РМ" бр. 58/00 и 44/02);
6. Законот за Владата на РМ("Службен весник на РМ" бр. 59/00 и 12/03);
7. Public Administration Review, May/June 1997, vol. 57, No.3;
8. S.C. Gilman, Public Service Ethics: a Global Dialogue". Public Administration Review, November/december 1996, vol. 56, No 6;
9. Dramer, K. "Moral reasoning in the Public Service";
10. Закон за државни службеници ("Службен весник на Република Македонија " бр. 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 40/2003, 85/2003, 17/2004, 69/2004, 81/2005, 61/2006, 36/2007, 161/2008, 06/2009 и 114/2009);
11. EU Phare, proekt za reforma na javnata administracija vo Republika Makedonija, tematski dokumenti;
12. I. Mayer, T. Richard, Organazation theory for public administration, Little & Brown Company, Boston 1986;
13. Breyer Stewart, Sunstein Richard B. Stewart, Cass R. Sunstein, Administrative Law Regulatory Policy, Asjen Law Business, United State 2006;
14. Jay M Shafritz, Albert C. Hyde, SandraJ.Parkes, Classsics of Public Administration, Wadsworth,Uunited State 2003;

347.739:343.352(497.7)

**Доцент д-р Борка Тушевска**
Правен Факултет – Универзитет „Гоце Делчев" Штип
**Доцент д-р Олга Кошевалиска**
Правен Факултет – Универзитет „Гоце Делчев" Штип
**Доцент д-р Љупчо Сотировски**
Правен Факултет – Универзитет „Гоце Делчев" Штип
**Наслов. Вонреден проф. д-р Лазар Нанев**
Правен Факултет – Универзитет „Гоце Делчев" Штип

# СТЕЧАЕН КРИМИНАЛИТЕТ

# CRIMINAL INSOLVENCY

**АБСТРАКТ:** Отворањето на стечајна постапка врз правните субјекти предизвикува хаос во бизнис односите со партнерите. Со нејзиното отворање се појавуваат како спорни бројни прашања и интереси кои ги тангираат договорните страни но се отвора и можност за заобиколување па дури и прекршување на одредбите од релевантното законодавство и незаконско присвојување на имот или профит.
**Клучни зборови:** стечај, стечајна постапка, стечаен криминалитет, кривично дело.

**ABSTRACT:** The opening of the insolvency proceedings on legal entities is causing chaos in business relations between partners. During the procedure numerous issues may appear, that are relevant for the contracting parties. Also these issues may cause bypass or even breach of the relevant criminal legislation and unlawful adoption of property or profits.
**Keywords:** bankruptcy, insolvency procedure, criminal insolvency, crime.

### Поим на стечај и стечајна постапка

Стечајната постапка по својата правна природа, претставува заштита и остварување на правата на доверителите, спрема инсолвентниот должник, кој не ги платил паричните обврски во предвидениот рок.[1] Оттука, стечајната постапка има за цел колективно намирување на доверителите на стечајниот должник со впаричување на должниковиот имот и распределба на остварените средства (приходи) на доверителите или со склучување на посебен договор за порамнување на побарувањата утврдени со планот за реорганизација што е насочен кон натамошно одржување на должниковиот деловен потфат.[2]

Стечај или реорганизација над стечајниот должник се спроведува кога стечајниот должник е неспособен за плаќање,[3] односно му претстои идна неспособност за плаќање.[4] Само површна анализа укажува на бројноста и сложеноста на прашањата кои се наметнуваат со отворањето на стечајната постапка особено што стечајот скоро секогаш е поврзан со т.н. „култура на спасување".[5]

1 Максимовски, Р.: Заштита на правата на доверителите во стечајна постапка, Правен Дијалог Број 2, Институт за човекови права, Јануари, 2011;

2 Со реорганизација може да се врши и порамнување на побарувањата пред отворањето на стечајната постапка под условите утврдени со Закон за стечај- Член 3 од Закон за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006; 126/2006; 84/2007; 47/2011; 79/2013 и 164/2013). Но притоа да напомниме дека стечајната постапка нема за цел проста ликвидација на фирмите, туку напротив дадени се можности за колективно намирување или со престанок на деловниот потфат или со реорганизација на должникот со одложено плаќање но со повисок процент на намирување на доверителите.

3 Должникот е неспособен за плаќање ако во период од 45 дена од која било негова сметка, кај кој било носител на платниот промет, не е исплатен износот што требало да биде исплатен врз основа на важечките основи за плаќање;

4 Идна неспособност за плаќање постои ако должникот направи веројатно дека своите постоечки парични обврски нема да може да ги исполни по нивното пристигнување.

5 Согласно оваа теорија пред отворањето или непосредно по отворањето на стечајната постапка сите засегнати лица (доверители, инвеститори, кредитори, вработени и др.) ги прават сите можни чекори за спасување на субјектот на стечај. Така и Anne-Marie Mooney Cotter (ed.): Insolvency Law, Cavendish Publishing Limited, стр.1-13;

Стечаен криминалитет

Постапката за стечај остава многу простор за злоупотреба како пред нејзиното отворање така и во текот на целата постапка. Првите одредби во кои се споменува кривичната одговорност при намирување на доверителите од инсолвентниот должник несомнено потекнуваат од Франција со донесување на Наполеоновиот Code Penal.[6]

Несомнено е дека стечајниот криминалитет доведува до нарушувањето на економско - правните текови во државата и дестабилизирање на економско - правниот систем на државата, нејзината стабилност и функционирање. Овој вид на криминалитет е и многу тежок за откривање затоа што секогаш адаптира на новите општествено – економски односи. Тешкотиите во неговото откривање се пропратени и со фактот што скоро секогаш станува збор за организиран криминал, кој е многу потежок за откривање, особено што овој вид на криминалитет е и криминал на т.н. „бели јаки“[7] односно на влијателни луѓе кои со својата позиција во општеството го отежнуваат својот кривичен прогон.[8] Конечно, отежнителната околност при откривањето на овој вид на криминалитет е и неговата поврзаност со други облици на криминалитет, како што се: злоупотреба на службената положба, несовесното работење, проневера, фалсификување и уништување на деловна документација, злоупотреби поврзани со јавни набавки спрема правни лица во државна сопственост, фиктивни набавки, како и „перење пари" стекнати од лажен стечај.

Според одредени автори[9] стечајниот криминалитет се јавува во две последователни казнено – правни форми: стечаен криминал пред отворањето на стечајната постапка[10] и стечаен криминал во водењето на стечајната постапка,[11] апострофирајќи ги во првата група кривичните дела „Лажен стечај" и „Предизвикување стечај со несовесно работење", а во втората, „Злоупотреба на постапката за стечај" и „Оштетување или повластување доверители".

Стечаен криминалитет во кривичното законодавство на РМ

Стечајниот криминалитет во Македонија до неодамна имаше особено плодна почва за своја успешна реализација која што наместо да заврши со успешен кривичен прогон и обвинување на осомничените, завршуваше со особен паричен профит на лицата кои се јавуваат како негови извршители. Кон ова особен придонес даваше не адекватниот одговор на полицијата, јавното обвинителство и судовите во неговото сузбивање како и нивната директна или индиректна индивидуална поврзаност со сторителите на криминал пред стечајот и во отворената стечајна постапка. Секако сето ова беше под „инфекција“ од политиката и

6 Во оваа смисла, оние лица кои ќе го злоупотребат банкротирањето и стечајната постапка можат да се казнат со казна од 5 до 20 години тешко ропство согласно чл. 402 од Code Penal, За ова повеќе во Wolf-Georg Ringe, Louise Gullifer, Philippe Théry (ed.): Current issues in European financial and Insolvency law, Volume 11: Studies of the Oxford Institute of European and Comparative Law - Current Issues in European Financial and Insolvency Law: Perspectives from France and the UK, Hart Publishing Ltd, стр.3;

7 Овој термин за првпат е употребен од Edwin Sutherland во 1939 година, поврзувајќи го токму со економскиот криминалитет односно во случаите кога сторителот на кривичното дело е лице кое е на висока општествена функција и ја злоупотребува истата за да врши кривични дела. За ова види повеќе на http://www.law.cornell.edu/wex/white-collar_crime , последен пристап на 29.03.2014;

8 Таков беше случајот во Р. Србија, во 2006 година кога беше спроведена акција за апсење на „стечајната мафија“ во која беа уапсени претседателот на трговскиот суд во Белград, сопственикот на „Eko produkta 2000“, директорката на Поштенската штедилница, судија на трговскиот суд, директорот на KEB Banka и многу други (вкупно 35 лица) кои се осудени затоа што имаат направено вкупна штета од 50 милиони евра во различни стечајни постапки, за ова види повеќе во Stanojević, P., Hamidović, D. (2010): Krivična dela prouzrokovanje Stečaja i prouzrokovanje lažnog stečaja – kao aktuelna krivična dela potiv privrede u postkriznom periodu, Annals of International Conference of Young Leaders (Anali mepunarodne konferencije mladih lidera), issue: 1 / 2010, стр: 676 – 684;

9 Бошков, П.:(2013): Криминалистички и кривично – правни аспекти на стечајниот криминалитет во Република Македонија, докторска дисертација, Факултетот за безбедност – Скопје, при Универзитетот „Свети Климент Охридски“ Битола;

10 Според овој автор стечајниот криминалитет пред отворањето на стечајната постапка, е врзан за несовесното работење на директорот и неговиот тим како најчеста причина кој се јавува и како главен извршител на овој вид на криминал, со поединечни акти, преку изигрување и неисплаќање на доверителите, намерно обезвреднување на претпријатието, заради откупување по ниски цени, со склучување на лажни договори и неразумно трошење и отуѓување на подвижни и неподвижни предмети по ниски цени.

11 Стечајниот криминалитет по отворањето на стечајната постапка, укажува на постоење на криминал во водењето на стечајната постапка, најчесто извршен со незаконска продажба на делови од имотот и избегнување на обврски спрема доверителите и државата, поврзаност во криминални дејствија помеѓу стечајниот управник и стечајниот судија и нивно збогатување преку купување на недвижен имот, работење на стечајниот управник спротивно на законските прописи, пријавување на криминал во стечајната постапка преку пријава од група вработени и поведување истовремено со стечајната и кривична постапка во претпријатието, најчесто за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“;

не функционирање на политичкиот систем и политизацијата на извршната и судската власт, недоволната грижа на државата за приватниот имот, корумпираност и спрега на институциите, долгиот тек на стечајните постапки, не ефектуирани кривични пријави за стечаен криминал, нивно отфрлање и не казнување на сторителите и сл.

Ваквата плодна почва, е амортизирана во значителен обем по измените на Кривичниот законик со кој се оневозможи избегнувањето на правните последици поради статусната промена на правното лице. Во оваа смисла, правното лице што е во стечај е одговорно за кривичното дело сторено до донесување на решение за отворање на стечајна постапка под условите предвидени во Кривичниот Закон на РМ[12] ако со делото е стекната за него значителна имотна корист или на друг му е нанесена значителна штета.[13] Ако пред завршувањето на кривичната постапка против правното лице дојде до присоединување, спојување, поделба или друга статусна промена согласно со закон поради која тоа го изгубило статусот на правно лице, кривичната постапка ќе продолжи против неговиот правен следбеник или следбеници. Со оваа одредба за одговорност во случај на стечај и промена на статусот на правното лице, значително се придонесе кон поголема правна сигурност во случаите на стечаен криминалитет бидејќи со неа се оневзможи „заобиколувањето" на правдата со гаснењето и основањето на правните лица преку ноќ.

Едно од најактуелните дела од стечајниот криминалитет е кривичното дело Лажен стечај[14] со кое е инкриминирано поведението на лицето кои со намера да ја избегне обврската за плаќање, ќе предизвика стечај со привидно продавање на имотот или негов дел, со префрлање на средства на други сметки или отстапување без надоместок или отуѓување со несразмерно ниска вредност, со склучување лажни спогодби за долг или признавање невистинити побарувања или со прикривање, уништување, преправање или водење деловни книги така што да не може да се утврди неговата вистинска имотна состојба.[15] Меѓутоа иако одредбата од законот е доста јасна, сепак процентуално, најчесто во дејствијата на обвинетото лице, обвинителството го препознава кривичното дело оштетување и повластување на доверители, за кое ќе стане збор подолу.

Лицето пак кое што со неразумно трошење и отуѓување предмети и права за несразмерно ниска цена, со прекумерно задолжување, со преземање несразмерни обврски, склучување или обновување договори со лица неспособни за плаќање, со пропуштање да се оствари побарување или на друг начин ги повредува своите должности при управувањето со имотот или при водењето на работите и со тоа ќе предизвика стечај, е кривично одговорно за кривичното дело Предизвикување стечај со несовесно работење.[16]

Злоупотреба на постапката за стечај постои во случаите кога одредено лице во стечајната постапка ќе пријави лажно побарување или побарување по лажен исплатен ред, за да оствари право кое не му припаѓа.[17] Оваа злоупотреба постои и кога доверител, член на одбор на доверители или стечаен управник, кој за себе или за друг ќе прими имотна корист или ветување на имотна корист, за да се донесе или да не се донесе одлука во определена смисла или на друг начин да оштети барем еден доверител во постапката за стечај.[18] Кривично одговорен е и тој што на доверител, член на одборот на доверители или стечајниот управник ќе му даде или вети имотна корист заради остварување на лажно побарување или побарување по лажен исплатен ред, за да оствари право кое не му припаѓа.

Меѓутоа, како што веќе наведовме, овие дела во пракса многу поретко се јавуваат. Најчесто дело од пракса од областа на стечаен криминалитет е Оштетување или повластување на доверители.[19] Согласно ова дело кривично е одговорно одговорното лице кое знаејќи дека

12 За условите види член 28 – а од КЗ на РМ Камбовски, В., „Кривичен Законик – Интегрален текст- Предговор, кратки објаснувања и регистар на поими, Скопје 2011;

13 Член 28 – в од КЗ на РМ;

14 Член 254 од КЗ на РМ;

15 Казната за ова дело е затвор од една до пет години и со парична казна, а доколку истото е сторено од правно лице тоа ќе е казни со парична казна.

16 Член 255 од КЗ на РМ. За ова дело е предвидена казна затвор од три месеци до три години а ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

17 Во овој случај казната е парична казна или со затвор до една година.

18 Казната за оваа инкриминација е парична казна или затвор до три години;

19 Член 257 од КЗ на РМ;

правното лице станало неспособно за плаќање, со исплата на долг или на друг начин намерно ќе стави некој доверител во поповолна положба оштетувајќи ги со тоа другите доверители.[20] Одговорно лице, пак, кое знаејќи дека правното лице станало неспособно за плаќање, со намера да ги изигра или оштети доверителите ќе признае невистинито побарување, ќе состави лажен договор или со некое друго измамничко дејствие ќе оштети доверители, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години. Ако поради овие поведенија настапи имотна штета од големи размери или поради тоа правното лице паднало под стечај, тогаш е предвидена казна затвор од една до десет години, што е типична за кривичните дела против животот и телото.

## Стечајниот криминалитет во пракса во Македонија

Еден од нај контроверзните случаи на стечаен криминалитет е врзано за лицето В.Т. кој е осуден на петгодишна затворска казна поради тоа што како стечаен управник на велешката Топилница, незаконски продавал метали, кои не биле сопственост на Топилницата, туку на нејзиниот поранешен сопственик, фирмата „Инвестас", со што ја оштетил за 390.000 евра. Истото лице работеше и на стечајот на Експорт-импорт банка, а ги водеше и контроверзните случаи на загубарите „Газела" и ФАС.[21] Други познати случаи на стечаен криминалитет во Македонија во последните три години се случајот „Пепел"[22], при стечајните постапки на рудникот „САСА"[23], ЗИК Сандански,[24] А.Д. Силика[25] и многу други.

## ЗАКЛУЧОК

Несомнено е дека за успешно сузбивање на овој вид на криминалитет е неопходно отстранување на причините за особено поволните услови во кој тој се јавува, како и правилна супсумација на фактичката состојба во правилната кривична инкриминација. Прекинувањето на корупттивните врски во целиот синџир е неизбежен предуслов за негово елиминирање.

**Користена литература:**

1. Максимовски, Р.: Заштита на правата на доверителите во стечајна постапка, Правен Дијалог Број 2, Институт за човекови права, Јануари, 2011;
2. Закон за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006; 126/2006; 84/2007; 47/2011; 79/2013 и 164/2013).
3. Камбовски, В., „Кривичен Законик – Интегрален текст- Предговор, кратки објаснувања и регистар на поими, Скопје 2011;
4. Anne-Marie Mooney Cotter (ed.): Insolvency Law, Cavendish Publishing Limited, стр.1-13; Wolf-Georg Ringe, Louise Gullifer, Philippe Théry (ed.): Current issues in European financial and

20 Во овој случај е предвидена парична казна или со затвор до три години;

21 За ова види повеќе во дневниот весник Утрински весник, достапен на http://utrinski.mk/?ItemID=B9D217630F6FBE4BBDB3F3F872B9D6D5 последен пристап на 30.03.2014 година;

22 Акцијата „Пепел" во која 17-члена организирана криминална група (директори, управители, раководни лица во акционерски друштва, стечајни управници, судија и државен советник) овозможиле на незаконит начин да биде присвоен имотот на а.д. Жито Мел", на а.д. Искра Инженеринг", на а.д. Кен" и на работната единица Полјоделство" при ЗИК Сточарство и преработка", при што обвинетите се стекнале со имотна корист од околу шест милиони евра. За ова види повеќе во статија на дневниот весник Вечер, достапна на http://www.vecer.com.mk/defaultmk.asp?ItemID=1C4DEEE35F99F74B8C7140719F8D45D2 , последен пристап на 30.030.2014;

23 Стечајниот криминалитет, неизбежно се појави и во стечајната постапка на рудникот „САСА" кога стечаен управник на „Саса",судија во Основниот суд во Кочани и претседател на стечајниот судски совет во времето на продажбата на рудникот, како и судии во кочанскиот суд и членови на стечајниот судски совет во случајот „Саса". За ова види повеќе на http://daily.mk/krivichna-prijava-za-stechaen-sudija-i-trojca-sudii-od-kochani?forward=174269 последен пристап на 30.03.2014 год.;

24 Судија во Основниот суд -Кочани и претседател на стечајниот судски совет по отворен стечај над а.д. ЗИК Сандански, стечаен управник на Сандански во стечај и други лица на високи функции се обвинети за преземање на низа незаконски дејства со кои предизвикале материјална штета во износ од 391.176.019,00 денари на Република Македонија, односно Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, УЈП - Регионална дирекција Штип и на другите доверители во стечајната постапка, а во корист на т.д. Рудине - МММ. За ова види повеќе на http://www.vecer.com.mk/default.asp?ItemID=587926181D881949B0260A8172167B1D последен пристап на 30.03.2014 година;

25 Стечаен управник и судија од Гостивар и управител на друштвото "Гемикс ДООЕЛ" од Скопје, одговорно лице во Камикс., како и двајца бизнисмени осомничени се за направен криминал тежок над 5 милиони евра во стечајната постапка на А.Д. Силика, бидејќи направиле низа пропусти при стечајната постапка. За ова види повеќе на http://www.vecer.com.mk/default.asp?ItemID=41432D1E61284B4D930BE411E52AA9C2 , последен пристап 30.03.2014 година;

Insolvency law, Volume 11: Studies of the Oxford Institute of European and Comparative Law - Current Issues in European Financial and Insolvency Law: Perspectives from France and the UK, Hart Publishing Ltd, стр.3;

5. Интернет страница на Факултетот Cornell http://www.law.cornell.edu/wex/white-collar_crime , последен пристап на 29.03.2014;

6. Stanojević, P., Hamidović, D. (2010): Krivična dela prouzrokovanje Stečaja i prouzrokovanje lažnog stečaja – kao aktuelna krivična dela potiv privrede u postkriznom periodu, Annals of International Conference of Young Leaders (Anali mepunarodne konferencije mladih lidera), issue: 1 / 2010, стр: 676 – 684;

7. Бошков, П.:(2013): Криминалистички и кривично – правни аспекти на стечајниот криминалитет во Република Македонија, докторска дисертација, Факултетот за безбедност – Скопје, при Универзитетот „Свети Климент Охридски“ Битола;

**Доц.д-р Тони Петрески**
Министерство за одбрана на Република Македонија, tonipetreski68@yahoo.com

339.9-027.511(497.7)

# ПОЗИТИВНИ И НЕГАТИВНИ СТРАНИ НА ЕКОНОМСКАТА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА ВРЗ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ADVANTAGES AND DISADVANTAGES OF ECONOMIC GLOBALISATION ON THE REPUBLIC OF MACEDONIA

**Апстракт:** Глобализацијата, како феномен, со сите свои позитивни и негативни страни, бара нов пристап кон настаните на глобален план и постојано приспособување на промените. Развојот на транспортот, разгранетоста на мултинационалните компании, влијанието на медиумите и општото комуникациско поврзување, како и постојаниот развој на новите технологии, создаваат односи на меѓузависност меѓу државите, на начин кој досега не е забележан во историјата. Од друга страна пак, светот се соочува со голем пораст на асиметричните закани и неповолните текови во меѓународниот економски развој, кои доведуваат до натамошно проширување на јазот помеѓу богатите и сиромашните земји. Борбата против сиромаштијата и настојувањата да се обезбеди рамномерен развој се уште не ги даваат саканите резултати, а исто така се поприсутни се штетните влијанија врз животната средина. Токму поради тоа сето ова потребно е да се обезбеди присуство и видливост на Република Македонија на глобален план, со афирмација на нејзината општествена реалност, во која заштитата на човековите права, културата на толеранција и уважувањата на различностите се дел од секојдневнието.
**Клучни зборови:** глобализација, вредности, позитивности, негативности.

**Abstract:** Globalization as a phenomenon, with all its advantages and disadvantages, requires a new approach to events on a global plan and constantly adapting to changes. The development of transport complexity of the multinational companies, the impact of the media and general communications connection, and continuous development of new technologies, create relationships of interdependence between states in a way that has not been seen before in history.

On the other hand, the world is facing with a rise of asymmetric threats and unfavorable trends in international economic development, leading to further widening gap between rich and poor countries. The fight against poverty and efforts to ensure balanced development are still not giving the desired results and are also prevalent in unfavorable environmental impacts. That is why all this is necessary to ensure the presence and visibility of the Republic of Macedonia to the global level, with its affirmation of the social reality in which the protection of human rights, culture of tolerance and acceptance of diversity are an everyday necessity.
**Key words:** globalization, values, advantages, disadvantages.

## Вовед

Светот, денес е се повеќе поврзан и позависен од кога и да било во минатото. Турбуленциите на современото глобално живеење ги чувствуваат сите, а на соодветен начин се почувствуваа и во нашата непосредна глобална средина. Глобализација е термин со кој се опишуваат настанатите промени во општествата, во економијата, политиката и во сите останати пори на општественото живеење. Таа создаде специфични врски на меѓузависност меѓу националните економии, поврзувајќи ги во сложена мрежа на економски, социјални и политички врски. Голем број на аналитичари и на автори во согласност со своите искуства, знаења или интереси промовираат став за или против глобализацијата. Некои, феноменот глобализација го сметаат за пат кон иднината што ќе донесе невиден просперитет секому и насекаде, додека други се на мислење дека таа е извор на нерешливи проблеми и продлабочување на јазот помеѓу богатите и сиромашните. Глобализацијата има свои вредности, предности, но и свои негативности како и секој голем светски процес.

## Темелни вредности, придобивки и негативности на глобализацијата

Постои висок процент на согласност помеѓу теоретичарите и помеѓу бизнис групациите околу тоа, кои се основните темелни вредности околу кои се врши економската глобализација, а тоа се: пазарна економија; слободно движење на стоките, добрата, услугите и капиталот на светскиот пазар, заштита на сопственоста, стабилен монетарен систем, стабилна даночна политика, стабилен царински систем,стабилен пазар на работната сила итн.

Добитникот на Нобеловата награда по економија, Џозеф Штиглиц тврди дека глобалната економија се базира на знаење, и генерира т.н моќни ефекти на „прелевање" кои често пати се распростираат како оган, предизвикувајќи понатамошни иновации и услови за верижни реакции од нови изуми... "Но, добрата, спротивно на знаењето, не се распространуваат секогаш како оган."[1]

Во овој домен е отидено и најдалеку во потпишувањето на меѓународни спогодби и договори. На пример: меѓународни спогодби за житни растенија, за кафе, за какао, за калај, за каучук, за поштенски услуги, за телекомуникации, за заштита на индустриската сопственост,за цивилна воздушна пловидба, за поморски сообраќај, општата спогодба за царини и трговија, светската трговска организација, општата спогодба за трговија со услуги, спогодба за трговија со интелектуалната сопсвеност, ММФ и Светска банка. Како и да е, глобализацијата е феномен кој содржи многу контрадикторности, и истата стана предмет на уважување, но и на демонизација. Во врска со неа постојат редица нејаснотии и неизвесности, но тоа нуди и надежи. Феноменот е во замав и работите речиси дека не можат да се вратат назад. Значи постојат одредени придобивки од глобализација, а постојат и негативни страни. Според Нацев З. придобивките на глобализацијата се следните:[2]

- глобализацијата придонесе многу земји од третиот свет да излезат од повеќегодишната изолација;
- процесот на глобализацијата резултираше со создавање и на повисок степен на економска зависност меѓу високо развиени демократи. Тоа во многу нешта го стесни просторот за недоразбирањата меѓу нив да се решаваат со употреба на сила;
- достапноста на комуникациската технологија, интернетот (MYSPACE, FACEBOOK, twitter), овозможи зајакнување на врските меѓу активистите во различни делови од светот во промовирањето и остварувањето на идеите;
- глобализацијата даде дополнителен импулс во поттикнувањето на глобалната идеја за цивилно општество во функција на развој на демократијата и во изнаоѓање на модалитети за поголема социјална правда;
- благодарејќи на глобализацијата, од поодамна создадените меѓународни институции излегоа од маргинално-летаргичната фаза со зацврстени позиции.

Како **негативности на глобализациските процеси** се посочуваат следните: [3]

- несогласувањето со концептот на глобализацијата од страна на многу луѓе преку протести манифестирани на улиците во повеќе градови во светот;
- според скептиците, глобализацијата е проект на привилегираните држави. На тој начин се придонесува за продлабочување на старите и создавање на нови нееднаквости;
- многумина истражувачи го потенцираат и тоа дека глобализацијата ја попримила авторитарната форма. Односно, се вели дека се случува т.н премин од консензуална хегеномија кон прогресивна форма - доминација,со назнака дека веќе се препознаваат почетоците на "авторитарна тринснационална држава";
- глобализацијата ја поттикнува несигурноста и економската поларизација на светот и доведе до дехуманизација. Тоа ја продлабочи нееднаквоста преку нерамномерно дистрибуирање на предностите во корист на богатите држави;
- едно од клучните прашања врзани за глобализацијата е тоа што дека таа води кон опасности и ризици. Имено, се тврди дека нерамномерната распределба на

1 Stiglitz Joseph, " Globalization and its Discontents", (New York: Norton 2002)

2 Нацев З. Петрески Т. "Стратегиски проекции на Република Македонија во надворешната и безбедносната политика", Европа 92- Кочани 2013, стр. 41

3 Исто, стр. 42

богатството ќе биде главен извор на проблеми и закани за светската безбедност. На ова се надоврзуваат мислења кои сметаат дека тероризмот ќе биде една од главните „алатки" за урамнотежување на придобивките од глобализавијата. Она што најмногу загрижува е како ќе се користи воената сила во остварувањето на процесот глобализација. Репресивната глобализација наспроти мирната демократска еволуција, доведува до активен отпор најчесто олицетворен во т.н. асиметрично војување;

- сериозно искушение за глобализацијата претставува и тенденцијата за дезинтегрирање на одделни држави или т.н. балканизација;
- раширено е мислењето дека глобализацијата ја поттикнува поделбата на оние кои имаат и на оние кои немаат доволно средства за живот. Односно, светски тренд е богатите да стануваат се побогати и помалубројни, а сиромашните уште посиромашни и побројни, што всушност е и најголем неуспех на глобализацијата;
- мигрирањето кон богатите зони и држави, најверојатно ќе биде еден од најсериозните конфликтни аспекти на глобализацијата. Во прилог на ова, одат и размислувањара на некои теоретичари од САД, дека трговијата и финансиите ги следат глобалните норми и се водени од глобални институции како Светската трговска организација, Светската банка и Меѓународниот монетарен фонд;
- глобализацијата се напаѓа и поради тоа што се смета дека преставува закана за културниот идендитет и вредностите, односно дека поради глобализацијата се загрозени локалните обичаи, регионалните вкусови и националните традиции.

Она што, исто така, придонесува за несигурноста и за тешкотиите при обликувањето на стратегиските одговори е - брзината. Модерната глобализација функционира со многу побрз чекор отколку нејзините најрани облици. Беа потребни скоро три милениуми за големите сипаници да се прошират на сите населени континенти за конечно да стигнат до Австралија во 1775 г. За да се прошири СИДА-та од Африка насекаде во светот, беа потребни помалку од три децении. А на компјутерскиот вирус love bug изумен од филипински хакери, му беа потребни само три дена да се прошири низ целиот свет. Од три милениуми, преку три децении до три дена: ова е темпото на забрзување на глобализацијата.[4]

## Ефектите на глобализацијата врз Република Македонија

Некои автори и експерти ја потенцираат поврзаната и заемната условеност на глобализациските процеси и геополитичките размислувања на нашите простори. Па оттука Милески Т. за побрзо продирање на глобализацискиот процес, а во корелација со геополитичката положба на нашата земја, ги потенцира следните главни атрибути:[5]

Низ нејзината територија поминуваат коридорите 8 и 10, кои треба да ги забрзаат глобализиските процеси. За нашата земја од особено значење претставува реализацијата на Коридори кои ќе се овозможи територијата на нашата држава да има значително крстопатно значење кое може да се валоризира од повеќе аспекти и да не приближи кон глобализациските процеси. Секое заобиколување неминовно, ќе бара дополнителни економски трошоци. Ваквите констатации несомнено треба правилно да се исполнуваат, укажувајќи на квалитативното подобрување на вкупната положба, која ќе се овозможи непречен развој и побрзо интергрирање во европското семејство и достигнување на глобализациските процеси.

Пендаровски С. смета дека неодминлива компонента во регионалните анализи е и енергетската безбедност која е повторно дел од стратегискиот дискурс. Иако нафтената компонента ќе остане клучна варијабла кај енергетската безбедност, сепак природниот гас се посилно влегува во агендата.Затоа тој смета дека Македонија треба во најкус можен рок да конципира три работи:[6]

- енергетската безбедност е еден од примарните цели на националната безбедност;

4 Џозеф С. Нај, Помладиот,"Разбирање на меѓународните конфликти", Академски печат, Скопје 2008 г. стр 266

5 Милески Т. "Македонија помеѓу глобализациските процеси и Геополитиката", трибина "Глобализацијата, мирот и безбедноста", Соверемена Македонска Одбрана (вонвреден број), Скопје 2008, стр. 296

6 Пендаровски Стево- "Енергетска (не)безбедност"- Пренесен став во "Дневник" од 17.08.2009 г.

- да дефинира политики на надминување на штетите од високите цени на нафтата, што ќе бидат константа во годините што доаѓаат;
- да се започне со интензивна гасификација на целата територија како единствена алтернатива на денешнава тотална зависност од користењето на одредени енергенси.
- Република Македонија, во периодот од стекнувањето на својата независност се вклучуваше во овие глобализациски и интеграциски процеси, повеќе или помалку успешно.

## Заклучок

Главни стожери на промовирањето на глобализацијата се САД и Западно европските држави преку Северно атлантската алијанса – НАТО и мега проектот Европска Унија - ЕУ. НАТО веќе подолго време се промовира како безбедносна организација која се бори да ги имлпементира вредностите на глобализацијата и да го одржува светскиот мир. Додека ЕУ, веќе подолг период е перцепирана како економска и во последно време политичка сила, која со востановувањето на третиот столб на т.н „Заедничка и безбедносна политика "сака да се промовира како „нов безбедносен актер", како на европската, така и на меѓународната сцена. Тоа се должи на нејзината активна надворешна улога не само на планот на политичката и на економската соработка, туку и на полето со прашања поврзани со мирот и глобалната безбедност. Од друга страна, како против тежа на глобализацијата се јавува мултиполаризмот предводен од БРИКС земјите - Русија, Кина, Индија Бразил и Јужна Африка, кои покрај политичката димензија, интензивно работат и на воспоставувањето на зајакната економска соработка и единствен пазар. Која опција е подобра останува да покаже времето во кое живееме и нашите идни поколенија.

## Литература


1. Милески Тони. "Македонија помеѓу глобализациските процеси и Геополитиката", трибина "Глобализацијата, мирот и безбедноста", Современа Македонска Одбрана (вонвреден број), Скопје 2008 г.
2. Нај Џозеф С, Помладиот,"Разбирање на меѓународните конфликти",Академски печат, Скопје 2008г.
3. Нацев Зоран. Петрески Тони, "Стратегиски проекции на Република Македонија во надворешната и безбедносната политика", Европа 92- Кочани 2013 г.
4. Пендаровски Стево- "Енергетска (не)безбедност"- Пренесен став во "Дневник" од 17.08.2009г.
5. Stiglitz Joseph, "Globalization and its Discontents", (New York: Norton 2002).

**м-р Душица Неделкоска**
Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје, duned2002@yahoo.com

659.1:336.1

# УТВРДУВАЊЕ НА ЖИВОТНИОТ СТИЛ И ВРЕДНОСТИТЕ НА ПОТРОШУВАЧИТЕ КАКО ПЕРСПЕКТИВА ВО РЕКЛАМИРАЊЕТО

# DETERMINATION OF LIFESTYLE AND CONSUMER'S VALUES AS A PERSPECTIVE IN ADVERTISING

**Апстракт:** Животниот стил на потрошувачите и сегментирањето на пазарот врз основа на начинот на кој живее личноста, во последно време стануваат сé поактуелни. Дефинирањето на активностите, интересите, мислењата и вредностите поврзани со демографските карактеристики на потрошувачите, овозможуваат креирање психографски потрошувачки профил. Познавањето на ваквиот профил потрошувачи на пазарот, може да им помогне на компаниите подобро да ја таргетираат целната група, користејќи ги психографските карактеристики во рекламите за своите производи. На овој начин, рекламирањето добива нова перспектива што овозможува побрзо и полесно доближување до посакуваната група потрошувачи.
**Клучни зборови:** животен стил, вредности, психографија, рекламирање

**Abstract:** Consumers' lifestyles and the market segmentation based on the way a person lives, lately become more current. The definition of the activities, interests, opinions and values associated with demographic characteristics of consumers, is enabling creation of psychographics consumer profile. Knowing this profile type of consumers, can help companies to better focus on the target group, using psychographics features in ads for their products. In this way, advertising gets a new perspective that allows faster and easier approach to the desired consumer group
**Keywords:** lifestyle, values, psychographics, advertising

## Вовед

Појавата на сегментација на пазарот врз основа на животниот стил и вредностите на потрошувачите, што ги натера маркетерите да го перцепираат пазарот од масовен кон пазар на определени хетерогени групи, еволуираше и во практиката со рекламирањето на производите. Така, денешниот начин на презентирање на животниот стил во рекламите, ја користи истата сегментација во рекламната стратегија. Големите компании за производи, како, McDonald's (Мекдоналдс), Procter&Gamble (Проктер и Гембл) и Coca-Cola (Кока-Кола), повеќе години трошеа голем дел од буџетите за рекламирање и промоција на масовните медиуми. Но, последниве години тие многу малку се потпираат на масовното рекламирање и се концентрираат на конкретни и однапред зацртани пазарни сегменти. (Белч, Белч, 2011). На многу компании им стана јасно дека масовниот маркетинг треба да му отстапи место на микромаркетингот и дека пазарните сегменти се различни, поделени според демографски, географски, социолошки или психографски карактеристики.

Во овој труд е претставен концептот на употреба на психографскиот потрошувачки профил во рекламите, како и потребата од подлабоко академско истражување на оваа област во Македонија. На почетокот е дадена терминолошка определба на поимите животен стил, психографија и рекламирање, како и краток историски развој на воведувањето на овој вид сегментација во маркетингот, потоа перспективата што ја има ваквата сегментација во рекламите и нејзината употреба во тековната пракса на креирање реклами. Во трудот е направена и споредба на две спроведени истражувања на територијата на Република Македонија за животниот стил на потрошувачите, каде за прв пат се користени ВАЛС и АИО техниките на истражување[1].

1 VALS (ВАЛС – вредности и животен стил), AIO (АИО – активности, интереси, мислења)

## Терминолошка определба на поимите животен стил на потрошувачите, психографија и рекламирање

Животен стил, или начин на живеење претставува збирна конструкција дефинирана како начин на кој живеат луѓето, како ги трошат своите пари и време. (Блеквел, Минијард, Енгел, 2010). Терминот за прв пат бил употребен од Alfred Adler (Алфред Адлер) во 1929 година, а во истражувањето на однесувањето на потрошувачите го воведува William Lazer (Вилијам Лазер) во 1963 година и тоа како една од варијаблите на психографската сегментација на пазарот. (Неделкоска, 2011). Стилот на животот се создава во текот на првите години од детството и не е наследен, ниту, пак, се должи на животната средина. Додека тој поим во социологијата има потесно значење означувајќи стилови на живеење на поедини статусни групи, во современата потрошувачка култура тој конотира индивидуалност, сопствен израз и стилска свест за себе. Телото, облеката, говорот, слободното време, вкусот во храната и пијалакот, домот, автомобилот, изборот на летување, треба да се разгледуваат како индикатори на индивидуалниот вкус и чувство за стил на сопственикот/потрошувачот. (Fearthestone, 2001). Германскиот социолог Max Weber (Макс Вебер) стилот на животот го набљудувал како белег на припадност на личноста на поедина општествена група. (Uth, 1996). Во 1983 година Arnold Mitchell (Арнолд Мичел) ја развил техниката ВАЛС во која се соединети животниот стил и вредностите на потрошувачите, а со намера да се утврди психографскиот профил на личноста. АИО концептот, пак, е техника што се користи во психографската анализа, а со цел утврдување на активностите, интересите и мислењата на личностите. Според многумина, автор на оваа техника е William Wells (Вилијам Велс), но според една студија објавена во 1979 година автори на оваа техника се Leo Burnett (Лео Бурнет) и William Wells (Вилијам Велс) кои ја развиле кон крајот на шеесеттите години од минатиот век. (Madden, 1979). Многумина ги поистоветуваат животниот стил и психографијата. Во суштина, животниот стил е само дел од психографските истражувања кои ги третираат и вредностите на потрошувачите.

Рекламата е една од алатките што компанијата ја користи за да им ја пренесе пораката на потрошувачите, а со цел да ги убеди да го изберат и купат нејзиниот производ на пазарот. Рекламирањето се дефинира како која било платена форма на комуникација која не е лична и се однесува на организација, производ, услуга или идеја, а ја врши познат спонзор. Аспектот во дефиницијата што наведува на плаќање, укажува на фактот дека местото и времето за рекламирање на пораката се платени. (Белч, Белч, 2011). Рекламите може да промовираат квалитет на производот, да поткрепуваат одлука за користење на рекламираниот производ, да претставуваат нови производи на пазарот, да промовираат одреден животен стил и слично.

## Потреба од рекламирање на животен стил и вредности

Целта на рекламирањето е промовирање на новите производи, зголемување на продажбата на пазарот, придобивање нови потрошувачи и создавање став кај потрошувачите за производот. Многумина сметаат дека рекламната стратегија е најефективна од промотивните стратегии на пазарот и најмногу делува на потрошувачите.

Постојат многу студии што ги истражуваат животниот стил и вредностите на потрошувачите, но малку од нив се занимаваат со поврзаноста и употребата на стилот на живеење на личностите, или нивните психографски профили во рекламите што се среќаваат во печатените и електронските медиуми, како и на интернет, иако постојат компании, како на пример Harley – Davidson (Харли-Дејвидсон), кои не продаваат само мотоцикли, туку и животен стил на возачот кој ќе го купи нивниот мотоцикл. Од друга страна, пак, Ashworth (Ешворт) промовира активен животен стил, Huggies (Хагис) пелените повикуваат на љубов и припадност, Chrysler (Крајслер) на потребите за безбедност, а рекламите на Whirlpool (Вирпул) допираат до потрошувачите на емотивно и на рационално ниво. (Белч, Белч, 2011).

Истражувањата направени на македонскиот пазар во текот на 2011 и 2013 година каде беа користени ВАЛС (Неделкоска, 2011) и АИО техниките за истражување на животниот стил и вредностите на потрошувачите покажаа дека и на македонскиот пазар може да се направи

психографска сегментација и добиените профили да бидат искористени во рекламите на македонските фирми. Според истражувањата од 2011 година, од формираните 8 психографски профили на македонскиот пазар, најголем број биле со профил именуван како Вложувачи или Борци, луѓе со ограничени ресурси, импулсивни купувачи, не се кариеристи, но сакаат стилски производи што го имитираат оригиналот. Овие потрошувачи доколку бидат целна група на компанијата, најдобро ќе бидат таргетирани со реклама во која им се нуди демонстрација на успех пред врсниците доколку го купат понудениот производ. Истражувањата од 2013 година, укажуваат на тоа дека македонските фирми го познаваат овој начин на сегментација на пазарот, но повеќето од нив не го користат заради издвоените ниски ресурси за рекламирање и желбата со една реклама да биде таргетиран целиот пазар.[2]

## Таргетирање на потрошувачите со психографски елементи преку рекламата

Таргетирањето на потрошувачите врз основа на нивните психографски карактеристики и животниот стил, воопшто не е лесно. Дури и може да се каже дека е навистина тешко да се соберат информации за поголем број потрошувачи на ваков начин, доколку истиот се спореди со полесно добиените демографски податоци достапни од различни јавни и приватни извори.

Добиените психографски профили на пазарот можат да и дадат увид на компанијата во тоа кој профил преовладува на пазарот на кој таа сака да го таргетира производот и карактеристиките на најмногу застапениот профил да ги искористи како елементи во рекламата за својот производ. На тој начин, компанијата најдобро ќе успее во позиционирањето на производот до определената или посакувана група потрошувачи, во земјава или во странство.

Денес можеме да сретнеме многу компании кои ги промовираат животниот стил на потрошувачите и нивните вредности самостојно или заедно со други компании преку ко-промоција на производи. Ваквиот начин на промоција наголемо се користи од страна на компаниите со бизнис за брза храна, што од друга страна предизвикува револт кај останатите заради промовирањето нездрав начин на живот. Сето тоа доведе и до појава на производи кои пропагираат здрав начин на живот, како на пример, Subway (Сабуеи) сендвичите, кои промовираат здраво живеење во рекламите. Секако, треба да се има во вид и фактот дека во рекламирањето што се потпира на животниот стил и вредностите на потрошувачите, не може да се направи некој стандардизиран шаблон за сите компании и производи, пред сé заради различните вредности, ставови и мислења на потрошувачите на различни пазари во светот.

Слика 1: Рамка за употреба на животниот стил во рекламирањето




извор: Javaid, Khan, Baig, (2010).

Секако, при употребата на ВАЛС и АИО техниките за истражување на македонскиот и другите пазари ќе треба да се поведе сметка за културните и верските разлики на потрошувачите.

Притоа, идејата за ваков концепт на таргетирање потрошувачи со помош на психографски елементи, ќе овозможи пократко време во креирањето на крајниот рекламен производ. Овој концепт или начин на „допирање до мислите" на потрошувачите може дополнително да биде разработен врз основа на вредностите застапени во земјата во која ќе се емитува рекламата.

На Слика 1, претставена е рамка за употреба на животниот стил во рекламата, дополнета со вредностите, а предложена од група истражувачи. (Javaid, Khan, Baig, 2010). Тие сметаат дека

2 необјавени истражувања од докторската дисертација на авторот на трудот

сегментацијата според животниот стил на потрошувачите може да се искористи во рекламите и да претставува креативен концепт кој понатаму ќе биде креиран според културните и верските вредносни системи во различни земји.

## Заклучок

Идејата претставена на слика 1, како и истражувањата спроведени во Република Македонија во 2011 и 2013 година, укажуваат на можноста од ваков вид сегментација и на македонскиот пазар и креирање психографски профили потрошувачи. Рамката за употреба на животниот стил во рекламите која ги содржи индивидуалниот, групниот и културниот и верскиот стил на живот може да биде основа за примена на животниот стил и вредностите на потрошувачите во идните реклами на нашиот пазар и пазарот во светот воопшто. Од ова можеме да констатираме дека воведувањето на животниот стил и вредностите во рекламите е само проектирана слика на личноста или целната публика пренесена преку медиум до таргетираната група. Оваа тема заслужува подлабоко академско истражување.

**Литература:**

1. Белч, Џ. и Белч, М. (2011). Рекламирање и промоција, Искра-Кочани.
2. Блеквел, Р., Минијард, П. и Енгел, Џ. (2010). Однесување на потрошувачите, Табернакул, Скопје.
3. Fearthestone, M. (2001). Consumer Culture and Postmodernism, Diskrepancija, hrvatski prevod, sv.II, br.4, 2001.
4. Javaid, H., Khan, S. и Baig, E. (2010). Lifestyle advertising – Emerging Perspective in Advertising, European Journal of Economics, Finance and Administrative Sciences, ISSN 1450-2275 Issue 21, 2010.
5. Madden, M. (1979). Lifestyle of library users and nonusers, American libraries, Marketing Survey Spinoff Vol.10, No.2, 1979.
6. Неделкоска, Д. (2011). Методи за истражување на профилот на читателите на книги во Република Македонија во функција на нивното однесување во процесот на купување, магистерски труд, Прилеп, Економски факултет Прилеп.
7. Uth, C. Thyra (1996): Definitions of Life Style and its Application to Travel Behavior, Denmark.

**В.Г.Свртинов**
Универзитет "Гоце Делчев" Штип, vesna.svrtinov@ugd.edu.mk
**Р.Темјановски**
Универзитет "Гоце Делчев" Штип, riste.temjanovski@ugd.edu.mk
**Ј.Димитрова**
Универзитет "Гоце Делчев" Штип, janka.dimitrova@ugd.edu.mk

339.743(497.7)
338.23:336.74(497.7)

# ИЗЛЕЗНИ СТРАТЕГИИ ОД РЕЖИМОТ НА ФИКСЕН ДЕВИЗЕН КУРС ЗА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА

# EXIT STRATEGIES FROM THE REGIME OF CURRENCY PEG FOR THE MACEDONIAN FINANCIAL POLICY

**Апстракт:** Монетарната политика што ја спроведува Р.Македонија е меѓу ретките земји, која подолго време упорно ја применува стратегијата "де факто" фиксен девизен курс, наспроти теориските тврдења дека фиксниот девизен курс по неговата примена и по почетните резултати во соборувањето на инфлацијата, треба да биде променет за три, шест месеци или до една година, па да се премине кон стратегијата на флексибилен девизен курс. Сегашниот режим на девизниот курс е надвор од искуствата на транзиционите економии, кои влегоа во ЕУ или кои го усвоија еврото како национална валута. Во трудот се анализира прашањето, со каква монетарна стратегија да продолжи во наредните години, дали да продолжи со постојната, која се покажа ефикасна во изминатите години или таа треба да се замени со внекоја друга стратегија, со која ќе се постигнува истата цел.

**Клучни зборови:** фиксен девизен курс, ценовна стабилност, таргетирање на инфлацијата

**Abstract:** The monetary policy that Republic of Macedonia is implementing has been one of a rare kind – namely, it is persistently implementing the "de facto" strategy of fixed foreign exchange rate, against the theoretical allegations that the same after its employment and the initial results in regard to the overthrowing of the inflation, should be altered in three, up to six months or a year, and then to crossover towards the strategy of a flexible foreign exchange rate.

The existent regime of the foreign exchange rate has not been a part of the experiences of the transitional economies, which have entered the European Union (EU), or which have adopted the Euro as a national currency, for that matter.

The Paper analyzes the issue of what kind of monetary strategy needs to be persisted over the following years; whether the existing is a subject to continuation, which has proven to be efficient in the years before; or whether the same needs to be substituted for a different one, with the aim of achieving the very same goal.

**Key words:** currency peg, price stability, inflation targeting

Одржувањето на ценовната стабилност е основна цел на НБРМ , утврдена со Закон. Поставувањето на оваа цел е во согласност со актуелната поставеност на монетарната политика на ЕУ и се темели на емпириски потврдени сознанија дека ценовната стабилност создава најповолен макроекономски амбиент за долгорочно одржлив економски раст.

Одржувањето на стабилноста на девизниот курс на денарот ја доби улогата на интермедијална цел на монетарната политика, која сега се води според монетарното правило на фиксен девизен курс. Во согласност со основната цел на монетарната политика и карактеристиките на македонската економија, фиксниот режим на девизен курс се покажа како адекватна стратегија за одржување на ценовната стабилност.

Сепак, во услови на либерализација на капиталната сметка и зачленувањето во Светската трговска организација, како и со апликацијата за членство во ЕУ, Македонија се соочи со значајни системски промени. Во такви околности, анализирано од аспект на монетарната

политика и режимот на фиксен девизен курс, перспективно се отвора класичното прашање на т.н. невозможен триаголник: истовремено постоење на фиксен девизен курс, либерализација на движењето на капиталот и автономна монетарна политика (Obstfeld et al, 2008). Со оглед на тоа што Македонија се уште ја нема целосно либерализирано капиталната сметка, таа и покрај режимот на фиксен девизен курс, располага со извесна автономија во водењето на монетарната политика. Но, тогаш, кога таа наполно ќе го спроведе финансиското отворање, ќе мора да избере две од трите расположливи опции за водење на макроекономската политика.

Покрај тоа, фиксниот девизен курс ја исполни својата цел- стабилизирање на инфлацијата и сега го ограничува пазарот на капитал. НБРМ мора секој ден да интервенира и да излвекува пари од прометот и да внимава на девизните резерви. Всушност, кај нас повеќе не претставува проблем инфлацијата, туку нискиот економски раст. Несоодветно ниво на девизен курс го храни тековниот дефицит.

Во услови на слободно движење на капиталот, одржувањето на девизните курсеви станува тешко и заради потребата од одржување на високи каматни стапки, кои му нанесуваат големи трошоци на банкарскиот систем и на економијата во целина. Така, за време на последната глобална криза, земјите кои применуваа стратегија на таргетирање на инфлација, благодарение на тоа што курсот не служеше како единствена интермедијарна цел, дел од товарот што го наметна кризата можеа делумно да го пренесат и врз девизниот курс. Тие извршија блага девалвација на националните валути, со што ја зголемија извозната конкурентност.

Во РМ, за време на глобалната криза дојде до зголемување на референтната каматна стапка, што подоцна предизвика пораст на каматните стапки во банкарскиот систем. Всушност, Централната банка мораше да реагира со позначителен пораст на референтната каматна стапка, за да се спротистави на притисоците на девизниот пазар и да го запре одлевањето на девизните резерви, во насока на одржување на стабилна вредност на курсот.

Треба да се има предвид фактот дека во услови на рецесија, треба да се применува експанзивна монетарна и фискална политика, со цел да се зголеми ликвидноста во економијата, да се намалат каматните стапки, да се зголемат инвестициите и вработеноста и секако да се зголеми побарувачката. Сепак, кога македонската економија западна во рецесија се водеше рестриктивна монетарна политика, со цел да се одржи стабилноста на девизниот курс на денарот.

Поради тоа, во последно време во РМ се повеќе се актуелизира прашањето, со каква монетарна стратегија да продолжи во наредните години? Дали да продолжи со постојната, која се покажа ефикасна во изминатите години или таа треба да се менува? Некои автори сметаат дека по постигнувањето на целите за кои е воведена стратегијата на таргетирање на девизниот курс, а тоа постигнување и одржување на ценовната стабилност во еден подолг временски период, таа треба да се замени со некоја друга стратегија, со која ќе се постигнува истата цел.

Треба да се има предвид дека евентуалниот премин од фиксен кон флексибилен курс треба да се изврши постепено, со цел економските агенти да не стекнат мислење дека се напушта цврстата политика, односно да се избегне јакнењето на инфлаторните очекувања (Mitreska and Terzijan, 2003).

Доколку на девизниот курс во РМ се одлучи да му се одземе улогата на номинално сидро потребно е да се дефинира ново сидро. Во услови на глобална ориентација кон стабилни цени, таква улога би можела да преземе инфлацијата. Тоа претпоставува јасна ориентираност на централната банка кон одржување на ценовната стабилност Таргетирањето на инфлацијата претставува рамка на монетарната политика, која се карактеризира со јавна објава на официјални квантитативни таргети за стапката на инфлација, во рамките на одреден временски хоризонт и со експлицитна потврда дека ниската, стабилна инфлација, претставува примарна, долгорочна цел на монетарната политика.

Треба да се има предвид дека, за разлика од таргетирањето на девизниот курс, таргетирањето на инфлацијата овозможува насоченост на монетарната политика кон домашните цели и соодветна реакција на шоковите во домашната економија. Таргетирањето на инфлацијата би и овозможило на Народната банка да се фокусира на одржувањето на

ценовната стабилност, како единствена монетарна цел, што не е случај кај таргетирањето на девизниот курс, во чии рамки одржувањето на ценовната стабилност се "префрла" на земјата-номинално сидро(Трпески, 2005; Неновски 2008).

Сепак, клучното прашање, што се поставува во овој контекст, е дали напуштањето на фиксниот девизен курс и воведувањето на таргетирање на инфлацијата е изводливо во македонската економија, во овој момент и во оваа констелација на односи. Треба да се има предвид фактот дека за некоја земја да може да применува стратегија на таргетирање на инфлацијата, потребно е да исполни одредени макроекономски, институционални и оперативни предуслови.

Во однос на економската структура, одредени карактеристики на македонската економија не одат во прилог на прифаќање на монетарното правило на таргетирање на инфлацијата. Имено, како мала и отворена економија, РМ е високо чувствителна на промените во светските цени на примарните производи и на промените во девизниот курс. Од аспект на предусловот за постоење на здрав финансиски систем, може да се констатира дека финансискиот систем во РМ се уште го нема постигнато нивото на развој, неопходно за успешно функционирање на овој монетарен концепт. Македонија, како економија во транзиција, се карактеризира со плиток финансиски и девизен пазар, поради што мал број трансакции можат да предизвикаат големи и непожелни флуктуации на каматните стапки и девизниот курс. Поради тоа, РМ не може да се вброи меѓу земјите со доволно софистициран финансиски систем, кој дозволува прифаќање на таргетирањето на инфлацијата, како официјална монетарна рамка.

Врз основа на сето изнесено, можеме да заклучиме дека, иако на подолг рок, таргетирањето на инфлацијата може да се набљудува како соодветна опција за РМ, во овој момент и во овие економски услови, РМ не ги исполнува клучните предуслови за прифаќање на оваа стратегија.

## Заклучок

Во услови на полна либерализација на капиталната сметка и зачленувањето во Светската трговска организација, како и со апликацијата за членство во ЕУ, Македонија се соочи со значајни системски промени. Во такви околности, анализирано од аспект на монетарната политика и режимот на фиксен девизен курс, перспективно се отвора класичното прашање на т.н. невозможен триаголник: истовремено постоење на фиксен девизен курс, либерализација на движењето на капиталот и автономна монетарна политика. Но, доколку на девизниот курс во РМ се одлучи да му се одземе улогата на номинално сидро потребно е да се дефинира ново сидро. Во услови на глобална ориентација кон стабилни цени, таква улога би можела да преземе инфлацијата. Искуството покажува дека земјите кои применуваа таргетирање на инфлацијата, главно, остварија пониски стапки на инфлација и пониски инфлациски очекувања. Како резултат на пониските инфлациски очекувања, овие земји реализираа и пониски номинални каматни стапки (Corker and Beaumont, 2000; Петковски 2006)

Сепак, ова е релативно нова монетарна стратегија со низа отворени прашања, чија имплементација се разликува од земја до земја и зависи од исполнувањето на голем број неопходни предуслови. Времето ќе покаже дали оваа монетарна стратегија претставува универзална алатка во борбата против инфлацијата во услови на интензивирање на процесите на глобализација и финансиска интеграција.

**Користена литература:**

1. Corker R., et al (2000): "Exchange Rate Regimes in Selected Advanced Transition Economies – Coping with Transition, Capital Inflows and EU Accession", IMF Policy Discussion Paper 00/3.
2. Митреска А. и Терзијан С.Б. (2003) : "Транзиција кон поголема флексибилност на девизниот курс", НБРМ, Економски истражувања бр.7.
3. Mussa M. (2002):"The Exchange Rate–A Shock Absorber or Source of Shocks? A Study of Four Open Economies", CEPR Discussion Paper, Nb.2550.

4. Obstfeld M. et al (2008): "Financial Stability, the Trilemma and International Reserves", Working Paper Nb.14217, National Bureau of Economic Research, August, Cambridge, MA.
5. Петрески М. (2006) "Режимот на девизниот курс и извозните перформанси на РМ", Билтен, Министерство за финансии: 11-12-2006.
6. Трпески Љ. (2005): "Промена на монетарната стратегија за побрз влез во ЕУ" Годишник на Економскиот факултет, Универзитет "Св.Кирил и Методиј", Скопје.

**М-р Димитар Анастасовски**
Employment service international - Скопје
**М-р Маја Симоновска**
Employment service international - Скопје

331.526.6(497.7)

# МЕНАЏМЕНТОТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ЧОВЕЧКИОТ КАПИТАЛ ВО ОПШТЕСТВОТО

**Апстракт:** Во политиката на управување со човечките ресурси на пазарот на трудот на РМ, покрај класичниот начин на вработување на неопределено / определено време, постои тенденција на привремен ангажман на човечки ресурси. Овие ангажмани не се наруши структурата на компанијата и овозможи завршување на зголемениот обем на работа во економски и со добар квалитет.

**Клучни зборови:** привремено агенциско вработување,човечки ресурси, привремени агенциски работници,менаџирање на човечки потенцијал,скратено работно време

**Abstract:** In the policy of human resources management on the RM labor market, besides the classic way of employment on indefinite / definite time, there is increasing tendency of temporary engagement of human resources. These engagements do not disrupt the structure of the company and enable completion of the increased workload in economically and with good quality.

## Вовед

Либерализацијата во стопанството доведе до создавање флексибилни услови на работење на компаниите. Неминовен чинител на работењето е и ангажирањето на работната сила која како фактор чинител, не е имуна на тековните промени и форми на работење. Зголемената потрошувачка во светот и глобализацијата придонесоа за максимално и флексибилно користење на човечкиот потенцијал. Освојувањето и присуството на пазарот на домашен и на меѓународен план, подразбира компаниите да имаат добра стратегија за да бидат присутни учесници и активни чинители.Се почесто се поставуваат прашањата: Дали сме способни за влез на одреден пазар? Како тоа да го направиме? Имаме ли доволно човечки ресурси? Каква им е образовната и квалификациската структура? и слично. Одговорите на овие прашања водат кон донесување одлука со максимално и ефективно искористување на човечкиот потенцијал кој покрај атрактивната производствена програма или услуга, сè повеќе се базира и на начините на инволвирање на работната сила во поделните фази на делувањето, како и нивното поефикасно искористување. Со тоа, трошоците може да се сведат на оптимално ниво во делувањето на компанијата. Големата флуктуација на капитал, неминовно е следена и со развојот на начините за искористувањето на човечкиот потенцијал за одредени фази во текот на производството или услугата. Сè почесто се поставува прашањето каков организациски облик е потребен за компаниите да се пробијат, опстанат и профитираат на локалниот или поширокиот пазар. Зголемениот технолошки напредок, следен од образовните програми, создава висококонкуретен и флексибилен кадар кој може веднаш со мали или никакви обуки, да биде вклучен во процесите на производство за одреден временски ангажман, без притоа да биде константо вклучен во структурата на компанијата и да го наруши стандардниот проектен план на работа на компанијата.

## Привремено агенциско вработување

Со завршување на одредени циклуси и фази кои може да траат краток временски период, а кои во даден момент се неопходни за успешноста и максимизирањето на профитот, се прибегнува кон донесување одлуки за надминување на одредени шпиц-моменти кои краткорочно може да значат многу за компанијата.

Покрај традиционалните форми на ангажирање во Р Македонија, почна да се развива и

системот на ангажирање на човечките ресурси и на пооделните фази на текот на производството или услугата, кој се базира на временски ограничени ангажмани кои траат од неколку часа до неколку месеци, во зависност од зголемениот обем на производството и услугите. Компаниите се се почесто приморани за одреден тип на услуги во даден временски период да користат и надворешни извршители кои се организираат преку разно разни агенции за посредување и времено вработување. Сè повеќе се  развиваат и агенции кои се со приватна иницијатива и капитал и се пофлексибилни во ажурирањето на кадарот и пооперативни во неговото вклучување на пазарот на трудот. Овие агенции започнуваат да стануваат активен чиннител во стратегијата на компаниите и започнуваат да го менуваат ликот на фукционирањето на пазарот на трудот. Агенциите за привремено вработување и посредување при вработувањето се еден вид на посредник на пазарот на трудот. Тие ги задоволуваат потребите на претпријатијата корисници за флексибилност на работната сила, од една страна и на работниците за привремени вработувања од друга страна.Со нивниот ангажман во компаниите како надворешни извршители, им се дава простор на менаџментот на компаниите да бидат растеретени од класичните обврски за раководење со работната сила.Менаџерите добиват повеќе време да се посветат на другите обврски за планирање и раководење на компанијата, но истовремено добиваат и друга функција.

**Привремени агенциски работници**

Употребата на привремени работници ги зголемува обврските на менаџерите кои сега мора да дефинираат кога и колку времени вработувања им се потребни, т.е им носи обврска да го планираат човечкиот потенцијал. Менаџерите, исто така, мора да планираат  кои  работни места им се клучни за нивното  работење, за да одредат персонал со цело работно време и на неодреден период.. Преку агенциите за привремени вработувања, работникот е вработен  од страна на агенцијата за привремено вработување (таа е *de jure* работодавач), а изнајмен заради извршување работа кај (и под супервизија) на компанијата- корисник (*de facto* работодавач-корисник). Овој принцип важи во Република Македонија. Во овој начин на работа, не постои работен однос меѓу привремениот агенциски работник и фирмата корисник-клиент, иако постојат правни обврски за работодавачот, корисник-клиентот, кон привремениот агенциски работник, посебно во доменот на заштитата при работа во однос на здравјето и безбедноста на работното место. Ангажманот на агенцискиот работник е регулиран со договор за работа со ограничено или на определено времетраење на работата, без гаранција дека ќе биде продолжен. Агенцискиот работник нема третман на трајно вработено лице во агенцијата. Вработувањето се нарекува привремено вработување, temporary job, „темпинг. Агенцијата за својот ангажман ги наплаќа надоместоците од фирмата корисник, а должна е да ги исплати платите на привремените агенциски работници, дури и кога фирмата корисник ги нема намирено обврските спрема агенцијата (овде се работи за посреднички однос клиент-агенција - привремен агенциски работник). Флексибилноста и за работникот и за клиентот е клучната карактеристика за овој релациски однос, каде е дефинирана агенциската работа.Со делувањето на агенциите за посредување при вработувањето и привремените вработувања компаниите добиваат кадар кој поседува одредени вештини кои тие не се во можност во даден момент да ги добијат. Недостатокот на вештини ја смалува конкуретноста на производителите, бидејќи им го отежнува влезот и примената на новите напредни технологии, реорганизацијата на трудот и ополномоштувањето на вработените што е клучен елемент на високоделотворните работни места во системот.Компаниите се примоорани да го намалуваат бројот на традиционални договори за вработување-доживотно вработување. Компаниите повеќе не се во можност на своите вработени да им гарантираат сигурно вработување на неодредено време до пензија. Многу од компаниите го намалуваат бројот на работниците со полно работно време, на тој начин, за да ги намалат трошоците на работната сила со што им се дава на агенциите поголема организациска флексибилност и  можност кога ќе се појави потребата за одредени вештини, тие да ги обезбедат од пазарот на трудот со договори. Компаниите кои користат повремена работна сила преку агенциите за привремени вработувања, остваруваат намалување на административниот и финансискиот товар, поврзан со  управувањето на човечките ресурси,

бидејќи агенциите вршат селекција, обука и надградување на вештините на работниците. Привременото вработување е атрактивно и за работниците. Голем број на работници се одлучуваат на ваков тип на ангажман, поради своите интереси, вредности и потреби. Вработените кои го изгубиле статусот на редовно вработени на неопределено време, исто така, го прифаќаат овој начин на работа, сè додека не најдат некоја работа која може да им донесе трајно вработување. Голем е бројот на работници што го користат овој начин, за да се проверат во кој домен би можеле да бидат успешни во аплицирањето на цело работно време.

**Менаџирање на човечкиот потенцијал**

Примарната работа на агенциите за привремени вработувања е да овозможат флексибилност на пазарот на труд и сè поголема конкурентност на привремените агенциски работници, а со тоа и конкурентност меѓу компаниите како би можеле да ја зацврстат својата позиција и пазарниот удел во доменот на својата индустрија или гранка на пазарот. На овој начин, компаниите обезбедуваат сигурност и можат да си овозможат долгорочно планирање на своите активности. Менаџирањето со човечкиот потенцијал се однесува на политиката, практиката и системот кои влијаат на однесувањето на вработените, нивните ставови и успешност. Со ваквиот начин на делување, услужното портфолио и квалификуваните решенија го помагаат равојот на компаниите и овозможуваат брзо реагирање на потребите на компаниите. Спрема менаџирањето на човечкиот потенцијал, многу компании сè повеќе се однесуваат како спрема практика која има врска со луѓето. Користејќи ги услугите на агенциите за привремени вработувања, компаниите ја имаат можноста да профитираат од различноста на понудените кадровски решенија, како и од индивидуалниот потенцијал на интерните кадри вработени во агенциите.Компетентноста на агенциите се темели врз идентификација на процесот меѓу понудата и побарувачката на пазарот на работата. За секој работник пронаоѓа соодветна задача, а за секоја задача соодветен работник. Освен привременото вработување, како агенциија за вработување со целосен сервис, нудат и целокупен спектар на сите релевантни кадровски услуги како,посредување при вработување (избор и селекција на кандидати), проценка на личноста, селекција на кадри, спроведување истражувања за наменски потреби на клиенти и работилници и обуки.

**Заклучок**

Се почест е случајот, преку агенциите да се нудат и пензионирани работници со високостручна спрема и долгорочно искуство.За овој тип на човечки ресурси нема потреба од додатни трошоци за развој на вештини и дообуки бидејќи претставува човечки капитал. Со доброто менаџирање,богатото знаење и искуство,за многу компании претставува бесплатен капитал кој допринесува компанијата да високо конкурентна со минимални трошоци.Затоа со вклучувањето на агенциите во производно-услужните процеси на компаниите и на подолг рок може да се добие квалитетен кадар кој нема многу да ги оптеретува компаниите, а ке допринесе за максимирање на профитот.Иднината е насоченоста кон ангажирање на надворешните човечки ресурси.

**Коистена литература**

1. C181. Конвенција за приватни агенции за вработување, 1997
2. R.A.Noe, Employee training and Development (Burr Ridge, IL:Irwin/McGraw-Hill,1999)
3. R.A.Noe,John, R.Hollenbeck,B.Gerhart,P.M.Wright Human resource management-2000 The Mc Graw-Hill Companies,Inc.
4. Allan&Sienko,1997;Fairjobs.org,ND Rotchford & Roberst 1982
5. D.Urlich,A New Mandate for Human Resources,Harvard Bussines Review 1998

**д-р Никола Стојковски**
Меѓународен Славјански Универзитет Г.Р.Державин Свети Николе - Битола
**м-р Сања Стојанова**
Меѓународен Славјански Универзитет Г.Р.Державин Свети Николе - Битола

005:334.722.012.63/.64(497.7)

# МЕНАЏМЕНТ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА (ДЕФИНИРАЊЕ, УЛОГА И ШАНСА НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО СТОПАНСКИОТ РАЗВОЈ)

**АПСТРАКТ:** Здравата бизнис околина е основниот услов за раст, развој и конкурентност на малите и средните претпријатија. Ова вклучува транспарентна, отворена и конкурентна бизнис рамка, јасно и независно владеење на законот за сите компании и рамноправно и стабилно легално третирање на националните и меѓународните бизнис трансакции. За да се остварат овие цели, потребна е зајакната соработка помеѓу сите заинтересирани страни. За малите претпријатија е особено значајно да постојат евтини и лесно достапни механизми за брзо разрешување на споровите меѓу компаниите и потрошувачите.
**Клучни зборови:** мали и средни претпријатија, финансирање, Македонија.

**ABSTRACT:** The healthy business environment is the basic condition for the growth, development and competitiveness of the small and middle enterprises. This includes a transparent, open and competitive business frame, a clear and independent domination of the law for all the companies and equal, but also stabile legal treatment of the national and international business transactions. For the actualization of these purposes, a necessary part is the intensive cooperation between all the interested sides. For the small enterprises, it is really important to have cheap and easily accessible mechanisms for a quick solving of the conflicts between the companies and the clients.
**Key words:** small and middle enterprises, financing, Macedonia.

## ВОВЕД

Иако постојат различни мислења по прашањата врзани за економските проблеми како на меѓународно ниво така, и на државно ниво, сепак аналитичарите и теоретичарите се едногласни по прашањето за значајот и важноста на малите и средните претпријатија ( МСП ). Менаџирањето со МСП би требало да претставува приоритет на една економија, особено за земји во транзиција како што е Република Македонија.

Економските, технолошките, политичко - правните, социјалните, културните, демографските и глобалните сили во општата средината во која живее една организација имаат силни влијанија врз самата организација. Менаџерите мораат постојано да ги анализираат силите во општата средина затоа што тие влијаат врз донесувањето на долгорочните одлуки, односно, стратегиските одлуки. Сето тоа ја налага потребата за постоење на изграден систем на норми, институции и инструменти за ригидна контрола и заштита над МСП.

Значењето на оваа истражување произлегува од потребата, научно да се продре во значајот и феноменологијата на МСП, особено за земји во транзиција.

Предметот на трудот произлегува и се’ определува во согласност со предложениот наслов на трудот, односно елаборација на **МСП** насочени кон **дефинирање, улога и шанса** на истите, со посебна разработка на **шансите и слабостите на малите и средните претпријатија** во Република Македонија.

Имено, денешниот развој е незамислив без компонентите на менаџмент. Не постои развој во современото стопанството без стратегиска интеграција во сите сегменти на стопанството, во денешниот свет развојот без менаџмент би имал обична форма без суштина.

## 1. ДЕФИНИРАЊЕ НА МАЛ БИЗНИС

Во современото стопанство, посебно во развиените земји дефинирање на мали и средни претпријатија не е ниту малку едноставно, првенствено поради тоа што постапката за утврдување дали едно претпријатие припаѓа во група на мали, средни или големи претпријатија зависи од низа фактори, кои притоа се разликуваат по земји. Поради тоа, ниту во западно – европските, а и во светски размери не постои единствен став во дефинирање на тој поим. Меѓутоа, во најголем број на земји се користат два критериума за категоризација на претпријатијата по големина – број на вработени и инвестиран капитал или бруто приход. Поаѓајќи од овие два критериума, секоја земја може да дефинира што е тоа мало или средно претпријатие во одредени стопански гранки.

Треба да се истакне дека теоријата и праксата на многу земји во светот различно и најчесто непотполно ги дефинира МСП претпријатија. Оваа е, пред се, условено со специфичноста општествено – економскиот развој, карактерот на својството врз средствата за производство, политичките ставови и определувањата како и достигнат степен на развиеност. Секако е важно да се наведат и одредени синоними за поимот мало претпријатие: **small scale economy** ( економија со мал обем ), **small scale industries** ( стопански субјект со мал обем ) и сл.

Поимот мал бизнис ( small business ) се уште не е докрај јасно одреден. Економистите, по правило, при дефинирање на мал бизнис поаѓаат од законските одредби за мал бизнис кои се утврдени во поедини земји. Како резултат на тоа постојат дефиниции кои произлегуваат од американското законодавство и законодавството на Европската унија итн.

Како резултат на постоење на различни гледишта се јавува терминолошка разлика која се дефинира со ангажирање на луѓе во мали работни активности. Практично постојат низ субјекти кои опфаќаат простор почнувајќи од мали претпријатија заклучно со средни претпријатија, и се нарекуваат мал бизнис, мали претпријатија, мало стопанство и сл.

Важно е да се истакне дека во светот, сепак, доминира поимот кој потекнува од американска пракса, односно small business што во превод значи мал бизнис или мала работна активност. И на нашите простори се повеќе се користи овој термин, меѓутоа во последно време се повеќе се користи терминот МСП и има слично значење како англискиот термин small and medium enterprises ( SME-s ).

Слободно може да се каже дека дефиниции за мал бизнис се уште не се целосно изградени, и не постои единство помеѓу теоретичарите. Во овој случај предност имаат законодавците и нивните законски норми, а на теоретичарите единствено преостанува да ги појаснуваат законските утврдени дефиниции.

### *1.1 Дефинирање на критериуми за класификација на претпријатијата по големина според законските прописи*

По нашите законски прописи ( Закон за сметководство „Службен весник на РМ“ бр. 42/93, 48/93, 6/95, Уставен суд бр. 247/95, 248/95, 271/95, 304/95, и 3/96, 32/98, 39/99, и 70/01)[1]; ( Закон за трговски друштва „Службен весник на РМ“ бр. 28/96 измените објавени во Службен весник бр. 7/97, 21/98, 37/98, 63/98, 39/99, 81/99, 37/00, 31/01, 06/02 и 61/02 )[2] претпријатијата се класифицираат во мали, средни и големи во зависност од:

- просечен број на вработени;
- вкупен приход; и
- просечна вредност на средствата од актива;

а) **мали претпријатија** се оние, кои во последните две пресметковни години, односно во првата година од работењето задоволуваат најмалку два од следниве критериуми:

1. Просечниот број на вработени да е 50 вработени;
2. Годишниот приход да е помал од 8 000 просечни бруто плати по работник во стопанството;
3. Просечна вредност на ( почетокот и на крајот на пресметковната година) на средствата во активата да е помала од 6 000 просечни бруто плати по работник во стопанството.

1 Закон за сметководство на Р.М.
2 Закон за трговски друштва на Р.М.

б) **средни претпријатија** се оние, кои на ден на составување на финансискиот извештај за последната пресметковна година исполнуваат најмалку два од следниве критериуми:

4. Просечниот број на вработени да е до 250 вработени;
5. Годишниот приход да е помал од 40 000 просечни бруто плати по работник во стопанството;
6. Просечна вредност на ( почетокот и на крајот на пресметковната година ) на средствата во активата да е помала од 30 000 просечни бруто плати по работник во стопанството.

Поголем број на земји земаат во предвид многубројни фактори, но сепак може да се смета дека следниве фактори се во најголем број заеднички за повеќе земји и тие се предмет на бројни анализи, а тоа се:

- Годишен вкупен приход од продажбата;
- Број на вработени;
- Сума на пари која е приложена од страна на акционерите;).

### 1.1.1 Дефинирање на мали и средни претпријатија во земји во транзиција

Државната сопственост е била една од најголемите бариери за развојот на МСП. Во екот на транзицијата постоеле само некои занаети и услуги, кои успеале да опстанат благодарејќи на традицијата и упорноста на сопствениците. Државата не го подржувала концептот за развој на МСП, така да во тоа време обележја имале само занаетчиските претпријатија, некои услужни претпријатија и слични на нив. Државата инвестирала во изградба на големи претпријатија, сметајќи дека единствено тие допринесуваат раст на вработеноста. Поради тоа севкупната правна регулатива била насочена на заштита на овој тип претпријатија.

Меѓутоа, сите земји кои се нашле во фаза на транзиција почнале да се фокусираат на развојот на мал бизнис, користејќи ги искуствата на развиените земји. Во основа овие процеси се во незадоволителна мерка. Поттик за нивниот развој се уште, е во фаза на разгледување и разработување, со големо внимание се пристапува кон преземање искуства од западните земји. Поврзувањето на линија земји во транзиција – развиените земји ќе иницираат и ќе го забрзаат овој процес, и тоа со имплементација на нивната пракса.

### 1.1.2 Американски пристап во дефинирање на мал бизнис

Во 50-те години во САД се спроведени одредени мерки за поттикнување на развојот на мал бизнис. Претходно во US SBA ( United State Small Business Administration )[3] е поставена дефиниција, која пред се поаѓа од економската сила на претпријатието во рамка на дејноста. Посебно е интересен фактот што критериумите се подложни на промени, така да SBA критериумите ги менува во зависност од потребата на стопанството. Тие олеснувања се сведуваат на позајмени пари во поволни услови, утврдување на поволна пореска стапка, бесплатен консалтинг итн. Овдека може да се заклучи дека во САД воопшто нема јасно разграничување помеѓу мало и средно претпријатие. Во оваа ситуација голем придонес има SBA која на готово еднаков начин го поттикнува развојот на МСП. Сигурно, во оваа ситуација голем придонес имаат американските теоретичари за менаџмент, но сепак, не се навлезени длабински во разработка на оваа проблематика.

Особено, е интересен фактот кој уверува дека SBA располага со повеќе инструменти кои служат за поттикнување на претприемништвото во МСП. Зависно, од ситуацијата и потребата на SBA еднаш преферира одредени занимања, друг пат тоа можат да бидат нови производи, ориентација за извоз итн.

Сепак, група автори (4) и покрај ставот за не едноставноста за дефинирањето на мал бизнис, како критериум за големината на мал бизнис го истакнуваат бројот на вработени, и тоа[4]:

- до 20 вработени **многу мал бизнис**;
- 20 – 99 вработени **мал бизнис**;

3 US-SBA-Small Business Size Standards, Washington, D.C., Federal Registar, S.V. 49. No 28.

4 Siropolis, N. ( 1990 ): Менаџмент малог предузећа – водиќ у предузетништво, Houghtow Mifflin Company. Превод „Мате“, Загреб.

- 100 – 499 вработени **среден бизнис**;
- 500 и повеќе вработени **голем бизнис**;

Како што видовме овде се работи исклучиво за квантитативни фактори, кои треба да ги пратат квалитативните фактори како битен аспект за запознавање на суштината на мал бизнис.

Квалитативни фактори се, според Committee for Economic Development, сметаат следните три:

- Менаџментот е независен ако само менаџерот, вообичаено, сопственик на бизнисот.
- Капиталот е вложен и сопственииштвото го поседуваат поединец или неколку акционери.
- Делувањето е примарно локално, иако пазарот не е неопходно локален.
- Малиот бизнис се соочува со голема конкуренција од иста индустрија.

Анализирајќи ги квалитативните и квантитативните фактори мора да се истакне дека квалитативните имаат општо значење и се непроменливи, додека квантитативните се подложни на промени, и на нив делуваат владините институции.

### 1.1.3. Европски пристап во дефинирање на мал бизнис

Ниту Европа има единствена дефиниција за мал бизнис на која би можеле да се стават одредени замерки. Дефинициите се различни во зависност од која држава или дејност потекнуваат. По некое правило автори при дефинирање се различни државни институции и бизнис асоцијации. Долго време во ЕУ за мали претпријатија се сметале оние кои вработувале до 100 работници.

Во поново време во рамките на ЕУ покомплексно се пристапило кон дефинирање на мал бизнис, како од аспект на утврдување на неговото значење, место и улога, така и од аспект на создавање на единствена дефиниција за МСП која ќе важи за целата ЕУ. Кога станува збор за западноевропската економија, во Велика Британија за мали претпријатија се сметаат сите индустриски претпријатија кои имаат до 200 вработени, во градежништво до 25 вработени. Во Франција мали индустриски претпријатија вбројуваат од 6 до 50 вработени, понекогаш и до 200 вработени, а во средни од 51 до 500 и со капитал од 10 милиони франка. Во СР Германија најчесто мало претпријатие е онаа кое има до 50 вработени, а средно од 51 до 500 вработени. Во оваа земја исто така при утврдување на МСП се поаѓа од годишниот приход.

## 2. ПРЕДНОСТИ И СЛАБОСТИ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Изминатиот период може најдобро да ги илустрира слабостите и неефикасноста на големите стопански системи во кризните ситуации. Иако претприемништвото во големите системи е создавано со низ години, резултати кои се остварени се еминентно слаби во однос на остварените резултати од страна на претприемништвото во МСП.

Според одредени разбирања предностите на малите и средните претпријатија се одликуваат во следното:

- МСП имаат способност, во краток временски период да реагираат на желбите и потребите на купувачите. Често се тоа производи и услуги за кои не е потребно сериско производство. Во таквите случаи големите претпријатија не искажуваат ниту желба, а немаат ниту економски интерес за задоволување на потребите на купувачите. Поради тоа произлегува шанса за МСП, пред се, поради поволниот однос на вкупниот трошок и приход.
- Релативно често промените на пазарот ги погодуваат МСП, па затоа и за релативно кратко време се во состојба да реагираат на тие промени.
- МСП поефикасно ги користат ресурси. Реткост е да се случи средствата за производство да останат неискористени. Сопствениците на претпријатијата настојуваат средствата рационално да се искористат, доколку средствата не се искористат целосно во сопственото претпријатие, се дава под закуп, лиценца итн.

Треба да се истакне дека сопственикот секогаш е во потрага по нови додатни работи со што средствата за производство ќе се користат во поголем обем.

- Степенот на користење на работната сила значително е поголем за разлика од големите системи. Оваа произлегува од фактот дека сопственикот на МСП нема длабинска поделба на работата и секој вработен е оспособен да извршува повеќе операции. Самиот процес на вработување, евиденција на остварени резултати значително е побрза.
- Сопственикот на МСП честопати се наоѓа во функција на организатор на производниот процес. Многу едноставно остварува контакт со опкружувањето, сам донесува работни одлуки, што го скратува патот од идеја до реализација.
- Претприемачкиот дух на сопственикот на МСП се пренесува и на останатите членови во организацијата, па на тој начин се јавува хомоген тим кој создава работни и развојни цели.
- Многу често сопственикот на МСП мора да реши контрадикторна ситуација, која произлегува од формирање на залихи, создавање на подлога за сигурност, а од друга страна пак, тежи кон што помал број на залихи поради тоа што создаваат дополнителни трошоци низ складирање и врзување на финансиски средства. Оваа проблематика во МСП релативно лесно се решава, затоа што сопствениците имаат увид во пазарните движења и сите залихи ги држат на оптимално ниво. Инаку, во големите системи овој проблем потешко се решава поради мнозинското одлучување.
- Понекогаш МСП се пуштаат во конкурентност со големите системи, со претпоставка дека тие не се во состојба брзо да реагираат.
- Се што делува на резултатите во МСП значително е изразено него во големите системи, затоа што сопственикот на претпријатието, ако се наоѓа во функција на менаџер, релативно брзо доаѓа до информации кои се значајни за функционирањето на претпријатието. Самостојно го врши изборот на соработници, ја осигурува својата иднина, врши избор на наследници.
- Читајќи ги горенаведените предности на МСП, може да се стекне погрешна слика, дека МСП немаат проблеми и ограничувања. Иако станува збор за мали претпријатија нивните проблеми и слабости сепак се изразени:
- Сите промени во економската политика ги погодуваат МСП, затоа што не се во состојба брзо да прибават парични средства да ја санираат моменталната состојба, да влезат во нови инвестиции и сл.
- Постои голема заблуда, секој кој влезе во мал бизнис не значи дека мора и да успее. Тоа е една од најголемите заблуди, поради непостоењето на параметри кои би можеле да ги мерат работните одлуки за започнување на нов бизнис.
- Површинска анализа, без согледување на пазарните предности и шанси, непромислено влегување во бизнис претставува само уште неуспех за МСП на пазарот. Особено со импровизација, на која се наклони деловните луѓе, можат да дадат погрешна слика за шансите на МСП, и да дојде до пропаѓање на организацијата.
- Во претприемништвото владее мислење, кој и да започне бизнис мора да успее. Тоа е опасна замка која се поставува пред деловните луѓе, кои биле успешни во водењето на продавници, кафулиња, сервиси и сл., мислат дека можат да основаат МСП и да ги водат на идентичен начин како претходната работа. Меѓутоа, во многу брз период доживеат состојба на сложеност во работењето кое ги надминува нивните знаења и способности и неминовно предизвикува негативен ефект.
- Финасирање, реалем проблем за МСП, комерцијалните банки сеуште се скептични по прашањето за финасирање на нов бизнис (нова идеја); кредитните услуки се иклучително скапи (независно дали станува збор за нов бизнис или пак, тековно финасирање на биснисот).

Менаџерските неспособности на деловните луѓе многу брзо стануваат ограничување, што не проблем доколку сопственикот на МСП тоа го разбере за брзо време. Всушност, тој е во можност да ангажира школувани луѓе, кои во негово име ќе го водат МСП.

Повеќе причини за пропаѓање на МСП се познати, единствено што е ново тоа е квалификација на причините, така да на првото место се наоѓа некомпетентноста. Преценување

на сопствените можности, без не определена доза на самокритичност, а кога се состават со не искуство, сето тоа има за резултат неуспех. Многу автори од областа на менаџмент ( Ериќ, Siropolis и др. ) сметаат дека неуспехот е само „школа" пат за стекнување искуства. Многу претприемачи минале низ „школа на искуства" но сепак, оваа не е универзална препорака во бизнисот.

Поради горенаведените фактори ќе бидат дадени и причините за пропаѓање на малите претпријатија, според класификација на Siropolis. 4

### 3. УЛОГА И ШАНСА НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИАТИЈА ВО СТОПАНСКИОТ РАЗВОЈ

За стопанска благосостојба на една земја не се доволни ниту пресудни само големите претпријатија. Дискусии кои веќе подолго време се водат не се само во теоретските кругови, упатуваат на суштинско прашање: која е комбинацијата помеѓу малите, средните и големите претпријатија која може најдобро да го исполни стопанските и општествените цели на една земја. Во повеќе индустриски гранки се наидува на комбинација составена според големината на претпријатијата. Мали, средни и големи претпријатија стојат како во меѓусебно конкурентски, така и во комплементарни односи.

Во современото стопанство, особено во развиените земји, можат да се пронајдат претпријатија од различна големина во стопанската структура. Малите стопански субјекти со големите претпријатија даваат ефект на синергија во стопанството.

Со право може да се каже дека малите претпријатија се извори не само за локално, туку и раст на националната економија. Современата стопанство овозможува меѓу зависност на претпријатијата од различни димензии. Во пазарното работење има место за претпријатија од различни димензии кои се во состојба да понудат на купувачите производ или услуга на ефективен и ефикасен начин. Постојат бројни дејности кои не преферираат масовно производство од една страна, како и бројни претпријатија кои се занимаваат со масовно производство кои не можат успешно да работат без малите и средните претпријатија. Пазарот треба да биде арбитер за димензиите на претпријатијата, чија понуда е потребна и која допринесува раст и развој на стопанството. Само конкурентен пазар и до размерни мерки отворен пазар ги стимулира претпријатијата на рационално работно однесување независно од нивните димензии.

Малите претпријатија во современото стопанство можат да се најдат готово во сите дејности. Во програмска ориентација малите претпријатија можат да имаат сопствена диференцирана програма насочена кон одреден пазар, како што можат и да учествуваат во производен програм на големо претпријатие како коопераnти. Постојат извесни делови на пазарот кои не се целосно покриени од страна на производните програми на големите претпријатија. Тоа се подрачја на производни и услужни дејности „резервирани" за малите претпријатија.

За егзистенција на малите претпријатија во стопанството како целина, во која е присутна концентрација на илузии, постојат безброј разлози. Според економска теорија малите претпријатија се погодни за:[5]

- Каде што опремата може да се подели или прилагоди,
- Каде што , поради географски димензии на пазарот суровините или готовите производи, не е возможно користење на економија на производство од поголем обем поради високите трошоци за транспорт,
- Каде што се произведува за индивидуални побарувања, или кога се бараат различни варијанти или високо диференцирани производи,
- Кога се поради технички услови честопати менува начин на работа или кога често се менува побарувачката, каде што вкупната продажба е подложна на широка флуктуација и
- Каде што снабдувањето е со ситни суровини или потенцијалниот пазар е мал.

---

5 Flabe, Cecilia, Holstein, N. (1992 ): A Guide for Market Analysis and Small Business Planning, State University of New York at Albany.

Значи мало претпријатие во начело може да успее таму каде што е способно да надомести економија со големина која иде во прилог на големо претпријатие.

## ЗАКЛУЧОК

Заклучните начела претставуваат анализа на моменталната деловна состојба и даваат пресек на состојбата на глобалниот пазар, фокусирајќи се на улогата и шансите на малите и средните претпријатија и менаџирање со истите, како од страна на претприемачите така, и од страна на државата. Намерата е, да се укаже на неопходноста за континуирано вложување во развој на малиот бизнис, како и конкурентско позиционирање на компаниите во меѓународното опкружување. Некои од заклучоците се следните:

1. Во услови на изменето опкружување, во наш случај, транзиционен период, конкурентноста добива нова димензија. Претпријатијата стануваат носители на националната економија во меѓународната деловна сфера, а на државата и припаѓа улога за регулирање ( катализатор ) на рамките на тоа работење. Визијата на раст и развој на претпријатијата во глобални размери се дефинира со посматрање на светскиот пазар како единствен пазар.
2. Меѓународни извори на финансирање, готово се, недостапни, односно, искористување на средствата од меѓународните институции не се достапни за секој претприемач, поради недоволното информирање, едукација, па дури и нивно прекривање.
3. Домашни извори на финансирање, односно банките, не се поволни, во смисла, висока каматна стапка, кратки рокови за отплата и сл.
4. Во финансирањето одредени проекти преку задолжување, фирмата претежно користи некои од своите потенцијали за да го задржи нискиот степен на кредитно финансирање. Во случај на развојно зголемување на капиталот на фирмата, фирмата често смета дека е неопходно да подигне високи кредитни средства.
5. Меѓународната конкурентност на претпријатијата од Македонија треба да се остварува на основно ниво, на база на стимулативното дејство на државата која ќе креира амбиент за остварување на конкурентска предност и висок степен на позиционирање. Од микро аспект, претпријатијата треба да усвојат стратегиска концепција, која овозможува цврсто интегрирање во меѓународниот пазар.

## ЛИТЕРАТУРА:


1. Закон за сметководство на Р.М.
2. Закон за трговски друштва на Р.М.
3. US-SBA-Small Business Size Standards, Washington, D.C., Federal Registar, S.V. 49. No 28.
4. Siropolis, N.: Менаџмент малог предузеќа – водиќ у предузетништво, Houghtow Mifflin Company. Превод „Мате", Загреб, 1990.
5. Flabe, Cecilia, Holstein, N. A Guide for Market Analysis and Small Business Planning, State University of New York at Albany, 1992.

658.78:[657.471.1:656

**д-р Ленче Петреска, вонреден професор**
Меѓународен Славјански Универзитет "Г.Р.Державин" Св.Николе
**д-р Павлина Стојанова, вонреден професор**
Меѓународен Славјански Универзитет "Г.Р.Державин" Св.Николе

# ВЛИЈАНИЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ТРАНСПОРТ ВРЗ КРЕИРАЊЕТО НА КВАЛИТЕТНА ЛОГИСТИЧКА УСЛУГА

# IMPACT OF TRANSPORTATION COSTS ON THE CREATION OF QUALITY LOGISTIC SERVICE

**Abstract:** In marketing logistics, transportation of goods plays a key role in achieving the objectives of the enterprise and the cost of transportation directly affect the volume and quality of service. Costs that support the transport can be seen in many different ways, depending on the unit under consideration . Costs can be categorized by customers , product line, type of channel as the border or out of bounds, etc. Costs vary significantly with the volume of the party , the party of weight, distance and point of origin and destination, but service costs also vary significantly with the sole of the selected transport .
**Keywords:** cost, logistics services, transportation, marketing activities

**Апстракт:** Во маркетинг логистиката, транспортот на стоките има клучна улога во остварувањето на целите на претпријатијата, а трошоците за транспорт директно влијаат врз обемот и квалитетот на услугата. Трошоците кои го поддржуваат транспортот може да се видат на многу различни начини, зависно од единицата која се разгледува. Трошоците може да се категоризираат по купувачите, производната линија, типот на канал како што е во граница или надвор од граница и тн. Трошоците значајно варираат со волуменот на партијата, тежината на партијата, растојанието и точката на изворот и дестинацијата, но исто така трошоците и услугата значајно варираат со одот на избраниот транспорт.
**Клучни зборови:** трошоци, логистичка услуга, транспорт, маркетинг активности

## Вовед

Во индустријата, логистиката помага да се оптимизира постојното производство како и дистрибуцијата врз база на исти извори преку техники на менаџирање за промоција на ефикасноста и компетитивноста на фирмите. Клучен елемент во логистичкиот ланец е транспортниот систем, кој ги поврзува поодделните активности. Транспортот опфаќа една третина од трошоците за логистика и транспортните системи влијаат во голема мерка врзперформансите на системите за логистика. Транспортот е потребен во целокупниот производен процес почнувајќи од производство и испорака до крајните купувачи. Само со добра координација меѓу сите компоненти ќе води до максимална добивка. Без добро развиени системи за транспорт, логистиката не може да ги постигне сопствените предности во целина. Освен тоа, добриот систем за транспорт во логистичките активности може да обезбеди подобра логистика, ефикасност, редуцирање на работните трошоци и промоција на квалитетни услугите. Подобрувањето на транспортните системи бара напор и од јавниот и од приватниот сектор. Добар логистички систем може да ја зголеми компетитивноста и на владата и на фирмите.

## Улогата на транспортот во квалитетот на логистичката услуга

Улогата што ја игра транспортот во системот за логистика е многу покомплексен отколку пренесување на добрата до сопствениците. Неговата комплексност може да има ефект само преку менаџмент со висок квалитет. Со помош на добро организиран транспорт, добрата може

да се испраќаат до вистинските места во право време за да се задоволат барањата на купувачите. Тоа носи ефикасност и исто така се гради мост меѓу произведувачите и купувачите[1]. Според тоа, транспортот е база за ефикасност во економијата и бизнис логистиката и ги проширува другите функции на системот за логистика. Освен тоа добриот транспорт овозможува при вршење на активностите на логистиката да се остваруваат придобивки не само во квалитетот на услугите туку и компетитивноста на компанијата. Транспортот игра улога на поврзување меѓу повеќе чекори што резултира во конверзија на ресурсите во корисни добра во име на крајните купувачи. Тоа е планирање на сите овие функции и под-функции во еден систем на движење на добрата со цел да се минимизираат трошоците, максимизираат услугите кон купувачите што го чини концептот на бизнис логистиката. Едаш добро воспоставениот системот, понатаму мора ефективно да се менаџира[2].

Традиционално овие чекори вклучуваат одделни компании за производство, чување, транспорт, продажба на големо и продажба на мало, меѓутоа во основа производните постројки, услугите за складирање и тргувањето се сите поврзани со транспортот. Производните постројки бараат собирање на материјали и компоненти со или без нивно чување, процесирање и ракување со материјали во постројката или складот. Услугите за складирање меѓу постројките и пазарите вклучуваат посебен транспорт. Понатаму ланецот продолжува со испорака до купувачите.

Производителите се ограничуваат себе си на производство на добра, а маркетингот и дистрибуцијата ги препуштаат на други фирми. Складирањето и чувањето може да се сметаат како услуги при процесот на производството и дистрибуцијата на производите. Има големи промени во бројните локации на мали складови и експанзија на големи дистрибутивни центри. Овој развој рефлектира фактори како подобри услуги за транспорт и притисок за да се подобрат перформансите на логистиката.

**Транспосртни трошоци и нивно влијание врз профитот**

Транспортниот систем е најбитна економска активност меѓу компонентите на бизнис логистичките системи. Околу една третина од две третини од трошоците за логистика на фирмите се троши на транспорт. Согласно на истражувањата на Националниот совет за менаџмент на физичката дистрибуција, трошоците за транспорт се околу 6.5% од пазарниот приход и 44% од логистиките трошоци. BTRE13 покажува дека во Австралија бруто вредноста во секторите за транспорт и складирање била $34,496 милиони во периодот 1990-2000 или 5.6% од БДП. Анализата базирана на проценките на Асоцијацијата на воздушен транспосрт, покажува дека трошоците за транспорт се највисоки и претставуваат 29.4% од логистичките трошоци, а потоа по ред трошоци за попис, трошоци за складирање, пакување, менаџмент, движење и нарачки[3]. Односот е скоро една третина од вкупните логистички трошоци.

Трошоците за транспорт вклучуваат средства за транспорт, коридори, контејнери, палети, терминали, работна рака и време. Транспортниот систем ги прави добрата и производите подвижни и обезбедуваат благовремено ефикасно да се промовираат по принципот на најмали трошоци. Транспортот влијае врз логистичките активности и се разбира тој влијае врз производството и продажбата. Во логистичкиот систем трошоците за транспорт може да се сметаат како рестрикција врз реалниот пазар. Вредноста на транспортот варира за различни индустрии. За производи со мал волумен, ниска тежина и висока вредност транспортните трошоци едноставно заземаат многу мал дел од продажбата. За оние кои се големи, тешки и со ниска вредност, транспортот зазема голем дел од продажбата и влијае повеќе врз профитот.

Создавањето на логистичката вредност во претпријатието (и временскиот и просторниот аспект на вредноста) искажува правење на одредени трошоци. При тоа, колку е позначајно учеството на логистичките вредности во создавањето на вкупната вредност на производот, тоа парцијално логистичко управување добива на значење, односно трошоците врзани за физичкото преместување, чување и манипулирање со стоките добиваат поголема тежина во

1 Fair, M.L. and Williams, E.W., Transportation and Logistics. Business Publication Inc., USA, 1981
2 Исто, оп.цит
3 Chang, Y.H, Logistical Management, Hwa-Tai Bookstore Ltd., Taiwan 1998

вкупната маса на деловните трошоци[4].

Според, Morehouse[5] се укажува на фактот дека просечното учество на логистичките трошоци во создавањето на дополнителните вредности во индустријата изнесува 23%, додека во малопродажбата тоа учество е поголемо и изнесува околу 36%. Според истиот критериум сите стопански гранки (врз основа на одредени емпириски податоци на американското стопанство) можат да се групираат во три релативно хомогени групи:

- стопански гранки кои се најмалку зависни од логистичките трошоци (каде нивното учество е од 8% – 13%) – машинска индустрија, производство на гуми, производство на електро опрема, текстилна индустрија, индустрија за мебел и тутунска индустрија,
- стопански сектори кои се средно зависни од масата на логистичките трошоци (14% - 23%) – фармацевтска индустрија, производство на апарати за домаќинството металопреработувачката индустрија, индустрија на градежниот материјал,
- стопански дејности кои во голема мера се зависни од масата на логистичките трошоци при создавање на новите вредности (24% - 43%) – индустрија за хартија, прехранбена индустрија, хемиска индустрија, производство на нафта и деривати, како и малопродажната индустрија во целина.

Во Р.Македонија. податоците за висината на вкупните трошоци на логистиката можат да се извлечат врз основа на учеството на транспортните трошоци во вредноста на стоковото производство во нашето стопанство. Со оглед на значењето на транспортните трошоци во вкупните трошоци на логистиката, може да се заклучи дека во нашето стопанство трошоците на логистиката се значително поголеми од оние во стопанството на развиените земји. Логистичките активности имаат во стопанството поддржувачка функција, но тие се вклучени во процесот на репродукција на сите производи, исклучително значајни, определувајќи ја ефикасноста на тие процеси во стопанството во целина.

## Заклучок

Учеството на логистичките трошоци во вкупните производни и транспортни трошоци на претпријатието го определува и значењето на логистичките активности во создавањето на вредноста на некој производ. Различните стопански гранки, односно претпријатијата кои работат во рамките на нив имаат диференцирано учество на логистичките трошоци во структурата на вкупните трошоци на претпријатието. Тоа учество пред се зависи од два фактора: природата на дејноста на претпријатието, квантитетот и квалитетот на извршувањето на логистичките активности внатре во претпријатието.

Во традиционалниот, сегментиран пристап на маркетинг логистиката и физичката дистрибуција, во кој нивните поедини активности се организационо ситуирани (поставени) во повеќе различни сектори и служби, во кои имаат статус на активности за поддршка на другите функции, и трошоци за логистиката се распоредени во тие различни сектори и служби. Евиденционите системи на претпријатието, со таков пристап кон логистиката, по правило не се оспособени за давање информации за висината и структурата на логистичките и дистрибутивните трошоци. Поголемиот дел од тие трошоци се крие во категоријата т.н.„зависни" и останати "режиски" трошоци.

Контролата на трошоците за транспорт е еден многу важен сегмент на логистичкото управување, па поради тоа сосема е нормално да се води сметка за многу значајна групација на логистичките трошоци. Во последните две децении на овој век многу претпријатија започнале со редукција на трошоците во полето на ефикасното логистичко управување, што е сосема разбирливо, бидејќи тие трошоци во изминатиот период како да избегале од контрола.

4 Петреска, Л.,Блажеска, Д., Маркетинг логистика, ЕУРМ, Скпје, 2009, стр.63

5 Morehouse, J., 1984 – 1985, Improving productivity in logistics, Handling & shiping management, presidential issue 25, no.10, str. 12

**Користена литература**

1. Bozic V., Acimovic S., Marketing logistika, Ekonomski fakultet, Belgrad, 2004
2. Bozic, V., Novakovic S., Ekonomija saobracaja, Ekonomski fakultet, Beograd, 2002
3. Bozic, V., Traznja u transportu – Analiza I predvidanje, Ekonomski fakultet, Beograd, 1984
4. Chang, Y.H, Logistical Management, Hwa-Tai Bookstore Ltd., Taiwan 1998
5. Fair, M.L. and Williams, E.W., Transportation and Logistics. Business Publication Inc., USA, 1981
6. Петреска, Л.,Блажеска, Д., Маркетинг логистика, ЕУРМ, Скпје, 2009
7. Morehouse, J., 1984 – 1985, Improving productivity in logistics, Handling & shiping management, presidential issue 25, no.10

**д-р Павлина Стојанова, вонреден професор**
Меѓународен Славјански Универзитет "Г.Р.Државин" Св.Николе
**д-р Ленче Петреска, вонреден професор**
Меѓународен Славјански Универзитет "Г.Р.Државин" Св.Николе

658.8:657.6-024.61/.62

# УЛОГАТА НА ВНАТРЕШНАТА И НАДВОРЕШНАТА МАРКЕТИНГ РЕВИЗИЈА ВО ПОДОБРУВАЊЕТО НА ДЕЛОВНИТЕ ПЕРФОРМАНСИ НА КОМПАНИИТЕ

# THE ROLE OF INTERNAL AND EXTERNAL MARKETING AUDIT IN IMPROVING THE BUSINESS PERFORMANCE OF COMPANIES

**Abstract:** The purpose of this paper is to identify the main advantages and disadvantages of internal and external marketing audit. During the presentation of the six major components of marketing audit, and the auditors' tasks for each of them, some important results revealed. The advantages of the external audit are related with the principles of independence and objectivity. The advantages of internal audit, in turn, are related to the auditors' capacity to understand the situation of the company deeper and also the possibility to implement a continuous review process. Effective marketing audit means both internal and external audit, which complement each other.

**Key words:** audit, marketing, internal audit, external audit, business environment

**Апстракт:** Целта на оваа труд е да се идентификуваат главните предности и недостатоци на внатрешната и надворешната маркетинг ревизија. При презентирањето на шестте главни компоненти на маркетинг ревизијата, како и на задачите на ревизорите за секоја од нив, се откриваат некои важни резултати. Предностите на надворешната ревизија се поврзани со принципите на независност и објективност. Предностите на внатрешната ревизија, пак, се поврзани со капацитетот на ревизорот подлабоко да ја разбере ситуацијата во компанијата (нејзините расположливите ресурси) и, исто така, со можноста за спроведување на континуиран процес на ревизија. Ефикасната маркетинг ревизија подразбира како внатрешна така и надворешна ревизија, кои се надополнуваат една со друга.

**Клучни зборови:** ревизија, маркетинг, внатрешна ревизија, надворешна ревизија, деловно опкружување

## Вовед

Маркетинг ревизијата претставува техника на собирање на податоци, потребни за откривањето на маркетинг активностите на една компанија. Најчесто маркетинг ревизијата се користи периодично, како дел од маркетинг плановите, кога се бара експанзија на дејноста на компанијата, или проширување на производната линија, или воопшто за подобрувањето на деловните перформанси, но, исто така, и во време на криза кога работите едноставно не одат. Потребата за маркетинг ревизија доаѓа од желбата на топ менаџерите да вршат контрола во рамките на организацијата.[1] Маркетинг ревизијата е дефинирана како многу сложено, систематско, независно и периодично испитување на опкружувањето, на главните цели, на маркетинг стратегиите и активностите. Целта на маркетинг ревизијата е да ги идентификува можностите и/или заканите и да и понуди на компанијата остварлив план за акција, за да ги подобри своите перформанси. Целта на маркетинг ревизијата се состои во проверка на начинот на кој маркетинг концептот се применува од страна на компанијата, во создавањето вредност за

1 Mylonakis, J.: Functions and responsibilities of marketing auditors in measuring organizational performance. International Journal of Technology Management 25(8), 2003, p.814

клиентите, а сето тоа секако за одреден профит.[2] За развивање на независен процес на маркетинг ревизија, како императивен услов за остварување на целта на ревизијата, претпријатијата имаат на располагање две можности: внатрешна ревизија и надворешна ревизија.[3] Внатрешната ревизија може да се спроведе од страна на вработен или група вработени во претпријатието, но не во секторите кои ќе бидат предмет на ревизија. Ова е соодветна алтернатива за остварување на критериумот за независност. Надворешната маркетинг ревизија обично е спроведена од страна на ревизорска фирма или независен овластен ревизор. Ангажирањето надворешен ревизор е оправдана акција, но не треба да се практикува секоја година. Аргументот кој се посочува против вршењето надворешна маркетинг ревизија секоја година се однесува главно на трошоците за таквата ревизија. Имајќи ги овие две можности, секоја компанија мора да одлучи за најповолната и најефикасната форма на ревизија на нејзините маркетинг активност.

**Внатрешна и надворешна маркетинг ревизија**

Со цел да се утврдат предностите и недостатоците на секоја од формите на ревизијата, потребно е да се претстават на компонентите на целосна маркетинг ревизија и тоа: ревизија на маркетинг опкружување, ревизија на маркетинг стратегии, ревизија на маркетинг организација, ревизија на маркетинг системи, ревизија на маркетинг продуктивноста и ревизија маркетинг функциите. Овие шест компоненти на маркетинг ревизијата се полуавтономни, што значи дека компанијата често бара само една од нив и ретко кога е потребна целосна ревизија.[4]

За спроведување на Ревизија на маркетинг опкружувањето, ревизорот мора да ги идентификува промените во деловното опкружување, што значи справување со политичките, економските, социо-културолошките и технолошките фактори, а особено со факторите кои влијаат на пазарот. Овие фактори може да и понудат големи можности на компанијата или напротив, големи закани, но само доколку тие се забележани правилно, на време, и најчесто, ако тие се потпираат на соодветна внатрешни ресурси. Внатрешниот ревизор ја има предноста лесно да ги следи промените во опкружувањето, како што е фокусирање во секое време на дејноста на работењето и лесно поврзување на таквите промени со внатрешните ресурси. Надворешниот ревизор е соочен со маркетинг ревизии за компании од различни дејности, што значи дека неговото истражување е многу потешко, особено ако дејноста во која работи компанијата е нова за него. Тој многу потешко може да ги идентификува и разбере евентуалните можности или закани. Од друга страна, пак, надворешниот ревизор ќе биде во можност ревизијата на опкружувањето да ја спроведе многу побрзо, поради поседување на добро развиени ревизорски процедури.

Со цел да продолжи со Ревизија на маркетинг стратегии, ревизорот мора да ја анализира главната стратегија на компанијата, што значи да ги анализира нејзините цели и задачи. Внатрешниот ревизор е соочен со ризикот на непристрасност, поради сопствената улога во стратегија на компанијата, како составен дел на организацијата. Прашањата кои се поставуваат во оваа ревизија, се многу чувствителни за менаџментот на компанијата, и ова е причината за потешкотиите кои би можел да ги има внатрешниот ревизор во управувањето со нив. Наместо тоа, надворешниот ревизор ќе биде во можност да има јасна и објективна слика за стратегијата на компанијата и начинот на кој таа се вклопува во деловното опкружување.

Ревизијата на маркетинг организација ќе се фокусира на квалитетот на интеракција помеѓу маркетингот и другите функции, како што се финансии, набавки, истражување и развој.[5] Една ревизија на организацијата не е комплетна без воочувањето на согледувањата на вработените, поврзани со нивниот капацитет на вршење на маркетинг-ориентирани активности. Внатрешниот ревизор ќе биде во можност лесно да го согледа квалитетот на интеракција помеѓу маркетингот и другите функции, поради неговото постојано присуство во компанијата, но кога се во прашање интервјуата со вработените за нивниот капацитет на

2 McDonald, M., Keegan J. W.: The Marketing Planning Process in: Marketing plans that work, Butterworth-Heinemann, USA. 2002 p. 15

3 Kotler, P., W. T. Gregor , W. Rogers: The marketing audit comes of age, Sloan Management Review. Classic reprint, Cambridge MA, 2005, p. 14

4 Исто, оп.цит., стр.15

5 Исто, оп.цит., стр.16

соочување со маркетинг-ориентирана активност, се јавуваат проблеми. Вработените можат да бидат значително резервирани кога разговараат со своите соработници за нивниот капацитет и имаат тенденција да даваат поволни одговори. Надворешниот ревизор би можел да се соочи со потешкотии во анализирањето на интеракциите помеѓу функциите на компанијата и може би му требало подолго време за да стекне објективно мислење, но при анализирање на вработените, неговата работа може да биде многу полесна, поради неговата апсолутна непристрасност.

Ревизијата на Маркетинг системите се фокусира на главните системи кои се користат од страна на компанијата со цел да се соберат податоци за планирање и контрола на маркетинг активностите. Ревизорските препораки можат да бидат важна индикација за градење на соодветен маркетинг систем. Ревизорот ги анализира продажбата, дистрибуцијата, развојот на нов производ и други важни аспекти во рамките на маркетинг активностите, со цел понуда на непристрасна препорака. Внатрешниот ревизор ја има предноста за брзо собирање на потребните податоци, поради неговото постојано присуство во компанијата. Препораките на внатрешниот ревизор, би можеле да имаат недостаток, од причини што не можат да бидат апсолутно корисни, баш поради неговиот статус внатре во компанијата. На пример, ако препораките кои треба да бидат понудени, се многу поразлични од политиката на компанијата, ревизорот може да биде резервиран во нивното давање, за да не му противречи на највисокото раководство. Надворешниот ревизор обично спроведува повремена ревизија што значи дека податоците кои се собрани се однесуваат на одреден период на време и тој само ќе ја повторува ревизијата на барање на највисокото раководство. Поради тоа, успешна надворешна ревизија на маркетинг систем е условена од капацитетот на највисокото раководство за одлучување дали е или не е соодветно да се ангажира надворешен ревизор.

Ревизијата на маркетинг продуктивноста го испитува профитот, трошоците и продажбата. Овие податоци обично се обезбедени од страна на сметководството и се анализирани од страна на највисокото раководство и останатите заинтересирани страни. Потпирајќи се на егзактни податоци, овој тип на ревизија се карактеризира со објективност без разлика дали е извршувана од страна на внатрешен или надворешен ревизор. Разликата помеѓу овие два вида на ревизии се состои во дадените препораки. Внатрешен ревизор може да даде некои препораки, на пример, кои се однесуваат на намалување на трошоците кои произлегуваат од општата политика на компанијата, бидејќи тој е дел од неа и таквите податоци се доставуваат до него. Спротивно, надворешниот ревизор може да даде препораки кои не се вклопуваат во политиката на компанијата, кои се многу поразлични и похрабри.

Ревизијата на маркетинг функциите се фокусира на самите маркетинг функции и проверува дали тие работат правилно. Областите на ревизија се: продажната сила, рекламирањето, односите со јавноста и др. Внатрешениот ревизор не може да ја поседува потребната објективност за ревизија на секторот за маркетинг, бидејќи тој често е дел од него. Презентирање на негативен ревизорски извештај до највисокото раководството за активноста на вработените во маркетинг секторот, може да предизвика за него непријатни ситуации во рамките на компанијата. Друга неповолност е тоа што тој не е во можност навреме да ги забележи проблемите, бидејќи тој не е одвоен од работењето на компанијата. Во овој случај надворешниот ревизор може да биде многу поефикасен, бидејќи тој ќе биде во можност да ги идентификува главните прашања и притоа да делува сосема независно.

## Заклучок

Процесот на маркетинг ревизија може да се подели во две категории: надворешна ревизија и внатрешна ревизија. Секоја компанија има слобода да избере меѓу овие две опции кога има потреба од маркетинг ревизија, но за мудар избор, треба да се согледаат предностите и недостатоците на секоја опција. Предностите на надворешна ревизија главно се однесуваат на независноста на ревизорот, објективноста на процесот на ревизија и способноста на давање на корисни препораки кои биле стекнати во текот на

ревизија кај други клиенти. Недостатоците на надворешната ревизија се однесуваат на на трошоците кои ги сноси компанијата генерирани од овој процес, доколку се бара систематска и периодична ревизија. Предноста на внатрешна ревизија се состои во можноста на внатрешниот ревизор да спроведе континуирана ревизија, и во неговите огромни знаења за внатрешната ситуација во компанијата, неговиот неограничен пристап до сите податоци и нформации за компанијата. Внатрешниот ревизор, како дел од компанијата, е многу повеќе запознаен со историјата на компанијата, нејзините слабости и предности. Тој е во состојба да спроведе периодична ревизија без дополнителни трошоци за компанијата. Недостатоците на внатрешната ревизија се однесуваат првенствено на недостатокот на независност, поради припадноста на ревизорот кон компанијата. Тој исто така би можел да има потешкотии во критикување на политиката на компанијата или на грешките на неговите соработници поради неговиот статус во рамките на компанијата. Со цел да се обезбеди вредност за клиентите, секоја компанија треба да пристапи кон маркетинг ревизија. За да балансира со предностите и недостатоците на надворешната и внатрешната маркетинг ревизија, компанијата треба да развие континуирана внатрешна ревизија, која периодично би била надополнувана со надворешната ревизија.

**Користена литература**


1. Kotler, P., W. T. Gregor and W. Rogers III: The marketing audit comes of age, Sloan Management Review. Classic reprint, Cambridge MA, 2005
2. McDonald, M.: The Marketing planning process in: Marketing plans, how to prepare them how to use them 6th edition, Elsevier, London, 2007
3. McDonald, M., Keegan J. W.: The Marketing Planning Process in: Marketing plans that work, Butterworth-Heinemann, USA, 2002
4. Medis, A. P.: Understanding and Application of Marketing Audit, Dept. Of Marketing Management, Univ. of Kelaniya, 2005
5. Mylonakis, J.: Functions and responsibilities of marketing auditors in measuring organizational performance. International Journal of Technology Management 25(8), 2003
6. Taghian, M., Shaw R. N.:The Marketing Audit and Business Performance: A Review and Research Agenda, Proceedings of the Australian and New Zealand Marketing Academy Conference, University of Otago, Dunedin, 1998

**Абдукаримова Л.Г.**
**Баева Е.А.**
**Черемисина Н.В.**
ФГБОУ ВПО «Тамбовский государственный университет имени Г.Р. Державина»

331.1/.2(470)

# АНАЛИЗ СОСТОЯНИЯ И ИСПОЛЬЗОВАНИЯ ТРУДА И ФОНДА ЕГО ОПЛАТЫ В КОММЕРЧЕСКИХ ПРЕДПРИЯТИЯХ: ТЕОРИЯ И МЕТОДИКА ПРОВЕДЕНИЯ

# ANALYSIS OF THE CONDITION AND USE OF LABOR AND FUND ITS PAYMENT IN COMMERCIAL VENTURES: THEORY AND METHODS

The article is devoted to the theory and methodology of the analysis of the condition and use of labour resources to Fund its payment in commercial companies. The relevance of the issue is that almost all commercial structures of Russia has a very low level of productivity, which affects the competitiveness of enterprises in comparison with foreign producers. All this leads to the fact that gradually on the domestic market, many kinds of goods are displaced foreign goods, which are lower in value, due to the low cost price of their production. One of the important factors influencing the worst competitiveness of goods produced at Russian enterprises is low efficiency of use of their workforce.

**Key words:** labour and wage Fund, labour productivity, factors affecting the productivity of labor, the average annual number of employees, average salary.

Статья посвящена теории и методике анализа состояния и использования трудовых ресурсов и фонда его оплаты в коммерческих предприятиях. Актуальность вопроса заключается в том, что почти во всех коммерческих структурах России очень низок уровень производительности труда, что ухудшает конкурентоспособность предприятий в сравнении с зарубежными производителями. Все это приводит к тому, что постепенно на внутреннем рынке многие виды товаров вытесняются зарубежными товарами, которые ниже по стоимости, из-за низкой себестоимости их производства. Одним из важных факторов оказывающих влияние на худшую конкурентоспособность товаров производимых в российских предприятиях является низкая эффективность использования их трудовых ресурсов.

**Ключевые слова:** труд и фонд оплаты труда, производительность труда, факторы, влияющие на производительность труда, среднегодовая численность работников, средняя заработная плата.

Выполнение производственной программы и финансовое состояние предприятия находятся в прямой зависимости от наличия и использования трудовых ресурсов. Поэтому при изучении отчетности предприятия необходимо определить состояние, обеспеченность рабочей силой и степень их использования.

Эти данные можно определить на основе финансовой отчетности, статистической отчетности: «Отчет по труду» с приложениями, «Отчет о затратах предприятия (организации) на производство и реализацию продукции», материалов отдела труда и заработной платы, отдела кадров, сведений о выполнении норм выработки по цехам и профессиям и т. п.

К основным показателям, характеризующим состояние и эффективность использования трудовых ресурсов, относятся: численность работников на определенную дату; среднегодовая численность работников; структура работников предприятия; производительность труда работников; фонд оплаты труда; уровень расходов по оплате труда; средняя сумма оплаты труда на одного работника; соотношение темпа роста оплаты труда с темпом роста объема выпущенной продукции и с темпом роста производительности труда; коэффициенты оборота по приему, увольнению и текучести кадров; абсолютное и относительное отклонение

численности работников по их категориям; экономия или перерасход по оплате труда.

Рассмотрим методику определения и экономическую характеристику каждого из этих показателей.

*Численность работников* на определенную дату характеризует списочный состав работников предприятия. На основании этого показателя дается характеристика абсолютных размеров и темпов изменения численности работников. Для исчисления качественных показателей использования работников (производительность труда, средняя сумма оплаты труда и др.) необходимо рассчитать показатели среднесписочной численности, которая определяется за месяц, квартал и год.

Среднесписочная численность работников показывается в статистической отчетности «Отчет по труду».

*Структура работников предприятия* характеризует долю различных категорий в общей численности списочного состава работников, которая исчисляется в зависимости от целей исследования. Например, доля производственных рабочих в общей численности работников, доля женщин, доля работников с высшим или средним специальным образованием, структура работников по стажу работы и т. п.

На основании показателей структуры работников делаются выводы о социальных изменениях, происходящих на предприятии. Так, увеличение удельного веса работников с высшим специальным образованием характеризует повышение уровня квалификации работников, увеличение удельного веса работников с большим стажем работы по этой специальности – повышение уровня опытных работников и т. д. Все эти качественные изменения влияют, в свою очередь, на производительность труда работников, качество продукции, фонд оплаты труда и другие количественные и качественные показатели работы предприятия.

*Производительность труда работников* характеризует количество продукции, произведенной в единицу рабочего времени, и определяется как отношение выпуска продукции (в стоимостном или натуральном измерении) на среднесписочную численность работников. Следует различать среднечасовую, среднедневную, среднемесячную, среднеквартальную и среднегодовую выработку продукции (производительность труда).

Среднечасовая выработка продукции определяется делением количества выработанной продукции за какой-либо период (месяц, квартал, год) на число отработанных рабочими за этот период человеко-часов. Остальные показатели средней выработки определяются также делением количества выработанной продукции на среднюю численность работников за каждый из этих периодов.

Производительность труда – один из основных показателей эффективности работы предприятия, влияющий на все количественные и качественные показатели работы предприятия: объем произведенной и реализованной продукции, численность работников, фонд оплаты труда, себестоимость продукции, сумму прибыли и уровень рентабельности.

Как правило, увеличение производительности труда приводит к экономии по фонду оплаты труда и снижению себестоимости продукции.

Темп роста производительности труда, согласно объективному экономическому закону эффективности труда, должен быть выше роста фонда оплаты труда, численности работников и роста производственных затрат.

*Фонд оплаты труда* – общая сумма денежных средств, предназначенная или начисленная для выплаты работникам за определенное время (месяц, квартал, год).

Следует различать фонд оплаты труда промышленно-производственного персонала и персонала, занятого в непроизводственной сфере предприятия (в жилищных, коммунальных службах, детских садах и т. д.).

При изучении фонда оплаты труда промышленного персонала выделяют оплату труда рабочих, ИТР, служащих, учеников, младшего обслуживающего персонала и работников охраны. По этим же категориям работников определяют и изучают их структуру, т. е. долю оплаты труда работников по категориям в общей сумме фонда оплаты труда.

В структуре оплаты труда должен превышать удельный вес, а также темп роста оплаты труда производственных работников. Темп роста оплаты труда также необходимо сравнить с

Актерите на финансискиот пазар некогаш манипулирајќи со финансиските трансакции од типот нереално вреднување на одредена валута после процес на стабилизација во постинфлационен период, исто така, може да предизвика турболенции во финансискиот систем на одредена земја. Брзата експанзија на домашниот финансиски сектор исто така може да резултира со нискоквалитетни портфолија за заеми и сериозна подложеност на удари врз курсот на одредена валута.

Азиската криза од 1997/99 година, исто така беше централна тема на анализа на финансиските пазари и привлече големо внимание за експертите. Тука можеме да го спомeнеме фактот и сознанието дека не е неопходно да се појават препознатливите и чести симптоми што најчесто се јавуваат за предкризниот период. Во овој случај, традиционалните извори на нестабилност се отсутни на подолг рок. Мерките на фискалната политика се премногу заострени, а инфлацијата е во реални рамки за одреден број земји од тој регион. Во најчест случај, портфолието на заеми и задолженост во секторот за финансиско оправување е оптоварен со долгови и е финансиски многу ранлив како резултат на слаби неквалитетни инвестиции и лоши услови при задолжување. Слабостите во финансиските и корпоративните сектори биле единствената заедничка нишка помеѓу погодените земји со финансиската криза во Азија. Одливите на финансии кои потекнуваат од ранливите финансиски пазари како и несредениот со многу ранливи агрегати финансиски пазар при заедничкиот економски настап од страна на инвеститорите со за себе препознатливи претрпазливи мерки не само во смисла на здружување и атак врз девизниот пазар, туку и во нивната тенденција да го префрлат капиталот надвор од целокупниот регион е еден од битните фактори во ширењето на азиската „епидемија“.

Изработувањето на стандардните модели за превенција од кризи општо е премногу тешко бидејќи таков модел не постои. Но, голем број од заедничките фактори за предизвикувањето на финансиските кризи можат да се идентификуваат, односно селектираат во заеднички модел. Таков е случајот со задолжувањето во Меѓународните финансиски институции, а лошото управување со средствата добиени од нив можат да бидат исто така загрижувачки фактор или пак да не го заборавиме општото ниво на надворешни долгови кои имаат тенденција на зголемен раст споредувајќи го со периодот пред тоа. Движењето на ценовните индикатори за вредноста на капиталот исто така можат да бидат заеднички индикатори кои би навестувале криза на финансискиот пазар. Платежно трговските биланси на една земја кон други, и нејзината домашна макроекономска состојба се релевантни за барање на симптоми за најава на можна криза.

Во факторите кои што тешко можат да се предвидат, а се релевантни за предупредување на

кризите е и нивото на чувствителност на некоја национална економија на странски инвестиции кои особено се значајни за развојот на економијата на таа земја, а тоа е спесифика за земји со недоволно развиено стопанство и слаба поврзаност со компаниите надвор од државата на глобално ниво.

Или обратно една држава може да има релативно ниско ниво на задолженост кое треба истото да се сервисира во краток временски период кое е преземено од случајни непредвидливи околности, но истото не би требало да значи и индикатор за чуствителност, односно неотпорност на криза ако државата има силна економска основа и добар рејтинг во финансискиот сектор надвор од границите на конкретната земја.

Други индикатори кои што не смееме да ги занемариме се исто така флуктуацијата на цените на одредени економски агрегати на меѓународните финансиски пазари каде што наглото нивно менување би придонело за ризик односно закана за пројавувањето на кризи од различен тип.

Стравувањето од процесите на девалвација, брзото и панично реагирање, исто така можат да ги нарушат каматните стапки и соодносот капитал - профит деноминиран во странска и домашна валута. Истото може да влијае особено на процесите на инвестирање на странски компании во земјата во која што поради осигурување на вложените инвестиции би користеле систем на осигурување на капиталот, а заемодавачите осигурување на долгот. Ова би го искористеле и останатите партиципиенти на домашните берзи на стока на пазарот кај конкретната земја што би влијаело врз распростанетоста на инструментите како што е „Брејди Соработката" и намалување на еквивалентните цени за соодветни производи.

Различните цени на капиталот во мноштвото агрегати можат да сигнализираат за економска нерамнотежа, бидејки се подложени на ризици од различни економски чинители.

Да не се запостави фактот дека проширувањето на интернет трговијата и проширувањето на меѓународните пазари го прави ситемот ранлив, подложен на брзи инстуционални влијанија кои можат да доведат до можни кризни ситуации. Сето ова покажува дека системот за рано предупредување на можни кризи не може да биде унифициран иако е третиран со внимание, подложен на експертска анализа и со давање на соодветно експертско мислење.

Системот за рано откривање на можни кризни финансиски ситуации, треба да е насочен и на индикаторите на одбранбените механизми, односно правење на економски бариери за заштита на валутните домашни движења во насока на успешна одбрана на валутата од напад како на пример, цврста валута што е помалку чувствителна на серизни нарушувања, наспроти валута која нема цврста економска основа. Всушност, покритието понудено на ниво на разни финансиски институции кои потекнуваат и најчесто се однесуваат на брзи задолжувања од надворешни и домашни извори би било идентификувано како мерка на чувствителност од напад на домашната валута.

Финансиските состојби, односно биланси на централната банка и слободните кредитни линии во финансискиот систем на земјата се клучни показатели за чувствителноста на финансискиот систем и почетокот на манифестирање на симптоми на кризните состојби. Држави со слаби економски основи иако со добар економски развој не би можеле да бидат имуни на кризи на подолг рок, а држави со релативно добар економски потенцијал, но со умерен економски развој исто така не се имуни на напад од неинформирани инвеститори, но за разклика од другите се помалу изложени на напад и повеќе можат да се одбранат од некој непредвидлив закануавачки економски фактор.

Индикаторите за ранливоста на одреден пазар можат да имаат релевантна улога во консолидирање на системот за предупредување на пример, како што се индикаторите кои што можат да бидат користени од цени на одреден вид на капитал или од извоз на тој капитал во други држави. Можноста за реакција на соодветниот пазар на надворешните влијаниа е важна компонента, а во суштина е тешко мерлива и тешко може да се компарира.

Експертите би сакале да се занимаваат со процесот на индикативно однесување на нестабилните економски и финансиски пазари. За да се изнајде успешен систем за рано предвидување на кризите и спознавање на клучните индикатори за појавувањето на кризите, односно рано предупредување, потребно е осознаените вредности да бидат компаративно

споредливи и вредносно изразени. Времето е исто така битен фактор во експертските анализи бидејки релевантната информација во право време треба да ја имаме како примарна затоа што временската функција е една од најбитните компоненти во сегашните брзи интернет трансакции. Можеби најдобрите примери за чувствителност на системите од предупредувачките кризни закани ги вклучуваат и податоците за состојбата на системот во ситуации при давање на финансиски позајмици или капитална комплементарност што е чест случај и лош пример.

Да заклучиме, употребувајќи разновидни критериуми и експертски анализи, економистите успеале да создадат повеќе модели за рано предупредување од финансиски кризи, но да не го заборавиме и потцениме фактот дека сто процентни модели за превенција и рано откривање на можни закани од кризи не постојат.

**Користена литература:**

1. Boon. P. Jonson S[ 2011 04 10]The future of banking is more regulatin needed?Peterson institute for international economics
2. Kovac.O. [2009] Uzroci i moguci koncepti resavanje svetske ekonomske krize
3. Krugman.P.[2007] After the money gone The New York Times 14 december 2007
4. Radonjic.O. [2009] Keynesova teorija konvecionalnog odlucivanja na finansiskim trzistima
5. World Bank [2008] Global economic prospects 2008;Technology diffusion in the developing world,Global ekonomic prospects 1-16
6. Krugman.P.[2009] How did economists get it wrong ? New York : New York Times, September 6 ,2009

339.727.22:332.146.2(100-773)

**Olivera Gjorgieva-Trajkovska**
University Goce Delcev-Stip, olivera.trajkovska@ugd.edu.mk
**Vesna Georgieva Svrtinov**
University Goce Delcev-Stip, vesna.svrtinov@ugd.edu.mk
**Aleksandar Kostadinovski**
University Goce Delcev-Stip, aleksandar.kostadinovski@ugd.edu.mk

# CONTRIBUTION AND PROBLEMS OF FOREIGN INVESTMENT TO SUSTAINABLE DEVELOPMENT OF DEVELOPING COUNTRIES

Abstract: Foreign direct investment impacts on investments in the domestic economy are significantly higher comparing to those of other capital flows. Besides evident direct FDI (foreign direct investment) effects on investments, there are so-called indirect effects that can be positive (crowding in) or negative (crowding out). Besides the transfer of new technologies, expertise and good practices with FDI inflows, the positive crowding in effects of FDI appear when FDI generate new investments by other domestic companies, where the relationship input - finished goods or inversely could be set up.

Today the process of economic liberalization, improved transport and communication systems and increased global demand for commodities like energy, mineral resources and agricultural products, have fostered investments in related projects, especially in developing countries. This create opportunity, but also risks for sustainable development of these countries. That's why governments must carefully evaluate the terms and consequences of investment projects and also the extent to which they advance-or undermine sustainable development goals, like poverty reduction or environmental protection.

**Key words:** foreign investments, sustainable, development, developing countries, contribution, improvements

## Introduction

There are many dimensions to sustainability. First, it requires the elimination of poverty and deprivation. Second, it requires the conservation and enhancement of the resource base which alone can ensure that the elimination of the poverty is permanent. Third, it requires a broadening of the concept of development, so that it covers not only economic growth, but alsosocial and cultural development. Fourth, and most important, it requires the unification of economics and ecology in decision making at all levels.

The principle of sustainable development is at the very heart of international environmental law. This principle not only recognizes the right to economic development of the developing countries but also emphasizes the importance of environmental protection. Critics of economic globalization have identified that the competition between countries for investment may result in a neglect of environmental concerns; that national governments are gradually losing their influence over important domestic issues; and that globalization undermines the traditional balance of power between rich and poor.[1]

*"Gllobalization must mean more than creating bigger markets. To survive and thrive, a global economy must have a more solid foundation in shared values and institutional practices"*.

In the second half of the twentieth century, apart from the international law on the use of armed force, no area of international law has generated as much controversy as the law relating to foreign investment. Yet it has emerged as the most important phenomenon in today's economic relations. In general terms foreign investment means the transfer of tangible or intangible assets from one country into another, for the purpose of use in that country to generate wealth, under the total or partial control of the owner of the assets.

1 Jan McDonald, The Multilateral Agreement on Investment; Heyday or MAI-Day for Ecologically Sustainable Development, Melbourne UNN. L.R. 617, 620 (1998).

## The role and problems of foreign direct investment

Foreign direct investment (FDI) has proved to be resilient during financial crises. For instance, in East Asian countries, such investment was remarkably stable during the global financial crises of 1997-98. In sharp contrast, other forms of private capital flows—portfolio equity and debt flows, and particularly short-term flows—were subject to large reversals during the same period

This resilience could lead many developing countries to favor FDI over other forms of capital flows, furthering a trend that has been in evidence for many years (Chart 1).




Economists tend to favor the free flow of capital across national borders, because it allows capital to seek out the highest rate of return. Unrestricted capital flows may also offer several other advantages, as noted by Feldstein (2000). First, international flows of capital reduce the risk faced by owners of capital by allowing them to diversify their lending and investment. Second, the global integration of capital markets can contribute to the spread of best practices in corporate governance, accounting rules, and legal traditions. Third, the global mobility of capital limits the ability of governments to pursue bad policies.

In addition to these advantages, which in principle apply to all kinds of private capital inflows, Feldstein (2000) and Razin and Sadka note that the gains to host countries from FDI can take several other forms:

- FDI allows the transfer of technology—particularly in the form of new varieties of capital inputs—that cannot be achieved through financial investments or trade in goods and services. FDI can also promote competition in the domestic input market.
- Recipients of FDI often gain employee training in the course of operating the new businesses, which contributes to human capital development in the host country.
- Profits generated by FDI contribute to corporate tax revenues in the host country.

The role of foreign direct investment (FDI) in promoting growth and sustainable development has never been substantiated. There isn't even an agreed definition of the beast. In most developing countries, other capital flows - such as remittances - are larger and more predictable than FDI and ODA (Official Development Assistance).Several studies indicate that domestic investment projects have more beneficial trickle-down effects on local economies. Be that as it may, close to two-thirds of FDI is among rich countries and in the form of mergers and acquisitions (M&A). All said and done, FDI constitutes a mere 2% of global GDP.[2]

Many transnational corporations are net consumers of savings, draining the local pool and leaving other entrepreneurs high and dry. Foreign banks tend to collude in this reallocation of financial, where withal by exclusively catering to the needs of the less risky segments of the business scene. Additionally, the more profitable the project, the smaller the net inflow of foreign funds. In some developing countries, profits repatriated by multinationals exceed total FDI. This untoward outcome is exacerbated by principal and interest repayments, where investments are financed with debt and by the outflow of royalties, dividends and fees. This is not to mention the sucking sound produced by quasi-legal and outright illegal practices such as transfer pricing and other mutations of creative accounting.

2 Sam Vaknin, Ph.D."Why the Constant Failure to Attract FDI to Macedonia?",Conference, Skopje, 2011

In general, developed countries have dictated the rules or terms for receiving incoming investment through regional and bilateral agreements and conditions imposed by international financial institutions. Usually justified by a need to protect foreign investors against outright seizure or abusive regulation, international investment rules grant broad rights and enforcement powers to investors, but in the process they restrict the ability of national and local governments to regulate the activities of foreign investors to meet local developmental, environmental or social priorities. In practice, the "high standard" model of international investment rules has proved to favor the narrow commercial interests of corporate investors over broader societal interests, which is compounded by the failure of existing investment agreements to require even minimum corporate responsibility standards.

Many think that the most troublesome aspect of this flawed approach to managing international investment flows is the inclusion of a direct investor-to-state dispute mechanism in some bilateral investment treaties. This brief describes the key provisions of the "high standard" model of investment liberalization promoted by certain developed countries and illustrates the danger it presents to sustainable development policies, through the use of several case studies.

## Some facts about the FDI in Macedonia

FDI inflows are considered as ones of the main driving forces of the transition economies. The average FDI net inflows in the Macedonian economy in the period 1999 – 2010 were about 4% of GDP, which is relatively lower compared to some other transition economies (the Czech Republic, Slovakia, Bulgaria, the Baltic countries). This could be explained by various reasons. Potential foreign investors are sensitive to numerous factors when making decision about investing abroad, starting from the market size, economic developments and general prospects for growth of the economy, and going further to business climate, overall infrastructure, regulatory and administrative issues. It must be noted that FDI

inflows were quite stronger in the period 2006-2008, that coincide with a stronger GDP growth in these years.[3]

The analysis of the FDI stocks by sectors has shown that FDI inflows in the non- tradable sector were higher compared to those in the tradable sector, therefore contributing to a higher and faster growing GDP in the non-tradable sector. Within the non-tradable sector, the largest portion of FDI inflows was in the telecommunication sector.

## Conclusion

Low-income or industrializing (developing) countries, such Republic of Macedonia, can benefit greatly from foreign investments inflow. Macedonia is constantly at the bottom of the state recipients of foreign direct investments in Europe. The researches shows that besides government inability, corruption, geographic and political risks and lack of modern infrastructure, the main principals for current situation are: overall wrong way of functioning of institutions, lack of commitment to true reforms, underdeveloped private sector, specific mentality, low level of research, development and innovations, inconsistent education system, different banking system and undeveloped capital market. All these points are actually main areas which deserve attention and hard work, toward their improvement and bringing them in state favorable for attracting foreign investments, necessary for sustainable development of the country.

## References

1. Jan McDonald, The Multilateral Agreement on Investment; Heyday or MAI-Day for Ecologically Sustainable Development, 1998
2. Benacek, V., Gronicki, M., Holland, D., Sass, M. (2000). The Determinants and Impact of Foreign Direct Investment in Central and Eastern Europe: A comparison of survey and econometric

3 Aneta Krstevska and Magdalena Petrovska"The economic impacts of the foreign direct investments: panel estimation by sectors on the case of Macedonian economy", Journal of Central Banking Theory and Practice, 2012

evidence, Transnational Corporations, Journal of United Nations, vol.9, no. 3, New York

3. Dunning, John H. and John Dilyard (1999). "Towards a General Paradigm of Foreign Direct and Foreign Portfolio Investment," Transnational Corporations, No. 8, April, forthcoming.

4. Eichengreen, Barry and Michael Mussa (1998). "Capital Account Liberalisation and the IMF," Finance and Development, No. 35, December.

**Доц. Д-р Стојан Дукоски**
**Д-р Катерина Дукоска**

331.101.262:37

# МЕНАЏМЕНТОТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ЧОВЕЧКИОТ КАПИТАЛ ВО ОПШТЕСТВОТО

**АПСТРАКТ:** Современата економска теорија денес, човечкиот капитал го издига високо на пиедесталот на факторите на развојот без кој нема просперитетна развиена функционална пазарна економија потребна на секоја држава и на секој нејзин граѓанин.

Зголемувањето на производствените способности на поединецот имаат најголемо влијание врз економскиот растеж. Човечкиот капитал се зголемува во образовниот систем, а со тоа се зголемува и неговиот придонес за економскиот развој. Образовниот систем директно влијае врз развојот на економиите на земјите. Универзитетите денес, треба постојано да ја докажуваат исплатливоста на инвестициите во образованието, пред Владите и пред бизнис заедниците.

**Клучни зборови:** Човечки капитал, ресурси, образование, инвестиција, потрошувачка

**ABSTRACT:** Modern economic theory today, human capital rises high on the pedestal of the factors of development without which no prosperous developed a functioning market economy requires every state and every citizen.Increase the production capabilities of the individual have the greatest impact on economic growth. Human capital increases in the education system, thereby increasing its contribution to economic development. The educational system directly affects the development of the economies of the countries. Universities today have to constantly prove the feasibility of investment in education, to governments and to the business community.

**Keywords:** Human capital, resources, education, investment, consumption

## Вовед

Со воведувањето на пазарната економија, во земјите во транзиција, постојано почна да се зборува за капитал. Притоа, се мисли на пари, акции, машини, згради, поседи и слично. Секако, сето тоа претставува капитал, кој на сопствениците им носи приход во подолг временски период.

Ние сакаме да укажеме на постоењето и на важноста на еден посебен вид капитал човечкиот капитал, за кој кај нас сѐ уште малку се зборува.

Во економската теорија, човечкиот капитал се анализира од два аспекта и тоа: од микроекономски аспект, каде во основа се истражува влијанието на количеството на човечкиот капитал врз заработувачките на поединците, и од макроекономски аспект, каде акцентот е ставен на придонесот на човечкиот капитал врз економскиот развој.

Во услови на функционална пазарна економија, човекот во економските анализи се третира како потрошувач и како производител. Како потрошувач тој го детерминира производството, а со тоа и карактерот и темпото на економскиот развој. Како производител, тој непосредно влијае врз порастот на продуктивноста

Теоријата за човечкиот капитал настанала како резултат на потребата да се изнајде метод за квантификација на производствените способности на поединецот, односно да се овозможи комплетна квантитативна и квалитативна анализа на човечкиот фактор.

За таа цел, во современата економска анализа е воведена категоријата човечки капитал кој се дефинира како збир на производствени вештини, талент и знаења на поединецот, стекнати преку:образованието, НИР, обуките и искуствата. Овие елементи на човечкиот капитал ги создава образовниот систем на секоја земја каде пресудна улога имаат Универзитетите.

Поимот човечки капитал е погодно име за човечкиот производствен капацитет, од две причини:Прво, затоа што поединецот произведува добра и услуги, и овој вид капитал ја „задоволува"основната економска дефиницијана капиталот, како богатство коешто може да биде употребено за производство на друго богатство;

Второ, и за нас поважно е затоа што, производствените способности, односно стекнувањето на човечкиот капитал, како знаење, можат директно да се поврзат со инвестициите во секторот на образованието. Во тој контекст, особено интересни се инвестициите во образованието, НИР и обуките кои директно создаваат производствени вештини и знаење, а столбот на тој процес се Универзитетите

**Концептот на човечкиот капитал во економската мисла**

Економската анализа за човечкиот капитал во западните економии, започнува некаде во почетокот на шеесеттите години, а кај земјите во транзиција, дури по распадот на социјализмот или со 30 години за доцнување. Ренесансата на развојната економска мисла, а со тоа и на концептот на човечкиот капитал, како знаење, започнува некаде кон средината на 60-тите години со трудовите на неокласичните економисти, кои ја започнаа „ерата на човечкиот капитал".

Сметајќи го техничкиот прогрес за ендоген извор на економскиот растеж, тие за пресудна ја нагласија улогата на човечкиот капитал.

Тие заклучија дека без човечки ресурси со квалитативни особини кои се стекнуваат на универзитетите, нема технички и технолошки прогрес, ниту пак развој на економијата. Концептот на човечкиот капитал помага да се решат четирите главни проблеми кои се среќаваат во економските анализи, и тоа: агрегацискиот проблем, инвестициониот проблем, проблемот на развојот и проблемот на сиромаштијата и дистрибуцијата на доходот.

Трудот, физичкиот капитал и природните ресурси, се основните конвенционални фактори за производство на добра и услуги. Хетерогеноста е нивната заедничка карактеристика.

Оттука и проблемот да се квантифицира и измери хетерогениот збир на добра, од кои овие фактори се составени. Но тоа неважи и за третиот конвенционален фактор - трудот. Работниците не се предмет на купување и продавање на пазарот на трудот, туку на пазарот на трудот се продаваат нивните производствени услуги. За таа цел се користи човечкиот капитал, кој може да ја измери вредноста на производствените услуги на поединецот, односно неговиот производствен капацитет, кој директно е резултат на стекнатото знаење.

Бидејќи многу индивидуални и општествени издатоци се дизајнирани да ја зголемат трудовата производствена способност, преку: образование, НИР, обуките или преку подобрување на здравствената состојба на работниците, се јавува потребата од изнаоѓање методи за анализа и носење на „добри"инвестициони одлуки во овие области. Токму концептот на човечкиот капитал ја олеснува работата. Тој овозможува апликација на постојните методи и техники кои се користат при инвестиционите одлуки во физичкиот капитал и во инвестиционите одлуки, кои директно влијаат врз количеството на човечкиот капитал на поединецот и општеството.

Со други зборови, концептот на човечкиот капитал овозможува инвестициите во човечките ресурси да се третираат исто како и инвестициите во било која друга дејност, односно како капитал кој има своја цена и своја стапка на рентабилност. Познато е дека доколку трудот се третира како хомогена стока, многу тешко може да се откријат изворите на економскиот растеж.

Во истражувања на американската економија, се доаѓа до сознание дека, доколку продуктивноста на трудот се држи на исто ниво (непроменета), тогаш можат да се објаснат само 31% од промените во вкупниот аутпут. Од нив, 15% се припишува на зголемувањето на квантитетот и квалитетот на земјата и физичкиот капитал, а16% на зголемувањето на квантитетот на трудот, а на унапредувањето на квалитетот на трудот (човечкиот капитал), му придава 38%. Како ѝ да е, зголемувањето на производствените способности на поединецот имаат најголемо влијание врз економскиот растеж. Човечкиот капитал се зголемува во образовниот систем, а со тоа се зголемува и неговиот придонес за економскиот развој. Образовниот систем директно влијае врз развојот на економиите на земјите.

**Знаењето како вид човечки капитал**

Во економската теорија образованието се набљудува двострано. Од една страна, образованието се третира од институционален аспект како процес (дејност), при што главниот

акцент се става на неговата организациска поставеност и ефикасност.

Од друга страна пак, се третира како еден од облиците на човечкиот капитал, или како активност преку која се стекнуваат знаењата на поединецот и општеството во целина. Во тој контекст, особено се битни инвестициите во образованието, кои по дефиниција претставуваат активности коишто влијаат врз зголемувањето на знаењето, вештините и способностите на поединците, односно врз порастот на нивната продуктивност.

За третманот на знаењето како вид човечки капитал, познатиот американски економист и нобеловец TheodoreW. Schullz, ќе рече дека: „образованието е „човечко", зашто е интегрален дел од човекот, а дека е капитал, зашто претставува извор на идни сатисфакции, заработувачки и приходи".

Поимот знаење кое се стекнува во образовниот систем, може да го дефинираме во потесна и во поширока смисла. Во потесна смисла, знаењето би го дефинирале како капитал којшто се стекнува во образовните институции, при што, ваквиот вид образование е познато како формално (редовно) образование.Сфатено во поширока смисла пак, знаењето покрај формалното го опфаќа и знаењето стекнато во т.н. неформално образование, кое не е врзано за образовните институции. Овде е потребно да потенцираме дека постои директна врска меѓу неформалното и формалното образование која особено се протежира од страна на ЕУ и другите земји со развиена пазарна економија. Кај земјите во транзиција, неформалното образование не е на посакуваното ниво и тоа е предизвик за нова дејност на високообразовните институции.

## Заклучок

Современата економска теорија денес, човечкиот капитал го издига високо на пиедесталот на факторите на развојот без кој нема просперитетна развиена функционална пазарна економија која е потребна на секоја држава и на секој нејзин граѓанин. Земјите во транзиција доцнат 3-4 децении во теоретското разјаснување и правилното лоцирање на овој првокласен ресурс без кој едноставно нема прогрес.

Универзитетите денес се најповиканите, најкомпетентните и најодговорните во создавањето, обликувањето, претставувањето, постојаното надградување и создавањето на амбиент за правилно вреднување на човечките ресурси и на човечкиот капитал, во чие

создавање тој целосно се вложил. Само современ универзитет кој успева да создава посакувани човечки ресурси кои се прифатени од пазарот на трудот и кој успева да ја убеди и државата и бизнис заедницата и поединецот дека, најисплатлива инвестиција е

токму онаа во човечкиот капитал и кој успева да ги обезбеди тие инвестиции, е успешен универзитет.

Потребна е анализа и вреднување на сите фактори кои придонесуваат за стекнување на индивидуален капитал во знаење и да се утврдат начини за нивно финансирање.

## Користена литература

1. Гоцевски,Т.,1994.Пазарната економија и економското образование на педагошките кадри, Скопје, Годишен зборник на Филозофски факултет.Гоцевски, Т.,1994.
2. Новите тенденции на пазарот на трудот и идните занимања, Струга, Зборник на трудови. Гоцевски,Т.,2002
3. Политички и економски систем, Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј". Гоцевски, Т., 2009.
4. Економика на образованието, Куманово: Македонска Ризница.Гоцевски, Т., 2008. Образовен менаџмент,Скопје: Филозофски факултет
5. Liikanen,E.,2002.Helping businesses grow, Luxembourg: European Communities
6. Стојановиħ,Р.,1970.Велики економски систем, Београд: Институт за економска истраживања
7. Шуклев,Б.,1995.Економската наука и менаџментот, Скопје: Економски факултет.
8. Узунов,Н.,1995.Посебната улога на економската наука, Скопје: Економски факултет.

**м-р М. Гроздановска – дипломиран правник**
Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин"
Св. Николе - Битола, Република Македонија marija.grozdanovska@msu.edu.mk

343.263.2:654.93

# ЕКОНОМСКА ОПРАВДАНОСТ ЗА ПРИМЕНА НА КУЌЕН ПРИТВОР СО ЕЛЕКТРОНСКИ МОНИТОРИНГ

# ECONOMIC JUSTIFICATION FOR THE USE OF HOUSE ARREST WITH ELECTRONIC MONITORING

**Апстракт:** Куќниот притвор како алтернатива на притворот, сè повеќе го привлекува вниманието во нашето кривично право и на меѓународен план, па токму поради тоа е и предмет на истражување на овој труд. Целта на трудот е да укаже на економската оправданост за примена на куќен притвор со електронски мониторинг, но само во случаите каде се исполнети условите за примена на ова мерка за обезбедување присуство на обвинетиот во текот на кривичната постапка.

**Клучни зборови:** притвор, алтернативни мерки, куќен притвор, електронски мониторинг, економска оправданост.

**Abstract:** House arrest as an alternative to detention, increasingly attracts attention in our criminal law and international level , and therefore is the subject of this research paper. The purpose of this article is to point out the economic justification for the use of house arrest with electronic monitoring, but only in cases where the conditions for the application of this measure to ensure the presence of the accused during the criminal proceedings are met.

**Keywords:** custody, alternative measures, house arrest, electronic monitoring, economic feasibility.

## Вовед

Куќниот притвор како алтернатива на притворот, во најширока смисла претставува мерка со која една држава го ограничува движењето на поединецот на кому истата му е определена, а која по правило е поблага од притворот. Смислата на куќниот притвор кој сè почесто се сретнува во споредбеното право е целта на мерката притвор, кога е можно да се оствари со една помалку интрузивна мерка. Односно тој е воведен како мерка за обезбедување присуство на обвинетиот со цел да се избегне долготрајно и скапо притворање на лицата кои извршиле полесни кривични дела во специјални притворски установи, од што произлегува и економска оправданост за негова примена.

## Куќен притвор

Куќниот притвор е мерка кој низ историјата се применувала за припадниците на владејачката класа или општествената елита која ќе паднела во немилост на власта, а чие погубување, затворање или прогонство се сметало за неприкладно од политички причини. Во XX век оваа мерка стекнала голем публицитет. Популарноста на оваа мерка ја потпомогнал и развојот на технологијата, односно специјалната електронска белегзија која лицата кои се во куќен притвор се должни да ја носат, затоа што истата ги известува службите кои вршат надзор секогаш кога лицето се обидува да го напушти куќниот притвор. Според начинот на вршење контрола на лицето кое е во куќен притвор се разликуваат два вида куќен притвор:

- Куќен притвор во класичен облик – без електронско набљудување и
- Модерен куќен притвор – со електронско набљудување.

Прв појавен облик на куќниот притвор е класичното куќно затворање, проследено со низа обврски како што се: забрана да го напушта домот, обврска да одговара на ненајавени телефонски повици, ненадејни посети во домот и др. Модерниот куќен притвор пак подразбира согласно развојот на техниката и технологијата во современото општество, воведување на електронско набљудување на лицето кое е во куќен притвор. Опремата за електронско набљудување е скапа, но во споредба со трошоците за затворање се доаѓа до заклучок дека електронски набљудуваниот куќен притвор е сепак поефтин[1]. Куќниот притвор е и економски исплатлив и атрактивен, во споредба со трошоците за изградба на нови притворски установи. Според некои процени трошоците за електронско набљудување на лица во куќен притвор се десет пати помали од трошоците за престој во притворска установа. Откако ќе се воспостави системот за електронски мониторинг за што се потребни основни средства, натамошната примена на оваа мерка е значително поефтина од притворските трошоци, затоа што државата за лицата кои ќе бидат електронски следени во нивните домови нема да има трошоци за сместување, храна, облека и здравствено осигурување, а и плус ќе добива одредена сума пари кои како хонорари ќе се уплаќаат од лицата во куќен притвор на сметка на државата и од нив ќе се покриваат трошоците за електронскиот мониторинг. Па затоа електронско следење се смета за високо економична алтернатива во однос на притворањето. Додека пак издржувањето на мерката притвор во притворските установи предизвикува соодветни финансиски трошоци за државата. Низа предности кои ги има куќниот притвор во однос на притворот се: одбегнување на стигматизација; доколку судот не ги ограничи контактите со лица, лицето кое се наоѓа во ваков вид притвор може да продолжи да оди на работа, ги задржува контактите со своето семејство, пријателите и е постојано активно во социјалната средина; одбегнување на криминална инфекција; фрустрации; редуцирање на рецидивизмот[2]; економски бенефит за државата[3]; намалување на притворската пренатрупаност; постоење на посебни социјални служби чие образование, обученост и искуство се неопходни за успешно извршување на оваа мерка и др. Како негативни страни на куќниот притвор се наведуваат: дискриминација на сиромашните, поради надоместокот кој го плаќа лицето кое е во куќен притвор[4]; недостатоци што може да се појават на технологијата која се користи за електронски мониторинг; ризици и емоционални ефекти; модерниот куќен притвор може да си го дозволат само високо развиените држави, оние кои располагаат со развиена компјутерска технологија; куќниот притвор покренува мноштво етички и морални прашања[5] и сл.

## Куќниот притвор во Република Македонија

На европски тло се забележува претпазливост во прифаќањето на американската практика за електронско набљудување, пред сè поради низа контроверзии, дилеми и критики кои го следат истото. Повеќе европски земји сметаат дека оваа мерка е во колизија со човековите

1 Цената на уредите за електронски надзор во САД се движи од 3000 до 10000 долари. При што најефтини се оние уреди кои регистрираат само дали лицето го напуштило определениот простор, без таканаречен локатор на движење.

2 Една студија во САД покажала стапка на рецидивизам од 3% за електронски набљудуваните случаи на домашен притвор.

3 Во просек, куќен притвор со електронското набљудување во САД чини од 5 до 20 долари дневно, додека центрите за притвор може да се движат од 100 до 160 долари дневно. Во САД, годишно се потребни 26 000 долари за едно лице да се смести во притворска установа (во оваа сума влегуваат трошоците за храна, електрична енергија, плати на затворскиот пероснал, а не и трошоците за изградба на нови затвори и проширување на старите), а околу 6000 долари за електронски мониторинг.

4 Еден американец куќниот притвор би го чинел од 150 до 620 долари месечно или во просек околу 5 до 20 долари дневно. Токму тоа е еден од најголемите проблеми со електронскиот мониторинг. Ако лицето на кое му е определен куќен притвор со електронски мониторин не може да си дозволи да ги плати надоместоците поврзани со мониторингот, мерката може да биде прекината, со што се воспоставува дискриминаторски однос кон сиромашните лица. Во однос на сиромашните семејства кои не можат да си дозволат електронско следење, по примерот на САД, државата треба да финансира програма за покривање на сите трошоци. Ако електронскиот мониторинг е недостапен за одредено лице поради финансиски причини, државата треба да му овозможи субвенциониран план и опција на сиромашните лица да извршат служба за заедницата во замена за плаќање.

5 Дали смееме да ги претвориме домовите во притворски установи? Како се чувствуваат домашните на лицето кое се наоѓа во куќен притвор? Дали истите воопшто имаат приватност? Колку се повредува нивната приватност со електронското набљудување, ненадејните телефонски јавувања и посети? Какви се чувствата на лицата кои се наоѓаат во куќен притвор во однос на другите членови на семејството? До каде може да стаса развојот на технологијата? Дали мониторингот при куќниот притвор ќе вклучи и визуелно набљудување? Што секако не е цел на оваа мерка и во таков случај подобро би било лицето да се упати во притворска установа, наместо да остане во куќен притвор.

слободи и права, но евидентен е фактот дека расте бројот на државите кои ја прифаќаат истата.[6]

Следејќи го трендот на потрага по алтернативи за притворот, македонскиот законодавец во Новелата на Законот за кривична постапка од 2004 година, покрај другото воведува и алтернативни мерки и за прв пат во РМ го воведува куќниот притвор. Куќниот притвор заедно со другите мерки за обезбедување присуство на лица и за непречено водење на кривичната постапка се систематизирани во посебна глава во ЗКП на Република Македонија[7]. Ако постои основано сомнение дека определено лице сторило кривично дело и има услови за определување притвор од членот 165 став (1) на ЗКП, судот може да определи мерка куќен притвор и да му нареди на тоа лице да не го напушта домот за определено време. Основ за определување на куќен притвор е само првиот основ за кој може да се определи притвор според нашиот ЗКП воопшто, а тоа е основот кога определено лице за кое постои основано сомнение дека сторило кривично дело се крие, не може да се утврди неговиот идентитет или постојат други околности што укажуваат на опасност од бегство.

Меѓутоа споредбата на нашата со практиката на современите демократски општества укажува на тоа дека кај нас недоволно се изрекува куќниот притвор и сè уште, веројатно поради инертност на системот и натаму најчесто е посегањето на судовите по најтешката мерка притвор[8]. Леснотијата со која се определува притворот наведува на размислување дека при неговото определување се заборава на сериозноста, суровоста, неизвесноста и финансиските трошоци кои тој ги носи со себе. Чинењето на еден ден во притвор за едно лице во РМ изнесува приближно 1.000,00 мкд. Буџетот на РМ бележи значителни трошоци за спроведување на мерката притвор кои во 2006г. изнесувале близу 950 000 евра, а во 2007г. оваа сума се зголемила на 1.135.000 евра. Со оглед на тоа што во РМ се зголемува бројот на притворени лица во притворските установи, аналогно на тоа имаме тренд на константно зголемување и на трошоците за спроведување на мерката притвор. Вкупните фискални импликации вклучуваат и огромни суми на име надомест на штета за неосновано лишување од слобода.

И покрај тоа што како мерка за обезбедување присуство на обвинетиот во кривичната постапка, куќниот притвор е воведен пред десет години во РМ, истиот ретко се изрекува.[9] Причината за тоа се бара пред сè во: притисок од јавноста врз судијата; негова поголема лична сигурност доколку изрече притвор; стравот од неуспех при примена на куќен притвор; непостоење на прецизно определени критериуми во законски или подзаконски акт кои детално ќе ги уредат условите при кои може да се изрече куќен притвор, непостоење на опрема за електронско набљудување во РМ и др.

## Заклучок

Економската оправданост за примена на куќниот притвор со електронски мониторинг произлегува од низата анализи, од кои се донесува единствен заклучок како на американско така и на европско тло, а тоа е дека куќниот притвор како алтернатива на притворот треба да се применува во сите случаи кога се исполнети законските услови, со што се овозможува економска исплатливост од примена на истиот, на начин што откако во државата ќе се воспостави системот за електронски мониторинг за што се потребни основни средства, натамошната примена на оваа мерка е значително поефтина од притворските трошоци. Економската исплатливост од примената на куќниот притвор за држвата, произлегува и од тоа што од лицето кое се наоѓа во куќен притвор често се бара да плати одредена сума пари за

6 Меѓу европските земји кои имаат детално законодавство во оваа област предничи Италија, која во 1982 година го вовела куќниот притвор. Во Велика Британија куќниот притвор се применува од 1999г. Србија е прва земја од регионот која има воведено електронско набљудување. Според нивните проценки, едно притворено лице дневно ја чини државата околу 15 евра, а со електронскиот надзор ќе ја чини околку 7 евра дневно. Примената на системот за електронски надзор над притворени и осудени лица ќе донесе заштеда во буџетот на Србија од околу 8,76 милиони евра годишно.

7 Закон за кривичната постапка, Сл. Весник на РМ бр. 150 од 18.11.2010г., Закон за изменување на Законот за кривичната постапка, Сл. Весник на РМ бр. 51 од 13.04.2011г., Закон за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка, Сл. Весник на РМ бр. 100 од 06.08.2012г.

8 Вкупниот број на лица спрема кои се извршувала мерката притвор во текот на 2008 година во притворските одделенија на затворите во РМ изнесувал 673 лица, во 2009г.- 955 лица, во 2010г. - 1219 лица., во 2012г. - 1167 лица.

9 Според податоци од Основниот суд во Битола, заклучно со 2013г. мерката куќен притвор е изречена на десет лица во постапките водени пред овој суд.

трошоците за неговото електронско следење. Додека пак издржувањето на мерката притвор во притворските установи предизвикува соодветни финансиски трошоци за државата, како што се изградба и одржување на притворските установи, плати и надоместоци за затворскиот персонал, трошоци за сместување, храна, здравствена заштита на притворените лица и сл.

И во РМ постои економска оправданост за примена на куќен притвор со електронски мониторинг. Но, во РМ неопходно е уредување на условите при кои може да се изрече куќен притвор (во закон или во подзаконски акт). Исто така од посебно знаечење е и набавување на опрема за електроснки мониторинг, со што и РМ ќе стане дел од современите и високо – технолошки развиени земји кои може да си дозволат ваков современ метод на мониторинг.

**Користена литература**


1. Бужаровска, д-р. Гордана, и др., Прирачник за примена на мерката притвор, Здружение на судиите на Република Македонија, 2008
2. Josipovic, dr. Ivo, Uhicenje i pritvor, Zagreb, 1998
3. Кнежевић-Лукић, Д. Невенка, Анђелковић, М. Драгана, Пројектовање притворских јединица у функцији заштите људских права лица лишених слободе, КУЛТУРА ПОЛИСА, год. IX (2012), посебно издање 2, Криминалистичко-полицијска академија, Београд, 2012
4. Митриновски, Јордан, „Лишувањето од слобода и притворот во современото и националното законодавство", во Европските стандарди за човековите права и нивна имплементација во правниот систем на Република Македонија, МАНУ, Скопје, 2009
5. Спасовски, Савре, Притворот како мерка за обезбедување присуство на обвинетиот и успешно водење на казнената постапка – магистерски труд, Правен факултет „Јустинијан Први Скопје", Скопје, 2008
6. Шредер, Фридрих-Кристијан, Казнено процесно право, АРС Ламина ДОО, Скопје, 2010
7. Закон за кривичната постапка, Сл. Весник на РМ бр. 150 од 18.11.2010г., Закон за изменување на Законот за кривичната постапка, Сл. Весник на РМ бр. 51 од 13.04.2011г., Закон за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка, Сл. Весник на РМ бр. 100 од 06.08.2012г.
8. Recommendation No R (99) 22 of the committee of ministers to member states concerning Prision Overcrowding and Prison Population Inflation, Council of Europe, Committee of Ministers, 1999
9. Recommendation Rec (2006)13 of the Committee of Ministers to member states on the use of remand in custody, the conditions in which it takes place and the provision of safeguards against abuse, Council of Europe, Committee of Ministers, 2006
10. Годишен извештај на Управата за извршување на санкциите за состојбата и работењето на казнено - поправните и воспитно - поправните установи во Република Македонија за 2008, 2009, 2010 и 2012 година, Република Македонија, Министерство за правда, Управа за извршување на санкциите, 2008, 2009, 2010 и 2012
11. http://www.oscebih.org/documents/osce_bih_doc_2010122311444065bos.pdf
12. http://sh.wikipedia.org/wiki/Ku%C4%87ni_pritvor н

**М.Р. Солунчевски**
Меѓународен славјански универзитет, mendesolun@yahoo.com,
**С.Р. Смилески**
УГД-Штип, Воена академија, Скопје, ssmileski@gmail.com

005.95/.96:355.3

# ПРИМЕНАТА НА ОСНОВНИТЕ ФУНКЦИИ НА МЕНАЏМЕНТОТ ОД СТРАНА НА КОМАНДИРИТЕ НА МАЛИТЕ ТАКТИЧКИ ЕДИНИЦИ ВО ВОЕНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ПРИ МЕНАЏИРАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

# THE APPLICATION OF THE BASIC FUNCTIONS OF MANAGEMENT BY COMMANDERS OF SMALL TACTICAL UNITS IN THE MILITARY ORGANIZATION DURINGMANAGEMENT OF HUMAN RESOURCES

**Краток извадок:** Функциите на менаџментот се неизбежна алатка за работа на менаџерот. Преку правилна употреба на истите од негова страна, тој си ја олеснува работата добивајќи максимално искористување на ресурсите со минимален вложен труд. Постојат повеќе функции на менаџментот, но четири до пет од нив се повторуваат кај повеќето автори кои се занимаваат со оваа дејност. Командирите на малите тактички единици во воената организација во улога на менаџери при реализирање на задачи користејќи го човечкиот персонал секојдневно се потпираат на основните функции на менаџментот со цел успешно и навремено извршување на задачите зададени од претпоставените.

**Клучни зборови:** задачи, извршување, реализација, планирање.

**Apstract:** The functions of management are inevitable tool for the job Manager, through the proper use of them by his side, he will obtaining maximum utilization of resources with minimal effort. There are more functions of management, but four or five of them are repeated by the most authors who are dealing with management. Commanders of small tactical units in the military organization in the role of managers in the implementation of tasks using human personnel use basic functions of management with purpose to successfully and timely execution of tasks assigned by superiors.

**Key words:** tasks, execution, implementation planning.

## ВОВЕД

Менаџментот наоѓа секојдневна примена во животот на човекот во сите области. Функциите на менаџментот се неизбежна алатка за работа на менаџерот. Преку правилна употреба на истите од негова страна, тој си ја олеснува работата добивајќи максимално искористување на ресурсите со минимален вложен труд. Во воената организација на еден специфичен начин се употребуваат функциите на менаџментот. Командирите на малите тактички во извршување на секојдневните задачи ефикасно ги користат основните функции на менаџментот со цел успешно и навремено извршување на задачите зададени од претпоставените.

Со овој труд се прави обид да се прикажи начинот на практикување на основните функции на менаџментот во секојдневните активности.

## ОСНОВНИ ФУНКЦИИ НА  МЕНАЏМЕНТОТ

Менаџментот е процес на планирање и одлучување, организирање, раководење и контролирање на човечките, финансиските, физичките и информациските ресурси во организацијата заради остварување на нејзините цели на ефективен и ефикасен начин.[1]

Функциите на менаџментот се секојдневно применливи од страна на менаџерите во нивните организации при раководење со ресурсите. Но тие сеуште не се концизно дефинирани,

1 Whitlockt C.R., Krumme R.D., Just Do it Management, Crivellone, 1990,page 234.

помеѓу авторите од областа на менаџментот постои разлика за тоа кои се функциите на менаџментот. Според францускиот инжинер N. Fayol основните функции на менаџментот се: предвидување и планирање, организирање, наредување, координирање и контролирање.[2] И покрај тоа што овие функции N. Fayol ги навел уште во дваесетите години на минатиот век тие и денес се применети и земени за пример од многу автори.

Менаџментот е најзастапен во приватниот и јавниот т.е. цивилниот сектор, но наоѓа голема примена и во воената организација, при менаџирање со персонал, средства, информации и сл.[3] Менаџирањето во воената организација се заснова во најголем дел токму на функциите од N. Fayol. Се применуваат и други функции како одлучување, мотивирање, комуницирање, раководење, оценување и сл. При менаџирањето со човечки ресурси во една таква организација најоптимални функции би биле: планирање, организирање, одлучување, наредување, координирање, мотивирање и контролирање.

## МЕАЏИРАЊЕ НА ВОЕНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

Менаџментот со ресурсите е клучен елемент за проценка на потребните ресурси и организација на работата при остварувањето на поставените цели на воената организација.[4] Најважен фактор за исполнувањето на поставената цел е персоналот на самата организација. Во тој контекст воената организација разликува три нивоа на дејствување и тоа: стратегиско, оперативно и тактичко[5]. Во стратегиското ниво спаѓаат Министерството за одбрана и Генералштабот, главните команди заедно со командите на бгригадите дејствуваат на оперативно ниво[6], а баталјоните и помалите единици кои се дел од нив дејствуваат на тактичко ниво (Слика 1). Човечките ресурси во единиците на тактичко ниво на воената организација се основа и неизбежен елемент на командирите во улога на менаџери за успешно извршување на задачите кои ги налагаат секојдневните активности.

Според некои воени теоретичари современите безбедносни закани претставуваат сложена појава која зависи од повеќе фактори класифицирани во четири групи: човечки фактор, материјално – технички фактор, просторен фактор и временски фактор. Од тука човечкиот фактор се дели на два аспекти: квантитет и квалитет. Доколку не се менаџира правилно човечкиот фактор, производот би бил квантитет, за разлика од потребниот квалитет. Поради тоа во воените организации квалитетот на извршување на задачите од страна на човечкиот ресурс е побитен отколку квантитетот односно самиот број на човечкиот фактор кој учествува во извршување на самата задача.

2 Солунчевски М., Ѓорески,И., (прирачник по предметот) Менаџмент и организација, Воена академија „Генерал Михаило Апостолски"- Скопје, Скопје, 2010, стр.20.

3 Солунчевски М., Менаџмент на човечки ресурси во системот за заштита и спасување, „МИКЕНА - Битола", Битола, 2008, стр.83.

4 Солунчевски М., Организација и менаџмент на ПЕО, ОРОРМ, Скопје, 2010, стр.133-136

5 www.arm.mil.mk

6 Митревска М., Кризен менаџмент, „Македонска ризница"- Куманово, Скопје, 2005.




Слика 1. Структура на воена организација

Создавањето и градењето на квалитетен персонал за успешно извршување на задачите зависи од командирите на водови како менаџери на малите тактичките единици преку користење на основните функции на менаџментот.

Колку ќе бидат квалитетно обучени војниците зависи од тоа колкаво воено-стручно познавање поседува командирот (и неговите инструктори во улога на директни извршители на обуката) и неговата умешност да менаџира со ресурсите кои му се на располагање се со цел пронаоѓање најдобар начин за пренесување на знаењето на своите потчинети.

Човечкиот ресурс како целина е најприсутен во баталјоните, т.е. во помалите единици кои се во нивниот состав, а тоа се четите и водовите. Водот како формациска единица претставува двигател во воената организација, бидејќи командирот на вод е директно претпоставен и во постојан контакт со потчинетите, за разлика од командирите на чети или командантите на баталјони (Слика 2). Командирите (команданти) на поголемите единици од водот го користат командирот на вод како инструмент за извршување на поставените задачи, користејќи ги за тоа војниците како алатка. Командирите на водови се задолжени да се грижат задачите зададени од претпоставените, водот како целина на една внатрешна организација да ги извршува навремено и успешно.




Слика 2. Структура на баталјон – тактичка единица

За да се изврши една задача зададена од претпоставената команда или од секојдневните активности според распоредот за работа во единиците, командирот мора добро да се подготви, така што ќе го подели времето за извршување на задачата на два периода, период за подготовка за извршување на задачата и период за реализација на задачата. Задачата започнува од оној момент, кога започнуваат и подготовките за истата. Ова е важно бидејќи сите задачи се врзани со временски рокови, нивното реализирање мора да се одвива по утврден динамички план со цел да се знае кога би завршила. При планирањето на престојна задача командирот треба да ги предвиди и земе во предвид и другите активности во догледен временски период за да не би попречиле истите во реализацијата на приоритетната задача. Важно е планирањето да се формализира со ставање на хартија во вид на документ. По ставање на планот на хартија, истиот треба да се овери односно одобри од претпоставениот, од тој момент командирот на вод започнува со организација на задачата според планот кој веќе е документ. Од планирањето и организирањето зависи колку квалитетно ќе се реализира задачата. Успешното реализирање на истата зависи од подготовката која изнесува околу 70% од целата реализација на задачата. Командирот на своите потчинети врши кратка подготовка и запознавање за престојната активност по што користејќи ја функцијата наредување издава конкретни задачи. Командирот како добар менаџер треба добро да ги познава своите потчинети со сите нивни карактеристики, доблести, мани и пороци за да може да предвиди кој и за што е најмногу компетентен. Така ќе донесе правилна одлука како би ги поделил задачите на персоналот. Во процесот на донесување на одлука, командирот ги согледува сите опции и информации, бидејќи е ограничен со временска рамка, тој треба да постапи свесно, храбро и одлучно. Откако ќе започне главната реализација на задачата командирот во секој момент мора да владее со ситуацијата и да биде запознает со сите промени кои се јавуваат во текот на реализацијата и да ги решава проблемите кои би можеле да настанат. Затоа ја координира реализацијата на задачата преку своите потчинети помошници со што воспоставува поголема контрола врз состојбата, а воедно тоа му овозможува и полесно да раководи со истата. Откако ќе заврши во целост задачата следува анализа на сработеното. Во анализата се врши кратко резиме на сработеното, се мотивира персоналот со пофалби со што би се стимулирал да вложи поголем труд при извршување на следната активност. Потребно е и да се превземат мерки за санкционирање на потчинетите доколку со својата работа придонеле за настанување на евентуални проблеми или грешки при реализација на задачата.

## ЗАКЛУЧОК

Горенаведеното е показател дека функциите на менаџментот се многу битни и корисни во работата на командирите на малите тактички единици при работата со најважниот ресурс – човекот. Иако сеуште постојат нејаснотии кои се основните функции на менаџментот, тие и неможат прецизно да се дефинираат бидејќи тоа зависи од многу фактори. Основните функции зависат од гранката – областа каде ќе бидат применети, во овој случај во воената организација се применливи тие функции кои задачите во воената организација ги налагаат. Но тие сигурно би се разликувале во цивилниот сектор поради различните побарувања за нивната примена.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Митревска М., Кризен менаџмент, „Македонска ризница"- Куманово, Скопје, 2005;
2. Солунчевски М., Менаџмент на човечки ресурси во системот за заштита и спасување, „МИКЕНА - Битола", Битола, 2008;
3. Солунчевски М., (прирачник по предметот) Менаџмент и организација, Воена академија „Генерал Михаило Апостолски"- Скопје, Скопје, 2010;
4. Whitlockt C.R., Krumme R.D., Just Do it Management, Crivellone, 1990;

www.arm.mil.mk

**д-р Менде Солунчевски, вонр.проф.**
Министерство за одбрана/МСУ Свети Николе-Битола, mendesolun@yahoo.com
**д-р Лидија Стефановска, доцент**
БАС Институт за менаџмент-Битола/БАС Скопје, l_stefanovska@yahoo.com

331.532:334.722(497.774/.777)„2007/2013“

# ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ПРЕКУ ПРОГРАМАТА ЗА САМОВРАБОТУВАЊЕ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

**АБСТРАКТ:** Обезбедувањето човечки ресурси како компонента на менаџментот на човечки ресурси е функција на усогласување на квантитативните и квалитативните потреби на работата во организацијата или на одреден простор со компетенциите и потенцијалите на кандидатите и потребите на идните вршители на определени работни функции.

Програмата на самовработување е една од мерките на Владата на Република Македонија (РМ) преку која настојува со финансиска и едукативна помош да му помогни на невработените лица да се самовработат преку основање сопствени фирми и вработат соодветни кадри во новоотворените и постојните фирми.

Пелагонискиот регион се наоѓа во југозападниот дел на РМ и зафаќа територија и население на девет општини.

Преку програмата на самовработувања Владата на РМ настојува да ја зголеми вработеноста на населението и со тоа да спречи миграција на млади кадри од државата во странство.

**Клучни зборови:** Човечки ресурси, Обезбедување, Самовработување,

**ABSTRACT:** Providing human resources as a component of management human resources is a function of the alignment of the quantitative and qualitative needs of the work of the organization or area, vith competence of potential candidates and future executors needs of specific job functions.

Program of self-employment is one of the measures of the Government of the Republic of Macedonia (RM ) which seeks financial and educational assistance to help unemployed people to become self-employed by establishing their own businesses and hire additional staff in the newly opened and existing firms.

Pelagonian region is located in the southwestern part of the RM occupies a territory and a population of nine municipalities.

Through a program of self-employment the Government seeks to increase employment of the population and thus prevent the migration of young people from the country abroad.

**Key words:** Human Resources, Providing, Self Employment

## ВОВЕД

Со ефективна и ефикасна анализа на работата во еден систем или на одреден простор, се детектира потребната работна сила, а со нејзино квалитетно планирање и навремен избор и вработување на соодветни луѓе на соодветни работни места се создаваат претпоставки за успешен развој на одреден простор, регион па и цела држава.

Основна функција на секоја влада е зголемување на вработеноста и рамномерен развој на регионите во државата. За тоа владата има на располагање или презема голем број на мерки кои низ времето се покажуват помалку или повеќе успешни. Во РМ една од мерките на Владата за зголемување на вработеноста е мерката за самовработување.

Предмет на овој труд е да се прикаже ефективноста и ефикасноста на обезбедување на човечки ресурси во новоотворени претпријатија на територијата на Пелагонискиот регион согласно оваа мерка.

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ КАКО КОМПОНЕНТА НА МЕНАЏМЕНТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Обезбедување човечки ресурси како почетна компонента на менаџментот на човечките ресурси претставува професионално остварување на следниве чекори: анализа на работата; планирање на човечките ресурси во нивната квантитативна и квалитативна димензија и екипирање на секое работно место со компетентни и одговорни извршители.[1]

Во рамките на организацијата, односно системот анализата на работата е процес на водење на информации за надлежностите и работите на организацијата. Информациите за работата се разновидни и се однесуваат на бројот и видот на задачи и должности, потребното знаење за извршување на тие задачи, бројот на работни места, потребните овластувања, технологијата за извршување на задачите на работните места итн.[2]

Планирањето на човечките ресурси подразбира константно и правилно следење и задоволување на организацијата, односно системот со потребниот кадар. Затоа, при планирање на потребната работна сила најчесто се поставуваат прашањата: Колку вработени ќе требаат? Какви знаења треба да имаат? Кои вештини треба да ги владеат? Планирањето на потребна работна сила особено доаѓа до израз при формирање на нови организации, додека, пак, при секојдневното работење на организациите станува збор за пополнување на испразнети работни места или совладување на зголемен обем на работа.[3]

Екипирањето е процес на регрутација, селекција и избор на човечки ресурси. Екипирањето е најважниот чекор од менаџментот на човечки ресурси. Соодветното екипирање влијае стратегиски врз развојот на организацијата, преку вработување на соодветни луѓе на соодветни работни места и се прават огромни заштеди во процесот на регрутација и селекција на човечките ресурси.[4]

### КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРОГРАМАТА ЗА САМОВРАБОТУВАЊЕ НА ВЛАДАТА НА Р.МАКЕДОНИЈА

Самовработувањето е процес на креирање на нови работни места преку отворање на сопствена фирма. Самовработувањето е една од мерките на Владата на РМ преку која настојува со финансиска и едукативна помош да му помогни на невработените лица да се самовработат преку основање сопствени фирми и можност да вработат и други лица во фирмите согласно искажаните потреби.[5]

Програмата за самовработување во РМ се имплементира од страна на Владата на РМ во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации. Таа е важен дел од Националната стратегија за вработување. Програмата за самовработување се имплементира преку Агенцијата за вработување на РМ (АВРМ). Во различни години од страна на АВРМ е дефинирана различно и со различен приоритет. Имплементацијата на Програмата се реализира преку редоследно исполнување на поголем број на чекори и доделување на избраните кандидати соодветни финансиски средства.[6]

Оваа мерка од 2007 година се имплементира во сите општини во РМ. Со ефективно и ефикасно имплементирање на оваа мерка во општините на Пелагонискиот регион треба да се намали невработеноста, да се намали миграцијата и да се оствари долгорочен локален економски развој во Пелагонискиот регион.

### СТРАТЕГИСКИ ЦЕЛИ И ОБЛАСТИ НА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНИТЕ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

Пелагонискиот регион е еден од осумте статистички региони на РМ. Овој регион се наоѓа во југозападниот дел на РМ, се граничи со Грција и Албанија и внатрешно со запдниот и вардарскиот

1 Смилевски, Ц. и др. Менаџмент на човечките ресурси, пилотна верзија, Детра, Скопје, 2007, стр.55-82
2 Wayne, F., Casio (1989) Managing Human Resources, Productivity, Qvality of Work Life, Profits McGrow, New York: Hill Book Company, ( Превод од ИСППИ-Центар за развој на менаџментот и човечките ресурси, Скопје,1997, стр. 90).
3 Солунчевски М., Организација и менаџмент на ПЕО, ОРОРМ, Скопје, 2010, стр.102.
4 Солунчевски,М., Вчков Љ., Основи на менаџмент, (Интерна скрипта) МСИ, Св.Николе-Битола, 2011, стр.186.
5 Програма за самовработување, (www.samovrabotuvanje.mk/)
6 www.samovrabotuvanje.mk/

регион. Главен центар на регионот е градот Битола. Пелагонискиот регион е наречен по областа Пелагонија.[7]

Пелагонискиот регион опфаќа 9 општини И тоа: Битола, Демир Хисар, Долнени, Кривогаштани, Крушево, Могила, Новаци, Прилеп и Ресен. Овој регион зафаќа површина од 4.723 км2 и има население од 238.136 жители. Зафаќа околу18,5% од територијата и 11,7% од населението на РМ.[8]

Во пелагонискиот регион АВРМ е застапена со 5 Регионални центри на АВ (РЦАВ) и тоа во градовите: Битола, Демир Хисар, Крушево, Прилеп и Ресен. РЦАВ Битола е надлежен за општините Битола, Могила и Новаци, РЦАВ Демир Хисар е надлежен за општината Демир Хисар, РЦАВ Крушево е надлежен за општина Крушево, РЦАВ Прилеп е надлежен за општините Прилеп и Долнени и РЦАВ Ресен е надлежен за општина Ресен.[9]

Во Пелагонискиот регион секоја општина креира сопствена стратегија за локален економски развој (ЛЕР) во која се детерминирани стратешките цели, односно области на развој на соодветната општина. Стратешките цели како идни посакувани насоки кои настојува да ги постигни секоја општина се остваруваат преку обезбедување на соодветни ресурси. Човечките ресурси се најважните ресурси на патот кон постигнување на стратешките општински цели и остварување на ЛЕР.

Основни стратешки цели или области на општина Битола се: 1. Економски развој; 2.Туризам; 3. Рурален развој; 4.Култура и образование и 5. Заштита на животната средина.[10] За општина Демир Хисар се: 1.Развој на општината како посакувана туристичка дестринација; 2.Подршка на развојот на мали и средни претпријатија и семејни бизниси; 3.Создавање услови за брз економски развој преку подобрување на инфраструктурата и усовршување на локалната администрација и 4.Рурален развој.[11] За општина Долнени се: 1.Развој на земјоделството, 2.Развој на инфраструктура.[12] За општина Крушево се: 1. Промоција на Крушево како туристички центар кој ќе ги задоволи барањата на потенцијалните туристи од земјата и од странство; 2.Привлекување на инвестиции за развој на туризмот; 3.Развој на потребна инфраструктура како предуслов за развој на турзмот; 4.Збогатување на туристичката понуда во сите четири сезони, која ќе го зацврсти идентитетот на Крушево и 5.Јакнење на човечките ресурси во правец на унапредување на туризмот.[13] За општина Могила се: 1.Развој на земјоделството, 2. Заштита на животната средина и 3. Развој на инфраструктурата.[14] За општина Новаци се: 1.Унапредување и развој на земјоделието; 2. Намалување на невработеноста и подршка на локалните бизниси; 3. Урбанизам и заштита на животната средина; 4. Образование, спорт и туризам и 5. Меѓуопштинска и меѓугранична соработка.[15] За општина Прилеп се: 1.Изготвување на детални урбанистички планови за реоните во општината за кои нема изработенио и ревидирање на постојните; 2.Реконструкција на постоечката и изградба на нова инфраструктура; 3.Развој на земјоделството; 4.Подршка на туристичкиот сектор; 5. Подобрување на образовниот процес; 6.Подобрување на можностите за инвестирање во општината и 7. Подобрување на услугите кои ги обезбедува локалната самоуправа.[16] За општина Ресен се: 1. Развивање на општината во модерен туристички центар посетен во текот на целата година; 2.Подршка на локалните бизниси; Унапредување и заштита на животната средина и развој на инфраструктурата и 4. Унапредување и развој на земјоделството, пред се производството на јабока.[17]

Програмата за самовработување на Владата на РМ се очекува да ги следи овие локални стратешки цели и со тоа ќе се оствари компатибилност на централната со локалната власт во процесот на зголемување на вработливоста во општините и остварување одржлив ЛЕР.

---

7 www.mk.wikipedia.org/wiki/pelagoniski_region (ажурирано 09.01.2014)
8 Попис на население, 2001 година, ДЗС, Скопје, 2002.
9 http://avrm.gov.mk/content/pdf
10 Стратегија за ЛЕР на општина Битола за период 2009-2014 година, општина Битола, 2008, стр.10.
11 Стратегиски план за ЛЕР на општина Демир Хисар, Демир Хисар, 2008, стр.2
12 http://www.opstinadolneni.gov.mk/mk/dokumenti/
13 Стратегија со акционен план за развој на туризмот 2007-2013 година, Општина Крушево, 2007, стр.22.
14 Локален Еколошки Акционен План ЛЕАП за Општина Могила 2009 - 2014, Могила, 2010, стр.5.
15 Стратешки план за ЛЕР на општина Новаци, општина Новаци 2008, стр. 17.
16 Стратешки план за ЛЕР на општина Прилеп, април, 2007, стр.3
17 Стратегија за равој на општина Ресен, општина Ресен, 2007, стр. 30.

## КАРАКТЕРИСТИЧНИ ПОДАТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНОСТА ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЕРИОД ЗА ПЕРИОДОТ 2007-2013 ГОДИНА

Според Државниот заводот за статсистика (ДЗС) во 2013 г., неврабоеноста во РМ се движи околу 32%, додека вработливоста на активното население изнесува околу 38,7%. Ако се компарира Пелагонискиот регион отстапувањата не се големи, односно невработеноста се движи околу 33,6%, додека вработливоста на активното население изнесува околу 42,4%.[18]

Според податоците на АВРМ во периодот **(2007-2013)** невработеноста се намалува во Пелагонискиот регион од **51096** во 2007 на **17147** невработени лица во 2013 г. Најголемо намалување на невработеноста е евидентирано во Битола, додека најмало во Д.Хисар[19].

Но, ако се анализира образовната структура на населението невработеноста кај високо образовниот млад кадар не се намалува туку континуирано е на релативно високо ниво. Ако во 2007 од вкупниот број на невработени 51096 имало 3307 со ВСО, магистри и доктори или 6,5%, во 2013 од вкупниот број на невработени 17147 имало 3403 со ВСО, магистри и доктори или 19,8 %[20].

Ако се погледа вработливоста на активното население не може да се забележи таква прогресија како при намалување на невработеноста. Во истражуваниот период вработливоста се одржува на исто ниво од околу 22136 лица[21].

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА САМОВРАБОТУВАЊЕ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

Програмата за самовработување на Владата на РМ е една од мерките со која треба да се промени оваа слика. Програмата за самовработување за целни групи ги има: млади до 27 години, невработени жени и долгорочни невработени лица. Во делот на самовработување го евидентираме и Проектот за самовработување со кредитирање кој е карактеристичен само за неколку години. Негови целни групи се исто така: млади лица до 27 години, невработени лица кои се корисници на паричен надоместок и лица на возраст над 55 години.

Според расположивите податоци со Програмата за самовработување во РМ во истражуваниот период се вработиле вкупно 14470 невработени лица. Од нив во Пелагонискиот регион се вработиле вкупно 1422 или 9,8% вработени лица. Во поглед на целокупната вработеност во Пелагонискиот регион за периодот (2007-2013) Програмата за самовработување партиципира со 6,4%.

Табела број 1. Преглед на вработливоста во Пелагонискиот регион согласно Програма за самовработување (2007-2013)

| Ред Бр. | АВРМ/ РЦАВ | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | Вкупно вработ. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** | **9** | **10** |
| 1 | Битола | 78 | 60 | 150 | 78 | 85 | 79 | 120 | 650 |
| 2 | Д.Хисар | 11 | 5 | 15 | 8 | 8 | 9 | 15 | 71 |
| 3 | Крушево | 11 | 10 | 14 | 8 | 9 | 11 | 14 | 75 |
| 4 | Прилеп | 67 | 82 | 80 | 67 | 78 | 71 | 65 | 510 |
| 5 | Ресен | 14 | 16 | 18 | 21 | 17 | 15 | 15 | 116 |
| | ВКУПНО | 181 | 173 | 277 | 182 | 197 | 185 | 229 | 1422 |

Извор: АВРМ-РЦАВ

18 http://www.stat.gov.mk/Publikacii/Regioni_vo_RM_2013.pdf
19 Види пошироко: http://avrm.gov.mk/godishni-izveshtai.nspx
20 http://avrm.gov.mk/pregled-na-evidentirani-nevraboteni-lica-spored-stepen-na-obrazovanie.nspx.
21 http://avrm.gov.mk/godishni-izveshtai.nspx (во овие прегледи се дадени постојани и сезонски вработувања)

Од табелата се гледа дека најмногу се вработиле во општините на Битолскиот регион додека најмалку во општина Демир Хисар. Вработливоста по години нема поголеми осцилаторни движења. Најмногу се вработиле во 2009 година додека најмалку се вработиле во 2007 година.

Табела 2. Преглед на вработени во Пелагонискиот регион со Програмата за самовработување на Владата на РМ по дејности (2007-2013)

| Реден број | Година на Вработу вање | Трговија | Занаетчиство | Земјоделство | Градежништво | Угостителство | Производство | Транспорт | Услуги | Друго | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** | **10** | **11** | **12** | **13** |
| 1 | 2007 | 45 | 20 | 56 | 2 | 5 | 12 | 2 | 18 | 21 | 181 |
| 2 | 2008 | 43 | 15 | 55 | 2 | 4 | 11 | 3 | 14 | 26 | 173 |
| 3 | 2009 | 53 | 29 | 74 | 4 | 21 | 33 | 7 | 22 | 34 | 277 |
| 4 | 2010 | 44 | 19 | 49 | 3 | 7 | 14 | 1 | 16 | 24 | 182 |
| 5 | 2011 | 49 | 17 | 56 | 8 | 13 | 20 | 4 | 20 | 10 | 197 |
| 6 | 2012 | 44 | 15 | 53 | 3 | 10 | 15 | 3 | 17 | 25 | 185 |
| 7 | 2013 | 60 | 16 | 51 | 8 | 12 | 14 | 2 | 15 | 51 | 229 |
|  | ВКУПНО | 338 | 131 | 394 | 30 | 72 | 119 | 22 | 122 | 194 | 1422 |

Извор: АВРМ-РЦАВ

Од табелата се гледа дека најмногу се вработиле во: земјоделство, трговија и занаетчиство додека најмалку во градежништво и транспорт.

Ако се компарира обезбедувањето на човечки ресурси според дејности согласно Програмата за самовработување и искажаните стратегиски цели на развој на општините во Пелагонискиот регион во одредени дејности се забележуваат отстапувања. И тоа: во стратегиските цели на скоро сите општини се застапени: подобрување на инфрструктурата, развој на земјоделието и туризмот. Веднаш зад нив се стратегиските цели за заштита на животната средина и образование.

## ЗАКЛУЧОК

Програмата за самовработување континуирано се реализира во Пелагонискиот регион. Процентот на обезбедени човечки ресурси Пелагонискиот регион е понизок од процентот на обезбедени човечки ресурси на ниво на РМ согласно оваа програма. Партиципацијата на Програмата за самовработување во целокупното вработување во Пелагонискиот регион е незначително. Програмата иако декларативно за целна група ги има младиите кадри, реално нема посветено соодветно внимание на младите високообразовни кадри. Има отстапување на стратегиските цели на ЛЕР на општините со дејностите во кои доминантно се обезбедуваат кадри со оваа програма.

Во иднина треба да се воспостави поефективна и ефикасна координација помеѓу централната и локалната власт во општините на Пелагонискиот регион која ќе резултира со квантитатвнио и квалитативно обебздување на човечките ресурси и намалување на одливот на млад високообразовен кадар.

## ЛИТЕРАТУРА


1. Gareth R. Jones., Jennifer M. George., Современ Менаџмент, (Превод), Скопје, (2010);
2. Локален Еколошки Акционен План ЛЕАП за Општина Могила 2009 - 2014 година,
3. Mogila, 2010.

4. Програма за развој на Пелагонискиот регион 2008-2013, јули 2008.
5. Публикација, Попис на населението на РМ во 2002, РЗС,Скопје, 2002.
6. Публикација, Региони во РМ-2013, ДЗС, Скопје, 2013.
7. Публикација, Македонија во бројки-2013, ДЗС, Скопје, 2013.
8. Солунчевски,М., Вчков Љ., Основи на менаџмент, (Интерна скрипта) МСИ, Св.Николе-Битола, 2011г.
9. Смилевски, Ц. и др. Менаџмент на човечките ресурси, пилотна верзија, Детра, Скопје, 2007
10. Солунчевски М., Организација и менаџмент на ПЕО, ОРОРМ, Скопје, 2010.
11. Солунчевски М. Стефановска Л., Основи на Стратегиски менаџмент, (Интерна скрипта) Скопје, Битола, 2011г.
12. Стратегија за локален развој на општина Битола за период 2009-2014 година, општина Битола, 2008.
13. Стратешки план на општина Битола, ЛЕСС, Битола, 2013.
14. Стратешки план за ЛЕР на општина Новаци, општина Новаци 2008,
15. Стратегија за равој на општина Могила,
16. Стратешки план за ЛЕР на општина Прилеп, општина Прилеп, април, 2007
17. Стратегија за равој на општина Ресен, општина Ресен, 2007.
18. Стратегија со акционен план за развој на туризмот 2007-2013 година, Општина Крушево, 2007,
19. Извештај за имплементација на Програмата за самовработување во Битола за период 2007-20013 година, РЦАВ Битола, јануари, 2014.

**Интернет:**

1. http://www.stat.gov.mk/Publikacii/Regioni_vo_RM_2013.pdf
2. http:// www.mk.wikipedia.org/wiki/pelagoniski_region
3. http://www.samovrabotuvanje.mk/index_mk.html
4. http://www.avrm.gov.mk
5. http://www.bitola.gov.mk
6. http://www.mogila.gov.mk
7. http://www.novaci.gov.mk
8. http://www.demirhisar.gov.mk
9. http://www.dolneni.gov.mk
10. http://www.prilep.gov.mk
11. http://www.krusevo.gov.mk
12. http://www.resen.gov.mk

**Н. Стојовска** 314.12(497.7)„1960/2011“
Универзитет “Гоце Делчев”, Економски факултет, Штип, natasa.stojovska@ugd.edu.mk
**Т. Мицески** 314.12(470)„1960/2011“
Универзитет “Гоце Делчев”, Економски факултет, Штип, trajko.miceski@ugd.edu.mk

# ПОТРОШУВАЧКО ОДНЕСУВАЊЕ НА ДЕМОГРАФСКИТЕ ГЕНЕРАЦИИ ВО УСЛОВИ НА НАМАЛЕН НАТАЛИТЕТ, СО ОСВРТ НА МАКЕДОНИЈА И РУСИЈА

**Апстракт:** Статистичките податоци за движењето на популација на светско ниво укажуваат на сè позабавено темпо на раст. Всушност, трендот на самоуништување, изразен преку намалување на наталитетот на светското население, станува сè поинтензивен. Неизбежни последици од овој тренд се намален број на живородени деца, а со тоа намалување на помладата, а зголемување на постарата генерација. Во денешните глобални услови на живеење, промените кај двата засегнати демографски сегмента, се проследени со промени и во нивното однесување како потрошувачи.
**Клучни зборови:** наталитет, демографија, потрошувачи, однесување

**Abstract:** Statistical data of world population’s movement indicate that the pace of its growth is becoming slower. In fact, the trend of self-destruction, expressed by reducing the birth rate of the world population, is becoming more intense. Inevitable consequences of this trend is a reduced number of live births, thereby reduced younger and increased older generation. In today’s global living conditions, changes in these demographic segments are followed by the changes in their behavior as consumers.
**Key words:** birth rate, demographics, consumer, behavior

## Вовед

Глобалниот проблем со намалениот наталитет укажува на неколку светски тренда кои имаат помал или поголем придонес кон ваквото негативно движење на населението. Сите тие се јавуваат како последица на современото живеење изразено преку подобрите општи услови за живеење, пошироката и подостапна здравствена услуга, зголемен стерилитет, поголем степен на образованост на жената и нејзина вклученост на пазарот на труд[1]. Всушност, економскиот, социјалниот и културниот напредок на човекот водат кон зголемување на потребите за професионален развој, лично задоволство и уживање, од една страна, а намалување на желбата за брак и деца, од друга страна[2].

## Развоен тренд на наталитетот во Македонија и Русија

Состојбата со наталитетот во Македонија и во Русија денес е значително намален во споредба со состојбата пред пет децении, односно го следи светскиот тренд. Развојниот тренд на наталитет во Македонија и Русија во периодот од 1960 до 2011 година е претставен во Табела 1 и Слика 1.

1 European society of human reproduction and embryology, http://www.eshre.eu/Publications/Journals.aspx
2 Демерџиев К. ”Појавувањето на акцелерација на менархата 1969-1979” Мак Мед Преглед XXXV, 1981, стр.9

Табела 1. Стапка на наталитет во Македонија и Русија во периодот 1960-2011

| Година | Македонија | Русија |
|---|---|---|
| 1960 | 30,9 | 23,7 |
| 1961 | 30,3 | 22,7 |
| 1962 | 29,6 | 21,5 |
| 1963 | 28,8 | 20,2 |
| 1964 | 28,0 | 18,9 |
| 1965 | 27,3 | 17,7 |
| 1966 | 26,5 | 16,6 |
| 1967 | 25,8 | 15,7 |
| 1968 | 25,2 | 15,1 |
| 1969 | 24,7 | 14,8 |
| 1970 | 24,3 | 14,8 |
| 1971 | 24,0 | 14,9 |
| 1972 | 23,7 | 15,1 |
| 1973 | 23,4 | 15,3 |
| 1974 | 23,2 | 15,5 |
| 1975 | 22,9 | 15,7 |
| 1976 | 22,6 | 15,8 |
| 1977 | 22,4 | 15,9 |
| 1978 | 22,1 | 16,1 |
| 1979 | 21,9 | 15,8 |
| 1980 | 21,6 | 15,9 |
| 1981 | 21,3 | 16,0 |
| 1982 | 21,0 | 16,6 |
| 1983 | 20,7 | 17,5 |
| 1984 | 20,3 | 16,9 |
| 1985 | 19,9 | 16,6 |
| 1986 | 19,4 | 17,2 |
| 1987 | 19,0 | 17,2 |
| 1988 | 18,6 | 16,0 |
| 1989 | 18,3 | 14,6 |
| 1990 | 17,9 | 13,4 |
| 1991 | 17,4 | 12,1 |
| 1992 | 17,0 | 10,7 |
| 1993 | 16,5 | 9,4 |
| 1994 | 15,9 | 9,5 |
| 1995 | 15,3 | 9,3 |
| 1996 | 14,7 | 8,9 |
| 1997 | 14,1 | 8,6 |
| 1998 | 13,5 | 8,8 |
| 1999 | 13,0 | 8,3 |
| 2000 | 12,6 | 8,7 |
| 2001 | 12,3 | 9,1 |
| 2002 | 12,0 | 9,8 |
| 2003 | 11,8 | 10,2 |
| 2004 | 11,6 | 10,4 |
| 2005 | 11,4 | 10,2 |
| 2006 | 11,3 | 10,4 |
| 2007 | 11,2 | 11,3 |
| 2008 | 11,1 | 12,1 |
| 2009 | 11,0 | 12,4 |
| 2010 | 10,9 | 12,5 |
| 2011 | 10,9 | 12,6 |

Извор: World Bank, World development indicators




Слика 1. Движењето на наталитетот во Македонија и Русија во периодот 1960-2011

Она што прво се забележува е континуирано повисоката стапка на наталитет во Македонија во однос на Русија сè до 2007 година, кога овие стапки се изедначуваат, а од наредните години стапката на наталитет во Русија продолжува да расте и ја надминува стапката во Македонија. За разлика од Македонија каде се забележува континуирано намалување на бројот на живородени деца, во Русија во првата деценија се забележува пад, потоа наизменичен раст и пад, за да во последната деценија повторно се јави тренд на раст на стапката на наталитет. Процентот на намалување на наталитетот во анализираниот период е 64,9% во Македонија и 46,9% во Русија.

**Потрошувачко однесување на помладата и постарата популација**

Според Обединетите Нации, со стареење на популацијата се соочуваат речиси сите земји во светот (освен 18 земји), при што се очекува стапката на стареење на популацијата во 21 век да ја надмине рекордната стапка од претходниот век[3]. Демографските промени на зголемување на постарата и намалување на помладата популација, се проследени со трендот на нивно "подмладување", односно "стареење" во однос на нивното однесување како потрошувачи.

- **Потрошувачко "подмладување" на постарите лица**

Подмладувањето на постарите лица се објаснува со фактот дека, како што децата од 1960-тите преминувале во средните години, тие се повеќе го задржувале нивниот младешки начин на живеење и однесување. Поради поголемата физичка активност и повисокиот животен стандард, денешните постари лица се способни да го живеат животот во полн ек. Во овие околности, возраста во голема мера станува став на умот. Сепак, треба да се признае дека во сегментот над 50 години, постојат значајни разлики. Иако зголемениот број на пензионирани лица се поздрави, поактивни, побогати, јадат почесто надвор и патуваат, спремни се да експериментираат со храна и се отворени за нова технологија (вклучувајќи го и Интернетот), но овде е и фактот дека се поконзервативни во однос на нови идеи и производи[4].

- **Потрошувачко "стареење" на децата и тинејџерите**

Напроти трендот на подмладување на постарите лица, сè поочигледен е и трендот на стареење на децата. Причините за ова лежат во поголемата достапност на технологија, поголемата комерцијална и маркетинг изложеност, поголемото знаење во поглед на промоцијата, медиумите и брендовите[5]. Како потрошувачи, оваа популација денес има поголеми барања, сакаат да експериментираат со нови производи, повеќе се критични и далеку

3 World Population Ageing: 1950-2050, United Nations Population Division
4 Colin Gilligan and Richard M.S. Wilson "Strategic marketing planning" 2003, pp.278-282
5 Shaun McQuitty New Mexico State University, Adam Finn University of Alberta, James B. Wiley Victoria University, "Systematically varying consumer satisfaction and its implications for product choice ", Survey

понепростиви, но исто така имаат силна почит и лојалност кога станува збор за брендови.

**Користена литература**


1. Colin Gilligan and Richard M.S. Wilson "Strategic marketing planning" 2003
2. European society of human reproduction and embryology, http://www.eshre.eu/Publications/Journals.aspx
3. Shaun McQuitty New Mexico State University, Adam Finn University of Alberta, James B. Wiley Victoria University, "Systematically varying consumer satisfaction and its implications for product choice ", Survey
4. World Bank, World development indicators
5. World Population Ageing: 1950-2050, United Nations Population Division
6. Демерџиев К. "Појавувањето на акцелерација на менархата 1969-1979" Мак Мед Преглед XXXV, 1981

**М-р Мартин Ѓорѓиев**
Меѓународен Славјански Универзитет Македонија, martinstip@hotmail.com

658.8:005]-027.512

# ВЛИЈАНИЕТО НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА ВРЗ МАРКЕТИНГ МЕНАЏМЕНТОТ

# GLOBALIZATION AND ITS AFFECT ON MARKETING MANAGEMENT

**Апстракт:** Глобализацијата ја зголеми конкуренцијата на пазарот, а за возврат ја зголеми важноста на ефективниот маркетинг менаџмент. Многу организации не можат да се потпрат на фактот дека тие се единствениот играч во долго одржливиот пазарот во кој постојат нови конкуренти од странство кои се појавуваат постојано. Маркетинг менаџмент под ефектите на глобализацијата доведе многу вработени да поминат на меѓународни локации. Ова предизвикува потреба од менаџмент и форми на комуникација, во кои се бара менаџментот да ги разгледа потребите на вработените во другите земји, и да понуди надомест за релокација. Организациите кои се во можност да се усогласат со поголемиот дел од потребите на глобализацијата обезбедуваат зајакната положба за местото во нивните меѓународни маркетинг кампањи. Новите пазари со највисок потенцијал за раст се наоѓаат во Африка, Јужна Америка, Азија и Источна Европа. Поконкретно, маркетинг менаџерите ги фокусираат нивните напори за стекнување влез во Јужна Африка, Бразил, Индија, Кина и Русија. Колку што овие пазари стануваат се повеќе индустријализирани, маркетинг менаџерите се во можност да заработат постабилен и повисоки приходи. Овој труд се стреми да ги поврзе искуството од новите пазари, да ги анализа прашањата и факторите кои влијаат на потенцијалот на пазарот, кои се целните пазари и кои маркетинг стратегии може да се користат за да се добие поголем пазарен удел.
**Клучни зборови:** нови пазари, глобализација, ефекти, маркетинг - менаџери.

**Abstract:** Globalization has increased market competition, in turn increasing the importance of effective marketing management. Many organizations cannot rely on the fact that they are the only player in a long held market; there are new competitors from overseas appearing all the time. Marketing management under the effects of globalization led to many employees transfers to international locations. This causes the need for more management and forms of communication, also requires management to consider the needs of employees in other countries, and to offer compensation for relocation. Organizations that are able to make the most of the opportunities globalization provides stand to the best chance of succeeding in their international marketing campaigns. The emerging markets with the highest growth potential are located in Africa, South America, Asia and Eastern Europe. More specifically, marketers are focusing their efforts on gaining entry into South Africa, Brazil, India, China, and Russia. As these markets become more industrialized, workers are able to earn a more stable and higher income. This paper tends to correlate and review experience from this emerged markets, analyzing all of the issues and factors that influence market potential, which markets should target and what marketing strategies can use to gain a market share.
**Keywords:** emerged markets, globalization, impact, marketing managers.

## Вовед

Денес е особено изразена глобализацијата на економските текови, создадена е нова глобална економија сосема различна од познатата национална економија. Променетите услови на работење во меѓународниот пазар бара корекција на примената на меѓународниот маркетинг менаџмент што подразбира поинаков пристап на функционирање на меѓународниот маркетинг. Промените во функционирање на светскиот пазар на макро, а особено на микро ниво налага поинаков пристап при имплеменација на програмите и активностите на маркетинг

менаџментот. Особено стртешкиот пристап претставува квалитативно најзначајната промена во примената на концептот на меѓународниот маркетинг. Забележани се значителни импликации врз водењето на вкупното работење на компаниите а особено од аспект на маркетинг пазар и потрошувачот го предифинирање на меѓународниот маркетинг менаџмент.

## Процесот на глобализација и меѓународниот маркетинг

Bradley (2002) ги посочува промените во кои компаниите работат пред се, огромниот пораст на размена и расположливост на новите производи и услуги, драматично зголемување на мобилноста на инвестициите, движење на човечкиот капитал, меѓународна конкуренција. За опстанок во оваа окружување потребно е да се биде конкурентен на меѓународно ниво и да се работи на глобален пазар. Промената на пазарната моќ од производизводителот кон потрошувачот, расположливоста на информацијата во компанијата како и одредување на глобална марка на производот станува феномен на глобален пазар. Меѓународниот маркетинг е процес преку кој се идентификуваат потребите и желбите на потрошувачите на различни меѓународни пазари, обезбедува конкурентни производи, услуги и идеи за да се задоволат различни потреби, се пренесуваат информациите за производите, се испорачуваает производите користејќи еден или повеќе влезови на меѓународен пазар. Cinkrot & Ronkainen (2001) сметаат дека е задржано маркетинг начелото на задоволство и размена. Основните маркетинг принццпи стануваат сложени и тешко применливи. Swenson смета дека воведување на терминот глобална стратегија и глокалиација е компромис кој го подобрува актуелната примена на глобалната стратегија и ја признава потребата за локално прилагодување со деловните активности (потреба од разгледување на локални прашања при извршување на деловни активности на пазарот), а меународната стратегија се однесува на стандардизирање и хомогенизирање на деловните активности на сите постоечки пазари во светот. Меѓународниот маркетинг создава и одржува глобални потрошувачи и профит, создавање и одржување на меѓународна глобална конкурентна предност (маркетинг микс) на меѓународнот глобален пазар. Глобалната стратегија се создава врз основа на информациониот систем кој го скенира светското деловно окружување за да се идентификуваат можностите, трендовите, опасностите и ресурсите.

## Зајакнатото пазарно учество

Најголем национален пазар во свет САД претставува скоро 25% од вкупниот светски пзар за производи и услуги, така да американските компании мораат глобално да опслужуваат 75% од светкиот пазарен потенциал надвор од земјата на потекло. Неамериканските компании имаат можности кои опфаќаат 260 милиони луѓе во САД. За Јапонските компании 85% од светскиот потенцијал е пазар надвор од Јапонија. Кај европските земји е поинаку. Германија е најголем поединечен пазар, 94% од светскиот пазарен потенцијал за германските компании надвор од Германија. Компаниите кои адекватно не одговорат на предизвиците на глобализацијата ќе бидат превземени од динамичните комании или едноставно ќе исчезнат (Keegan & Green, 2000). Breadley смета дека основните фактори за глобализацијата (информации и комуникации, транспорт и производство доведе до појава на нови пазари во земјите на Исток, Кина и Африканските земји, како основа за поттикнување на силата на глобалниот маркетинг.

## Меѓународно ориентирани маркетинг – менаџери

Одговор на компаните на глобалните пазарни можности во голема мера зависи од маркетинг – менаџерите (етноцентрични, полицентрични, региоцентрични и геоцентрични ориентирани – EPRG рамка дефинирана од Keegan & Green, 2000). Маркетинг менаџер кој е етноцентричен е личност која смета дека сопствената земја е супериорна во однос на остатокот

на светот т.н. национална ароганција, претпоставува дека производите и работењето кое успева во матичната земја е успешна насекаде. Полицентрична ориентација е спротивна на етноцентричната во која се претпотавува секоја земја со која компанијата работи е единствена, која е основа за развој на сопствена деловна и маркетинг стратегија. Региоцентрична ориентација ги набљудува регионите како единствени и настојува да развие регионална стратегија. Геоцентрична ориентација го набљудува целит свет како потенцијален пазар и настојува да ги развие интегрирано маркетинг стратегиите.

**Заклучок**

Пристапот на маркетинг менаџерот на глобаниот пазар при утврдување на глобалната маркетинг стратегија треба да се води од развиеноста на неговата маркетинг стратегиска ориентација, мисијата, визијата, целите, големината на претпријатијата, развојот на меѓународните односи и стекнатите искуства на претпријатието на глобалните пазари, способност да се координираат поедини конкурентски стратегии кои што се користат на различни национални и регионални пазари.

## References


1. Armstrong, J. Scott: Schultz, Randall (1993), Principles Involving Marketing Policies :An Empirical Assessment, Marketing Letters, Vol.4, No.3, p.253-265
2. D Bradley, Determinants of relative poverty in advanced capitalist democracies, American Sociological, 2002
3. Czinkotta , Ronkainen, International Business , Wiley, 2001
4. Lawrence, Richard (1993), Inside new product statistics, Journal of Advertising Research, Vol.33, No.2, March/April p.3-6
5. Warren J. Keegan, Mark C. Green, Business & Economics Prentice Hall PTR, 2000

**Доц. д-р Марија Котевска Димовска**
БАС, marijadimovski@yahoo.com
**М-р Николче Д. Талевски**
АД ЕЛЕМ РЕК БИТОЛА, postdiplomec@yahoo.com

005.32:331.101.32

# ЗАДОВОЛЕН ЧОВЕК – ОПТИМАЛЕН КАПИТАЛ ЗА ОПШТЕСТВОТО

# CONTENT PEOPLE – OPTIMAL CAPITAL FOR SOCIETY

**АПСТРАКТ:** Човечките ресурси се темел за развојот на секое општество. Едно демократско и успешно општество го сочинуваат здрави, успешни и задоволни индивидуи, затоа е неопходно да се вложува во личниот развој на луѓето, паралелно со когнитивниот и професионалниот. Актуелните трендови во менаџирањето со човечки ресурси гледаат на развојот како на долгорочна стратешка предност на било која компанија. Целта на овој труд е да ја актуализира потребата од таков стратешки пристап и во нашите компании, преку вложување во личниот раст и развој на човечките ресурси и подигање на нивото на задоволство од работата. Задоволството од работата е во функција на индивидуалната добросостојба и среќа на секој човек, како и во функција на економскиот, социјалниот и општествениот развој. Трудот ја потенцира потребата континуирано да се истражува и следи влијанието на задоволството од работата на вработените врз организациските перформанси, исто како и влијанието на факторите кои се поврзани со задоволството од работата. Резултатите од трудот упатуваат на оптимален модел за менаџирање со човечките ресурси кој вклучува три нивоа на пристапи и политики: индивидуално, организациско и лидерско.

**Клучни зборови:** човечки капитал, задоволство, развој на човечни ресурси.

**ABSTRACT:** Human resources are the foundation for the development of any society. A successful and democratic society creates healthy, happy and successful individuals, therefore it is necessary to invest in the personal development of people, along with the cognitive and professional development. Current trends in the management of human resources development are seen as a long-term strategic asset of any company. The purpose of this paper is to draw attention to the need for such a strategic approach. Our companies through investment in personal growth and development of human resources are raising the level of job satisfaction. Job satisfaction is a function of individual well-being and happiness of every man, and on the economic, social and community development. The paper emphasizes the need to continually investigate and monitor the impact of job satisfaction of employees on organizational performance, as well as the impact of the factors associated with job satisfaction. The results of the paper suggest the optimal model for managing human resources which includes three levels of approaches and policies: individual, organizational and leadership.

**Keywords:** human capital, job satisfaction, development of humane resources.

## ВОВЕД

Глобализацијата и технолошките промени ја зголемија важноста на човечките ресурси во последните години до тој степен што се сметаат за најважна алка за успешност, покрај пазарната стратегија и квалитетениот производ. За да може една организација да ги имплементира и оствари стратегиските цели мора да стави акцент и на човечките ресурси - на привлекувањето, задржувањето и развивањето на вработените. Менаџирањето на човечките ресурси претставува еден вид на врска токму помеѓу организацијата и вработените. Секоја организација мора да стане свесна за потребите на вработените, да ги разбере и евалвира за да им помогне на вработените да ја сфатат и почувствуваат својата работа како дел од својот личен живот кој им претставува задоволство и придонесува за среќен и исполнет живот, а не како одредена рутина или тешкотија која што мора да ја направат.

Задоволството од работата е една од најистражуваните теми од областа на човековото однесување во организациите. Причината за ова се теориските претпоставки и истражувачки показатели, кои укажуваат дека само задоволен и среќен работник е продуктивен, а успехот на организацијата не може да се постигне со незадоволните вработени. Вработените се индивидуи кои што имаат сопствени ментални претстави и перцепции, сопствени цели и секако секој е личност за себе. Токму заради тоа треба да се посветува внимание на задоволството, мотивираноста и едуцираноста на индивидуално и на групно ниво, со цел да се насочат кон постигнување на организациските цели. Грижата за човечките ресурси е клучна за соодветно функционирање на организацијата, бидејќи токму со соодветна грижа може да се креираат лојални вработени кои што ќе бидат спремни да дадат сè од себе во извршувањето на работните задачи.

## ПОТЕНЦИЈАЛОТ НА ЧОВЕЧКИОТ КАПИТАЛ И ЗАДОВОЛСТВОТО ОД РАБОТАТА

Човечки капитал како продуктивен капацитет кој е вграден во луѓето е еден од најважните придонеси за организацискиот раст. Категоријата човечки капитал се дефинира како збир на производствени вештини, таленти и знаења на поединецот, стекнати преку образование, обуки и искуства. Поимот човечки капитал е воведен во современата економска анализа како име за човечкиот производствен капацитет, затоа што поединецот произведува добра и услуги, и овој вид капитал ја задоволува основната економска дефиниција на капиталот, како богатство кое може да биде употребено за производство на друго богатство. Исто така производствените способности, односно стекнувањето на човечкиот капитал, како знаење, можат директно да се поврзат со инвестициите во секторот на образованието.

Во тој контекст, особено интересни се инвестициите во развој на човечкиот капитал, кои создаваат производствени вештини, а воедно и влијаат врз задоволството од работата. За зголемување на производствената способност на човечкиот капитал се вложуваат многу индивидуални и општествени средства преку дизајнирани обуки, преку подобрување на здравствената состојба на работниците, преку зголемување на задоволството од работата и сл. Потребно е изнаоѓање на методи за носење на добри инвестициони одлуки во овие области. Многу е важно да се потенцира важноста на задоволството на вработените.

Концептите задоволство и среќа се значајни компоненти на човечкиот капитал и инвестирањето во нив треба да се третира исто како и инвестирање во било кој друга аспект од човечкиот капитал кој има своја цена и своја стапка на рентабилност. Работното задоволство е сложена когнитивно афективна проценка на индивидуата за неговата работа. Задоволството од работата е комплексен пристап кој вклучува три компоненти: когнитивна- претпоставки и верувања за работа, афективна - чувства кон работата и проценувачка – евалуација на работата. Клучни фактори кои придонесуваат за задоволстото и среќата на вработените се оние кои овозможуваат да се одржи рамнотежата работа - живот, како што се: односите со менаџментот и соработниците, можностите за личен и професионален раст и развој, културата во компанијата, репутацијата, секојдневните задачи, работа автономија и компензациите

## ЗАДОВОЛСТВОТО ОД РАБОТА МОТИВ ЗА МАКСИМАЛЕН АНГАЖМАН

Ангажираноста на работниците носи многу бенефиции за компаниите. Истражувањата покажале дека задоволството од работата влијае на оптимална ангажираност на вработените, што води до подобрување на продуктивноста и профитот на компанијата. Според истражувањето спроведено во 2012 година, во кое се вклучени 49928 работни единици во 192 организации низ 49 индустрии, големата ангажираност и силната посветеност на вработените води до зголемување на продуктивноста и приходите на компанијата дури и во тешки економски времиња. Додека кај организации со високи нивоа на мотивираност и ангажираност на вработениите продуктивноста се зголемува за околу со 22 %, (според најновите истражувања спроведенј на повеќе од 1,4 милиони вработени во САД од Галуп), ниската ангажираност на вработените чини 350 милијарди долари годишно само во САД.

Ангажманот на вработените покрај профитот на компанијата го подобрува и квалитетот

на работата и безбедноста на работното место, ангажираните работници се позадоволни и имаат подобри односи со колегите. Компаниите со одлични квартални резултати имаат 48% помалку несреќи на работа. Компаниите со најдобри бизнис резултати кои се должат на факторот на ангажираноста на работниците имаат помалку отсуства, додека компаниите со ниски оперативни резултати имаат далеку поголем број на отсуства од работа која е директно поврзана со poниски промет.

## ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ И РЕЗУЛТАТИ

Идејата на овој труд е е да се предочи важноста на задоволството на човечкиот капитал за бизнисот и компаниите. Целта е да се укаже како и зошто е потребно да се инвестира во човечките ресурси, во едукација, развој и мотивација и кои се придобивките на компаниите од ваквите инвестиции. Во време на промени, особено со промените со кои се соочуваме денес, треба да ги чуваме и одржуваме нашите таленти и најдобри луѓе и да инвестираме во нив. Истражуањето има за цел да го измери нивото на задоволство на вработените и да докаже дека вложувањето во едукацијата и поддршката во личниот раст и развој на поединецот се алатки со кои може да се добие најдоброто од вработените и од аспект на ангажираност, посветеност и лојалност кон организацијата.

Истражувањето е извршено на примерок од 120 вработени во профитни организации, од кои 48% се со високо образование, а останатите 52% со средно. Во истражувањето се одредување на нивото на задоволство од работата и причинители за истата, со прашалник за мерење на задоволство од работата. Резултатите покажаа дека околу 51% од вработените се задоволни со својата работа, или расчленето: 18% од сите испитаници се „многу задоволни“, додека 33% се „донекаде задоволни“. Сепак на прашањето дали би ја промениле својата работа дури 45% од испитаниците велат дека, кога би имале можност тие би работеле надвор од нивните сегашни организација. Ова е секако алармантна вест која не би се одразила добро на организациската ефикасност. Но како добра вест е високиот степен на изразеност на одредени фактори кои се извор на задоволство и кои би можеле да ја подобрат состојбата кај вработените.

Резултатите добиени од прашалникот за задоволство од работата укажуваат на следниве извори на задоволство кај вработените:

Можност за развој на кариерата и надоградување на личните потенцијали. Можности за развој на кариерата - желба да се направи кариера како извор на задоволство е искажана кај 72% од вработните.

Добра комуникација помеѓу вработените и менаџментот - 57% од вработените се изјаснуваат дека добрата комуникација заснована на почит и соработка е клучна за задоволство на работното место. Ова укажува на потребата од едуцирани менаџери кои се способни да практикуваат современи менаџерски стилови, и да креираат позитивна организациската клима заснована на добри односи и добра комуникација, кои придонесуваат за позадоволни, посреќни и попродуктивни работници.

Добри односи со непосредни претпоставени - 59% од испитаниците наведуваат дека добрите односи со претпоставение се клуч за нивното задоволство. Одржување на позитивен и односи помеѓу различни нивоа на вработените е од витално значење за успешна комуникација во рамките на и помеѓу оддели. Ова а испраќа сигнал до менаџерите. Менаџерските стилови со слаба комуникација створаат клима во која се задуши креативноста и иновацијата, како вработените можат да бидат подготвени да го искажат загриженост и идеи поради страв од реперкусии.

Надомест - 60 % велат дека витален дел за задоволството на вработените е нивната плата. Само 38 % велат дека тие се задоволни со нивните надоместок. Важноста на надоместокот не е изненадувачки фактор за задоволството на вработените, правичен надоместок испраќа порака дека нивните придонеси се вреднуваат правилно. Надомест е прикажан како поважен меѓу вработените со средно образовно ниво.

Безбедност на работа – или сигурноста на работното место е клучот за задоволството на 61 % од испитаниците. Овој фактор е истакнат како поважен кај вработените со средно

образование, за разлика од од оние со универзитетска диплома 32% .

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ НА ОПТИМУМ

Потенцијалот на човечкиот капитал може најефикасно да се искористи преку креирање соодветни пристапи во организациите кои ефикасно ќе ги мотивираат вработените за вложувања во турбулентните времиња. Наодите од овие истражувања, кои се во склад со многу други, говорат дека компаниите и организациите треба да создадат човечки капитал кој ќе одговори на потребите на таа организација преку соодветна едукација и обука, но и со градење организациска култура која ќе го зголеми задоволството на вработените, што ќе биде поддршка за реализирање на приоритетите на организацијата. Методологија која постигнува оптимум е онаа што вклучува три нивоа на пристапи и политики:

Индивидуално ниво - кое вклучува подобрување на личната, професионалната и емоционалната компетентност на човечките ресурси. За да се остварат овие цели организациите мора да посветат внимание на обука и мотивирање на вработените, воспоставување на добар комуникациски систем, како и воспоставување на одредени стандарди за начинот на однесување.

Организациско ниво - кое вклучува подобрување на задоволството од работата преку создавање позитивна организациска клима и соработка, при што се потенцира политиката на организацијата која дава можност за мотивирање и постигнување на високо ниво на задоволство и посветеност кон работата.

Лидерско ниво - кое вклучува подобрување на пристапот во менаџирање преку развој на менаџерските и лидерските капацитети. Според Harter најодговорни за нивото на ангажман на вработените се менаџерите и нивниот пристап во процесот на менаџирање во сите негови функции, а особено во функцијата водење. Менаџерите мора да се и добри лидери, да го слушаат мислењата на луѓе блиски до процесот на производство и да им помагаат на луѓето да ја увидат врската меѓу секојдневна работа и повисока цел или мисија на компанијата.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Постигнување на максимални перформанси на секоја компанија не е резултат на случајност. Заеднички карактеристики на успешни компании е организациска култура која вклучува планирано и внимателно негување на човечките ресурси. Концептите задоволство и среќа се значајни компоненти на човечкиот капитал и инвестирањето во нив треба да се третира исто како и инвестирање во било кој друга аспект од човечкиот капитал кој има своја цена и своја стапка на рентабилност.

Во овој труд се укажува на важноста на задоволството од работата на вработените и на пристапите и политиките за мотивирање и подигање на нивото на задоволство од работата кои организациите треба да ја следат и подобруваат. Во тој контекст, се акцентира потребата од изнаоѓање на методи за проширување на организациската свест дека човечки капитал, како продуктивен капацитет кој е вграден во луѓето, е еден од најважните придонеси за организацискиот раст. Трудот ја потенцира потребата континуирано да се истражува и следи влијанието на задоволството од работата на вработените врз организациските перформанси, исто како и влијанието на факторите кои се поврзани со задоволството од работата. Се препорачува модел за постигнување на оптимум заснован на три нивоа: индивидуално, организациско и лидерско.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Бахтијаревиќ, Ф (1999). Управување со хумани ресурси, Златен маркетинг, Загреб.
2. Димовска., К. М., Поврзаноста на емоционалната интелигенција со стилот на раководење

во образовните институции., Докторска дисертација, Универзитет Св. Климент Охридски – Битола, Педагошки факултет – Битола, Битола,

3. Фалмер, Р. (1994). Новиот менаџмент, Скопје, Агенција: 56, 178.
4. Goleman, D., Boyatzis, R., McKee, A. (2002.). Primal Leadership. Reali-zing the power of emotional intelligence. Boston: Harvard Business Review Press.
5. Hansson, B. (2009), "Employers' Perspectives on the Roles of Human Capital Development and Management in Creating Value", OECD Education Working Papers,No. 18, OECD Publishing., http://dx.doi.org/10.1787/227353534651

**Ю.В. Атанасовска**
Международный славянский институт, julia929@mail.ru

3315-053.6(460)

# YOUTH LABOR MARKET AS A GUARANTOR OF THE STATE SYSTEM FUTURE

# МОЛОДЕЖНЫЙ РЫНОК ТРУДА КАК ГАРАНТ БУДУЩЕГО ГОСУДАРСТВЕННОЙ СИСТЕМЫ

**Annotation:** Youth labor market is the important business factor of the national economical system. Its optimum arrangement is based on the process of overcoming the nonsystem industry-specific, local and professional structures and the state of inadaptability of youth human resources to labor-management relations.

**Key words:** Youth labor market, methodological framework, causes of ineffective functioning of youth labor market and ways of its elimination.

Важным экономическим фактором успешного развития государственной экономической системы и бесспорным капиталом общества является молодежный рынок труда. От того, как он организаван, по какой теоретико-методологической и прагматической модели развивается, в значительной степени зависит существование национального социума.

Молодежный рынок труда – ключевой элемент в начальном распределении трудовых ресурсов. Формирование его способности оперативно и грамотно реагировать на экономическую динамику – актуальная задача.

Обычной проблемой развивающегося типа экономики является неэффективная система занятости населения, в том числе молодежного сектора, несистемность его отраслевой, территориальной и профессиональной структур, неадаптированность молодежных человеческих ресурсов к трудовым отношениям.

В этой связи необходимо прорабатывать проблему минимум по двум направлениям:

1. углубление методологической базы, её теоретического обоснования;
2. формирование и апробация практических подходов в решении трудовой занятости молодёжи, снижения уровня её безработицы.

В экономической системе любого типа молодёжный рынок труда следует рассматривать как особый сегмент, обладающий специфическими особенностями: в отношения найма вступают трудовые ресурсы, находящиеся на начальном этапе реализации своего потенциала. Выделение этой подсистемы из системы более высокого уровня обусловлено ее спецификой, которая заключается в особенностях как самого процесса найма, так и реализуемого ресурса.

Трудовой молодёжный ресурс не обладает практическими профессиональными знаниями, а работодатель предъявляет условие – наличие опыта работы; трудовой молодёжный ресурс, как правило, амбициознее старших поколений, что проявляется в необоснованном (завышенном) уровне притязания, диссонансе между материальными и карьерными желаниями и профессиональными возможностями.

Неэффективность функционирования модели молодёжного рынка труда мотивируется деформацией механизма ценообразования на данном рынке (то есть жесткой фиксацией заработной платы на низком уровне) и развитием низкотехнологического хозяйственного комплекса страны. Неполное использование и обесценивание человеческого потенциала российского молодёжного рынка труда делает его наиболее проблемным трудовым сегментом и носит характер системной деформации, что значительно сложнее деформации временной.

Молодёжный рынок труда разных экономических систем имеет общие черты. Он характеризуется первичным наймом, низким уровнем заработной платы, низкой социальной

защищенностью, рутинным, нетворческим трудом, низким профессионально-социальным статусом, не всегда достойными условиями труда, деквалификацией, большой текучестью кадров, слабыми шансами на продвижение и реализацию человеческого потенциала.

Специфика современных экономических реалий России заключается в том, что рынок труда ориентирован на массовое использование дешевой и низкоквалифицированной рабочей силы; не соответствует структура спроса и структура предложения; плохо развита инфраструктурная обеспеченность.

Низкая конкурентоспособность молодежи на рынке труда объясняется отсутствием опыта работы, низкой мотивацией, часто неадекватной оценкой собственной личности, недостаточной профессиональной подготовкой, завышенными требованиями, предъявляемыми к условиям труда и размеру заработной платы, абстрактным характером полученных знаний, отсутствием способностей к самообучению и саморазвитию, качеством знаний, не соответствующем инновационному характеру развития постиндустриального общества.

Таким образом, компаративный анализ основного и молодёжного сементов рынка труда России можно представить таким образом:

| Основной сегмент | Молодежный сегмент |
|---|---|
| Стабильная занятость | Большая текучесть кадров |
| Быстрая адаптация работника | Длительная адаптация работника |
| Реальный наем | Первичный (формальный) наем |
| Средний уровень заработной платы; зависит от должности, стажа, квалификации, меры ответственности | Низкий уровень заработной платы; зависит от выработки, дисциплинированности; развито нормирование труда |
| Хорошие условия труда | Плохие условия труда |
| Творческий характер труда; нередко участие в управлении производством | Труд исполнительский, рутинный |
| Карьерная лестница | Слабые шансы на продвижение |
| Использование прогрессивных технологий, требующих высокой квалификации работников | Деквалификация; технология производства примитивна и трудоемка; капитал заменяется трудом |
| Соблюдение трудовых правил | Своеволие начальства |
| Гарантия занятости на перспективу | Увольняют в первую очередь |
| Удобные часы работы | Жесткий график; часто неполный рабочий день (неделя); сезонная или временная работа |
| Социальный пакет | Низкая социальная защищенность; на них стараются сэкономить |
| Обучение и переквалификация за счет предприятия (в том числе и в рабочее время) | Отсутствие инвестиций в обучение со стороны работодателя |
| Часто высокий статус | Статус низкий |

В результате деформации молодёжного рынка труда общая ресурсная база рынка труда трансформируется из трудоизбыточной в трудодефицитную. Увеличивается диспропорция между концентрацией трудовых, природных, капитальных ресурсов и пространственной их организацией; происходит депопуляция, старение населения и «утечка мозгов». Молодежная безработица негативно влияет и на качественные параметры рабочей силы: разрушается исторически накопленный человеческий потенциал России и первичные условия воспроизводства квалифицированной рабочей силы, а также происходит ее деквалификация и примитивизация.

В этих условиях эффективным, на наш взгляд, является трансформация трудовых отношений в сторону повышения социальной ответственности всех субъектов молодежного рынка, консолидация их интересов и интеллектуализация самого характера трудовой деятельности. Главным показателем эффективности молодежного рынка труда выступает основной критерий – минимизация потерь от использования имеющегося молодёжного ресурса России.

Из сказанного очевидно, что основным звеном государственной молодежной политики в России должно стать регулирование, направленное на создание условий для максимальной реализации трудового потенциала молодежи. Основные приоритеты молодёжной политики лежат в плоскости формирования стратегически грамотного профессионально-информационного пространства, инфраструктурного обеспечения, вовлечения молодежи в социально-экономическую практику, развития инновационной активности молодежи, защиты её интересов в сфере трудовых отношений.

В формировании прогрессивной модели российского молодежного рынка труда важную роль играют внешние факторы, в первую очередь демографический, экономический и социальный. Стратегическое направление в демографической сфере – это обеспечение воспроизводства ресурсного потенциала, повышение качества трудового потенциала как компенсирующий фактор его естественной убыли.

Экономический фактор развития молодёжного рынка труда как гарант будущего российской государственной системы определяется в первую очередь интенсификацией хозяйственного комплекса, а не экстенсивное развитие, и реструктуризация, то есть системные изменения структуры экономи-трудовых отношений.

Отсутствие развитой инфраструктуры молодежного рынка труда подтверждается данными выборочных обследований. Например, по данным опроса в 2009 году для 60 % молодых безработных основным способом поиска работы является обращение к друзьям, родственникам, знакомым. Среди других способов поиска работы безработные отмечали службу занятости (30 %), кадровые агентства (3-5 %), периодические издания (20 %), поиск ресурсов для открытия своего дела (1 %).

Обеспечивая своё социально-экономическое будущее, государствоо должно активно воздействовать на основные деформационные элементы и включать следующие меры:

- усиление роли государственных органов в решении как общих, так и специфических региональных проблем рынка труда молодежи;
- осуществление приоритетного финансирования социальных и экономических программ в регионах с высоким уровнем молодежной безработицы за счет средств государственного бюджета и социальных внебюджетных фондов;
- минимизация отрицательных последствий массовой безработицы молодежи в индустриальных районах, в том числе в малых и средних городах, поселках с моноэкономической структурой;
- предотвращение массовых увольнений молодых работников, создание новых и сохранение существующих экономически целесообразных рабочих мест для молодежи, осуществление опережающей переподготовки кадров молодежи для новых прогрессивных производств;
- обеспечение защиты трудовых прав молодежи несостоятельных организаций, эффективная поддержка молодежи при потере работы и обеспечение профессиональной ориентации;
- организация крупных «молодежных строек» и т.п. с созданием необходимой инфраструктуры для обеспечения социальной защиты и повышения квалификации;
- формирование школы профессионального становления в период вузовского обучения и обучения в средне-специальных учебных заведениях – строительные бригады и отряды, производственные и учебные практики и т.п.

Названные приоритеты не охватывают всего объема проблем, стоящих перед молодежью и обществом в ближайшее время. Они определяют направления и сферы первоочередного инвестирования государственных и общественных ресурсов в рамках государственной

молодежной политики, формируют систему ресурсов поддержки российской молодежи, способствуют развитию тех качеств молодых людей, которые будут востребованы в постиндустриальном обществе.

Главным результатом совершенствования молодежной политики должно стать повышение вклада молодых людей в развитие страны и улучшение положения молодежи в обществе. Оценку реализации стратегии государственной молодежной политики необходимо проводить по трем основным группам результатов:

1. разработка теоретико-методологической базы определения вклада молодежи в социально-экономическое развитие страны;
2. определение основных характеристик (критериев) изменения положения молодежи в обществе;
3. комплексный анализ эффективности реализации общенациональных проектов государственной молодежной политики.

Российский молодёжный рынок труда советского и постсоветского периода значительно различается. В СССР государство являлось единственным монопольным работодателем. В постиндустриальной России ухудшение условий вступления молодежи на рынок труда привело к тому, что к 1996 году она стала одной из самых многочисленных групп населения среди официально зарегистрированных безработных, что остаётся актуальным по сей день. Решение этой проблемы в значительной мере позволит устранить дефективность структуры общего рынка труда и станет залогом успешного экономического развития всего общества.

**Доц. д-р Синиша Цветковиќ**
Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин" Свети Николе – Битола – Р.Македонија sinisac4@gmail.com

330.35(497.7)

# НАМАЛУВАЊЕТО НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИОТ И УПРАВУВАЧКИОТ ЈАЗ НА Р.МАКЕДОНИЈА ВО ФУНКЦИЈА НА ОДРЖЛИВОСТ НА СТАПКИТЕ НА РАСТ

# REDUCING OF INSTITUTIONAL AND GOVERNANCE GAP OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA AS A PRECONDITION FOR GROWTH RATE SUSTAINIBILITY

**Апстракт:** Системот на управување на национално ниво опфаќа многу институции и актери кои извршуваат извесна функција, додека нивниот квалитет, односно управувачки капацитет, се наведува како основна причина за разликите во стапките на раст меѓу националните економии. Емпириските анализи покажуваат дека разликите во доходот сѐ уште се очигледни меѓу земјите, додека причините за ваквата состојба се бараат во недостатокот на способноста на земјите ефикасно да го употребат технолошкото знаење во производниот процес. Во трудот се анализира големината на институционалниот и управувачкиот јаз меѓу Р.Македонија и земјите во поширокото окружување, како и нејзината способност да управува со промените на долг рок преку анализа на глобалните индикатори на управување, во функција на обезбедување одржливи стапки на раст.

**Клучни зборови:** институции, управување, јаз, глобални индикатори на управување

**Abstract:** The governance system on national level covers multiple institutions and actors performing certain function, while their quality, or governance capacity, is believed to be the major reason for the diferences in the growth rates of the national economies. The empirical analysis show that the diferences in income are still obvious between the countries, while the reasons are being sought in the lack of countries capability to efficiently utilize the technological knowledge in the production process. This paper analyses the scale of the institutuonal and governance gap betweeen the Republic of Macedonia and the countries in the wider surrounding, as well as it's ability to manage the long term changes through analysis of the Worldwide Governance Indicators, all leading to obtaining sustainable growth rates.

**Keywords:** Institutions, Governance, Gap, Worldwide Governance Indicators

## Вовед

Поновата литература од областа на економскиот раст и развој на земјите ѝ посветува големо внимание на теоријата на конвергенција на стапките на растот и нивоата на доход по жител меѓу земјите (Sala-I-Martin, Xavier, 1996; M. Todaro, 2000; J. M. Cypher, J., L. Dietz, 2009; A.P. Thirlwall, 2011;). Меѓутоа, емпириските анализи покажуваат дека разликите во доходот сѐ уште се очигледни меѓу земјите, додека причините за ваквата состојба се бараат во недостатокот на способноста на земјите да го употребат технолошкото знаење во производниот процес (Xavier, Sala-i-Martin, 2002; E. W. Nafziger, 2006; D. Acemoglu, 2007). Конвергенцијата не е процес којшто се случува автоматски, туку, за да егзистира, потребни се одредени предиспозиции на земјите (како што се развиеност на институциите, јавната инфраструктура, човечкиот капитал, технолошкото знаење итн.) што ќе овозможат атрактивен амбиент во кој инвеститорите ќе ги селат ресурсите во земјите каде што односите капитал–труд се ниски и, оттука, приносите од инвестициите ќе бидат повисоки. Одговорот на прашањето зошто ова не се случува, односно зошто капиталот не се сели кон сиромашните земји, се наоѓа во постоењето на некакви „системски недостатоци".

Во земјите со слаби институционални капацитети, управувачки и технолошки способности, многу тешко можат да бидат минимизирани трошоците од глобализацијата. Од друга страна, неинтегрирањето во глобалните економски токови, носи поголеми трошоци како резултат на изгубените можности што се нудат од влезот на СДИ, договорите за соработка и кооперација со странство, влезот на МНК, а преку нив и влезот на нови технологии, знаење и know-how, разни форми на странска помош, донации, заеми итн. Институционалната рамка на земјата, нејзината политичка култура и квалитетот на владата, играат важна улога во поттикнувањето на економскиот раст. (*G. Bertucci, A. Alberti, 2001*).

**Намалување на институционалниот и на управувачкиот јаз**

Современите анализи за развојните резултати на земјите покажуваат дека разликите во нивните економски перформанси (нивото на економски развој, брзината и одржливоста на стапките на економскиот раст), во значителна мера зависат од доброто функционирање на мрежата на институции што ја поддржуваат националната економија, односно од нивниот квалитет, ефикасност и кредибилитет (*D. C. North, 1990; D. Rodrik, 2007; D. Kaufmann, (et al), 2009*). Мрежата на институции ја сочинуваат: *формалните институции* – правилата, законите, сопственичките и договорните права, регулативите и сл., и *неформалните институции* – обичаите, традициите, ставовите, вредносните и културните фактори (M. Aoki, 2001). Следниве пет типа институции се особено важни за процесите на економски раст и развој:  1.Институции за заштита на сопственичките права (судскиот систем); 2. Институции што го регулираат пазарот; 3. Институции што го стабилизираат пазарот; 4. Институции за социјална заштита и осигурување; 5. Институции за управување со конфликти ( D. Rodrik, 2000).

„Добрите" институции овозможуваат намалување и отстранување на ризиците и трошоците од пазарното работење, ефикасна распределба и алокација на производните ресурси, владеење на правото и борба со елементите на корупцијата, што е основа за развој на приватниот бизнис-сектор и за зголемена конкурентност на домашната економија преку продукција на ново знаење и иновации.[1]

Процесот на интеграција во ЕУ претставува силен поттикнувачки фактор за широки институционални промени, што подразбира системски пристап кон промена на нивната структура, политика, култура, начин на управување, ефикасност, вмрежување, отвореност, транспарентност итн. Истовремено, како резултат на потребата од компатибилност со општествените услови во ЕУ, се јавува потребата од унапредување на нивната управувачка способност и јакнење на капацитетите. Разликите во перформансите меѓу земјите кои споделуваат ист сет институции наметнуваат прашања за квалитетот во управувањето со економскиот раст и развој на националните економии.

ЈАЗОТ во управувачката способност со промените на долг рок

Во модерниот глобализиран свет, процесот на донесување одлуки директно зависи од оцената на нивото на управувачкиот капацитет на земјите. Концептот на управување подразбира процес низ кој „се обезбедува јавниот интерес преку унапредување на социјалната кохезија, правејќи го општеството поправедно и стабилно, се гарантира соодветното обезбедување јавни добра, се овозможува функционирање на пазарите, се поттикнува претприемништвото и се креира деловен амбиент за конкурентен натпревар меѓу индивудите и бизнисите".[2] Доброто управување значи компетентно управување на ресурсите и работите на земјата на начин кој е отворен, транспарентен, отчетлив, рамноправен и одговорен кон потребите на луѓето. [3] Управувањето се користи во неколку контексти и затоа може да се разгледува како корпоративно управување, локално управување, национално управување и меѓународно

1 Colin White, 2009, "Understanding Economic Development: A Global Transition from Poverty to Prosperity?", Edward Elgar Publishing, Massachusetts 01060, USA, pp.159-160

2 UN, 2006, *" Diverging Growth and Development*", World Economic and Social Survey, p.150

Според: David Levi-Faur, 2012,"The Oxford Handbook of Governance", Oxford University Press, USA, p.8; Управувањето како процес низ литературата се разгледува преку димензии како: структура – се однесува на архитектурата на формалните и неформалните институции; процес – се однесува на процесот на креирање политики; механизам – опфаќа институционални процедури за донесување одлуки, усогласување и контрола; стратегија – ги опфаќа напорите на институциите за обликување на изборите и преференциите.

3 AusAid Publication, 2000, "Good Governance: Guiding Principles for Implementation", p.3 – 7

управување. Во секоја современа пазарна економија, најзначајниот дел од суштината на доброто управување се однесува на намалувањето на трансакциските трошоци за економските активности што доведува до подобро, полесно и попрофитабилно работење на деловните субјекти, кое резултира со раст на деловната активност, економски напредок и развој на националната економија.

Оцената на нивото и разликите во способноста за доброто управување на Р. Македонија и земјите од ЈИЕ, ќе ја дадеме преку анализа на индикаторите од најрепрезентативниот и најчесто употребуваниот сет индикатори од базата на Светската банка, *Worldwide Governance Indicators (WGI)*. [4]

Табела 1. Вредност на WGI-индикаторите за земјите од ЈИЕ за 2012 г.

| Индекс / Земја | почитување на гласот на јавноста и отчетност | политичка стабилност и отсуство на насилство | ефективност на владата | квалитет на регулативата | владеење на правото | контрола на корупцијата |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Албанија | 50,24 | 39,81 | 44,98 | 56,46 | 35,07 | 26,79 |
| Б и Х | 44,55 | 28,91 | 38,76 | 51,20 | 48,34 | 49,28 |
| Бугарија | 58,77 | 58,29 | 60,29 | 69,38 | 51,18 | 52,15 |
| Хрватска | 63,51 | 64,45 | 72,25 | 66,51 | 59,72 | 57,42 |
| Чешка | 74.88 | 84,36 | 76,56 | 80,86 | 81,52 | 63,64 |
| Естонија | 83.89 | 64,93 | 77,99 | 90,43 | 84,36 | 80,38 |
| Унгарија | 70,14 | 68,72 | 70,81 | 78,95 | 68,25 | 64,59 |
| Латвија | 70,62 | 60,66 | 74,64 | 79,90 | 72,51 | 62,68 |
| Литванија | 74,41 | 70,14 | 74,16 | 82,78 | 72,99 | 66,03 |
| Р.Македонија | 49,76 | 33,18 | 51,67 | 61,24 | 47,87 | 59,33 |
| Црна Гора | 56,40 | 63,98 | 59,81 | 53,11 | 55,45 | 55,02 |
| Полска | 81,04 | 83,41 | 71,77 | 78,47 | 72,04 | 71,77 |
| Романија | 57,82 | 48,82 | 43,54 | 68,90 | 55,92 | 50,72 |
| Србија | 55,92 | 38,86 | 50,72 | 50,72 | 44,08 | 48,33 |
| Словачка | 76,78 | 87,20 | 73.68 | 80,38 | 63,98 | 60,29 |
| Словенија | 77.73 | 76,30 | 80,86 | 72,25 | 80,57 | 74,64 |

Извор: http://info.worldbank.org/governance/wgi/index.asp пристапено на 17.03.2014

Според податоците од табелата 1., Р. Македонија покажува исклучително слаби постигнувања во однос на индикаторот *Почитување на гласот на јавноста и отчетност*, кој го мери степенот до кој граѓаните можат да учествуваат во изборот на владите, нивната слобода на изразување и здружување, како и слободата на медиумите. Во оваа област подобар резултат има единствено од БиХ, а во однос на прворангираната Естонија (83,89), разликата е 1,7 пати. Уште полош резултат е забележан кај индикаторот *Политичка стабилност и отсуство на насилство*, кој ја мери веројатноста за насилно менување на владата. Повторно Р. Македонија е подобро рангирана единствено од БиХ, а разликата во однос на прворангираната од групата, Словачка (87,20) е речиси тројна. Слична е состојбата и кај индикаторот *Ефективност на владата*,

4 Тимот на Светска банка, започнувајќи од 1996 г., го анализира нивото на доброто управување во повеќе држави во светот. Во своите Извештаи (најпрво објавувани на две години, а од 2002 г. еднаш годишно) Светската банка објавува шест меѓународно споредливи композитни индикатори кои ги обликуваат димензиите на доброто управување.
1) Почитување на гласот на јавноста и отчетност; 2) Политичка стабилност и отсуство на насилство; 3) Ефективност на владата (владините политики); 4) Квалитет на регулативата; 5) Владеење на правото; 6) Контрола на корупцијата.
Индикаторите се подготвуваат врз основа на опсежни анализи на два вида податоци: (а) официјални (квантитативни) податоци за секоја држава; и (б) субјективни евалуации (мислења) направени од еминентни експерти. Оцените се распоредуваат на две скали: (а) од -2,5 до 2,5; и (б) во дијапазон од 0 до 100.

кој го покажува квалитетот на јавните сервиси, капацитетот на државната служба, нејзината независност од политички притисоци, како и квалитетот на формулирање на политиките. Подобри резултати се забележани во однос на индикаторот *Квалитет на регулацијата*, кој ја одразува способноста на владата да обезбеди здрави политики и регулатива што ќе овозможи промоција на приватниот сектор. Во оваа димензија Р. Македонија има најдобри остварувања од земјите на Западен Балкан, но 1.5 пати послаби од водечката Естонија. Слични резултати се постигнати кај индикаторот *Владеење на правото* (кој го мери квалитетот и почитувањето на правата на сопственост, независноста на судството, полицијата и ризикот од криминал) и кај индикаторот *Контрола на корупцијата*, каде што Р. Македонија е подобро рангирана од сите земји на Западен Балкан, меѓутоа со далеку послаби постигнувања од водечката Естонија. Споредено со 2007 година Р.Македонија покажува скромен напредок во сите димензии на доброто управување, освен кај индикаторот *Почитување на гласот на јавноста и отчетност*, каде бележи намалување на постигнувањата од (55,27) во 2007 на (49,76) во 2012 година.

Споредбата на рангирањето потврдува дека интегративните процеси во ЕУ позитивно влијаат врз подобрувањето на управувачката способност на земјите.

## ИДНИ НАСОКИ НА ПОЛИТИКИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА УПРАВУВАЧКАТА СПОСОБНОСТ НА Р.МАКЕДОНИЈА

Повисокото ниво на управувачката способност на земјата овозможува подобрување на амбиентот за зголемување на ефикасноста на пазарот кој може да привлече попрофитабилни технологии во земјата. Структурните слабости и разликите во продуктивноста на секторите во услови на делување на (несовршениот) пазарен механизам, ќе придонесат за насочување на капиталот кон секторите каде што „предноста на помалите плати е поголема од недостатокот на помалата продуктивност" (M. H. Khan, 2006). Затоа кај многу земји во развој постои проблемот со специјализација во нископродуктивните, односно нискотехнолошките сектори. Меѓутоа, економскиот раст во земјите во развој е зависен од способноста за стекнување нови технологии, нивно адаптирање и постоење неопходно ниво на знаење за нивно користење. Само во услови кога во општеството може да се забрза процесот на учење и да се зголеми продуктивноста со прераспределба на ресурсите кон високотехнолошките сектори, може да се поттикне технолошкиот развој. Токму затоа процесот на достигнување на перформансите на развиените земји (catch-up process) бара интервенција од страна на државата и неопходно ниво на управувачка способност преку која ќе се осигура ефективната имплементација на развојните политики и стратегии што ќе стимулираат учење (стекнување на знаење), негова дифузија во функција на олеснување на пристапот и зголемени можности за интелигентен технолошки избор на најновите технологии, нивна апсорпција, адаптација и употреба во насока на зголемување на продуктивноста, со што ќе се обезбеди економски раст. Следното ниво на развој е стекнување креативни и иновативни способности потребни за подобрување на постоечката технологија и за креирање нова. Меѓутоа, тешкотиите со одржливоста на стапките на раст на долг рок го претставуваат најголемиот предизвик за земјите во развој во процесот на нивна конвергенција кон перформансите на развиените земји. Имплементацијата на политики и стратегии кои ќе овозможат пренос на ресурсите кон попродуктивните и брзорастечки сектори и истовремено ќе ги забрзаат процесите на апсорпција и технолошко учење за напредните технологии, се основната детерминанта на управувачката способност за поддршка на одржливиот економски раст.

## ЗАКЛУЧОК

Перспективите на растот и развојот на земјите зависат од широк спектар економски и неекономски фактори кои меѓусебно се комплементарни и опфаќаат системски промени што мора да се одвиваат во континуитет за да овозможат реализирање на прогресот. Промените што треба да бидат спроведувани во насока на овозможување одржлив раст и развој се од долгорочен карактер, а повратот на инвестициските трошоци е одложен на долг рок. Тоа ја наметнува потребата од развиена управувачка способност на институциите во земјата, заради

конзистентност и истрајност во имплементација на усвоените развојни политики, без разлика на промените при избор на владите.

Вредностите на Светските индикатори на управување ја потврдуваат слабата управувачка способност на институциите во Р. Македонија по основ на сите димензии што ги означуваат стандардните елементи на доброто управување, споредувано со земјите од ЈИЕ кои се членки на ЕУ. Примената на современите ИКТ ќе го обезбеди потребниот развоен потенцијал кој ќе овозможи нови пристапи кон креирање значајни квалитативни промени во областа на е-управувањето и јакнење на управувачката способност на земјата.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Dani Rodrik, 2000, "Institutions for High-Quality Growth: What They Are and How to Acquire Them", NBER Working Paper No. 7540
2. Dani Rodrik, 2007," One Economics, Many Recipes: Globalization, Institutions, and Economic Growth", Princeton University Press, New Jersey
3. Douglass C.North, 1990, "Institutions, Institutional Change and Economic Performance", Cambridge University Press,
4. Guido Bertucci, Adriana Alberti, 2001,"Globalization and the Role of the State: Challenges and Perspectives", in UN World Public Sector Report 2001 "Globalization and the State"
5. Mark Bevir, 2010, "Democratic Governance", Princeton University Press, New Jersey
6. Masahiko Aoki, 2001, "Toward a Comparative Institutional Analysis",1st edition, The MIT Press, USA
7. Mushtaq H. Khan, 2006, "Governance, Economic Growth and Development Since the 1960s", Background paper for World Economic and Social Survey 2006

**Д. Велинов**
Правен Факултет Универзитет „Гоце Делчев" Штип, dejan.07363@student.ugd.edu.mk

005.96

# УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕКОВИ РЕСУРСИ

**Апстракт:** Менаџментот на човекови ресурси ги вклучува сите активности што менаџерите ги преземаат да ги привлечат и задржат вработените и да се обезбедат дека ја извршуваат работата на високо ниво и придонесуваат за постигнувањата на организационите цели. Овие активности го обликуваат менаџмент системот за човекови ресурси на организацијата, систем кој има пет главни компоненти: регрутирање и селекција, обука и развој, надградување на работата и повратна информација, плата ибенефиции и односи меѓу вработените.

Стратешкиот менаџмент на човекови ресурси е процесот со кого менаџерите ги дизајнираат компонентите на системот за менаџментот на човекови ресурси кои меѓусебно треба да се конзистентни, со други елементи од организационата архитектура и со стратегијата и целите на организацијата. Целта на стратешкиот менаџмент на човекови ресурси е градењето на систем на менаџментот на човекови ресурси што ја унапредува ефикасноста, квалитетот и иновацијата на организацијата и потребите на потрошувачите – четири носечки блокови на конкурентна предност.

**Клучни зборови:** менаџмент, човекови ресурси, човечки капитал, општество.

**Abstract:** Human Resources Management includes all activities that managers takes to attract and retain employees and to ensure that the work is performed at a high level and it contributes to achieve organizational goals. These activities shape the management system for human resources of an organization, a system that has five major components: recruitment and selection , training and development , upgrading of work and feedback, compensation and benefits and employee relations.

Strategic management of human resources is a process by managers who design components of the system for the management of human resources that should be mutually consistent, with other elements of organizational architecture and strategy and goals of the organization. The purpose of the Strategic Management of Human Resources is building a system of management of human resources that promote efficiency, quality and innovation of the organization and the needs of consumers – the basic of competitive advantage.

**Keywords:** management, human resources, human capital, society.

### Управување со човекови ресурси

Менаџерите применуваат регрутирање и селекција, првата компонента на системот на менаџментот на човекови ресурси, да привлечат и вработат нови лица кои имаат способност, вештини и искуство што ќе и помогнат на организацијата да ги постигне своите цели.

По регрутирањето и селекцијата на вработените, менаџерите ја применуваат втората компонента, обука и развој, за членовите на организацијата да развиваат вештини и способности што ќе им овозможат ефективно да ја извршуваат својата работа и сега и во иднина. Обуката и развојот се постојан процес; промените во технологијата и средината, како и на целите и стратегиите на организацијата, често бараат од членовите на организацијата да научат нови техники и начин на работа. Во Microsoft, нововработените програмски дизајнери добиваат обука на работно место работејќи во мали тимови во кои има и искусни вработени кои се ментори или советници. Нововработените од прва рака учат од членовите на тимот како според потребите на потрошувачите за програмирање да развијат компјутерски систем. Третата компонента, наградување на работата и повратна информација, има две цели во менаџментот на човековите ресурси.

- Прво, наградувањето на работата може да им даде информации на менаџерите да донесуваат добри одлуки на човекови ресурси – одлуки за тоа како да обучуваат, мотивираат и наградуваат членови на организацијата. Така, компонентата за наградување на работата и повратна информација е еден вид контролен систем што

може да се користи за менаџмент според цели.

- Второ, повратната информација од извршената работа добиена од наградувањето на работата служи за усовршувањето на членовите на организацијата. Кога менаџерите редовно ја оценуваат работата на своите подредени, тие можат да им дадат вредни информации на подредените за нивните добри и лоши старни и областите во кои треба да се концентрираат. Според наградувањето на работата, менаџерите им делат плата на вработените, дел од четвртата компонента на системот на менаџментот на човекови ресурси. Наградувајќи членови на организацијата, кои одлично ја вршат својата работа со зголемување на платата, бонуси и слично, менаџерите ја зголемуваат веројатноста дека највредните човекови ресурси на организацијата се мотивирани да продолжат со високото ниво на придонес за организацијата. Покрај тоа, кога платата е врзана со извршената работа, вработените кои добро ја извршуваат работата, најверојатно ќе останат во организацијата, а менаџерите ќе можат да ги пополнат празните работни места со високо талентирани поединци. Бенефициите се важен резултат, како на пример здравствено осигурување, што вработените го добиваат со самото членство во една организација. Односите меѓу вработените ги заокружуваат чекорите што менаџерите ги преземаат за развој и одржување на добрите работни односи со синдикатот кој може да ги претставува интересите на вработените. На пример, компонентата на работни односи во организацијата може да им помогне на менаџерите да поставаат сигурни работни односи и фер работна практика во нивните канцаларии и фабрики. Менаџерите мора да се сигурни дека сите пет компоненти се усогласуваат и ја надополнуваат структурата и контролните системи на организацијата. На пример, ако менаџерите одлучат да го децентрализираа авторитетот и да ги овластат варботените, тие треба да инвестираат во обука и развој да се сигурни дека и вработените на пониските нивоа го имаат знаењето и експертизата потребни да донесуваат одлуки што топ менаџерите би ги правеле во една поцентрализирана структура. Секоја од петте компоненти на менаџментот на човековите ресурси влијае врз другите. Видот на луѓето што организацијата ги привлекува и вработува преку регрутирање и селекција, на пример ги одредува: обуката и развојот што се потребни, начинот на кој се наградува работата и соодветните нивоа на плата и бенефиции.

## Планирање на човекови ресурси

Планирањето на човекови ресурси се состои од редица активности во кои менаџерите се вклучуваат да ги предвидат нивните тековни и идни потреби од човекови ресурси. Тековните човекови ресурси се вработените потребни денес на организацијата за обезбедување на високо квалитетни стоки и услуги за потрошувачите. Идните човекови ресурси се вработените потребни на организацијата подоцна за постигнување на свои долгорочни цели. Како дел од планирањето на човекови ресурси, менаџерите мора да направат предвидувања и за побарувачката и за понудата. Предвидувањата за побарувачка ги проценуваат квалификациите и бројот на вработените потребни на организацијата во однос на нејзините цели и стратегии. Предвидувањата на понудата ја проценуваат расположливоста и квалификациите на тековните вработени, сега и во иднина, и понудата на квалификувани работници на надворешниот пазар на трудот. Проценката за потребите и на тековните и на идните човекови ресурси и им помага на менаџерите да одредат кого треба да се обидуваат да регрутираат и изберат за постигнување на организационите цели сега и во иднина.

Како резултат на нивното планирање на човекови ресурси, понекогаш менаџерите одлучуваат да користат надворешни добавувачи и производители за да пополнат некои потереби од човекови ресурси. Наместо регрутирање и селекција на вработени да произведуваат стоки и обезбедуваат услуги, менаџерите склучуваат договори со лица кои не се членови на нивната организација да производство на стоки или обезбедување услуги. Користењето надворешни лица се повеќе се користи на глобално ниво. Менаџерите во некои американски компании за компјутерски софтвер изнајмуваат одредена програмерска работа на руски програмери кои се многу квалификувани, но ги чинат компаниите околу 10% од она што обично би платиле за извршување на програмерска работа во организацијата.

Постојат барем две причини зошто планирањето на човекови ресурси понекогаш ги води менаџерите до користење на надворешни добавувачи и производители. Прво, outsourcing може да ја зголеми флексибилноста на менаџерите, особено кога прецизното предвидување на потребите од човекови ресурси е тешко, бидејќи тие потреби се менуваат со текот на времето, а и наоѓањето квалификувани работници за одредена област е тешко. Второ, outsourcing може понекогаш да им овозможи не менаџерите да користат човекови ресурси со помали трошоци.  Кога се користат надворешни лица, трошоците може да се пониски од неколку причини:

Организацијата не мора да обезбеди бенефиции за работниците; менаџерите може да склучуваат договори за работа само кога е потребно да се изврши некоја работа; и менаџерите не мора да инвестираат во обука. Outsourcing може да се користи за функционални активности како пост – продажни услуги за уреди и опрема, законска работа и менаџмент на информатички системи. Roy Richie, генерален советник на Chrysler Corporation, користи хонорарни адвокати за пишување договори и пополнување на некои потреби од човекови ресурси.

Меѓутоа outsourcing има и слаби страни. Кога некоја работа се извршува од надворешни лица, менаџерите може да изгубат контрола врз квалитетот на стоките и услугите. Исто така, поединците кои вршат одредена работа за некоја компанија може да имаат помалку познавање за праксата во организацијата, процедурите и целите и помал ангажман за организацијата отколку редовниот вработен. Покрај ова, синдикатите се спротивставуваат на користење надворешни лица бидејќи постои опасност да се елиминираат работните места на некои нивни членови.

## Заклучок

Менаџментот се дефинира како универзален процес на ефективно и ефикасно извршување на работата со помош на други луѓе и ангажирање на ресурсите за остварување на однапред дефинираните дели на претпријатието. Основните елементи на дефиницијата за менаџмент се: процец, ресурси, ефектривно и ефикасно извршување на работата од страна на други луѓе и цели.

Менаџментот на човекови ресурси ги вклучува сите активности што менаџерите ги преземаат да ги привлечат и задржат вработените и да се обезбедат дека ја извршуваат работата на високо ниво и придонесуваат за постигнувањата на организационите цели.

Овие активности го обликуваат менаџмент системот за човекови ресурси на организацијата, систем кој има пет главни компоненти: регрутирање и селекција, обука и развој, надградување на работата и повратна информација, плата ибенефиции и односи меѓу вработените.

Целта на стратешкиот менаџмент на човекови ресурси е градењето на систем на менаџментот на човекови ресурси што ја унапредува ефикасноста, квалитетот и иновацијата на организацијата и потребите на потрошувачите – четири носечки блокови на конкурентна предност.

## Користена литература

1. Шуклев Б., Менаџмент, Универзитет „Св.Кирил и Методиј" Скопје;
2. Jones G., Gorge J., Hill C. (2009) Essentials of Strategic Management, 2nd Edition
3. Bilson A. and Ross S., Social Work Management and Praclice

**м-р Тане Димовски**
Агенција за млади и спорт - Влада на РМ, tanedimovski@yahoo.com

005.32:331.101.3

# МОТИВАЦИЈАТА НА ВРАБОТЕНИТЕ КАКО ПРОЦЕС ОД МЕНАЏМЕНТОТ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

# MOTIVATION OF THE EMPLOYEES AS A PROCESS OF THE MANAGEMENT'S ORGANIZATION

**АПСТРАКТ:** Предизвик за еден раководител е да ги мотивира вработените во организацијата. Потребата од мотивација на вработените во функционирањето на организациите е процес кој станува се повеќе актуелен во општеството.Значењето на мотивацијата може да доведе до однесувања кои што рефлектираат во ефикасно извршување на задачите во организацијата. Мотивацијата на вработените влијае на продуктивноста, а главен дел од работата на раководителот е да ја насочува мотивираноста кон достигнувањето на целите на организацијата.
**Клучни зборови:** МОТИВАЦИЈА, ПРОЦЕС, МЕНАЏМЕНТ, ВРАБОТЕНИ, ОРГАНИЗАЦИЈА

**ABSTRACT:** The challenge for a leader is to motivate employees in the organization. The need of motivation for employees in the functioning of organizations is a process that becomes more prominent in the community. Importance of motivation can lead to behaviors that reflect the efficient completion of tasks in the organization. Employee's motivation affects on productivity and main part of the job of the manager is to direct motivation towards achieving the organization's objectives.
**Keywords:** MOTIVATION, PROCESSES, MANAGEMENT, EMPLOYEES, ORGANIZATION

## ВОВЕД

Вработените секое утро се будат, одат на работа и се однесуваат на начини типични за секој поединец. Секој од вработените има свој одговор за средината и за работата, не размислувајќи многу зошто работи напорно, ужива на паузи или пак е нервозен на работа. Сите овие однесувања се потикнати од нешто – мотивација.

Мотивацијата и посветеноста на човечките ресурси во организациите претставува критичен фактор кој влијае на успешната реализација на иницијативите и имплементацијата на менаџментот на знаење. Вработените се борат да ги постигнат целите што самите си ги поставиле на себе. Најчесто идентификувани цели на вработените се: сигурноста на работата, финансиски и интелектуално наградената работа, признанија, статус, одговорност и исполнетост.

Исто така, мотивацијата се однесува на силите кои доаѓаат или од самите нас или од нашата околина и пробудуваат ентузијазам и истрајност во потрагата по одреден правец на дејствување. Мотивацијата на вработените влијае на продуктивноста,а дел од работата на раководителот-менаџер е да ја насочува мотивираноста кон достигнувањето на целите на организацијата.

Мотивацијата се оние фактори кои го предизвикуваат, го насочуваат и го поддржуваат човечкото однесување и секогаш биле важни за  раководителите-менаџерите. Менаџерите по дефиниција работат со и преку луѓето. Бидејќи луѓето се комплексни личности, нивната мотивираност не секогаш е лесно да се открие. Постојат многу теории за мотивацијата и многу од нив се разликуваат  по тоа што тие имплицитно им сугерираат на менаџерите што да направат за да го добијат најголемиот учинок од нивните вработени. Многу успешни менаџери од нивното искуство имаат научено дека луѓето во општ случај се многу благодарни на пофалбите и охрабрувањето и чувствуваат потреба за успех во нивната работа давајќи се од себе. Многу луѓе сами се мотивираат и бараат слобода за извршување на работата на сопствен начин. Менаџерите кои ќе го откријат клучот на внатрешната мотивираност на вработените можат да сметаат на бескраен извор на продуктивност.

Две причини се важни за воведување на факторот мотивираност на вработените: потребата за постојано споделување на знаење со цел поттикнување на креативните процеси во организацијата и втората е посветеност во работата. Двата фактори се важни за искористување на потенцијалот на вработените со цел подобрување на перформансите на организациите. Но од друга страна, наградата претставува најдобра поткрепа за овие фактори и тоа :

Внатрешни награди претставуваат сатисфакциите кои ги добива едно лице во процесот на изведување на одредена активност. Успешното завршување на дадената задача или пак решавање на одреден проблем во организацијата од страна на вработениот треба да роди пријатно чувство на постигнување.

Надворешни награди претставуваат награди кои се доделуваат од страна на менаџерот а вклучуваат унапредувања, зголемување на платите и бонусите. Нивното потекло е надворешно, како резултат на задоволување на потребите на другите.

Пример за мотивацијата претставува наведениот пример со четворица вработени од различни профили: агент за недвижнини, искусен машинист, продавач на софтвер и продавач на услуги.

Џенис Рение е агент за недвижнини од Торонто, која годишно заработува 350.000 долари, која вели дека нејзиниот успех се должи на фактот внимателно да гиислуша клиентите, па потоа да ги селектира куќите кои одговараат на вкусот на клиентите.

Грег Сторej е искусен машинист за кого пишувањето програми за нумерички управувани машини претставува предизвик. Откако избегал од училиште без да заврши, се вработил во продавница за машински делови како чистач и тогаш добил мотивација да научи како да работат машините.

Френсис Блаис продава софтвер и книги за образование. Таа е една од најдобрите продавачи, но не се раководи според процентот кој следи за секоја продажба над 50.000 долари, туку таа нејзината мисија ја гледа во финалната цел да им помогне на децата да научат добро да читаат.

Од друга страна, Роб Мајклс му се повраќа пред да оди на работа. И тој е продавач, но неговиот работен ден го поминува телефонирајќи им на луѓето обидувајќи се да ги убеди да купат производи кои воопшто не им се потребни, а кога тие не сакаат да го сторат тоа, него му се смачува. За него мотивација претставуваат парите. Изминатата година, неговата заработувачка изнесуваше 120 000 долари, а и покрај тоа не може да заработи повеќе од тоа дури и кога работи нешто друго.

Во случајот мотивација за Роб Мајклс се парите, за Џенис Рение нејзината љубов кон решавањето проблеми и да се биде добар и пристоен слушател за своите клиенти, за Грег Сторej предизвикот да научи како работи нумерички управуваната машинерија, додека за Френсис Блаис реализацијата на хумана мисија за општо добро на децата. Секој од нив е мотивиран добро да се покаже во својата работа, но сепак секој од нив има различни причини за тоа. Таквата разновидна природа на мотивираноста за менаџерите навистина претставува голем предизвик при мотивирањето на вработените кое треба да ги води кон исполнувањето на целите на организацијата.

Менаџерите раководители се тие кои во свои раце ја имаат формулата за успех на организацијата преку:

Одредување на вредноста на наградата за секој подреден – Ако наградата се дава како мотивирачка, таа мора да биде погодна за индивидуата. Менаџерите можат да одредат каква награда бараат нивните подредени со набљудување на нивните реакации во различни ситуации и прашувајќи ги каква награда би посакале.

Одредување на пожелни остварувања – Менаџерите мора да препознаат кое ниво на постигнувања и какво однесување сакаат подредените за да им се каже што треба да направат за да бидат наградени.

Создавање на оствраливи постигнувања – Ако подредените осетат дека поставените цели се претешки за да се постигнат, нивната мотивираност ќе биде многу мала

Поврзување на наградите со постигнувањата – За успешните резултати заради одржување на мотивацијата, наградата мора да биде доделена набргу по постигнувањето на успешните

резултати.

Анализа на оние фактори кои може спротивно да влијаат на ефикасноста на наградата – Конфликтот пемеѓу системот на наградување на менаџерот и вработените, можеби ќе донесе измена во наградите. На пример, ако работната група практикува ниска продуктивност, натпросечната награда може да ги мотивира подредените на повисока продуктивност.

Да се биде сигурен дека наградата е адекватна. Малите награди се мала мотивација за вработените.

## ЗАКЛУЧОК

Од приложеното може да се заклучи дека потребата од мотивираност во организацијата е клучната алка во постигнувањето на посакуваните резултати на организацијата. Сепак главниот и финален збор го има менаџерот, кој мора да знае на кој начин ќе ги мотивира вработените во организацијата. Целокупниот процес на мотивирање бара целосно познавање на личните афинитети и потреби на вработените во организацијата. Наградата како дел од мотивирачкиот процес мора да биде прецизно одбрана од страна на менаџерот за да ја исполни мисијата на мотивацијата а со тоа да ги задоволи потребите на вработениот. Со мотивацијата на вработениот и останатите вработени, ќе се влијае на продуктивноста во организацијата и ќе се постигнат зацртаните цели на организацијата.

## БИБЛИОГРАФИЈА


1. Дафт, Л.Р. (2011) Менаџмент, Осмо издание, [Management. In Macedonian]. Кочани: Генекс
2. Кралев, Т. (2009) Основи на Менаџментот, Осмо издание, [Principal in Management. In Macedonian]. Скопје:Центар за Интернационален менаџмент
3. Манев, Ѓ. (2005) "Менаџмент на знаење во јавниот сектор" во: Годишник на Институтот за социолошки и полотичко-правни истражувања, Скопје: Институт за социолошки и полотичко-правни истражувања
4. Рафајловски, Ѓ. (2012) Бизнис101 [online], Наградување на вработените во време на криза, пристапено од веб страница: http://www.biznis101.com/osnovaj-biznis/procedura/587-nagraduvanje-na-vrabotenite-vo%20vreme-na-kriza.html
5. [22.02.2014].
6. Саздовска, С. Чичева, В. Димовска, В. (2008) Менаџмент со човечки ресурси: прирачник, [Management of human resources. In Macedonian]. Скопје: Македонски центар за меѓународна соработка
7. Џонс, Р. Г. Џорџ, М.Џ. (2008) Современ Менаџмент, превод на Македонски јазик, [Contemporary Management.In Macedonian]. Скопје: Глобал Комуникации
8. Шуклев, Б., (1998). Менаџмент, [Management.In Macedonian]. Skopje: Ekonomski fakultet

**Виолета Бабић**
Економско-трговинска школа Крушевац- Ћићевац, viks@sezampro.rs

331.101.262:37

# УЛАГАЊА У ЉУДСКИ КАПИТАЛ – ИЗВОР КОНКУРЕНТСКЕ ПРЕДНОСТИ

# INVESTMENT IN HUMAN CAPITAL – SOURCES OF COMPETITIVE ADVENTAGE

**Резиме:** Улагања у људски капитал имају велики значај, јер утичу на побољшање продуктивности и ефикасности, на иновативност, а самим тим и на конкурентност једне привреде. Структура јавних расхода има изузетан утицај на динамику привредног раста, социјални развој и друштвени стандард становништва, а величина улагања у образовање, истраживање, науку и здравствену заштиту показује колико су ови расходи приоритетни једној националној економији.
**Кључне речи:** наука, образовање, здравствена заштита, људски капитал, привредни раст и развој

**Abstract:** Investments in human capital are significant, their effects on improving productivity and efficiency to innovation, and hence the competitiveness of an economy. The structure of public expenditure has a profound influence on the dynamics of economic growth, social development and the living standard of the population, and the size of investment in education, research, science, and health care shows how these expenditures a priority national economy.
**Key words:** science, education, healthcare, human capital, economic growth and development

## УВОД

Улагања у научно-истраживачки рад, образовање и здравство су улагања у одрживи развој земље и битни фактори економског раста и развоја. Ефикасна политика иновација и адекватна улагања у научно-истраживачки рад су полазна тачка у функцији одрживог развоја једне земље. Унапређење људских ресурса представља кључ за повећање продуктивности, а најважнији предуслов за остварење тог циља је квалитетно образовање. Обезбеђивање одговарајућег људског капитала који уме да се прилагоди измењеним околностима, има карактер инвестиционог улагања, а политика образовања није само политика креирања људског капитала, већ је део укупне развојне политике друштва.

С обзиром да су улагања за научно-истраживачки рад, здравствену заштиту и образовање становништва елементи који утичу на конкурентску предност једне економије, у овом раду биће анализирано њихово дејство на економски раст и развој.

## 1. ПАРАМЕТРИ КОНКУРЕНТСКЕ ПРЕДНОСТИ

Светски економски форум[1] проучава конкурентност земаља више од три деценије и бави се проучавањем параметара привреда земаља, ради постизања економског развоја на дужи период, а конкурентност дефинише као скуп институција, прописа и других чинилаца који одређују ниво продуктивности земље.

Индекс глобалне конкурентности бави се мерењем просека многих различитих компоненти, од којих свака одражава по један аспект конкурентности. Све ове компоненте групишу се у дванаест параметара конкурентности – институције – инфраструктура – макроекономија – здравље и примарно образовање – високо образовање и обука – ефикасност тржишта роба – ефикасност тржишта рада – ефикасност финансијског тржишта – технолошка

1 World Economic Forum, http://www.gcr.weforum.org/, The Global Competitiveness Report 2007–2008.

припремљеност – величина тржишта – ефикасност пословања – иновације.

Међу дванаест параметара препознајемо шест везаних за здравље, образовање, истраживање и науку. То су: здравље и примарно образовање, високо образовање и обука, ефикасност тржишта рада, технолошка припремљеност, ефикасност пословања и иновације. Шест од дванаест параметара непосредно или посредно указује на велики значај улагања у људски капитал, јер такво улагање утиче на побољшање продуктивности и ефикасности, на иновативност, а самим тим и на конкурентност.

## 2. СТРУКТУРА ЈАВНИХ РАСХОДА

Структура јавних расхода има изузетан утицај на динамику привредног раста, на социјални развој и друштвени стандард становништва. У финансијској пракси скоро свих држава посебна се пажња посвећује управо питањима структуре јавних расхода. Зато, свака држава настоји да формира и одржи такву структуру јавних расхода која ће на оптималан начин да обезбеди стабилност привреде и оптималан економски раст, одрживу социјалну политику, сигурност земље и територијални интегритет, одговарајућу политику развоја науке, образовања и културе итд.

Графикон 1. Структура јавних расхода (по функцијама) у изабраним земљама ЕУ и Србији 2012. (у % БДП-а)




Извор: Eurostat

Анализом структуре јавних расхода у посматраним земљама централне и источне Европе, можемо закључити да све дају приоритет социјалној и здравственој заштити становништва, док су издвајања за остале намене далеко мања. У средњорочним пројекцијама буџета ових земаља приказују се тенденције повећања издатака за образовање, науку и заштиту животне средине, а колика ће бити та повећања зависиће од пораста БДП-а.

### 2.1 УЛАГАЊА У НАУЧНО-ИСТРАЖИВАЧКИ РАД, ЗДРАВСТВЕНУ ЗАШТИТУ И ОБРАЗОВАЊЕ – ПРЕДУСЛОВИ УСПЕШНОГ РАЗВОЈА

**Наука и технологија** имају значајну улогу у развоју светске привреде јер су саставни елемент производних снага, а дугорочно опредељење друштва према развоју технологије јесте једна од најважнијих области привредне политике. Савремена технолошка достигнућа су моћно средство конкуренције развијених земаља, основа њиховог монополског положаја у многим областима међународних односа и основа поделе земаља у светској привреди на високоразвијене и неразвијене[2].

Знање је вредност по себи, има психолошку, сазнајну, моралну, културну и естетску

2 Кокеза Г. - Трансфер технологије као фактор друштвено економског развоја - Технолошко-металуршки факултет Београд, 2008. стр.52.

вредност, а наука нигде у свету није само тржишно оријентисана. Земља не може имати независност ако нема своју независну науку и технологију. Да би апсорбовала туђа открића, мора да има образован кадар. Такође, ниједна земља није прво постала богата па уложила у науку и технологију, него је увек било обрнуто. Наука је алатка којом можете да подстакнете развој своје земље. Ефикасна политика иновација и адекватна улагања у научно-истраживачки рад су полазна тачка у функцији одрживог развоја једне земље.

За развој научних кадрова први кључ је образовање, то је степеница која је нужна да би се деца прво заинтересовала за стицање знања, а стицање знања има унутрашњу мотивациону снагу када се деци предочи на прави начин. Образовни систем мора развијати то занимање, развијати радозналост која је кључна за науку и, наравно, стварати могућности да млади развију своје потенцијале. Да би обарзовни систем давао бољи научни кадар потребно је да школа буде подстицајна, негујућа средина за развој особе. Онда је лако одвојити најбоље и оне који су талентовани за науку.

Европски савет је 2005. године упутио позив земљама старог континента да повећају улагања у истраживање и развој на 3% БДП-а. Две године касније у Барселони је усвојен Акциони план који се односио на повишени ниво улагања у истраживање и развој. Захваљујући томе, буџет за истраживање и развој у многим земљама је брзо увећан, а то је био и један од разлога што су, у периоду кризе, 2007-2010. године, када су многе земље забележиле пад БДП-а, издаци за научно-истраживачки рад остали на приближно истом нивоу и нису пратили пад БДП-а.

Значај индустрије за развој научно-истраживачког сегмента у развијеним економијама исказује се кроз однос укупних инвестиција у истраживање и развој које долазе из државног буџета и инвестиција које долазе из индустрије. ЕУ је 2000. године у склопу низа стратешких развојних реформи исказаних кроз заједнички документ Лисабонске стратегије[3], за област науке, развоја технологија и иновације, између осталог дефинисала два приоритета:

1. да укупна улагања у ову област до 2010. године буду доведена на ниво од 3% БДП-а и
2. да 2/3 тих улагања буде из индустрије.

**Здравље** има кључни утицај на способност људи да живе свакодневни живот, на допринос друштвеном и економском развоју, односно општи успех земље. Зато здрављу треба прићи као великом националном ресурсу који заслужује континуирани стратешки развој. Поред тога, право на здравље и здравствену заштиту је једно од основних људских права и сви би требало да уживају у најбољем здрављу, а свака особа треба да има прилику на избор здравих начина живота и живот у окружењу које даје подршку здрављу.

Квалитет здравствене заштите је једна од најважнијих карактеристика система здравствене заштите, како државног, тако и приватног сектора. Стално унапређење квалитета и безбедности пацијената је саставни део свакодневних активности здравствених радника и свих других запослених у здравственом систему. Стално унапређење квалитета представља континуирани процес чији је циљ достизање вишег нивоа ефикасности и успешности у раду, као и веће задовољство корисника и давалаца здравствених услуга. Зато, од свих учесника у пружању здравствене заштите треба захтевати увођење и коришћење националних и међународних клиничких смерница/водича добре клиничке праксе, формирање и коришћење клиничких путева, стандарда, протокола, алгоритама, упутстава и правила струке, који су засновани на научним доказима[4].

Најбољи начин за повећање квалитета здравствене заштите и побољшање здравственог стања становништва у једној држави, је генерисање и прихватање иновација у свим аспектима здравственог система. Ефективна примена расположивог светског медицинског знања у једној земљи је специфична за сваку државу. Она захтева иновације на свим нивоима, од откривања болести, скрининга и превенције, до пружања висококвалитетних производа и услуга пацијентима у веома различитим околностима.

Расходи за здравствену заштиту имају висок и растући билансни значај у већини земаља.

3 Report from the High Level Group chaired by Wim Kok, Facing the challenge, The Lisbon strategy for growth and employment, november 2004, ISBN 92-894-7054-2 (20.07.2011.)

4 Министарство здравља РС, План развоја здравствене заштите Републике Србије 2010-2015.– Улагање у здравље је најзначајније улагање за одрживи развој друштва и земље, Београд 2009., стр.44

Као основни разлози раста трошкова здравствене заштите наводе се:

- демографски фактори (старије становништво има веће трошкове лечења),
- раст реалног дохотка - раст дохотка може да објасни око 10% стварног раста трошкова здравствене заштите током последњих деценија,
- увођење нових технологија и унапређење квалитета здравствене заштите – ово је пресудан фактор раста јавних расхода,
- робни егалитаризам - неке услуге морају бити доступне свима, а када трећа страна плаћа услугу то има за последицу виши ниво тражње од ефикасног,
- цивилизацијски напредак (спремност да се улаже у здравље) и
- појава нових болести, које изискују нова истраживања и проналажење лекова за њихово искорењивање итд[5].

Унапређење људских ресурса представља кључ за повећање продуктивности, а најважнији предуслов за остварење тог циља је квалитетно образовање. Велике разлике између прихода особа са униврзитетском и средњошколском дипломом, могу се смањити ако се побољша квалитет образовања и ако је школовање доступно свим грађанима. На једној страни повећаваће се приходи лица са универзитетском дипломом, а на другој страни повећаваће се наднице неквалификованих лица, јер јер ће се број таквих радника смањивати.

**Образовање** је област делатности осуђена на перманентно стање кризе, условљено самом природом ствари. Нагла смена парадигми оставља мало времена за прилагођавање наставних планова и програма, а живот упорно тражи све боље припремљене људе. Ипак, свака епоха на свој начин схвата речи «добро припремљени људи». При свакој модернизацији образовања ниче неколико проблема. Први - сачувати оно позитивно што има постојећи систем. Други - ако је нешто корисно за друштво било изгубљено у образовању ранијих година, то је неопходно обновити. Трећи - основни: ускладити систем образовања са захтевима друштва.

Савремене тенденције развоја земаља тржишне привреде показују да се образовање и стварање људских ресурса налазе у врху приоритета националних стратегија и политика друштвеног, економског и технолошког напретка. Улагање у образовање, односно у обезбедјивање одговарајућег људског капитала који уме да се прилагоди измењеним околностима, добија и карактер инвестиционог улагања, а политика образовања није само политика креирања људског капитала, већ је део укупне развојне политике друштва.

Што је веће улагање у образовање, већа је и продуктивност. Образовање повећава квалификације, а тиме и зараде. Образовање је значајно и за социјализацију, јер кроз образовање људи уче како да се понашају на радном месту, како да извршавају задатке, како да следе упутства и како да раде у тимовима. У току образовања врши се селекција тј. одвајање способнијих и мотивисанијих од мање способних и мотивисаних. Тако се врши усклађивање појединаца и радних места, као и повећање продуктивности.

5 Ракоњац А. Т. - Пензијско и здравствено осигурање – ЦИД Економског факултета у Београду, Србија, 2010. стр.233.

Табела 1. Утицај расхода за научно-истраживачки рад, здравствену заштиту и образовање на стопу раста БДП-а, у изабраним земљама ЕУ и Србији, 2012. године

| Земља | Расходи за научно-истраживачки рад | | Расходи за здравствену заштиту | | Расходи за образовање | | Стопа раста БДП-а |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | % БДП-а | % укупних јавних расхода | % БДП-а | % укупних јавних расхода | % БДП-а | % укупних јавних расхода | |
| АУСТРИЈА | 2,75 | 5,37 | 11,0 | 20,9 | 5,6 | 11,94 | 0,8 |
| НЕМАЧКА | 2,84 | 6,31 | 11,6 | 24,2 | 4,3 | 9,56 | 0,7 |
| ФРАНЦУСКА | 2,25 | 3,97 | 11,6 | 20,5 | 6,0 | 10,60 | 0,0 |
| ШВЕДСКА | 3,37 | 6,48 | 9,6 | 18,3 | 6,8 | 13,07 | 0,7 |
| МАЂАРСКА | 1,21 | 2,49 | 7,8 | 15,7 | 5,2 | 10,72 | -1,7 |
| ЧЕШКА | 1,84 | 4,13 | 7,5 | 17,0 | 4,9 | 11,01 | -1,3 |
| СЛОВЕНИЈА | 2,47 | 5,04 | 9,0 | 17,8 | 6,7 | 13,67 | -2,3 |
| ПОЉСКА | 0,77 | 1,82 | 7,0 | 15,4 | 5,5 | 13,0 | 1,9 |
| СРБИЈА | 0,28 | 0,56 | 7,9 | 15,8 | 3,9 | 7,83 | -2,0 |
| ЕУ-27-просек | 2,03 | 4,11 | 8,3 | 16,2 | 5,3 | 10,73 | -0,3 |

Извор: Eurostat

Очигледно је да циљеви Лисабонске стратегије нису остварени, јер Извештај ОЕЦД-а за 2012. годину за ЕУ-27, показује да су укупна улагања у науку, истраживање и развој износила 2,03% БДП-а, од чега је удео индустрије износио 53,9%, уз укупно 530 US$ по становнику. У САД, учешће индустрије у улагањима у науку, истраживање и развој износи 61,6% или 1.221 US$ по становнику, а у Јапану, индустрија учествује са 75,3% или 1.157 US$ по становнику. У Мађарској, као нама упоредивој држави, од укупно 1,21% БДП-а за науку, истраживање и развој, на индустрију отпада 47,4% или 181 US$ по становнику[6].

Један од кључних циљева Лисабонске агенде јесте да обезбеди да од 3% БДП-а, што је циљни износ издвајања за науку, само 1/3 буде обезбеђена из буџета европских земаља и ЕУ, а чак 2/3 треба да буду обезбеђене на основу улагања приватног сектора у истраживачке активности. Иако нису све европске земље близу остварења тог циља, европски просек за 2010. годину показује да у случају ЕУ-27 само 34,6% издвајања за науку потиче директно из буџета, 54% од привреде, а 10,6% из других националних и међународних извора. Неке земље, као што су САД, Финска и Немачка већ су досегле ниво када улагања из привредних извора у науку износе 2/3 укупних улагања у област науке. У Јапану је удео приватног сектора досегао рекордних 76,1%. Чак и у земљама нашег региона постоје значајна улагања приватног сектора у науку: у Словенији чак 58,4% свих издвајања за науку потиче из индустријских извора, у Чешкој 48,9%, и у Мађарској 47,4%. Друга последица овог тренда јесте чињеница да се научно-истраживачке активности не одвијају само на универзитетима и у државним научним институтима. Захваљујући таквом развоју догађаја омогућено је запошљавање великог броја научника у приватном сектору где се одвијају нека од најсавременијих глобалних истраживања[7].

Трошкови здравствене заштите су 2010. године износили преко 11% БДП-а, у најразвијенијим земљама ЕУ (Данска, Немачка, Француска, Холандија и Швајцарска), а најнижи су у Чешкој, Пољској и Мађарској – испод 8% БДП-а. Финансирање се врши из приватног и јавног сектора. Највеће учешће приватног сектора у финансирању здравствене заштите је у Швајцарској – изнад 40%, а најниже у Данској и Холандији, где износи нешто више од 15%.

6 http://epp.eurostat.ec.europa.eu/tgm/refreshTableAction.do?tab=table&plugin=1&pcode=tsc00031&language=en OECD in Figures 2010 (21.07.2011.)

7 Повреновић Д. - Анализа иновационе делатности у Србији, Београд: Завод за интелектуалну својину, 2011. стр.20.

Укупни трошкови здравствене заштите у Србији износе око 8% БДП-а, а из буџета се финансира 70,1% ових трошкова, што износи 5,5% БДП-а[8].

Издаци за образовање, као проценат БДП-а, показују како нека земља третира образовање у односу на своје свеукупне ресурсе. Издаци за образовање су инвестиција која може да потпомогне бржи друштвени раст, подигне продуктивност, допринесе личном и друштвеном развоју и смањи друштвену неједнакост. У односу на бруто домаћи производ, издаци за образовање показују приоритет који свака земља, у смислу расподеле својих укупних средстава, придаје образовању.

Расходи за образовање, имају тенденцију пораста, како у % БДП-а, тако и у % укупних јавних расхода. У земљама ЕУ расходи за образовање представљу једну од значајнијих расходних позиција, с обзиром да се крећу у интервалу од око 4-8% БДП-а, са просечном вредношћу изнад 5% БДП-а, односно 9-16%, уз просечно учешће од 11% у укупним расходима. У Србији су ови трошкови далеко испод трошкова у посматраним земљама централне и источне Европе (3,9% БДП-а), али је приметно је благо повећање њиховог учешћа у укупним јавним расходима и у БДП-у, у претходном десетогодишњем периоду.

Стопа раста БДП-а је у директној вези са издвајањима за науку, образовање и здравствену заштиту, тако да економије које више троше за ове намене брже се и развијају, што показује пораст стопе БДП-а.

## ЗАКЉУЧАК

Термин „економија знања" се односи на свеукупну економску структуру која се данас појављује, а не на било који појединачни феномен или њихову комбинацију. Улагање у знање, које повећава економску ефикасност и економски раст омогућиће технолошки развој и поставити темеље за повећање запослености.

Лисабонска стратегија Европске уније има за циљ да ЕУ буде „најдинамичнија, светски конкурентна, економија заснована на знању". Троугао знања – истраживање, образовање и иновације – је носилац европских напора ради постизања циљева.

Циљ којем стреми Србија је да научноистраживачки рад има знатно већи и позитиван утицај на привреду и друштво. Избором најквалитетнијих пројеката и укључивањем у међународну сарадњу, уз све већа издвајања из буџета Републике, реализоваће се процес изградње иновативне инфраструктуре неопходне за развој Србије као иновативног друштва, тј. окружења у коме иновација, оригиналност и знање представљају примарне факторе развоја.

Уз пораст издвајања за образовање, науку и здравствену заштиту, привредни и друштвени развој Србије може се убрзано одвијати изградњом нове, отворене и међународно конкурентне привреде Србије, која је спремна да успешно учествује у процесима глобализације у светској привреди, са спремношћу да успешно избегне све њене негативне последице, а да максимално искористи могућности, за убрзан, али и одржив развој.

## ЛИТЕРАТУРА


1. Џозеф Е. Стиглиц – Економија јавног сектора – Економски факултет Београд, 2004
2. Becker G. – Human Capital: A Theoretical and Empirical Analysis with Special References to Education – Second edition – Columbia University Press, 1975.
3. Card D. and Krueger B.A. – Does School Quality Matter? Returns to Education and the Characteristics of Public School in the United States – Jurnal of Political Economy, 100, 1992.
4. Бабић В. 2009. „Наука и образовање у функцији одрживог развоја", Часопис ИМК –14 „Истраживање и развој" бр. (32-33), 3-4/2009. , Крушевац
5. www.eurostat.eu


8 Министарство финансија - Меморандум о буџету за 2011. са пројекцијама за 2012. и 2013. годину, стр. 34.

**М. П. Гаврилов**
marijan.gavrilov@yahoo.com

005.95-051:316.77

# КОМУНИКАЦИЈАТА – БИТЕН СЕГМЕНТ ЗА УСПЕШНО МЕНАЏИРАЊЕ

**Апстракт:** Потребата од комуницирање претставува една од основните процеси на човекот за нормално однесување во својата средина. Добрата комуникација е особено важен фактор за успехот во човековото делување.

Независно колку е некој подготвен за некоја тема или пак е најголемиот иноватор, ако нема способност тоа да го пренесе на околината, да го објасни со зборови или да го напише во логичен континуиран текст од „силните" дарби и таленти нема да има никаква полза. Недостатокот на дарбата и ефективната комуникација, не се чувствува никаде толку како на работното место.

Лошото комуницирање негативно се одразува во процесот на менаџирањето. Неквалитетната комуникација претставува предуслов за лошо планирање, криво одлучување, недоволно организирање, недоследно раководење и погрешна контрола, а аналогно на тоа последица секако дека е неуспехот.

Факт е дека комуницирањето е вештина која се учи, а секој оној кој ќе пропушти тоа да го направи, ќе остане посиромашен за една многу значајна работа во животот – можноста за непречено, успешно и сестрано разменување на мисли, идеи, знаења, информации и искуства.

**Клучни зборови:** комуницирање, вештини, личност, организација, професионалност

**Abstract:** The need of communication is one of the fundamental human processes of normal behavior in his environment. Good communication is a very significant factor of the success in human activities.

Irrespective of how man is prepared on a certain subject or may be the greatest innovator, his great "gift" is useless if he is not able to transfer this to his surrounding, to explain it in words or write it in a logical uninterrupted text. Lack of talent and effective communication is nowhere felt that radical but at work.

Bad communication has unfavourable reflection in the managing process. Poor communication represents a precondition for bad planning, wrong decision making, insufficient organization, improper management and wrong control, and analogue to this is the resulting failure.

Communication is by no means a learning skill, and everybody who fails to do it, will be poorer in one very important thing in his life – the possibility to a successful, uninterrupted and comprehensive exchange of opinions, ideas, knowledge, information and experience.

**Key words:** communication, skills, personality, organization, professionalism

## Вовед

Сé повеќе луѓе во деловниот свет согледуваат дека комуникацијата е од витално значење за работата во организацијата. Таа претставува перманентен процес на испраќање и примање на информации со една основна цел – размена на идеи. Секојдневно како на работното место, така и во приватниот живот, луѓето меѓусебно комуницираат. Недостигот на комуникација не ретко предизвикува проблеми во семејството, во бизнисот или општеството.

Постојат бројни дефиниции за комуникацијата, но најчесто се дефинира како: трансмисија на порака од едно лице на друго која е разбрана од примачот со значење како што тоа го сакал испраќачот, Комуникацијата е двонасочен процес која ги вклучува и испраќачот и примачот.

Во контекст на комуникацискиот процес може да се поставаат повеќе прашања меѓу кои и следните: Како комуницираме - свесно или несвесно, намерно или ненамерно, планирано или непланирано, свесни ли сме за невербалните сигнали кои ги испраќаме на околината, се грижиме ли за тоа дали соговорникот правилно ја разбрал нашата порака. При комуникацијата

со роднини, пријатели, соработници, не треба да се занемари фактот дека *луѓето се различни индивидуи, а токму во различноста на индивидуите е богатството на светот.*

Комуникацијата е неопходна, неминлива, незаменлива. Независно колку е развиена компјутерската техника, човекот е на прво место. Ниту еден компјутер, ниту една машина нема да може да ги пренесе емоциите што се нераскинлив дела на секоја интерперсонална врска.

Многу е важно во деловните контакти кај личноста да постои способност за јасно и отворено комуницирање, зошто и најдобрата идеја ќе биде безвредна доколку другите нема да можат да ја разберат.

Изреката „Зборувањето не е држење настава, а слушањето не е учење" укажува на лошо и неефикасно комуницирање. Оваа изрека би се проширила и на следната "Пишувањето не е комуникација, а читањето не значи сфаќање или разбирање". После овие две изреки се поставува прашањето – Зошто да не? Има многу причини за неефективна комуникација. Една од нив е кога мислиме дека со премногу едноставни зборови ќе можеме да објасниме *премногу* сложени процеси. Сепак, неспорно е дека комуникацијата е сплет од емоционални, психолошки и ментални карактеристики на поединецот.

Искуствата покажале дека комуникацијата е една од најважните вештини која треба да ја поседува секој менаџер. Менаџерите скоро и да не работат со производите или предметите. Тие работат со информациите кои се во врска со производите и предметите. Токму затоа комуникацијата претставува една од важните функции на менаџментот во паралела со планирањето, организирањето и контролирањето.

## 1 Професионалната и деловната комуникацијата во функција на менаџментот

*Симболот на менаџер за една минута – ознаката не една минута од модерен дигитален часовник има цел да го потсети секого од нас да издвои една минута дневно, за да погледнеме во лицата на луѓето кои ги раководиме. Така ќе се потсетиме дека тие се нашите најзначајни ресурси*.[1]

Процесот на менаџментот ја прикажува целокупната проблематика на организацијата и истовремено ја поврзува со надворешното окружување. При тоа акцент се става на комуникацијата и тоа како внатре во организацијата, така и во однос на нејзиното окружување.

Предмет на комуникацијата, покрај другото е преносот на информациите внатре во самата организација и во односите на организацијата со окружувањето. Оваа активност е насочена кон остварување на целите на организацијата. Информациите што се предмет на комуницирањето можат да бидат со различна содржина. Може да стане збор за пренесување на донесени одлуки, примена на иновации и слично. Овие информации можат да бидат со различен интензитет во поглед на правата и обврските на единките, учесници во процесот на комуницирањето. *Начинот на кој што се врши процесот на комуникација е тесно поврзан со организациската култура*[2].

Следниве искази можат да се слушнат во секоја организација: „Барањето за набавка не е испратено, бидејќи не рековте дека е итно". „Кога директорот ќе рече најбрзо што е можно, тој мисли сега и веднаш". Ова се само два примери кои значат неуспешна комуникација.

Оралната комуникација и претходи на писмената. Во стара Грција и во стариот Рим било неопходно при комуницирањето личноста да стои, особено при говор во судовите или во собранијата. *Сократ, Платон и Аристотел* се дел од историјата на комуникацијата кои и денес имаат големо значење за постоењето на организациите и за поединците.

Понекогаш лошата комуникација има животни последици. Како пример за ова постојано се зема експлозијата на вселенскиот брод Челинџер и загубата на седумчлениот екипаж во 1986 година. Поради прекин на комуникацијата со леталото, информацијата која најверојатно би им ги спасила животите на екипажот, никогаш не стасала до нив.

Скоро и да не може да се најде дел од работата на еден менаџер кој нема прекин во комуникацијата. Проблемите настануваат кога директивите ќе бидат неразбрани, ќе се појават гласини, ќе настане лоша интерпретација или дисторзија. Така, *вистинското прашање не е дали*

1 Бланчард, К. и Џонсон, С., Менаџер за една минута, Скопје, 1991
2 Петковски К., Водство и ефективна комуникација, Битола, стр. 43

*менаџерите комуницираат, туку дали комуницираат ефективно или не ефективно*. Што и да прави менаџерот, тој задолжително комуницира со некого или со некоја група.

Комуникацијата претставува пренос на сваќање преку употреба на симболи. Зборот комуникација потекнува од латинскиот збор communis со значење „заедничко". Со други зборови, се додека заедничкото сваќање не резултира со пренос на вербални или на невербални симболи, ќе нема комуникација.

*Елементи на комуникацијата*

Симплифицирано, елементите би се опишале вака: Некој (испраќач) има идеја или порака и сака да му ја испрати на некого (примач). За да ја испрати пораката, испраќачот мора да ја претвори во разбирлива форма (кодирање) и да ја испрати преку вербални, невербални или пишани средства (канал на комуникација). Понатаму, пораката се прима преку рецепторите на примачот и се декодира за да може да се разбере. Со климање на главата или со израз на лицето или на било кој друг начин примачот потврдува дека пораката ја примил (повратна врска). Испратената порака може да е искривена од присуството на шумови. Во елементи на комуникацијата спаѓаат: *комуникатор, перцепција и интерпретација, кодирање, порака, канал за комуникација, невербална комуникација, декодирање, примач, feedback (повратна врска) и шум.*

*Насоки на комуницирање*

Структурата на организацијата обезбедува четири насоки на комуникација: комуникација надолна, комуникација нагорна, хоризонтална или латерална и дијагонална комуникација. Овие четири насоки на комуникација ја прават рамката во која се одвива комуникацијата во една организација. Со проучување на сите, една по една, менаџерот може да си овозможи подобра проценка на бариерите што постојат за ефективна комуникација и да изнајде средства за нивно надминување.

## 2. Стилови во менаџментот и комуникацијата

Интерперсоналниот стил се однесува на начинот на кој поединецот им се обраќа на другите. Фактот што најголем дел од односите помеѓу луѓето вклучува комуникација, го покажува значењето на интерперсоналниот стил.

*Секојдневните активности на менаџерите играат големо значење на ефективната интерперсонална комуникација.* Менаџерите обезбедуваат информации, даваат команди и инструкции и прават напор да влијаат или да убедат. Начинот на кој менаџерите комуницираат и како испраќачи и како примачи е пресуден за ефективно извршување.

Теоретски, менаџерите кои сакаат да комуницираат ефективно може да ги употребат и изложувањето и повратната врска за да ја зголемат арената за заедничко разбирање. Но, во практиката тоа не е така. Менаџерите се разликуваат во нивната способност за изложување и повратна врска. Може да се идентификуваат најмалку четири менаџмент стилови:

Тип А. *Во оваа група спаѓаат менаџерите кои не користат ни изложување ни повратна врска*. Преовладува непознатото, бидејќи менаџерот не сака си го зголеми ни своето, ниту знаењето на другите. Ваквите менаџери предизвикуваат вознемиреност и одбивност и гледаат повлечено и ладно кон другите. Ако фирмата има голем број менаџери од овој тип, тогаш треба да очекуваме неефективна интерперсонална комуникација и губење на креативноста на поединците. Менаџетите од типот А се автократски лидери.

Тип Б. Некои менаџери сакаат да имаат задоволително ниво на односи со своите подредени, но поради нивните персонални карактеристики и ставови, овие менаџери не се во состојба да се отворат себеси и да ги изразат своите чувства. Како последица на ова, тие не можат да се изложат и мораат да се потпираат само на повратната врска. Фасадата е предоминантна во интерперсоналните релации и претеруваат со користење на повратната врска поради

исклучување на изложеноста. Подредените не им веруваат на ваквите менаџери, бидејќи сфаќаат дека таквите менаџери се потпираат само на нивните идеи и мислења. Однесувањето на менаџерите од типот Б практицираат некоја форма на попустлив лидер.

Тип В. Менаџерите кои си ги ценат своите идеи и мислења, но не и идеите и мислењата на другите користат повеќе изложување за сметка на повратната врска. Последица од овој стил е овековечување и зголемување на слепата точка. Подредените наскоро сваќаат дека таквите менаџери не се заинтересирани за комуникација, туку само за присилување на работите. *Затоа, менаџерите од типот В имаат подредени луѓе* кои се непријателски расположени, несигурни и спремни се да навредат некого. Подредените наскоро сфаќаат дека главен интерес на таквите менаџери е одржување на нивното чувство за важност и престиж.

Тип Г. *Најефективна интерперсонална комуникација е онаа која практикува баланс помеѓу изложеноста и повратната врска.* Менаџерите кои се сигурни во својата позиција се слободни да ги изложат своите чувства и да постигнат повратна врска од другите. Како менаџерите го практикуваат типот Г, така се зголемува арената и комуникацијата станува поефективна.

Сумирано, ова значи дека примарната сила за одредување на ефективна интерперсонална комуникација е интерперсоналниот стил и ставот на менаџерите за изложување и повратна врска.

### 3. Начини за подобрување на комуникацијата во менаџментот

Менаџерите кои настојуваат да имаат подобра комуникација имаа две одделни задачи. *Првата задача* е дека мораат да ги подобрат свои пораки – т.е. информациите што треба да ги испратат. *Втората задача* е да ги разберат луѓето што се обидуваат нешто да им кажат. Тие треба одлично да ги кодираат и декодираат пораките. Менаџерите треба да ги сватат другите што сакаат да кажат и бидат разбрани. Техниките за подобрување на комуникацијата се: следење, регулирање на протокот на информации, користење на повратна врска, емпатија, поедноставен речник, ефективно слушање и користење на незванични информации.

- *Следење* - Следењето вклучува претпоставки дека вие можеби сте погрешно разбрани и кога е тоа можно, да се одреди дали вашето мислење е примено. Кај вработените кои имаат поголем стаж со работа во институцијата, ова ќе го третираат позитивно – како олеснување на нивните работни обврски, додека новвработените во институцијата може да го интерпретираат како негативен став на раководителот за нивното извршување на задачите или како предлог да си дадат отказ.
- *Регулирање на протокот на информации* – со ова се обезбедува оптимален проток на информации кон менаџерите и елиминирање на комуникациската преоптертеност. И квалитетот и квантитетот на комуникациите се контролира. Ова се базира на исклучителниот принцип на менаџментот: само информациите за значителните отстапувања од политиките и процедурите треба да се доставaт до менаџерите. Во случај на формална комуникација, менаџерите треба да се фокусираат само на работите кои се исклучок од правилата, но не да се фокусираат само поради комуникација. Некои видови организациски структури исклучиво се базираат на овој принцип. Сигурно, во неокласичните организации кои се базираат на слободен проток на комуникацијата, овој принцип нема да се примени.
- *Користење на повратна врска* - Повратната врска е многу важен елемент во ефективната комуникација. Обезбедува канал за одговор на примачот, му овозможува на комуникаторот да знае дали пораката што била испратена е примена и дали го предизвикала настојуваниот одговор.
- *Емпатија* - емпатијата е можност една личност да се стави во улога на некоја друга личност и да ги превземе гледиштата и емоциите на таа личност. Оваа способност опфаќа ориентираност кон примачот наместо кон комуникаторот. Формата на комуникацијата треба да се потпира на она што му е познато на примачот. Емпатијата бара комуникаторот да го завземе местото на примачот за да провери како би се декодирала пораката.
- *Поедноставување на јазикот* - Комплексниот јазик е голема пречка за остварување на ефективна компанија. Тоа е случајот кога асистентот на факултет наместо да

ги претвори вежбите на студентите во едноставен концепт, тој ги претвора во комплексна загатка. Но ова не е случај само со факултетите. Исто така и луѓето вработени во државната управа се познати по тоа што имаат лоша комуникација.

- *Ефективно слушање* - Постојат бројни насоки како да се подобри ефективното слушање во организациите. На пример, еден автор вели дека постојат 10 заповеди за добро слушање: престани да зборуваш, дај му слобода на говорникот, покажи му на говорникот дека сакаш да слушаш, не му одвраќај на говорникот, покажи му емпатија на говорникот, биди трпелив, задржи си го темпераментот, посочи аргументи, постави прашање, престани да зборуваш. Имај во предвид дека „престани да зборуваш" е прва и последна заповед.

## Заклучок

Секој менаџер работејќи во организација има потреба да изгради моќна основа за да влијае на другите. Потребно е развивање на лична и професионална стручност, но истовремено да поседува и комуникациски вештини. Тој треба да биде ефективен комуникатор за да постигне добри резултати во својата организација.

Независно за каков вид на комуникација станува збор, од исклучителна важност е таа да не биде еднонасочен процес. Забрзаното и ефикасно користење на информационата технологија, ја менува природата на односите кај менаџментот. Колку улогата на менаџерот во собирањето и пропуштањето на информациите расте, толку повеќе неговите вештини како комуникатор ќе влијаат врз неговата ефикасност.

Комуникациската клима во една организација во голема мерка зависи од организациската клима и од менаџментот. Доколку менаџерот одржува искрена и јасна комуникација со вработените, тогаш тоа е услов за градење на темелот на отворена размена на идеи низ целата организација. Меѓутоа, неспорен е фактот дека за една личност да комуницира добро потребно е да се познава самата себеси, но и да биде способна да ги процени другите. Само тогаш ќе може да се надева дека ќе го пронајде најдобриот начин за ефективно комуницирање при градењето на меѓусебните односи.

**Користена литература:**

1. Бланчард, К. и Џонсон, С., (1991) Менаџер за една минута, Скопје
2. Rogelberg S. G. (2006) Encyclopedia of industrial and organizational psychology, (2 volume set), Sage Publications, Inc.
3. Петковски К., (2000) Водството и ефективната комуникација, Киро Дандаро, Битола
4. Петковски К., Јанкуловска П., (2006) Деловно комуницирање, Ирис, Битола
5. Sonnentag S., Wiley (2001) Psychological Management of Individual Performance A Handbook in the Psychology of Management in Organizations
6. Темелковски С., (2004) Момент за менаџмент, Bigoss, Скопје
7. https://faculty.fuqua.duke.edu/areas/management_communication/ (19.02.2014)

**Проф. Д-р Душан Николовски**
Меѓународен Славјански Универзитет "Гаврило Романович Државин",Свети Николе-Битола

658.626:005.35]-027.511

# ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА БРЕНДОВИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈТА

**АБСТРАКТ:** Стопанските организации и секој друг вид на организирани субјекти во комуникацијата со потрошувачите заради создавање на позитивен "имиџ" на своите трендови вложуваат доста време,труд и пари. Тие многу повеќе вложуваат во брендовите отколку во репутацијата на својата корпорација.Поддржувачите на процесот на глобализацијата во светски рамки се со заедничка задача и со цел за разобликување на односите во одговорноста на брендовите во општествените текови. Противниците пак се заинтересирани за она што се гледа како длабок јаз меѓу добрите и оптимистичките имиџи кои што компаниите ги развиваат за своите брендови, условно, деструктивно и неодговорно однесување на творците на брендовите.

Довербата на потрошувачите во брендовите може да завзема значајна позиција во кампањата за општествени промени, може да стане извор за дополнителни вредности за корпорацијата зад која стојат брендовите.Институтите и институциите кои можат најмногу да влијаат на промената на човечкиот став и однесувањата се брендовите, па заради тоа културната моќ на брендовите заедно со нивната економска моќ има такво силно влијание(голем удел) во нивната општествена вредност.Организираните деловни системи со своето учество во бизнисот би требало при истакнувањето на брендовите и добивањето на користта од нив да бидат доста енергични.Брендовите поседуваат сопствен силен капитал и мотив за разбирање на глобализацијата.

**Клучни зборови:** бренд, процес, глобализација, орговорност, пазар

**Аннотация:** Экономические организации и любой другой вид организованных сообществ в общении с клиентами, для создания положительного «имиджа» своих тенденций затратили немало времени, усилий и денег. Они намного больше инвестируют в бренды, чем в репутацию своей корпорации. Сторонники процесса глобализации в мировых рамках являются с общей задачей и с целью, для прояснения отношений и ответственности брендов в общественных тенденций. Однако, противников интересует то, что рассматривается,как глубокий разрыв между добрыми и оптимистическими имиджами, что компании разрабатывают для своих брендов, условное, разрушительное и безответственное поведение создателей брендов. Доверие потребителей в брендах, может занять значительное место в кампаниях для социальных изменений, может стать источником для добавочной стоимости для корпорации, которые стоят за брендами. Институты и учреждения, которые могут больше всего влиять на изменения в человеческих отношений и поведения, являются бренды(торговые марки), и поэтому культурная сила брендов вместе с её экономической мощью имеют такое сильное влияние (большую долю) в их общественной ценности. Организованные деловые системы своим участием в бизнесе, должны при выделении брендов и получения выгоды от них, быть достаточно энергичными. Бренды имеют собственный сильный капитал и мотивацию для понимания глобализации.

**Ключевые слова:** бренд, процесс, глобализация, ответственность, рынок

## ВОВЕД

Создадените брендови понудени од пазарот, им овозможуваат на потрошувачите да купуваат со доверба,а тоа воедно обезбедува насока по која ќе се движат потрошувачите низ збунувачката разноликост при изборот.Потрошувачот не мора да биде експерт по прашањата од областта на комплексот "мобилна комуникација" за да би се направил соодветен избор помеѓу едниот и другиот давател на услугата.Всушност врежувањето на "стварната привлечност"

претставува камен темелник за привлечноста на брендот ,а за тоа исто се интересираат и грижат сопствениците на брендот и што е предмет на постојано внимание и инвестирање.Брендовите со силна привлечност длабоко се всадуваат во чувствата и мислите на потрошувачот.Брендовите меѓу другото  се симболи кои често користат повеќе од еден систем (систем на зборови, систем на  слики, систем на бои  итн.) а го рефлектираат значењето на брендот.

Концептот на брендираното иако е доста сложен систем, не само поради бројните компоненти кои придонесуваат за структуирање на брендот, туку и заради бројните концепции за брендирање во изминатите години,  човек ги вклучува и бизнисите кои што ги поседуваат брендовите.Трајноста на брендовите,квалитетот, способноста и нивната привлечност во целиот свет го прават  имотот "посакуван".Глобализација на трговијата доведува до консолидација на многу индустрии, гранки, сектори, а во сето тоа и брендирањето има значајна улога.

Обемот на брендирањето едноставно речено зема здив.Активноста која во текот на XX век била воглавно ограничена на стока за широка потрошувачка и услуги,  сега се појавува во индустрискиот сектор, бизнисот, јавните и доброволните организации , комуналните претпријатија, невладини асоцијации, агенции и друго.Што се однесува до секторот на потрошувачката,развојот на технологиите доведува до  понуда на илјади и илјади нови производи на пазарот.Таков е случајот во областа на информатичките технологии и системи и нивната примена во практиката:компјутерски игри,лаптопи, мобилни телефони, интернет со големиот број на услуги што ги дава /обезбедува и слично.

Организациите функционирајќи во системот на  бизнис системот сватиле и се повеќе сваќаат и прифаќаат колку е важно да бидат атрактивни и ценети не само од страна на инвеститорот, потрошувачот, добавувачот, вработените, туку и од страна на оние кои го создаваат и креираат јавното мислење , активистичките групи и односите со јавноста воопшто. Доброто управување со брендот  е многу важна проблематика за градење на успешен бренд на производи и услуги на пазарот, односно на глобалниот пазар.

**Глобализација на светскиот пазар**

Поделбата на размислувањата околу процесот на глобализација на пазарот како современ процес на светската  интеграција е појава на обединување на светскиот пазар.Во услови кога границите  меѓу државите почесто исчезнуваат(формално постојат), а географските далечини стануваат се помали, тогаш се помали и пречките  за нормално функционирање на светскиот пазар.Процесот на глобализација станува реалност за поделбата на развојот на случувањата на геопросторот на планетата Земја.

Современиците на процесот на глобализација на светскиот пазар при истакнувањето на значењето  на глобализацијата ги истакнуваат следните две стојалишта:

1. Глобализацијата  претставува постојан и незадржлив  процес на интеграции  на култури, пазари и државни заедници.
2. Глобализацијата е идеолошки проект  на светски влијателни групи со кои се поттикнува економската либерализација со цел да се оствари експанзија на либералната  економија-светскиот пазар.

Основачот на теоријата на процесот на глобализација Ентони Гиденс процесот на модернизацијата и глобализацијата ги става во интерактивна врска.Динамичниот карактер на глобализацијата ја определува модерноста(моментална глобализација), а глобализацијата во суштина значи ширење на современоста (модерноста).Тоа што на мултинационалните компании им недостасува  во сегашната фаза на развојот на организациското однесување е контрола на територијата и системот  на принуда а тоа ќе  се надополни со глобализацијата на вкупната моќ и  меѓународната поделба на работата.Според Гиденс, односите меѓу  глобалните тенденции и локалните интереси  не се неопходно спротивставени, ниту пак  меѓусебно  се исклучуваат, а глобализацијата ја дефинирал како  "интензификација на општествени односи"  на светски план кои ги поврзуваат  одалечените места на таков начин  да локалните збиднувања ги обликуваат случувањата кои се одиграни со километарски далечини и "vice versa".

Заедничка карактеристика на многубројните современи обиди за одредување и дефинирање на поимот глобализација е имплементирањето на следните аспекти:

- **економски аспекти:** трајни, интензивни, брзи и со пазарната конкуренција регуларно поврзувани во светски рамки за размена на финансиски и производни активности;
- **општествено-институционален аспект:** преовладување за воспоставување на односи на отворени и меѓузависни урбанизирани цивилизации;
- **инфраструктурни аспекти:** поврзување на капиталот, работата, услугите, работната сила и информациите на големи дистанци;
- **политички аспекти:** криза на меѓународниот правен суверенитет како и легитимноста на регулативната функција на националната држава и формирањето на светски институции за управување;
- **културен аспект:** ширење на разновидна (западно-источна) култура по пат на транснационални организации(компании)за масовни медиуми;
- **воено-геостратешки аспект:** промена на билатерална со униполарната структура, со тенденција за регионализација и мултиполаризација;
- **еколошки аспект:** опасност од нерационално исцрпување на природните ресурси (обновливи-необновливи) како и загаденоста на клучните медиуми(воздух, вода, почва) во природата.

Како процес на глобализација што повеќе се шири и се чини се повеќе како нерационален,за да така се и потикнува борбата меѓу глобалистите и антиглобалистите.Мал број на чинители говорат и се во прилог на глобализацијата.Филозофијата за постоење на стари граници меѓу државите, кои значително го отежнувале протокот на луѓе и работа, повеќе скоро никој не може да ги врати.И најзначајните економски држави економски се откажуваат од своите национални валути и прифаќаат заедничка валута .Сепак може да се каже дека бавно се движат работите и дека процесот на глобализацијта е интерактивен процес на културни, пазарни и државни заедници , а не е проект на влијателни држави за примена на либерална економија.

Како што никој не може да го укине интернетот,така и не може да се овозможи на светските берзи,благодарение на примената на модерните телекомуникации, да се тргува без прекин. Англискиот јазик полека но и сигурно станува основен јазик при потпишување на договори во целиот свет.На целата планета не постојат само десетина авионски компании и по неколку синџири на хотели.Во таков амбиент светскиот капитал настојува во целиот свет да ги изедначи прописите, правилата , да ги пропише општите принципи кои се од општо значење за моралните принципи.Општите морални принципи се од посебно значење особено ако се земаат во предвид локалните обичаи, култура па и правни норми.

Од друга страна пак антиглобалистите ја истакнуваат немоќта на моќните држави за најважните точки за опстанок на планетата земја(екологија,долговите на најсиромашните земји, разоружувањето) потпишувааат сериозни договри, тие мислат дека станува збор само за дефинирање на воспоставена доминација на развиените над неразвиените или најсилните над слабите.Забележана е и тенденција заради незагрозување на сопствената позиција , дури кај земјите со најголемо богатство, кога се доведува до промена секој пат кога се започне некоја нова интеграција во глобални рамки е проследена со неизбежна реорганизација и реконструирање, чиј најчест епилог е намалување на бројот на вработените.

## Брендирањето врз корпоративната одговорност

Како што брендовите можат да доведат до одредени општествени погодности, исто така можат да влијаат како силен механизам за заштита на потрошувачот.Многу често во практиката се мисли дека прописите (регулативата) е најдобрата заштита во борбата против лошиот квалитет на работа и услугата.Вистина е дека регулативата игра клучна улога во воспоставувањето и подигнувањето на стандардот, како во оваа област така и во многу други.Но за да се применат правилата без брендови потребно е супервизорите да надгледуваат, што инспекторите би можеле да контролираат итн.

Познатите и впечатливите брендови играат многу позитивна улога,општествена улога, не како што клеветниците често знаат да тврдат дека тие само го загадуваат јавниот простор со бројни логоа и слики.Брендовите претставуваат етикети за стандард на квалитет и совест кој имаат подеднаква сила како било кој знак избран за стандард или печат.Трошоците на брендираното често пати се реални.Има премногу компании со силни брендови кои воопшто не размислуваат за оштетувањето на животната средина, нанесувајки при тоа штета на локалната заедница со затајување на ризикот по здравјето во однос на своето производство,експлоатацијата на своите работници,потценувањето на своите потрошувачи и оние кои генерално се обидуваат да заработат набрзина не повикувајки се на последиците во општеството и околината.Смислата на корпоративната општествена одговорност е да го намали негативното влијание во работењето на таков начин давајки убедливи аргументи и пронаоѓајќи соодветна опрема за работа, како компаниите своите ризици би ги свеле на најмала мерка на ризици кои произлегуваат од нивните општествени и еколошки ефекти.

Светските брендови се пат на механизам за емитување со кој може многу јасно да се разберат последиците, како добри така и лоши , прашања во деловноста и да се работи на искористување на лошото во корист на доброто.Чинителите се спротивни на тоа што борците против глобализацијата и капитализмот не сакале да веруваат.Далеку од тоа дека брендовите предизвикуваат лоши последици по општеството, напротив тие ги разоткриваат.Брендовите не дозволуваат создавање на општествени и еколошки штети, туку тие помагаат во нивно решавање онолку колку што можат како претставници на активностите на приватниот сектор во јавноста.Брендовите претставуваат локомотива за позитивни општествени промени и силен двигател за остварување на развојни процеси во општеството.

Делумната позитивна општествена промена претставува процесс кој оди рака под рака со економскиот развој.Исто како што се и условите на општеството на богатиот запад подобриле во однос на оние од Викторијанската епоха.Но денеска во земјите во развој тоа се побрзо се случува, отколку што се очекувало посебно заради потребата на корпорацијата да ја заштити вредноста на брендот.Така ќе се излезе во пресрет на очекувањата на потрошувачите во однос на тоа како би требало компаниите да се однесуваат.

**Брендовите и корпоративното општествено уредување**

Современите општествено - економски и стопански интеграциски движења, не само во рамките на пооделните национални економии, туку и на меѓународен план условуваат квантитаивни промени во начинот, методите и појдовните основи во управувањето и современото раководење со организациите(претпријатијата).Во процесот на глобализацијата брендирањето и кооперативното општествено раководење завзема значајно место во бизнисот. Во бизнис системот сретнуваме три најважни начини во кои брендовите создаваат можности за општествено раководење на корпорациите ,а тоа се:

- Употреба на моќ што брендовите ја имаат во културата за да во општеството се достигнат промени за подобро од постојното
- Употреба на иновациите за поттикнување на организациски развој на организацијата и поради добивање на општествена добивка
- Примена на влијанието на брендот со цел на што побрзо распространување на доброзначајности??? од процесот на глобализацијата.

Маркетиншката професионализација во односот кон купувачот на брендови имаат најголемо почитување, напрегнувајки се при тоа до крајни граници како би ги разбрале потребите и желбите на купувачот.Тие често пати настојуваат да брендовите влејат смисол кој носи повеќе од функционални корисности од онаа што се рекламира.Брендовите си го задржуваат правото, односно поседуваат право и на општествена улога.Сепак тоа е реткост кога тоа е поткрепено со конкректна општествена потреба.Често се тоа вештачки творби осмислени само да се поистоветат со општествената совест на потрошувачот, било што да се поработи на нив.Оваа појава не го чини брендот лош,туку напротив објаснува дека некои антикорпоративни критичари изјавуваат дека толку многу го мразат.

Компаниите во комуникацијата со потрошувачите вложуваат многу повеќе време,

труд,пари за да би изградиле што попозитивен “имиџ“ за своите брендови,а исто така и за промовирање на својата репутација како една корпорација.Една од главните цели на борците во процесот на глобализацијата е да го разоткријат она што го гледаат како длабок јаз меѓу добрите и општествените “имиџи“ кои што компаниите ги развиваат за своите брендовии наводно деструктивното и одговорното однесување на создавачот (творецот) на брендовите.

Со помислување на само одреден број општствени прашања со кои се соочуваат владите и непрофитабилните организации во секојдневното дејствување, веднаш се забележува дека треба да се располага со големи знаења и системи за решавање на проблемите.Многу од нив се тешко решливи со конвенционални пристапи, донесување на закони и вложување на пари. Проблемот како што е писменоста кај богатите општества, не постои потреба од повеќе книги,туку се повеќето се јавуваат оние родители кои би ги читале на своите деца уште од мали.Проблемите како што е здравјето кај подобро информираните и позитивните животни избори,пред делотворното лечење претставува права добитна политика.Проблемите како што се малолетничкиот криминал и социјалното однесување е грижа за околината, давање на младите мотиви за развој,поттикнување на духот за заедништво,проблемите за менталното здравје и користење на дрога.За сите овие и уште многу други проблеми, барањата на социјалната политика се однесува на промена на ставови и однесувања.Ист е случајот и со земјите во развојот, владите и пензиите како помош можат да вложат големи суми на пари во програми за искоренување на болестите, но при тоа ќе бидат делотворни само ако се стават во начинот на однесување со промени.

Институциите ,односно институтите кои најмогу можат да влијаат на промената на човечкиот став и неговото однесување во организацијата се брендовите, па и заради тоа културната моќ на брендовите заедно со нивната економска моќ има силно влијание (удел) во општествените вредности на општеството.Користењето на брендовите во организациите заради општествени промени е еден од најадекватните начини врз кои корпорациите можат многу брзо да се воздигнат и да го покажат правото лидерство.Овде треба да се нагласи дека ова не е исто што и поврзувањето на брендовите со првичните појави за промоција на кампањата за заедничка корист.Овде станува збор за корпорацијата да ги користи можностите за брендирањето за промена на однесувањето на потрошувачот, а во исто време да дојде и до промена во општественото однесување и така да се зацврсти репутацијата на тој бренд.

Користењето на културната моќ, иновациите и водењето на компаниите за промена на општеството ги изразува трите димензии на корпоративно општествено лидерство.Димензиите на корпоративното општествено лидерство многу често и најдобро се прикажуваат преку брендовите што се користат преку социјаните и економските платформи, бидејќи тие се впечатливи за пазарот.Покрај создавањето на брендови во комерцијалниот сектор, постојат брендови и во непрофитабилниот сектор, а тоа се изразува преку добротворните организаци ,мултилатерални институции за делотворно остварување на своите цели.

Праксата говори дека непрофитабилниот сектор во транзицискиот период во земјите во транзиција, создадоа брендови со значајно влијание за општествените промени кај голем број држави во светот.Ваквата појава предизвика и извесно спротивставување во системот на градењето на брендовите и нивното влијание врз развојот на корпоративното општествено раководење.

## Карактерот на брендирањето во услови на глобален пазар

Создавањето на вредносниот карактер на брендирањето преку брендовите како во стопанскиот така и во нестопанскиот сектор ,особено во новосоздадените општествено економски односи и процесот на самата глобализација на пазарот, претставува многу комплексно прашање отколку што може да се претпостави.Брендирањето бара:

- **Сегментација на пазарот.**Брендовите влијаат врз изборот на потрошувачот, но изборот се разликува во зависност од пазарот во кој брендот се наоѓа.Поделбата на пазарот на брендовите во групи кои не се поклопуваат и нехомогени групи на потрошувачи на критериуми кои можат да се применат, како што се:производ

или услуга, дистрибутивни канали, мустри за потрошувачка, софистицирање на купувањата, географијата, постојни и нови потрошувачи итн, се преокупација за дефинирање на сегментација на пазарот.Брендот се вреднува во секој сегмент, а збирот на вреднувањата на сегментите ја сочинува вкупната вредност на брендот.

- **Финансиска анализа.**Таа предвидува идентификација на предвидени приходи,заработка од нематеријални вложувања кои ги создава брендот за секој од очевидните сегменти во сегментацијата на пазарот.Заработката од нематеријални вложувања се дефинира како приход на брендот намален за трошоците на работењето и трошоците за вложениот капитал.Концептот е сличен со поимот економски профит.
- **Анализа на побарувачка.**Променување на улогата која што брендот ја има врз зголемувањето на побарувачката за производите и услугите на пазарот, на кој е присутен и одвоено да се утврди кој дел од нематеријалните вложувања припаѓа на брендот, мерење со показател кој се нарекува "индекс на улогата на брендирањето". Тоа се работи така што прво се идентификуваат различнте покренувачи на трошоците за брендирањето на компаниите, тогаш одлучува степенот до кој секој бренд директни влијаел на секој покренувач.Улогата на индексот за брендирање претставува процент на заработка од нематеријалните вложувања со кој придонесол брендот.Заработката од брендот се пресметува со множење на улогите на индексот на брендирањето со заработувачката на нематеријалните вложувања.
- **Конкурентен бенчмаркинг.**Одредувањето на конкурентската сила и слабоста на брендот за добивање на дисконтна стапка за одреден бренд кој го одразува профитот на ризикот на очекуваната заработка во иднина, се мери со показател кој се нарекува "резултат на јачината на брендот". Таа опфаќа обемен конкурентен бенчмаркинг и структурна проценка на пазарот на брендот, стабилноста, водечката позиција, трендот на растот, подршката, географското влијание и можностите за законска заштита.
- **Калкулација на вредноста на брендот.**Вредноста на брендот е нето сегашната вредност на очекуваната заработка на брендот од која се одзема(анулира) дисконтната стапка на брендот.Нето сегашната вредност на калкулацијата опфаќа период на предвидување и период после него и ја одразува способноста на брендот да продолжува, да создава, да заработи за во иднина.

## ЗАКЛУЧОК

Брендирањето и брендовите на пазарот, нивното присуство со вредностите и влијанието што го имаат врз развојот на општствено-економските односи во процесот на глобализацијата се големи сојузници на развојот и напредокот на општествените односи за секоја држава посебно.Брендовите како големи сојузници за општествениот напредок стимулираат низа на појави, а од позначајните се:

Поттикнување на лојалноста на купувачот , поттикнување на иновациите, обезбедување на безбеден и механизам, врши притисок врз општествената оедговорност, улога, го унапредува единството, демократските текови и слично.

Поттикнувачките појави н брендовите провоцираат создавање на позитивни општетствени појави.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Гуденс Е, Последице мудрости, Филип Вишниќ Београд 1998 година
2. Hiltons S. The social value of brinders, Bloomberg Press, New
3. Јевтиќ Ш.Изазови етичког имиџа ,БЕС Београд 2004 година
4. Булетиќ В, Савремене тоерије глобализације ,УДН Београд 2001 година
5. Душан Николовски. Бенчмаркинг во стопанството на Македонија Економија -Бизнис Скопје 2010 година
6. Снежана Бадриќ Годишник, Факултет за култура и медиуми ,Мегатренд универзитет-Београд 2010 година.

**Д-р Стевчо Димески**
«Меѓународен славјански институт", stevco.dimeski@gmail.com

336.71:330.143(497.7)

# ОСТВАРУВАЊЕ НА „TRADE-OFF" – РЕЛАЦИИ ПОМЕЃУ ОЧЕКУВАНИОТ ПРИНОС ОД ПЛАСМАНИТЕ, СТЕПЕНОТ НА РИЗИК И ЛИКВИДНОСТА

# IMPLEMENTATION OF "TRADE-OFF" - RELATION BETWEEN THE EXPECTED YIELD OF PLACEMENTS, LEVELS OF RISK AND LIQUIDITY

**Abstract:** Financial markets and institutions have a main role for national economy development. Specifically, bank composing portfolio, orient alternative placements in the form loans or securities depending on the level of development of the financial market. The paper analyze requirements capital, placements, risk and liquidity. In the end is the conclusion made to get information for situation and perspectives bank industry about key banking indicators in Republic of Macedonia.
**Key words:** loans, risk, liquidity, profitability

**Апстракт:** Финансискиот пазар и институции имаат значајна улога за економскиот развој. Поконкретно, банките го компонираат своето портфолио, се ориентираат на алтернативни пласмани во вид на кредити или хартии од вредност во зависност од нивото на развиеност на финансискиот пазар, Трудот ги анализира капиталните барања, пласманите, ризикот и ликвидноста. На крај може да се извлечат заклучоци за состојбите и перспективите на банкарската индустрија врз основа на клучните банкарски индикатори во Репиблика Македонија.
**Клучни зборови:** кредит, ризик, ликвидност, профитабилност

Управувањето со пасивата подразбира менаџирање со обврските (квантитет изразен преку обем и квалитетот изразен преку рочност) како и капиталот. Истото, банката го ефектуира со акумулирање на средства од суфицитарните економски единки (надополнето со кредитно депозитен мултипликатор), притоа остварувајќи ја мобилизаторската функција. Мобилизирањето, од страна на банката на определен обем на банкарски ресурси (по квантите и квалитет) за коишто менаџерскиот тим на банката смета дека се на ниво коешто одговара на аспирациите на банката (согласно поставените цели, макро и микро детерминанти) претставува претпоставка за успешно, ефикасно и ефективно функционирање на банката, бидејќи од примарно значење е да се компонира релевантен финансиски потенцијал врз основа на којшто банката ќе биде во можност алтернативно да го структурира своето портфолио.

Со самото тоа банката треба да компонира портфолио во којшто појдовен елемент е цената на чинење на мобилизираните ресурси надоградени со пресметани ризици и задоволителен принос на капиталот. Имено, основна цел на функционирањето на банките во пазарни услови на стопанисување, што подразбира егзистирање на плирализам на сопственост, е да ги задоволат аспирациите на нивните сопственици (остварување на позитивен финансиски резултат – добивка, зголемување на вредноста на капиталот) или поточна формулација би било да остварат задоволителен принос на вложениот капитал. Во тој контекст, во функција на целта на банките е да креираат адекватна стратегија и истата ефикасно да ја операционализираат како на страната на активата, така и на страната на изворите на средства.

Тоа значи дека неопходна претпоставка за успешно управување со активата на банката е потребата од компонирање на адекватен финансиски потенцијал. Меѓутоа, предмет на анализа во овие рамки е: Како банката врз основа на формираниот финансиски потенцијал, да го комппонира своето портфолио, а во смисла на тоа, како да се изврши релевантно пласирање на ресурсите во вид на кредити, хартии од вредност и тн?

Поконкретно, банките го компонираат своето портфолио, се ориентираат на алтернативни пласмани во вид на кредити или хартии од вредност во зависност од нивото на развиеност

на финансискиот пазар, а соодветно на тоа и финаснсиската инфраструктура. Така, во услови на развиен финансиски пазарен сегмент, банките ги насочуваат пласманите во зависност од приносот на хартиите од вредност (каматната стапка на хартиите од вредност), од стапката на принос на кредитите и степенот на ризик на пласманите, притоа водејќи сметка за ликвидноста. Наспроти тоа, во амбиент на слабо развиен финансиски систем, мал број на финансиски посредници (ниско развиена фианасиска структура), банките примарно се насочени кон кредитни текови, а тоа како наопходност претпоставува соочување пред сé со кредитниот ризик, како доминантен ризик, што секако не ги исклучува и останатите ризици во банкарското работење, но, со акцесорно влиание. Во тој контекст, ефикасниот менаџмент на страната на активата го означува процесот на нејзина кумулација, што кореспондира со поставената финансиска цел на банката и диверзификација, со што се настојува да се релативизира диверзифицирливиот ризик или аплицирање на најдобри банкарски практики во насока на остварување на „trade-off“ релации помеѓу очекуваниот принос од пласманите, степенот на ризик и ликвидноста.

### Банкарска регулатива

Поради специфичната тежина на банкаркста индустрија, а во тие рамки и високиот финансиски левериџ прашањето за капиталот е меѓународно сериозно третирана проблематика. Зачетоците датираат во далечната 1975 година со првиот документ на Базлескиот комитет и потоа негово ревидирање во 1983 година (предмет на опсервација е мерењето адекватноста на капиталот во однос кредитниот ризик). Еволутивно во 1993 година се направени дополнувањасо стандарди кои го третираат пазарниот ризик (каматен, девизен, стоков и ценовен ризик), со самото тоа дефиниран е концептот со кој на детален начин му се пристапува на ризиците и истиот е познат како Базел I. Развојот оди во таа насока што во 1999 година е направен предлог за Базел II меѓународни стандарди[1], која конечна верзија е усвоена во 2004 година, кадедшто содржински, покрај на кредитниот и пазарниот ризик се повеќе значење му се дава и на оперативниот ризик. Анализите на ефектите од кризата покажаа дека нејзината сложеност и сериозност во голема мера ѕе последица на недоволната ликвидност и солвентност, високата стапка на задолженост (leverage) и слабата мотивираност на финансиските институции за соодветно управување со преземените ризици. Врз основа на добиените коментари и извршената анализа, на 26.07.2010 година Групата гувернери на централните банки и раководители на супервизорските органи[2] се договори да ги прифати предложените реформи. Овој договор беше потврден и на состанокот на Групата гувернери на централните банки и раководители на супервизорските органи одржан на 12.09.2010 година. Всушност, светската криза имплицираше и потреба од „up date“ на базелските стандарди и инсталирање на Меѓународна регулаторна рамка за банките (Базел III). Превземените мерки се со цел: подобрување на способноста на банкарскиот сектор да ги

1 Новата Капитална Спогодба се состои од 3 основни елементи:
Stolb 1 - Минимум капитални барања - се дефинираат основните компонетите коишто се користат за утврдување на адекватноста на капиталот: гарантниот капитал и ризично пондерираната актива. Новата капитална рамка предвидува промени во начинот на утврдување на ризично пондерираната актива, додека начинот на утврдување на гарантниот капитал останува ист како и во постојната капитална рамка. Промените во утврдувањето на ризично пондерираната актива се однесуваат на промени во третманот на кредитниот ризик и на вклучувањето на оперативниот ризик. Во поглед на третманот на кредитниот ризик, дадени се три опции (можности) за пресметка на капиталната база за покривање на овој ризик, и тоа: ревидиран стандарден пристап (standardized approach), основен (foundation) и напреден (advanced) пристап на интерно рангирање (Internal Rating Based Approach - IRB). Вклучувањето на оперативниот ризик во основата за пресметка на капиталната база, претставува една од најзначајните новини на Новата Капитална Спогодба. Оперативниот ризик е многу значаен ризик на којшто се изложени банките, поради што тие треба да имаат соодветна заштита од евентуалните загуби коишто би можеле да настанат како резултат на овој ризик. Оттука, предвидена е примена на три различни методологии за вклучување на оперативниот ризик во утврдувањето на капиталната база: базичен индикатор, стандарден пристап и интерна проценка. Врз база на извршените анализи, се очекува со примената на новата спогодба, оперативниот ризик да зафаќа 20% од утврденото ниво на потребен капитал; Stolb 2 - Супервизорската анализа и оценка - се дефинира улогата на супервизијата во следењето и анализата на моделите на утврдување на адекватноста на капиталот применувани од страна на банките;
Stolb 3 - Пазарна дисциплина - се дефинираат основните информации и податоци кои што имаат јавен карактер, односно коишто банките треба да ги објавуваат на редовна основа.
Поопширно консултирај www.bis.org.

2 Групата гувернери на централните банки и раководители на супервизорските органи (Group of Central Bank Governors and Heads of Supervision) е највисок орган на Базелскиот комитет, составен од гувернерите на централните банки и раководителите (директорите) на супервизорските органи (кога супервизорските органи се надвор од централните банки) на земјите – членки на овој комитет.

апсорбираат шоковите независно од изворот - финансиски и економски стрес; подобрување на менаџирањето со ризикот; зголемена транспарентност. Основната цел на реформата на капиталната рамка е подобрување на квалитетот на структурата на сопствените средства на банките, преку зголемување на нивото и учеството на основните елементи на основниот капитал. Најзначајните промени на предложената реформа можат да се поделат во две групи активности: зајакнување на капиталната рамка (зголемување на потребното ниво капитал) и воведување меѓународен ликвидносен стандард. овие две групи активности ја претставуваат основата на новата т.н. Базел III рамка.

Согласно Базлеските стандарди минималната стапка на сопствен капитал како однос со ризично пондерираната актива, изнесува 8%[3]. Сопствениот капитал, пак го сочинуваат основниот капитал, дополнителниот капитал I дополнителниот капитал II (имајќи ги ограничувањата во Одлуката):

## Состојби и перспективи во македонската банкарска индустрија

За да може да го коментираме состојбите, насоките на движење, а со самото тоа да утврдиме дали станува збор за трендови најнапред би ја презентирале следнава табела како основа за извлекување на заклучоци.

| | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013Q4 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Адекватност на капиталот | | | | | | | | |
| Стапка на адекватност на капиталот | 18,3 | 17 | 16,2 | 16,4 | 16,1 | 16,8 | 17,1 | 17,3 |
| Квалитет на актива | | | | | | | | |
| Нефункционални кредити / бруто кредити | 11,2 | 7,5 | 6,8 | 9,1 | 9,3 | 9,9 | 10,5 | 11,8 |
| Профитабилност | | | | | | | | |
| РОАА | 1,8 | 1,8 | 1,4 | 0,6 | 0,8 | 0,4 | 0,4 | 0,4 |
| РОАЕ | 12,3 | 15 | 12,5 | 5,6 | 7,3 | 3,4 | 3,8 | 3,9 |
| Каматни стапки | | | | | | | | |
| Распон меѓу каматни стапки на кредити и депоз во ден | 6,3 | 4,5 | 3,2 | 2,8 | 2,3 | 3,2 | 3,5 | 3,7 |
| Распон меѓу каматни стапки на кредити и деп во дев | 6,7 | 6,5 | 4,2 | 4,2 | 4,4 | 4,8 | 4,6 | 4,8 |
| Меѓубанкарски каматни стапки | 4,9 | 3,1 | 5,3 | 6,2 | 2,7 | 2,2 | 2,1 | 2 |
| Ликвидносен ризик | | | | | | | | |
| Ликвидна актива / вкупна актива | 18 | 20,9 | 16,9 | 20,6 | 25,3 | 25,3 | 29,4 | 28,8 |
| Ликвидна актива / вкупна актива (сп НБРМ | 37,7 | 34,7 | 22,9 | 25,6 | 30,9 | 31,2 | 32,4 | 32,2 |
| Ликвидна актива / краткорочни обврски (дог рочност) | 25,2 | 28,2 | 24 | 30,1 | 38,5 | 39,6 | 48,2 | 49,9 |
| Ликвидна актива / кратк обврс (дог рочн) спо НБРМ | 52,8 | 46,8 | 32,4 | 37,4 | 46,9 | 48,9 | 53 | 55,9 |
| Извор: НБРМ, Отсек за финансиска стабилност. | | | | | | | | www. nbrm.mk |

Како генерален заклучок за банкарскиот сектор во последниве години може да извлече дека истиот е стабилен и отпорен на шокови, и истото се аргументира со следново:

- Во структурата на активата најголем дел отпаѓа на кредити на нефинансиски

3 Поконкретно види Одлука за методологија за утврдување на адекватност на капиталот www.nbrm.mk

субјекти (над 60%), вложувањата во хартии од вредност се околу 16-17% и истите се нискоризични (емитенти НБРМ и држава) и пласмани кај банки и други финансиски институции околу 12-13%;

- Стапката на адекватност на капиталот (ја отсликува стабилноста и сигурноста) веќе подолг период е над 17%, што е далеку над законски пропишаниот минимум;
- Егзистира перцепцијата на банките за внимателно кредитирање;
- Во последните години има релативно влошување на кредитното портфолио (раст на нефункционалните креидти), но сепак е далеку подобро во однос на останатите земји од опкружувањето;
- Висока ликвидносна позиција на банкарскиот систем (раст на покриеноста на краткорочните обврски и на депозитите на домаќинствата со ликвидната актива);
- Покриеноста на кредити со депозити е 31.12.2013 година 91,37% што значи дека има простор депозитите да се преточат во кредити, а истиот простор може да се надополни и со другите елементи од композицијата на банкарски ресурси;
- Подобрување на профитабилноста на банкарската индустрија пред се резултат на раст на нето каматниот приход и пад на оперативните трошоци.

**Користена Литература**


1. CSFI (Center for Study of Financial Innovation) Banana Skins Survey, 2008, 2010, 2012
2. “Bankarstvo” Srboqub Jovi}, Nau~na kniga, Belgrad 1990;
3. “Rizici vo bankarstvoto”- grupa avtori;
4. Извештаи на НБРМ, www.nbrm.mk
5. www.bis.org.

**м-р Љубиша Стефаноски, докторант**
Правен факултет, Универзитет во Ниш, Србијаe-mail: stefanoski_ljubisa@yahoo.com;
**Доц. Д-р Александар Илиевски**
Меѓународен Славјански Универзитет Г.Р.Државни Свети Николе - Битола
Е-маил: alexandarilievski@hotmail.com

347.77:340.13(497.7)

# УЛОГАТА НА ОПШТИТЕ ПРАВНИ АКТИ ВО РЕГУЛИРАЊЕ НА ПРАВАТА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ СОЗДАДЕНИ ВО РАБОТЕН ОДНОС

**Abstract:** In the first part of the work, the author mentions some aspects of the importance of intellectual property rights, particularly the Works Made for Hire. Furthermore, an overview of the following issues is presented: Intellectual property rights of works created by an employee in the course of employment, legal protection etc.

All above mentioned analyzes result with several conclusions. Their basic aim is to determine the concept of doctrine "works made for hire" and the possibilities of his regulation with general act of the employer. On the other hand, the importance of the affirmation of the possibilities of this institute is outlined, as a way for improvement of the general act of the employer and their application in the practice.

**Keywords:** Intellectual Property Rights, Works Made for Hire, General Act of the Employer, Labor Law.

## Вовед

Во сите современи правни системи, правата од интелектуална сопственост претставуваат уставна категорија, во кој на директен или индиректен начин се промовира и поттикнува развојот како на авторското право и сродните права, така и на правата од индустриска сопственост.

Заштита на правата од интелектуална сопственост или поконкретно инвентивноста и пронаоѓаштвото кои се резултат на интелектуалниот и креативен ум на човекот претставува сложено прашање. Остварувањето на правната заштита, станува уште покомплексно прашање, кога станува збор за право на интелектуални творби создадени во рамки на работен однос. Причина за тоа е, не само релативна конзистентност на постоечките правни норми со кои се уредени правата од интелектуална сопственост создадени во работен однос, туку и слабата номотехничка номенклатура на постојните законските решенија.

Во основа, извор на сите проблеми, како од теоретски, така и од практичен аспект се должи на фактот што станува збор за две различни правни дисциплини, правото на интелектуалната сопственост како приватно правна дисциплина од една страна и трудовото право како јавно правна дисциплина, од друга страна, кои се засноваат на различни принципи, но сепак имаат допирни точки, особено кога станува збор за остварување на правата од интелектуална сопственост.

Постојат неколку начини на кои ова прашање е уредено. Со оглед на просторното ограничување во овој труд, предмет на анализа и проучување, како од теоретски, така и од практичен аспект ќе биде општиот акт  на работодавачот, за кој многу мал број научни и стручни работници имаат посветено посебно внимание.

Сепак, не треба да се изостави фактот дека конкретна интелектуална творба има третман на творба создадена во работен однос, доколку е исполнет условот меѓу работникот-творец и работодавачот да има засновано работен однос.

## Општи акти на работодавачот

Општиот акт  на работодавачот како еден од начините за уредување на конкретни права

од работен однос му дава можност на работодавачот сам со свој акт да ги определи условите за работа на работниците.[1] За разлика од законскиот метод на регулирање и државниот интервенционизам, Основна карактеристика на општите акти (статути, тарифници, правилници и сл.) е што тие се донесени исклучиво врз основа на волјата на работодавачот.

Со општиот акт на работодавачот не можат да се одземат или ограничат правата од интелектуална сопственост создадени во работен однос, утврдени со закон или колективен договор. И во овој случај важи начелото (i*n favorem laboratories*), односно овие акти можат да содржат само одредби кои се поповолни за работниците од оние предвидени со закон или колективен договор.[2] Така на пример, со Статут како основен акт на работодавачот, може да се уреди остварувањето на имотните права, правото на побарување на надомест, потоа прашања врзани за целта и дејноста на работодавачот и нивното остварување, условите и начинот на работа и други прашања кои се тесно поврзани со определувањето и оставрувањето на правата од интелектуална сопственост преку организацијата на работодавачот.[3] Според Милиќ, критериумите и мерилата врз основа на кои се утврдува висината на надоместот, што ја исплаќа работодавачот за поединечни облици на искористување на конкретна интелектуална творба од работен однос може да се определат и со Тарифник.

Општиот акт на работодавачот како начин за уредување на корпусот интелектуални права од работен однос е дозволен само во случај кога тоа со закон[4] е изречно предвидено.

Во прилог на ова оди и реалната потреба на работодавачот за уредување на конкретни прашања од оваа област, особено ако се има предвид комплексниот карактер, начинот и околностите во кои се создадени конкретни интелектуални творби, каков што беше случајот со академското дело од работен однос и бројните дилеми во однос на неговиот правен третман, кој во најголем број земји во светот е уреден со општ акт на работодавачот.

Во теоријата постои единство во однос на значето на општите акти на работодавачот како метод за уредување на корпусот права од работен однос, вклучително и правата од интелектуална сопственост. Нивното значење особено доаѓа до израз кога работодавачот може да ги уреди работните односи со Правилник, во услови кога ниту еден синдикат не ги исполнува условите за репрезентативност, нема склучено спогодба за здружување заради учество во склучување на колективен договор или не е постигната согласност за склучување на колективен договор.[5] Во прилог на ова оди и воспоставената практика во минатото кога одделни прашања за некои правата на интелектуални творби создадени во рамки на работен однос, биле предмет на уредување со Правилник, во рамки на кој прецизно на табеларен начин се утврдува процентот за пресметката на авторскиот надомест на работникот, во однос на сложеноста на структурата и функцијата на крајниот производ, а во согласност со описот на комплексноста на вложениот интелектуален труд на работникот. Ова особено се однесува на две ситуации. Првата, кога работодавачот врз основа на договор, му исплаќа надомест на работникот кој создал конкретна интелектуална творба која поради одредени околности не може да стекне правен третман на творба од работен однос (не е создадена во рамки на работен однос), а е во интерес на дејноста што ја врши, па со Правилникот според однапред утврдени параметри се одредува и висината на надоместот. Втората ситуација е кога на работникот со колективен договор или договор за работа му се признава правото на дел од плата за работна успешност, каде како мерило се користи зголемениот приход на работодавачот од конкретна интелектуална творба создадена во работен однос од работник, па со актот на работодавачот би се определувал како начинот на валоризација и процена на степенот на работната успешност така и висината на надоместот.

---

1 Беличанец Т.: „Колективни договори на ниво на работодавач и други акти кај работодавачот", Деловно право, бр.15, Здружение на правниците од стопанството на Република Македонија, 2006, стр.36.

2 Јовевски Л.: Колективни преговори- компаративни согледувања, Самостоен издавач, Скопје, 2006, стр. 114;

3 Милић Д.: Коментар Закона о ауторском и сродним правима (са судском праксом и међународним конвенцијама и уговорима), Београд, 2005, стр. 216.

4 Се однесува на Законски акти од областа на авторското право и сродните права, како и областа на индустриската сопственост, како и други релевантни прописи со кои поблиску нормативно е регулирано прашањето за правата од интелектуална сопственост создадени во работен однос.

5 Миљковић М.: Права и овлашћење послодавца на уређивање радних односа", Право и привреда, Удружење правника у привреди Србије и Црне Горе, бр.5-8, 2003, Београд, стр.827.

**Регулирање на правата од интелектуална сопственост создадени во работен однос со општ правен акт во правото на Република Македонија**

За уредување на правата од интелектуална сопственост создадени во работен однос со општ акт (статут, правилник, тарифник и сл.) во Република Македонија е безпредметно да се расправа. Причина за тоа е што не постои изречна законска основа во рамки на ЗАПСП и ЗИС, која упатува на можноста ова прашање покрај со соодветен колективен договор и договор за работа, да може да се уреди и со акт на работодавачот.

Во праксата сепак постои исклучок. Таков е примерот со донесувањето на Правилникот за правата од интелектуална сопственост на Универзитетот „Кирили и Методиј" и неговите единици без притоа да постои изречна законска основа за тоа.[6]

Отсуството на прецизни одредби, најверојатно се должи на погрешната перцепција на законодавецот, дека, општите акти работодавачот ги донесува самостојно што може да доведе до загрозување на правата на работникот или дека станува збор за ненамерен пропуст од редакциска или техничка природа. Како и да е, важно е да се нагласи дека општите акти иако се донесуваат исклучиво врз основа на волјата на работодавачот, опасноста од самоволие на работодавачот не постои, бидејќи со нив не се уредува односот меѓу работникот и работодавачот, односно не може да одземе или ограничи конкретно право на интелектуална творба од работен однос, признаено со Закон или Колективен договор.

**Заклучок**

Имајќи предвид дека со постоечките законски прописи на Република Македонија, не е предвидена можност за регулирање на правата од интелектуална сопственост создадени во рамки на работен однос со општ правен акт на работодавачот, а праксата го говори сосема спротивното, во иднина, при следната редакција на релевантните Закони од оваа област, може да се размислува во насока за дополнување на постоечките одредби и имплементирање на општите акти на работодавачот како еден од инструментите за уредување на ова прашање. Во прилог на ова оди и комплексниот карактер, видот, начинот и околностите во кои се создадени конкретни интелектуални творби, како и можноста да се избегнат непријатни ситуации како во наведениот пример.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Беличанец Т.: „Колективни договори на ниво на работодавач и други акти кај работодавачот", Деловно право, бр.15, Здружение на правниците од стопанството на Република Македонија, 2006.
2. Јовевски Л.: Колективни преговори- компаративни согледувања, Самостоен издавач, Скопје, 2006.
3. Милић Д.: Коментар Закона о ауторском и сродним правима (са судском праксом и међународним конвенцијама и уговорима), Београд, 2005.
4. Миљковић М.: Права и овлашћење послодавца на уређивање радних односа", Право и привреда, Удружење правника у привреди Србије и Црне Горе, бр.5-8, Београд, 2003.
5. Анастасовска Д.Ј., Гавриловиќ Н.: Актуелни прашања за заштита на авторското право и сродните права во рамки на Универзитетот, Правник, бр.198, 2008.


6 Повеќе за ова види кај: Анастасовска Д.Ј., Гавриловиќ Н., Актуелни прашања за заштита на авторското право и сродните права во рамки на Универзитетот, Правник, бр.198, 2008 година, стр.45.

**Assistant professor. Ph.D. Law Berat Aqifi**
Факултет за бизнис администрација–Куманово „Државен Универзитетво Тетово“ berataqifi@hotmail.com
**Assistant professor. Ph.D. Law Sasha Dukoski**
Правен Факултет –Кичево Универзитет „Свети Климент Охридски “Битола
sasadukoski@hotmail.com

339.92(100)

# НОВА ГЛОБАЛНА ГЕОСТРАТЕГИЈА БРИКС – ИНСТИТУЦИОНАЛИЗАЦИЈА И ПЕРСПЕКТИВИ

# NEW GLOBAL GEOSTRATEGY BRIX – INSTITUTIONALIZATION AND PROSPECTS

**Abstract:** In terms of overall globalization, new forms of integration are emerging. The largest and most important of these is certainly BRICS – the new political and economic association of leading developing countries, which has nearly half of the world's population. Furthermore, the data of the five member countries, such as: Brazil, Russia, India, China and the South African Republic shows that they have a total GDP of 13.6 trillion dollars, while their foreign currency reserves are estimated at 4 trillion. Their economic and military developing potential makes them a significant factor throughout international arena.

**Key words:** BRICS countries, institutionalization, globalization, development.

**Апстракт:** Во услови на сеопшта глобализација се појавуваат нови форми на интеграција . Најголемата и најзначајната од тие секако е БРИКС – новата економско политичка асоцијација на водечките земји во развој, во кои живее речиси една половина од светското население . За што всушност станува збор доволно импресивно зборуваат податоците дека неговите пет членки: Бразил, Русија, Индија , Кина и Јужноафриканската Република имаат вкупен бруто домашен производ од 13,6 трилиони долари , додека нивните надворешни девизни резерви се проценуваат на 4 трилиони долари. Нивниот економски , но и брзорастечки воен потенцијал ја прави значаен фактор на меѓународната сцена.

**Клучни зборови:** БРИКС земји, институционализација, глобализација , развој.

## БРИКС – ИНСТИТУЦИОНАЛИЗАЦИЈА И ПЕРСПЕКТИВИ

БРИКС претставува нова економско – политичка асоцијација на пет брзорастечки земји : Бразил, Русија, Индија , Кина и Јужноафриканската република[1]. Секоја од нив има свој потенцијал и специфични ресурси. Така : Бразил е земја во која домини ситнособственичкото земјоделско производство, но во исто време има релативно развиена индустрија базирана врз богатите наоѓалишта на минерални суровини. Русија ( Руската федерација) е најголемата земја во светот, богата со минерални ресурси , со огромен енергетски потенцијал , висококвалификувани кадри и уникатни технологии во многу области. Индија, е земја во која има висок раст на интелектуалните ресурси надополнети со високи технологии во одредени базични области. Кина пак има огромен човечки и производни ресурси , висококвалификувани кадри, моќна економија која се базира на сопствените резерви од благородни и ретки метали и минерали. Јужноафриканската република – единствената стабилна африканска економија располага со огромни рудни резерви и релативно стабилна економија.

БРИКС всушност настана најмногу заради нивната проценка дека постоечките големи геостратешки играчи: САД и ЕУ , повеќе несе во состојба глобалните проблеми успешно да ги решаваат и на истите им дадат позитивен ток Овие земји поточно нивните раководства асоцијацијата ја базираа од реалната потреба, своите огромни : економски, човечки, политички

1 Јужоафриканската република на оваа асоцијација и се приклучи на 18 февруари 2011 година , по што таа од БРИК прерасна во БРИКС.

и воени потенцијали конечно ги стават во функција на креирање на на стратешкиот правец на идниот развој на човештвото. Основна платформа на делувањето на овие земји е реафирмација на водечката улога на Организацијата на Обединетите Нации , втемелена врз принципите на владеењето на меѓународното право. Очигледно е дека овие земји имаат особено големи амбиции да ги променат постојните прифатени стереотипи и да постават нови темели на светскиот глобален поредок.

Терминот БРИК , како акроним за оваа асоцијација за првпат го користи Џим О,Нил во својата анализа посветена на банката Goldman Sachs , поточно во документот насловен како „ Dreaming With BRICs The Pathto 2050 " објавен во ноември 2001 година[2]. Во изминатиов период одржа пет самити (два на БРИК) од кои најзначајниот на кој е извршена неговата институционализација е во Русија ( 16 јуни 2009 година). Потоа секоја година претседателите на државите се сретнуваат во некоја од земјите членки , па така следниот самит е во Бразил 2010, во Кина 2011 година (на овој самит БРИК се преименува во БРИКС), четвртиот се одржа на 2012 година во Индија, последниот се одржа во Јужноафриканската република, а за оваа година е закажан самит кој ќе се одржи повторно во Бразил.

Иако во овој момент земјите на БРИКС немаат востановен заеднички : финансиски, политички, воени и други институции , какви што има Европската Унија, тие сепак се повеќе настојуваат да ги зацврстат своите интеграции. Лидерите на овие земји досега имаат одржано неколку средби на ресорните министерства токму за зацврстување на востановената практика за соработка и заедничка политика во одредени сфери на интерес. Во овој момент на снага се околу 20 видови на соработка во рамките на организацијата и тоа од самити на шефовите на државите , па до дијалози на експертски тимови.

Всушност според доктрината оваа организација ја пресекува старата дихотомија на традиционални релации Исток-Запад, Север-Југ и таа полека се наметнува како мост помеѓу богатите и земјите во развој. Во својата стратегија земјите членки се залагаат за натамошна либерализација на светската трговија, но во исто време се залаат и за поголема улога на државата во економијата , при што како засебен столб на соработката сметаат дека треба да биде нова глобална валута[3].Според глобалните анализи овие пет држави сочинуваат дури 43 % од глобалната светска популација при што во рамките на Светската трговска организација остваруваат над 17 % од светскиот извоз и всушност идентичен БДП[4]. Дека овие проекции се реални најдобар показател се податоците за периодот 2001- 2007 година кога пазарниот потенцијал на Русија се зголеми за неверојатни 630 проценти, на Индија 499 проценти , на Бразил 369 додека на Кина порастот изнесуваше 201 процент.[5]

За да се операционализираат настојувањата во рамките на годишната конференција која се одржа во Дурбан[6] и на маргините на конференцијата Г-20 која се одржа во Санк Петерсбург[7], договорено е основање на заедничка „БРИКС банка" и фонд на девизни резерви , кој во конечната верзија треба да достигне 240 милијарди долари. Веднаш по најавата за формирање на овој фонд кој првенствено е наменет за заштита на националните валути во околности на итни случаи Кина издвои 41 милијарда долари, додека останатите земји се обврзаа во најкраток можен рок да уплатат 59 , со што би се основал почетниот фонд од 100 милијарди долари.

Всушност станува збор за паритет, зошто организацијата нема вистински лидер кој се наметнува над останатите, бидејќи убедливо економски најмоќна е Кина, додека на воен план Русија. Според прогнозите , до средината на овој век според вкупниот бруто домашен производ Кина ќе биде лидер на светско ниво со преку 70.000 милијарди долари, додека второто и третото место ќе го делат САД и Индија со скоро двојно помалку средства , односно под 40.000 милијарди долари. Според овие прогнози Бразил ќе го зазема четвртото место, додека Русија ќе биде на шесто место.[8]

Заради ваквите перспективи и прогнози , групацијата на земјите членки на БРИКС

2 Сергеев В.М. Алексеенкова Е.С.„ Перспективы институционализации БРИК" Москва 2010
3 Во овој момент резервна валута на најголемиот број држави во светот сеуште е Американскиот долар.
4 Според проценките на Goldman Sachs земјите на БРИКС во 2030 година ќе достигнат 47% од БДП на светско ниво.
5 Goldman Sachs ''BRICh and Beyond"
6 Петиот Самит на БРИКС се одржа во Дурбан – Јужноафриканска Република на 26 и 27 март 2013 година
7 Конференцијата во Санк Петерсбург се одржа во септември 2013 год.
8 Jim O'Neill, Global Economics Paper „ Building Better Global Economic BRICs" Goldman Sachs, 2001.

многу бргу ќе станат незаобиколен фактор на глобалната светска моќ Тоа од своја страна раѓа потенцијална опасност од нови светски судири[9], затоа што никој доброволно и лесно не се откажува од комотната и стечена позиција на лидер на светската сцена[10].Со ваквото нешто доскорешниот монополарен свет набрзо ќе се претвори во биполарен, ако не и во мулти поларен. Тоа од своја страна треба да ја релаксира состојбата во светската заедница и да овозможи нови геостратешки прегрупирања и стабилни глобални односи со нагласено владеење на меѓународното право.

**ЛИТЕРАТУРА**


1. BRICs and Beyound November 2007 //Goldman Sachs ''BRICh and Beyond"2007
2. Dreaming with BRICs: the parth to 2050 October 2003? The Goldman Sachs Group.
3. International Monetary Fund, World Economic Outlook Database, 2008.
4. Коктыш К. БРИК – новые возможности в посткризисном мире. МОсковский центр Карнеги .2011.
5. Орлов А. БРИК как мировая реальност. Информациониый портал МИД России.2010
6. Примаков Е.М. Мир без России? К чему ведёт политическая близорукость .ИИК Российская газета 2009.
7. Сергеев В.М. Алексеенкова Е.С.„ Перспективы институционализации БРИК" Москва 2010
8. Спартак Б. Современый регионализм, МЭ и МО, 2011
9. Jim O'Neill, Global Economics Paper ,, Building Better Global Economic BRICs" Goldman Sachs, 2001.
10. World Trade Organization , international trade statistics 2008.


9 Во овој контекст треба да се гледаат и анализираат настаните во Либија, Сирија и Украина.
10 Се мисли пред се на САД и на земјите од таканаречената група Г-7

**Томе Неновски**
nenovski@uacs.edu.mk Универзитет Американ колеџ Скопје

330.101.541:338.124.4

# МАКРОЕКОНОМИСТИТЕ ВО ВРЕМЕ НА СВЕТСКА ЕКОНОМСКА КРИЗА: НАУЧНИЦИ ИЛИ ИНЖИНЕРИ?

# MACROECONOMISTS AND THE GLOBAL ECONOMIC CRISIS: SCIENTISTS OR ENGINEERS?

Повремената појава на стагфлација и на големи финансиски кризи ги менува економските постулати. Иако има значителни сознанија, макроекономијата не претставува егзактна наука која може однапред целосно и прецизно да го предвиди однесувањето на економските субјекти и да примени исти решенија во секоја ситуација. Непредвидливоста на нивното однесување ги определува динамиката на макроекономската наука и потребата за нејзино приспособување кон актуелните економски состојби. Актуелната економска криза тоа недвосмислено го потврдува.
**Клучни зборови:** макроекономија, наука, економски субјекти, постулати, приспособување

**Abstract:** The appearance of stagflation and enormous financial crises started to change the economy postulates. Even though it poses significant findings, macroeconomics is not an exact science which has the ability to completely and accurately presuppose the actions of the economic entities and employ one general solution in every situation. The unpredictability of their conduct designates the dynamics of the science of macroeconomics and the need to adjust it to the contemporary economic status. The ongoing crisis undoubtedly proves that.
**Key words:** macroeconomics, science, economic entities, postulates, adjustment

"Макроекономистите можат да бидат теоретичари (научници) или решавачи на проблеми (инжинери)"(9). Некои од нив се само предвидувачи на економските перформанси. Тие се најмалубројни и спаѓаат во релативно малиот број специјалисти за предвидување. За останатите предвидувањето е само мал дел од тоа  што тие го работат. Една од причините за тоа е што макроекономистите не се многу добри во предвидувањето. Тоа е тешко не поради несовршеноста на разбирањето на начинот на којшто функционира економијата, туку, многу повеќе, поради тоа што не е можно да се земат предвид сите фактори (економски и неекономски) кои може да влијаат на идните економски трендови.

Не(остварувањето) на предвидувањата на најголем број економисти за очекуваните перформанси на светската економија и на одделните национални економии во последните 3-4 години (период на светска економска криза) тоа недвосмислено го потврдуваат. Прогнозите на макроекономистите за остварувањата во 2008 година не се остварија затоа што ретко кој од нив го предвидел драстичниот пораст на цената на нафтата, другите енергенси и на земјоделско-прехранбените производи во првото полугодие и од појавата на финансиската криза во втората половина од таа година. Сличното се случува(ше) и при предвидувањето на економските перформанси за 2012, 2013 и 2014 година. Во настојувањето да го проектираат текот на економијата во 2014 година, економистите – предвидувачи треба(ше) да одговорат на неколку значајни прашања, како што се: Какви ќе бидат ефектите од антикризните мерки на централните банки на САД и ЕУ? Колкава ќе биде цената на нафтата? Како последователно ќе се одрази кризата во еврозоната врз вкупната светска и во одделните национални економии? Дали ќе има војна во Украина? Дали ќе започне нова "студена војна" меѓу НАТО и Русија? Дали ќе има голема суша или поплава во земјоделските региони, со спротивни ефекти врз количините и цените на храната? Какви се очекувањата на економските субјекти и како тие ќе се однесуваат во новонастанатите услови на стопанисување...?

Бидејќи одговорите на тие прашања се доста неизвесни, малкумина макроекономски

предвидувачи нудат конкретни прогнози. Наместо тоа, тие обично комбинираат прогноза со "оптимистички" и "песимистички" алтернативни сценарија.

Според тоа, неизвесностите прават предвидувањето на однесувањето на економските субјекти и на остварувањето на економските перформанси да биде многу тешко. Веројатно тоа е причината поради која наместо да предвидуваат што ќе се случи, "повеќето макроекономисти се занимаваат со анализирање и со толкување на настаните што се случуваат (прават макроекономски анализи) или настојуваат да ја разберат структурата на економијата (прават макроекономски истражувања)" (1). Од друга страна, новопојавените проблеми бараат решенија, односно макроекономисти – инжинери.

**Што е макроекономијата? Наука или инжинерство?**

Според Gregory N. Mankiw (9), "има два типа макроекономисти: такви кои би сакале макроекономијата да биде наука и такви кои макроекономијата ја разбираат како вид на инжинерство. Целта на научниците е да разберат како светот функционира. Инжинерите секогаш се решавачи на проблеми".

Таквата поделба на макроекономистите како да произлегува од основите на учењата на двете доминантни економски школи: класичната и кејнзијанската. Првата го обележа развојот на макроекономската мисла во периодот од средниот век с'е до појавата на грандиозното дело на Џон Мајнард Кејнз "Општа теорија за вработеноста, каматата и парите" во 1936 година. Втората школа го обележа развојот на макроекономската мисла од појавата на Кејнзовото учење до денес. Во меѓувреме, во економската наука беа присутни и двете школи, но со соодветни измени и приспособувања во нивните ставови, кои биле условени од суштинските промени што се случувале во светската економија (12).

Класичарите биле многу повеќе насочени кон економијата како наука, односно кон анализа на тоа како системот функционира.

Кејнз бил под силна импресија на последиците од Големата светска економска криза, а особено паѓањето на инвестициите, производството и на вработеноста. Тоа го предизвикало радикално да им се спротивстави на ставовите и на тврдењата на класичната економска мисла, наметнувајќи му на светот нови тврдења според кои:

- невработеноста е редовна појава и таа има присилен карактер во капитализмот;
- понудата не може автоматски да креира доволна побарувачка туку, во случај на нивно несовпаѓање, рамнотежата може да се воспостави на ново, дури и на пониско рамниште;
- иако теоретски е пожелна нивна рамнотежа, инвестициите и штедењето во практиката често отстапуваат, поради што доаѓа до кризи во системот и до невработеност.

Таквото учење доведе до појава на макроекономијата. Првите макроекономисти (9) биле инжинери, кои се обидувале да ги решат практичните проблеми, како што беше барање излезни решенија од Големата светска економска криза. Тие биле мотивирани од проблемите во реалниот свет и откако ги развија своите теории, тие едвај чекаа нив да ги применат во практиката.

Меѓутоа, проблемите кои подоцна се појавиле во развојот на макроекономијата, а особено појавата на стагфлација во почетокот на 1970-те години на XX век, условија макроекономистите повеќе да се интересираат за развивањето аналитички алатки и воспоставување теоретски принципи. Кејнзијанизмот, с'е повеќе, почна да 'и го отстапува местото на новите идеи на класичната економска мисла.

Како резултат на острите бранови на новата класична економија, полето на макроекономијата стана поригорозно и значително поврзано со инструментите на микроекономијата. Со други зборови, макроекономијата повторно се сврти кон анализа на тоа како системот функционира (наука).

Актуелна светска економска криза повторно ја актуелизира кејнзијанската струја во економијата. Охрабрени од грешките на либерализмот што доминираше во последната

декада од XX и во поголем дел од првата деката на XXI век, кејнзијанците се враќаат на голема врата нудејќи ги своите теории како решенија за излез од кризата. Повторно дојде до израз Кејнзијанската теорија според која, невработеноста се зголемува затоа што побарувачката на работна сила е прениска за да обезбеди целосна вработеност при постојните плати; побарувачката за работна сила е ниска бидејќи фирмите не можат да продадат с'е што сакаат по постојните цени; и побарувачката за производството на фирмите е несоодветна бидејќи многу потрошувачи се невработени. Рецесиите и депресиите се резултат на маѓепсниот круг на недоволна побарувачка, така што поттикнувањето на побарувачката може да има повеќекратни ефекти.

Мерките што ги преземаа(т) финансиските власти во САД и во ЕУ, несомнено ја потврдуваат таа кејнзијанска теза. Светот бара(ше) излезни решенија од кризата.

Во таа конфронтација на двете економски школи, денес, во време на големи предизвици, неизвесности и искушенија што ги наметнува Светската економска криза, се поставуваат прашањата: Што треба да правиме? Да констатираме (наука) или да решаваме проблеми (да дејствуваме инжинерски)? Поверојатен одговор е дека во време на криза и после неа се бараат решавачи на проблеми! Впрочем, како што вели Менкју, "Бог ги донесе макроекономистите на земјата не да предлагаат и да ги тестираат елегантните теории, туку да ги решаваат практичните проблеми!"(9)

Меѓутоа, дали инжинерите можат да ги најдат адекватните излезни решенија без адекватна научна подлога? И, во исто време, колку добри можат да бидат научните постулати во услови на неизвесности и нерешени големи проблеми со кои се соочува светската економија? "Значи, како што на светот генерално му се потребни научници и инжинери, така нему му требаат макроекономисти од тие две сфери. Тие, едноставно, мора да ги играат и двете улоги. Верувам дека дисциплината би напреднала многу повеќе ако макроекономистите секогаш имаат на ум дека тие имаат двојна улога!" (9) Главниот проблем на кој притоа ќе наидат и едните и другите е барање одговор на прашањето: Како да се дејствува во услови на неизвесност?

## Заклучоци

Една од позначајните дилеми со кои денес се соочува макроекономијата е дали таа е наука или инжинерство? Или, пак, неизвесностите на денешнината ја претвораат во наука за предвидување.

Ако ја третираме само како наука тогаш таа треба да ни дава одговор на прашањето како функционира светот на економијата. Меѓутоа, иако основните елементи на макроекономијата како наука се познати, таа дава делумен одговор на прашањето зошто светот навлезе во нова голема економска криза и како најлесно од неа би можела да се извлече. Заговарачите на класичната политичка економија сметаат дека излезот од актуелната економска криза треба да се бара во растежот на националното, а пред с'е, на буџетското штедење и воспоставување финансиска дисциплина. Тој пристап, веќе, се воспоставува во одделни делови на ЕУ, но без видливи позначајни резултати. Дури, оценките на спротивставената страна се дека со мерките на штедење кризата дополнително ќе се продлабочи.

Од другата страна настапуваат кејнзијанците, кои се претставуваат како решавачи на проблеми. Тие предлагаат засилена буџетска потрошувачка што ќе го поттикне развојот и ќе ја извлече економијата од фазата на рецесија. Меѓутоа, и нивниот пристап, кој во последните 2-3 години се применува(ше) во САД, не ги дава очекуваните позитивни резултати.

И во едниот и во другиот случај се користат историски искуства и податоци, како и познати економетриски модели кои би требало да го определат правецот на движење на економијата во иднина. Меѓутоа, нецелосноста и несигурноста на податоците, како и низата неизвесности што се надвиснале врз светската економија, ги девалвираат вредностите на резултатите на економетриските модели. Се разбира, тоа не значи дека стандардните макроекономски модели немаат никакво влијание врз водењето на макроекономската политика. Економската криза што започна во 2008 година не ги поништува економските анализи кои се правени пред почетокот на кризата, иако тие се покажаа како нерелеванти во обидот да се откријат причините и да се

најде соодветно решение за финансиската криза. Тие модели покажаа значителни недостатоци поради фактот што однесувањето на потрошувачите и економските субјекти кои се водечки двигатели на економијата, во голема мера, не можат да се предвидат.

Тоа е причина што денес, с'е повеќе, иднината на економијата се определува врз основа на оценка на минатото, сегашноста и иднината, земајќи ги предвид неизвесностите кои што секојдневно се зголемуваат и по број и по интензитет. Притоа, од особено значење е способноста да се разберат и да се оценат тие неизвесности, како и начинот тие да 'и се пренесат на јавноста. Дополнителен проблем е што практичарите се соочуваат со предизвикот на непредвидливоста. Предвидувањето на прецизното време и динамика на нестабилност во сите тие случувања е многу тешко, иако е можно е да се определат факторите што придонесуваат за таквата нестабилност.

Според тоа, макроекономијата може или не може да биде актуелна наука или инжинерство, но таа сигурно страда кога се обидува да ја предвиди иднината. Определувањето на веројатностите е особено тешко за нечестите, високовлијателни преседани, како што е актуелната светска економска криза.

Поради таквите контрадикторности во современиот начин на практикување на макроекономијата, главниот заклучок на овој труд е содржан во следните прашања и одговори на, можеби, водечкиот макроекономист во светот во овој момент, Gregory Mankiw (9): "Дали инжинерите можат да ги најдат адекватните излезни решенија без адекватна научна подлога? И, во исто време, колку добри можат да бидат научните постулати во услови на неизвесности и нерешени големи проблеми со кои се соочува светската економија? Значи, како што на светот генерално му се потребни научници и инжинери, така нему му требаат макроекономисти од тие две сфери. Тие, едноставно, мора да ги играат и двете улоги". Тогаш и соочувањето со шоковите во економијата би било полесно.

**Референци и користена литература:**


1. Andrew B. Abel, Ben S. Bernanke, Dean Croushore, Macroeconomics, Превод на македонски јазик, Табернакул, 2009, Скопје
2. Austrian National Bank, The Forecasting Process, www.oenb.at/en/geldp_volksw/prognosen/the_forecasting_process.jsp
3. Barnett, William A., Is Macroeconomics a Science?, MPRA Munich Personal RePEc Archive, January 2006, http://mpra.ub.uni-muenchen.de/415
4. Christopher Adam and David Vines, Remarking macroeconomic policy after the global financial crisis: a balance-sheet approach, http://oxrep. Oxfordjournals,org/content/25/4/507.short?res=1&source=mfr
5. Czech National Bank, How is the forecast drawn up?, www.cnb.ez/fag/how_is_forecast_drawn_up.html
6. David Aikman, Philip Barett, Sujit Kapadia, Mervyn King, James Proudman, Tim Taylor, Iain de Weymarn and Tony Yates (Bank of England), Uncertainty in macroeconomic policy making: art or science?, Paper delivered to Royal Society Conference on "Handling Uncertainty in Science", март 2010 година, Лондон;
7. Димитар Богов, Народна банка на Македонија подготвува резервни сценарија за кризата во Евро зоната, Народна банка на Република Македонија, ноември 2011 година, Скопје, www.dnevnik.mk/default.asp?ItemID=D96896E2D0072246ASE7BEB1EB1AF704
8. European Central Bank, A Guide to Eurosystem staff Macroeconomic Projection Exercises, June 2011, ECB, www.ecb.int
9. Gregory N. Mankiw, The Macroeconomist as Scientist and Engineer, Harvard Unuversity, May, 2006, www.
10. Martin Weale, Uncertain uncertainty, Speech To the Institute and Faculty of Actuaries London, March 2011, www.bankofengland.co.uk/publications/speeches
11. Sandra Pianalto, Forecasting in Uncertain Times, Economic Club of Cleveland, Pittsburgh, Pennsylvania, May 2010.
12. Томе Неновски, Макроекономија, Универзитет Американ Колеџ Скопје, 2010 година, Скопје.

**Меркулова Е.Ю.**
ФГБОУ ВПО «Тамбовский государственный университет имени Г.Р. Державина»
**Сысоева М.С.**
ФГБОУ ВПО «Тамбовский государственный университет имени Г.Р. Державина»
**Черемисина Т.Н.**
ФГБОУ ВПО «Тамбовский государственный университет имени Г.Р. Державина»

334.72.055.2.025.12

# МЕХАНИЗМ ОБЕСПЕЧЕНИЯ ЭКОНОМИЧЕСКОЙ БЕЗОПАСНОСТИ ПРЕДПРИЯТИЯ ПРИ РЕАЛИЗАЦИИ РАЗЛИЧНЫХ СТРАТЕГИЙ РАЗВИТИЯ

# THE MECHANISM PROVIDING ECONOMIC SECURITY OF THE ENTERPRISE AT REALIZATION OF VARIOUS STRATEGY OF DEVELOPMENT

**Аннотация.** В статье рассмотрен механизм обеспечения экономической безопасности предприятия Авторами выявлены основные угрозы экономической безопасности предприятия, определена их значимость и предложены основные направления их нейтрализации. На основе диагностики экономической безопасности бизнеса предложена методика определения его состояния, определена возможность возникновения угроз, а также выбор инструментов обеспечения экономической безопасности при различных стратегиях развития.

**Ключевые слова.** Угрозы экономической безопасности предприятия, экспресс-диагностики экономической безопасности бизнеса, стратегии развития, механизм обеспечения экономической безопасности предприятия

**Abstract.** The article describes a mechanism to ensure economic security authors identified the main threats to economic security and determined their importance and basic directions to neutralize them. On the basis of economic security diagnostics business proposed methodology to determine its condition, determined the possibility of threats, as well as a variety of tools to ensure economic security for various development strategies.

**Keywords.** Threats to economic security, rapid diagnostics economic security business development strategy, a mechanism to ensure economic security

Современные условия хозяйствования обуславливают необходимость изменения стратегии развития бизнеса, в связи с чем первоочередной задачей является формирование соответствующего инструментария обеспечения экономической безопасности предприятия. В условиях российской действительности любое предприятие нуждается в такой трансформации системы управления, которая позволила бы реализовать программу экономического роста, повысила экономическую безопасность за счет создания гибкой системы реагирования на внешние и внутренние угрозы развития бизнеса.

По мере накопления знаний и опыта стала формироваться позиция, согласно которой инструментарий обеспечения экономической безопасности предприятия должен начинаться не с диагностики его финансового состояния и осуществления чрезвычайных мер по недопущению несостоятельности, а с выбора миссии, определения целей, формирования и поддержания на должном уровне стратегического потенциала, способного в течение длительного периода обеспечивать конкурентное преимущество предприятия как на внутреннем, так и на внешнем рынках. Это предопределяет потребность в разработке инструментария обоснованного выбора стратегии безопасного развития бизнеса.

В условиях ориентации предприятий на получение максимальной прибыли возникает проблема оптимизации структуры имущества и источников его формирования, что в свою очередь требует совершенствования диагностики, определения пороговых значений экономической безопасности при реализации различных стратегий развития бизнеса. Таким образом, разработка механизма обеспечения экономической безопасности предприятия должна строиться с учетом выбранной стратегии развития на основе адаптации существующих и

разработки новых методов диагностики, что и обуславливает актуальность темы исследования, его целей и задач.

Под угрозой экономической безопасности предприятия понимается совокупность факторов и условий, создающих опасность для нормального функционирования хозяйствующих субъектов в соответствии с их целями и задачами. Угрозы экономической безопасности предприятия имеют различную степень значимости. Для того чтобы оценить их значимость, нами было проведено обследование с привлечением экспертов из профессорско-преподавательского состава ФГБОУ ВПО «Тамбовский государственный университет имени Г.Р. Державина» и руководителей и специалистов предприятий города Тамбова.

Для оценки степени важности угроз наиболее значимым присваивался 1. ранг и далее происходила нумерация по степени убывания важности угроз. Для перехода от ранговых оценок к весовым коэффициентам применена формула Фишберна, которая предполагает линейное убывание весов от ранга к рангу:

$$a_i = \frac{2(r_{max} - r_i + 1)}{r_{max}(r_{max} + 1)}$$

- $r_{max}$ – общее количество ранжируемых угроз экономической безопасности;
- $r_i$ – индивидуальный ранг экономической безопасности предприятия.

Для оценки достоверности экспертных оценок и согласованности мнений экспертов определен коэффициент конкордации и выявлены наиболее значимые, по мнению экспертов, угрозы экономической безопасности.

На основе проведенного исследования и количественной оценки угроз экономической безопасности нами предлагаются направления их нейтрализации. Для этого по каждому блоку были определены три наиболее значимые угрозы и разработан перечень мероприятий по их снижению и нейтрализации (табл. 1).

Для эффективного функционирования предприятие должно сформировать наиболее предпочтительную стратегию развития, позволяющую максимально использовать возможности ресурсного потенциала предприятия с учетом факторов воздействия внутренней и внешней среды. Концептуально можно охарактеризовать сущность вызова, стоящего перед современными предприятиями, действующими в современных условиях, в виде модели конфликта «прибыльность – уровень риска – устойчивость».

По мере возрастания неопределенности среды неизбежно увеличиваются конкурентные и экономические риски. При этом рентабельность бизнеса может быть различной и существенно зависит от принятой стратегии действия предприятия в условиях высокой неопределенности рыночной среды.

Цель диагностики экономической безопасности бизнеса – идентификация его состояний, определение возможности возникновения угроз, а также выбор инструментов обеспечения экономической безопасности при различных стратегиях развития.

Таблица 1

Направления нейтрализации наиболее значимых угроз экономической безопасности

| Элементы ЭБП | Наиболее значимые угрозы ЭБП | Направления нейтрализации угроз |
|---|---|---|
| Безопасность системы управления | низкий профессиональный уровень руководителей; отток квалифицированных кадров; низкая компетентность персонала | подготовки кадров, разработка системы компетенций и их оценки для аппарата управления, создание «кадрового резерва», разработка системы индивидуальных надбавок для высококвалифицированных кадров |
| Финансовая безопасность | выбор ненадежных партнеров и инвесторов; низкая ликвидность и платежеспособность; недостаток собственных оборотных средств | проверка деловой репутации и оценка финансового состояния партнеров и инвесторов предприятия; контроль графика погашения дебиторской и кредиторской задолженности; контроль за состоянием запасов и их нормирование; пересмотр дивидендной политики, с целью стимулирования притока собственных средств |
| Информационная безопасность | нарушения коммерческой тайны; наличие огромного количества документации и согласований; низкая деловая репутация | создание службы безопасности; разработка системы доступа к информации; упорядочение схемы и сроков прохождения документов через подразделения предприятия; реклама деятельности предприятия; участие в социальных и благотворительных программах развития региона; выполнение договорных обязательств |
| Технологическая безопасность | высокий возрастной уровень основных фондов; низкий технический и технологический уровень производства; отсутствие инноваций | продажа или утилизация морально и физически устаревшего оборудования; внедрение новых инновационных технологий производства; отслеживание инновационных проектов, через организацию специальных конкурсов, грантов для молодых ученых и изобретателей; поиск рационализаторов производства внутри предприятия через систему материального стимулирования работников |
| Организационно-пси-хологическая безопасность | разрыв в оплате труда аппарата управления и работников; рост численности аппарата управления; коррупция и злоупотребление должностными полномочиями | установление допустимых соотношений по оплате труда руководителей и работников предприятия; оптимизация структуры персонала; пресечение возможности реализации коррупционных схем службой безопасности предприятия; создание «черных ящиков», через которые информация о злоупотреблении служебных полномочий может доходить непосредственно руководителю и собственникам бизнеса |
| Правовая безопасность | нестабильная политическая ситуация; частое изменение законодательства; противоправные действия криминальных структур; воровство | выбор дифференцированной системы производства продукции, не связанной с влиянием политической ситуации; отслеживание изменений в системе законодательства; организация системы противодействия возможным рейдерским захватам; установление системы лимитов и нормативов потребления материальных ресурсов и сигнальной системы о возможном их перерасходе |

Учитывая многообразие методик расчета показателей, характеризующих состояние бизнеса, существующие различия в уровне критических оценок, мы предлагаем для экспресс-диагностики экономической безопасности бизнеса использовать балльную оценку коэффициентов: текущей ликвидности, абсолютной ликвидности, автономии, обеспеченности

собственными оборотными средствами, рентабельности, постоянства кадров, оборачиваемости оборотных средств, годности основных средств, а также индекса отдачи капитала, индекса эффективности и индекса рациональности оплаты труда. После определения текущего состояния экономической безопасности бизнеса руководству предприятия необходимо реализовать соответствующую стратегию развития бизнеса – переход предприятия на более высокую ступень иерархии состояний экономики (рис. 1).




Рис. 1.Схема применения стратегий перехода предприятия на более высокую ступень иерархии состояний экономической безопасности бизнеса

Механизм обеспечения экономической безопасности представляет собой схему действий по нейтрализации внешних и внутренних угроз осуществления предпринимательской деятельности путем согласования экономических интересов собственников, персонала и внешних взаимодействующих сторон. Структура механизма направлена на практическое решение проблемы перехода на более высокий уровень экономической безопасности бизнеса при различных комбинациях ресурсов, применения дифференцированного инструментария и реализации системы мероприятий безопасного развития бизнеса (рис. 2).




ис. 2. Механизм обеспечения экономической безопасности предприятия

Практические действия по обеспечению экономической безопасности базируются на нормативно-правовой основе деятельности предприятий, мерах экономического стимулирования, методах осуществления политики экономической безопасности, административных рычагах управления, мотивации персонала, обеспечении соответствия между рентабельностью и риском, оптимизации соотношения «объем – затраты – прибыль», логистических цепочках, модернизации, ресурсосбережении и других.

Таким образом, успех бизнеса во многом определяется скоростью и точностью реакции предприятия на возникающие внешние и внутренние угрозы, где ключевым фактором определяющим эффективность предпринимательской деятельности является создание системы и реализация механизма обеспечения экономической безопасности предприятия.

**Список источников:**

1. Абдукаримов И.Т., Абдукаримова Л.Г. Мониторинг и анализ оборотных средств на основе бухгалтерской (финансовой) отчетности коммерческих предприятий // Социально-экономические явления и процессы, 2013, №5 (051), С.9-22
2. Баева Е.А., Баев А.В. Компоненты учетно-информационного пространства организации // Социально-экономические явления и процессы, 2012, №10 (044), С.16-20
3. Меркулова Е.Ю. Формирование индивидуальной финансовой нормативной модели управления экономической надежностью производственных систем. // Социально-экономические явления и процессы, 2011, №12. С.181-187
4. Сенчагов В.К. Экономическая безопасность. М., 2010.
5. Сысоева М.С. Сущность, содержание и основные подходы к исследованию эффективности деятельности предпринимательских структур // Социально-экономические явления и процессы. 2013. № 11 (057). С. 117-125.
6. Черемисина Н.В., Полякова Н.С. К вопросу о финансовой устойчивости малых предприятий // Социально-экономические явления и процессы. 2013. № 4 (050). С. 131-137.
7. Черемисина Т.Н. Малое и среднее предпринимательство - неотъемлемый элемент современной рыночной системы хозяйства // Социально-экономические явления и процессы. 2011. № 10. С. 216-220.

**Доцент д-р Јанка Димитрова**
Универзитет ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ Штип, Економски факултет Штип, janka.dimitrova@ugd.edu.mk
**Доцент д-р Оливера Ѓорѓиева Трајковска**
Универзитет ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ Штип, Економски факултет Штип, olivera.trajkovska@ugd.edu.mk
**М-р Благица Колева**
Универзитет ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ Штип, Економски факултет Штип, blagica.koleva@ugd.edu.mk

330.322:339.54(497.7)
330.322:336.02(497.7)

# ИНВЕСТИЦИСКАТА КЛИМА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НИЗ ПРИЗМАТА НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА

# THE INVESTMENT CLIMATE IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA THROUGH THE PRISM OF LEGISLATION

**АПСТРАКТ:** За остварување на прогрес и развој во стопанството, инвестициите претставуваат неопходен услов. Без инвестиции нема технолошки прогрес, па ниту напредок во целост. Инвестираењето претставува единствен начин за реализирање на целите на развојот. За да може едно општество да опстојува, а пред сè да се развива, потребно е перманентно да создава производни добра и услуги, за задоволување на потребите на населението. Преку законската регулатива во која влегуваат: царинската, даночната и надворешно-трговската политика што ја води Република Македонија, се создаваат поволни услови за зголемување на инвестициите како од страна на домашните инвеститори така и од странски инвеститори на територијата на целата земја а посебно во технолошко-индустриски развојни зони.

**Клучни зборови:** инвестиции, развој, даночни и царински поволности,

**ABSTRACT:** Investments are a necessary condition in order to achieve progress and development in the economy. Without investments there is no technological progress and no progress at all. The investment is the only way to realize the goals of development. In order for a society to exist, and to develop in particular, it is necessary to create a permanent production goods and services to meet the needs of the population. Through legislation that includes: customs, taxation and foreign trade policy that Macedonia has, favorable conditions for increased investment are created by both domestic and foreign investors throughout the country, and especially in technological-industrial development zones.

**Keywords:** investments, development, tax and customs incentives

## ВОВЕД

„Во суштина, инвестициите не се ништо друго туку заштедите т.е. разликата меѓу вкупниот доход и потрошувачката во еден определен временски период, кои се трансформираат во фиксни и обртни капитални добра. Во принцип, повисокиот доход создава повисоки заштеди, што пак допиринесува за создавање на повисока стапка на инвестиции, но дали дел од заштедите ќе се трансформираат во инвестиции зависи од целината т.е. квалитетот на економскиот систем."[1]

Нивото на инвестиции во една земја во голема мера е детерминирано од тоа каква инвестициска клима постои во таа земја. Земајќи ја во предвид важноста на инвестициите за Република Македонија и потребата од нивно зголемување, во продолжение ќе биде направена анализа на инвестициската клима на Република Македонија низ призмата на законската регулатива и нејзините политики, поволностите кои се нудат за инвестирање во технолошко-индустриските развојни зони и поттикнувањата за реинвестирање на остварените добивки.

1 Боди З., Кејн М., Маркус Џ. А., (2010) Инвестиции, Скопје, 2

## Законската регулатива и политиките кои влијаат на инвестициската клима во Република Македонија

Освен со Уставот како највисок правен акт, регулацијата на бизнисот од аспект на создавање соодветна инвестициска клима се обезбедува и со законски одредби и тоа одредби од Законот за трговски друштва, Законот за заштита на конкуренцијата и Законот против ограничување на конкуренцијата, Законот за данок на добивка, Законот за данок на додадена вредност, Законот за персонален данок на доход, Царинските ослободувања и повластици и др..

### Закон за трговски друштва

Законот за трговски друштва е основниот закон со кој се регулира деловната активност во Македонија. Со овој закон се дефинирани видовите на претпријатија односно формите на трговски друштва кои можат да се основаат, начините и постапките за нивно основање, формите на управување и вршење на нивната дејност.

Надлежна институција за регистрирање на сопствен бизнис во Република Македонија е Централниот регистар. Во рамките на Централниот регистар се формирани и Технички бироа[2] кои ја подготвуваат целокупната документација за основање на фирма со што дополнително се намалуваат трошоците и времето потребни за регистрација на фирма, а инвеститорите имаат повеќе време за реализација на своите идеи и бизнис планови. Од Септември 2013 година, се овластија Друштвата за сметководство како регистрациони агенти за бесплатна електронска регистрација на трговски друштва. Постапката за регистрација се врши преку едношалтерскиот систем, што подразбира дека сите неопходни активности за регистрација на бизнисот и доделувањето на матичен (ЕМБС) и даночен број (ЕДБ), како и жиро сметка се врши во рок од 4 часа. Доколку за остварување на дејноста е потребно претходно добивање на лиценца, дозвола, концесија, одобрение или друг посебен документ, начинот и местото на нејзино добивање се уредува со посебен закон за дејност.

### Закон за заштита на конкуренцијата

Обезбедувањето на заштита на слободната конкуренција помеѓу претпријатијата на пазарот е постигнато со донесувањето на Законот за заштита на конкуренцијата. Овој Закон, гарантира дека преку правото на конкуренција ќе се спречат одредени практики и деловни активности на пазарот, кои одредени претпријатија ќе ги користат за да постигнат неоправдана предност во однос на другите претпријатија и да ја загрозат слободната конкуренција помеѓу претпријатијата.

### Закон против ограничување на конкуренцијата

Овој закон гарантира заштита на конкуренцијата, во случаи каде што конкуренцијата е искривена од страна на collusive договори3, злоупотреба на доминантна позиција на пазарот или соединување, договори меѓу компаниите кои водат до создавање на доминантна позиција или зајакнување на постојните доминантни позиции.

### Закон за Данок на добивка - ДД

Обврзници на Данокот на добивка се правните лица резиденти на Македонија (субјекти кои се основани или имаат седиште на територијата на Македонија) кои остваруваат добивка од вршење на дејност во земјата и странство како и постојана деловна единица на странско лице

2 Технички бироа - Посебни одделенија во склоп на Централниот регистар кои овозможуваат подготвување на целокупна документација за основање фирма.

3 Collusive договор-договор помеѓу две или повеќе страни, понекогаш незаконски и оттаму таен договор за да се ограничи отворената конкуренција преку измама на другите за нивните законски права или да се постигне некоја цел која е забранета со закон преку измама или стекнување нефер предност.

за добивката што ја остварува за вршење на дејност на територијата на Македонија. Даночната стапка за данок на добивка од 01.01.2008 година е 10%. Од 2010 година Данок на добивка се плаќа само на добивката која ќе се исплати за дивиденда на основачите (акционерите, содружниците). На реинвестираната добивка не се плаќа Данок на добивка.

Даночните олеснувања и ослободувања кај Данокот на добивка се однесуваат на намалување на утврдениот данок во даночните пријави. Даночните ослободувања и олеснувања се однесуваат на намалувањата за износот на набавените и ставени во употреба до 10 фискални апарати, во висина на нивната вредност во Даночниот биланс за оданочување на непризнаените расходи.

Предвидени се даночни ослободувања кои се пропишани за посебни категории на даночни обврзници, регулирани со прописите со кои се регулира нивното основање и работење и тоа даночни ослободувања за:

- Заштитните друштва, за вработување на инвалидизирани лица (согласно одредбите од Законот за вработување на инвалидни лица);
- Стопанските единици во рамките на установите за извршување на санкции и казнено поправните установи (согласно одредбите од Законот за извршување на санкции) и
- Технолошко-индустриските и развојни зони (во период од 10 години под услови и постапки утврдени со Законот за технолошко индустриски и развојни зони).

**Закон за Данок на додадена вредност - ДДВ**

Обврзник за ДДВ е лице кое трајно или повремено самостојно врши стопанска дејност, независно од целите и резултатите од таа дејност.

Предмет на оданочување со данокот на додадена вредност е:

- прометот на добра и услуги кој се врши со надоместок во земјата од страна на даночниот обврзник во рамките на неговата стопанска дејност и
- увозот на добра.

ДДВ се пресметува со примена на пропорционални даночни стапки и тоа:

- Општа даночна стапка од 18% и
- Повластена даночна стапка од 5%.

Сумирано, Република Македонија во рамките на даночната политика овозможува вистински атрактивни погодности за потенцијалните инвеститори како што се:

- воведување на рамен данок со единствена даночна стапка;
- персонален данок од 12% во 2007 година и 10% од 2008 година;
- Субвенционирано вработување на посебни категории невработени лица;
- Ослободување од плаќање на придонеси и персонален данок на доход за вработување на лица помлади од 29 години;
- Ослободување од плаќање на персонален данок на доход за вработување на лица евидентирани во Агенцијата за вработување повеќе од една година;
- данок на добивка од 12% во 2007 година и 10% од 2008 година;
- данок на реинвестирана добивка од 0%;
- хармонизација на основицата за плаќање персонален данок и социјални придонеси;
- враќање на данокот на додадена вредност за максимум 30 дена.

Со цел да се одбегне двојното оданочување на странските компании лоцирани во Македонија, веќе се потпишани 43 Договори за избегнување на двојно оданочување на билатерална основа.

Симплифицираната даночна структура е со цел да се редуцира даночната евазија и да се стимулираат странските инвестиции, што би претставувало бенефит за економијата во земјата.

Македонија како мала земја со мал пазар, за да биде атрактивна за инвестирање за странските инвеститори мора да соработува со другите земји од регионот, да склучува

билатерални, регионални и мултилатерални договори за слободна трговија со што пазарот значително ќе се зголеми и ќе се овозможи пристап до пазарите на земјите со кои се потпишани вакви договори.

**Закон за царина**

Со Законот за царина се поврза македонските царински режими со стандардите на Европска унија. Употребата на Царинската тарифа е клучен инструмент со кој царинската служба постигнува правилно распоредување на стоката при увоз и извоз.

